ФЈОДОР М. ДОСТОЈЕВСКИ

МОМЧЕ

ФЈОДОР М. ДОСТОЕВСКИ

МОМЧЕ

Наслов на оригиналот

Ф. М. ДОСТОЕВСКИЙ
ПОДРОСТОК

Превел од руски
БОРИС БЛАГОЕСКИ

Лектура и коректура
ЛИЗА БАРСОВА
ЕЛИСАВЕТА БЕЖАНОВСКА

Ликовно обликување
ВОЈА МИЛИЌ

Уредувачки одбор
ВАСКО АНАСТАСОВ
СЛАВКО ЈАНЕВСКИ, претседател
БОЖИН ПАВЛОВСКИ
БРАНКО ПЕНДОВСКИ
ДУШКО ЦРВЕНКОВСКИ

Печат
Графички завод
„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
Скопје

Ф. М. ДОСТОЕВСКИ

МОМЧЕ

МИСЛА
МАКЕДОНСКА КНИГА
НАША КНИГА
КУЛТУРА
1980

ПРВА ГЛАВА

I

Не можејќи да се стрпам, седнав да ја напишам оваа историја на моите први чекори на животното поприште, иако можев да поминам и без тоа . . . Едно знам сигурно: никогаш нема да седнам да ја напишам мојата автобиографија, па макар да живеам и сто години. Човек мора да биде премногу подол и во себе вљубен за да може без срам да пишува за себеси. Сепак се оправдувам со тоа што не пишувам од истите причини поради кои пишуваат сите други, т.е. не пишувам за да ме фалат читателите. А тоа што одненадеж се решив да напишам од збор до збор сѐ што се случи со мене во минатата година, тоа го сторив од внатрешна потреба: многу сум потресен од сето она што се случи. Ќе ги забележам само настаните, одбегнувајќи го колку што е можно сето она што не е битно, а особено литературните украси; писателот пишува триесет години и на крајот на краиштата пак не знае зошто пишувал толку години. Јас не сум литерат, ниту сакам да бидам литерат и сметам дека не ми прилега и лошо е да ги изнесувам внатрешноста на мојата душа и убавиот опис на моите чувства на нивниот литературен пазар. Меѓутоа, за жал, претчувствувам, како што ми се чини, дека не е можно сосем да се мине без опишување на чувствата и без размислувања (можеби дури и банални): толку разурнувачки дејствува врз човека литературниот труд, дури и кога пишува само за себе. Ќе има можеби размис-

слувања, дури и многу банални, зашто е можно она што еден човек самиот го цени да нема никаква вредност за другите луѓе. Но, сето тоа да го оставиме настрана. Сепак еве и предговор! За тоа повеќе нема да пишувам. На работа! Зашто ништо не е толку тешко колку пристапувањето кон каква и да е работа – можеби дури и кон секоја работа.

II

Започнувам, поправо сакам да ги започнам моиве белешки со деветнаесетти септември минатата година, т.е. токму со оној ден кога го сретнав за првпат . . .

Но глупо би било да се објасни кого го сретнав, вака, пред да се знае нешто; дури јас мислам дека и овој тон е глуп: иако себеси си дадов збор да ги одбегнувам литературните украси, јас уште на првата страница запаѓам во тие украси. Освен тоа, за да се пишува паметно, изгледа дека е малку човек само да сака така да пишува. Го забележувам и тоа дека ми се чини оти на ниеден европски јазик не се пишува толку тешко колку на рускиот. Го прочитав ова што го напишав пред малку и гледам дека сум многу поумен од она што е напишано. Како може тоа што ќе го искаже еден паметен човек да е многу поглупаво од она што останало во него? Тоа не еднаш сум си го забележал и во своите усни односи со луѓето во текот на целата последна година и тоа многу ме измачуваше.

Иако сакам да започнам со деветнаесетти септември, сепак ќе речам некој збор за тоа: кој сум, кој сум бил до тоа време и, се разбира, за тоа приближно што можело да има во мојава глава во тоа утро на тој ден, деветнаесетти септември, за сè да биде поразбирливо за читателот, а можеби и за мене самиот.

III

Јас сум завршен гимназист и сега имам дваесет и една година. Семејното име ми е Долгоруки, а законскиот татко ми е Макар Иванович Долгоруки, бивш

слуга кај спахијата Версилов. На тој начин јас сум законско дете, иако сум всушност вонбрачен син и моето потекло не трпи никакво сомневање. Работата вака течеше: пред дваесет и две години благородникот Версилов (всушност мојот татко), во својата дваесет и петта година, го посети својот имот во Тулската губернија. Јас претполагам дека тој во тоа време сè уште беше безличен човек. Интересно е тоа што тој човек, кој толку ме восхити уште од моето детство и имаше толку големо влијание врз формирањето на целата моја душа и дури можеби уште за долго време ја зарази мојата иднина, дури и сега во многу нешта останува за мене сосем загадочен. Но за тоа подоцна. Тоа не може брзо да се раскаже. И без тоа мојот бележник ќе биде исполнет со овој човек.

Тој, токму во тоа време, т.е. во дваесет и петтата година од својот живот, остана вдовец. Жена му беше од повисокиот свет, но не многу богата, од семејството на Фанариотови, и со неа имаше син и ќерка. Податоците што ги имам за таа негова сопруга, што го напушти толку рано, прилично се скудни и се губат во мојот материјал; исто така, и многу работи од личниот живот на Версилов за мене останаа непознати, зашто тој спрема мене беше горд, надуен, затворен и небрежен, и покрај тоа што за мое големо изненадување во извесни моменти беше кроток. Сепак, го спомнувам ова за да кажам однапред дека тој во својот живот упропастил три, и тоа многу големи имоти, во вредност од околу четиристотини илјади рубли, а можеби и повеќе. Сега, се разбира, тој нема ни една копејка.

Тогаш тој дојде во селото „господ знае зошто“, така барем ми рече самиот. Неговите мали деца, како и обично, не беа кај него, туку кај роднините; тој во текот на целиот живот така постапуваше со своите деца, со законските и со вонбрачните. Спахиски слуги на овој имот имаше мошне многу; меѓу нив се наоѓаше и градинарот Макар Иванович Долгоруки. Овдека го забележувам еднаш засекогаш. Ретко некој може толку да се лути за своето презиме, колку што се лутев јас во текот на целиот мој живот. На крајот на краиштата тоа и беше глупо, но така беше. Секо-

гаш, кога ќе стапев во некое училиште или ќе се сретнев со луѓе на кои според мојата возраст бев должен да им одговорам, со еден збор секој учител, наставник, надзорник, поп, сите со ред, откако ќе ме прашаа како ми е презимето и откако ќе слушнеа дека се викам Долгоруки, бездруго наоѓаа за потребно да додадат:

– Кнезот ли Долгоруки?

И секогаш морав на сите тие безработни луѓе да им објаснувам:

– Не, *само* Долгоруки.

Ова *само* започна најпосле да ме доведува до лудило. Овде го истакнувам тоа како феномен, зашто не се сеќавам ни за еден единствен исклучок: сите прашуваа така. На понекои очигледно тоа им беше сосем непотребно; јас и не знам за кој ѓавол му беше потребно тоа на некој од нив. Но сепак сите прашуваа, сите до еден. Откако ќе слушнеше дека сум *само* Долгоруки, оној што ќе прашаше обично ме измеруваше со еден тап и глупорамнодушен поглед, што сведочеше за тоа дека и тој самиот не знае зошто ми го поставил прашањето, и си заминуваше понатаму. Училишните другари навредливо ме испрашуваа. Како го испрашуваат учениците својот нов другар? Изгубен и збунет новакот уште на првиот ден по стапувањето во училиште (во кое било училиште), станува општа жртва: му даваат наредби, го задеваат, постапуваат со него како со слуга. Одненадеж, некое здраво и дебело момче ќе застане пред својата жртва и ќе ја набљудува неколку моменти со долг, строг и надуен поглед. Новакот стои пред него молчејќи, ако не е страшливец го гледа попреку и чека што ќе се случи.

– Како се викаш?

– Долгоруки.

– Кнезот ли Долгоруки.

– Не, само Долгоруки.

– А, само! Глупак.

И тој има право: ништо не е поглупо отколку да се викаш Долгоруки, а да не бидеш кнез. Оваа глупост ја носам на себе без моја вина. Подоцна, кога

почнав веќе многу да се лутам, на прашањето – дали си кнез? – јас секогаш одговарав: – Не, јас сум син на еден спахиски слуга, бивш роб.

Потоа, кога најмногу ќе се налутев, на прашањето – дали си кнез? – јас често одговарав:

– Не, само Долгоруки, вонбрачен син на бившиот спахија, господинот Версилов.

Тоа го измислив уште во втори клас гимназија и, иако наскоро, без сомневање, се уверив дека е тоа глупост, сепак не престанав веднаш со таа глупост. Се сеќавам дека еден учител – впрочем, и единствено тој – најде дека сум „исполнет со одмаздувачка и граѓанска идеја". Воопшто, овој мој испад го примија со недоумение што ме навредуваше. Најпосле, еден другар, тоа беше едно бистро момче и со него ретко разговарав, рече со сериозно лице, ама малку гледајќи настрана:

– Такви чувства, најпосле, вам ви прават чест и, без сомневање, имате причина да се гордеете; но да сум на вашето место сепак многу не би се фалел дека сум вонбрачно дете, а вие баш како да се гордеете со тоа!

Оттогаш престанав да се фалам дека сум вонбрачно дете.

Повторувам, многу е тешко да се пишува на руски: еве, напишав цели три страници за тоа дека цел живот сум се лутел поради своето презиме, а читателот, меѓутоа, веќе заклучил дека јас се лутам затоа што не сум кнез, туку само Долгоруки. Да објаснувам уште еднаш и да се оправдувам, за мене би било понижување.

IV

Значи, меѓу многубројните слуги, освен Макар Иванович, имаше и една девојка која штотуку наполни осумнаесет години, кога педесетгодишниот Макар Долгоруки ненадејно реши да се ожени за неа. Браковите помеѓу спахиските слуги, како што е познато, за време на крепосното право се склучуваа со

дозвола на господарот, а понекогаш и директно по негова наредба. На имотот тогаш се наоѓаше и една „теткичка", т.е. таа мене не ми е тетка, туку беше спахијка, но не знам зошто, за време на целиот живот, сите ја нарекуваа ‚теткица", не само моја теткица, туку воопшто, така ја викаа и во самото семејство на Версилов со кое таа одвај да беше во некакво сродство. Тоа е Татјана Павловна Пруткова. Во тоа време таа имаше во истата губернија и во истата околија уште триесет и пет свои робови. Таа не управуваше со имотот на Версилов (околу петстотини робови), туку како сосетка вршеше надзор над него, а тој надзор, како што слушав, во ништо не заостануваше зад надзорот на некој учен управник. Впрочем, мене воопшто не ме интересираше таа, туку само сакам да речам, без секаква намера да ласкам и да се умилкувам, дека таа Татјана Павловна е едно благородно и дури оригинално суштество.

И, ете, токму таа не само што не ги спречи сопружничките намери на мрачниот Макар Долгоруки (велат дека тогаш бил мрачен), туку напротив таа, од некои причини, донекаде и го охрабруваше. Софија Андреевна (таа осумнаесетгодишна слугинка т.е. мојата мајка) беше веќе неколку години цело сираче; велат дека пред шест години нејзиниот покоен татко, исто така, спахиски слуга, кој многу го уважувал Макар Долгоруки и поради нешто му бил благодарен, умирајќи на смртното легло, т.е. на четврт час пред последниот здив, така што би можело да се земе дека бил и во несвест, а тој и без тоа како роб не бил правно неспособен, го повикал Макар Долгоруки и пред сета спахиска послуга и пред еден присутен свештеник, гласно и решително му оставил завештание, покажувајќи кон својата ќерка: „Одгледај ја и ожени се за неа". Тоа го чуле сите. Што се однесува до Макар Иванович не знам подоцна како се ожени, т.е. дали со задоволство или само исполни обврска. Поверојатно е дека бил сосем рамнодушен. Тој беше човек кој уште тогаш знаеше да се покаже себеси! Тој не беше некој начитан или писмен човек (иако ја знаеше целата црковна служба и особено житијата на

некои светци, но повеќе по слушање), тој не беше, така да кажам, селски мудрец, туку беше само тврдоглав, понекогаш дури и дрзок; говореше со амбиција, имаше решително мислење и при сето тоа „живееше со почит“ – како што самиот чудно се изразуваше – ете, каков беше тој во тоа време. На крајот на краиштата тој се здоби со општа почит; меѓутоа, велат, за сите бил неподнослив. Друг е тој кога излезе од редот на слугите: тогаш за него зборуваа само како за светител и многу измачен човек. Тоа го знам точно.

Што се однесува до карактерот на мајка ми, неа до осумнаесеттата година Татјана Павловна ја држеше покрај себе, без оглед на настојувањето на управникот на имотот да ја испрати во Москва на учење, и таа ѝ даде малку воспитување, т.е. ја научи да шие, крои, да се однесува убаво како девојка и дури по малку да чита. Мајка ми никогаш не научи да пишува воопшто. Во нејзините очи овој брак со Макар Иванович уште одамна беше завршена работа и сметаше дека сè што се случуваше тогаш со неа е одлично и најдобро; на венчавање отиде најспокојно, до колку е тоа можно во такви случаи, така што и самата Татјана Павловна тогаш ја нарече „риба“. Сево ова за тогашниот карактер на мојата мајка го слушав од самата Татјана Павловна. Версилов дојде во селото токму половина година по оваа свадба.

V

Морам да кажам дека никогаш не можев да разберам и доволно да се сетам како започнаа односите помеѓу него и мајка ми. Готов сум сосем да верувам дека, како што ме уверуваше самиот тој минатата година со поруменето лице, без оглед на тоа што сето тоа го рече со најнеизнасилен, „најдуховит“ израз на лицето, – во сето тоа немало никаков роман и сето тоа се случило т у к у-т а к а. Верувам дека е така, а овој руски збор т у к у-т а к а е прекрасен, па сепак секогаш сакав да разберам како можело тоа да се случи. Јас самиот ги мразев и цел живот ќе ги мразам сите

тие гадости. Затоа од мојата страна тука нема никаква бесрамна љубопитност, забележувам дека сè до минатата година мајка ми не ја ни познавав; уште од детството ме дадоа кај други луѓе, за да не му пречам на Версилов, за што ќе стане збор попосле – и поради тоа никако не можам да си го претставам во себеси нејзиното лице од тоа време. Ако не била многу убава, со што би можела да придобие таков човек каков што беше тогаш Версилов? Ова прашање за мене е важно поради тоа што во него вонредно интересно се отцртува овој човек. Ете зошто испитувам, а не од некаков разврат. Самиот тој, овој мрачен и затворен човек, кога виде дека може да го избегне тоа, ми рече со онаа своја љубезна простодушност која ја имаше, ѓаволот би знаел од каде, (како да ја вадеше од џеб) – дека тој тогаш бил сосем „глупо младо кутре", и не многу сентиментален, туку-така, само што ги прочитал расказите „Антон Горемика"[1]) и „Полинка Сакс"[2]), тие две литературни дела што имаа големо цивилизаторско влијание врз нашето тогашно младо поколение. Тој уште додаде дека можеби и дошол на село поради читањето на „Антон Горемика" – и тоа го додаде на вонредно сериозен начин. На кој ли начин ова „глупо младо кутре" можело да стапи во врска со мојата мајка? Во овој момент си помислив: кога би имал само еден единствен читател, тој сигурно би се скинал од смеење со мене, како со смешно момче, кое, зачувувајќи ја својата глупа невиност, сака да размислува и да решава за нешто што не го разбира. Да, навистина, јас уште не го разбирам тоа, иако тоа го признавам не поради гордост, зашто знам до кој степен е глупа толку големата неискусност кај едно детиште што има дваесет години; само јас ќе му кажам на тој господин дека самиот ништо не разбира, а тоа ќе му го докажам. Навистина, не се разбирам од жени воопшто, а и не сакам да се разбирам, зашто се зареков дека за време на целиот живот нема да сакам за нив да знам што и да е. Но сепак знам сигурно дека

---

[1]) Расказ од Д. В. Григорович
[2]) Расказ од А. В. Дружинин

има жени што во еден миг можат да освојат со својата убавина или со нешто друго; а други жени треба половина година пред тоа да се проучуваат, ако се сака да се разбере што има во нив; ако пак еден човек сака да проучи таква жена и во неа да се вљуби малку му е само да ја види и малку е да биде само готов за сè, туку е потребно, над сè, да има и некој талент. Во тоа сум уверен, иако ништо не знам; а ако не е така тогаш би требало сите жени да се сведат на степен на обични домашни животни и само во тој облик да се држат кај себе; мнозина можеби и би го сакале тоа.

Од неколку извори знам сигурно дека мајка ми не беше убавица, иако не сум видел некаде да постои нејзин портрет од тоа време. Според тоа, не можеше да се случи во неа некој да се вљуби само од прв поглед. Заради проста разонода, Версилов можеше да си одбере друга, а таква имаше таму, и тоа уште немажена. Тоа беше собарицата Анфиса Константинова Сапошкова. На човекот што дојде со „Антон Горемика" ќе му беше многу срам пред себеси, врз основа на спахиското право, да го разурне светиот брак, макар и на својот слуга, бидејќи, повторувам, Антон Горемика, уште пред неколку месеци, т.е. по дваесеттата година, вонредно сериозно зборуваше за тоа. А на Антон му го одведоа само коњот, а овде жената! Значи, се случило нешто специјално поради кое mlle[1]) Сапошкова изгуби (според моето мислење – доби). Минатата година повеќепати, кога беше можно со него да се зборува (затоа што не беше можно секогаш да се зборува со него) јас му приоѓав со сите овие прашања и забележав дека тој самиот, без оглед на своето светско однесување и на растојание од дваесет години, некако необично се воздржуваше. Но јас настојував. Најпосле, со оној израз на одвратност, кој тој не еднаш си го дозволуваше во односот спрема мене, се сеќавам, одеднаш промрмори некако чудно: дека мајка ми била едно од оние н е з а ш т и т е н и

---

[1]) Кратенка од mademoiselle (фр.) – госпоѓица.

суштества во кои човекот не се вљубува – напротив, нималку и никако – туку одненадеж и поради нешто ги *сожалува*, веројатно поради нивната кроткост или нешто друго, или впрочем којзнае зошто? Тоа никогаш никому не му е познато, туку ја сожалуваш подолго време, ја сожалуваш и најпосле се приврзуваш . . . „Со еден збор, драги мој, некогаш се случува и да не се одврзеш". Ете што ми рече тој. А ако навистина било така, тогаш никако не можам да го сметам за „глупо младо куче", како што самиот се нарекува во тоа време. Ова и ми беше потребно.

Впрочем, тој тогаш започна да ме уверува дека мајка ми го засакала „од покорност": уште требаше да каже според крепосното право! Тој излага затоа што тоа беше „шик"! Излага против својата совест, против честа и благородноста!

Сево ова, најпосле, го наведов донекаде како за пофалба на мајка ми а порано, меѓутоа, реков дека за неа од тоа време јас не знам воопшто ништо. Напротив, јас ја знам сета заостанатост на средината и бедните поими во кои таа растеше и подоцна во кои остана целиот свој живот. Па сепак се случи несреќа. Овде е потребна една исправка: кога се вивнав в облаци, го заборавив фактот што, напротив, би било потребно да се истакне, пред сè, а тој е: тие двајцата почнаа директно со *несреќа*. (Се надевам дека читателот нема до таа мера да се преправи оти веднаш не сфатил што сакав да кажам). Со еден збор, тие започнаа онака како што е обичај кај благородниците, без оглед на тоа што не се водеше сметка за m-lle Сапошкова. Но овде морам да станам и во своја одбрана и веднаш да изјавам дека со ништо не си противречам себеси, бидејќи за што би можел да зборува во тоа време таков човек каков што е Версилов, со такво суштество како што беше мајка ми дури и во случај на најнеизбежна љубов? Од развратни луѓе сум слушал дека многу често човек, кога се зближува со некоја жена, започнува сосем молчејќи, што, се разбира, е врвна точка на чудовишноста и гадоста. Меѓутоа, Версилов, и сè да сакаше, не би можел, изгледа, да започне поинаку со мајка ми. Веројатно, не требаше

да започне со објаснувањето на „Полинка Сакс"? А покрај тоа ним не им било до руската литература. Напротив, според неговите зборови (тој еднаш тоа поопширно го раскажа), тие се криеле по аглите, се чекале еден со друг по скалите, потскокнувале како некои топки со вцашени лица кога ќе минел некој и „тиранинот-спахија" – треперел пред последната слугинка и покрај своето цело спахиско право. Но и да започнеше сѐ според благородничкиот обичај, а испадна дека не започна така, ама и да започнеше, всушност, ништо не може да се објасни. Дури сѐ станува позаплеткано. И самата мера до која се разви нивната љубов претставува загатка, затоа што првиот услов на таквите луѓе, како што е Версилов, е да ја оттурнат штом ќе ја постигнат целта. Тоа, меѓутоа, не се случи. Да греши со убавката и ветерничава слугинка (а мајка ми не беше ветерничава), на развратното „младо куче" (а тие сите беа развратни, сите до еден – и прогресивните и конзервативните) – не само што му беше можно, туку тоа беше и неизбежно, особено кога ќе се земе предвид неговата романтична состојба како млад вдовец и неговото безделништво. Но да ја засака за целиот живот, тоа е сепак премногу. Не тврдам дека ја сакал, но дека ја влечкал со себе во текот на целиот живот – тоа е вистина.

На мајка ми јас ѝ поставував многу прашања, но признавам дека едно, најважното, не смеев да ѝ го поставам отворено, и покрај тоа што со неа се зближив минатата година толку многу и што, како некое грубо и неблагодарно куче што смета дека му се т и е о д г о в о р н и, пред неа воопшто не се воздржував. Еве го прашањето: како таа, самата, таа, која веќе половина година беше во брак и уште придушена од сите поими за светоста на бракот, придушена како некоја слаба мува, таа што го уважуваше својот Макар Иванович како некаков бог, како можела таа за неполни две недели да падне во таков грев? Па таа, мајка ми не беше развратна жена? Напротив, тврдам сега засекогаш, дека е тешко и да се замисли почиста душа од нејзината, низ целиот нејзин живот. Може да се објасни само со тоа дека згрешила несвесно, но не

во смисла како што денеска адвокатите ги бранат своите убијци и арамии, туку под оној силен впечаток кога е жртвата простодушна, загосподарува со неа фаталното и трагичното. Којзнае, можеби смртно го засакала ... кројот на неговиот костум, парискиот патец на косата, неговиот француски изговор, особено на францускиот јазик, од кој таа не разбираше ни еден глас или романсата што ѝ ја пееше во придружба на клавир, засакала нешто што никогаш не го видела и не го чула (а тој беше многу убава фигура) и тогаш заедно до лудило го засакала него целиот и сè што е негово, сосе кројката и романсите. Сум слушал дека тоа некогаш се случувало со девојки што служеле на спахиските дворци во времето на крепосното право, и тоа со најчесните девојки. Јас тоа го разбирам и само подлец може тоа да го објаснува со крепосното право и со „покорност"! На тој начин, значи, ова момче сепак имало во себе толку вистинска и заводничка сила што можело да привлече суштество кое дотогаш било сосем чисто и, што е најглавно, суштество толку различно од него, од сосем друг свет и од друга земја, и тоа на таква отворена пропаст? Тоа беше пропаст, тоа и мајка ми, се надевам, го сфаќаше во текот на целиот свој живот; само што тогаш кога одеше во неа, за пропаста и не помислуваше воопшто. Така е, меѓутоа, кај тие „незаштитените". Тие знаат дека е пропаст, па сепак одат во неа.

Откако згреши ја веднаш се раскајаа. Тој духовито ми раскажуваше дека плачел во прегратка на Макар Иванович, кого специјално го повикал во својот кабинет поради овој настан, а таа – таа во тој момент лежела во занес, некаде во своето слугинско собиче ...

VI

Но доста со прашања и со соблазнувачки подробности! Откако ја откупи мајка ми од Макар Иванович Версилов наскоро отпатува и оттогаш, како што веќе забележав порано, започна да ја влече со себе речиси насекаде, освен кога ќе заминеше за подолго време.

Тогаш во повеќе случаи ја оставаше под грижата на теткичката, т.е. на Татјана Павловна Пруткова која во таквите случаи секогаш ќе изникнеше однекаде. Живееја во Москва, живееја во разни други села и градови, дури и во странство, и, најпосле, во Петроград. За сето тоа ќе зборувам после, или можеби воопшто нема да е ни потребно. Ќе кажам само дека една година по Макар Иванович се појавив на видело јас, потоа по уште една година сестра ми, а потем, дури по десет или единаесет години едно болно детенце, мојот помлад брат што умре по неколку месеци. Со тешкото раѓање на тоа дете заврши убавината на мајка ми, барем така ми кажуваа. Таа бргу започна да старее и да слабее.

Но врските со Макар Иванович сепак никогаш не се прекинуваа. Каде и да се наоѓаа Версилови, да живееја по неколку години во едно исто место, или да беа на пат, Макар Иванович не пропушташе прилика за себе да го известува „семејството“. Се создадоа некои чудни односи, некако свечени и речиси сериозни. Меѓу благородниците такви односи бездруго би биле малку смешни, јас тоа го знам. Но овде не беше таков случајот. Тој им испраќаше писма двапати годишно, ни помалку ни повеќе, кои вонредно личеа едно на друго. Јас ги видов писмата. Во нив немаше многу лични работи. Напротив, во нив имаше само свечени известувања за најобичните настани и за најобичните чувства, ако можам така да се изразам за чувствата. Најнапред тој ги известуваше за своето здравје, потоа се распрашуваше за нивното здравје, потем беа редени желбите, свечените поздрави и благослови – и тоа беше сè. Изгледа дека во таа средина токму таа обичност и безличност се сметаше како учтивост на тонот и како општење со повисоки знаења: „На нашата драга и почитувана сопруга Софија Андреевна ѝ испраќам наш најпонизен поздрав“ . . . „На нашите драги деца им го испраќам нашиот родителски благослов, господ да ги поживи“. Сите деца беа спомнувани по име, по редот на раѓањето, меѓу нив и јас. Овдека го забележувам тоа дека Макар Иванович беше толку остроумен што „Неговото Високородие,

многу уважениот господин Андреј Петрович" не го нарекуваше во писмото како свој „добротвор"; иако, во секое писмо без исклучок, му го испраќаше својот најпонизен поздрав, молејќи го да му биде наклонет и него самиот господ да го благослови.

Одговорите на Макар Иванович мајка ми му ги испраќаше веднаш и секогаш беа пишувани точно на ист начин. Версилов, се разбира, не учествуваше во допишувањето. Макар Иванович пишуваше од разни краишта на Русија, од градови и од манастири во кои понекогаш престојуваше подолго време. Тој започна да го поминува животот во аџилак. Никогаш за ништо не молеше, но затоа секои три години бездруго доаѓаше дома на отсуство и тргнуваше прво кон мајка ми која, секогаш така се случуваше, имаше свој стан, одделно од станот на Версилов. За ова ќе зборувам подоцна, а овде го забележувам само колку да се знае дека Макар Иванович не го ставаа во гостинската соба на канабињата, туку скромно ќе се засолнеше некаде во некој агол. Не останувaше таму многу време. Најмногу пет дена до една недела.

Заборавив да кажам дека тој страшно многу го сакаше и уважуваше своето презиме Долгоруки. Се разбира, тоа е смешна глупост. Од сè најглупо е тоа што тоа презиме му се допаднало токму поради тоа што постојат кнезови Долгоруки. Чудно сфаќање, сосема опачно!

Иако реков дека целото семејство секогаш се наоѓаше заедно, тоа сепак значи – без мене. Јас бев како поттурнат и речиси засолнет кај туѓи луѓе уште од самото раѓање. Но тоа не беше поради некоја специјална намера, туку некако само испаднало така. Кога ме роди, мајка ми беше уште млада и убава и, се разбира, нему потребна, а плачливото дете, се разбира, би им пречело, особено кога патуваа. Ете како се случи до дваесеттата година речиси да не ја видам мајка ми, освен случајно два-трипати. Тоа се случуваше не поради мајчинските чувства, туку поради презривото држење на Версилов спрема луѓето.

VII

Сега почнувам за нешто сосем друго.

Еден месец пред тоа, т.е. еден месец пред деветнаесетти септември, јас во Москва решив да се откажам од нив и најпосле да ѝ се предадам само на мојата идеја. Така и го запишувам овој израз: „Да ѝ се предадам на мојата идеја", поради тоа што тој израз ја означува речиси целата моја главна мисла токму она заради кое и живеам на овој свет. Каква е таа „моја – идеја", за тоа доста ќе се говори подоцна. Во мојот долгогодишен осамен живот во Москва, полн со фантазирање, таа се роди во мене уште во втори клас гимназија и оттогаш можеби ни за момент веќе не ме напушташе. Таа го голтна целиот мој живот. Јас и пред неа живеев во соништа, од детство живеев во царството на една фантазија од специјален вид, но со појавувањето на оваа главна идеја, која во мене проголта сè, моите мечти зајакнаа и одеднаш добија определена форма, од глупи мечти – станаа умни. Гимназијата не го спречи фантазирањето. Таа не ја спречи ни идејата. Сепак додавам дека последниот клас од гимназијата го завршив со послаб успех, додека до трети клас секогаш бев меѓу првите. Тоа се случи поради таа моја идеја, поради заклучокот, можеби лажен, што го изведов од неа. На тој начин гимназијата не ја спречи идејата, туку идејата ѝ пречеше на гимназијата, му пречеше на универзитетот.

Кога ја завршив гимназијата веднаш сакав радикално да раскинам не само со сите нив, туку ако е потребно и со целиот свет и покрај тоа што тогаш имав само дваесет години. Напишав едно писмо и го испратив во Петроград, најпосле, да ме оставаат на мир, пари за мојата издршка повеќе да не праќаат и ако е можно сосем да ме заборават (т.е. се разбира, ако воопшто се сеќаваа за мене), а на крајот дека „никако" не сакам да се запишам на универзитет. Пред мене беше неизбежна дилемата: или универзитетот и понатамошното образование или одлагањето на директното остварување на идејата за уште четири години. Јас бестрашно се решив за идејата, зашто во неа

бев уверен математички. Версилов, татко ми кого сум го видел само еднаш во животот, за еден момент, и тоа кога имав десет години (кој и за еден момент успеа да ми направи силен впечаток) — во одговор на моето писмо, кое, впрочем, не му беше упатено нему, ме повика во Петроград со писмо напишано своерачно, ветувајќи ми место во приватна служба. Оваа покана на човек сув и горд, спрема мене надуен и негрижлив, кој дотогаш, откако ме создал и ме оттурнал међу други луѓе, не само што не ме познаваше, туку поради тоа никогаш не се ни покаја — (којзнае, можеби и за самото мое постоење тој имал матен и неточен поим, како што се виде подоцна ни парите за моето издржување во Москва не ги даваше тој, туку ги даваа други), поканата од овој човек, велам, кој толку ненадејно се сети и ме удостои со своето своерачно писмо — таа покана ме заведе и ја реши мојата судбина. Во неговото писмо, покрај другото, многу ми се допадна (една многу мала страница од мал формат) тоа што со ниеден збор не го спомна универзитетот, што не бараше од мене да ја променам мојата одлука, не ме караше затоа што не сакам да го продолжам образованието — со еден збор, не ме опсипа, како што обично се случува, со родителски прекори, а, меѓутоа токму тоа беше лошо од негова страна, имено тоа уште повеќе го покажуваше неговиот немарен однос спрема мене. Бев решен да одам и поради тоа што ова нималку не ќе го спречеше мојот главен сон. „Одам да видам што ќе биде — размислував — во секој случај, се врзувам со нив само привремено, можеби за кусо време. Но штом ќе видам дека тој чекор, колку и да биде условен и мал, сепак ме одвлекува до г л а в н о т о, веднаш ќе прекинам со нив, ќе си одам од нив и ќе се повлечам во својата корупка“ ... Токму во корупка! „Ќе се скријам во неа како желка“! Оваа споредба многу ми се допадна. „Нема да бидам сам — продолжив да мислам одејќи како луд низ Москва во сите тие последни денови — никогаш веќе нема да бидам сам како што бев сам во овие страшни години до денеска. Со мене ќе биде мојата идеја, која никогаш нема да ја изневерам, дури ни тогаш ако сите таму ми се допаднат и ако ме

направат среќен и ако јас со нив поминам цели десет години"! Еве овој впечаток, веднаш забележувам еве, токму ова двојство на моите планови и цели определени уште во Москва, што не ме оставаа ни еден момент во Петроград (зашто не знам дали имаше еден единствен ден во Петроград да не се наоѓав пред мојот последен рок да прекинам со нив и да си одам) – тоа двојство, велам, и беше една од главните причини на многуте мои непромислености направени во таа година, на многуте гадости, дури на многуте подлости и, се разбира, глупости.

Ненадејно, меѓутоа, добив татко кого никогаш пред тоа го немав. Таа мисла ме опијануваше, и во Москва за време на подготовките за пат, и во вагонот. Дека ми е тој татко – во тоа немаше ништо лошо, зашто не сакав многу нежности, туку тој човек не сакаше да знае за мене и ме понижуваше, додека јас толку години за него фантазирав и во моите мечтаења се влевав во него (ако е можно човек така да се изрази за мечтаењата). Секој мој сон уште од детството беше врзан за него, лебдеше околу него и се сведуваше на него во краен резултат. Не знам дали го мразев или го сакав, но тој ја исполни со себе целата моја иднина, сите мои животни сметки – и тоа се случуваше само по себе, тоа одеше заедно со возраста.

За моето заминување од Москва влијаеше уште една силна околност, едно искушение од кое уште тогаш, цели три месеци пред заминувањето (значи додека уште немаше ни мисла за Петроград), ми се стегаше срцето и силно ми чукаше! Во тој непознат океан ме влечеше и тоа што во него можев право да влезам како господин и господар дури и на туѓа судбина, и тоа на чија судбина! Но во мене вриеја великодушни и недеспотски чувства – однапред напомнувам дека моите зборови не треба да се сфатат погрешно. Версилов можеше да мисли (само ако ме удостојуваше да мисли за мене) дека сега доаѓа еден незрел малечок, бивш гимназист, уште недораснат кој со оцарени очи му се чуди на целиот свет. А јас, меѓутоа, веќе знаев за неговата најголема тајна и имав во рацете еден многу важен документ за кој (дури сега

тоа го знам точно) тој би дал неколку години од својот живот, ако тогаш му ја откриев тајната. Впрочем, забележувам дека продолжувам да зборувам во загатки. А без факти чувствата не можат да се опишат. Притоа за сево ова доволно ќе стане збор таму каде што треба. Затоа и почнав да пишувам. А ваквото пишување прилега на бладање или на магла.

VIII

Значи, најпосле за да минам на споменатата дата, ќе кажам накусо и, така да речам, патем дека сите ги затеков таму, т.е. кај Версилов, мајка ми и сестра ми (која ја видов првпат во животот), во тешки прилики, речиси во сиромаштија или на работ од сиромаштијата. За ова разбрав уште во Москва, но сепак не очекував да го видам она што го видов. Уште од детството бев навикнал да го замислувам овој човек, овој „иден мој татко", во некој сјај и никако не можев да си го претставам себеси поинаку освен насекаде на прво место. Версилов никогаш не живееше во еден стан со мајка ми, туку секогаш за неа земаше под кирија одделен стан. Се разбира, тоа го правеше поради нивната одвратна „пристојност". Но овдека живееја сите заедно, во едно крило од една дрвена куќа, во една споредна улица, во крајот наречен „Семјоновски полк". Сите предмети беа веќе заложени, така што на мајка ми, кришум од Версилов, јас ѝ ги дадов и моите скриени шеесет рубли. А с к р и е н и беа затоа што беа заштедени од џепарецот што го добивав: по пет рубли месечно во текот на две години. Започнав да ги ставам настрана уште од првиот ден на мојата „идеја" и поради тоа Версилов не требаше да знае ништо за тие пари. Од тоа се плашев.

Оваа помош беше само капка вода. Мајка ми работеше и сестра ми, исто така, шиеше. Версилов не работеше ништо, си го гледаше својот ќеф и продолжи да живее со многу свои поранешни, прилично скапи навики. Тој многу мрмореше, особено кога ручавме, и спрема сите се однесуваше сосем деспотски.

Но мајка ми, сестра ми, Татјана Павловна и целото семејство на покојниот Андроников (еден од началниците на едно одделение што умре три месеци пред тоа, и кој управуваше со имотот на Версилов) што се состоеше од многу жени, го двореа него како некаков фетиш. Тоа никако не ми влегуваше во главата. Пред девет години беше многу поелегантен. Веќе реков дека во мојата фантазија тој беше во некаков сјај и поради тоа не можев да сфатам како е можно толку многу да остари и да пропадне за неполни девет години. Веднаш ме обзеде тага, ми беше жал за него, а и се срамев. Погледот на него беше еден од најтешките мои впечатоци по доаѓањето. Впрочем, тој уште никако не беше старец, имаше одвај четириесет и пет години. Посматрајќи го подолго, забележав дека дури и во неговата убавина има нешто попривлечно од она што се задржа во моите спомени. Помалку некогашен блесок, помалку надворешност, дури и помалку отменост, но како животот на тоа лице да направи нешто многу поинтересно од она што било порано.

Меѓутоа, сиромаштвото беше само десеттиот или дваесеттиот дел од неговите незгоди, а јас го знаев тоа. Покрај сиромаштијата, тука имаше уште една посериозна работа – да не зборувам за тоа дека Версилов имаше изгледи да го добие делото што околу наследството го поведе уште пред една година со кнезовите Сокољски. И Версилов во најблиска иднина можеше да добие имот во вредност од седумдесет, а можеби и повеќе илјади рубли. Уште порано веќе спомнав дека истиот тој Версилов во својот живот упропасти три наследства, а, еве, пак ќе добие уште едно наследство! Предметот ќе се решаваше пред судот во најкус рок. Затоа и ме повика да дојдам. Се разбира, за надеж никој не даваше пари, никаде не можеше да се добијат пари и затоа мора да страдаат и да чекаат.

Версилов, меѓутоа, не одеше кај никој, иако понекогаш беше отсутен цел ден. Измина повеќе од една година откако тој беше прогнат од општеството. Историјата за тоа, и покрај сиот мој труд, остана за мене главно необјаснета иако веќе еден месец поминав во Петроград. Дали е Версилов виновен или не е – тоа за

мене беше многу важно и поради тоа дојдов! од него сите се откажаа, меѓу другите и сите влијателни познати луѓе со кои тој специјално знаеше да ги одржува врските во својот живот, сè откажаа поради тоа што се пронесоа гласови за една негова вонредно ниска и – што е најлошо во очите на „светот“ – срамна постапка пред повеќе од една година, во Германија, за шлаканицата што тогаш ја доби речиси јавно, и токму од еден кнез Сокољски, а на кој тој не му одговори со покана за двобој! Дури и неговите деца (од законскиот брак), синот и ќерката, се оддалија од него и живееја засебно. Навистина и синот и ќерката се движеа во највисоките кругови со помошта на Фанариотовите и на стариот кнез Сокољски (бивш пријател на Версилов). Впрочем, набљудувајќи го целиот овој месец, јас во него видов надуен човек кого општеството не го исклучило од својот круг, туку човек кој поскоро самиот го отфрлил општеството од себе – толку тој беше независен дух. Меѓутоа, дали имаше право да биде толку независен – ете тоа ме измачуваше! Бездруго во најкусо време морам да ја разберам целата вистина зашто дојдов да му судам на овој човек. Својата моќ јас уште ја криев од него, но ми беше потребно или да го признам или да го отфрлам од себе сосем. А последново ми беше многу тешко и јас се измачував. Најпосле ќе признаам отворено: тој човек јас го сакав!

За тоа време живеев со нив во истиот стан, работев и одвај се воздржував од грубости. Дури и не се воздржував. Откако поминав тука еден месец, секој ден бев сè повеќе уверен дека за крајните објаснувања никако не можам да му се обрнам нему. Овој горд човек стоеше пред мене како некоја вистинска загатка која длабоко ме нажалуваше. Тој со мене дури беше и љубезен и се шегуваше, но јас повеќе сакав кавга отколу такви шеги. Сите разговори со него секогаш беа некако двосмислени, т.е. секогаш тој некако чудно се потсмеваше. Од самиот почеток кога дојдов од Москва тој ме пречека несериозно. Никако не можев да сфатам зошто го правеше тоа. Навистина, тој со тоа постигна за мене да остане непроникнат;

но јас сепак не би се понизил да го молам кон мене да се однесува сериозно. Освен тоа, тој имаше и некое чудно привлечно однесување со кое не знаев што да правам. Накусо, тој со мене оплтеше како со некој голуждравец – што речиси не можев да го поднесувам, иако знаев дека така ќе биде. Поради тоа престанав и јас со него да зборувам сериозно и чекав; дури бев готов сосем да престанам да зборувам. Го чекав едно лице по чие доаѓање во Петроград ќе можев најпосле да ја дознам вистината. Во тоа беше мојата последна надеж. Во секој случај бев готов конечно да раскинам и ги презедов сите мерки. За мајка ми ми беше жал, но ... „или тој или јас" – ете што сакав да ѝ предложам нејзе и на сестра ми. Дури го определив и денот. А дотогаш одев на работа.

ВТОРА ГЛАВА

I

На тој деветнаесетти септември требаше да ја примам и мојата прва плата за првиот месец на мојата петроградска служба на „приватното" место. За тоа поставување на работа не ме ни прашаа, туку просто ме испратија таму, ми се чини уште првиот ден по моето доаѓање. Тоа беше многу грубо и, всушност, јас требаше да протестирам. Тоа поставување беше во домот на стариот кнез Сокољски. Но да протестирав уште тогаш – ќе значеше да прекинам со нив веднаш, од што јас не се плашев, но што би им штетело на моите вистински цели и поради тоа го примив местото привремено, молчејќи, заштитувајќи го со молчење своето достоинство. Уште на почетокот ќе објаснам дека овој кнез Сокољски не беше во никаква роднинска врска со оние московски кнезови Сокољски (голи сиромаси веќе од неколку поколенија) со кои Версилов се судеше. Тие имаа само исто презиме. Сепак стариот кнез за нив многу се интересираше и особено го сакаше еден од нив, најстариот во семејството – еден млад офицер. Уште неодамна Версилов имаше огромно влијание врз стариот Сокољски и тој беше негов пријател, впрочем, чуден пријател, поради тоа што овој кутри кнез, како што забележав, страшно се плашеше од него, не само во тоа време кога јас дојдов кај него на служба, туку, изгледа, отсекогаш, за време на целото пријателство. Впрочем, тие уште одамна не се гледаа. Нечесната постапка со која го товареа Вер-

силов се однесуваше токму на кнезовото семејство. Меѓутоа, се замеша Татјана Павловна и со нејзино посредство јас и го добив местото кај стариот, кој сакаше да има во својот кабинет „едно момче". Тогаш се виде дека тој многу сакаше и да му направи услуга на Версилов, така да кажам прв чекор кон него, а Версилов се с о г л а с и. Така и реши стариот кнез: во отсуство на својата ќерка, вдовицата на генералот, која сигурно не би му го одобрила тој чекор. За тоа подоцна, но забележувам дека тоа чудно однесување спрема Версилов ме изненади, во негова корист. Од тоа изведов заклучок дека кога главата на навреденото семејство сè уште продолжува да го уважува Версилов, тогаш, значи, се апсурдни или барем сомнителни и пуштените гласови за страшливоста на Версилов. Оваа работа делумно и ме задржа да не протестирам кога стапив на работа. Примајќи го местото, јас, имено, се надевав дека сето тоа ќе можам да го проверам.

Татјана Павловна играше чудна улога во тоа време кога ја затеков во Петроград. Јас речиси сосема бев ја заборавил неа и никако не очекував таа да има таква важност. Порано ја среќавав – три-четирипати додека бев во Москва, а таа се појавуваше, господ знае од каде и по чија порака, секогаш кога ќе требаше некаде да ме смести – при стапување во пансионот кај Тушар, или подоцна по две и пол години, при моето преминување во гимназија и сместување на стан кај незаборавениот Николај Семјонович. Ако се појавеше, таа со мене ќе го поминеше целиот тој ден, ќе извршеше преглед на мојата долна и горна облека, ќе се одвезеше со мене на Кузнецкиот мост и в град, ќе ми накупеше потребни предмети и со еден збор ќе ја дотераше целата моја спрема до последното сандаче и ноже. За сето тоа време таа викаше по мене, ме караше, ме распрашуваше, ми ги истакнуваше како пример некои други ученици што ги познаваше и братучеди кои, божем, сите беа подобри од мене, а, богами, дури и ме потштипнуваше и дури по неколкупати ме удираше така што ме заболуваше. Откако ме доведе во ред и мè смести, таа исчезна без трага за не-

колку години. Така ете и сега, веднаш по моето доаѓање, таа се појави да ми најде место. Беше сува, ситна жена со птичјо остро носе и со птичји остри очи. На Версилов му служеше како робинка и се поклонуваше пред него како пред папа. Но тоа го правеше по убедување. Јас набргу разбрав со изненадување дека без исклучок сите и насекаде ја почитуваат и што е најглавно сите без исклучок и насекаде ја познаваат. Стариот кнез Сокољски кон неа се однесуваше со специјално почитување. Во неговото семејство случајот беше ист. Тие горди деца на Версилов, исто така ја почитуваа. Исто така, и Фанариотовите, – а таа, меѓутоа, живееше од шиење и чистење на тантели, работеше за некои трговски дуќани. Ние двајцата се скаравме уште од првото видување, затоа што таа и сега, како некогаш пред шест години, започна да вика по мене. Оттогаш се каравме речиси секој ден. Но тоа не ми пречеше понекогаш и да поразговараме. И признавам, кон крајот на месецот, почна да ми се допаѓа. Мислам дека тоа беше поради нејзиниот независен карактер. Впрочем тоа не ѝ го покажав.

Веднаш разбрав дека ме определија кај овој болен старец само затоа да го „утешувам" и дека тоа беше мојата цела служба. Се разбира, тоа ме навредуваше, па веднаш презедов мерки. Но овој стар чудак набргу ми направи неочекуван впечаток, предизвика кај мене некој вид сожаление и пред крајот на месецот јас се приврзав за него некако чудно, во секој случај ја одложив намерата да бидам груб. Впрочем, тој немаше повеќе од шеесет години. Тука постои една цела историја. Пред година и пол тој доби еден психички напад. Некаде патуваше и патем се мрдна од умот, така што се случи скандал за кој во Петроград многу се зборуваше. Како што се случува во такви моменти, веднаш го однесоа во странство, но по пет месеци ненадејно пак се појави ваму и тоа сосем здрав, иако си поднесе оставка на службата. Версилов сериозно убедуваше (и забележливо запалено) дека кај старецот воопшто нема умствено растројство, туку дека тоа е само еден нервен напад. Оваа запаленост на Версилов ја забележав веднаш. Впрочем и јас донекаде го делев него-

вото мислење. Старецот само понекогаш се покажуваше премногу лекомислен, несразмерно за неговите години, што, велат, порано не се случуваше. Велат дека порано бил советник во некоја установа и дека еднаш посебно се истакнал со некоја наредба. Бидејќи го познавав веќе еден месец, не бев никако во состојба да ги видам тие негови советнички способности. Некои тврдат дека на него се забележало (иако јас тоа не го забележав) дека по нападот кај него се развила некоја специјална наклонетост да се ожени што поскоро и дека за оваа година и пол тој се обидувал не еднаш да ја оствари таа идеја. За тоа, велат, во општеството се знае и за таа работа постоело интересирање кај надлежните. Но бидејќи овие желби ни малку не одговараа на интересите на некои лица, што се наоѓаа околу кнезот, старецот беше под контрола од сите страни. Неговиот семеен круг беше малуброен. Тој беше вдовец веќе дваесет години и имаше ќерка единка, таа вдовица на генералот, која сега секој ден ја чекаа да дојде од Москва. Таа беше една млада жена од чиј карактер татко ѝ бездруго се плашеше. Но тој имаше уште бескрајно разни далечни роднини, особено по линијата на неговата покојна жена, кои речиси сите беа сиромашни. Освен тоа, тука имаше уште многу разни негови воспитаници и воспитанички кои од него гледаа доста добрини и кои очекуваа по едно делче од неговото завештание и поради тоа сите ѝ помагаа на генералицата во гледањето на старецот. Над сето тоа, тој уште од младост имаше една чудна навика, не знам само дали е смешна или не, а таа е: да омажува сиромашни девојки. Тој омажуваше вакви девојки веќе некои дваесет и пет години – сите тие некои далечни роднини или паштерки на браќата од својата жена, или кумчиња, а ја вдоми и ќерката на својот вратар. Отпрвин тој ги собираше околу себе во својот дом како девојчиња. Ги даваше на воспитување кај некои гувернанти и Французинки, а потоа ги праќаше во најдобрите училишта на учење и најпосле ги мажеше со мираз. Сите овие постојано се туркаа околу него. Питомките, се разбира, во бракот изнародија уште други девојчиња. Сите овие нови девојчиња исто

сакаа да бидат негови воспитанички, така што постојано тој мораше да кръштева, целиот тој свет доаѓаше кај него да му го честита именденот и сето тоа му беше вонредно пријатно.

Штом стапив кај него на служба, забележав дека кај старечкиот мозок се загнездило едно тешко уверување – и беше невозможно тоа да не се забележи – дека целиот свет во него гледа некако чудно, дека сите започнаа да се однесуваат спрема него поинаку, отколку кога беше здрав. Овој впечаток не го напушташе ни кога се наоѓаше во највесели друштва. Старецот стана недоверлив, започна кај сите нешто да забележува. Очигледно го измачуваше мислата дека сите мислат оти е мрднат од умот, дури и кон мене понекогаш се држеше со недоверба. И, ако чуеше за некого дека шири или потврдува таков глас за него, ми се чини, овој најнезлобен човек на светот за него ќе стане негов вечен непријател. Ете, молам оваа работа да се запомни. Додавам дека поради тоа и решив уште од првиот ден да не бидам груб спрема него. Напротив, ми беше мило кога ќе успеев да го развеселам или да го забавувам. Не мислам дека ова признание може да фрли каква и да е сенка врз моето лично достоинство.

Поголем дел од неговите пари беа во акции. Тој дури по болеста влезе како учесник во едно поголемо акционерско друштво, впрочем, многу солидно. И, иако работата ја водеа други, тој сепак многу се интересираше, ги посетуваше акционерските собири, беше избиран во управниот одбор, доаѓаше на седници, држеше долго говори, побиваше нешто, вревеше и очигледно, сето тоа го правеше со задоволство. Нему многу му се допаѓаше да држи говори: барем сите можеа да ја видат неговата памет. И воопшто нему му беше многу мило, и тоа и во најинтимниот дел од животот, во својот разговор да вметнува намерно длабокомислени работи или некакви бонмо[1]) и јас тоа многу добро го разбирам. Во неговата куќа, долу, имаше еден вид домашна канцеларија и во неа еден чиновник ја водеше администрацијата, сметките и книгите, а заедно со тоа тој и управуваше со куќата.

[1]) Бонмо (од франц. bon mot) – досетка

Овој чиновник, кој покрај тоа имаше и некое место во државната служба, и самиот веќе беше сосем доволен. Но по желба на кнезот ме зедоа и мене, како божем да му помагам на овој чиновник; ама јас веднаш бев префрлен во кабинетот и честопати, дури ни заради изговор, пред себе немав никаква работа, ни хартија, ни книги.

Јас сега пишувам како човек кој одамна се отрезнил и кој во многу нешто се изменил, но како да го изразам тогашниот мој јад (за кој сега живо се сеќавам), што се усели во моето срце и што е главно – мојата тогашна возбуденост која ме збунуваше и која толку ме понесе што дури ноќе не можев да спијам – од мојата нестрпливост, од решавање на загатките кои си ги поставував.

II

Многу одвратна работа е да бараш пари, па дури и плата, ако негде во својата совест чувствуваш дека не си ги заслужил сосем. Меѓутоа, спроти тој ден, мојата мајка шепотејќи се договараше со сестра ми, кришум од Версилова („да не го налутат Андреј Петрович"), да заложат една икона која поради нешто ѝ беше многу мила. Мојата плата изнесуваше педесет рубли месечно, но јас воопшто не знаев како да ги заработам. Кога ме испраќаа ваму, ништо не ми рекоа. Пред приближно три дена, кога се сретнав долу со чиновникот, го прашав: Кој дава овде плата? Тој ме погледна со насмевка на изненаден човек (тој не ме сакаше):

– Зар вие добивате плата?

Помислив дека веднаш по мојот одговор ќе додаде: „А за која работа"?

Но тој само одговори дека „ништо не знае" и ја нурна главата во својата ишпартана книга во која забележуваше некои бројки од други ливчиња од хартија.

Нему, впрочем, не му беше познато дека јас нешто работев. Пред две недели точно четири дена преседов на работа која токму тој ми ја даде: да направам еден препис, но потоа излезе дека треба повторно да се препишува. Тука имаше куп „мисли" кои кнезот се подготвуваше да ги изнесе во комитетот на акционерите. Сето тоа требаше да се соедини во една целина и да се изглади стилот. Потоа цел еден ден преседовме над таа хартија заедно со кнезот. И тој многу пламено се расправаше со мене, но сепак остана задоволен, само јас не знам дали ја предаде таа хартија или не. Други две три писма, исто така деловни, што ги напишав по негова молба, и да не ги спомнувам.

Да барам плата ми беше непријатно и поради тоа бидејќи бев решил да го откажам местото, претчувствувајќи дека и оттаму ќе морам да си одам поради сигурните околности. Кога се разбудив тоа утро и започнав да се облекувам во своето собиче горе почувствував дека срцето посилно ми зачука и, иако се храбрев кога влегував во куќата на кнезот, јас повторно ја почувствував истата вознемиреност: тоа утро требаше да дојде личноста, таа жена од чие доаѓање чекав разјаснување на сето тоа што ме измачуваше! Тоа беше ќерката на кнезот Сокољски, генералицата Ахмакова, млада вдовица за која веќе говорев и која беше во жестоко непријателство со Версилов. Да, ете, го напишав тоа име! Неа, се разбира, никогаш не сум ја ни видел, така што не можев ни да си претставам како и дали со неа ќе говорам. Но ми се чинеше (врз основа на доволно причини) дека со нејзиното доаѓање ќе се разбие мракот што во моите очи го окружува Версилов. Не можев да останам мирен. Ми беше страшно непријатно што уште на првиот чекор станав толку малодушен и невешт; потоа бев многу љубопитен, а сепак работата ми беше одвратна. Значи, имав три впечатоци. Многу добро се сеќавам за тој ден!

За веројатното доаѓање на својата ќерка мојот кнез уште не знаеше ништо, а нејзиното враќање од Москва го чекаше дури по една недела. Јас за тоа разбрав сосема случајно спроти денот: пред мене ѝ го

рече тоа на мајка ми Татјана Павловна, која доби писмо од генералицата. Тие навистина зборуваат шепотејќи и со некои завиени изрази, но јас се сетив. Се разбира, не потслушнував, но просто не можев да не го слушам тој разговор кога одеднаш при спомнувањето за доаѓањето на таа жена мајка ми многу се вознемири. Версилов не беше дома.

На старецот не сакав ништо да му кажам поради тоа што забележав дека за целото ова време тој се плашеше од нејзиното доаѓање. Тој, пред три дена дури и се изрази, иако бојазливо и оддалеку, дека од нејзиното доаѓање тој страхува за мене, т.е. дека поради мене ќе има големи маки. Сепак, јас морам да додадам дека во семејните работи тој ја сочува својата независност и својата волја, особено во располагањето со парите. Отпрвин сметав дека стариот кнез е вистинска жена, но подоцна морав сам да го исправам моето мислење во таа смисла што иако е жена во него понекогаш имаше некаква тврдоглавост, ако не баш вистинска машкост. Имаше моменти кога со неговиот карактер, очигледно бојазлив и попустлив, речиси ништо не можеше да се стори. Тоа Версилов подоцна ми го објасни поподробно. Овде ќе спомнам една интересност, а таа е дека ние двајцата речиси никогаш не разговаравме за генералицата, т.е. ние како да избегнувавме да зборуваме за неа. Особено избегнував јас, а тој од својата страна избегнуваше да зборува за Версилов, така што увидов дека тој нема да сака да ми даде некаков одговор ако го запрашам нешто за овие скокотливи работи кои толку многу ме интересираа.

Ако пак некој сака да чуе за што разговаравме ние двајцата цел месец, јас му одговарам дека разговаравме, всушност, за сè што е можно на светот, но само за некои чудни прашања. Мене мошне многу ми се допаѓаше неговата вонредна простодушност со која се однесуваше спрема мене. Често го набљудував овој човек во голема недоумица и си поставував прашање себеси: „Каков советник бил тој? Да го доведам во нашата гимназија, и тоа најмногу во први клас, тој би бил прекрасен школски другар.“ Често ме изненаду-

ваше и неговото лице. Тоа имаше сосем сериозен изглед (и дури убаво), беше суво; неговата коса беше густа, бела и кадрава, очите отворени; и тој целиот беше сув, имаше убав раст, а неговото лице имаше некоја непријатна, речиси неприлегана особина: ненадејно да се промени од необично сериозно во сосем весело, така што оној што ќе го види првпат, останува зачуден. За тоа му зборував на Версилов, а тој ме слушаше љубопитно. Изгледаше како да не очекувал оти ќе бидам во состојба да правам такви забелешки и само површно ми дофрли дека тоа кај кнезот се појавило дури по неговата болест, и тоа дури во последно време.

Најмногу разговаравме за две апстрактни работи – за господа, за неговото суштество, т.е. дали има или нема господ, и за жените. Кнезот беше многу религиозен и чувствителен. Во неговиот кабинет висеше еден огромен кивор со икони и со кандило. Но одеднаш ќе го зафатеше некакво сомневање за суштеството на господ, па ќе говореше чудни работи, повикувајќи ме јавно да му одговорам. Кон таа идеја, да кажам, јас бев многу рамнодушен, но сепак објацата паѓавме во оган, и тоа секогаш искрено. За сите тие разговори воопшто и сега се сеќавам со чувство на пријатност. Но од сето тоа најмило му беше да говори за жените и бидејќи јас мразев такви разговори и не можев да бидам добар собеседник, нему често му беше криво.

Тој го започна разговорот токму во таа смисла, штом дојдов тоа утро. Го затеков во весело расположение, додека синоќа го оставив многу тажен. Меѓутоа, ми беше потребно бездруго да свршам уште денеска со прашањето за платата – пред доаѓањето на некои лица. Јас насетував дека ние денеска сигурно ќе п р е к и н е м е (напразно не ми чукаше срцето) – и тогаш можеби нема ни да се решам да зборувам за парите. И бидејќи не разговаравме за парите, јас, се разбира, се налутив поради мојата глупост и колку што се сеќавам сега, лут од некое негово многу весело прашање, јас му ги изложив моите погледи за жените пламтејќи од бес. Работата се сврши со тоа што тој уште повеќе ми се качи на вратот.

III

– . . . Не ги сакам жените затоа што се груби, што се несмасни, затоа што се несамостојни и затоа што носат непристојни фустани! – ја завршив без врска мојата долга тирада.

– Имај милост, гулапче! – викна тој многу весело, што мене уште повеќе ме налути.

Јас сум попустлив само во ситни работи, но во важните не попуштам никогаш. Кога се во прашање ситни работи, кога се наоѓам во отмено друштво, со мене може да се стори сѐ што се сака и секогаш ќе ја проколнувам таа своја особина. Од некоја одвратна добродушност често сум бил готов да се согласувам со кој и да е салонски простак само затоа што ме обврзува неговата учтивост, или да се впуштам во расправија со некаков глупак, што може уште помалку да ми се прости. Сѐ заради тоа што не можев да се воздржам и бидејќи пораснав надвор од светот. Ќе се налутиш и ќе се заколниш дека утре тоа нема да се повтори, а утредента се случуваше истата работа. Ете зошто често сметаа дека имам одвај шеснаесет години. Но наместо да се здобијам со стрпливост и воздржливост, јас и сега сакам уште повеќе да се повлечам од светот, како најлош човекомразец: „јас сум незгоден човек, па, ете, тоа ви е – и затоа збогум!“ ова го говорам сериозно и засекогаш. Впрочем, не го пишувам ова само по повод на кнезот и дури не по повод на тогашниот разговор.

– Јас не зборувам за да ве развеселувам, – речиси викнав на него – јас просто си го кажувам своето уверување.

– Но како може жените да се груби и да се облечени непристојно? Тоа е за мене ново.

– Груби се. Појдете во театар, појдете на шеталиштe. Секое машко ја држи десната страна, ќе се сретнат и ќе се разминат, тој десно и јас десно. Жената, т.е. дамата – јас говорам за дамите – оди право на вас, не забележувајќи ве, токму како да сте бездруго должен да се поттргнете и да ѝ направите пат. Готов сум да ѝ попуштам, како на послабо суштество, ама

зошто е тука нејзиното право, зошто таа да биде уверена дека јас морам да попуштам – ете, тоа е она што ме лути. Секогаш ќе плукнам кога ќе се сретнам со таква жена. И потоа велат дека се понижени и бараат рамноправност. Каква е тука рамноправноста кога таа ме гази со нозе или кога со песок ми ја полни устата?

– Со песок!

– Да, со песок; затоа што не се пристојно облечени; тоа не го забележуваат само развратниците. Во судот се затвораат вратите кога се расправа за непристојни работи. А зошто се дозволуваат непристојности на улица каде што има уште повеќе луѓе. Зар не ставаат зад себе јавно фру-фру[1]) за да покажуваат дека се белфам; јавно! Јас не можам да не го забележам тоа и секое момче тоа ќе го забележи, и секое дете, и секое момче, исто така, ќе забележи, дека е тоа подло. Во тоа нека уживаат старите развратници и по нив нека трчаат со изваден јазик, но невината младеж треба да се штеди. Ни останува, значи, само да плукнеме. Оди по булевар, а назад пуштила дувак од аршин и пол, и крева прав.

Како е можно човек да оди зад неа: или мораш да трчаш пред неа или да се тргнеш настрана, инаку не само носот, туку и целата уста ќе ти ја наполни со песок. Па потоа таа свила: ја влече по тротоарот цели три врсти[2]) само затоа што е таква модата, а нејзиниот маж е чиновник, прима само петстотини рубли годишна плата. Затоа се зема и мито! Секогаш ќе плукнам и тоа гласно, и ќе опцујам.

Овој разговор го испишувам со малку хумор и со моето тогашно расположение, но јас и сега така мислам.

– И секогаш ли добро поминуваше? – љубопитно се распрашуваше кнезот.

– Ќе плукнам и одам. Се разбира, таа ќе слушне, но не го покажува тоа, туку заминува понатаму, вели-

[1]) Ономатопејски збор од француско потекло, означува шушкање. Некогаш дамите ставале зад себе посебна материја за да шушка фустанот.

[2]) Мерка за должина, околу 1 070 метри.

чествено, не осврнувајќи се назад. Само еднаш сум се скарал сериозно со две такви, и двете со дуваци, се разбира, на еден булевар, не со лоши зборови, туку само гласно реков дека дувакот е соблазнителна работа.

– Токму така ли рече?

– Токму така. Прво, тие ги газат општествените правила, а второ тие дигаат прав, а булеварот е за сите луѓе. По него одам и јас, одат и други, и трети, оди Федор, Иван, кој и да е. Тоа им го реков. И воопшто не го сакам начинот на кој се движат жените, особено кога се гледаат одзади. И тоа им го реков, ама завиено.

– Пријателе, ти ќе си навлечеш уште посериозна мака на главата. Тие жени можеле да те тужат на суд!

– Не можеле. Немале зошто: јас си одев така покрај нив и си зборував самиот со себеси. Секој има право своето мислење да си го изговара во воздух. Јас говорев апстрактно, не обрнувајќи им се ним. Тие самите започнаа да ме напаѓаат, ме караа многу полошо одошто јас; ми рекоа дека сум уште голуждравец и дека би требало да ме остават без ручек, потоа дека сум бил нихилист и дека ќе ме предадат на некој жандарм; дека сум се нафрлил на нив затоа што се сами, слаби жени, а ако со нив имало некое машко, веќе би ја свиткал опашката. Јас ладнокрвно им одговорив да ме остават на мир, а јас ќе минам на другата страна. „А за да им докажам дека не се плашам од нивните машки и дека сум готов да примам нивна покана за двобој, ќе одам по нив на растојание од дваесет чекори, сè до нивната куќа, ќе застанам до куќата и ќе ги чекам нивните машки.“ Така и постапив.

– Навистина ли?

– Се разбира, тоа беше глупост, но јас бев лут. Тие ме одвлекоа цели три врсти по најголемата жега дури до институтот, влегоа во една дрвена куќа на кат, признавам прилично убава – а низ прозорецот можеше да се види дека во куќата имаше многу цвеќе, потоа две канарки, три мали кучиња и врамени бакрорези. Постојав среде улица, пред куќата, поло-

вина час. Тие на два-трипати кришум погледнаа низ прозорец, а потоа ги спуштија сите завеси. Најпосле од една мала вратичка излезе еден постар чиновник. Судејќи според неговиот изглед, тој спиел, па нарочно го разбудиле; не само што беше во собна облека, туку во некоја сосем домашна облека. Застана на вратата, ги стави рацете на грбот и започна да ме гледа, а и јас него. Потоа фрли еден поглед настрана, па пак погледна и наеднаш започна да ми се потсмева. Јас се свртив и си отидов.

– Драги мој, во тоа има нешто шилеровско! Постојано се чудев: ти толку румено момче, твоето лице пука од здравје, – ти да чувствуваш таква, како да кажам, одвратност спрема жените! Како е можно женско да не ти прави во твоите години никаков впечаток? Мене, mon cher[1]), уште во мојата единаесетта година ми забележа воспитувачот дека премногу се загледувам во статуите во Летниот парк.

– Вие многу би сакале јас да одам кај некоја овдешна Јозефина и потоа вам да ви раскажам за тоа. Напразно. И јас во мојата тринаесетта година ја видов женската голотија, цела. Оттогаш и чувствувам одвратност.

– Сериозно ли? Но, cher enfant[2]), убавата свежа жена мириса на јаболко, што има тука одвратно!

Пред да заодам в гимназија, додека бев уште во оној беден пансион кај Тушар, имав еден другар што се викаше Ламберт. Тој постојано ме тепаше, поради тоа што беше поголем од мене повеќе од три години и јас морав да му служам и да му ги собувам чизмите. Кога стигна за конфирмација[3]) дојде кај него опатот Риго со првата причесна и тие двајцата си се фрлија еден на друг во прегратка со солзи на очите, а опатот Риго почна силно да го притиска на градите со разни гестови. И јас се расплакав и многу му завидував. Кога му умре татко му, цели две години не го видов,

---

[1]) Мил мој.

[2]) Мило дете.

[3]) Свечен чин кај протестантите и католиците за потврдување на полнолетството.

дури по две години го сретнав на улица. Тој тогаш ми рече дека ќе дојде кај мене. Јас веќе одев во гимназија и живеев кај Николај Семјонович. Тој дојде идното утро, ми покажа петстотини рубли и ме покани да појдам со него. Иако пред две години ме тепаше, јас сепак му бев корисен, не само поради чизмите; тој за сè ми се доверуваше. Така и сега за парите ми рече дека тој ден ги зел од касата на својата мајка што ја отворил со калауз, зашто сметал дека сите пари што останале од татко му според законот му припаѓаат нему, а таа не смеела да не му ги даде и дека спроти тој ден дошол опатот Риго за да го кара: влезе, рече тој, застана над него и почна да офка, да изигрува страшило и да ги дига рацете кон небото, „а јас го извадив ножот и му реков дека ќе го делнам" (го изговараше: дхелнам). Потоа отидовме на Кузнецкиот мост. Патем ми рече дека неговата мајка има односи со опатот Риго и дека тој тоа го забележал, но на сето тоа тој плука и дека сето тоа што го зборуваат за причесната е – бесмислица. Тој уште многу работи ми кажа, а мене ми беше страв. На Кузнецкиот мост тој купи една двоцевна пушка, ловџиска торба, полни патрони, камшик за јавање и притоа уште за една фунта бонбони. Отидовме надвор од градот за да пукаме со пушката и патем сретнавме еден продавач на птици со кафези. Ламберт купи од него една канарка. Кога дојдовме во шумичката, тој ја пушти канарката, а бидејќи таа не можеше далеку да летне, бидејќи долго време беше во кафез, тој започна да ја гаѓа, но не ја погоди. Тој за првпат пукал со пушка во својот живот, а пушка сакаше да купи одамна, уште кога беше кај Тушар и ние одамна веќе фантазиравме за пушка. Тој беше сиот надвор од себеси. Косата му беше страшно црна, лицето бело и румено како некоја маска, носот долг, крив, каков што имаат Французите, забите бели, очите црни. Потоа ја заврза канарката со еден конец за една гранка и на растојание од три прсти испука по еден фишек од обете цевки во исто време, така што птицата се распарчи на сто парчиња. Потоа се вративме, појдовме во хотелот, зедовме една соба, патем јадовме и пиевме шампањско. Потоа дојде

една дама ... Се сеќавам дека многу ме зачуди тоа колку скапо беше облечена таа. Имаше фустан од зелена свила. Тука го видов и сето тоа ... за кое ви зборував ... Потоа, кога пак почнавме да пиеме, тој започна да ја дразни и да се подбива со неа. Таа седеше без фустан; ѝ го зеде фустанот и, кога започна да пцуе и да си го бара фустанот за да се облече, тој фати да ја тепа со сета сила со корбачот по нејзиниот гол грб. Јас станав, го фатив за коса и тоа толку вешто што за еден миг го треснав наземи. Тој грабна една виљушка и ме боцна во бутот. Кога вреснав, дотрчаа луѓе, а јас успеав да побегнам. Оттогаш ми е одвратно да се сеќавам за голотијата. А верувајте таа беше убава жена.

Во текот на моето раскажување лицето на кнезот се измени и од весело стана многу тажно.

– Mon pauvre enfant[1]) Секогаш бев уверен дека во твоето детство си имал многу несреќни дни.

– Ве молам, не вознемирувајте се за тоа.

– Меѓутоа, ти си бил сам, тоа самиот ми го рече, иако бил и тој Ламберт; така убаво ти го опиша: онаа канарката, потоа конфирмацијата со солзи на градите, а потоа, по една година, тој веќе зборува за својата мајка и за опатот ... О, mon cher, тоа детско прашање во наше време станува страшно: додека тие златни главчиња со кадрава коса и невини во првото детство минуваат покрај нас и нè гледаат со своите светли насмевки и со своите светли очи – тоа се вистински ангели или занесни птички; а потоа .. а потоа често ќе речеш дека е подобро воопшто да не пораснеа.

– Колку слаби нерви имате вие, кнезу! Токму како и самите да имате деца. Меѓутоа, вие немате деца, ниту ќе ги имате кога и да е.

– Tiens![2]) – и брзо се измени неговото лице. Баш Александра Петровна – пред три дена, хе-хе! – Александра Петровна Синицка – мислам дека си морал да ја видиш овде пред три недели, претстави си пред три дена, одеднаш, кога во шега ѝ реков дека ако сега би

[1]) Кутро мое дете.

[2]) – Види! Бре!

се оженил, сепак на крајот на краиштата нема опасност да имам деца, наеднаш, со некаква пакост таа ми рече: „Напротив, вие баш ќе имате деца. Таквите како вас добиваат деца секако уште во првата година, ќе видите!“ Хе-хе! И сите однекаде вообразиле дека јас ненадејно ќе се оженам. Иако тоа пакосно го рече, мора да се признае, беше духовито.

– Духовито, ама навредливо.

– Е, cher enfant, не може секој нас да нè навреди. Јас кај луѓето над се ја ценам духовитоста, која секој ден сè помалку ја има, а она што го зборува Александра Петровна – зар вреди тоа да се зема во обѕир!

– Како, како го рековте она? – започнав јас. – Не може секој да нè навреди . . . баш така! Секој не е достоен на него да обрнуваме внимание – одлично правило! Токму мене тоа ми треба. Да го запишам. Вие кнезу често зборувате прекрасни работи.

Тој сиот сјаеше од задоволство.

– N'est pas? Cher enfant[1]), вистинската духовитост исчезнува, колку што е подалеку толку помалку ја има. Eh, mais . . . C'est moi qui connait les femmes.[2]) Верувај животот на секоја жена, без обѕир што зборува, се состои во вечното барање на некого да му се потчини . . . така да се каже тоа е жед за потчинување. И запомни го тоа – без исклучок.

– Сосем точно, прекрасно! – викнав јас восхитено. Во секоја друга прилика ние веднаш ќе се пуштевме во филозофски размислувања за оваа тема на цели часови, но наеднаш нешто како да ме боцна и сиот поцрвенив. Ми се стори дека, фалејќи ги неговите духовитости, јас му се умилкувам поради парите и дека тој тоа сигурно ќе го помисли штом ќе го замолам за пари. Овде тоа сега специјално го спомнувам.

– Кнезу, најпокорно ве молам веднаш да ми исплатите педесет рубли што ми ги должите за овој месец! – испукав јас како со плотун и до крајност раздразнет.

---

[1]) Нели? Мило дете.

[2]) Е, ама . . . Јас ги познавам жените!

Јас се сеќавам (зошто се сеќавам на целото тоа утро до најмала ситница) дека тогаш меѓу нас се одигра една сцена, многу лоша по својата реална вистинитост. Тој отпрвин не ме сфати, долго ме гледаше и не ме ни разбра за какви пари зборував. Се разбира, тој и не замислуваше јас да добијам некаква плата – а и зошто? Навистина, потоа почна да ме уверува дека заборавил и кога се сети веднаш започна да вади педесет рубли, ама се сплетка и дури порумени. Откако виде во што е работата, јас станав и остро изјавив дека сега не сакам да примам пари, дека за платата очигледно згрешија кога ми рекоа, можеби за да ме измамат да не ја одбијам службата и дека јас премногу согледувам оти немам за што да примам плата, бидејќи не вршам никаква работа. Кнезот се исплаши и почна да ме уверува дека сум му направил многу големи услуги, дека во иднина уште повеќе ќе му правам и дека педесет рубли е многу мала сума па, напротив, треба уште и да ми додаде, затоа што ми е благодарен; тој самиот тоа го договорил со Татјана Павловна, меѓутоа, „за жал се заборавил". Јас пламнав и на крајот изјавив дека за мене е понижувачко да примам плата за скандалозни раскази за тоа како следев два женски дувака до институтот, дека јас не сум ангажиран него да го забавувам туку да работам, а кога нема работа тогаш треба да си одам итн. итн. Не можев ни да си го претставам тоа дека човек може да се исплаши толку колку што се исплаши тој по овие мои зборови. Се разбира, завршивме со тоа што престанав да ги одбивам парите, а тој ми тутна педесет рубли. И сега со срам на лицето се сеќавам дека ги примив! На светот работите секогаш се завршуваат со подлост и, што е најлошо од сè, тогаш тој речиси успеа да ми каже дека платата бездруго сум ја заслужил, јас бев доволно глуп да му поверувам и затоа ми беше сосема невозможно парите да не ги примам.

– Cher, cher, enfant! – викаше тој бакнувајќи ме и гушејќи (признавам дека, ѓавол би знаел зошто, ми потекоа солзи, но веднаш ги задржав и дури и сега, кога го пишувам ова, лицето ми поцрвенува) – драги пријателе, ти си ми сега како мој човек, овој месец ти

си ми станал дел од моето срце! Во „високото општество" има само „високо општество" и ништо повеќе. Катерина Николаевна (неговата ќерка) е прекрасна жена и јас се гордеам со неа, но таа често, многу често ме навредува, драги мој ... А овие девојчиња (elles sont charmantes[1]) и нивните мајки, што ми доаѓаат на именден, само ми носат нивни везови, а самите не знаат ништо да кажат. Имам насобрани нивни везови за околу шеесет перничиња, сè сами кучиња и елени. Јас нив многу ги сакам, но тебе те чувствувам како мој човек, не како син, туку како брат и особено ми е пријатно кога ти ми се спротивставуваш, ти си литературен, си читал, умееш да се восхитуваш ...

– Јас не сум читал ништо и сосема сум нелитературен. Сум го читал она што ми дошло до рака, а последниве две години воопшто ништо не сум прочитал, ниту повеќе ќе читам.

– А зошто нема да читаш?

– Имам други намери.

– Cher ... Ќе биде штета ако на крајот од животот си речеш како јас: je sais tout, mais je ne sais rien de bon[2]). Просто не знам зошто сум живеел на овој свет! Но ... ти толку ме обврза ... и дури сакав ...

Тука одеднаш престана, премале и се замисли. По секое возбудување (а возбудувањата кај него можеа да дојдат секој момент, било за што) обично некое време како да го губеше здравиот разум и престануваше да владее со себеси; но наскоро се поправаше, така што сето тоа минуваше без штета. Така седевме една минута. Неговата долна усна, мошне меслеста, сосема му се отпушти ... Од сè најмногу ме зачуди тоа што ненадејно ја спомна својата ќерка и тоа така отворено. Јас тоа, се разбира, му го припишав на неговото растројство.

– Cher enfant, ти секако не се лутиш што ти зборувам, нели? – проговори тој одеднаш.

---

[1]) Тие се прекрасни.

[2]) Знам сè, ама не знам ништо добро.

– Ни малку не се лутам. Признавам дека тоа отпрвин малку ме навредуваше, па и јас сакав вам да ви зборувам на т и, но увидов дека е тоа глупо, зашто вие мене не ми зборувате на т и за да ме понижите.

Тој повеќе не слушаше и беше заборавил што ме запраша.

– А што ти прави т а т к о т и? – и одеднаш ме погледна замислено.

Јас затреперив со целото тело. Најнапред, тој Версилова го нарече мој татко – што тој никогаш не би си го дозволил, и второ тој започна да зборува за Версилов што никогаш дотогаш не беше случај.

– Седи без пари и се здодева! – одговорив кратко, но сиот горев од љубопитност.

– Да, што се однесува до парите, денеска во окружниот суд се решава нивното дело и јас го чекам кнезот Серјожа. Тукуштo не дошол. Тој вети дека ќе дојде право од судот вам. Се решава целата нивна судбина. Во прашање се околу шеесет или седумдесет илјади рубли. Се разбира, секогаш му го пожелував доброто на Андреј Петрович (т.е. на Версилов) и изгледа дека тој ќе победи, а кнезот ништо нема да добие! Таков е законот!

– Денеска, во судот ли? – викнав многу изненаден.

Мислата дека Версилов дури и тоа не ми го соопшти вонредно ме вчудовиди. „Тогаш не ѝ кажал ни на мајка ми, можеби никому – ми дојде веднаш на ум – тоа ти е карактер!“

– А зар кнезот Сокољски е во Петроград? – прашав одеднаш опфатен со други мисли.

– Од вчера. Дојде право од Берлин, специјално за овој ден!

Ова за мене беше исто така многу важна вест. „И тој човек што н е м у му удри шлаканица, и тој денеска доаѓа вам!“

– А што работи, – наеднаш се измени целото лице на кнезот – дали уште проповеда дека има господ, како порано и, и . . . извини, дали уште трча по девојчиња, по голички девојчиња? Хе-хе! Тука баш ми доаѓа напамет една интересна анегдота! Хе-хе!

– Кој проповеда? Кој трча по девојчиња?

– Андреја Петрович! Што мислиш уште тогаш на сите ни се качи на глава: та што јадеме, за што мислиме? Токму речиси дотаму дојде. Нѐ плашеше и исчистуваше. „Ако си религиозен, зошто не се покалуѓеруваш?" За малку и тоа ќе го бараше од нас. Mais quelle idëe![1]). Кога тоа би било точно, зар не е премногу строго? Тој особено мене сакаше да ме заплашува со страшниот суд, мене повеќе отколку сите други.

– Од сето тоа ништо не видов, а еве со него сум веќе еден месец! – одговорив јас слушајќи го нестрпливо. Ми беше многу криво што уште не се поправи, па така без врска говореше испрекинато.

– Тој сега за тоа не сака да раскажува, но верувај дека така беше. Тој е секако духовит човек и многу учен, но дали тој правилно мисли? Сето тоа се случи со него по тригодишното негово престојување во странство и признавам дека многу ме уплаши . . . и сите ги уплаши . . . Cher enfant j'aime le bon Dieu[2]). Јас верувам, верувам колку што можам, но тогаш бев сиот надвор од себеси. Да претположиме дека го дочекав со лекомислени причини, но тоа го направив нарочно, во лутина – и притоа суштината на моето образложение беше исто толку сериозна колку што беше и од почетокот на светот: – „Ако постои повисоко суштество – му реков јас – и тоа ако постои во вид на л и ц е, а не во вид на некој разлеан дух, течност или нешто слично (затоа што тоа уште потешко би можело да се сфати), тогаш каде живее?" Драги пријателе, c'était bête[3]) без сомневање, но сепак сите расправии се сведуваа на тоа. Un domicile[4]) – тоа е важно. Тој страшно се налути. Тој таму мина во католичка вера.

– За тоа и јас сум чул. Се разбира, тоа е бесмислица.

– Те уверувам со сѐ што е најсвето. Посматрај го само подобро . . . Најпосле ти велиш дека се изменил.

---

[1]) А каква идеја
[2]) Драго дете, јас го сакам добриот господ.
[3]) Тоа беше глупо.
[4]) Место на живеењето.

Но во тоа време, колку нѐ измачи, сите! Верувај ми, во тоа време тој мислеше дека е светител и дека моштите ќе му се посветат. Од нас бараше да му полагаме сметка за нашиот морал, ти се колнам! Мошти! En voilà une autre[1]) Да е некаков монах, ајде де, – туку доаѓа овде човек во фрак и сѐ друго . . . и одеднаш: неговите мошти! Чудна желба од еден човек од отмениот свет и признавам необичен вкус. Јас за тоа ништо не велам: тоа е светост, тука е сѐ можно . . . Притоа сето тоа е l'inconu[2]), но на човек од подобриот свет тоа не му прилега. Кога тоа би се случило со мене или кога тоа би ми го понудиле, ти се колнам дека би го одбил. Токму денеска да ручам во клубот, а веднаш потоа да се посветам! Тоа би било смешно! Сето тоа тогаш му го образложив . . . Тој носеше и вериги.

– Јас поцрвенив од лутина.

– Лично ли ги видовте тие вериги?

– Со своите очи не ги видов, но . . .

– Тогаш ви изјавувам дека е сето тоа проста лага, сплетка на одвратни интриги и клевети од неговите непријатели, всушност, на еден единствен и најглавен и најбесчовечен непријател, затоа што тој има само еден непријател – тоа е – вашата ќерка!

Сега дојде редот да поцрвени кнезот.

– Mon cher, – те молам и барам отсега никогаш пред мене да не го спомнуваш заедно со оваа срамна историја името на мојата ќерка.

Јас станав. Тој беше надвор од себеси и брадата му трепереше.

– Cette histoire infâme[3]) . . . Никогаш во неа не верував и никогаш не сакав да верувам, но . . . ми зборуваат: верувај верувај, а јас . . .

Тогаш наеднаш влезе еден лакеј и најави една посета. Јас пак седнав на столот.

---

[1]) Еве уште една.

[2]) Од областа на непознатото.

[3]) Таа срамна историја.

IV

Влегоа две дами, обете девојки, едната – паштерка од еден братучед на покојната жена на кнезот, или нешто слично, негова воспитаничка на која тој веќе ѝ дал мираз и која (велам за иднината) и самата имаше пари. Втората беше Ана Андреевна Версилова, ќерка на Версилов, повозрасна од мене за три години, која живееше со својот брат кај Фанариотови, а која дотогаш само еднаш сум ја видел во животот, и тоа патем на улица, иако со нејзиниот брат, исто така, патем, имав една средба во Москва (многу е можно подоцна да ја објаснам таа средба, ако биде умесно, зашто, всушност, не е важна). Оваа Ана Андреевна од своето детство беше специјална љубимка на кнезот (познанството на Версилов со кнезот започна многу одамна). Јас бев толку возбуден од она што се случи пред малку што не можев ни да станам кога влегоа тие двете, иако кнезот им излезе во пресрет; а освен тоа, помислив дека е веќе срамота да станувам, па останав да седам. Што е главно сиот бев збркан поради тоа што пред три минути кнезот ми се развика, па не ми беше јасно дали треба да излезам или не. Старецот, меѓутоа, веќе беше заборавил сè според својот обичај и сиот весело живна кога ги виде девојките. Дури, променувајќи ја брзо физиономијата и некако таинствено намигнувајќи, тој успеа со шепотење да ми дофрли речиси пред самото нивно влегување:

– Гледај ја Олимпијада, ама внимателно, внимателно, после ќе ти раскажам . . .

Ја гледав неа многу внимателно и не забележав ништо особено. Таа беше девојка, не многу висока, полничка и со многу румени образи. Лицето навистина ѝ беше многу пријатно, онакво какво што им се допаѓа на материјалистите. Можеби на него имаше и израз на добрина, ама умерена. Не можеше да блеска со особена интелигенција, ама само во повисока смисла, зашто бистрината ѝ се гледаше во очите. Немаше повеќе од деветнаесет години. Со еден збор, не беше ништо особено. Кај нас во гимназијата би рекле за

неа: перница. (Ова го опишувам толку подробно само поради тоа што понатаму ќе ни треба).

Впрочем и сè друго што досега опишував на изглед со непотребна подробност – сето тоа ќе биде потребно подоцна. Сè ќе се види на своето место. Не умеам да ги избегнам подробностите, а ако некому му е здодевно молам нека не го чита.

Сосем поинаква беше ќерка му на Версилов. Таа беше висока, малку дури и слабичка, со долгманесто и забележливо бледо лице, но црна коса, бујна; очите ѝ беа темни, големи со длабок поглед; устата ѝ беше светло-црвена, свежа. Првата жена, што предизвикуваше кај мене одвратност со своето држење, беше таа. Всушност, таа беше танка и мршава. Лицето не ѝ изразуваше некоја добрина, но беше сериозно; имаше дваесет и две години. Немаше речиси ни една надворешна црта слична со Версилов, а, меѓутоа, чудна работа, имаше необична сличност со него во изразот на физиономијата. Не би можел да речам дека е убава; тоа е според вкусот. Обете беа облечени многу скромно, така што не е важно тоа да го опишувам. Очекував Версилова да ме навреди со некаков поглед или гест и бев готов да го примам тоа. Нејзиниот брат веќе ме навреди во Москва при првата наша средба во животот. Таа не можеше да ме познава од гледање, но сигурно можеше да чуе дека доаѓам кај кнезот. Зашто сè што преземаше или правеше кнезот во целата таа куќа кај неговите роднини и „чекачи" веднаш предизвикуваше интересирање и стануваше настан – дотолку повеќе неговата ненадејна наклонетост спрема мене. Сигурно знаев дека кнезот многу се интересирал за судбината на Ана Андреевна и дека барал за неа момче. Но за Версилова беше потешко да се најде момче отколку за оние што правеа везови.

И еве, спротивно на секое очекување, Версилова, откако му ја подаде раката на кнезот и размени со него неколку весели светски фрази, ме погледна мене необично љубопитно и, кога виде дека и јас неа ја гледам, одеднаш со насмевка ми се поклони. Навистина таа се поклони затоа што влезе, но насмевката

ѝ беше толку добра што очевидно беше однапред приготвена. И, се сеќавам, имав многу пријатно чувство.

– А ова, а ова – тоа е, мојот драг и млад пријател Аркадиј Андреевич Дол . . . – промрмори кнезот, забележувајќи дека таа ми се поклони, а јас постојано седев – и одеднаш го прекина: можеби го збуни тоа што мене ме претставуваше нејзе (т.е. всушност брат на својата сестра). И ,,перницата" ми се поклони. Но ненадејно пламнав и скокнав од местото: поради приливот на лажна, сосем бесмислена гордост, сè поради самољубието.

– Извинете, кнезу, јас не сум Аркадиј Андреевич, туку Аркадиј Макарович! – остро пресеков јас, заборавајќи сосем дека беше потребно и јас да им се поклонам на дамите. Ѓаволот да го земе тој непристоен час.

– Mais . . . tiens![1]) . . . – викна кнезот удирајќи се со прстот по челото.

– Каде сте учеле вие? – екна над мене едно приглупо и развлечено прашање од ,,перницата" која ми се доближуваше.

– Во Москва, в гимназија.

– Аха! Сум чула. Дали се таму добри училиштата?

– Многу дорби.

Јас постојано стоев и зборував како што зборува војник на рапорт.

Прашањата на овие девојки, секако, не беа многу духовити но сепак таа умееше со нешто да го замазни мојот глуп испад и да го извлече од неприлика кнезот кој тогаш веќе слушаше со весела насмевка некакво весело соопштение кое на увото му го шепнуваше Версилова, соопштение кое очигледно не се однесуваше на мене. Се прашувам: зошто оваа девојка, за мене сосем непозната, си постави задача да го замачка мојот глуп испад и сето друго? Заедно со тоа беше невозможно и да се замисли дека таа мене ми се обрнува само онака: тука имаше некаква намера. Таа ме гледаше сосема љубопитно, како да сакаше и јас

---

[1]) Ама . . . види!

неа да ја забележам повеќе. Сето тоа подоцна го доведов во врска и не се излагав.

– Како, уште денеска ли? – викна наеднаш кнезот скокнувајќи од столот.

– Зар вие не сте знаеле? – се чудеше Версилова. Olympe! Кнезот не знаеше дека доаѓа Катерина Николаевна. Ние кај неа и дојдовме, мислевме дека стасала со утринскиот воз и дека е одамна дома. Пред малку ја сретнавме пред куќата. Доаѓаше право од станица и ни рече да влеземе кај вас и дека и таа веднаш ќе дојде . . . Аха, еве ја и неа!

Се отвори една врата отстрана и – с е п о ј а в и т а а ж е н а!

Јас веќе знаев како изгледа таа според еден прекрасен нејзин портрет што висеше во кабинетот на кнезот. Тој портрет јас го проучував целиот овој месец. Додека беше во кабинетот, јас бев најмногу три минути присутен и ниеден момент не го симнував погледот од нејзиното лице. Но, да не го знаев нејзиниот портрет и по изминувањето на тие три минути некој да ме прашаше: „Како изгледа таа‘? – ништо не би знаел да му одговорам, толку беше во мене побркано сè.

Од тие три минути се сеќавам само за една навистина многу убава жена која кнезот ја бакна и ја благослови со раката и која, штом влезе, веднаш започна да ме гледа сосем отворено. Јасно слушнав кога кнезот, очигледно покажувајќи на мене, промрмори со некаква мала насмевка нешто за својот нов секретар и го изговори моето презиме. Таа нишна со главата, ме погледна со омраза и се насмеа толку предизвикувачки што веднаш тргнав и се доближив до кнезот и, страшно треперејќи, промрморив не довршувајќи ни еден збор, сосем низ заби:

– Отсега јас . . . имам своја работа. . . Си одам.

Се свртив и си отидов. Никој не ми рече ни еден збор, дури ни кнезот. Сите само ме гледаа. Подоцна кнезот ми раскажуваше дека толку сум пребледел што тој „просто се уплашил“.

Но тоа беше излишно.

ТРЕТА ГЛАВА

I

Навистина немаше потреба да се плашам: пред повисока идеја се губеа сите ситници и едно силно чувство ми даваше задоволување за сѐ. Излегов од дворецот на кнезот вистински воодушевен. Тргнав по улица, за малку не запеав. Утрото беше како специјално, прекрасно утро, сонце, шетачи, врева, движење на луѓе, радост, народ. – А зар оваа жена навистина не ме навреди? Од кого би поднесол таков поглед и таква предизвикувачка насмевка, без да протестирам веднаш сеедно макар и на најглуп начин? Не заборавете: таа со тоа и дојде – што поскоро да ме навреди, иако никогаш не ме ни видела. Во нејзините очи јас бев „тајниот пратеник на Версилов", а таа беше уверена, и тогаш и многу потоа, дека Версилов ја држи во своите раце целата нејзина судбина и дека има средства веднаш да ја упропасти ако сака, со помошта на еден документ. Таа барем тоа го надѕираше. Ова беше двобој на живот и смрт. Но ете – не бев навреден! Навредата постоеше, но јас не ја чувствував! Не само тоа! Бев дури и весел. Јас дојдов да ја мразам, а сега почувствував дека започнав да ја сакам. „Не знам дали пајакот може да ја мрази мувата што ја демне да ја улови! Слатката мувичка! Ми се чини дека жртвата се сака: барем можно е да се сака. Еве јас го сакам мојот непријател. Мене, на пример, многу ми е мило што е таа толку прекрасна. Многу ми се допаѓа, госпоѓо, што сте толку горда и достоинствена. Кога би сте биле поскромна не би

имал толкаво задоволство. Вие плукнавте на мене, а јас ликувам. И навистина да ми плукневте во лице со вистинска плуканица ни тогаш не би се налутил, зашто вие сте м о ј а жртва, а не н е г о в а. Колку ме восхитува оваа мисла! Тајната свест за силата несразмерно многу е попријатна од јавната власт. Да имам стотини милиони ми се чини би наоѓал посебно задоволство во тоа да одам во најветви алишта за да ме сметаат за најголем сиромав кој само што не пита милост, ќе ме оттурнуваат и презираат; а јас би бил задоволен поради тоа што знам дека сум богат."

Етè како би ги изразил тогашните мои мисли и мојата радост и многу работи од она што го чувствував. Додавам дека само овде, во ова што го напишав, сè изгледа многу поповршно. А всушност, бев многу подлабок и посрамежлив. Можеби и сега во себе сум посрамежлив отколку во зборовите и моите постапки. Дај боже да е така!

Можеби правам лоша работа што седнав да пишувам. Во душата останува бескрајно повеќе отколку она што ќе се искаже со зборови. Ваквата мисла, и кога е глупа, дури е кај вас внатре – секогаш е подлабока, а изречена, станува посмешна и полуда. Версилов ми рече дека само кај расипаните луѓе се случува сосем спротивното од тоа. Тие постојано лажат, па им е лесно. А јас се трудам да ја напишам вистината – а тоа е многу тешко!

II

На тој деветнаесетти септември направив уште еден „чекор".

Првпат по моето доаѓање почувствував во џебот пари, зашто моите за две години заштедени шеесет рубли ѝ ги дадов на мајка ми, како што веќе спомнав погоре. Но веќе од пред неколку дни бев решил оној ден кога ќе ја примам платата да направам „проба" за која одамна фантазирав. Уште спроти тој ден исеков од весниците една адреса од „Судскиот извршител на Петроградскиот суд" за тоа дека на „девет-

наесетти септември, во дванаесет часот претпладне, во Казанскиот квартал, во тој и тој реон, итн. итн., во куќата број тој и тој, ќе се продава подвижниот имот на госпоѓата Лебрехт“ и дека „списокот и процената на изложените предмети за продажба може да се види на денот на продажбата“ итн. итн.

Беше изминал еден часот попладне. Побрзав пеш на горната адреса. Веќе е трета година како не се служам со колата – така се зареков (инаку не би ги заштедил овие шеесет рубли). Никогаш не одев на лицитациски продажби, тоа уште себеси не си го дозволував; и иако сегашниот мој „чекор“ беше само пробен, сепак решив и овој чекор да го преземам дури откако ќе ја завршам гимназијата, откако ќе раскинам со сите, откако ќе се повлечам во корупката и ќе станам сосем слободен. Навистина јас бев уште многу далеку од „корупката“ и од слободата; сепак се решив да го направам овој чекор како проба само за да видам, за да можам понатаму да фантазирам, а потоа повеќе да не доаѓам, можеби за долго време, сè до времето кога ќе започнам сериозно. За другиот свет ова беше една мала безначајна јавна продажба, но за мене – ова беше греда од бродот со кој Колумбо тргна да ја открива Америка. Тоа беа моите тогашни чувства.

Кога стигнав таму, поминав низ дворот како што беше означено во огласот и влегов во станот кај госпоѓата Лебрехт. Станот се состоеше од едно претсобје и четири мали ниски соби. Во првата соба по претсобјето имаше многу луѓе, можеше да ги има триесетина. Половината од нив веројатно беа купувачи, а другите, судејќи според нивниот изглед, дошле од љубопитство или беа аматери, или ги испратила Лебрехтовица. Имаше и трговци, и Евреи што се намамија за златни предмети, а имаше и неколкумина луѓе „чисто“ облечени. Физиономиите на неколкумина од тие господа дури се врежаа во мојата памет. Во собата десно, во отворената врата, меѓу самите крила од вратата, се наоѓаше една маса, така што не беше можно да се влезе во собата. Таму се наоѓаа предметите определе-

лени за продажба. Лево имаше една друга соба и нејзината врата беше подзатворена, но секој момент некој ќе ја подотвореше и очигледно низ неа ѕиркаше, веројатно некој од многубројното семејство на госпоѓата Лебрехт, за кое, се разбира, тоа беше многу срамно. На масата, во вратата, свртен со лицето кон публиката, седеше на еден стол господинот извршител и ја вршеше распродажбата. Кога стигнав јас половината работа беше свршена. Штом влегов, се пробив до масата. Се продаваа бронзени свеќници. Застанав да гледам.

Гледајќи така почнав да мислам: што би можел овде да купам? Што да правам со свеќниците, дали ќе ја постигнам мојата цел, дали тоа така се прави и дали ми е сметката точна? Да не е мојата сметка детинска? Размислувајќи го сето тоа јас чекав, имав чувство како да се наоѓам пред некоја комарџиска маса, во тој момент додека играта уште не започнала, а си дошол со намера да играш: „Ако сакам ќе играм, ако нејќам ќе си одам, според своја волја.“ Срцето уште не чукаше, но по малку како да стивнуваше и да потреперуваше – чувство што не е непријатно. Но нерешителноста наскоро започнува да ве притиска и вие како да ослепувате: ја подавате раката, земате карта, но махинално, речиси спротивно на својата волја, како некој друг да управува со вашата рака, најпосле сте решиле и започнувате – и тука нè обзема едно сосем друго чувство, едно силно чувство. Јас не зборувам дека е така на лицитациите, туку само за себе велам: на кој друг би му тупкало срцето на лицитација?

Имаше луѓе што се распалуваа, имаше и такви што молчеа и чекаа, а имаше и такви што по нешто ќе купеа, па се каеја. Дури не ми беше ни малку жал за еден господин кој, не слушајќи внимателно, погрешно купи еден сад за млеко од бел метал наместо од сребро, наместо за две рубли, за пет – дури тоа и ме расположи. Извршителот ги мешаше предметите. По свеќниците дојдоа на ред обетки, по обетките едно везено перниче од сафијано за на диван, по него една касетка – секако заради разнообразност, или тој се

сообразуваше со желбите на публиката. Не издржав ни десет минути, најнапред се доближив до перничето, потоа до касетката, но во решителниот момент секогаш се воздржував. Овие предмети ми се сторија сосем невозможни. Најпосле, во рацете на извршителот се најде еден албум.

„Домашен албум, подврзан со црвено сафијано, употребен, со акварели и со цртежи со туш, во футрола од резана слонова коска со сребрени копци – цената две рубли!“

Се доближив да го разгледам. Предметот изгледаше елегантен, но беше оштетен на едно место на резбаријата од коска, само јас и се доближив да го разгледам, сите други молчеа. Конкуренти немаше. Можев да ги отворам копците и да го извадам албумот од футролата за да го разгледам подобро предметот, но не го користев моето право, туку само замавнав со треперливата рака: „Ништо, сеедно“.

– Две рубли и пет копејки! – реков пак што се вели низ заби.

Остана јас да решам. Веднаш извадив пари, платив, го зедов албумот и се повлеков во еден агол од собата. Таму го извадив од футролата и почнав трескавично да го разгледувам. Освен футролата, овој предмет немаше никаква вредност – едно албумче големо колку еден лист од хартија за писмо со мал формат, танко со златен истриен обрез – исто онакво какви што имаше некогаш многу кај девојките што излегуваа од училишта. Со туш и со водни боици беа нацртани храмови на еден рид, амори, езеро со лебеди. Имаше и стихови:

„Заминувам на далечен пат,
Од Москва за долго се делам,
Со милите за долго се простувам
И на Крим со поштенска кола патувам.“

(Уште ми се меткаат во умот!). Увидов дека „изгубив“. Ако некому нешто не му треба, сигурно овој албум мене не ми беше потребен.

„Ништо – решив – на првата карта секогаш се губи. Тоа е дури и добар знак.“

Без сомневање бев задоволен.

– Ах, задоцнив! Кај вас ли е? Вие ли го добивте? – одеднаш пред мене се чу гласот на еден господин во сино палто, угледен и убаво облечен. Тој беше задоцнил.

– Задоцнив. Ах колку ми е жал! Колку го плативте?

– Две рубли и пет копејки.

– Ах, колку ми е жал! Дали би сакале да ми го отстапите?

– Ајде да излеземе! – му шепнав сиот отрпнат.

Излеговме на скалите.

– Ќе ви го отстапам за десет рубли! – му реков јас чувствувајќи морници на грбот.

– Десет рубли! Што велите вие!

– Како сакате.

Тој ме погледа со оцарени очи. Јас бев убаво облечен. Ни малку не личев на Евреин или на некој прекупец.

– Ако верувате во бога, кому му треба овој ветов стар албум? Всушност, и футролата ништо не чини, никому тоа не можете да му го продадете.

– Вие сакате ли да го купите?

– Јас сакам и имам специјална причина, дури сношти ја разбрав, јас сум единствениот. Ве молам, дајте ми го!

– Требаше да побарам дваесет и пет рубли. Но бидејќи вие тогаш можевте да се откажете, заради поголема сигурност ви побарав само десет рубли. Не попуштам ни копејка.

Се свртив и си заминав.

– Еве земете четири рубли, – потрча тој по мене дури во дворот – еве и пет.

Јас молчев и си одев понатаму.

На, земете ги! – тој извади десет рубли, а јас му го дадов албумот.

– Само признајте дека тоа не е чесно! Две рубли и десет – а?

– Зошто да не е чесно? Ова е пазар!

– Каков пазар? (Тој се лутеше).

– Каде што има побарувачка, има и пазар. Да не баравте вие, јас не би го продал ни за четириесет копејки.

Иако не се смеев гласно, туку само бев сериозен, се смеев во себеси, се смеев не од некое воодушевување, туку ни самиот не знам зошто. Малку и се задишив.

– Чујте, – му промрморив јас на незапирлив начин, но сепак пријателски и ми беше многу мило во тој момент – кога Џемс Ротшилд, покојниот, оној од Париз, оној што остави илјада седумстотини милиони франкови (тој нишна со главата), уште во својата младост, случајно ќе разбереше неколку часови пред другите за убиство на некој берзански војвода, веднаш за тоа ќе го известеше оној што треба да се извести и на една единствена работа, за еден миг, ќе спечалеше неколку милиони! Ете така работат луѓето.

– Вие ли сте тој Ротшилд? – ми викна тој налутено како да сум луд.

Брзо излегов од оваа куќа. Само еден чекор – и печалба од седум рубли и дваесет и пет копејки. Чекорот беше апсурден, детска играчка, го признавам тоа, но тој сепак се поклопуваше со мојата мисла и мораше да ме возбуди многу длабоко . . . Впрочем, зошто да ги опишувам чувствата. Една банкнота од десет рубли се наоѓаше во џебот од мојот елек, брцнав со двата прста за да ја напипам – и така одев, не вадејќи ја раката од џебот. Кога се оддалечив на околу сто чекори, ја извадив банкнотата и сакав да ја бакнам. Тогаш затропа една кола пред куќата пред којашто се наоѓав јас, вратарот ја отвори вратата и од куќата излезе и тргна кон колата една елегантна, млада, убава, богата дама, во свила и кадифе, со дувак од два аршина. Наеднаш од рака ѝ испадна едно мало торбиче и ѝ падна на земја. Таа седна во колата, лакејот се наведна да го дигне предметчето, но јас веќе скокнав, го дигнав и ѝ го дадов на дамата, симнувајќи ја шапката. (Шапката ми беше цилиндар и

како млад човек бев убаво облечен). Дамата ми прозборува со една дискретна, но многу пријатна насмевка: „Мерси, мсје"[1]). Колата јурна со трескот, јас си ја бакнав банкнотата од десет рубли.

III

Истиот ден требаше да го видам Ефим Зверјев, еден свој бивш другар од гимназијата, што ја напушти гимназијата и дојде во Петроград во една специјална виша школа. Самиот тој не заслужува никаков опис и со него не бев во некои посебни пријателски односи, но во Петроград сепак го побарав. Тој можеше (поради разни причини што исто така не вреди да се спомнуваат) да ми ја даде адресата на некојси Крафт, мене многу потребен човек, штом ќе се врати од Вилно. Зверјев го чекаше да дојде денес или утре, за што ме извести завчера. Јас морав да одам на Петроградската страна, а и не се чувствував уморен.

Зверјев го затеков (и тој имаше деветнаесет години) во дворот кај неговата тетка кај која времено живееше. Тукушто беше ручал, почнал да шета на кукалки по дворот. Веднаш ми рече дека Крафт стигнал уште синоќа и дека отседнал во поранешниот стан, пак на Петроградската страна и дека и тој сакал да се види со мене што поскоро, зашто имал да ми соопшти нешто многу важно.

– Потоа пак ќе отпатува некаде! – додаде Ефим.

Бидејќи во сегашните услови ми беше многу важно да се видам со Крафт, го замолив Ефима веднаш да ме одведе во неговиот стан што се наоѓаше во една уличка на два чекори од местото. Зверјев, меѓутоа, ми одговори дека пред малку го видел и дека отишол кај Дергачев.

– Да појдиме кај Дергачев, зошто никако ти не сакаш; дали се боиш?

Крафт навистина можеше да заседне кај Дергачев, а јас кај можев тогаш да го чекам? Не се плашев

[1]) Од француски: благодарам господине

да појдам кај Дергачев, но не сакав да одам, покрај сето тоа што Ефим веќе третпат ме влечеше да одам таму. И секогаш, притоа она „се боиш" го изговараше на моја сметка со некоја непријатна насмевка. Однапред велам дека тоа кај мене не беше од некој страв, а за тоа што се двоумев, за тоа имав сосем друга причина. Но сега се решив да одам; и тоа беше блиску на два чекори. Патем го запрашав Ефима дали уште останува при својата намера да оди во Америка?

– Можеби ќе одложам за некое време! – ми одговори тој со мала насмевка.

Јас не го сакав многу, дури и воопшто не го сакав. Тој имаше многу руса коса, полно, премногу бело лице, дури неприлично бело како некое дете, а со раст беше повисок од мене, но човек не би му дал повеќе од седумнаесет години. Со него не беше можно да се зборува за ништо.

– Што има таму? Има ли таму навистина секогаш многу народ? – се распрашував јас заради подобро известување.

– Од што ти постојано се плашиш? – пак се засмеа тој.

– Оди по ѓаволите! – се налутив јас.

– Воопшто нема народ. Доаѓаат само познати и тоа сè само наши луѓе, биди спокоен.

– Што ми е гајле дали се наши луѓето или не. Дали и јас таму ќе бидам ваш? Врз основа на што би можеле тие да ми веруваат?

– Јас ќе те одведам и тоа е доста. За тебе веќе слушнале. И Крафт може за тебе нешто да каже.

– Чуј, дали ќе биде таму и Васин?

– Не знам.

– Ако биде, штом ќе влеземе поттурни ме малку и покажи ми го Васин, знаеш, штом ќе влеземе?

За Васин веќе многу сум слушал и одамна за него сум се интересирал.

Дергачев живееше во дворот во малото крило од една голема дрвена куќа што ѝ припаѓаше на една жена од трговец, но затоа го држеше целото крило. Во него имаше три вистински соби. На сите четири прозорци беа спуштени завеси. Тој беше техничар и

имаше служба во Петроград; меѓутоа, чув дека му понудиле многу добро платено место во приватна служба во внатрешноста и дека веќе се подготвуваше да замине.

Штом влеговме во малото претсобје чувме гласови; изгледа дека жолчно се расправаа и некој викаше: „Quae medicamnita non sanat – ferrum sanat, quae ferrum non sanat – ignis sanat!"[1])

Јас навистина малку се обёспокоив. Всушност, не бев навикнал на друштво, какво и да е тоа. Во гимназијата со другарите бев н а т и, но речиси со никој не другарував. Си сoздадов за себе еден агол и живеев во него повлечено. Но тоа мене не ме збунуваше. За секој случај јас се зареков да не влегувам во расправии, и да зборувам само толку колку што ќе биде потребно. Така никој за мене нема да може ништо да заклучи. Главно е да не се влегува во расправии.

Во собата што беше премногу мала имаше седум луѓе, сосе дамите десет. Дергачев имаше дваесет и пет години, беше оженет. Неговата жена имаше сестра и една братучеда. И тие живееја кај Дергачев. Собата беше сиромашка но добро наместена и беше дури и многу чиста. На ѕидот висеше еден литографски портрет, многу евтин, а во еден агол една икона без метален украс, но со запалено кандило. Дергачев дојде кај мене, се ракува со мене и ме замоли да седнам.

– Седнете, овде сме сите наши.

– Молам – додаде веднаш една многу убавичка млада жена, многу скромно облечена и, откако малку ми се поклони, веднаш излезе од собата. Тоа беше неговата жена која изгледа исто така учествуваше во расправијата, а сега излезе да го надои детето. Во собата останаа уште две дами. Едната беше многу ниска и имаше дваесетина години, беше облечена во црно фустанче и исто така не беше грда, а втората имаше триесетина години, беше сува и имаше сјајни очи. Тие

[1]) Што не може да се излекува со лекови, се лекува со железо, а што не може со железо, тоа се лекува со оган. (Латинска поговорка).

седеа, многу внимателно слушаа, но не стапуваа во разговор.

Што се однесува до машките, сите стоеја, а покрај мене седеа само уште Крафт и Васин. Ефим веднаш ми ги покажа нив, зашто Крафта дури сега за првпат во животот го видов. Станав и му се доближив да се запознам со него. Крафтовото лице никогаш нема да го заборавам. Никаква особена убавина, но имаше нешто многу незлобно и деликатно, а од сѐ избиваше лично достоинство. Тој имаше околу дваесет и шест години, беше доста сув, по раст повеќе отколку среден, руса коса, сериозно ама меко лице. Во него имаше нешто меко. А меѓутоа, за чудо, јас не би го заменил моето лице, иако е можеби и вулгарно, за неговото што ми изгледаше толку привлечно. Во неговото лице имаше нешто што не сакав да го имам во моето, нешто премногу спокојно во морална смисла, како некоја тајна, несвесна гордост. Впрочем, тогаш веројатно не можев токму вака буквално да го оценам; дури сега, т.е. по настанот, ми се чини дека така расудувам.

– Многу ми е мило што дојдовте, – ми рече Крафт – за вас имам едно писмо. Овде ќе поседиме малку, а потоа ќе одиме кај мене.

Дергачев беше средно висок човек, со широк грб, снажен, црномурен со голема брада; во неговиот поглед се гледаше интелигенција и воздржаност, некоја постојана претпазливост. Иако повеќе молчеа, очигледно тој му даваше тон на разговорот. Физиономијата на Васин не ми направи којзнае каков впечаток, иако за него бев слушал дека е многу умен. Тој е русокос, со светло сини крупни очи, лицето му е многу отворено, но во исто време и кај него имаше нешто премногу тврдо. Човек во него претчувствуваше некој човек неразговорлив, само погледот му беше без сомневање интелигентен, поинтелигентен отколку на Дергачев, подлабок, поинтелигентен отколку кај сите во собата. Впрочем, можеби сега сѐ преувеличувам. Од другите млади луѓе ќе спомнам само уште две лица: еден висок човек со мургаво лице, со црни зулуфи, многу зборлест, што можеше да има околу

дваесет и седум години и беше учител или нешто слично и уште еден мој врсник во руска блуза со збрчкано лице, молчалив, кој само слушаше што зборуваа другите. Подоцна се виде дека е селанец.

– Не, тоа не може така да се сфати! – започна, очигледно продолжувајќи ја прекинатата расправија, учителот со црните зулуфи кој најмногу од сите се распалуваше. – За математички докази нема воопшто да зборувам, но оваа идеја во која јас верувам и без математички докази . . .

– Почекај Тихомиров! – го прекина со силен глас Дергачев. – Овие што сега влегоа не знаат за што станува збор. – Еве гледајте, – ми се обрна тој одеднаш само мене (и признавам ако имаше намера како новак да ме распраша или да ме натера да зборувам, тоа беше многу вешто од негова страна, јас тоа веднаш го почувствував и се подготвив), – еве гледајте овој господин Крафт, кого веќе доволно го познаваме сите и според неговиот карактер и според солидноста на убедувањето, дојде врз основа на еден многу обичен факт до многу необичен заклучок кој сите нас нè изненади. Тој изведе заклучок дека е рускиот народ второстепен народ . . .

– Третостепен! – дофрли некој.

– . . . второстепен народ на кој му е определено да служи како материјал за благородните племиња и кој нема своја самостојна улога во судбината на човештвото. Врз основа на овој можеби и оправдан свој заклучок, г. Крафт наоѓа дека идната дејност на секој Русин треба да биде парализирана со оваа идеја, така да се каже сите треба да ги олабават рацете . . .

– Дозволи Дергачев, тоа не треба така да се сфати! – пак со нестрпливост прифати Тихомиров. (Дергачев веднаш му го одстапи зборот). – Врз основа на тоа што Крафт вршеше сериозни проучувања, што изведе заклучоци засновани врз физиологијата, за кои тврди дека се математички точни и што потрошил можеби цели две години на оваа своја идеја (која јас би ја прифатил сосем спокојно, априори), врз основа на тоа, т.е. со оглед на напорите и сериозноста на г. Крафт, оваа работа добива форма на феномен. Од

сето тоа произлегува едно прашање кое Крафт не може да го сфати и со тоа ние треба да се позанимаваме, т.е. со несфаќањето на Крафт, зашто е тоа феномен. Треба да се расчисти прашањето дали е тој феномен во клиниката како поединечен случај или е тоа појава која може нормално да се повторува и кај другите луѓе. Тоа е интересно и од општа гледна точка. За Русија му верувам на Крафт и дури тврдам дека ми е речиси мило. Кога таа идеја би била усвоена од сите, би ги одврзала рацете и би ослободила многу патриотски предрасуди.

– Јас не зборував од патриотизам! – рече Крафт некако без волја.

Сите овие дебати изгледа му беа непријатни.

– Од патриотизам или не, тоа не спаѓа во нашата работа! . . . – проговори Васин кој дотогаш постојано молчеше.

– Но кажете со што би можел Крафтовиот заклучок да го ослаби стремежот кон општочовечкото дело? – викаше учителот (само тој викаше, сите други зборуваа тивко). – Нека Русија и биде осудена на второстепеност. Ама може да се работи не само за Русија. А, покрај тоа, како може Крафт да биде патриот, ако престанал да верува во Русија.

– Притоа тој е Германец! – пак се чу еден глас.

– Јас сум Русин! – рече Крафт.

– Ова прашање не се однесува директно на работата! – му забележа Дергачев на оној што му упадна во зборот.

– Излезете од теснотијата на вашата идеја! – продолжуваше Тихомиров не слушајќи ништо. – Ако е Русија само материјал за поблагородни племиња, зошто тогаш и да не послужи како таков материјал. Тоа е уште повозвишена улога. Зошто да не се задржиме на таа идеја во форма на проширување на задачите. Човештвото се наоѓа пред својата преродба која веќе ја започна. Задачата што ни претстои не ја признаваат само слепците. Оставете ја Русија ако сте се разубедиле во неа и работете за еден иден, уште непознат народ, за народ што ќе биде составен од це-

лото човештво, без оглед на племињата. И без тоа Русија еднаш ќе умре. Народите, дури и најнадарените, живеат сѐ на сѐ по илјада и пол години, најмногу до две илјади. Зар не е иста работа две илјади или двесте години? Зар Римјаните не живееја илјада и пол години па сепак се претворија во материјал? Нив многу одамна веќе ги нема, но тие оставија идеја, а таа влезе како елемент во идната судбина на човештвото. Како може на човека да му се каже дека нема никаква работа? Јас не можам да си ја претставам состојбата во која нема никаква работа! Работете за човештвото, а за друго не водете грижа. Работа има толку многу што животот не е доволно долг, само ако човек внимателно погледне околу себе.

– Потребно е да се живее според законот на природата и вистината! – тогаш прозборува зад вратата госпоѓата Дергачева. Вратата беше малку подотворена и се виде дека таа стои и го држи детето на покриените гради и дека заинтересирано слуша.

Крафт слушаше, насмевнувајќи се лесно, и најпосле, како малку измачен, впрочем многу искрено рече:

– Кога сте под влијание на една главна мисла на која сосема им се потчинуваат вашиот ум и вашето срце, не знам како е можно да живеете уште за што и да е друго што е надвор од таа мисла?

– Но ако ви се докаже логички, математички, дека вашиот заклучок е погрешен, дека целата ваша мисла е погрешна, дека немате ни најмало право себеси да се исклучувате од сеопштата корисна дејност само затоа што на Русија ѝ е предопределена второстепеноста, ако ви се докаже дека наместо тесниот хоризонт се открива бескрајност, дека наместо тесната идеја на патриотизмот . . .

– Ех, – тивко замавна Крафт со раката – веќе ви реков дека тука не е во прашање патриотизмот.

– Тука очигледно нема неспогодба! – се вмеша одеднаш Васин. – Грешката е во тоа што Крафтовиот заклучок не е само логички, туку така да кажам тоа е заклучок што се претвори во чувство. Не се сите луѓе

еднакви. Кај многу луѓе логичкиот заклучок често се преправа во најсилно чувство што го зафаќа целото суштество и кој е тешко да се истера или преработи. Да се излекува таков човек, во тој случај е потребно да се измени и самото тоа чувство, што е можно само ако се замени со друго кое ќе биде исто така силно. Тоа е секогаш тешко, а во многу случаи невозможно.

– Тоа е погрешно! – викна учителот. – Логичкиот заклучок веќе сам по себе ги отфрлува предрасудите. Умното уверување раѓа исто чувство. Мислата излегува од чувството. И кога од своја страна ќе се загнезди во човекот, се формулира ново чувство.

– Луѓето се многу различни: едни лесно ги менуваат чувствата, а други тешко! – одговори Васин како да не сака да го продолжува спорењето. Но јас бев восхитен од неговите идеи.

– Токму е така како што вие рековте! – му се обрнав одеднаш нему, скршувајќи го мразот и започнав ненадејно да зборувам. – Потребно е токму наместо едно чувство да се стави друго, да се замени. Во Москва, пред четири години, еден генерал . . . Гледајте господа, јас не го познавав него, но . . . Можеби тој самиот по себе и не заслужуваше никакво почитување . . . И освен тоа можеби самиот факт можеше да изгледа неразумен, но . . . Впрочем, гледате ли, нему му умре едно дете, т.е. всушност, му умреа две девојчиња, едноподруго, од шарлах . . . И, ете тој беше толку потресен што постојано се жалеше, толку се жалеше што најпосле човек не можеше ни да го погледа, – и сврши со тоа што и самиот умре, веќе после половина година. Дека умре од тоа, тоа е факт! Со што можеше тој да се поправи? Одговор: со некое исто толку силно чувство! Требаше да му се ископаат од гробот тие две девојчиња и да му се дадат – ете со тоа, т.е. со такво нешто. Затоа и умре. А меѓутоа, какви се прекрасни заклучоци не беа изнесувани: дека е животот преоден, дека сите луѓе се смртни, му изнесуваа статистички податоци за тоа колку деца умираат од шарлах . . . Тој беше генерал во оставка . . .

Тука застанав и без здив погледнав околу себе.

– Тоа е нешто сосема друго! – рече некој.

– Наведениот пример, иако не е ист како горниот случај, сепак со него е сличен и ја објаснува работата! – ми се обрна Васин.

IV

Овде морам да признам дека многу ме воодушеви аргументот на Васин за „идејата-чувство" и наедно со тоа морам да признам дека сум во пеколен срам. Да, навистина се плашев да појдам кај Дергачев, иако не поради онаа причина што ја замислуваше Ефим. Се плашев затоа што се плашев од нив уште во Москва. Јас знаев дека тие (т.е. или тие или некои други кои се како нив – сосема сеедно) – се дијалектичари и дека ќе ми ја разбијат „мојата идеја". Јас бев цврсто убеден во себе и во тоа дека својата идеја нема да им ја кажам и да им ја изнесам. Меѓутоа, тие (т.е. пак или оние или слични на нив) би можеле нешто да кажат со што би ме разочарале во мојата идеја дури и да не им спомнев за неа. Во „мојата идеја" имаше прашања кои уште не бев ги решил, но јас не сакав да ги решава кој и да е друг, освен мене. Во последниве две години дури престанав да читам книги, плашејќи се да не набавтам на нешто што не би било во корист на „идејата", што би можело да ме расколеба. И одеднаш Васин, со еден удар, ја реши задачата и ме успокои во повисока смисла на зборот. Всушност, од што се плашев и што можеа да ми направат со некаква дијалектика? Можеби само јас таму разбрав што зборуваше Васин за „идејата-чувство"! Не е доволно да се побива една прекрасна идеја, треба да се замени со друго, нешто што е еднакво убаво. Инаку, затоа што не сакам да се одвојам од своето чувство, во своето срце макар и насилно ќе побијам секакво нивно спротивставување што ќе ми го речеа таму. А што би можеле тие да ми дадат во замена? Заради тоа можев да бидам похрабар, требаше да бидам повеќе човек. Восхитен од Васин чувствував срам, а себеси се сметав како недостојно детиште.

Се срамев уште од нешто. Јас не го пробив ледот

и почнав да зборувам поради одвратната желба да се пофалам со својот ум, туку за да им се „обесам на вратот". Оваа желба да им се обесам на луѓето на вратот, да ме признаат како добар и да ме засакаат, или слично (со еден збор вистинска свинштина од моја страна) ја сметам во себеси како најлоша од сите работи поради кои треба да се срамам, а ја насетував во себе уште многу одамна, уште од времето кога бев во она катче во кое се затворив пред толку години – па сепак од неа не се одвикнав. Знаев дека меѓу луѓето треба да бидам позатворен. По секој таков срамен испад ме утешуваше само тоа што сепак ми остана „идејата" скриена како порано и што не им ја кажав. Со страв често си замислував во себеси дека ако му ја соопштам својата идеја, кому и да е, мене повеќе ништо не би ми останало, така што веднаш би станал како и другите луѓе, а можеби би ја отфрлил и идејата. И поради тоа ја криев и ја чував и се плашев да не ја издрдорам. И еве кај Дергачев уште од првиот момент речиси не можев да се воздржам. Навистина, јас ништо не издадов, но дрдорев на недозволен начин. Испадна срамота. Лош спомен! Не, не треба да живеам заедно со луѓето; така и сега мислам; четириесет години однапред тоа го зборувам. Мојата идеја е самотијата.

V

Само што ме пофали Васин, јас веќе не можев да се воздржам а да не зборувам.

– Според моето мислење секој човек има право да има чувства . . . ако се според неговото убедување . . . со тоа што никој да не смее поради нив да биде прекорен! – му се обрнав јас на Васин. Иако прозборував смело, сепак тоа не го говорев јас, туку во мојата уста всушност се движеше туѓ јазик.

– Навистина ли? – веднаш дофати со иронија некако оптегнато истиот глас што го прекинуваше Дергачев и му довикнуваше на Крафт дека е Германец. Бидејќи го сметав за целосна ништожност, се свртив кон учителот како тој да ми довикна:

– Моето убедување е никого да не осудувам! – реков јас треперејќи, зашто знаев дека ќе се затрчам.

– Зошто сте толку скромни? – одекна пак гласот на никаквецот.

– Секој има своја идеја! – гледав право во учителот кој напротив молчеше и ме гледаше насмевнувајќи се.

– А која е вашата? – дофрли никаквецот.

– Долго би требало да објаснувам . . . Но делумно мојата идеја е токму во тоа луѓето да ме остават на мир. Сè додека имам две рубли во џебот, јас сакам да не зависам од никого (не вознемирувајте се ги знам сите приговори), и ништо да не работам – дури ни за тоа големо идно човештво за кое му зборувате на господинот Крафт. Личната слобода, т.е. мојата сопствена слобода на прво место, а за сè друго не сакам да знам.

Моја грешка беше што излегов од такт.

– Значи, вие проповедате спокојство на сита крава?

– И тоа. Кравата никого не навредува. Никому не сум должен, му плаќам на општеството пари во вид на данок за оштета за да не ме испокрадат, да не ме испретепаат и да не ме убијат, а повеќе никој ништо не смее да бара од мене. Јас можеби имам лично и други идеи и можеби ќе му служам на човештвото и тоа можеби десетпати повеќе отколку сите овие што го проповедаат тоа. Меѓутоа, јас сакам тоа од мене никој д а н е г о б а р а, никој да не ме тера како господинот Крафт. Јас сакам полна слобода, дури и ако не мрднам ни со еден прст. А ова трчање да му се обесиш секому на вратот од љубов спрема човештвото и топење во солзи од разнеженост, тоа е само мода. А зошто јас морам бездруго да го сакам својот близок или тоа ваше идно човештво кое никогаш нема да го видам, кое за мене нема да знае и кое исто така ќе помине без каква и да е трага и спомен (времето тука не игра никаква улога), кога Земјата, од своја страна, ќе се преправи во ледена карпа и ќе лета по безвоздушниот простор со бескраен број на такви ледени карпи, т.е. нешто побесмислено не е можно ни да се

замисли! Ете ја вашата наука! Кажете ми зошто безусловно мора да бидам благороден, дотолку повеќе што сето тоа трае само една минута!

– Опа! – викна еден глас.

Сето тоа го изговорив нервозно и налутено, искинувајќи ги сите конци. Знаев дека паѓам во бездна, но уште брзав поради стравот некој да не ме спречи во тоа. Премногу чувствувам дека истурам како низ решето, без врска и низ десет мисли одам во единаесетта, но мене ми се брзаше да ги уверам и победам. Тоа беше многу важно за мене! Три години јас се подготвував за тоа. Важно е дека сите одеднаш молкнаа, ништо не зборуваа, туку слушаа. Јас пак продолжив да му зборувам на учителот.

– Токму така. Еден многу умен човек рече, покрај другото, дека не е ништо потешко отколку да се одговори на ова прашање: „Зошто е потребно човек да биде благороден?" Гледате на светов има три вида подлеци: прво, наивни подлеци, т.е. оние што се уверени дека е нивната подлост најголема благородност; потоа, подлеците што не се срамуваат од својата сопствена подлост, но сепак не ја напуштаат; и најпосле, просто подлеците, чистокрвните подлеци. Дозволете: имав еден училишен другар, се викаше Ламберт и ми зборуваше уште кога имаше шеснаесет години дека, кога ќе се збогати, најголемо уживање ќе му биде да храни кучиња со леб и месо, додека децата на сиромасите ќе умираат од глад; а кога нема да има со што да се затоплат, тој ќе изнакупува полн двор дрва, ќе ги нареди дрвата надвор и ќе ги запали, а на сиромасите нема да им даде ни една деланка! Кажете што да му одговорам на овој чистокрвен подлец на прашањето: „Зошто е потребно човек да биде благороден?" Особено сега во наше време кое толку многу го преправивте, зашто полошо од ова што сега се случува – не било никогаш. Во нашево општество, господа, владее бркотија. Го откажувате господ, се откажувате од подвиг, па која глува, слепа, тапа зачмаеност може да ме натера да работам вака, ако ми е попријатно онака? Вие велите: „Разумен однос спрема човештвото е и моја корист." А ако јас наоѓам дека сите тие ра-

зумности се неразумни, сите тие касарни, тие фаланги[1])? Нека ѓаволот ги носи и нив и оние идните, кога само еднаш живеам на светов! Дозволете јас самиот да знам што ќе биде по илјада години, со тоа ваше човештво, ако за сето тоа според вашиот кодекс немам ни малку љубов, ни еден живот, ни признание за моите подвизи? Не, ако е така, тогаш на најбезобразен начин ќе живеам за себе, а другите сите нека пропаднат.

– Прекрасна желба!

– Впрочем, секогаш сум готов да се придружам.

– Уште поубаво! (ова го велеше истиот глас).

Сите други и натаму молчеа, сите ме посматраа и се загледуваа во мене. Но малку по малку од разните страни на собата започна некое кикотење, навистина тивко, но сите ми се кикотеа право в очи. Само Васин и Крафт не се кикотеа. Се кикотеше оној со црните зулуфи. Тој постојано ме гледаше и слушаше.

– Господа, – треперев јас сиот, – јас мојата идеја нема воопшто да ви ја кажам, а ве прашувам од ваше гледиште, не од мое, не грижете се за мене, зашто јас можеби илјадапати повеќе го сакам човештвото отколку сите вие заедно! Кажете, – а вие сега сте бездруго должни да ми одговорите, вие сте задолжен за тоа што се смеете, – кажете: со што ќе ме придобиете да тргнам по вас? Кажете, со што ќе ми докажете дека кај вас ќе биде подобро? Што ќе направите со протестот на мојата личност во вашата касарна. Господа, јас одамна сакав да се сретнам со вас! Кај вас ќе биде касарна, заеднички станови, stricte nécessaire[2]), атеизам и заеднички жени без деца – тоа е вашето финале, јас го знам тоа. И за сето тоа, за тоа мало делче од средна вредност, што ќе ми го обезбеди вашата разумност, за залакот и за топлата соба вие како замена би ја сакале целата моја личност! Дозволете: некој, да кажеме, ќе ми ја грабне жената. Дали

---

[1]) Боен ред на тешко вооружена пешадија во старо време, во формација што прилега на клин.

[2]) Стриктно најпотребното.

во таа мера ќе ми го одземете личното право на противникот да не смеам да му ја скршам главата? Ќе речете дека и јас тогаш ќе бидам поразумен, но што ќе каже за тој разумен маж неговата жена, ако колку – толку се почитува себеси? Тоа е неприродно, засрамете се!

– А вие сте специјалист по прашањето на женската чест? – се одзва гласот на никаквецот.

Во еден момент ми дојде да јурнам на него и да го удрам со тупаница. Тој беше низок, лисест и дамчест . . . впрочем, нека оди по ѓаволите со својата надворешност!

– Бидете спокојни јас не сум запознал уште ниедна жена! – го пресеков јас свртувајќи се сега за првпат кон него.

– Бесценето признание, што можеше да биде поучтиво искажано со оглед на присутните дами!

Но наеднаш сите тргнаа, сите почнаа да си ги бараат шапките и тргнаа да си одат, се разбира, не поради мене, туку поради тоа што беше време да си одат. А мене ме обзеде срам поради тоа што сите молчеа спрема мене. И јас скокнав.

– Дозволете да ве прашам за вашето презиме, вие постојано гледавте во мене? – ми се доближи ненадејно учителот со најподла насмевка.

– Долгоруки.

– Кнезот ли Долгоруки?

– Не, само Долгоруки, син на бившиот роб Макар Долгоруки и вонбрачен син на мојот бивш спахија, господинот Версилов. Не вознемирувајте се господа, тоа не го реков за веднаш сите да ме гушнете и сите да зарикаме од разнеженост како телиња.

Наеднаш одекна едно громко и безобѕирно смеење, така што детето што беше заспало зад вратата се разбуди и се расплака. Јас треперев од бес. Сите се ракуваа со Дергачев и си заминуваа, не обрнувајќи ми никакво внимание.

– Ајде и ние! – ме повлече Крафт.

– Се доближив до Дергачев, се ракував со него со

сета сила и уште неколкупати пак со сета сила му ја занишав раката.

– Извинете што постојано ве навредуваше Кудрјумов (оној лисестиот)! – ми рече Дергачев.

Отидов по Крафт. Ни малку не се срамев.

VI

Се разбира бескрајна е разликата помеѓу мене каков што сум сега и оној каков што бев во тоа време.

Продолжувајќи да „не се срамам ни малку", уште на скалите го стигнав Васина, оставајќи го Крафт како личност од второстепена важност и со најприроден изглед, како ништо да не се случило, го запрашав:

– Ве молам, ми се чини дека вие го познавате мојот татко, т.е. сакам да речам Версилов?

– Со него лично баш не се познавам, – веднаш одговори Васин (без ни најмала трага од онаа навредлива истанчена учтивост што имаат љубезните луѓе кога зборуваат со човек што пред малку се посрамил) – но донекаде го познавам: сум го среќавал во друштво и сум слушал кога зборува.

– Штом сте го слушале, тогаш се разбира и го познавате затоа што сте вие – вие! Што мислите вие за него? Извинете што побрзав со ова прашање, но тоа ми е потребно. Токму што мислите в и е за него, токму в а ш е т о мислење ми е многу потребно.

– Многу ме прашувате. Мене ми се чини дека тој човек е способен да си постави себеси огромни задачи и можеби и да ги исполни, но тој не полага никому сметка за својата работа.

– Така е, сосем така, тој е многу горд човек! Но дали е тој чист човек? Што мислите вие за неговата католичка вера? Впрочем, јас заборавив дека вие можеби не знаете . . .

Да не бев толку возбуден, се разбира, сигурно не ќе го опсипав со такви прашања и тоа човекот со кого никогаш не сум зборувал, туку само сум слушал за него. Ме изненадуваше дека Васин не ја забележал мојата лудост.

– Сум слушал нешто и за тоа, но не знам колку вистина има во тоа! – одговори тој спокојно и мирно како порано.

– Нема ни малку! Тоа е лага за него! Зар вие навистина мислите дека тој може да верува во господ?

– Тој е многу горд човек, како што рековте пред малку, многумина многу горди луѓе сакаат да веруваат во господ, особено оние што малку ги презираат другите луѓе. Многу силни луѓе имаат, изгледа, некоја природна потреба да најдат кого и да е, или што и да е, на кое ќе му се поклонуваат. На силниот човек често му е тешко да ја пренесува својата сила.

– Чујте, тоа мора да биде сосем точно! – викнав јас пак. – Само сакав да бидам сфатен . . .

– Тука причината е јасна: тие ќе го изберат господ за да не им се клањаат на луѓето – се разбира не знаејќи ни сами на кој начин тоа се случува во нив. Да му се поклонат на господа, тоа не е големо понижување. Меѓу нив се појавуваат и верски фанатици – поточно речено оние што би сакале да бидат верски фанатици, но тие својата желба ја сметаат за вера. Меѓу тие луѓе многу често на крајот на краиштата има и такви што се разочаруваат. За господинот Версилов мислам дека има и прекрасно искрени карактерни црти. И воопшто тој ме заинтересира.

– Васин! – викнав јас. – Вие ме зарадувавте. Не се восхитувам од вашиот ум, туку се восхитувам од тоа како можете вие, толку чист човек и кој е толку над мене, да одите со мене и да зборувате со мене така просто и љубезно како ништо да не се случило!

Васин се насмевна.

– Вие премногу ме фалите, а таму не се случи ништо друго освен тоа што вие премногу ги сакате развлечените разговори. Вие, веројатно, многу време пред тоа сте молчеле.

– Молчев три години, три години се подготвував да зборувам . . . Се разбира, не можев да ви изгледам глупак, затоа што сте вие самиот многу умен човек, иако не е возможно да се однесува човек поглупо од мене, но затоа ќе ме сметате за подлец.

– Подлец ли?

– Да, се разбира! Кажете, зар скришно не ме презирате затоа што реков деку сум вонбрачен син на Версилов . . . и што се пофалив со тоа дека сум син на спахиски слуга?

– Вие претерано се измачувате самиот себе. Ако сметате дека е глупо тоа што сте го рекле, другпат тоа немојте повеќе да го правите. Пред себе имате уште педесет години.

– О, јас знам дека е потребно да бидам молчелив пред луѓето. Најлоша од сите мани е таа: да им се обесува човек на луѓето на вратот; тоа самиот им го реков пред малку, а еве и вам ви се обесувам! Но, сепак, постои една мала разлика, нели? Ако сте ја сфатиле таа разлика, ако сте биле способен да ја сфатите, ќе го благословам тој момент.

Васин пак се насмевна.

– Елате кај мене ако сакате! – рече тој. – Сега имам работа и сум зафатен, но ќе ми направите задоволство.

– Според вашето лице пред малку заклучив дека имате многу цврст карактер и дека сте затворен човек.

– Тоа е, можеби, сосема точно. Јас ја запознав вашата сестра Лизавета Макаровна, минатата година во Луга . . . Крафт застана и изгледа вас ве чека. Тој оди на друга страна.

Силно му ја стегнав раката на Васин и побрзав кон Крафт кој постојано одеше пред нас додека јас зборував со Васин. Молчејќи дојдовме до неговиот стан; јас уште не можев да зборувам со него. Во Крафтовиот карактер најистакната црта беше-нежноста.

ЧЕТВРТА ГЛАВА

I

Крафт порано имаше некаква служба, но наедно и му помагаше на покојниот Андроников (за пари) во водењето на неговите разни приватни работи со кои овој постојано се занимаваше покрај својата служба. За мене беше важно тоа што на Крафт, поради неговите блиски врски со Андроников, можеше да му биде познато многу нешто од она што мене толку многу ме интересираше. Но разбрав од Марија Ивановна, жена му на Николај Семјонович, кај кого живеев многу години додека одев в гимназија, и внука од сестра, воспитаница и љубимица на Андроников, – дека на Крафт дури му било „порачано" нешто да ми предаде. Јас го чекав него веќе цел месец.

Тој имаше еден мал стан од две соби во кој живееше сосема сам, а сега, по неговото враќање, беше дури и без слуги. Куферот му беше отворен, но предметите не беа расфрлени, туку се наоѓаа на столовите, а на масата пред канабето имаше една патничка торба, еден мал рачен куфер, пиштол и други работи. Кога влеговме, Крафт беше многу задуман, како мене сосем да ме заборавил. Можеби тој и не забележа дека со него патем не прозборував. Тој почна нешто веднаш да бара, но, кога се виде во огледалото, без да сака застана и цела минута го гледаше своето лице. Јас, се разбира, ја забележав таа особеност (а подоцна и премногу се сеќавав за сето тоа, но бев нерасположен и збунет. Не можев да се приберам. Во еден мо-

мент помислив веднаш да си одам и така да ја напуштам целата работа засекогаш. А и што претставуваше, всушност, таа работа? Не беше ли тоа само една измислена грижа. Доаѓав во очај што трошам енергија можеби за мали работи и тоа само поради осетливост, додека пред себе имав важна задача. А меѓутоа, мојата неспособност за сериозна работа очигледно се покажа во тоа што се случи кај Дергачев.

– Крафт, ќе сакате ли вие уште некогаш да одите кај нив? – го запрашав јас одеднаш. Тој пополека се сврти кон мене како лошо да ме разбра, јас седнав на столот.

– Простете им! – рече Крафт одеднаш.

Мене, се разбира, тоа ми се стори како подбивање; но кога подобро го погледав забележав на неговото лице една многу чудна и ретка простодушност што и мене самиот ме изненади: како можеше тој така сериозно мене да ме замоли да им „простам". Тој го зеде столот и седна покрај мене.

– И самиот знам дека сум, можеби, еден куп од честољубие и ништо повеќе, – започнав јас – но не барам извинување.

– Нема да барате од никого! – рече тој тивко и сериозно. Тој за цело време зборуваше тивко и многу бавно.

– Нека останам виновен во своите очи... Јас сакам да се обвинувам себеси... Извинете Крафт, што дрдорам глупости. Кажете, дали сте вие член на тој кружок? Ете тоа сакав да ве прашам.

– Тие не се ни поглупи од другите луѓе, ни поумни. Тие се занесени како и сите други.

– Зар сите се занесени? – му се обрнав јас нему, не сакајќи, љубопитно.

– Сите подобри луѓе сега се занесени. Многу се истакнуваат само средните луѓе и луѓето без талент... Впрочем, сето тоа нема вредност.

Додека тоа го зборуваше тој гледаше во воздухот, ги започнуваше речениците и ги прекинуваше. Особено ме вчудовидуваше некаква тага во неговиот глас.

– Дали е и Васин со нив? Васин е умен, Васин има морална идеја! – му реков јас.

– Морални идеи сега воопшто нема; одеднаш се покажа дека нема ни една и што е главно изгледа дека никогаш и немало.

– Зар порано немало морални идеи?

– Подобро тоа да го оставиме! – рече тој очигледно уморен.

Мене ме трогна неговата болна сериозност! Се засрамив од својот егоизам, помислив да влезам во неговиот тон.

– Денешново време – започна тој самиот, откако престана да молчи две–три минути и гледајќи некаде во воздухот – денешново време тоа е време на златната средина и на бесчувственоста, на љубовта спрема незнаењето, на мрзливоста, на неспособноста за работа и на желбата сè да се најде готово. Никој не размислува. Ретко некој ќе изработи за себе некаква идеја.

Тој пак застана малку; јас слушав.

– Сега во Русија ги уништуваат шумите, ја исцрпуваат нејзината почва, ја преправаат во степа и ја подготвуваат за Калмиците. Се појави ли некој човек со надеж, и посади ли дрво – сите се подбиваат со него: „Зар ти ќе доживееш плод од него?" Од друга страна, тие што го пожелуваат доброто, тие расправаат за тоа што ќе биде по илјада години. Идејата што може да охрабрува сосем пропадна. Сите како да се наоѓаат на железничка станица во чекалната и како утре да си одат од Русија; сите живеат така само за нив да има доволно . . .

– Дозволете, Крафт, вие рековте: „Се грижат за тоа што ќе биде по илјада години". А зар вашето очајување . . . за судбината на Русија . . . зар тоа не е исто така грижа од ист вид?

– Тоа . . . тоа е најнасушното прашање што постои! – прозборува тој раздразнето и брзо стана од местото.

– Ах, да! Јас заборавив! – рече тој одеднаш со сосем друг глас, гледајќи ме во недоумение. – Ве повикав за работа, а меѓутоа . . . Живи господ, извинете.

Како одеднаш да се разбуди од сон, тој речиси се

збуни. Потоа извади од портофелот, што беше на маса, едно писмо и ми го даде.

– Еве ова имав да ви го предадам. Тоа е еден документ што има некаква важност! – почна тој со внимание и деловно. Мене уште многу време потоа, кога ќе се сетев, ме вчудовидуваше таа негова способност (во такви за него моменти) да се внесе со такво срдечно внимание во туѓа работа и така спокојно и јасно да ја образложи.

– Ова писмо е од оној Столбеев, по чија смрт, заради неговото завештание, се поведе спор помеѓу Версилов и кнезовите Сокољски. Тоа дело сега се решава во судот и изгледа ќе се реши во корист на Версилов. На негова страна е законот. Меѓутоа, во ова приватно писмо, што е напишано пред две години, самиот завешталец ја кажува својата волја, или поточно желба, и тоа повеќе во корист на кнезовите, отколку во корист на Версилов. Во секој случај оние точки на кои се потпираат кнезовите Сокољски во оспорувањето на завештанието добиваат силна поддршка во ова писмо. Противниците на Версилов би дале многу за овој документ кој впрочем нема решавачка правна важност. Алексеј Никанорович (Андроников), што се занимаваше со работите на Версилов, го сочува ова писмо кај себе и многу малку пред својата смрт ми го предаде со молба да го „зачувам“ – можеби се плашеше за својот документ, бидејќи претчувствуваше дека ќе умре. Не сакам сега да судам за намерите на Алексеј Никанорович во оваа работа и признавам дека по неговата смрт се најдов во една тешка нерешителност за тоа што да правам со овој документ, особено поради тоа што беше блиску решавањето на делото во судот. Меѓутоа, Марија Ивановна, на која изгледа Алексеј Никанорович многу ѝ здодевал во животот, ме изведе од тешкотијата. Пред три недели таа ми напиша едно решително писмо во кое ми вели да ви го предадам овој документ токму вам и дека е тоа и з г л е д а (нејзин израз) согласно и со волјата на Андроников. И така, еве ви го тој документ, а мене ми е многу мило што најпосле можам да ви го предадам.

– Чујте, – реков збунет од таквата неочекувана

новост, – што да правам јас сега со ова писмо? Како да постапам?

– Тоа зависи од вашата волја.

– Невозможно, јас сум многу врзан, гледате и самите! Версилов толку го чекаше ова наследство ... и знаете тој ќе пропадне без таа помош, а сега одеднаш изникнува овој документ.

– Тој постои само овде, во собава.

– Навистина ли? – го погледав јас внимателно.

– Ако вие самиот не знаете како да постапите, што можам јас да ве советувам?

– Но не можам да му го предадам ни на кнезот Сокољски. Тоа ќе ги убие сите надежи на Версилов и, освен тоа, пред нив ќе излезам како предавник ... Од друга страна, ако му го предадам на Верислав, ќе оштетам невини луѓе, а самиот Верислав го доведувам во безизлезна положба: или да се откаже од наследството или да изврши кражба.

– Вие претерано ја зголемувате важноста на овој документ.

– Кажете ми само дали има овој документ крајно решавачки карактер?

– Не, нема. Јас не сум којзнае каков правник. Адвокатот на спротивната страна, се разбира, ќе знае како би требало да се искористи овој документ и тој би ја извлекол сета корист од него; но Алексеј Никанорович сметаше како сигурно дека ова писмо, ако се пријавило, не би имало поголема правна важност, така што Версилов сепак не би го изгубил делото. Повеќе би можело да се каже дека овој документ претставува, така да се каже, работа на совеста ...

– Па тоа и е поважно од сè, – го прекинав јас – токму поради тоа Версилов ќе биде во безизлезна положба.

– Тој може и да го уништи овој документ и тогаш напротив ќе биде спасен од секаква опасност.

– Имате ли вие специјална причина за него така да мислите, Крафте? Ете тоа би сакал да го знам. Затоа и дојдов кај вас!

– Јас мислам дека секој што би бил на негово место така би постапил.

– Дали и вие би постапиле така.

– Јас не добивам наследства и затоа не знам што би правел.

– Е па добро, – реков јас ставајќи го писмото во џебот, – нека оваа работа засега биде свршена. Крафте, чујте. Марија Ивановна, која ве уверувам многу работи ми откри, ми рече дека вие, и тоа само вие, би можеле да ја кажете вистината за она што се случи пред половина година во Емс помеѓу Версилов и Ахмакови. Јас ве чекав како сонце што ќе огрее сѐ во мене. Вие, Крафте, не ја знаете мојата положба. Ве молам да ми ја кажете целата вистина. Јас би сакал да знам каков човек е т о ј, а сега, сега тоа ми е повеќе потребно од кога и да е.

– Ме изненадува дека тоа не ви го кажала самата Марија Ивановна. Таа за сето тоа можела да чуе од покојникот Андроников и, се разбира, таа чула и затоа можеби знае подобро од мене.

– На Андроников таа работа не му беше јасна, токму така ми зборуваше Марија Ивановна. Таа работа изгледа никој не може да ја објасни. Тука и самиот ѓавол би се заплеткал. Меѓутоа, јас знам дека вие тогаш бевте во Емс . . .

– Не за целото време, но што знам, ќе ви кажам на драго срце само дали ќе бидете задоволен?

II

Нема овде дословно да ја изнесувам приказната, туку само накратко ќе ја кажам нејзината суштина.

Пред половина година, Версилов, кој преку стариот кнез Сокољски стана пријател на куќата Ахмакови (сите тогаш се наоѓаа во странство, во Емс), направи силен впечаток пред сѐ врз самиот Ахмаков, генералот, и уште не многу стар човек кој на карти го прокоцка целиот богат мираз на својата жена Катерина Николаевна за три години од брачниот живот и кого поради разузданиот живот еднаш веќе го беше

удрила дамла. Од овој удар тој се поправаше во странство, а во Емс престојуваше поради својата ќерка од првиот брак. Тоа беше една болезлива девојка на седумнаесет години која страдаше од градна болест и велат дека била многу убава, но заедно со тоа и многу фантазирала. Мираз немала, се надевале, според обичајот, дека мираз ќе ѝ даде стариот кнез. Катерина Николаевна, велат, била добра маштеа. Но оваа девојка поради нешто особено се приврза за Версилов. Тој во тоа време проповедаше „нешто страсно", како што се изрази Крафт, некој нов живот, „беше во религиозен занес од повисок ред" – како што ми рекоа дека за него чудно, а можеби и подбивно, се изразил Андроников. Падна в очи дека наскоро никој повеќе не го поднесуваше. Генералот дури се плашеше од него. Крафт не го откажува сосем гласот дека Версилов успеал да го увери болниот маж дека Катерина Николаевна не е рамнодушна спрема младиот кнез Сокољски (кој тогаш од Емс отпатува во Париз). Тој не му го рече тоа отворено, туку „по свој обичај", оддалеку и со разни заобиколувачки навестувања, „во што беше многу голем мајстор" – се изрази Крафт. Воопшто треба да кажам дека Крафт го сметаше и сакаше да го смета повеќе како еден измамник и роден интригант отколку како човек навистина проникнат со нешто повисоко или барем оригинално. Јас веќе и без Крафт знаев дека Версилов отпрвин имаше силно влијание врз Катерина Николаевна и дека малку по малку дојде до прекинување со неа. Во што се состоеше целата таа игра, не можев да разберам ни од Крафт, но сите тврдеа дека меѓу нив двајцата по пријателството се појавила заемна омраза. Потоа се случи уште една чудна работа: болезливата паштерка на Катерина Николаевна очевидно се вљубила во Версилов, или нешто во него ја заслепило или се загреала во неговиот говор, или било што, што не можам јас да знам. Меѓутоа, сигурно е дека Версилов едно време речиси цели денови поминуваше во друштво на таа девојка. Работата се заврши со тоа што девојката одеднаш му изјави на татка си дека сака да се мажи за Версилов. Дека тоа

навистина се случило – тоа сите го потврдуваат, и Крафт и Андроников, и Марија Ивановна, и дури еднаш за тоа ми рече и Татјана Павловна. Потврдено е и тоа дека Версилов не само што го сакаше овој брак, туку дури и настојуваше да дојде до него и дека постои обострана согласност помеѓу овие две нееднородни суштества, стар човек и млада девојка. Но таткото се уплаши од оваа намера. Доколку секој ден сѐ повеќе се одбиваше од Катерина Николаевна, тој започна речиси да ја обожава својата ќерка, особено по дамлата. Но како најогорчен противник на овој брак се појави самата Катерина Николаевна. Се случија многу разни тајни, многу непријатни семејни судрувања, спорови, огорчувања, со еден збор-разни гадости. Најпосле таткото започна да попушта кога ја увиде упорноста на својата вљубена, а од Версилов „фантазирана" ќерка – како што се изрази Крафт. Но Катерина Николаевна продолжи да се противи и тоа со неумолива омраза. И, еве, тука сега настанува нејасноста што никој не ја знае. Сепак, јас можам да го соопштам објаснението што го даде Крафт врз основа на податоците, но и тоа е само претпоставка.

Според него, Версилов успеал н а с е к о ј н а ч и н да ѝ влее, вешто и сигурно, во главата на младата девојка дека Катерина Николаевна не се согласува зашто и самата е вљубена во него и дека веќе одамна ја измачува љубомората, трча по него, прави интриги, дури веќе му изјавила љубов и дека сега е готова дури и да го запали затоа што тој сака друга; со еден збор, нешто слично. Најлошото е тоа што тој му навестил за тоа и на татко ѝ, и на мажот на „неверната" жена, објаснувајќи им дека кнезот бил само изговор. Се разбира, во семејството настана пекол. Според други варијанти, Катерина Николаевна многу ја сакаше својата паштерка и сега, оклеветена пред неа, таа беше во очајание, а и да не зборувам за нејзиниот однос спрема мажот. Но, напоредно со ова постои уште една варијанта во која, за моја жалост, верува и Крафт и во која и јас самиот бев уверен (за сето тоа уште порано сум слушал). Тврдеа (велат дека Андроников тоа го чул од самата Катерина Николаев-

на) дека Версилов, напротив, уште порано, т.е. пред да се родат чувствата на младата девојка, ѝ изјавил од своја страна љубов на Катерина Николаевна; дека таа, која навистина порано била негов пријател и со него дури се воодушевувала, иако немала доверба во него, туку постојано му противречела, ја примила оваа изјава на Версилов со голема омраза и страшно му се подбила. Формално го избркала откај себе, затоа што отворено и ја побарал раката, ставајќи ѝ на знаење дека нејзиниот маж уште еднаш ќе го удри дамла. Поради тоа Катерина Николаевна морала да почувствува особена омраза спрема Версилов, кога подоцна, разбрала дека тој така отворено ја бара раката на нејзината паштерка. Кога тоа ми го раскажа во Москва, Марија Ивановна веруваше и во едната, и во другата варијанта, т.е. во обете заедно. Дури тврдеше дека тоа можело да се случи едновремено, дека е тоа еден вид la haine dans l'amour[1]), навредена љубовна гордост од обете страни итн. итн. – со еден збор дека е тоа еден заплеткан љубовен роман, недостоен макар и малку за сериозен човек со здрав разум, притоа полн со подлости. Марија Ивановна, меѓутоа, беше и сама, уште од детство, многу начитана со романи, што ги читаше и ден и ноќ без оглед на нејзиниот прекрасен карактер. На крајот на краиштата се покажа очигледно лошотијата на Версилов, неговите лаги и интриги, нешто црно и грдо, дотолку повеќе што целата работа навистина се заврши трагично: кутрото вљубено девојче се отрули, велат, со фосфорни ќибритчиња. Впрочем, ни до денеска не знам дали е тој глас вистински. Во секој случај, се грижеа да го спречат со сите сили. Девојката беше болна сѐ на сѐ две недели и умре. Ќибритчињата на тој начин останаа под сомневање, но Крафт беше цврсто уверен и во нив. Потоа набргу умре и таткото на девојката, велат од жал што предизвикал повторен удар на дамла, само по три месеци. Но, по погребот на девојката, младиот кнез Сокољски, што се вратил од Париз

---

[1]) Омраза во љубовта.

во Емс, на Версилов му удрил јавно во паркот една шлаканица, а овој не сакал да го повика на двобој. Напротив, идниот ден се појавил на шеталиштето како ништо да не се случило. Затоа овде сите го напуштија; исто така, и во Петроград Во подоброто друштво сите го осудуваа, иако, впрочем малкумина ги знаат сите подробности. Луѓето знаеја само нешто за романтичната смрт на младата девојка и за шлаканицата. Повеќе податоци имаа само две-три лица. Најмногу од сите знаеше покојниот Андроников кој одамна имаше деловни врски со Ахмаковите, а особено со Катерина Николаевна, за една работа. Но сите тие тајни ги криеше дури и од своето семејство, а само малку нешто му откри на Крафт и на Марија Ивановна, затоа што мораше.

— Главната работа тука сега е еден документ — заврши Крафт — од кој особено многу се плаши госпоѓата Ахмакова.

Еве што кажа за тоа:

Катерина Николаевна беше невнимателна, т.е. кога стариот кнез, нејзиниот татко, започна во странство да се поправа од својот напад, таа му напишала во најголема тајност на Андроников (Катерина Николаевна имала во него полна доверба) едно многу компромитирачко писмо. Во тоа време, кога започнал да се поправа кнезот, велат, навистина почнал да добива наклоност да троши пари, пак да ги фрла низ прозорец; во странство тој почнал да купува непотребни, но скапи предмети, слики, вазни; да им подарува големи суми на господ знае какви тамошни разни установи; од еден Русин, светски пустикуќа, за малку слепо не купи, за голема сума пари, еден упропастен и со долг оптоварен имот. Најпосле, тој започна навистина и да фантазира за женење. Кога го виде сето тоа Катерина Николаевна, не напуштајќи го таткото за целото време на неговата болест, му постави тогаш на Андроников, како на правник и „стар пријател" едно прашање: „Дали е можно според законот да се стави кнезот под туторство или да се прогласи за правно неспособен? Ако може, тогаш на кој начин тоа би можело да се направи најзгодно, без скандал, никој да

не може да се жали и притоа да се поштедат чувствата на нејзиниот татко итн. итн.“ Андроников, велат, дека тогаш ја одвратил од тој чекор, а подоцна, кога кнезот сосема оздравил, не било ни потребно да се враќа на таа мисла. Меѓутоа, писмото останало кај Андроников. И еве тој умира. Катерина Николаевна се сеќава за тоа писмо; ако тоа се пронајде во документите на покојникот и ако дојде во рацете на стариот кнез, тој секако ќе ја истера засекогаш, ќе ја лиши од наследство и нема да ѝ даде ни една копејка за живот. Мислата дека неговата родена ќерка не верува во неговиот ум и дека дури таа сакала да го прогласи за поулавен, би го претворила овој човек – јагне во ѕвер. Таа пак, штом овдове, остана по желба на коцкарот-маж сосема без средства; па сметаше само на татка си. Таа сосем се надеваше дека од него ќе добие нов мираз, исто толку богат колку и првиот.

За судбината на ова писмо Крафт знаеше многу малку, но забележа дека Андроников „никогаш не ги кинел потребните листови“, и дека, покрај тоа што беше човек со широк ум, имаше и „широка совест“. (Мене дури и ме изненади тоа многу безобѕирно мислење на Крафт кој многу го сакаше и уважуваше Андроников). Крафт сепак беше уверен дека овој компромитирачки документ стасал во рацете на Версилов поради неговото пријателство со вдовицата и со ќерките на Андроников. Веќе се знаеше за тоа дека тие веднаш и многу услужно му ги предале сите документи на Версилов, сите документи што ги оставил покојникот. Тој знаеше дека на Катерина Николаевна ѝ е познато оти писмото се наоѓа кај Версилов и дека таа се плаши, зашто мисли дека Версилов со тоа писмо наеднаш ќе појде кај стариот кнез и дека, штом се вратила од странство, веќе го барала тоа писмо во Петроград, била кај Андроникови, и дека сега постојано го бара, зашто сè уште има надеж писмото да не биде кај Версилов; и најпосле, дека и во Москва отиде само со таа цел и ја замоли Марија Ивановна да го побара писмото меѓу оние документи што останале кај неа. За постоењето на Марија Ивановна и за нејзи-

ните односи спрема покојниот Андроников таа разбра дури неодамна, по своето враќање во Петроград.

– Вие мислите дека таа не го нашла кај Марија Ивановна? – прашав јас имајќи, меѓутоа, една своја мисла.

– Ако Марија Ивановна никому не открила ништо, дури ни вам, значи дека, можеби, ни таа нема ништо.

– Значи ли таа дека вие мислите оти е документот кај Версилов?

– Најверојатно е така. Впрочем, не знам, може сè да биде! – промрмори тој очигледно изморен.

– Престанав да се распрашувам, а и зошто да се распрашувам? Сето што ми беше важно, ми се објасни, освен онаа недостојна тема. Сè од што се плашев – се потврди.

– Сето ова беше како во сон! – реков јас многу растажен и си ја зедов шапката.

– Многу ли гò сакате тој човек? – праша Крафт со очигледно и големо сочувство што го прочитав на неговото лице во тој момент.

– Така и претчувствував – му реков јас – дека од вас сепак нема да разберам сè. Остана единствената надеж во Ахмакова. Во неа се надевав. Можеби ќе појдам кај неа, а можеби и не.

Крафт ме погледна во недоумение.

– Збогум, Крафт! Зошто да им се наметнувам на луѓето што не ме сакаат? Зар не е подобро сè да прекинам, а?

– А после каде? – тој ме праша некако сурово и гледајќи во земјата.

– Во себе, во себе! Сè ќе прекинам и ќе се повлечам во себе!

– Во Америка ли?

– Каква Америка! Во себе, само во себе! Ете, во тоа е целата „моја идеја“ Крафте! – му реков јас свечено.

Тој ме погледна некако љубопитно.

– А кај вас постои ли тоа место: „во себе“?

– Да, постои. До гледање Крафт. Ви благодарам и извинете што ве вознемирив, да сум на ваше место,

кога Русија би ја сфатил како вие што ја сфаќате, сè би испратил по ѓаволите: одете каде што знаете, интригирајте, колете се – што ми е грижа мене.

– Останете уште малку! – рече тој одеднаш испраќајќи ме кон вратата.

Јас малку се изненадив, се вратив и пак седнав. Крафт седна спроти мене. Се насмевавме еден на друг – сето тоа го гледам како сега да се случува. Многу добро, сè сеќавам дека тој малку ме изненади.

– Крафт, вие ми се допаѓате затоа што сте толку љубезен! – му реков јас наеднаш.

– Навистина ли?

– Тоа е затоа што самиот ретко умеам да бидам љубезен, иако би сакал да бидам таков . . . Впрочем, можеби е и подобро што луѓето навредуваат; барем вас ве спасуваат од неволја да ги сакате.

– Кој дел од денот најмногу вие го сакате? – ме праша тој очигледно не слушајќи што зборувам.

– Кој дел од денот ли? Не знам. Не го сакам зајдисонцето.

– Навистина ли? – рече тој некако чудно љубопитно, но тогаш пак веднаш се замисли.

– Вие пак ли одите некаде?

– Да . . . одам.

– Наскоро ли?

– Да!

– Зар навистина за одење до Вилно ви е потребен и пиштол? – го прашав сосем без каква и да е задна мисла; мисла дури и воопшто немав. Така само го прашав затоа што го забележав пиштолот, а се измачував да најдам за што да зборувам.

Тој се сврти и вџашено погледна во пиштолот.

– Не е потребен, но го носам така по навика.

– Кога би имал пиштол јас би го скрил негде заклучен. Знаете, господ да чува, може човек да падне во искушение. Јас можеби не верувам ни малку во епидемијата на самоубиства, но кога тоа постојано ви стои пред очите, има моменти кога човек може да падне во искушение.

– Немојте да зборувате за тоа! – рече тој и одеднаш стана од столот.

– Јас не зборувам за себе, – додадов, исто така, станувајќи – мене нема да ми биде потребен пиштол. Да ми дадете и три животи пак ќе ми бидат малку.

– Да живеете долго! – изговори тој како да му се отргна од устата.

Тој расеано се насмевна и, чудно, тргна право во претсобјето, просто изведувајќи ме самиот од куќата, се разбира, не забележувајќи што прави.

– Крафт, ви пожелувам секаква среќа! – му реков јас на излегување на скалите.

– Да даде господ! – одговори тој цврсто.

– До видување! –

– И тоа господ да го даде!

Уште се сеќавам за овој негов последен поглед кон мене.

III

Значи, тоа беше човекот за кој толку години чукаше моето срце! И што очекував од Крафт, какви нови соопштенија?

Кога излегов откај Крафт почувствував страшна гладост. Веќе наближуваше вечерата, а јас уште не бев ручал. Затоа влегов во Големиот проспект на Петроградската страна, во една мала гостилница со намера да потрошам само дваесетина, а најмногу дваесет и пет копејки – повеќе тогаш воопшто не смеев да си дозволам. Порачав супа и се сеќавам седнав покрај прозорец и гледав. Во локалот имаше доста народ, мирисаше на прегорено масло, на стари салфети и на тутун. Беше одвратно. Над мојата глава, со својот клун удри на дното од кафезот еден молчалив славеј, мрачен и задуман. Во соседната соба околу билјардот се слушаше врева, но јас седев и мислев. Заоѓањето на сонцето (зошто ли се зачуди Крафт кога јас му реков дека не го сакам зајдисонцето) предизвика кај мене некои нови и неочекувани чувства, сосем ненаместо. Постојано ми се појавуваше тивкиот поглед на мојата мајка, нејзините слатки очи што еве, веќе цел месец ме гледаат толку бојазливо. Во последно време

бев многу груб дома, најмногу спрема неа. Сакав да бидам груб спрема Версилов, но не смеев, па според својот подал обичај ја измачував неа. Дури сосем се исплашив: таа често ме гледаше со молбен поглед, кога ќе влезеше Андреја Петрович, зашто се плашеше од моја страна да не направам некаков испад ... Многу чудно беше тоа што сега, во гостилницата, за првпат забележав дека Версилов ѝ зборува на т и, а таа на в и е. Затоа се чудев и порано, и не во нејзина корист, но тоа сега особено го забележав. И други чудни мисли едноподруго ми минуваа низ главата. Долго седев на тоа место, сè додека не се стемни. Јас мислев за сестра ми ...

Ова е за мене решавачки момент. Требаше да се решам по секоја цена. Зар навистина сум неспособен да се решам? Што е толку тешко да прекинам со нив, кога и тие самите мене не ме сакаат? А мајка ми и сестра ми? Меѓутоа, нив нема никогаш да ги напуштам, како и да се сврти работата.

Вистина е дека појавата на овој човек во мојот живот, т.е. неговата појава за еден миг уште во првото мое детство, за мене беше оној фатален удар со кој започна да се буди мојата свест. Да не го бев сретнал тогаш, мојата памет, мојата хармонија на мислите, мојата судбина веројатно, ќе беа поинакви без оглед дури и на мојот карактер, однапред определен со судбината, која секако не би можел да ја избегнам.

Меѓутоа, сега сè повеќе се покажува дека овој човек е само плод на мојата фантазија, на мојата фантазија од детството. Јас самиот таков сум го измислил, а, всушност, тој е поинаков, многу понизок отколку што беше во мојата фантазија. Јас дојдов кај чист човек, а не кај овој. И зошто во него се вљубив, еднаш засекогаш, во оној краток миг кога го видов додека бев уште дете? Ова „засекогаш" треба да исчезне. Еднаш, ако се најде место, ќе го опишам ова наше прво срекавање. Тоа е сосем празна анегдота од која не излегува ама ништо. Но кај мене нарасна цела пирамида. Таа пирамида ја започнав уште од детската покривка кога можев, легнувајќи да спијам, да плачам и да фантазирам – за што? – тоа ни самиот не го

знам. Дали затоа што ме оставија сите? Затоа што ме измачуваат ли? Меѓутоа, ме измачуваа само малку време, сè на сè две години, во пансионот кај Тушар во кој тогаш ме пикнаа и си заминаа засекогаш. Подоцна никој не ме измачуваше. Напротив, јас дури со гордост гледав на моите другари. И не можев да ги поднесувам тие сиромаси без родители што се оплакуваа! Ништо не е полошо од тоа кога сирачиња, вонбрачно родени деца, сите тие отфрлени и воопшто сета таа лошотија спрема кои немам никакво сочувство, наеднаш свечено започнуваат пред публиката да се креваат и жално, но незапирливо да се поплакуваат: „Гледате ли како постапија со нас!" Јас би ги тепал тие сирачиња. Зашто во целиот тој одвратен простаклак нема никого што би сфатил дека му е десетпати поблагородно да молчи, отколку да офка и да се понижува и да се поплакува. А штом си се понижил, сине на љубовта, и нека ти биде така. Ете така јас мислам за тоа.

Но, не е смешно тоа што јас фантазирав порано „под покривката", туку тоа што дојдовваму токму заради него, пак заради овој измислен човек и речиси ја заборавив мојата главна цел. Дојдов да му помогнам да ја собори клеветата, да ги здроби непријателите. Тој документ за кој говореше Крафт, тоа писмо на жената испратено на Андроников од кое таа толку се плаши, кое може да ја уништи нејзината судбина и да ја фрли во сиромаштија, а за кое мисли дека се наоѓа кај Версилов – тоа писмо Версилов го немаше, туку се наоѓаше кај мене сошиено во еден внатрешен џеб! Самиот си го сошив и никој на светот веќе не знаеше ништо за тоа. Тоа што романтичната Марија Ивановна, во која се наоѓаше документот „на чување" нашла за потребно да ми го предаде мене и на никој друг, тоа беше само нејзино сфаќање и нејзина волја, што не морам да ја објаснувам, иако можеби еднаш и тоа ќе го сторам. Меѓутоа толку неочекувано вооружен, јас не можев да се воздржам од искушението да се појавам во Петроград. Се разбира, сакав да му помогнам на тој човек, само тајно, не поинаку, не истакнувајќи се себеси и не паѓајќи во оган, не очекувајќи од

него ни пофалби, ни негови прегратки. И никогаш, никогаш немаше да се п о н и ж ж а м, нешто да му префрлам! Тој ли е виновен за тоа што јас во него се вљубив и од него направив фантастичен идеал? Можеби воопшто јас не го ни сакав! Неговиот оригинален ум, неговиот интересен карактер, неколкуте негови интриги и преживелици и тоа што кај него се наоѓаше мојата мајка, сето тоа, ми се чини, не можеше повеќе да биде доволно за да ме задржи. Доволно беше тоа што мојата измислена кукла е скршена и што, можеби, повеќе не можев да го сакам. Според тоа, уште што ќе ме задржуваше, во што се заплеткав? – тоа е прашањето. Од сево ова произлегуваше дека сум глуп само јас и никој друг.

Но, кога барам чесност и од други луѓе, ќе бидам чесен и јас: морам да признам дека сошиениот документ во мојот џеб не будеше кај мене само страсна желба да отрчам да му помогнам на Версилов. Сега ми е тоа премногу јасно, а и тогаш веќе поцрвенував од таа мисла. Мене ми се привидуваше жената, гордото суштество на повисокиот свет со кое ќе се сретнам лице в лице. Таа ќе ме презира, ќе ми се смее како на некој глушец, а нема ни да насети дека сум јас господар на нејзината судбина. Оваа мисла ме занесуваше уште во Москва, а особено во вагонот кога патував за ваму. Тоа веќе еднаш порано го признав. Да, јас ја мрзев таа жена, но веќе ја сакав како моја жртва и сето тоа беше и толку детински што такво нешто не очекував ни од човек каков што сум јас. Јас ги опишувам моите тогашни чувства, т.е. она што тогаш ми минуваше низ главата, додека седев во гостилницата, под славејот и кога се решавав уште таа вечер да раскинам со нив бездруго. Мислата на утринското срекавање со оваа жена одеднаш го облеа моето лице со црвенилото на срамот. Срамна средба! Срамен и глуп впечаток кој – што е главно – е подобар доказ за тоа колку сум неспособен нешто да изведам, отколку што и да е друго. Или тоа беше само доказ, така мислев тогаш, дека не сум кадарен да им се спротивам дури и на најглупите мамки, а ваму пред малку на Крафт му реков дека имам „свое место“,

дека имам своја работа и кога би имал три животи дека и тоа би ми било малку. Тоа го реков гордо. Тоа пак што ја оттурнав мојата идеја и се вплетов во работите на Версилов – тоа уште некако би можело да се објасни. Но, тоа што рипам како уплашен зајак од едната страна на другата и што се задржувам на секоја ситница, за тоа само е виновна мојата глупост. Што ме тераше да појдам кај Дергачев и да се појавам со моите глупости, кога уште одамна за себе знам дека не умеам да кажам ништо умно ни мудро и дека е за мене најдобро да молчам? И мора да дојде некој Васин за да ме вразуми со тоа дека имам пред себе уште „педесет години живот" и дека според тоа не треба да се жалам за ништо. Признавам дека неговата забелешка е прекрасна и тоа му прави чест на неговиот неоспорен ум. Прекрасна е затоа што е многу проста, а сè што е просто се сфаќа дури на крајот, откако човек ќе проба сè што е понеразбирливо или поглупо. Но, за тој аргумент јас знаев и пред Васин. Таа мисла ја носев уште пред три години, и не само тоа, туку во основата на таа мисла делумно се наоѓаше и „мојата идеја". Ете што мислев тогаш во гостилницата.

Јас имав лошо чувство кога, уморен од одење и од мисли, стигнав вечерта околу осум часот во Семјоновскиот полк. Веќе беше сосем стемнето и времето беше изменето: беше суво, но се појави оној непријатен петроградски ветар што започна остро да ме бие во грбот и да крева наоколу прав и песок. Колку имаше намуртени лица од малиот свет што се враќаа од работа и од фабрики брзо дома! Секој има своја мрачна грижа на лицето, а ниеден во целиот тој куп луѓе нема, можеби, општа мисла што би ги обединувала сите! Крафт има право: секој на своја страна. Сретнав едно младо момче, толку малечко што ме зачуди како можеше во тоа време да се најде само на улица; очигледно залутало; една жена застана за момент да го ислуша, но ништо не разбра, замавна со раката и продолжи понатаму, оставајќи го самото во мракот. Јас му се доближив, но тоа којзнае зошто се уплаши од мене и избега понатаму. Кога се доближив до ку-

ќата, решив повеќе никогаш да не одам кај Васин. Качувајќи се по скалите си помислив дека би било убаво дома да ги најдам сите наши, без Версилов, за да можам пред неговото доаѓање да ѝ прозборам некој добар збор на својата мајка или на мојата мила сестра, на кои цел месец не им реков речиси ниту еден збор. Така и се случи: тој не беше дома . . .

IV

По тој повод во моиве „Белешки" го воведувам ова „ново лице" на сцената (т.е. јас зборувам за Версилов), накусо ќе го соопштам неговиот животопис, што е, впрочем, безначаен. Тоа го правам за да може читателот подобро да разбере сè и затоа што не предвидувам каде би можел да го ставам тој животопис во понатамошниот тек на раскажувањето.

Тој студираше на универзитетот, но стапи во гардата во еден коњички полк. Се ожени за Фанариотова и поднесе оставка на службата, отпатува во странство и кога се врати живееше во Москва со весел светски живот. По смртта на жена му дојде на село. Тука се случи епизодата со мајка ми. Подоцна долго живееше негде на југ. За време на војната со Европа пак стапи во војската, но не попадна на Крим и за цело време не беше во војната. Кога заврши војната си поднесе оставка, замина во странство и тоа со мајка ми која сепак ја остави во Кенигзберг. Сиромашката често раскажуваше со ужас и постојано ја вртеше главата како поминала тогаш цела половина година, сосем сама, со малото ќеркиче, не знаејќи го јазикот, како да била изгубена во некоја шума, а на крајот и без пари. Тогаш по неа дојде Татјана Павловна и ја одведе назад, некаде во Нижегородската губернија. Потоа Версилов стапил во служба како мировен судија од прв степен и, велат, многу добро си ја вршел својата работа. Но наскоро тој ја напуштил оваа работа и започнал во Петроград да се занимава со адвокатура во приватни граѓански спорови. Андроников секогаш високо ги ценеше неговите способности,

многу го уважаваше и велеше дека не го разбира само неговиот карактер. Потоа Версилов го напушти и тоа и пак отпатува во странство, и тоа за подолго време, за неколку години. Потоа започнаа многу блиските врски со стариот кнез Сокољски. За целото тоа време неговите парични средства два-трипати се изменија радикално: ту попаѓаше во полна сиромаштија, ту пак се збогатуваше и се издигаше.

Впрочем, сега, откако своите забелешки ги доведов токму до оваа точка, ќе решам да ја изнесам и „мојата идеја". Ќе ја опишам со зборови, за првпат откако се родив. Се решавам, така да речам, да му ја откријам на читателот и тоа пак заради јасноста на понатамошното излагање. Зашто не само читателот, туку и јас самиот, што го пишувам ова, започнувам да се губам во тешкотијата на објаснувањето на моите постапки, затоа што не објаснив што ме натера и навлече на нив. Заради таа „фигура на премолчување" западнав, поради мојата неумешност, во оние „убавини" на романописецот на кои погоре им се подбивав. Влегувајќи, така да кажам, низ врата во мојот петроградски роман со сите мои срамежливи преживелици во него, сметам дека овој увод беше неопходно потребен. Но „убавините" не ме доведоа во искушение досега да молчам, туку тоа беше суштината на работите, т.е. тешкотијата на работите. Дури и сега кога измина сè што беше минато, чувствувам голема тешкотија да ја изложам таа „мисла". Освен тоа, без сомневање должен сум да ја изнесам во нејзиниот тогашен облик, т.е. како таа се напласти во мене во тоа време, а не каква е таа сега, а ова е веќе една нова тешкотија. Многу работи скоро не можам да прераскажам. Особено тие идеи што се попрости од сите, појасни од сите – токму тие тешко и се сфаќаат. Ако Колумбо, пред откривањето на Америка, започнеше да им ја изложува својата идеја на други луѓе, јас сум уверен дека многу долго време немаше да го сфатат. Да, не го ни сфатија. Кога тоа го велам јас воопшто не мислам себеси да се споредувам со Колумбо, а ако некој тоа го заклучи, нека се засрами самиот тој и ништо повеќе.

ПЕТТА ГЛАВА

I

Мојата идеја е да станам Ротшилд. Го повикувам читателот да биде мирен и сериозен.

Повторувам: мојата идеја е да станам Ротшилд, да станам исто толку богат како Ротшилд. Не само богат, туку богат токму како Ротшилд. Зошто, поради што, какви цели имам – за тоа ќе стане збор подоцна. Веднаш ќе го речам само тоа дека постигнувањето на мојата цел е математички осигурено.

Работата е многу проста, сета тајна се состои во два збора: упорност и истрајност.

– Ние тоа веќе го чувме – ќе ми рече некој – тоа не е никаква новина. Секој фатер[1]) во Германија тоа им го зборува на своите деца, а, меѓутоа, вашиот Ротшилд, (т.е. покојниот Џемс Ротшилд, од Париз, јас за него говорам) беше и остана еден, а Фатеровци има милиони.

Јас на тоа би одговорил:

– Вие тврдите дека тоа веќе сте го чуле, а меѓутоа, ништо не сте чуле. Навистина донекаде и вие имате право. Јас реков дека таа работа е „многу проста", но заборавив да додадам дека е и многу тешка. Сите религии и сите морали на светот се сведуваат на едно: „Треба да се сака добродетелта и да се избегнуваат маните". Има ли нешто попросто? Но, де, направете нешто што и да е по правилата на некоја добродетел

---

[1]) Татко.

и откажете се од некоја ваша мана. Пробајте – де!
Така е и овде.

Ете затоа многубројните ваши фатери во текот на многу векови можат да ги повторуваат овие два чудни збора од коишто е составена цела една тајна, а меѓутоа Ротшилд, ќе остане еден, единствен. Значи: тоа не е така и фатерите не ја повторуваат истата таа мисла.

За упорноста и истрајноста без сомневање слушале и тие, но за постигнувањето на мојата цел не се потребни фатерската упорност и фатерската истрајност.

Веќе само тоа дека е некој фатер, – не зборувам само за Германците – дека има семејство и дека живее како другиот свет, дека има расходи како другите луѓе, обврски како другите, па веќе не може да стане Ротшилд, туку ќе стане само еден среден човек. Сосем јасно сфаќам дека кога ќе станам Ротшилд, или само со тоа што посакав да станам Ротшилд, но не фатерски, туку вистински – веќе со самото тоа излегувам од општеството.

Пред неколку години прочитав во весниците дека на Волга на еден брод умрел некој сиромав што бил облечен во партали и питал милостина, човек кој на сите таму им бил многу познат. Кај него, по неговат‹а› смрт, во неговите партали нашле зашиени околу тр‹и› илјади банкноти. Неодамна пак читав за еден пита‹ч› благородник, кој одел по гостилниците и ја подава‹л› раката за милостина. Го уапсиле и кај него нашл‹е› околу пет илјади рубли. Оттаму се изведуваат два заклучока: првиот дека у п о р н о с т а во собирањето, дури и да се само копејки, дава на крајот големи резултати (времето тука ништо не значи); и вториот: дека и најнеитрата форма за заработување, само ако е и с т р а ј н а, математичка обезбедува успех.

Меѓутоа, можеби има и многу луѓе, почитувани, умни и трезвени кои (колку и да се трудат) немаат ни три, ни пет илјади рубли, а кои мошне многу би сакале да ги имаат. Зошто е тоа така? Одговорот е јасен: поради тоа ни еден од нив, без оглед на сето нивно сакање, сепак н е с а к а на пример до тој сте-

ќен да спечали, ако никако поинаку не може, да стане дури и питач; и не е до тој степен упорен што, кога веќе ќе стане питач, да не ги потроши првите спечалени копејки за излишни залаци за себе или за своето семејство. Меѓутоа, при таквиот начин на штедење, т.е. при питањето, потребно е човек да се храни, само со леб и со сол, и ништо повеќе, за да може да заштеди пари. Барем јас така мислам. Така изгледа работеле и споменатите двајца питачи, т.е. јаделе само леб, а спиеле под отворено небо. Нема сомневање, тие немале намера да станат Ротшилди. Тие биле просто Харпагони или Пљушкини[1]) во најчиста форма, и ништо повеќе. Меѓутоа, и при свесното збогатување во сосем друга форма, но со цел човек да стане Ротшилд, потребно е не помалку сакање и силна волја, отколку што ги имале тие двајца питачи. Фатерот не покажува таква силна волја. На светот има многу различни сили, особено сили на волјата и сакањето. Постои температура на која водата зоврива и постои температура на која железото се усвитува.

Ова е исто како некој манастир, исто како и некои аскетски подвизи. Тоа е чувство, а не идеја. Зошто? Поради што? Зар е тоа морално и зар не е чудовишно човек да оди во питачки алишта и цел живот да јаде црн леб, а да има кај себе толку пари? За тие прашања подоцна, а сега да зборуваме само за можности за постигнувањето на целта.

Кога ја измислив „мојата идеја" (а сета таа е во усвитена состојба), се обидов да се испробам себеси: дали сум способен за на манастир и за аскетство? За таа цел целиот прв месец се хранев само со леб и вода. Црн леб не трошев дневно повеќе од две и пол фунти. За да можам ова да го изведам морав да ги лажам добриот Николај Семјонович и Марија Ивановна, која ми го пожелуваше доброто. И покрај сето нејзино лутење, и покрај извесното недоумение на финиот Николај Семјонович, јас барав ручекот да ми се носи во мојата соба. Таму просто јас го фрлав: су-

---

[1]) Типови на скржавци, првиот кај Молиер, а вториот кај Гогољ.

пата ја истурав низ прозорецот во копривите или на некое друго место, манџата со говедско месо му ја давав низ прозорец на кучето или ја завиткував во хартија, па ја пикав во џебот и подоцна ја изнесував надвор, и така сè понатаму. Но, бидејќи за ручек сè помалку даваа леб, помалку од две и пол фунти, затоа самиот си прикупував леб. Тој месец издржав, можеби само малку го расипав стомакот. Меѓутоа, идниот месец си додавав покрај лебот и супа, а наутро и навечер и по една чаша чај, и ве уверувам дека една година поминав во совршено здравје и задоволство, а духовно – како во пијанство и во постојан таен восхит. Не само што не се жалев дека не јадам, туку уживав. На крајот од годината, откако се уверив дека сум во состојба да држам и по некој пост, започнав да јадам како другите и да ручам заедно со нив. Но не се задоволив со оваа проба, туку направив уште една: како џепарец, освен за издржувањето што му се плаќаше на Николај Семјонович, ми додаваа секој месец по пет рубли. Јас решив од нив да ги трошам само половината. Ова беше многу тешка проба, но по две години, кога дојдов во Петроград, покрај другите пари, имав во џебот седумдесет рубли што ги заштедив од мојот џепарец. Резултатот на овие две проби за мене беше голем: јас увидов дека можам сигурно да стигнам до својата цел и во тоа е, повторувам, целата „моја идеја“, а другото – сето тоа се ситници.

II

Сепак да ги видиме тие ситници.

Ги опишав моите две проби. Во Петроград, како што е веќе познато, направив и трета – отидов на лицитација и со еден зафат спечалив седум рубли и дваесет и пет копејки. Се разбира, тоа не беше сериозна проба, туку само игра, забава. Сакав од иднината да украдам уште еден момент и да пробам како ќе одам и ќе работам. И воопшто сериозниот пристап кон работата го одложив уште од почетокот, во Москва, до тоа време кога ќе бидам сосем слободен. Ми

беше сосем јасно дека, на пример, најнапред е потребно да ја завршам гимназијата. (Универзитетот, како што веќе се знае, го жртвував). Во Петроград доаѓав, неоспорно, со прикриен гнев: тукушто ја завршив гимназијата и за првпат станав слободен одеднаш увидов дека работата на Версилов повторно ќе ме одвлече за неопределено време од приближувањето кон своето дело! Но, иако бев лут поради мојата цел, патував сосем спокоен.

Навистина немав никакво искуство. Сепак цели три години размислував и поради тоа немав никакво сомневање. Илјадапати си ја претставував сликата како ќе започнам: се наоѓам одеднаш во еден од нашите два главни града, (за почеток ги одбрав нашите главни градови, и тоа токму Петроград кому, поради некаква причина, му дадов предност) и како да паднав од небо, но сосем слободен, независен од никого, здрав и со заштедени во џебот сто рубли како прв почетен обртен капитал. Не е можно да се започне без сто рубли, зашто инаку првиот период на успехот ќе трае премногу долго. Покрај стоте рубли, имав, како што е веќе познато, храброст, упорност, истрајност, целосна осаменост и тајна. Осаменоста – тоа е главно: до последниот момент страшно го мразев другарувањето и општењето со луѓето; говорејќи воопшто, заради започнувањето на „идејата", си поставив себеси како услов sine qua mon[1]) да бидам сам. Луѓето тешко ги поднесував и ќе бев неспокоен во душата, а неспокојството би ѝ штетело на целта. И воопшто, досега, во текот на целиот мој живот, во сето мое фантазирање за тоа како ќе се однесувам кон луѓето, секогаш сѐ беше многу умно. Но штом ќе минев на дело, секогаш испаѓаше многу глупо. И го признавам тоа со негодување и искрено, секогаш самиот се откривав со зборови и со пребрзаност и поради тоа решив да ги одбегнувам луѓето. За да успеам потребна независност, душевно спокојство, јасна цел.

Без оглед на големата скапотија во Петроград,

---

[1]) Без кое не се може.

еднаш засекогаш се решив за храна да не трошам повеќе од петнаесет копејки и знаев дека ќе го одржам зборот. Ова прашање на исхраната го претставував надолго и нашироко. Јас, на пример, решив два дена едноподруго да јадам леб и сол, но со тоа третиот ден да потрошам дводневна заштеда. Ми се стори дека тоа ќе биде подобро за здравјето, отколку вечно истиот пост од минимум петнаесет копејки. Потоа, за живеење потребно ми е едно катче, буквално катче, само толку колку да можам ноќе да спијам или дење да се засолнам во него од невреме. Јас решив времето да го поминувам на улица, а за невола бев готов да ноќевам и во ноќни засолништа, каде што покрај леглото, даваат и парче леб и чаша чај. О, би знаел јас уште како добро да ги кријам своите пари, за да не ми ги украдат во моето катче или во засолништето, дури и не би насетувале дека ги имам. „Што зар мене да ми украдат? А јас самиот се плашам од некого да не украдам" – чув еднаш како еден минувач на улица весело извика. Се разбира, што се однесува до мене, од тоа јас на себе би ја применил само претпазливоста и итрината, но немам намера да крадам. Пред кусо време, уште во Москва, можеби уште од првиот ден на „идејата", решив да не се занимавам со давање пари на залог, ниту на лихва: за тоа се Евреите и оние Руси што немаат ни ум ни карактер. Заложувањата и лихвата – тоа се простачки работи.

Што се однесува до алиштата, решив да имам два костума: еден за секој ден и еден празничен. Кога веќе ќе ги набавам, бев уверен дека долго ќе ги носам; две и пол години нарочно вежбав да носам костум и дури ја открив тајната: за да биде костумот секогаш нов и неизносен, треба да се чисти со четка колку што се може повеќе, пет до шестпати дневно. Влакното не се плаши од четката, туку се плаши од правот и од калта. Правот е всушност камен, ако се гледа низ микроскоп, а четката колку и да е цврста, сепак прилега на волна. Исто така вежбав да ги носам и чевлите; тајната е во тоа: да се гази рамно со целото стапало и колку што може поретко на работ. Човек тоа може да го научи за две недели, а потоа самото си

оди. На тој начин чевлите просечно траат една третина повеќе. Опит од две години.

Потоа се занимавав со самото остварување.

Тргнав од следнава мисла: имам сто рубли. Во Петроград има толку лицитации и муштерии, мали дуќанчиња во старинарската чаршија и луѓе што сакаат да купуваат, што е невозможно човек да купи еден предмет за олку, а подоцна да не го продаде малку поскапо. За албумот добив седум рубли и деведесет и пет копејки, за моите две рубли и пет копејки вложен капитал. Оваа голема печалба беше без ризик: по очите видов дека купувачот нема да се откаже. Се разбира, јас многу добро знам дека ова беше само еден случај, но такви случаи јас и барам. Поради тоа и решив да живеам на улица. Но, нека бидат таквите случаи многу ретки; сеедно моето главно правило е ништо да не ризикувам и второ бездруго секој ден да спечалам повеќе од минимумот што ќе го потрошам за живеење, така што ни еден ден да не се прекинува штедењето.

Ќе ми се рече: сето тоа е фантазија, вие не ја познавате улицата и на првиот чекор ќе ве измамат. Но, јас имам волја и карактер, а уличната наука е наука како и сите други, се постигнува со упорност, со внимание и со способности. В гимназија до трети клас бев меѓу првите, бев многу добар по математика. А зар е можно до таков идолски степен да се пренесува практиката и уличната наука за да може да се претскажува сигурен неуспех! Тоа секогаш го велат само оние луѓе што никогаш не направиле никаква проба, не започнувале никаков живот, туку секогаш доаѓале на готово. „Некој си го скршил носот, според тоа и друг ќе си го скрши". Не, јас нема да си го скршам носот. Јас имам карактер и со мојата внимателност можам сè да сторам. Зар е можно да се замисли еден човек кој е постојано упорен, постојано буден и постојано обмислен и пресметан, кој неуморно работи и трча, да не се здобие најпосле со толку знаење, што секој ден да заработува само дваесет копејки? Главно, решив никогаш да не се грабам за максимум печалба, туку само секогаш да бидам спокоен. А подоцна, кога

веќе ќе соберам една и две илјади рубли, со самото тоа ќе ги напуштам комисионерските работи и уличната трговија. Навистина, засега малку знам што е тоа берза, акции, банкарски работи и слично. Во замена за тоа, меѓутоа, знам, како што си ги познавам своите пет прсти на раката, дека сите тие берзи и банкарство ќе ги знам и ќе ги изучам во свое време подобро од кој и да е друг и дека тоа знаење ќе се покаже сосем просто, со самото тоа што работата ќе се одвива во тој правец. Зар тука треба толку многу ум? И тоа ми е некоја Соломонска мудрост. Треба само да се има карактер, а разбирањето, вештината, знаењето ќе дојдат сами по себе. Не треба да се престане само „да се има желба".

Главна работа е да не се ризикува, а тоа може само кога човек има карактер. Неодамна имав в раце една покана за упис на железнички акции во Петроград; тие што стасаа да запишат, спечалија многу. Едно време акциите се качуваа. И еве, наеднаш, некој што не успеал да запише, или сака да има акции, гледа дека јас ги држам во рацете, ми предлага да му ги продадам, за толку и толку проценти премија. Јас тогаш веднаш бездруго би му ги продал. Се разбира, дури поради тоа би се подбивале со мене: можевте, би рекле, да почекате, па ќе ги продадевте десетпати подобро. Може, но мојата премија е подобра поради тоа што ми се наоѓа во џебот: а таа вашата сè уште лета во воздухот. Ќе речат: на тој начин нема многу да спечалиш. Извинете и тука се лажете. Тука се измамиле и нашите Кокореви, Полјакови, Губонини. Знајте дека вистината за непрекинатоста и упорноста во заработувањето, и што е главно и во штедењето, повеќе важат отколку случајните добивки, макар и од сто на сто проценти!

Пред Француската револуција во Париз се појавил некој Лоу и направил еден во начело генијален проект (кој подоцна при остварувањето пропаднал). Целиот Париз се возбудил. Лоуовите акции просто биле разграбени пред издавањето. Во куќата во која било отворено запишувањето се слевале пари од цел Париз, како да се истурале од врека. Дури најпосле

ни куќата не била доволно пространа. Народот се турка на улица – ги имало од сите сталежи, состојби и возрасти: граѓани, благородници, нивни деца, грофици, маркизи, јавни жени – сите тие се туркале како јаросна, зашеметена маса луѓе што ја каснало бесно куче. Чиновите, семејните предрасуди и гордоста, дури и честа и доброто име – сето тоа било погазено. Сè се поднесувало жртва (дури и жените тоа го правеа), само да се дојде до неколку акции. Запишувањето најпосле се пренесло на улица, но немало каде да се пишува. Тогаш, на еден грбав човек му предложиле да им ја отстапи својата грпка за да можат наместо на маса да ги запишуваат акциите. Грбавиот се согласил – можете да замислите по каква цена! По извесно (многу кратко) време сите банкротирале, сè се урнало, целата идеја отишла по ѓаволите, а акциите изгубиле секаква вредност. Значи, кој доби? Само оној грбавиот човек и тоа токму затоа што не земаше акции, туку само ѕвонливи монети. Е, еве и јас сум таков грбав човек! Имав доволно сила да не јадам и од копејките да заштедам седумдесет и две рубли. Ќе имам сила доволно да се воздржам и во најгрозниот виор, што го зафаќа целиот свет, па сигурните пари да им ги претпоставам на големите пари. Јас сум ситничар само во ситниците, но во големите работи – не сум. Кога требаше само малку да трпам, често немав карактер, дури и по раѓањето на „идејата", но за големото секогаш ќе имам. Кога мајка ми изутрина, пред да одам на работа, ќе ми дадеше студено кафе, јас се лутев и бев груб спрема неа, а меѓутоа, јас бев истиот човек што цел еден месец живееше со леб и вода.

Со еден збор, да не се спечали и да не се научи како треба да се спечалува – би било неприродно. Неприродно е исто така ако постојано и подеднакво се спечалува, ако човек има постојана претпазливост и трезвеност на мислите, воздржливост, ако е сè повеќе штедлив и сè поенергичен, повторувам, неприродно е човекот да не стане и милионер. Со што ги спечалил питачот оние свои пари ако не со фанатизам на карактерот и со упорност? Зар сум јас полош од тој питач? „И најпосле и да не постигнам ништо, макар и

мојата сметка да биде неточна, макар и да не успеам и макар да пропаднам, сеедно – сепак ќе одам. Ќе одам затоа што така сакам." Ете тоа си го зборував уште во Москва.

Некој ќе ми каже дека тука нема никаква „идеја" и баш ништо ново. А јас им велам и тоа за последен пат дека тука има безброј многу идеи и бескрајно многу новини.

О, претчувствував јас колку плитки ќе бидат сите приговори и колку банален ќе бидам и јас самиот кога ќе ја изложувам „идејата"; но, што реков? Ни стотиот дел не го реков; чувствувам дека сè испадна ситно, грубо, површно и дури многу детинско за моите години.

III

Останува уште да одговорам на прашањата: „зошто" и „поради што", „дали е морално или не" итн. итн. На нив јас ветив да одговорам.

Жалам за тоа дека ќе го разочарам читателот, жал ми е, но и мило ми е. Нека се знае дека во целите на мојата „идеја" нема ни најмало чувство на некаква „одмазда", нема ништо бајронско – ни проколнување, ни сиромашко лелекање, ни солзи на вонбрачно дете, нема ништо, ништо. Со еден збор, ако моите забелешки дојдат во раце на некоја романтична дама, таа веднаш ќе го намурти носот. Целта на мојата „идеја" – е осаменост.

– Но осаменоста човек може да ја постигне иако не се топори да стане Ротшилд. Што бара тука Ротшилд?

– А притоа, покрај осаменоста, мене ми е потребна и моќ.

Ќе направам мал предговор: можеби читателот ќе се вчудовиди од отвореноста на мојата исповед и простодушно ќе се праша: зар е можно писателот да не поцрвени од срам? Одговарам дека јас не пишувам за печатот. Читател веројатно ќе имам по десетина години, кога до тој степен сè ќе биде јасно, извршено и

докажано, што нема да биде веќе потребно да се срамувам. А тоа што понекогаш во забелешкиве му се обрнувам на читателот, тоа е само манир. Мојот читател е замислено лице.

Не, причините што се појави мојата „идеја" не се ни вонбрачноста, со која толку ме дразнеа кај Тушар, ни жалното детство, ни одмаздата, ни правото на протест. За сето тоа е виновен само мојот карактер. Од дванаесеттата година, ми се чини, т.е. откако зедов да се освестувам, започнав да не ги сакам луѓето. Не оти не ги сакам, туку некако ми станаа тешки. Често ми беше премногу жал, и тоа во моите најчисти моменти, што не можам сè да им искажам дури ни на најблиските луѓе т.е. јас би можел, но не сакам, поради нешто се воздржувам; затоа што сум недоверлив, намуртен и повлечен. Исто така веќе одамна забележав кај себе една црта, речиси уште во детството, дека многу често обвинувам, дека сум наклонет да обвинувам други луѓе. Но по таа наклонетост многу често доаѓаше друга мисла, за мене многу непријатна: „Дали не сум самиот јас виновен, а не тие?" И колкупати самиот ќе се обвинував без причина! И, за да немам такви прашања да решавам, јас, се разбира, ја барав осаменоста. Освен тоа, во човечкото општество не најдов ништо, колку и да го барав, а го барав; барем сите мои врсници, сите мои другари, сите до еден се покажуваа пониски од мене духовно; не се сеќавам за ниеден исклучок.

Да, јас сум мрачен, постојано се повлекувам во себеси. Често сакам да излезам од општеството. Можеби и ќе им правам добрини на луѓето, но често не ја гледам ни најмалата причина да правам добрини. И воопшто луѓето не се толку прекрасни за да биде потребно за нив толку човек да се грижи. Зошто тие не приоѓаат право и отворено и зошто бездруго јас да морам да одам кај нив прв? Затоа себеси си поставував прашања. Јас сум благородно суштество и тоа го докажав веќе со стотина глупости. На отворен човек би му одговорил веднаш со отвореност и веднаш би почнал да го сакам. Така и постапував; но сите веднаш ќе ме измамеа и, подбивајќи ми се, се тргаа од

мене. Најотворен од сите беше Ламберт, кој мошне многу често ме тепаше за време на детството. Но и тој е само отворен неранимајко и разбојник, а и неговата отвореност беше само глупост. Тоа беа моите мисли кога дојдов во Петроград.

Оној ден кога излегов откај Дергачев (само господ знае што ме одведе кај него), му пријдов на Васин и во настап на разнеженост го опсипав со пофалби. А потоа? Уште истата вечер почувствував дека многу помалку го сакам. Зошто? Само поради тоа што бидејќи премногу го пофалив, јас пред него се потчинив. Меѓутоа, изгледа дека би требало да се постапува обратно: човекот што е толку справедлив и великодушен да му оддава на другиот признание дури и на своја штета, таквиот човек според своето достоинство стои речиси, повисоко отколку сите други луѓе. Убаво – јас тоа го знаев, па сепак помалку го сакав Васин, дури и многу помалку, нарочно го земам примерот што му е на читателот веќе познат. Дури и за Крафта се сеќавам со горчливо и кисело чувство, затоа што самиот ме изведе во претсобјето; така беше сè до идниот ден кога за Крафт веќе сè стана јасно, па немаше причина да му се лутам. И во пониските класови на гимназијата, кога некој од другарите ќе ме надминеше, или во учењето, или во остроумните одговори, или физички, јас веднаш престанував со него да се дружам и да зборувам. Не затоа што му завидував или му пожелував несреќа, туку се одбивав од него затоа што ми е таков карактерот.

Да, за време на целиот мој живот бев жеден за моќ, за моќ и за осаменост. За тоа фантазирав уште во она време на возраста кога, без сомневање, секој ќе ми се насмееше в лице ако чуеше што се плетка во мојата глава. Ете, затоа толку ја засакав тајноста. Да, јас фантазирав со сета сила и толку што не ми останувaше време да разговарам со другите луѓе. Од тоа луѓето вадеа заклучок дека сум недружељубив, а поради мојата расеаност правеа уште полоши заклучоци за моја сметка, но моите румени образи го докажуваа спротивното.

Бев многу среќен кога, откако ќе легнев да спи-

јам, покриен со ќебе започнував во целосната моја осаменост самиот да си изградувам за себеси друг живот, невознемируван повеќе од движењето на луѓето околу мене и од нивната врева. Самото фантазирање ме доведе до „идејата", кога сите соништа, дотогаш глупи, ми станувaa умни и од фантастичната форма на романот минуваа во трезвен облик на реалноста.

Сето се слеа во една цел. Моите соништа, впрочем, ни порано не беа толку глупи иако ги имаше прст и плева и илјадници. Но, имаше и такви што особено ги сакав . . . Впрочем, нема овде сега да ги наведувам.

Моќ! Уверен сум дека на многумина би им било смешно кога би разбрале дека ваква „снага" сонува за моќ. Но, уште повеќе ќе се зачудат поради ова: можеби уште од првите мои фантазирања, т.е. уште во најраното детство, јас не можев поинаку да се претставам себеси отколку секогаш меѓу првите и тоа во сите работи. Го додавам уште ова чудно признание: можеби ова се продолжува и до денеска. Притоа истакнувам дека не барам извинување.

Во тоа и се состои мојата „идеја", во тоа е и нејзината сила: дека се парите единствениот пат што го води н а п р в о м е с т о дури и ништожникот. Можеби јас и не сум ништожник, но знам, на пример, според огледалото дека мојата надворешност ми пречи, зашто моето лице е обично. Меѓутоа, ако се збогатам како Ротшилд, кој ќе праша за моето лице? И зар нема штом ќе свирнам илјадници жени, да летнат кон мене со сета своја убавина? Дури сум уверен дека тие самите сосем искрено ќе сметаат дека сум на крајот на краиштата многу убав човек. Јас сум можеби и умен. Меѓутоа, колку и да сум умен сигурно ќе се најде во некое друштво некој уште поумен од мене – и јас пропаднав. Меѓутоа, ако сум Ротшилд, дали овој поумен ќе вреди нешто покрај мене? Сигурно нема да му дозволат ни да зборува покрај мене. Јас сум можеби и духовит. Но, ако се појави пред мене некој Талеран или Пирон, и јас паѓам во сенка; а ако сум Ротшилд, – каков Пирон, и каков Талеран? Пари-

те, навистина означуваат деспотска моќ, но во исто време и највисока еднаквост; во тоа е и нивната главна сила. Парите ги изедначуваат сите нееднаквости. Сето тоа го решив уште во Москва.

Вие во тоа секако ќе видите само бесрамност, насилство, триумф на ништожноста над талентот. Се согласувам со тоа дека е таа мисла дрска (а поради тоа слатка). Но нека е така: вие сигурно мислите дека јас тогаш сакав моќ за да прогонувам, да се одмаздувам? Во тоа и се состои работата дека така би постапиле просечните луѓе. Но, не само тие, туку сум уверен дека илјадници луѓе со талент, и умни луѓе, што толку многу се истакнуваат, кога некој човек ненадејно би им ги истурил Ротшилдовите милиони, не би можеле да се одржат, туку би постапиле како најпросечни луѓе и другите би ги давеле повеќе отколку кој и да е. Тоа не е моја идеја. Јас не се плашам од пари. Тие нема да ме удават, ниту ќе ме натераат јас да давам други.

Мене ми се потребни пари, или подобро да кажам мене парите воопшто не ми се потребни, дури ни моќта. Мене ми е потребно само она што се добива со моќта и што никако поинаку не може да се добие туку само со моќ. А тоа е осамената и спокојна свест за силата! Ова е најцелосна дефиниција на слободата за која светот толку се бори! Слободата! Најпосле го напишав тој голем збор . . . Да, осамената свест за силата – колку восхитува и колку е прекрасна! Имам сила и спокоен сум. Јупитер во рацете има громови; затоа е и спокоен; дали често се слуша да грми? Будалите мислат дека тој спие. Но, постави го на местото на Јупитер некој литерат или некоја проста селска жена – грмењето нема никогаш да престане!

И кога би имал моќ, размислував понатаму, таа нема воопшто да ми биде потребна; тврдам дека самиот јас по своја волја насекаде ќе го заземам последното место. Да сум Ротшилд, јас ќе одам во ветви алишта и со чадор. Зошто да се грижам за тоа оти луѓето ќе ме туркаат на улица и оти ќе бидам принуден по калта да прескокнувам на тротоар за да не ме згазат кочијашите. Свеста дека сум тоа јас, лично

Ротшилд, дури во тој момент би ми правела задоволство. Јас знам дека можам да имам ручек како никој друг човек и да го имам првиот готвач на светот и мене ми е доволно што тоа го знам. Јас би изел едно парче леб и шунка и би бил сит поради својата свест. Дури и сега така мислам.

Јас нема да ѝ приоѓам на аристократијата, туку таа ќе ми приоѓа мене. Јас нема да трчам по жени, туку тие по мене, понудувајќи ми сè што жена може да понуди. „Простите" ќе трчаат по пари, а умните ќе ги привлекува љубопитноста да видат какво е ова чудо, гордо, повлечено и спрема сè рамнодушно суштество. Ќе бидам љубезен и со едните и со другите и можеби ќе им дадам пари, но самиот од нив нема ништо да земам. Љубопитноста раѓа страст, можеби и јас ќе предизвикам страст. Но, ве уверувам дека откај мене ќе се вратат само со подароци. Јас за нив ќе станам двојно поинтересен.

„. . . зашто мене ми е доволна
Свеста за тоа."

Чудно е што во таа слика (впрочем верно насликана) се вљубив уште во седумнаесеттата година.

Не сакам да газам ниту да го измачувам некого, ниту тоа ќе го правам. Но знам дека кога би посакал да упропастам некој човек, некој свој непријател, нема да може никој во тоа да ме спречи, туку сите би ми оделе по мој ќеф; и со тоа пак сум задоволен. Дури никому не би му се ни одмаздувал. Секогаш се чудев како можел Џемс Ротшилд да се согласи да стане барон! Зашто му требало тоа, кога и без тоа тој е најголем на светот? „О, слободно нека ме навредува тој безобразен генерал, на местото каде што обајцата чекаме коњи; кога би знаел кој сум јас, тој самиот би потрчал да ми ги впрегне и да ми помогне да се качам во мојата скромна кола! Во весниците пишуваше дека некој гроф или барон во странство, на една виенска железница, некогаш, на некој тамошен банкар пред сиот народ му подметнал влечки под нозете, а овој бил толку прост што тоа го дозволил. О, нека, нека

таа страшна убавица (баш страшна, има такви!) – таа ќерка на гордата и прочуена аристократија со која случајно ќе се сретнам на некој брод или каде и да е, нека гледа напреку и со напрчен нос и нека се чуди со презир како смеел тој скромен и одвратен човек да влезе во прва класа заедно со неа, со книга или со весник в раце? Но, кога би знаела кој седи покрај неа! И таа ќе разбере, ќе разбере, и тогаш ќе седне покрај мене самата, покорна како робинка, љубезна, барајќи го мојот поглед, радосна ако јас ѝ се насмевнам . . .“ Јас нарочно ги опишав овие најрани слики за да можам посилно да ја изразам мислата; но овие слики се бледи и можеби банални. Единствено стварноста оправдува сè.

Ќе речете дека е глупо така да се живее. Зошто да немам палата, да не отворам дом и околу себе да не собирам друштво, да немам влијание, да не се женам? Но што би станало тогаш со Ротшилда? Тој би станал како и сите други луѓе. Сета привлечност на „идејата“ би исчезнала, би ја снемало нејзината морална сила. Уште во детството го научив напамет монологот од Пушкиновиот „Витезот-скржавец“; според идејата Пушкин ништо подобро од тоа не создал! Тоа мислење го имам и денсека.

„Но вашиот идеал е премногу низок, ќе рече некој со презир, пари, богатство! Тоа ли е дело од општествена корист, тоа ли се хумани подвизи?“

А којзнае како би го употребил моето богатство? Што има во тоа неморално и што има во него ниско, затоа што од многу еврејски штетни и валкани раце тие милиони ќе се прелеат во рацете на еден трезвен и цврст аскет што будно го набљудува светот? Воопшто, сите овие фантазирања за иднината, сите овие пророштва, сето тоа е сега уште како некој роман и јас можеби напразно тоа го запишувам. Подобро е тоа да останеше само во главата. Исто така, јас знам дека овие редови можеби никој нема ни да ги прочита, но ако некој и ги прочита, дали нема да помисли дека можеби јас не сум дораснал за милионите на Ротшилд? Не поради тоа што тие би ме притиснале, туку во сосем дурга, во обратна смисла. Во својата фанта-

зија веќе не еднаш си го замислив тој момент во иднината кога мојата свест ќе биде задоволена, а моќта ќе ми биде премногу мала. Тогаш не поради некоја здодевност и не поради некоја бесцелна загриженост, туку поради тоа што ќе сакам да постигнам нешто бескрајно поголемо, јас ќе им ги подарам сите мои милиони на луѓето. Општеството нека располага со сето мое богатство, а јас – јас повторно ќе се измешам со ништожниците! Можеби ќе се преправам во оној питач што умре на бродот, со таа разлика што во моите алишта нема да се најде ништо зашиено. Самата свест за тоа дека во моите раце имало милиони и дека сум ги фрлил во калта ќе ми биде доволна храна во мојата пустелија. И сега сум готов така да мислам. Да, мојата „идеја“ е, ете, таа тврдина во која можам секогаш и во секој случај да се скријам од сите луѓе, макар и како питачот што умре на бродот! Тоа е мојата песна! И знајте дека ми е потребна мојата цврста волја ц е л а т а, – само да си докажам с е б е с и дека сум во состојба да се откажам и од неа.

Без сомневање некој ќе приговори дека е ова само поезија и дека никогаш не би ги испуштил милионите, ако ми дојдат в раце и дека нема да се преправам во саратовски питач. Можеби и нема да ги испуштам од раце; јас само го насликав идеалот на мојата мисла. Но додавам сериозно: ако, собирајќи го богатството, дојдам до цифра како кај Ротшилд, би можело навистина да завршам со тоа што парите да му ги фрлам на општеството. (Впрочем, пред да го достигнам бројот на Ротшилд тоа би било и тешко да се исполни). И тоа не би ја дал само половината, затоа што тоа би било расипаност: би бил само наполу посиромашен и ништо повеќе. Туку јас би дал баш сè, сè до последната копејка, зашто со тоа што би станал питач одеднаш би бил двојно побогат од Ротшилда! Ако некој не го сфаќа тоа, јас не сум виновен. Нема да објаснувам.

„Тоа е факирство, поезија на ништожноста и немоќта! – ќе мислат луѓето. – Триумф на ненадареноста и просечноста“. Да, признавам дека тука има делумно и триумф и ненадареност и просечност, но нема немоќ. Страшно ми се допаѓаше да си претставам

токму еден ненадарен и просечен човек како стои пред целиот свет и му зборува со насмевка: вие сте Галилеовци и Коперници, Карловци Велики и Наполеони, вие сте Пушкини и Шекспири, вие сте фелдмаршали и хофмаршали, а јас, без талент и вонбрачно дете, па сепак сум над вас, затоа што самите се потчинивте. Признавам дека таа фантазија ја доведував толку далеку што се откажував дури од образованието. Ми изгледаше дека ќе биде поубаво ако тој човек биде и страшно необразован. Оваа претераност на фантазијата имаше влијание тогаш дури и врз мојот успех во трети глас гимназија. Јас престанав да учам токму од фанатизам: ако бидам без образование, идеалот ќе биде поубав. Сега го изменив уверувањето во таа точка. Образованието нема воопшто да пречи.

Господа, зар независната мисла, макар да е и најмала, толку многу ви е тешка? Блазе си му на оној што има идеал на убавината, макар да е и погрешен! Во својот идеал јас верувам. Единствено не го изнесов добро, туку невешто, почетнички. По десет години, се разбира, би го изложил подобро. А ова би го чувал за спомен.

IV

Ја завршив „идејата". Ако ја опишав лошо, површно – виновен сум јас, а не „идејата". Веќе реков дека е најтешко да се сфатат најпростите идеи. Сега додавам уште дека е тешко и да се изнесат, дотолку повеќе што ја опишував „идејата" во нејзината поранешна форма. Но и за идеите постои обратен закон: лошите, евтините идеи светот ги сфаќа обично брзо и бездруго целата маса и целата улица; не само тоа, туку светот ги смета за највеличествени и за најгенијални и тоа само оној ден кога ќе се појават. Она што е евтино не е трајно. Тоа што се сфаќа брзо – е доказ дека е ништожно. Бизмарковата идеја за еден миг стана генијална, а самиот Бизмарк – гениј. Но токму таа брзина е сомнителна. Го чекам Бизмакр по десет години, па тогаш ќе видиме што ќе остане од неговата идеја, а можеби и од самиот господин канцелар. Оваа

забелешка што, всушност, не спаѓа ваму, ја приведувам, се разбира, не заради споредба, туку за да се запомни. (Ова објаснување важи само за многу простиот читател).

А сега ќе раскажам две анегдоти и со тоа сосем ќе го завршам описот на „идејата“ и тоа така што таа повеќе воопшто нема да се меша во раскажувањето.

Во летото, во месец јули, два месеца пред заминувањето за Петроград, кога станав веќе сосем слободен, ме замоли Марија Ивановна да појдеме во „Троицки посад“ кај една стара девојка, што живееше таму, со една сосем неинтересна порака, така што не вреди ни да ја спомнувам. На враќањето, уште истиот ден, во вагонот забележав едно грдо момче во убаво, но валкано костумче, со дамки на лицето, со црномуреста, извалкано-темна боја на кожата. Тоа паѓаше в очи со тоа што на секоја станица и спирка бездруго мораше да излезе од возот и да пие вотка. Кон крајот на патувањето околу него се создаде цел еден весел круг, впрочем многу жално друштво. Еден трговец, исто така, поднапивнат, особено се воодушевуваше од способноста на момчето постојано да пие, а сепак да биде трезвено. Многу задоволно беше уште едно момче, мошне глупо и страшно дрдорливо, германски облечено и смрдеше многу непријатно – еден лакеј – како што разбрав подоцна. Ова се спријатели со она момче што пиеше и, кога возот ќе застанеше, тоа ќе го зграпчеше другото момче и ќеречеше: „Сега е време за една вотка“ – и обајцата ќе излезеа гушнати. Она момче што пиеше патем речиси воопшто не зборуваше, но друштвото околу него стануваше сè поголемо и поголемо. Тоа само ги слушаше сите нив, постојано смешно се лигавеше со кикотење и одвреме навреме, но секогаш неочекувано, ќе изговореше нешто како: „Ќур-љуп-љу!“ и притоа на многу смешен начин ќе го принесеше прстот кон својот нос. Ова особено многу ги развеселуваше трговецот и лакејот и сите други и тие вонредно гласно и слободно се смееја. Не е можно да се сфати на што често се смејат луѓето. Им пријдов и јас и не знам зошто тоа момче и мене малку ми се допадна. Можеби со своите сосем отворени нарушу-

вања на општоприменетите и озаконети правила на однесувањето, со еден збор, јас не забележав дека е тоа будало момче, туку почнав со него да разговарам на т и и, излегувајќи од вагонот, разбрав од него дека вечерта околу девет часот ќе дојде на Тверскиот булевар. Се покажа дека е бивш студент. Јас, исто така, дојдов на булеварот и еве на каква неумесна шега ме научи: одевме обајцата по сите булевари и штом во темнината ќе забележевме некоја чесна жена, но така што наблизу да немаше, народ, ние веднаш ѝ се доближувавме. Со неа не прозборувавме ни збор, ќе застаневме, едниот од едната и другиот од другата страна и најмирно, како неа и сосема да не ја забележуваме, меѓу себе ќе водевме најнепристојни разговори. Предметите ги нарекувавме со вистинските имиња, со наполно мирно лице, како тоа така да треба да биде и ќе се впуштевме во толку детални опишувања и објаснувања на разни гадости и свињштини, што тоа ни најрасипаната фантазија на најрасипаниот развратник не би можела да си го претстави. (Јас, се разбира, сите тие знаења ги добив уште на училиште и уште пред да заодам в гимназија, но само како зборови, не и самиот предмет). Жената страшно се исплаши, потрча за да избега што поскоро, но ние ќе ги забрзавме нашите чекори и шегата си ја продолжувавме. Нашата жртва, се разбира, беше немоќна, не можеше да вика. Наоколу немаше сведок и беше воопшто во голема незгода. Во таква забава ни изминаа осум дена. Не разбирам како можеше тоа да ми се допадне. Всушност и не ми се допаѓаше, туку-така. Отпрвин тоа ми се стори оригинално, затоа што излегуваше од рамките на шаблонското однесување, а и поради тоа што не можев да ги поднесувам жените. Еднаш му реков на студентот дека Жан Жак Русо во својата „Исповед" на едно место признава оти, додека бил момче, сакал да се скрие зад некој агол и да си ги вади голите делови на телото што обично се држат скриени и така да чека жени што ќе минеле тука. Студентот ми одговори со своето „ќур-љуп-љу". Забележав дека беше страшен незнајко и дека неверојатно малку се интересираше за што и да е. Во него немаше

никаква скриена идеја, што јас очекував дека ќе ја најдам. Наместо оригиналност, кај него најдов само една здодевна монотоност. Сè помалку и помалку го сакав. Најпосле, целата работа се заврши на неочекуван начин: пак еднаш тргнавме така во полна темница по една девојка која брзо и мирно минуваше по булеварот. Девојката беше многу млада, имаше одвај шеснаесет години, или уште помлада; беше облечена во многу чист и скромен фустан, девојката која можеби живееше од својот труд и со заработеното се враќаше дома кај својата стара мајка, некоја кутра вдовица со деца. Впрочем, зошто да паѓам во сентименталност. Девојката едно време слушаше и ги забрзуваше чекорите, брзаше ли брзаше, вртејќи ја главата, завиткана во еден шал, уплашена и треперејќи; но наеднаш застана, го симна шалот од своето ни малку убаво, колку што се сеќавам, слабо лице и светкајќи со очите ни подвикна:

– Ах никаквеци ниедни!

Можеби тогаш таа и би заплакала, но се случи нешто друго: таа замавна и со својата слаба рака вешто му удри на студентот таква шлаканица каква што можеби уште никој не добил. Нешто само плесна! Тој започна да пцуе и сакаше да ја тепа, но јас го запрев и девојката успеа да замине. Кога останавме сами, веднаш се скаравме. Му реков сè што се насобра кај мене против него за целото тоа време. Му реков дека е бедник, без талент и простак и дека кај него никогаш немало ни трага од некоја идеја. И мене тој ме пцуеше . . . (јас еднаш и нему му го објаснив моето вонбрачно потекло). Потоа си плукнавме еден на друг, и од тоа време веќе не го видов. Таа вечер бев многу лут, идниот ден не толку многу, третиот ден сосем го заборавив целиот настан. Па и подоцна кога ќе ми дојдеше на ум таа девојка, тоа ќе беше само случајно и времено. Дури кога стигнав во Петроград, две недели подоцна, одеднаш се сетив за таа сцена – се сетив и до таа мера ме обзеде срам што од срам ми потекоа солзи низ образот. Се мачев целата вечер, целата ноќ, делумно и сега ми е тешко. Отпрвин не можев да сфатам како сум можел да паднам толку

ниско и срамно и што е главно да го заборавам тој случај, да не се срамам од него, да не се раскаам поради него. Дури сега погодив во што е работата: за сето тоа беше виновна „идејата". Накусо, непосредно ќе изведам еден заклучок: кога човекот има нешто неподвижно, вечно, силно, што го обзело цел, тогаш со самото тоа тој станува оддалечен од целиот свет во пустина и сè што се случува минува површно покрај она што е главно. Дури и впечатоците се примаат неправилно. А, освен тоа, важно е тоа што човекот секогаш има изговор. Колку ја измачував мајка ми за тоа време, колку срамно ја напуштав својата сестра: „Е, а јас имам своја „идеја" а сето ова се ситници" – ете на тој начин минував преку сè и ете така зборував за себе. Ме навредуваа, и тоа уште како, но јас заминував навреден, а потоа одеднаш во себеси ќе си речев: „Е, јас сум мал, но сепак имам „идеја", а тие за тоа немаат ни поим." „Идејата" ме тешеше и во понижувањето и во срамот. Но и сите мои бесрамности се криеја под неа; таа, така да се каже, сè олеснуваше, ама и сè облекуваше во магла пред мене. Но такво нејасно сфаќање на настаните и работите, се разбира, може да ѝ штети на самата „идеја", а да не зборувам за друго.

Сега втората анегдота.

Марија Ивановна на први април минатата година го прославуваше именденот. Вечерта дојдоа неколку гости, но не многу. Наеднаш влета внатре Аграфена, сета задишена, и соопшти дека во ходникот пред кујната вреска едно фрлено дете и дека таа не знае што да прави. Оваа вест ги возбуди сите; сите излегоа и најдоа една кошница, а во кошницата женско дете на три или четири недели; детето плачеше. Ја зедов кошницата и ја внесов в кујната. Во кошницата веднаш најдов едно ливче со забелешка: „Драги добротвори, укажете му искрена помош на девојченцево што е крстено Арина, а ние со неа за вас вечно ќе му се молиме на господ со нашите насолзени молитви и ве поздравуваме на вашиот имeнден; од луѓе што не ги познавате." Во овој момент, Николај Семјонович, кого толку многу го ценев, многу ме натажи: тој го

направи лицето мошне сериозно и рече дека бебето треба веднаш да се однесе во домот за најденчиња. Тоа многу ме нажали. Тие живееја многу штедливо, но немаа деца, а Николај Семјонович секогаш беше задоволен поради тоа. Јас пополека ја извадив Ариночка од кошницата, ја фатив под грбот, од кошницата плисна една кисела и силна миризба, како обично што мириса некое долго неискапено бебе. Бидејќи пред тоа се карав со Николај Семјонович, ненадејно му изјавив дека девојчето ќе го земам на своја сметка. Тој започна да ме одвраќа со некаква строгост и покрај сета своја мекост и, иако ја заврши расправијата со една шега, никако не сакаше да се откаже од својата намера бебето да се испрати во домот за најденчиња. Сепак се случи она што го сакав јас: во истиот двор, само на другото крило од зградата, живееше еден многу сиромашен дрводелец, повозрасен човек и пијаница. На неговата жена, уште млада и многу здрава, неодамна ѝ умре едно дете цицалче и што е најглавно единствено дете што се роди по цели осум години бесплоден брак, исто така, женско и според чудниот среќен случај, исто така Ариночка. Велам, поради среќен случај поради тоа што, додека ние се расправавме во кујната, оваа жена, кога чу што се случило, дојде да го види бебето и кога чу дека се вика Ариночка се сожали. Млекото уште не ѝ беше поминато, таа ги раскопча градите и го потпре бебето на гради. Јас ѝ се доближив и почнав да ја молам да си го однесе со себе и дека за тоа ќе ѝ плаќам секој месец. Таа се плашеше дека не ќе ѝ дозволи мажот, но сепак го зеде за таа ноќ. Идното утро мажот ѝ дозволи да го чува за осум рубли месечно, па јас веднаш им платив за првиот месец однапред. Тој веднаш ги испи тие пари. Николај Семјонович, смеејќи се сѐ уште постојано и чудно, се согласи да гарантира за мене пред дрводелецот, дека парите, осум рубли месечно ќе му ги плаќам сигурно. На Николај Семјонович како гаранција сакав да му ги дадам моите шеесет рубли, но тој не сакаше да ги прими. Впрочем, тој знаеше дека имам пари и ми веруваше. Со оваа негова деликатност беше изгладена нашата моментна

кавга. Марија Ивановна ништо не зборуваше, туку се чудеше од каде јас да земам на себе толкава грижа. Јас особено секогаш ја ценев деликатноста на тие луѓе, зашто тие никогаш, ни еден од нив, не си дозволуваа со мене да се пошегуваат макар и најмалку поради тоа, туку напротив ја сфатија работата толку сериозно колку што беше и самата сериозна. Секој ден, и по трипати на ден, одев кај Дарја Радионовна, а по една недела, кришум од нејзиниот маж, ѝ дадов нејзе уште три рубли. За другите три рубли купив покривка и пелени. Но, по десет дена, Риночка ненадејно се разболе. Веднаш доведов лекар. Тој нешто ѝ препиша и целата ноќ ние ја поминавме измачувајќи го малото црвче со неговиот одвратен лек, а идниот ден тој ни рече дека е веќе доцна, и на моите молби – или впрочем ми се чини прекорувања – само одговири со благородната мирност: „Јас не сум господ". Јазичето, усните и целото устенце на детето му беа покриени со некаква беликава навлака и пред вечерта тоа умре, вперувајќи ги во мене своите крупни очиња, како нешто веќе да разбира. Не знам како ми дојде на памет мртво да го сликам. И дали некој ќе верува, јас вечерта не само што плачев, туку просто рикав, што порано себеси никогаш не би си го дозволил, а Марија Ивановна мораше да ме утешува – и сето тоа беше пак без подбивање и од негова и од нејзина страна. Дрводелецот направи мртовечки сандак. Марија Ивановна го накити сандакот со тантели и стави во него едно убаво перниче, а јас купив цвеќиња и со него го покрив детето. И така го однесоа моето кутро цветче кое, дали ќе верувате, до денеска сè уште не можам да го заборавам. Но наскоро потоа целиот тој речиси непредвиден настан ми даде повод малку да се замислам. Се разбира, Риночка не нè потроши многу, сосе сандакот, со погребот, со цвеќето, со парите на Дарја Радионовна – вкупно триесет рубли. Овие пари, кога одев за Петроград, ги надополнив со четириесет рубли што ми ги испрати Версилов како патни трошоци и од продавањето на некои ситни предмети пред заминувањето така што целиот мој „капитал" остана нечепнат. „Меѓутоа, – размислував јас, – ако така скршну-

вам, нема да стигнам далеку." Од историјата со студентот произлегува дека „идејата" може да доведе до нејасност на впечатоците и да ме одвлече од дневниот ред. Од историјата со Риночка произлегува обратното, дека никаква „идеја" не е толку силна за да може (барем мене) да ме одведе дотаму ненадејно да застанам пред некаков потресен факт и нему да му го жртвувам сето она што веќе со години со труд го направив за „идејата". Иако спротивни и двата заклучока беа точни.

ШЕСТА ГЛАВА

I

Моите надежи не се исполнија сосем. Јас не ги затеков сами: Версилов, навистина не беше тука, но кај мојата мајка се наоѓаше Татјана Павловна – значи сепак туѓо лице. Половината од моето великодушно расположение веднаш исчезна од мене. Чудно колку сум брз и превртлив во такви моменти; доволно е едно зрнце песок или едно влакно па да го растера она што е убаво и да го замени со лошото. Но, моите лоши расположенија, за моја жалост, не се растураат брзо, иако не сум човек што го памети лошото. Кога влегов внатре, ми се стори дека во тој момент мајка ми веднаш го прекина својот многу жив разговор со Татјана Павловна. Сестра ми се беше вратила од работа само една минута пред тоа и уште не беше излегла од своето собиче.

Станот се состоеше од три соби. Онаа соба во која обично сите седеа, средната соба, или гостинската, беше прилично голема и сосема пристојно наместена. Во неа имаше само меки црвени канабиња, впрочем многу изветвени (Версилов не поднесуваше навлаки на мебелот), неколку ќилими, неколку маси и непотребни столови. Десно од оваа соба се наоѓаше собата на Версилов, тесна соба, со едно прозорче. Во неа имаше една обична маса за пишување, на која имаше неколку неупотребени книги и заборавени листови хартија, а пред масата една подобра мека фотелја со

скршен и пробиен искривен федер, заради кој Версилов често офнуваше и пцуеше. Во истиот кабинет, на едно меко и, исто така излитено канабе, нему му ја наместуваа постелата за спиење. Тој го мразеше овој свој кабинет и изгледа дека ништо не работеше во него, туку повеќе сакаше да не работи и да седи в кафеана цели часови. Лево од гостинската соба имаше уште едно исто такво собиче. Во него спиеја мојата мајка и сестра. Во гостинската соба се влегуваше од еден коридор што се завршуваше со влез во кујната каде што живееше готвачката Лукерја и, кога го подготвуваше ручекот, оттаму избиваше страшна миризба на изгорено масло по целиот стан: Имаше моменти кога Версилов гласно го колнеше својот живот поради таа миризба од кујната и само во таа работа јас со него сосем сочувствував. И јас ги мразев овие миризби, иако не доаѓаа до мене. Јас живеев во едно собиче горе под покривот на куќата каде што се качував по едни многу стрмни скали што чкртаа. Таму, треба да се спомнат: полутркалезниот прозорец и страшно нискиот таван; канабето покриено со мушама, на кое Лукерја навечер ми постилаше постела и перница, а од другиот мебел – само два предмета: една најпроста маса од штици и еден стол со пропаднато плетено седиште.

Впрочем, сепак кај нас се зачувале остатоците од некогашниот комфор. Во гостинската соба, на пример, имаше една многу убава ламба од порцелан, а на ѕидот висеше големата гравура на Дрезденската мадона, а спроти неа, на другото канабе, една скапоцена фотографија во огромни размери на прочуената бронзена врата на Катедралата во Фиренца. Во истата соба, во аголот, висеше еден голем кивор со стари семејни икони помеѓу кои на едната (Сите светци) се наоѓаше една голема позлатена сребрена одежда – онаа што сакаа да ја заложат, а на другата (иконата на Мајката божја) – имаше одежда од кадифе извезена со бисери. Пред иконите висеше едно кандило што го палеа спроти секој празник. Спрема овие икони, во смисла на нивното значење, Версилов беше очигледно рамнодушен. Тој само се мрштеше понеко-

гаш, очигледно совладувајќи се самиот поради светлината што се одбиваше од позлатениот оков на кандилото, жалејќи се дека му пречи во гледањето, но сепак не ѝ забрануваше на мајка ми да го пали.

Јас обично влегував молчејќи и не трепкајќи, гледајќи некаде настрана, а често, кога влегував, не се ни поздравував. Инаку дома си доаѓав секогаш порано отколку сега, а ручекот ми се носеше горе. Кога сега влегов, одеднаш реков: „Мамо, добровечер", што порано никогаш не го правев, но и сега не можев себеси да се натерам од некоја срамежливост да ја погледнам, па седнав на другиот крај од собата. Јас бев многу уморен, но на тоа не помислував.

– Овој простак и понатаму влегува во собата неучтиво како порано! – вресна против мене Татјана Павловна. Ваквите зборови кон мене таа и порано си ги дозволуваше и тоа влезе во навика помеѓу неа и мене.

– Добровечер . . . – одговори мајка ми, малку исплашена поради тоа што ја поздравив.

– Јадењето е веќе одамна готово, – додаде таа сосем збунета – само да не се олади веќе супата, но котлетите веднаш ќе ги испечам . . . И веќе се подготвуваше да тргне кон кујната, кога за прв пат, можеби во целиот овој месец, одеднаш ме опфати срам што таа толку брзо скокна за да ме услужи, што порано самиот од неа го барав.

– Многу ти благодарам, мамо, јас сум вечеран. Ако не ви пречам, овде ќе се одморам.

– Ах . . . зошто, не! . . . Зошто, седете . . .

– Мамо, не вознемирувај се, нема повеќе да бидам груб спрема Андреј Петрович! – јас ѝ реков ненадејно.

– Ах, господе, колкава великодушност од негова страна! – вресна Татјана Павловна. – Зар ти, драга Соња, и понатаму нему му се обрнуваш со в и е? Кој е тој за да му се дава толкава почит и тоа од неговата родена мајка! Гледај и ти сосем си се збунила пред него, срамота!

– И мене, мамо, би ми било многу пријатно кога би ми велеле т и.

– Ах . . . Па убаво, добро! – се сплетка мајка ми –

Јас . . . јас не секогаш . . . Ама отсега така ќе ти викам.

Сета поцрвени. Нејзиното лице без сомневање имаше нешто многу привлечно . . . Лицето ѝ беше простодушно, но не сосем обично, лице малку бледо, малокрвно. Образите ѝ беа мршави, дури пропаднати, а на челото почнаа да ѝ се набираат многу брчки, но околу очите уште немаше брчки; а очите, прилично крупни и отворени, светеа секогаш со една тивка и спокојна светлина која ме приврза за неа уште од првиот ден. Го сакав исто така и тоа што во нејзиниот поглед немаше ни малку тага ни огорченост. Напротив, изразот на нејзиното лице ќе беше дури и повесел, само ако не се тревожеше толку секој момент, често без причина. Таа често се плашеше и станувашe од место без никаква причина или плашливо слушаше некој нов разговор, додека не ќе се увереше дека сѐ останува убаво по старо – а тоа „се останува убаво по старо“ значеше за неа дека е сѐ добро. Само ништо да не се изменува, само да не се случи нешто ново, макар тоа да беше и среќно! . . . Човек би помислил дека таа во детството од нешто се исплашила. Покрај нејзините очи мене ми се допаѓаше облината на нејзиното долгманесто лице и ми се чини дека, ако јаболчните коски ѝ беа за едно влакно потесни, тоа лице не само во младоста, туку и сега уште би можело да се нарекува убаво. Сега уште не ја беше минала триесетидеветтата година, но во темно русата коса веќе почнаа да се појавуваат бели влакна.

Татјана Павловна погледна во неа не криејќи го своето негодување.

– Зар вака да трепериш пред него, пред овој дибек! Баш си смешна, Софијо. Да знаеш јас сум ти лута!

– Ах, Татјано Павловна, зошто сте таква спрема него! Ама вие само се шегувате, нели? – ја праша мајка ми́ забележувајќи на лицето од Татјана Павловна нешто како мала насмевка.

Викањето на Татјана Павловна навистина човек секогаш не можеше да го земе како сериозно, во таа, се разбира, (ако навистина се насмевнала) ѝ се на-

смевна само на мајка ми затоа што страшно ја сакаше нејзината добрина и што без сомневање забележа колку во тој момент таа беше среќна поради мојата покорност.

– Јас, се разбира, не можам да останам рамнодушен кога така ме напаѓате, Татјана Павловна, и тоа токму кога на влегување реков „мамо, добровечер", што никогаш порано не го велев! – најдов најпосле за потребно да ѝ забележам.

– Претставете си! – зовре таа веднаш. – И тој тоа го смета за некоја милост? Дали пред тебе да клечиме на колена затоа што еднаш во животот си се покажал учтив? Па и каква ми е таа учтивост! Зошто секогаш кога ќе влезеше гледаше настрана? Да не мислиш дека не знам колку ти клоцаше и беснееше! Ти можеше и мене да ми кажеш „добровечер" и јас те повивав во пелени, јас сум ти кума.

Се разбира, јас ништо не одговорив. Во тој момент наеднаш влезе во собата сестра ми и јас брзо ѝ се обрнав нејзе:

– Лизо, денеска го видов Васин и тој ме праша за тебе. Се познавате ли?

– Да, се запознавме во Луга, минатата година! – ми одговори таа сосем просто, седна покрај мене и љубезно ме погледна.

Не знам зошто мислев дека таа веднаш ќе поцрвени кога ќе ѝ го спомнам Васин. Сестра ми беше руса, имаше светло сини очи, според косата не личеше ни малку ни на татко ми, ни на мајка ми. Но очите и тркалестото лице ѝ беа речиси исти како кај мајка ми. Носот многу прав, мал и правилен. Инаку имаше уште една особена црта – мали дамки по лицето што ги немаше мајка ми. Од Версилов имаше многу малку, само танката става, високиот раст и некако предизвикливото одење. Со мене немаше ништо слично, бевме спротивни како два пола.

– Со нив бев три месеци! – додаде Лиза.

– Дали тоа с о н и в го велиш за Васина, Лизо? Треба да кажев с о н е г о, а не с о н и в. Извини, сестро, што те поправам, но криво ми е што на твоето воспитување, изгледа, сосем заборавиле.

– Пред мајка не треба да се прават такви напомени од твоја страна! – веднаш се вмеша Татјана Павловна. – И лажеш! Ни малку не ја занемариле.

– Јас ништо и не зборувам за мајка ми! – започнав остро да се бранам. – Знајте, мамо, дека Лиза ја сметам како втората в и е; вие од неа направивте според добрината и карактерот, исто така, едно прекрасно суштество какво што и вие бевте, по сè изгледа, и каква што сте и до денеска и каква што ќе останете засекогаш . . . Јас зборувам само за надворешниот изглед, за сите тие светски глупости, кои се, впрочем, неопходни. Се лутам само поради тоа што Версилов, кога би те чул дека на Васина му велиш в и е, а не т и, сигурно не би те поправил, до таа мера тој е надуен и рамнодушен спрема нас. Ете тоа ме лути!

– Самиот тој е вистинска мечка, а би сакал другите да ги учи на фин однос. Господине, не смеете пред мајката да зборувате „Версилов", исто така, ни во мое присуство, јас тоа нема да го поднесувам! – се запали Татјана Павловна, светкајќи со очите.

– Мамо, денеска примив плата, педесет рубли, еве, повелете, земете ги!

Јас се доближив до неа и ѝ ги дадов парите; таа целата затрепери.

– Ах, не знам дали да ги земам! – рече таа. Како да се плашеше да ги допре парите.

Не можев да ја разберам.

– Мамо, ве молам, ако вие двете ме сметате како син и брат, тогаш . . .

– Ах, јас згрешив кон тебе, згрешив нешто, Аркадиј; би ти признала, но јас се плашам . . .

Тоа го рече со една бојазлива насмевка полна со молба; но сепак не ја разбрав, па ја прекинав:

– Мамо, навистина, дали знаете дека денеска во судот се решаваше делото на Андреј Петрович со Сокољски?

– Ах, знам! – викна таа, ставајќи ги рацете пред себе од страв (тоа беше нејзин гест).

– Денеска ли? – затрепери целата и Татјана Павловна. – Тоа не може да биде, тој би ни го кажал

тоа. Дали ти кажа нешто тебе? – се сврти таа кон мајка ми.

– Ах, не, не ми кажал ништо до денеска. Но цела недела имав страв. Макар и да го изгуби, јас би му се помолила на бога само тоа еднаш да ми се симне од грбот и пак да си оди работата по старо.

– Значи ни вам ништо не ви кажал, мамо! – викнав јас. – Ете, таков ти е тој човек! Ова е пример на неговата рамнодушност и надуеност. Што реков пред малку?

– Но, ако е решено, како е решено? И кој ти кажа тебе? – се нафрлуваше Татјана Павловна. Па зборувај еднаш!

– Еве, самиот тој доаѓа! Можеби тој ќе ви каже! – реков јас откако ги чув неговите чекори во ходникот и брзо седнав покрај Лиза.

– Брате, жити бога, поштеди ја мама, биди стрплив спрема Андреј Петрович! – ми прошепоти сестра ми.

– Ќе бидам, ќе бидам, затоа и се вратив! – ѝ ја стиснав раката.

Лиза недоверливо ме погледа и имаше право.

II

Тој влезе во собата многу задоволен од себеси, толку задоволен што не најде за потребно ни да го скрие своето расположение. Впрочем, во последно време тој воопшто навикна пред нас да биде отворен без какви и да било церемонии и тоа не само во она што е кај него лошо туку и во смешното, што сите луѓе го избегнуваат. Меѓутоа, сосем беше свесен дека ние разбираме сè. Последнава година, според тврдењето на Татјана Павловна, тој го занемарил своето облекување. Секогаш беше облечен пристојно, но костумот му беше стар. Навистина се согласи долната облека да ја носи два дена, што мајка ми многу ја лутеше; тоа за нив се сметаше како жртва и целата таа група жени што му беа верни во тоа видоа вистинско херојство. Тој секогаш носеше меки шапки, со широка периферија, и црни. Кога на вратата ќе ја си-

мнеше шапката на главата му се издигаше бујна густа коса, која веќе му беше многу обелена. Сакав да ја видам таа негова коса кога ќе ја симнеше шапката.

– Добровечер! Сите ли сте собрани, дури и тој е тука? Го чув неговиот глас уште од претсобјето. Изгледа зборуваше нешто против мене?

Знак дека беше многу расположен беше тоа што ќе почнеше да се шегува со мене. Се разбира, јас не одговарав. Влезе Лукерја со еден голем пакет изнакупени предмети и го стави на масата.

– Победа, Татјана Павловна. На судот – добив, а кнезовите, се разбира нема да се жалат за пресудата. Делото го добив јас! Веднаш најдов заем од илјада рубли. Софија, остави ја сега работата, не расипувај си ги очите! Лизо, си дојде ли ти од работа!

– Да, тате! – љубезно му одговори Лиза. Таа го викаше тате; јас на тоа никако не сакав да му се потчинам.

– Уморна ли си?

– Да.

– Остави ја работата, утре нема да одиш и воопшто повеќе нема да одиш на работа.

– Тате, така мене ќе ми биде полошо.

– Те молам . . . Татјана Павловна, јас страшно ги мразам жените што работат.

– Како може без работа? А зошто жената да не работи?

– Знам, знам, сето тоа е убаво и прекрасно и однапред со тоа се согласувам, но всушност, зборувам за рачната работа. Тоа мене ми се чини е една болна предрасуда или добро да кажам непријатен впечаток од детството. Во матните сеќавања по мојата петта или шеста година најмногу од сè го паметам – се разбира, со одвратност – седењето, околу округлата маса, на сериозни жени, со строги и сурови погледи, ножици, штоф, мостри и модни слики. Сите размислуваат и се договараат, нишајќи со главата важно и бавно, премеруваат и пресметуваат нешто и се подготвуваат да кројат. Сите тие љубезни лица, што и мене многу ме сакаа, наеднаш започнаа да стануваат недостапни. Ако бев немирен, тие веднаш ме бркаа од со-

бата. Дури и мојата стара одгледувачка што ме држеше за рака и не одговараше на моето викање и тргање, се загледа и запна да слуша како некоја рајска птица. Ете таа строгост на возрасните лица и важноста пред да се започне кроењето, мене ми се некако непријатни дури и сега кога тоа ќе си го замислам. Татјана Павловна, вие многу сакате да кроите! Но, колку и да е тоа аристократски, сепак јас сакам жени што ништо не работат. Немој тоа да го примиш врз себе, Софијо! . . . Ти не си таква! Жената и без тоа е голема сила. Тоа, впрочем и ти го знаеш, Соња. Какво е вашето мислење, Аркадиј Макарович, вие сте сигурно противник?

– Не, не сум! – одговорив јас. – Особено убаво го рековте тоа дека е жената голема сила, иако не знам зошто тоа го доведовте во врска со работата? Но, дека мора да се работи кога се нема пари – знаете и самиот.

– Но, сега имаме доволно! – се обрна тој кон мојата мајка која целата сјаеше од задоволство (кога тој ми се обрна мене, сета беше растреперена) – Барем во прво време да не ја гледам оваа рачна работа, ве молам од моја страна. Ти Аркадиј, како момче на нашето време, сигурно си по малку социјалист. Но, верувај ми, драги пријателе, дека најмногу сакаат да не работат токму луѓето од народот што вечно работи!

– Одмор, да, но не безделничење.

– Не, туку баш неработење, целосно безделничење, во тоа е идеалот. Познавав еден вечен трудбеник, иако беше човек од народот. Тој беше прилично умно развиен и можеше да расудува. Целиот свој живот, секој ден можеби, тој фантазираше со сласт и нежно за целосно безделничење, доведувајќи го овој идеал, така да кажам, до апсолутност – до бескрајна независност, до вечна слобода на фантазирањето и размислувањето за безработноста. И за тоа фантазираше дека не се сврши работа. Не можеше да му се помогне. Умре в болница. Некогаш би рекол дека убавината на работата ја измислиле безработните. се разбира, оние подобрите меѓу нив. Тоа е една од „женевските идеи“ од крајот на минатиот век. Татјана Павловна, пред три

дена исеков од весниците еден оглас (тој извади едно парче хартија од џебот од елекот) – од оние огласи што ги даваат многумина „студенти“ што ги познаваат класичните јазици и математиката и кои се готови и да патуваат, и да живеат во некоја соба под покрив и сè што ќе посакате. Еве да чуете: „Наставничка подготвува за сите училишта (слушајте: за сите) и дава часови по аритметика“, – само еден ред, но пластичен! Подготвува за сите училишта – значи, се разбира, подготвува и по аритметика? Не, кај неа е аритметиката најглавно. Тоа е веќе чиста глад, тоа е веќе последниот степен на неволјата. Трогателна е тука и неумешноста, очигледно, никогаш не се подготвувала за наставничка и тешко ќе умее да подучува други. Но, иако пропаѓа, таа ја дава и последната рубља во весниците и објавува дека дава часови за сите училишта и, над сето тоа, дава и часови по аритметика. Per tutto mundo e in altri siti[1]).

– Ах, Андреј Петрович, нејзе треба да ѝ се помогне! Каде живее? – викна Татјана Павловна.

– Е, има многу такви! – и ја стави адресата во џебот. – Во овој пакет се подароците за тебе, Лизо, и за вас Татјана Павловна. Софија и јас, ние не сакаме слатки. Послужи се ти, млад човеку. Самиот јас сето тоа го купив од Елисеев и од Бале. Веќе доста „седевме гладни“, како што вели Лукерја. (Никогаш никој не бил кај нас гладен). Тука имате грозје, бонбони, зашеќерено овошје и торти со јаготки, зедов и одличен ликер; има и ореви. Интересно е дека уште од детство ги сакам оревите, Татјана Павловна, и тоа тие најпростите. Лиза е на мене, и таа, како верверичка, сака да грицка ореви. Навистина нема ништо поубаво, Татјана Павловна, отколку тоа кога човекот ќе се замисли, како што некогаш правел в детството, и наеднаш ќе се најде в шума, во густи грмушки и самиот бере ореви . . . Дните есенски, но ведри, понекогаш дури и свежи, човекот се завлекува во грмушки, талка по шумата, мириса лисја . . . Вие некако симпатично гледате, ве гледам, Аркадиј Макарович?

---

[1]) Во целиот свет и во другите краишта.

– Првите години од моето детство, исто така, минаа на село.

– Како? Зар ти не ги помина во Москва ... ако не се лажам?

– Тој тогаш беше само кај Андроников во Москва, кога вие дојдовте таму. А дотогаш беше кај вашата покојна тетка, Варвара Степановна, на село! – се вмеша Татјана Павловна.

– Софија, еве ти ги парите, засолни ги. Овие денови ветија дека ќе дадат пет илјади.

– Значи, кнезовите немаат повеќе никаква надеж? – праша Татајана Павловна.

– Сосем никаква!

– Секогаш сочувствував со вас Андреј Петрович и со сите ваши, ѝ бев пријател на вашата куќа, но иако ми се кнезовите туѓи сепак ми е жал за нив, не знам зошто. Андреј Петрович, не лутете се!

– Немам намера од нив да се делам, Татјана Павловна.

– Вие, се разбира, знаете што мислам јас, Андреј Петрович. Тие би го прекинале делото уште на самиот почеток да предложевте делба, по половина. Сега, се разбира, сè е доцна. Впрочем, јас не можам за таа работа да судам ... Само заради тоа што покојникот по сè изгледа дека не би ги изоставил во своето завештание.

– Не само што не би ги изоставил, туку веројатно сè би им оставил, а мене би ме заборавил, ако знаеше работата да ја изведе и да напише завештание какво што треба. Но сега, за мене е закон – и крај. Не можам веќе и не сакам да се согласам на делба, Татјана Павловна, и со тоа е работата завршена.

Ова го рече дури со некаква лутина која ретко си ја дозволуваше.

Татјана Павловна молкна. Мајка ми некако тажно ги наведна очите; Версилов знаеше дека таа го одобрува мислењето на Татјана Павловна.

– „Овдека е замешана и шлаканицата од Емс!" – си помислив јас во себеси. Документот што ми го даде Крафт и што се наоѓаше во мојот џеб би имал жална судбина, кога би попаднал во негови раце. Наеднаш

почувствував дека сето тоа ми се обеси мене на вратот. Таа мисла, во врска со другите, само ме раздразни.

– Аркадиј, би сакал поубаво да се облечеш, драги пријателе. Костумот не ти е баш лош, но за во иднина би можел да ти препорачам еден добар шивач, Французин, што е многу совесен и има добар вкус.

– Ве молам никогаш да не ми давате слични предлози! – пламнав јас одеднаш.

– А зошто?

– Јас во тоа, се разбира, не наоѓам никакво понижување, но ние не сме баш во такво пријателство, туку напротив, дури сме во кавга, зашто овие денови, уште утре, ќе престанам да одам кај кнезот, бидејќи таму нема никаква служба . . .

– Па целата служба е во тоа да одиш и да седиш со него.

– Таа мисла ме понижува.

– Не разбирам зошто. Впрочем, ако си ти толку чувствителен немој да примаш пари од него, туку само оди кај него. Страшно ќе го навредиш. Тој веќе те засакал, биди уверен Впрочем, како што сакаш . . .

Нему, очигледно му беше непријатно.

– Вие велите, не барај пари, а јас, благодарејќи ѝ на вашата добрина, денеска направив една подлост: не ми рековте ништо, па од него денеска побарав и добив една плата.

– Значи, тоа веќе го стори. А јас, признавам, не мислев дека ќе бараш. Сепак колку сте вешти денеска сите. Денеска веќе нема младина, Татјана Павловна.

Тој страшно се налути, ама и јас, исто така.

– Морам со вас веќе еднаш да се пресметам . . . самите ме натеравте на тоа! – Не знам сега како.

– Софија, навистина дај му ги веднаш на Аркадиј неговите шеесет рубли, а ти, драги пријателе, немој да се лутиш поради брзото пресметување. По твоето лице гледам дека имаш во главата некакво претпријатие и дека ти е потребен . . . обртен капитал . . . или нешто слично.

– Не знам што се гледа на моето лице, но никако

не мислев дека мајка ми вам ќе ви каже за тие пари, кога јас толку многу ја молев за тоа! – ја погледнав мајка ми и светнав со очите. Не можам да кажам колку бев навреден.

– Аркаша, драго дете, прости ми жити господ, јас не можев да не кажам . . .

– Драги пријателе, немој да мислиш дека таа сакаше да ги открие твоите тајни! – ми се обрна тој мене. – Притоа таа го направи тоа со добра намера, обично, мајка ти сакаше да се пофали со чувствата на својот син. Но верувај ми дека и без тоа јас би погодил дека си ти капиталист. Сите твои тајни се напишани на твоето чесно чело. Тој има „своја идеја", Татјана Павловна, јас веќе ви реков.

– Да го оставиме моето чесно лице, – продолжив јас да беснеам, – јас знам дека вие често ги гледате луѓето од горе до долу, што не пречи во други случаи да не гледате подалеку од носот! – И ѝ се восхитував на вашата проникливост. Па добро, да, јас имам „своја идеја". Тоа што вие така се изразивте, се разбира, тоа е случајно, но јас не се плашам да го признам: имам „идеја". Не се плашам и не се срамам.

– Главно, не срами се.

– Но, јас сепак нема да ви ја откријам.

– Всушност, нема да ме удостоиш да ми ја откриеш. Не е потребно тоа, драги пријателе, и без тоа јас ја знам суштината на твојата идеја. Во секој случај таа се состои во следново:

„Се повлекувам во пустина" . . .

– Татјана Павловна! Јас мислам дека тој сака да стане Ротшилд или нешто слично и да се повлече во своето величие. Се разбира, тој нам и вам ќе ни определи великодушно издршка, а мене можеби и не, но, во секој случај, нема веќе да се видиме. Тој е кај нас како нова месечина штом ќе се покаже, веќе заоѓа.

Мене ми затрепери срцето. Се разбира, сето тоа беше случајно: тој ништо не знаеше и зборуваше за нешто сосем друго, иако го спомна Ротшилд. Меѓутоа, како можеше толку точно да ги оцени моите чувства:

дека сакам да прекинам со нив и да се повлечам? Тој однапред погоди сè и однапред сакаше трагичните факти да ги замачка со својот цинизам. Дека страшно се лутеше, за тоа нема никакво сомневање.

– Мамо! Простете ми за мојот испад, дотолку повеќе што од Андреј Петрович не е можно и без тоа да се скрие! – се засмеав јас престорено и трудејќи се барем за момент сето тоа да го обрнам на шега.

– Најубаво од сè, драги мој, е тоа што се насмеа. Тешко е да се претстави колку добива со тоа секој човек, дури во својата надворешност. Ова го велам најсериозно. Тој, Татјана Павловна, секогаш така изгледа како да има во главата којзнае колку важна работа, како и самиот дури да се срами поради тоа.

– Јас сериозно би ве молел, Андреј Петрович, да бидете поскромен.

– Имаш право, драги пријателе! Но потребно е еднаш засекогаш да се каже сè за да не се враќаме повеќе на тоа. Ти дојде кај нас од Москва со тоа овде веднаш да нè побуниш – тоа е она што засега го знаеме за целта на твојот престој кај нас. За тоа дека си дошол кај нас да нè восхитиш за тоа, се разбира, нема да кажам ни збор. Освен тоа ти си кај нас веќе цел месец и нам ни се лутиш. Меѓутоа, очигледно ти си интелигентен човек и, како таков, ти би можел тоа лутење да им го оставиш на оние кои со ништо друго не можат да им се одмаздат на луѓето поради својата ништожност. Постојано се затвораш, додека твојот веќе чесен изглед и твоите румени образи јасно докажуваат оти на сите би можел да им погледнеш в очи со полна невиност. Тој е хипохондрик, Татјана Павловна, не разбирам зошто се сите тие денеска хипохондрици?

– Штом не знаете ни каде сум пораснал, како можете да знаете дека сум хипохондрик?

– Еве го објаснувањето: ти си навреден затоа што јас сум заборавил каде си пораснал!

– Не е така, немојте да ми припишувате глупости. Мамо, Андреј Петрович пред малку ме пофали дека се насмеав. Де, смејте се, зошто седите така! Сакате ли

за себе да ви раскажувам анегдоти? Дотолку повеќе што Андреј Петрович ништо не знае за мојот живот.

Во мене сè вриеше. Знаев дека никогаш повеќе нема да седиме како сега, сите заедно и дека, ако излезам од оваа куќа, никогаш повеќе нема да влезам во неа – и поради тоа, наспроти сето тоа, не можев да се совладам. Тој самиот ме предизвика за такво финале.

– Тоа, се разбира, ќе ми биде многу мило само ако навистина биде и смешно! – рече тој гледајќи во мене проникливо. – Ти си станал малку груб, драги пријателе, таму каде што си пораснал, но сепак си уште многу пристоен. Тој е денеска многу мил, Татјана Павловна и многу добро направивте што најпосле го отворивте овој пакет.

Но Татјана Павловна се муртеше. Таа дури не се ни сврти на неговите зборови и продолжи да го отвора пакетот и да реди слатки на чиниите што и ги додаваа. И мајка ми седеше во крајно недоумение, се разбира, сфаќајќи и претчувствувајќи дека работата помеѓу нас нема да се сврши добро. Сестра ми уште еднаш ме повлече за ракавот.

III

– Сакам само да ви раскажам, – започнав јас без секакво двоумење, – како еден татко за првпат се сретнал со својот син. Тоа се случило „таму каде што си растел“ . . .

– Драги пријателе, да не биде тоа . . . здодевно? Тие знаеш: tous les geures . . .[1])

– Не муртете се, Андреј Петрович, јас нема да го речам тоа што вие го мислите. Јас баш сакам сите да се смеат.

– Од твојата уста во ушите на господа, драги мој. Јас знам дека сите нè сакаш и . . . дека нема да ја расипеш оваа вечер, промрмори тој некако извештачено, небрежно.

---

[1]) Сите видови на раскажување се пријатни (освен начинот на здодевното раскажување).

– Вие, се разбира, и сега познавте според моето лице дека јас ве сакам?

– Да, делумно и според лицето.

– А и јас според лицето на Татјана Павловна одамна разбрав дека и таа ме сака мене. Не гледајте ме толку ѕверски, Татјана Павловна, подобро е да се смееме!

Таа наеднаш брзо се сврти кон мене и почна остро да ме гледа половина минута:

– Види го ти него! – ми се закани таа со прстот, но толку сериозно што тоа ни малку не можеше да се однесува на мојата глупа шега, туку беше опомена за нешто друго: „Да не си наумил одново да започнеш!"

– Андреј Петрович, зар вие навистина не се сеќавате кога се сретнав со вас за првпат во животот?

– Е, господ знае, заборавив драги пријателе, и во душава се чувствувам виновен. Се сеќавам само толку дека тоа морало да биде многу одамна и дека се случило негде . . .

– Мамо, а зар ни вие не се сеќавате дека бевте на село каде што растев, ми се чини, до мојата шеста или седма година и што е најглавно дали вие во тоа село навистина бевте, или само ми се чини, дека таму за првпат ве видов? Сакав одамна да ве прашам за тоа, но постојано го одлагав. Сега дојде моментот.

– Како да не се сеќавам, Аркашењка, како да не се сеќавам! Да, јас таму трипати бев на гости кај Варвара Степановна. Првпат дојдов кога ти имаше сè на сè една година; вторпат кога наполни четири години и потоа кога наполни шест години.

– А јас цел месец сакав за тоа да ве прашам.

Мојата мајка сета порумени од брзо дојдените спомени и со чувство ме запраша:

– Зар навистина, Аркашењка, уште оттогаш ти се сеќаваш за мене?

– Не се сеќавам за ништо и ништо не знам, освен тоа што од вашиот лик малку остана во моето срце за целиот мој живот и освен тоа ми остана свеста дека сте вие мојата мајка. Целото тоа село сега го гледам како на сон, а сум ја заборавил и мојата одгледувачка.

Варвара Степановна сум ја запаметил само малку, само поради тоа што имаше вечно врзана глава и болни заби. Се сеќавам уште и за големите дрвја околу куќата, ми се чини липи, потоа понекогаш за многу сјајното сонце што навлегуваше низ отворените прозорци, за заградената градина со цвеќе и за врвиците во неа. А за вас, мамо, се сеќавам јасно само за еден момент кога во тамошната црква ме причестуваа, а вие ме кревавте да примам причесна и да ја бакнам чашата со причесната. Тоа беше во лето, а еден гулаб летна низ црквата од еден прозорец до друг ...

– Господе! Сето тоа беше токму така! – плесна мајка ми со рацете. – Се сеќавам за тој гулаб како сега да го гледам. Ти пред самата чаша со причесна почна да мрдаш и да викаш: „Голуб, голуб"!

– Вашиот лик, или нешто од него, неговиот израз, до таа мера се врежа во мојот ум што по пет години во Москва веднаш ве познав, иако никој не ми рече дека сте мојата мајка. А кога се сретнав за првпат со Андреј Петрович? Тоа беше кога отидов од кај Андроникови. Кај нив останав тивко и весело цели пет години. Се сеќавам за ситници од нивниот државен стан и за сите оние госпоѓи и госпоѓици, што се сега веќе возрасни, а и за целата куќа; и се сеќавам за самиот Андроников, како носеше продукти, живина, риби и прасиња, како самиот ги носеше од град во пакети и на масата, наместо неговата жена, што се правеше многу важна, тој ми тураше супа и се сеќавам за тоа како сите околу маса се смеевме, а најмногу тој. Таму госпоѓите ме научија да зборувам француски, но јас најмногу ги сакав басните на Крилов од кои многу научив и напамет. И секој ден, кога ќе влегував право кај него во неговиот мал кабинет, му декламирав на Андроников по една басна, без оглед на тоа дали тој имаше работа или не. И ете преку басните јас се запознав со вас, Андреј Петрович. Гледам дека почнавте да се присетувате.

– На нешто од она што тогаш ми го раскажа како помалку да се сеќавам, драги мој ... дали беше басна

или Неволи од умот[1]), ако не се лажам? Сепак многу добра меморија имаш.

– Добро помнење! Ни малку. Јас во текот на целиот живот мислев само за ова.

– Убаво, убаво, драги мој, со твоето раскажување ти просто ме оживуваш.

Тој дури се насмевна и веднаш започнаа да се смеат мајка ми и сестра ми. Довербата се враќаше. Но, Татјана Павловна, откако ги изнареди сите слатки на масата, седна во аголот и натаму ме гледаше со остар и намуртен поглед. Јас продолжив:

– Тоа се случи вака: еднаш, во едно прекрасно утро дојде по мене една пријателка од моето детство, Татјана Павловна, која секогаш се покажуваше во мојот живот ненадејно, како в театар, и ме одвезе со кола во една благородничка куќа, во еден прекрасен стан. Вие, Андреј Петрович, тогаш го ангажиравте станот кај госпоѓата Фанариотова, во нејзината куќа, во која никој не живееше, а која таа од вас порано ја купи. Во тоа време таа беше во странство. Дотогаш носев само куси блузи, а сега наеднаш ме облекоа во еден убав вистински костум и ми дадоа прекрасно убави бели долни алишта. Татјана Павловна целиот тој ден трчкаше околу мене и ми изнакупи многу предмети, а јас постојано одев низ празните соби и се загледував во сите огледала. И така, утредента околу девет часот изутрина, талкајќи по собите, одеднаш, не насетувајќи ништо, влегов во вашиот кабинет. Јас ве видов на скалите уште спроти тој ден, тукушто ме доведоа кај вас, но само за еден миг. Вие слегувавте по скалите, седнавте в кола и некаде отидовте. Во Москва дојдовте само по многу долго отсуство и за кусо време, така што сите се грабеа за вас, и до неодамна не живеевте дома. Кога ме сретнавте на скалите, со Татјана Павловна, вие само викнавте оптегнато: а! Дури и не застанавте.

– Тој опишува со специјална љубов! – забележа Версилов, свртувајќи ѝ се на Татјана Павловна, а таа,

---

[1]) Наслов на една театарска пиеса од Грибоедов.

меѓутоа, ја сврти главата на друга страна и не сакаше да одговори.

- Како сега да ве гледам, тогаш бевте млад и убав. Чудно како сте можеле да остареете и толку да огрубите за овие девет години, простете ми за мојата отвореност. Впрочем, вие уште тогаш имавте триесет и седум години, но јас не можев од вас да си ги симнам очите; што убава коса имавте, речиси сосем црна, сјајна, без ниедно бело влакно; имавте мустаќи и зулуфи како да ги излеал некој златар – не можам поинаку да се изразам; лицето затворено – бледо, не вакво болно-бледо какво што е сега, туку какво што има вашата ќерка Ана Андреевна која имав чест денеска да ја видам; светли и црни очи и сјајни заби, особено кога ќе се насмеевте. Токму се насмеавте тогаш кога ме видовте дека влегувам. Тогаш јас не можев многу да разберам, но од вашата насмевка ми се развесели срцево. Тоа утро имавте едно кусо темно – сино кадифено палто, шал во боја од солферино, скапа кошула со алансонски тантели, стоевте пред огледалото со едно тетратче в раце и вежбавте, декламирајќи го последниот монолог на Чацки[1]), а особено неговиот последен извик:

– „Дајте ја колата, колата!"

– Ах, господе, – викна Версилов – навистина! Тој има право. Јас, тогаш, без оглед на краткиот престој во Москва, ја играв улогата на Чацки на домашната сцена кај Александра Петровна Витовтова заради тоа што Жилејко се разболе!

– Зар навистина бевте заборавиле? – се насмеа Татјана Павловна.

– Тој ме потсети, и признавам дека тие неколку дена во Москва беа можеби најубавите моменти во целиот мој живот! Сите ние тогаш бевме така млади . . . и сите со таков жар чекавме . . . Тогаш во Москва неочекувано сретнав толку . . . Но, продолжи, драги мој. Многу добро направи што започна толку подробно да раскажуваш . . .

– Јас застанав, почнав да ве гледам и викнав:

---

[1]) Главниот јунак во пиесата *Неволи од умот*.

„Ах, колку е убав, вистински Чацки!" – Вие наеднаш се свртивте кон мене и прашавте: „А зар ти знаеш кој е Чацки?" – седнавте на канабето во најдобро расположение да се напиете кафе – така што сакав да ве гушнам. Тогаш ви соопштив дека кај Андроников сите мошне многу читаат, дека госпоѓиците знаат многу стихови напамет, а од пиесата Н е в о л и о д у м о т тие често во куќата помеѓу себе раскажуваат одделни сцени, дека целата мината недела сите заедно читаа по вечерата од „Ловечките записи"[1]) дека јас најмногу ги сакам басните на Крилов и дека ги знам напамет. Вие тогаш ми рековте да кажам нешто напамет и јас ви изрецитирав од „Девојката одбирачка";

„Една млада девојка си бараше момче"

– Точно, точно, сега за сè се сеќавам! – викна пак Версилов. – Но, драги пријателе, и јас за тебе сега се сеќавам јасно: ти тогаш беше толку мило дете љубезно и малечко и ти се колнам и ти си изгубил многу за овие девет години.

Тогаш сите, дури и Татјана Павловна, започнаа да се смеат. Јасно е дека Андреј Петрович се пошегува и дека со иста мера ми ја „врати" мојата забелешка дека остарил. Сите беа весели, но и сè беше прекрасно раскажано.

– Додека декламирав, вие сè повеќе се смеевте, а јас не бев дошол ни до половина, кога ме запревте, заѕвонивте и на слугата што влезе му наредивте да ја замоли Татјана Павловна да дојде. Таа веднаш дојде и имаше многу весело лице, така што јас, што ја видов вчера, сега речиси одвај ја познав. Пред Татјана Павловна повторно ја издекламирав „Девојката одбирачка" и прекрасно ја кажав докрај. Дури и Татјана Павловна се насмевна, а вие Андреј Петрович извикавте „браво" и изјавивте со воодушевување дека не би било чудно кога едно такво умно момче на мои години, со разбирање, би ја изрецитирал басната за „Штурецот и мравката"; меѓутоа, за ова:

---

[1]) Од Тургенев.

„Една млада девојка си бараше момче.
Тоа не е ништо страшно“!

Слушнете само како изговара тој: „Тоа не е ништо страшно“! Со еден збор, вие бевте восхитен. Тогаш вие започнавте со Татјана Павловна да зборувате француски, а таа веднаш се намурти и почна да ви противречи, дури мошне многу се налути. Но, бидејќи е невозможно да му се откаже нешто на Андреј Петрович, кога ќе посака, Татјана Павловна брзо ме одведе во својата соба. Таму уште еднаш ме измија, ми ги измија рацете, ми го променија чаршафот, ми го намачкаа лицето со помада и ми направија дури и локни на косата. Потоа, приквечер и самата Татјана Павловна се намести сосем свечено, така што тоа ги мина моите очекувања и ме одведе со себе во колата. В театар бев првпат во животот, на една дилетантска претстава кај госпоѓата Витовцова; полно народ, лустери, дами, офицери, генерали, госпоѓици, завеси, редишта столови – ништо слично дотогаш не бев видел. Татјана Павловна зеде најскромно место, во еден од последните редови и мене ме седна покрај неа. Се разбира, имаше и други деца колку мене, но јас ништо не гледав, туку само чекав да почне претставата со возбудено срце. Кога вие излеговте на сцената, Андреј Петрович сиот бев воодушевен, така што солзи ќе ми потечеа – зошто и поради што – ни самиот не знам. Од каде солзи на воодушевување? – тоа ми беше чудно секогаш кога во овие девет години ќе се сетев за тоа! Јас без здив ја следев претставата во која, се разбира, разбрав само тоа дека т а а го изневери, дека со него се подбиваа глупците и луѓето што не вредат ни колку еден прст на неговата нога. Кога тој декламираше на балот, разбрав дека се чувствува понижен и навреден, дека ги прекорува сите тие клетници, но дека е тој – голем, голем. Се разбира, подготовката кај Андроников ми помогна подобро да разберам, ама и вашата игра, Андреј Петрович! За првпат гледав театарска пиеса! Во последната сцена кога Чацки извика: „Дајте кола, кола!“ (а вие тоа прекрасно го рековте) јас скокнав од столот и заедно со целата

сала, која се тресеше од аплаузи, заплескав со рацете и од сѐ срце викнав „браво“. Живо се сеќавам, во тој момент како нешто со игла да ме боцна одзади „под крстот“: страшно ме штипна Татјана Павловна, но јас не обрнував внимание! Се разбира, веднаш по претставата на Неволи од умот, Татјана Павловна ме одведе дома: „Ти не можеш да останеш на игранка, поради тебе ни јас нема да останам!“. Ми викавте мене вие, Татјана Павловна, по целиот пат додека се возевме во колата. Целата ноќ ја минав во бладање, а изутрината во десет часот веќе бев пред кабинетот, но кабинетот беше затворен. Кај вас во посета дошле многу луѓе и вие со нив разговаравте за вашите работи. Потоа си отидовте и ве немаше цел ден, а задоцнивте дури и длабоко во ноќта – и така повеќе не ве видов! Она што сакав да ви го кажам тогаш го заборавив; се разбира, ни тогаш не знаев зошто, но многу сакав да ве видам колку што може поскоро. Изутрината рано, уште околу осум часот, вие заминавте во Серпухов. Кусо време пред тоа го продадовте вашиот имот во Тулската губернија за да ги исплатите доверителите, но сепак в раце ви остана прилично голема сума и затоа тогаш дојдовте и во Москва, во која до тоа време не можевте ни да ѕирнете од страв од доверителите. И само оној простак од Серпухов, единствен помеѓу сите доверители, не се согласуваше да прими половина долг наместо целиот. На моите прашања Татјана Павловна дури и не ми одговараше: „Што ти е тебе грижа, задутре ќе те одведам в пансион; подготви се, земи си ги тетратките, книгите дотерај си ги во ред и научи се самиот да си го одржуваш во ред куферот, не е пристојно да пораснеш разгален, господине“, потоа ова, потем она, дрдоревте цели три дена Татјана Павловна! Така и се случи Андреј Петрович: ме одведоа во пансионот кај Тушар, мене, во вас вљубен и наивен. И кој би рекол дека целото ова наше среќавање беше најглупа случајност. Но, сакате ли да ми верувате дека по половина година сакав да избегам од кај Тушар и да дојдам кај вас.

– Прекрасно раскажуваше за сѐ и на сѐ толку живо ме потсети, – пополека и развлечено рече Вер-

силов, – но во твојот расказ многу ме изненадува на пример богатството на некои чудни подробности за моите другари. Да не зборувам за извесната неприлеганост на тие подробности и не разбирам како си можел да дојдеш до нив?

– Подробности ли? Како сум дошол до нив? Па ви реков дека сите овие девет години го работев само тоа: ги собирав подробностите за вас.

– Чудно признание и чудно поминување на времето.

Тој се сврти полулегнат во фотелјата и дури малку се прозевна! – нарочно или не, не знам.

– Дали да продолжам за тоа како сакав да избегам од кај Тушар и да дојдам кај вас?

– Забранете му, Андреј Петрович, земете го и исфрлете го надвор! – се замеша Татјана Павловна.

– Не е можно, Татјана Павловна! – одговори Версилов, охрабрувајќи ме мене. – Аркадиј очигледно нешто решил и според тоа бездруго е потребно да му се дозволи да го доврши тоа. Ако, остави го, нека раскажува. Ќе ни раскаже што има, ќе си го симне товарот од грбот, а тоа е за него главно. Започни ја драги мој, твојата нова историја, т.е. јас само така велам дека е нова, не вознемирувај се, го знам нејзиниот крај.

IV

– Моето богатство, т.е. мојата намера да избегам и да дојдам кај вас, беше многу просто. Татјана Павловна, се сеќавате ли вие дека, две недели по моето доаѓање во пансион, Тушар ви напиша едно писмо, се сеќавате ли? Мене подоцна ми го покажа тоа писмо Марија Ивановна, а тоа е зачувано во документите на покојниот Андроников. Тушар одеднаш се сети дека за мене зел малку пари и „со достоинство" ве извести во своето писмо дека во неговата установа се воспитуваат кнежевски и сенаторски синови и дека тој смета оти му штети на угледот на неговата установа, ако во неа држи воспитаник од такво потекло од какво што сум јас и ако не му се плати додаток.

– Mon cher, ти би можел . . .

– О, ништо, ништо! – упаднав јас. – Јас само малку сакав да кажам за Тушар. Вие, Татјана Павловна, му одговоривте по две недели, дури бевте уште во внатрешноста и остро го одбивте. Се сеќавам како тогаш, сиот црвен, влезе во нашата училница. Тој беше еден многу мал и мошне дебел Французин, имаше околу четириесет и пет години беше навистина родум од Париз, се разбира, од семејство на еден чевлар, но веќе не се знае од кога служеше во Москва како наставник по француски јазик во едно државно училиште. Имаше дури и чин со кој особено многу се гордееше и беше човек длабоко необразован. Ние, питомците, кај него бевме сè на сè шеесетмина. Еден, навистина беше братучед на некој сенатор од Москва. Сите ние кај него живеевме како во едно семејство, повеќе под контрола на неговата жена, многу фина дама, ќерка на еден руски чиновник. За тие две недели јас многу се правев важен пред другарите, се фалев со мојата сина облека и со својот татко Андреј Петрович, а нивните прашања: зошто сум Долгоруки, а не Версилов, ни малку не ме збунуваа, поради фактот што ни јас самиот не знаев зошто е така.

– Андреј Петрович! – вресна Татјана Павловна речиси со заканувачки глас. А мајка ми не симнувајќи поглед од мене, постојано слушаше и очигледно ѝ беше мило да продолжам јас.

– Тушар . . . навистина, се сеќавам сега, беше еден мал, немирен човек, – процеди низ устата Версилов, – но мене тогаш ми го препорачаа од една најубава страна . . .

– Овој Тушар влезе со писмото в рака, се доближи до нашата голема дабова маса на која седевме шесте деца и учевме, ме фати мене фино за рамена, ме поткрена од масата и ми нареди да си ги земам своите тетратки.

– Твоето место не е овде, туку таму! – тој ми покажа едно мало собиче, лево од претсобјето, во кое имаше една обична маса, еден плетен стол и канабе покриено со мушама, вакво какво што е ова кај мене во сопчево под покривот. Јас поминав изненаден и

многу уплашен; никогаш дотогаш со мене никој не се однесувал грубо. По половина час, кога Тушар излезе од училницата, започнав да се гледам со другарите и да се смеам. Се разбира, тие ми се смееја мене, но јас тоа не го насетував, туку мислев дека се смееме сите затоа што сме весели. Тогаш одненадеж дојде Тушар, ме фати за коса и почна да ме влече.

– Ти не смееш да седиш заедно со децава на благородници, ти имаш ниско потекло и ти си исто што и лакеј!

И тој силно ме шлакна по мојот полн румен образ. Тоа му се допадна, па ме удри уште еднаш и двапати и трипати. Јас се задушив од плачење, бев страшно изненаден. Цел час седев и си го покривав лицето со рацете, плачев и плачев. Се случи нешто што не го сфаќав. Не сфаќав како еден човек, што не не беше лош, каков што е Тушар, туѓинец што дури му се радуваше на ослободувањето од рускиот селанец, може да истепа едно глупаво детиште, какво што бев јас. Впрочем, јас бев само изненаден, а не и навреден. Јас уште не знаев да се навредувам. Мене ми се стори дека нешто сум згрешил, но кога ќе се поправам, тој ќе ми прости и пак ќе бидеме сите весели, ќе излегуваме надвор да си играме и ќе живееме, така што да не може поубаво да биде.

– Пријателе мој, да знаев сега . . . – рече Версилов оптегнато со наивна насмевка на малку уморен човек – кој можеше да замисли дека таков безобразник бил тој Тушар! Впрочем, сепак не ја губам надежта дека ти со сите сили ќе се потрудиш и дека сето тоа, најпосле, ќе ни го простиш, па пак ќе живееме така што да не може поубаво да биде.

И тој уочливо се прозевна.

– Но, јас не обвинувам никого, а и ни малку, и верувајте не се поплакувам на Тушара! – реков јас гласно, малку збунет. – Ме тепаше цели два месеца. Се сеќавам дека сè сакав со нешто да го обезоружам, па му ги фаќав рацете за да ги бакнам и му ги бакнував и постојано плачев и плачев. Другарите се подбиваа со мене и ме презираа, зашто Тушар започна често да ме употребува за да ги послужувам нив, а ми

наредуваше да му ја носам облеката кога тој ќе се облекуваше. Тука инстинктивно дојде до израз моето лакејство: од сѐ срце се грижев да му угодам и ни-малку не бев навреден затоа што ништо од сето тоа не сфаќав, а ме изненадува дури и до денеска тоа како уште тогаш бев толку глуп што не можев да сфатам дека не сум како другите деца. Навистина, моите другари тогаш многу ми објаснија; тоа беше добро училиште. Подоцна Тушар почна да ме удира со колено одзади, наместо да ме бие со шлаканици по лице, а по половина година тој се однесуваше спрема мене понекогаш и љубезно. Меѓутоа, барем еднаш ме-сечно, за да не заборавам, заради опомена, сепак ќе ме изнатепаше. Наскоро пак можев да седам заедно со другите деца и да си играм со нив, но ни еднаш, за цели две и пол години, Тушар не ја заборави разли-ката во нашата социјална положба и иако не често, сепак, постојано ме употребуваше да им служам, а јас мислев дека со тоа сака да ме опоменува.

Јас бегав, т.е. сакав да бегам веќе петпати, откако изминаа тие два месеца. Воопшто, во целиот свој живот бев бавен во донесувањето одлуки. Кога ќе си легнев в постела и ќе се покриев за да спијам, веднаш започнував да мислам на вас, Андреја Петрович, само на вас. Воопшто не знам зошто беше така. Вие дури и на сон ми доаѓавте. Главно, јас страсно фантазирав за тоа дека ненадејно ќе дојдете, јас ќе ви се фрлам во прегратка, а вие ќе ме одведете одовде кај себе во оној кабинет и пак ќе одиме в театар, и сѐ така. Главно, дека нема повеќе да се разделиме – тоа беше главното! Кога изутрина ќе се разбудевме, другарите веднаш започнуваа да се смеат и да се подбиваат со мене. Еден од нив започна просто да ме тепа и да ми наредува да му ги подадам чизмите, ме караше со најлоши имиња и многу настојуваше да го објасни моето потекло поради кое сите што го слушаа се ра-дуваа. А кога на крајот ќе се појавеше самиот Тушар, во мојата душа започнуваше да се раѓа нешто неиз-држливо. Претчувствував дека овде никогаш нема да ми простат – о, веќе започнав помалку да сфаќам што е тоа што нема да ми го простат и што е тоа што сум

згрешил! И така, најпосле, решив да избегам. За тоа многу фантазирав цели два месеца и најпосле решив Беше септември. Почекав сите другари да си разотидат во собата на неделен одмор, а дотогаш кришум и внимателно си направив еден врзоп од најнеопходно потребни предмети. Од пари имав само две рубли. Сакав да почекам да се стемни: „Тогаш ќе слезам по скалите, си мислев јас, и ќе излезам надвор, а потем ќе си одам“. Каде? Знаев дека е Андроников веќе преместен во Петроград, па решив да одам на работа кај Фанариотови; „ноќта ќе ја поминам каде и да е, шетајќи или седејќи, а изутрина ќе се распрашам кај слугите во куќата: каде е сега Андреј Петрович и ако не е во Москва во кој град се наоѓа или во која држава? Сигурно ќе ми кажат. Јас тогаш ќе заминам и на друго место пак ќе прашам некого: на каква пречка ќе наидам за да стигнам во тој и тој град, а потоа пак ќе излезам и ќе продолжам да одам и да одам. Постојано ќе одам; ќе ноќевам каде и да е на патот, под дрвја и ќе јадам само леб, а лебот за две рубли ќе ми трае многу долго“! Сепак, во саботата не можев да избегам. Требаше да почекам до изутрина, до неделата. Тушар, како нарочно, оваа недела некаде отиде со својата жена. Дома останавме во целата куќа само јас и Агафја. Со страшен копнеж чекав да дојде ноќта. Се сеќавам: седев во нашата сала кај прозорецот и гледав на прашливата улица со дрвени куќички и ретки минувачи. Тушар имаше стан во еден зафрлен крај, а од прозорецот се гледаше еден бунар ’рвеник; јас си мислев во себеси: дали е тоа оној ’рвеник? Сонцето заоѓаше многу црвено, небото беше многу студено, а остриот ветар баш како и денеска креваше прав. Најпосле сосем се стемни. Јас застанав пред икона и почнав да му се молам на господа, но брзо стрчав, го грабнав врзопот со предмети и напрсти тргнав кон скалите што водеа надолу и што чкртаа, во ужасен страв да не ме слушне од кујната Агафја. Клучот беше во вратата; ја отворив вратата и наеднаш пред мене се зацрни темната ноќ како некоја бескрајна, опасна неизвесност, а ветрот, притоа, ми ја однесе капата од главата. Се најдов веќе на улица. На другата

страна од тротоарот се слушаше едно зарипнато викање на еден пијан минувач кој пцуеше. Јас малку застанав, погледнав и тивко се вратив назад, securely полека се качив горе и тивко се соблеков, го разврзав врзопот и легнав ничкум без солзи и без мисли. И ете, Андреј Петрович, од тој момент почнав да мислам. Од тој момент кога почнав да станувам свесен за тоа дека не сум само лакеј, туку уште и страшливец, започна мојот вистински душевен развиток.

– А и јас тебе од овој момент сега засекогаш те запознав! – викна наеднаш и стана од своето место Татјана Павловна и тоа толку неочекувано што јас бев сосем изненаден. – Да, ти не беше лакеј само тогаш, туку и сега си тоа. Ти имаш лакејска душа! Што му пречеше тогаш на Андреј Петрович да не те даде да бидеш чевлар? Дури би направил добродетел да те дадеше на занает! Кој можеше од него нешто повеќе да очекува или да бара за тебе? Твојот татко, Макар Иванович, не само што молеше, туку и бараше, вас, неговите деца, да не ве изведуваат од понискиот сталеж. Не, ти не го цениш тоа што те доведе до универзитет и што со негова помош доби права. Другарите во училиште го задеваа, гледај го ти него и тој се заколнал да му се одмазди на човештвото . . . Парталу ниеден!

Признавам дека бев вчудовиден од овој испад. Станав и едно време само гледав, не знаејќи што да кажам.

– Навистина, Татјана Павловна ми кажа нешто ново! – најпосле се свртив решително кон Версилов. – Навистина, јас сум до толку лакеј до колку никако не можам да се задоволам со тоа што Версилов не ме даде на чевларски занает. Дури ни „правата" на повисок сталеж не ме трогнаа, туку сам си го барав целиот Версилов, си барав татко . . . Ете тоа си барав – како тогаш да не сум лакеј? Мамо, на мојава совест веќе осум години лежи тоа дека сами доаѓавте во посета кај Тушар и дека тогаш ве примив, но сега нема за тоа да раскажувам, зашто Татјана Павловна тоа не го дозволува. Утре, мамо, можеби пак ќе се видиме. Татјана Павловна! А што пак ако сум лакеј до толкав степен

што никако не можам да си го дозволам тоа еден човек, покрај жива жена, да може уште еднаш да се ожени? А токму тоа се случи со Андреј Петрович во Емс! Мамо, ако не сакате да останете со мажот, кој утре ќе се ожени за друга, тогаш не заборавете дека имате свој син што ве почитува, не заборавете го тоа и тргнете со мене, само под еден услов: „Или тој, или јас", сакате ли? Се разбира, јас барам веднаш да ми одговорите. Знам дека на такви прашања не може веднаш да се одговори.

Но, не можев да го довршам тоа, пред сѐ затоа што бев многу возбуден, потоа се збунив. Мојата мајка беше сета бледа и гласот како да ѝ се пресече: не можеше да прозобува ни збор. Татјана Павловна говореше гласно и многу говореше, така што не можев да разберам зошто и двапати ме удри со тупаница во грбот. Само толку се сеќавам дека викаше оти моите зборови „се измислени, родени и пораснати во ситна душа, убаво изнртени". Версилов седеше неподвижно и многу сериозно, не се насмевнуваше. Јас си отидов горе во собата. Последниот поглед што ме следеше од собата беше прекорниот поглед на сестра ми. Таа строго вртеше со главата по мене.

СЕДМА ГЛАВА

I

Сите овие сцени ги опишувам не штедејќи се себеси за да можам за сѐ јасно да се сетам и да ги обновам впечатоците. Кога се качив во својата соба, не знаев дали треба да се срамам или да ликувам, како човек што ја исполнил својата должност. За влакно да бев поискусен ќе знаев дека најмало сомневање во таков случај дава право да се објасни работата со она што е полошо. Мене, меѓутоа, ме збунуваше една друга околност: не знам зошто бев весел, но бев навистина весел, и покрај сето тоа што се сомневав и што бев свесен дека ниско паднав. Дури и тоа што ме погледа Татјана Павловна, онака пакосно и ме искара, ми беше само смешно и забавно и воопшто не ме лутеше. Веројатно сето тоа беше поради фактот што го скинав синџирот и што за првпат во животот се почувствував слободен.

Исто така, претчувствував дека ја расипав својата положба; сега ми е дури и понејасно што треба да правам со писмото за наследство. Сега сигурно ќе помислат дека сакам да му се одмаздам на Версилов. Но, уште дури бев долу, за време на дебатата, бев решил работата со писмото за наследството да му ја предадам на едно трето лице и како на судија да му се обрнам на Васин, а ако тој ме одбие, тогаш на некој друг – веќе знаев на кого, си мислев самиот во себеси. Еднаш, си мислев во себеси, за оваа работа ќе одам кај Васин, а потоа ќе исчезнам за сите за долго

време, за неколку месеци, а за Васин дури нарочно ќе исчезнам; ќе се гледам можеби само со мајка ми и со сестра ми, и тоа ретко. Сето тоа ми се плеткаше во мислите, но без ред. Чувствував дека нешто сторив, но не онака, како што требаше и сепак бев задоволен. Повторувам, сепак поради нешто бев весел.

Решив порано да легнам да спијам, зашто изутрината ќе имав многу да одам. Покрај тоа што ќе си најдам стан и што ќе се преселам, донесов уште некои одлуки што решив да ги извршам било вака или онака. Но оваа вечер не можеше да се заврши без изненадување, а Версилов умееше вонредно да ме зачуди. Во моето собиче тој никогаш не доаѓаше, а сега уште речиси не бев ни влегол во својата соба, ги чув неговите чекори на скалите. Тој ме викаше да му светнам. Изнесов една свеќа и ја пуштив раката долу, тој ме фати за рака и му помогнав да се качи горе.

– Merci[1]) пријателе, ваму ни еднаш не сум влегувал, дури ни кога го пазарев станов. Претчувствував како е овде, но сепак не мислев дека е ваква визба. – Седна среде собиче и љубопитно гледаше наоколу. – Ова е гроб, вистински гроб!

Навистина имаше некоја сличност со внатрешноста на гроб и токму се зачудив, како тој со еден збор точно го оцени тоа. Собичето беше тесно и долго. На височина на моите рамена, не повеќе, започнуваше аголот од ѕидот и покривот, чиј крај можев да го дофатам со рака. Версилов отпрвин стоеше без да сака подгрбавен, плашејќи се со главата да не го удри таванот, но, се разбира, бидејќи тоа не се случи, тој прилично спокојно седна на моето канабе на кое веќе беше наместена мојата постела. Што се однесува до мене, јас не сакав да седнам, туку го набљудував него длабоко зачуден.

– Мајка ти ми рече дека не знаела дали да ги прими од тебе парите што денеска си ѝ ги дал за твоето месечно издржување. Со оглед на овој „гроб" во кој живееш не само што не треба од тебе ништо да примам, туку напротив ние би требале тебе да ти пла-

---

[1]) Благодарам.

тиме! Јас никогаш не сум бил овде . . . и . . . не можам да си претставам дека овде може да се живее.

– Јас сум навикнал. Но тоа што јас ве гледам во мојата соба, тоа никако не ми влегува в глава, по она што се случи долу.

– О, да, ти беше прилично груб долу, но . . . и јас имам свои специјални планови што ќе ти ги објаснам, иако, впрочем, во моето доаѓање ваму нема ништо необично. Дури тоа што се случи долу – тоа е сè сосема во ред; но, жити Христоса, објасни ми го ова: она што ни го раскажа долу и на кое толку свечено нè подготви, дали е тоа навистина сè што сакаше да ни откриеш и соопштиш и дали немаше да кажеш нешто друго?

– Тоа беше сè. Всушност, да речеме дека беше сè.

– Драги пријателе, тоа е сосем малку. Морам да признам дека, судејќи според твојот пристап и според тоа како нè тераше да се смееме, со еден збор, гледајќи те како сакаше да раскажуваш, јас очекував повеќе.

– Зар тоа не ви е сеедно?

– Јас, всушност немав чувство на мерка, не требаше толку трескање, мерката беше нарушена. Ти цел месец молчеше, собираше и одеднаш – ништо.

– Сакав само долго да раскажувам, но сега ми е срам што кажав и толку. Не може сè да се раскаже, често некои работи со зборови никогаш не можат да се искажат. Ете, доста реков, па сепак не сфативте.

– А, значи, и ти страдаш од тоа што мислата не најде одраз во зборовите! Тоа е благородна болка, драги пријателе, и неа ја имаат само одбрани луѓе. Будалиот е секогаш задоволен со она што го рекол и притоа тој секогаш вели повеќе отколку што е потребно; сака да има повеќе, и за резерва.

– На пример, како јас долу. И јас реков повеќе отколку што требаше; го барав „целиот Версилов“, тоа е многу повеќе отколку што треба. Мене Версилов воопшто не ми е потребен.

– Драги пријателе, јас гледам дека сакаш да го поправиш она што го изгуби долу. Очигледно е дека се покаја и бидејќи покајувањето кај нас значи вед-

наш некого пак да нападнеш, тоа веројатно нема да го промашиш по вторпат. Дојдов рано, уште не беше ни оладен, а притоа и тешко ја поднесуваш критиката. Но седи, жити господ, дојдов да ти соопштам нешто; така, благодарам. Од она што ѝ го рече долу на мајка ти произлегува сосем јасно дека, во секој случај, е подобро да се разделиме. Дојдов со тоа да те замолам, тоа да го извршиш по можност колку што може помирно и без скандал за да не ја натажиш и исплашиш мајка ти уште повеќе. Дури и тоа што дојдов вамо сам, веќе ја ободри неа; таа како да верува дека ќе успееме да се измириме и дека сѐ и понатаму ќе остане по старо. Јас мислам дека ние двајцата, ако се насмееме сега двапати или трипати погласно, ќе внесеме голема радост во нивните плашливи срца. Иако се тие прости душички, тие сепак знаат да сакаат искрено и простодушно и зошто човек да не им направи добрина кога ќе се укаже можност? Ете тоа беше едната работа. Втората работа е оваа: зошто да мораме бездруго да се разделиме со желба за одмазда, со чкртање на заби, со проколнување и слично? Без секакво сомневање, ние немаме потреба еден со друг да си се обесуваме на вратот, но можеме да се разделиме, така да речам, уважувајќи се заемно еден со друг, зар не е така, а?

– Сето тоа е бесмислица! Ветувам дека ќе ја напуштам кукава без скандал, тоа е доста. Вие велите дека тоа го барате поради мајка ми? А мене ми се чини дека спокојството на мојата мајка тука не игра никаква улога, туку вие така само велите.

– Не веруваш ли?

– Вие со мене зборувате како да сум дете!

– Драги пријателе, готов сум за сето тоа што ми го префрлуваш, за сите тие години на твоето детство и така натаму, илјадапати да молам за прошка, но, sher enfant, што ќе излезе од тоа? Доволно си интелигентен па нема да сакаш самиот да се најдеш во толку глупава положба. Нема ни да зборувам за тоа дека ни сега уште нималку не ги сфаќам твоите прекорувања; всушност, со што ме обвинуваш всушност? Со тоа што не си се родил како Версилов? Или не? Бре! Ти

презриво се смееш и мавташ со рацете, значи не е тоа?

– Верувајте дека не е. Верувајте дека не наоѓам никаква чест во тоа да се викам Версилов.

– Да ја оставиме честа настрана; се разбира и твојот одговор мораше да биде бездруго демократски. Но, ако е така, тогаш зошто ме обвинуваш?

– Татјана Павловна пред малку рече сè што ми беше потребно да знам, а што порано никако не можев да го сфатам, т.е. зошто не ме дадовте на чеварски занает и дека поради тоа треба да ви бидам уште и благодарен. Не можам да сфатам зошто сум неблагодарен, и тоа сега, кога ми ја објаснивте работата. Зар тука не зборува вашата горда крв, Андреј Петрович?

– Веројатно не. И покрај тоа признај дека сите твои испади долу, наместо да се упатат кон мене, како што однапред и изјави, само ја измачуваа и погаѓаа твојата мајка. Меѓутоа, изгледа дека тебе не ти прилега да ѝ судиш. И во што згрешила таа спрема тебе? Објасни ми сега, исто така, драги пријателе, зошто и во каква намера велеше и во основното училиште, и во гимназијата, и во целиот свој живот, и секому што прв ќе го сретнеше, како што слушав, дека си роден вонбрачно? Сум слушал дека тоа си го правел со особено задоволство. А сето тоа е, меѓутоа, бесмислица и гнасна клевета, ти си законски син на Макар Иванович Долгоруки, човек чесен и со одличен ум и карактер. За тоа што си добил више образование, за тоа навистина треба да му заблагодариш на својот бивш спахија Версилов, но што произлегува од сето тоа? Главно, трубејќи ја на сите страни приказната за своето вонбрачно раѓање, што е само по себе клевета, со самото тоа ти си ја објавил тајната на својата мајка и од некоја лажна гордост ја изложи својата мајка на судот на сиот џган. Драги пријателе, тоа е многу неблагородно од тебе, дотолку повеќе што твојата мајка за ништо не е лично виновна, таа е многу чесна душа, а тоа што не е Версилова, тоа се должи само на фактот што таа си има свој маж.

– Доста, јас со вас наполно се согласувам и толку

верувам во вашиот ум, што сосем се надевам дека ќе престанете и натаму да ме карате. Вие толку многу ја сакате мерката, а меѓутоа, сè има мерка па и вашата ненадејна љубов спрема мајка ми. Подобро од тоа е следново: кога решивте да дојдете кај мене и да се задржите четврт или половина час (уште никако не сфаќам зошто, но даземеме дека е тоа поради спокојството на мајка ми) и над сè со такво задоволство разговарате со мене без оглед на она што се случи долу, тогаш е подобро да ми раскажете за татко ми, за тој Макар Иванович, аџијата. Баш ќе ми биде мило од вас да чујам нешто за него. Одамна имав намера да ве замолам за тоа. Заминувајќи одовде, можеби и за долго време, многу би сакал од вас да добијам одговор уште и на ова прашање: зар за овие цели дваесет години не сте можеле со своето образование да влијаете врз предрасудите на мајка ми, а сега исто така, и на мојата сестра, толку колку да го разбиете првобитниот мрак на средината што ја опкружуваше мајка ми? О, јас не говорам за нејзината чистота! Таа и без тоа беше од вас повисока во поглед на моралот, извинете, но. . . тоа е само бескрајно ваш – мртовец. Живее само Версилов, а сето друго околу него и сето она што е врзано за него, вегетира само од тој неизбежен услов: да има чест да го храни со својата снага, со своите животни сокови. Но, сигурно и таа некогаш беше жива? Вие сигурно во нешто сте се вљубиле во неа. Сигурно дека и таа некогаш била жена?

– Драги мој, штом баш сакаш, не била никогаш! – ми одговори тој криејќи се веднаш со својот првобитен, тогашен негов начин на однесување спрема мене, за кој толку се сеќавам и кој толку ме лутеше. Всушност, однадвор тој претставуваше најискрена простодушност, а кога подобро ќе го погледнеш – сето тоа е само најдлабоко подбивање од негова страна, така што често не можев никако да го препознаам неговиот лик. – Никогаш не била! Русинката никогаш не станува жена.

– А зар Полјачката и Французинката стануваат жени? Или Италијанката, страсната Италијанка, што

умее да го воодушеви цивилизираниот Русин од повисоките кругови, каков што е Версилов?

– Ах, – се насмеа Версилов, – зар можев да очекувам дека овде ќе сретнам словенофил?

Се сеќавам за неговиот разговор од збор до збор: започна да зборува дури со големо задоволство и со очигледно уживање. Сосем ми беше јасно дека не дојде во собата за со мене да зборува и исто така дека не дојде да ја смири мајка ми, туку веројатно имаше други цели.

II

– Ние, твојата мајка и јас, сите тие дваесет години ги поминавме молчејќи – го започна тој своето раскажување (во најголема мера извештачено и неприродно) – и сè што беше меѓу нас се случи така, молчејќи. Главна карактеристика на нашите дваесетгодишни врски беше – молчењето. Мислам дека никогаш не сме се скарале. Навистина јас често се одвојував и ја оставав сама, но сето тоа се свршуваше така што самиот секогаш се враќав. Nous revenons toujours[1]), тоа е една од основните особини кај мажите; тоа е заради великодушноста. Кога бракот би зависел само од жените, ни еден брак не би се одржал. Смирена, попустлива, послушна и во исто време постојана, силна, вистински силна – ете, таква е твојата мајка. Запомни, таа е најдобра од сите жени што сум ги сретнал на светов. А дека е силна, те уверувам: видов дека токму таа сила и ја одржа неа. Што се однесува да не речам до убедувањето-правилни убедувања тука не може да има – туку само до она што жените го сметаат за убедување и што го сметаат значи како светост, тука просто можеш да ги ставиш на маки ако сакаш. А што се однесува до мене, можеш ли да кажеш дека личам на мачител? Ете зошто јас претпочитав сосем да молчам, и тоа не само поради тоа што е полесно; признавам не се кајам. На тој начин сè

[1]) Секогаш се враќаме (на својата прва љубов). Француска поговорка.

одеше само по себе, мазно и хумано, така што не си припишувам себеси никаква заслуга. Патем да кажам, во заграда, секогаш се сомневав дека таа верува во мојата хуманост и дека поради тоа секогаш се тресеше од страв. Меѓутоа, иако се тресеше, сепак не прими никаква култура. Тој свет некако и умее, и тука има нешто што ние не го разбираме. Тие воопшто умеат подобро од нас да си ги свршуваат своите работи. Тие можат да живеат на свој начин и во најнеприродни за нив услови и во тие услови, што им се сосем туѓи, тие остануваат секогаш она што се. Ние тоа не можеме да го правиме.

– Кои се тоа тие? Не ве сфаќам сосем.

– Народот, драги мој, јас зборувам за народот. Тој ја докажа таа голема, жива сила и својата историска широчина, и морално, и политички. Но, да се вратам на нашата работа, забележувам дека твојата мајка не молчи постојано; твојата мајка некогаш и говори, и тоа говори така јасно што да видиш дека си го изгубил времето зборувајќи ѝ нејзе, па дури и пет години постепено да си ја подготвувал. Притоа, таа е во состојба да ти даде и најнеочекувани приговори. И сепак, запомни, јас не ја наречувам глупа. Напротив тоа е ум од свој вид и тоа дури многу забележлив ум. Впрочем, ти можеби не веруваш во нејзиниот ум . . .

– Зошто да не верувам? Јас не верувам само во тоа дека вие верувате во нејзиниот ум, вистински и не преправајќи се.

– Нели? Зар ти мене ме сметаш за таков камелеон? Драги пријателе, јас тебе ти дозволувам малку премногу . . . како на разгален син . . . но засега да останеме на тоа.

– Кажете ми ја ако можете, вистината за мојот татко.

– За Макар Иванович ли? Макар Иванович, како што веќе знаеш, е спахиски слуга кој, така да кажам, сакаше да се прослави . . .

– Јас би се обложил дека во овој момент вие во нешто му завидувате.

– Напротив, драги пријателе, напротив, и, ако сакаш, многу ми е мило што те гледам во толку духо-

вито расположение. Ти се колнам дека токму сега го чувствувам најголемото каење и дека токму сега, можеби овој момент ми е илјадити пат бескрајно жал за сè што се случи пред дваесет години. Господ е сведок дека сето тоа се случи сосем неочекувано . . . а потоа, колку што беше во мојата сила, и хумано; доколку тогаш јас си ја замислував хуманоста . . . О, ние тогаш сите горевме од ревност да правиме добро, да им служиме на граѓанските цели, на повисоката идеја. Ја осудувавме поделбата на класи, нашите наследни права, имоти и дури установата за позајмување пари, барем некои од нас . . . Ти се колнам. Како нас немаше многу, но зборувавме добро и те уверувам дури дека понекогаш и добро постапувавме.

– Тогаш ли кога сте плачеле во прегратка?

– Драги пријателе, јас со тебе однапред се согласувам во сè. Што се однесува до ова, за прегратката ти чу од мене и во овој момент ти ја злоупотребуваш мојата простодушност и мојата доверливост. Но признај дека таа прегратка не беше многу лоша работа, како што изгледа на прв поглед, особено за тоа време. Ние дури и тогаш почнувавме да работиме. Јас навистина глумев, но тогаш уште не знаев дека е тоа само глума. Зар, на пример, ти никогаш не глумиш во практични случаи?

– Пред малку долу се бев запалил и кога дојдов ваму започна да ме опфаќа срам, кога ќе помислев дека ќе сметате оти сум глумел. Навистина човек понекогаш, и кога искрено чувствува, сепак поинаку се претставува. Но, сега ти се колнам дека сè беше природно.

– Тоа е така. На сите добро им рече: „И кога искрено чувствува, човек сепак, поинаку се претставува". Ете токму така се случи со мене: иако се преправав, плачев сосем искрено. Не се противам на тоа дека Макар Иванович можеше да ја сфати таа прегратка како уште поголем подбив, да беше поостроумен, но неговата чесност тогаш ја спречи неговата проникливост. Само не знам дали му беше тогаш жал за мене. Се сеќавам дека тоа многу го сакав тогаш.

– Гледате ли – го прекинав јас – еве вие и сега,

зборувајќи го тоа, се подбивате. И воопшто за цело време додека зборувавте со мене во текот на целиот овој месец вие се подбивавте. Зошто секогаш го правевте тоа кога говоревте со мене?

– Мислиш ли? – одговори тој благо. – Ти си многу недоверлив. Впрочем, ако се насмеам, јас не ти се смеам тебе или не барем само тебе, биди спокоен. Но, сега не се смеам, а тогаш – со еден збор направив сè што можев и верувај не во моја корист. Ние, тогашните возвишени луѓе, спротивно на народот не умеевме ни малку да работиме во своја корист. Напротив, постојано си напакостувавме себеси колку што можеше и ми се чини дека тоа се сметаше кај нас како некоја „повисока и наша корист", се разбира, во повисока смисла на зборот. Денешното поколение неспоредливо повеќе мисли на својата лична корист отколку ние. Јас тогаш, уште пред гревот, сè му објаснив на Макар Иванович со необична отвореност. Сега се согласувам со тоа дека многу работи не беше потребно да се објаснуваат, а уште помалку толку отворено; тоа би било поизмазнето, без оглед на хуманоста. Но, де, задржи се кога ќе почнеш да играш, а да не направиш уште еден чекор, ако те опфати желба за тоа? А којзнае, можеби тоа е, всушност, барање на убавото и возвишеното. Целиот свој живот не можев тоа да си го одгатнам. Впрочем, ова е премногу длабока тема за овој наш површен разговор, но ти се заколнувам дека сега често умирам од срам кога ќе се сетам за сето тоа. Му предложив тогаш три илјади рубли и се сеќавам тој постојано молчеше, а зборував само јас. Претстави си, јас си вообразив дека тој се плаши од мене, т.е. од моето спахиско право и се сеќавам со сите сили настојував да го охрабрам. Му говорев да не се плаши од ништо, да ги искаже сите свои желби дури и да критикува. Како гаранција му дадов збор дека, ако не сака да го прими мојот предлог, т.е. трите илјади рубли, слободата (за него и за жената се разбира) и патот да си одат каде што сакаат (се разбира, без жена), тогаш нека каже отворено, па веднаш ќе му дадам слобода, ќе му ја вратам жената, обајцата ќе ги наградам и тие нема да мораат

да си одат, туку јас ќе си заминам за три години, во Италија, и тоа сосем сам. Mon ami, биди уверен со себе во Италија не би ја повел m-lle Сапошкова. Во тие моменти јас бев многу искрен. И што се случи? Тој, Макар, знаеше многу добро дека јас ќе го сторам тоа што го зборувам; тој продолжи да молчи и дури кога веќе по третпат сакав за тоа да зборувам, тој се оддалечи, замавна со раката и излезе некако дури бесцеремонијално. Те уверувам, бев изненаден. Случајно се видов тогаш во огледало и не можам да заборавам како изгледав. Воопшто, кога тие ништо не велат, полошо е од што и да е, а тој имаше мрачен карактер и признавам, кога ќе го викнев во кабинетот, не само што немав доверба во него, туку и страшно се плашев од него; во тие кругови има страшно многу карактери што се заклучуваат во себе и кои се, така да кажам, оличување на непресметливоста, а повеќе треба да се плашиш од тоа отколку од удари. Sic![1]) И колку ризикував, колку ризикував! Зашто, ако започнеше тој да вика по имотот, ако зарикаше овој селски Урија[2]), што би било тогаш со мене, со малиот Давид и што би ми останало тогаш да правам? Ете зошто пред сè јас му дадов три илјади рубли, тоа беше инстинктивно, но, за среќа, се измамив: овој Макар Иванович беше нешто сосем друго ...

– Кажете ми дали веќе дојде до грев? Пред малку рековте дека сте го повикале човекот пред гревот!

– Всушност, како ќе се земе . . .

– Значи, дошло. Пред малку рековте дека во него сте се измамиле, дека тој бил нешто друго. Што друго?

– Што беше токму ни денеска уште не знам. Но беше нешто друго и знаеш нешто сосем пристојно. Заклучувам според тоа што најпосле пред него трипати повеќе ме гризеше совеста. Веќе идниот ден се согласи да не оди на пат, без збор, не испуштајќи се разбира ни една од предложените награди.

– Ги зеде ли парите?

– Уште како! И знаеш, драги пријателе, во тој по-

---

[1]) Така!

[2]) Урија – лице од романот „Давид Коперфилд" од Дикенс.

глед дури многу ме изненади. Тогаш, се разбира, немав во џебот три илјади рубли, а имав само седумстотини, па му ги дадов нив како за почеток. И што се случи? За другите две илјади и триста рубли ми побара расписка со гаранција на еден трговец. Потоа, по две години, со таа расписка преку суд ми ги бараше парите со лихва, така што пак се изненадив дотолку повеќе што буквално тој питаше милост за изградба на една црква и оттогаш скита еве веќе цели дваесет години. Не разбирам зошто му се на аџија толку многу сопствени пари . . . Парите се световен предмет . . . Јас, се разбира, во тој момент му ги нудев искрено и така да кажам од прва рака, но потоа, откако минаа повеќе минути, го променив мислењето . . . и сметав дека барем тој ќе ме поштеди . . . или како да кажам дека ќе нè поштеди н а с, мене и неа, дека барем малку ќе почека. Меѓутоа, тој не сакаше да почека . . .

(Овде имам да вметнам една неопходна забелешка: ако се случеше мојата мајка да го наџивее господинот Версилов, таа во својата старост ќе останеше буквално без грош, ако не беа тие три илјади од Макар Иванович, одамна удвоени со интерес и кои тој ѝ ги остави нечепнати до последната рубља во минатата година во своето завештание. Тој го прозрел Версилова уште тогаш).

– Еднаш рековте дека Макар Иванович ви доаѓал повеќепати во посета и дека секогаш отседнувал кај мама?

– Да, драги пријателе, и отпрвин многу се плашев од тие посети. За сето ова време, за овие дваесет години, тој дојде сè на сè шест или седумпати и отпрвин, ако бев дома, јас се криев. Дури, тогаш и не разбирав што треба тоа да значи и зошто се појавува. Но подоцна, поради некои околности увидов дека тоа не е многу глупо од негова страна. Еднаш, случајно започнав да се интересирам и појдов да го видам; те уверувам јас добив многу оригинален впечаток. Тоа беше уште во времето на неговата трета или четврта посета. Токму тогаш кога ја примив службата на мировен судија и кога, се разбира, седнав колку што

можев подобро да ја проучам Русија. Од него чув многу нови работи. Покрај тоа кај него најдов нешто што никако не го очекував: некаква добродушност, изедначеност на карактерот и, што е најчудно, речиси некоја веселост. Никаква алузија на о н а (tu comprends[1]) и многу голема способност да зборува вистински и да зборува убаво, т.е. без онаа нивна глупа селска длабокомисленост која, си признавам, покрај сиот мој демократизам не можам да ја поднесувам, и без сите оние извештачени русизми кои кај нас ги употребуваат во романите и во театарот „сегашните руски луѓе". Притоа, сосем малку за верата, освен ако самиот за тоа не започнеш, и за прекрасните прикажни од свој вид за манастирите и за манастирскиот живот, ако за тоа сам не се заинтересираш. Што е главно – учтивоста, онаа скромна учтивост, токму онаа учтивост што е неопходно потребна не само заради повисоко изедначување, туку без која, според моето мислење, не може да се постигне ни предноста. Токму со избегнувањето на ситното истакнување се постигнува повисока пристојност и се појавува човекот кој себеси без сомневање се почитува и токму во својата положба, каква и да е таа и каква да е неговата определена судбина. Таа способност, да се почитува себеси токму во својата положба, многу е ретка во светот, или е толку ретка колку што е ретко и вистинско сопственото достоинство . . . Ти самиот ќе видиш кога ќе попораснеш. Но најмногу ме вчудовиди, и тоа подоцна а не во почетокот (додаде Версилов), тоа што тој, Макар Иванович, се држи вонредно важно и што е, ти признавам, многу убав човек. Навистина тој е стар, но

„Со лице изгорено од сонцето, висок и прав"[2])

прост и достоинствен; дури ѝ се чудев на мојата кутра Софија како можеше т о г а ш мене да ме претпочита. Тогаш тој имаше педесет години, но сепак беше цел човек. А јас, во споредба со него, ветрогон. Впрочем,

---

[1]) Разбираш ли?

[2]) Стих од Н. А. Њекрасов.

се сеќавам, уште и тогаш беше несразмерно обелен во косата и изгледа дека така се оженил за неа . . . Можеби и тоа влијаело.

Овој Версилов имаше лоша навика: откако ќе искажеше неколку умни и прекрасни работи (кога не можеше да биде поинаку) тој одеднаш нарочно ќе завршеше со некаква глупост, какво што е ова напаѓање за белата коса на Макар Иванович и за неговото влијание врз мајка ми. Тоа тој го правеше така, веројатно ни самиот не знаеше зошто, по некаква општествена навика. Кога човек ќе го слуша, тој изгледа како да говори многу сериозно, а меѓутоа, во себеси тој се криви или се подбива.

III

Не знам зошто тогаш одеднаш ме опфати страшен бес. Воопшто, со големо незадоволство се сеќавам на некои мои испади во тие моменти; еднаш станав и од стол.

– Знаете ли што, – реков јас, – вие велите дека сте дошле главно за да помисли мајка ми дека сме се смириле. Измина премногу време за да мисли таа така. Ќе бидете ли љубезен да ме оставите сам?

Тој малку поцрвени и стана од местото.

– Драги, мој, ти си со мене сосем бесцеремонијален. Впрочем, довидување. Сосила љубов не се здобива. Си дозволувам себеси само едно прашање: дали навистина ќе го напуштиш кнезот?

– Аха! Јас знаев дека имате специјални намери . . .

– Всушност, ти се сомневаш дека дојдов да те натерам да останеш кај кнезот затоа што имам од тоа некаква корист. Меѓутоа, драги пријателе, да не мислиш дека и од Москва те повикав поради тоа што имав предвид некаква своја корист? О, колку си недоверлив! Јас, напротив, ти пожелувам секакво добро. И, еве, токму сега кога толку многу се подобрија моите можности би сакал барем понекогаш да ми дозволиш да ти помогнеме јас и мајка ти.

– Јас не сакам, Версилов.

– Дури и „Версилов“. Впрочем, многу ми е жал што не можам да ти го пренесам ова име, зашто, всушност, во тоа се состои и целата моја вина, ако тука има каква и да е вина, не е ли така? Но, во името на господа, не можев да се оженам за омажена жена, процени самиот ти.

– Затоа, веројатно, сакавте да се ожените за немажена жена?

Еден мал грч му мина преку лицето.

– Ти мислиш на Емс. Чуј Аркадиј, ти долу веќе си го дозволи тој испад, покажувајќи ме мене со прст, пред мајка ти. А знај дека тука најмногу промаши. Од таа историја со покојната Лидија Ахмакова ти не знаеш сосем ништо. Ти не го знаеш ни тоа колку учествуваше во таа историја самата твоја мајка; да, без оглед на тоа што таа таму со мене не беше; и ако кога и да било да сум видел добра жена, тоа беше тогаш таа, мислам на твојата мајка. Но доста. Тоа е засега сè уште тајна, а ти – ти зборуваш нешто што самиот не го знаеш или го знаеш само по слушање.

– Токму денеска кнезот рече дека сте вие љубител на девојчиња голиштарчиња.

– Кнезот ли ти го кажа?

– Да, чујте: сакате ли да ви кажам точно зошто сега дојдовте кај мене? Цело време седев и се прашував: во што се состои тајната на оваа посета и најпосле изгледа дека навлегов во неа.

Тој веќе беше на вратата, но застана и ми ја сврти главата, чекајќи.

– Вечерва патем наспомнав дека Тушаревото писмо до Татјана Павловна, што се наоѓа меѓу документите на Андроников, се најде по неговата смрт во Москва кај Марија Ивановна. Тогаш забележав дека вашето лице одеднаш се збрчка и дури сега сфатив; кога пред малку ви се појави иста таква брчка на лицето, тогаш ви текна она долу: ако едно писмо на Андроников се најде кај Марија Ивановна, зошто да не се најде и некое друго писмо? А по смртта на Андроников можеше да останат многу важни писма, нели, зар не е така?

– И јас, доаѓајќи кај тебе, сакав божем да те натерам да издрдориш нешто за тоа?

– Вие самиот најдобро го знаете тоа.

Тој сиот побледи.

– Тоа не го погоди ти самиот. Тука има влијание една жена. И колку омраза има во твоите зборови – во твоето грубо напаѓање!

– Една жена ли? А јас таа жена токму денеска ја видов! Вие можеби и затоа сакате да ме оставите кај кнезот за да ја шпионирам?

– Гледам дека многу далеку ќе стигнеш на својот нов пат. Да не е тоа таа твоја „идеја"? Само продолжи ти, драги пријателе, ти имаш сигурни способности за детектив. Штом ти е даден талентот треба и да го усовршиш.

Тој застана да земе здив.

– Соземете се, Версилов, немојте да ме правите ваш непријател!

– Драги пријателе, во такви случаи никој не ги искажува своите последни мисли, туку ги чува за себе. А потоа, те молам, светни ми. Иако си ми непријател, ти, веројатно, не си толку за да ми пожелиш да си го скршам вратот. Tiens, mon ami,[1]) – продолжи тој слегувајќи, – претстави си, јас цел месец те сметав за добар. Ти толку сакаш да живееш и толку си жеден за живот, што кога човек би ти дал и три животи и тоа би ти било малку. Тоа ти го пишува на лицето; а таквите луѓе се повеќе добри. И гледај колку се измамив!

IV

Не можам да изразам колку ми се стегна срцето кога останав сам. Ми се чинеше како од себе, уште жив, да си пресеков едно парче месо! Зошто толку наеднаш се налутив и зошто толку го навредив – толку изнасилено и без сакање – не би можел сега да кажам, а се разбира, ни тогаш. И колку побледи! А што ако тоа бледило биде можеби израз на нај-

---

[1]) Види, пријателе.

скрено и најчисто чувство и израз на најдлабока болка, а не на лутина и навреда? Секогаш ми изгледаше дека има моменти кога многу ме сака. Зошто, зошто сега во тоа да не верувам, дотолку повеќе што многу работи сега веќе беа сосем објаснети?

А се налутив ненадејно и го истерав од собата можеби токму поради ненадејното сомневање дека тој дошол кај мене со надеж да разбере дали кај Марија Ивановна останале и други писма од Андроников? Дека мора да ги бара тие писма и дека ги бара, тоа го знаев. Но, којзнае можеби тогаш, токму во тој момент, страшно се измамив. И којзнае, можеби и самиот по своја грешка и го натерав подоцна на мислата за Марија Ивановна и за можноста кај неа да има и други писма?

И најпосле, чудна е уште една работа: тој пак до збор ја повтори мојата мисла (за три животи), што му ја изреков порано на Крафт и тоа токму со моите зборови. Сличноста на зборовите, се разбира, не е случајна, но сепак колку ја познава тој суштината на мојата природа: каков поглед, каква способност за погодување! Меѓутоа, ако така умее да сфати, едно, зошто тогаш нималку не го сфаќа другото? И зар навистина не се преправаше и навистина не беше во состојба да погоди дека не ми беше дојдено до благородништво на Версилов, дека јас не му простувам не за моето раѓање, туку дека цел живот бев жеден за самиот Версилов, за цел човек, за татко и дека таа мисла веќе ми мина во крвта? Зар овој фин човек е толку тап и груб? А ако не е зошто ме лути, зошто се преправа?

ОСМА ГЛАВА

I

Идното утро се погрижив да станам колку што можам порано. Кај нас станувавме обично околу осум часот, т.е. станувавме јас, мајка ми и сестра ми. Версилов се изналежуваше до десет и пол часот. Точно во девет и пол мајка ми му носеше кафе. Но, овојпат, не чекајќи го кафето, јас излегов од дома уште во осум часот. Уште вечерта го направив општиот план за работа во текот на овој цел ден. Во тој план, покрај мојата дефинитивна решеност бездруго да пристапам на неговото извршување, сепак претчувствував дека имаше многу несигурни и неопределени точки, токму меѓу најважните. И заради тоа речиси цела ноќ бев како во некој полусон, во некое бладање, сонив страшно многу соништа и речиси воопшто не заспав како што треба. Сепак, станав подобар и посвеж отколку кога и да е. Со мајка ми нарочно не сакав да се сретнам. Со неа не можев да зборувам за ништо друго освен за познатата тема, па се плашев дека некаков нов и неочекуван впечаток ќе ме одвлече од преземените намери.

Утрото беше ладно и сè беше покрила влажна млечна магла. Не знам зошто, но раното деловно утро во Петроград, покрај сиот свој лош изглед, мене секогаш ми се допаѓаше, и целиот тој свет што брзаше по својата работа, егоистичен и постојано замислен, има за мене во осум часот изутрина нешто посебно привлечно. Особено ми е пријатно, патем, не брзајќи, или самиот некого да запрашам за нешто, или мене некој

да ме запраша за што и да е. И прашањето и одговорот секогаш се кратки, јасни, разумни, се поставуваат без запирање и речиси секогаш пријателски, а готовноста на одговор е поголема отколку во текот на денот. Петрогратчанецот напладне или навечер станува помалку разговорлив и за мала работа ќе те искара или исмее. Сосем е поинаков рано изутрина, пред работа, во најтрезното и најсериозното време на денот. Тоа го забележав.

Пак отидов на Петроградската страна. Бидејќи е околу дванаесет часот, бездруго треба да бидам пак на Фонтанката кај Васин (кој најчесто можеше да се најде дома околу дванаесет часот), побрзав не задржувајќи се, иако многу сакав негде да испијам едно кафе. Покрај тоа требаше да го затечам дома секако и Ефим Зверјев. Пак појдов кај него и за малку ќе задоцнев. Тој веќе си го испил кафето и се подготвуваше да излезе.

– Што те донесе пак? – ме праша тој не станувајќи од местото.

– Веднаш ќе ти кажам.

Секое рано утро, исто така и петроградското, истрезнувачки влијае врз човековата природа. Многу тешки ноќни соништа исчезнуваат заедно со утринската светлост и студ и мене самиот ми се случуваше често изутрина да се сетам со прекор и срам на многу мои ноќни штотуку изминати фантазирања, а често и за некои постапки. Но, патем, сепак да забележам дека петроградското утро, кое изгледа дека е најпрозаично утро на целата земјина топка, го сметам речиси како најфантастично на светот. Тоа е моето лично мислење, или подобро да кажам впечаток, но за него гарантирам. Во таквото петроградско утро, гнило, влажно и магловито, дивата мисла на некаков Пушкинов Херман од „Пикова дама" (колосално лице, необичен, совршен петроградски тип, тип од петроградскиот период) – ми се чини дека мора уште повеќе да зајакне. Сред оваа магла стопати ми доаѓаше чудната мисла што никако не можев да ја истерам: „А што би било ако, штом ќе се разиде оваа магла и крене високо, со неа заедно исчезне и овој гнил, мо-

чурлив град, ако се дигне со маглата и исчезне како чад, а да остане поранешното финско мочуриште и среде него, ако сакате како некој украс, бронзениот витез на дигнатиот коњ на задните нозе?" Со еден збор, не можам да ги изразам своите впечатоци затоа што е тоа сепак фантазија, најпосле поезија, значи бесмислица. Сепак, често ми се поставуваше и уште ми се поставува едно сосема бесмислено прашање: „Сите тие брзаат и одат како безглави, а којзнае можеби е тоа се само нечиј сон и можеби тука нема ни еден единствен вистински човек, ни едно вистинско движење? А тој чиј сон е тоа, одеднаш ќе се разбуди и сето тоа одеднаш ќе исчезне". Јас, меѓутоа, се занесов.

Веднаш да кажам: има мисли и има фантазирања во секој човечки живот. Тие изгледаат толку ексцентрични што човек на прв поглед би можел безусловно да ги смета како лудост. Со една таква фантазија и јас дојдов тоа утро кај Зверјев, – кај Зверјев затоа што никого другого немав во Петроград кому би можел со тоа да му се обрнам. А Ефим, меѓутоа, беше токму таков човек кому, да имав избор, би му се обрнал со ваков предлог како на последен човек. Кога седнав спрема него и самиот увидов дека спроти мене, олицетворение на бунило и жар, седи една олицетворена златна средина и проза. Но, на моја страна имаше идеја и вистинско чувство, на неговата само практичен заклучок: дека така никогаш не се работи. Накусо, јас кратко и јасно му изложив дека освен него во Петроград немам ни еден познајник кого би можел како секундант да го испратам за едно вонредно прашање на честа; дека е тој мој стар другар и дека според тоа нема право да ми откаже, а дека сакам да го предизвикам гардискиот поручник, кнезот Сокољски, затоа што пред повеќе од една година, во Емс, му удри шлаканица на мојот татко Версилов. Наспомнувам дека Ефим многу подробно ги знаеше сите мои семејни услови, моите односи спрема Версилов и речиси сè што самиот јас знаев од минатото на Версилов. Во разни времиња јас тоа му го кажував, освен, се разбира, некои тајни. Тој седеше и слушаше, нерасположен според својот обичај, како некој врабец

во кавез, молчалив и сериозен, надуен, со сета своја разбушавена бела коса. Неподвижна, презрива насмевка не му се симнуваше од неговите усни. Таа насмевка беше дотолку понепријатна што беше сосем ненамерна и случајна. Се виде дека тој навистина во тој момент се сметаше себеси повисок со умот и со карактерот. Исто така, се сомневав дека притоа ме презира и поради сношната сцена кај Дергачев. Така и мораше да биде. Ефим е маса, Ефим е улица, а таа секогаш се поклонува само пред успехот.

– А Версилов знае ли за тоа? – запраша тој.

– Се разбира, не знае.

– Какво право тогаш имаш ти да се мешаш во негови работи? Тоа е прво. Второ, што сакаш со тоа да докажеш?

Ги знаев приговорите и веднаш му објаснив дека сето тоа не е така глупо како што тој мисли. Најнапред на безобразниот кнез ќе му се докаже дека има уште луѓе што знаат што е чест, и тоа во нашите кругови, и второ, Версилов ќе биде засрамен и ќе добие лекција. А трето, што е најважно, дури ако Версилов имал право од кои и да е свои уверувања да не го предизвика кнезот на двобој и реши да ја премолчи шлаканицата, тој тогаш ќе увиди дека постои некој друг кој толку ја чувствува неговата навреда што ја прима како своја и кој е готов за неговите интереси дури да го жртвува и својот живот . . . без оглед на тоа што од него засекогаш се разделува . . .

– Чекај, не викај толку, тетка ти тоа не го сака. Кажи ми ти мене дали е тоа кнезот Сокољски со кој Версилов се суди околу наследството? Во тој случај тоа би бил совршено нов и оригинален начин да се изигра тужбата, да се убие противникот во двобој.

Јас тогаш му објаснив en toutes lettres[1]), дека е тој обичен глупак и безобразник и дека неговата презрива насмевка ја покажува само неговата вообразеност и простотија, дека тој не може да не мисли оти прашањето на делото не беше јасно во мојата глава и дека затоа сум решил да ја посетам само неговата со

[1]) Сè, открај докрај.

мисли натапкана глава. Потоа му кажав дека делото е веќе добиено, дека тоа не се води со кнезот Сокољски, туку со кнезовите Сокољски, така што кога би загинал еден кнез, тогаш остануваат уште многу други, но дека без сомневање треба да се одложи предизвикувањето на двобој додека не мине рокот за жалба на Апелацијата (иако кнезовите нема да поднесат жалба) да кажеме поради редот. Кога ќе дојде тој рок, ќе дојде и дуелот; дека со таа намера и сум дошол сега дуелот да не се одржи веднаш, туку дека ми беше потребно да се осигурам, зашто немам секундант; дека немам познат, значи дека ми треба време за да најдам некој друг, ако тој, Ефим, ми откаже. Ете зошто јас дојдов.

– Е, па дојди тогаш да зборуваш, а не сега да минуваш десет врсти.

Тој стана и си ја зеде капата.

– А ќе се согласиш ли тогаш?

– Не, се разбира, не се согласувам.

– Зошто?

– Само заради тоа што, ако сега се согласам тогаш да ти бидам секундант, за целото време на апелацискиот рок ќе ми доаѓаш секој ден. А целата таа работа е бесмислица и ништо друго. И зошто заради тебе да си ја расипувам својата кариера? А кога кнезот ќе ме запраша: „Кој ве испрати?“ – „Долгоруки“. – „А каква работа има Долгоруки со Версилов?“ – јас морам да му го објаснам тој родослов, нели е така? А тој ќе пукне од смеење.

– Удри го по муцката!

– Тоа е лесно да се каже.

– Зар се плашиш? Ти, толку висок? Беше најсилен од сите во гимназијата.

– Се плашам, се разбира, се плашам. И кнезот веќе заради тоа не сака да се бие, зашто тие се бијат само со еднакви на себе.

– И јас сум џентлмен во тој однос, јас, се здобив со право, јас сум еднаков со нив . . . напротив, тој е понизок.

– Не, ти си мал.

– Како мал?

– Така мал. Обајцата сме мали, а тој е голем.

– Простак еден! По законот јас веќе цела година имам право да се женам.

– Па ожени се, ама сепак си ќутук, уште не си дораснал!

Најпосле сфатив дека тој рещи да се подбива со мене. Без сомневање целата оваа глупава анегдота можев и да не ја раскажам и дури ќе беше подобро да не ја кажев. Покрај тоа таа е одвратна заради тоа што е мала и непотребна, иако имаше многу сериозни последици.

Но, за да се казнам себеси уште повеќе, ќе ја раскажам докрај. Кога сфатив дека Ефим се подбива со мене, го удрив по грбот со десната рака, односно поточно да кажам со тупаница. Тој тогаш ме зграпчи за рамена, ме сврти со лицето напред и на дело ми докажа дека навистина беше посилен од сите нас во гимназијата.

II

Читателот, се разбира, ќе си помисли дека кога излегував откај Ефим бев во многу лошо расположение. Меѓутоа, тој се лаже. Премногу ми беше јасно дека е тоа само една другарска шега, а дека сериозноста на работите остана нечепната. Се напив кафе дури на Василевскиот Остров, откако нарочно ја одминав мојата вчерашна гостилница на Петроградската страна. И гостилницата и оној славеј ми станаа двојно поомразени. Чудна работа: способен сум да мразам места и предмети на ист начин како и луѓето. Во Петроград, меѓутоа, јас имав неколку среќни места, т.е. такви места на кои поради нешто некогаш сум бил среќен – и тие места ги чувам за да појдам на нив нарочно, колку што може подоцна, кога ќе бидам сосема сам и несреќен, таму да тагувам и да им се предадам на моите сеќавања. Пиејќи го кафето, сосем му дадов право на Ефим и на неговата здрава смисла. Да, тој беше попрактичен од мене, но не беше пореален. Реализмот, што е ограничен со крајот на својот нос, е

поопасен и од најбезумната фантастичност, затоа што е слеп. Но, иако му дадов право на Ефим (кој веројатно во тој момент мислеше дека јас одам по улица и го пцујам) – сепак во ништо не отстапував од своите убедувања, како што ни денеска не отстапувам од нив. Јас сум видел многу такви луѓе кои по првиот ладен туш не само што отстапуваат од своите намери, туку дури и од своите идеи и започнуваат да му се смеат на оној што се до пред некој момент го сметале за светост; о, колку лесно го прават тоа! Нека имаше Ефим, дури и во суштината на работата, повеќе право од мене, а јас да бев поглуп и од најголемиот глупак и само да глумев, сепак во длабочината на работата имаше една точка врз основа на која и јас бев во право, нешто што и во мене беше справедливо, но луѓето тоа никогаш не можеа да го сфатат.

Кај Васин, на Фонтанката, кај Семјоновскиот мост бев точно во дванаесет часот, но не го затеков дома. Васин работеше на Василевскиот Остров, а дома доаѓаше во строго определено време, секогаш речиси во дванаесет часот. Како така, бидејќи дента беше и некаков празник, јас очекував дека сигурно ќе го затечам дома. Кога не го затеков, решив да го почекам, без оглед на тоа што му доаѓав за првпат.

Вака размислував: работата со писмото за наследство е работа на совеста и земајќи го Васин како судија јас сакав да му ја покажам сета длабочина на моето почитување што, се разбира, сигурно ќе му биде пријатно. Ова писмо, се разбира, мене ми задаваше сериозна грижа и јас навистина бев уверен во неопходноста за тоа дека работата ќе ја реши некој трет. Но, сепак, мислам дека уште тогаш можев да се извлечам од тешкотиите без нечија туѓа помош. И што е главно, тоа го знаев уште тогаш; всушност, требаше само писмото да му се предаде на самиот Версилов, од рака на рака, а тој нека прави со него што сака – ете ти го решението. Самиот себеси да се поставувам за повисок судија и решавач во работа од таков вид, беше сосем неправилно. Извлекувајќи се себеси од спорот со предавањето на писмото од рака на рака и тоа молчејќи, со самото тоа јас би добил, зашто се-

беси би се поставил во положба над Версилов, оти, откажувајќи се, доколку се однесува на мене од сите користи на наследството (затоа што како на син на Версилов нешто, секако, би ми припаднало од тие пари, не веднаш туку подоцна) за себе засекогаш би го зачувал правото од морална височина да ја набљудувам идната постапка спрема Версилов. Ако некој сака да ме прекори дека ги упропастив кнезовите, не ќе може тоа да го стори затоа што документот немаше решавачка правна важност. Сето тоа го размислував во себеси и сосема си го објаснив, седејќи во празната соба на Васин. Ми текна и тоа дека не сум дошол кај Васин поради тоа од него да барам совет како да постапам, туку со намера за да го увиди тој тогаш дека сум јас најблагороден и најнекористољубив човек на светот и дека со тоа му се одмаздувам за вчерашното мое понижување пред него.

Кога ми стана тоа јасно, јас почувствував голема непријатност. Сепак, не си отидов, туку останав, иако знаев точно дека мојата непријатност секои пет минути ќе станува сè поголема и поголема.

Пред сè Васината соба започна сè повеќе да не ми се допаѓа. „Покажи ми ја својата соба па ќе ти кажам каков си", навистина би можело така да се каже. Васин живееше во една наместена соба што ја издаваа очигледно сиромашни луѓе што имаа покрај него и други кирации и од тоа се издржуваа. Мене ми се познати таквите тесни со намештај малку снабдени соби што сепак имаат претензии да изгледаат удобни. Во нив бездруго има по еден мек диван, купен во старинарница, и опасно е да се помрдне од местото; еден мијалник и железен кревет без параван. Очигледно Васин беше најдобриот и најсигурниот кирација. Таков најдобар кирација бездруго има по еден секоја сопственица на стан и затоа нему посебно му се угодува. Неговата соба се подготвува и чисти највнимателно, над диванот се обесува една литографска слика, под масата се постила килим кој само што не се распаднал. Луѓето што сакаат таква задушлива чистота, а што е главно и услужливата почит на газдарицата – и самите се сомнителни. Бев уверен дека положбата на

најдобар кирација му годеше на Васин. Не знам зошто, но малку по малку започна да ме лути погледот на двете маси претоварени со книги. Книги, хартии, мастилница – сè тоа беше во најодвратен неред, идеал што е во согласност со сфаќањето на животот од газдарицата Германка и од нејзината собарица. Книги имаше многу и не само весници и списанија, туку и вистински книги – и тој очигледно ги читаше и веројатно ќе седнеше да чита или ќе седнеше да пишува со необично важен и совесен израз на лицето. Не знам зошто, но и јас повеќе сакам кога се книгите расфрлани без ред. Барем од работата не се прави свештена служба. Изгледа дека овој Васин има многу добар однос со посетителите, но по сè изгледа дека секој негов гест му вели: „Ќе се задржам со тебе само час и пол, а потоа, кога ќе си заминеш, пак ќе се фрлам на работа". Изгледа дека со него е можно да се водат мошне интересни разговори и од него да се чујат нови работи, но – „сега со тебе ќе разговарам и многу ќе те заинтересирам, а штом ќе излезеш ќе почнам да се занимавам со нешто што повеќе ме интересира" . . . И, сепак јас, никако не си одев, туку останував. А за тоа дека ни малку не ми е потребен неговиот совет се уверив и самиот дефинитивно.

Чекав така еден час и повеќе, седејќи покрај прозорецот на еден од двата плетени стола што беа покрај него. Ме лутеше и тоа што времето изминуваше, а до вечерта требаше да си најдам и стан. Веќе сакав да земам некоја книга за да го разбијам долгото време, но не го сторив тоа. На самата помисла да се разонодувам, ми стана двојно поздодевно. Повеќе од еден час траеше вонредната тишина; а тогаш одеднаш негде многу близу, од вратата зад диванот и без да сакам, постепено започнав да слушам сè поразбирлив и јасен шепот. Зборуваа два гласа, очигледно женски, тоа се слушаше, но никако не можеа да се разберат зборовите. Па сепак поради здодевноста започнав да послушнувам. Јасно беше дека тие говореа живо и страсно и дека не станувашe збор за некакви шивачки модели. Тие се договораа за нешто и спореа: едниот глас убедуваше и молеше, а другиот не слу-

шаше и се противеше. Веројатно беа некои други кирации. Набргу пак ми стана здодевно, но увото ми навикна, така што јас и понатаму слушав, но некако механички, а понекогаш и сосема ќе заборавев да слушам, ако одеднаш не се случи нешто извонредно, токму како некој да скокна од стол со обете нозе, или наеднаш да скокна од место и затупоти со обете нозе. Потоа се чу офкање, па еден извик, дури и не извик туку врескот, како некое животно, налутено, на кое како да му е сеедно дали ќе го чујат туѓи луѓе или не. Јас летнав таму и ја отворив вратата. Во исто време се отвори друга врата на крајот од ходникот, вратата на газдарицата, како што разбрав подоцна, откаде што погледаа две љубопитни глави. Викотницата веднаш стивна, но одеднаш се отвори и вратата покрај мене, што им припаѓаше на сосетките, и една млада жена, како што ми се стори, бргу истрча и слезе низ скалите. А втората, постара жена, сакаше да ја задржи, но бидејќи не можеше, само застенка по неа:

– Оља, Оља, каде ќе одиш? Ох!

Но, кога ги виде двете наши врати отворени, таа итро ја подзатвори својата врата, оставајќи еден мал отвор низ кој наслушнуваше по скалите сè додека не исчезнаа чекорите на Оља што отрча долу. Јас се вратив кај мојот прозорец. Сè стивна. Настанот беше незначаен, а можеби и смешен, па престанав за него да мислам.

Приближно по четврт час во ходникот одекна, пред самата врата на Васин, еден гласен и слободен машки глас. Некој се фати за кваката и ја подотвори вратата толку што во ходникот можев да видам само еден висок човек, кој исто така и мене ме забележа и ме гледаше, но кој уште не сакаше да влезе во собата, туку продолжи преку целиот ходник да разговара со газдарицата. Газдарицата зборуваше со него со еден тенок и љубезен глас и уште по гласот можеше да се разбере дека посетителот е некој дамнешен познаник, уважуван од неа и ценет не само како солиден гостин, туку и весел гостин. Веселиот господин викаше и се шегуваше, но разговорот се водеше само околу тоа дека Васин не е дома, дека тој никако не може да го

затекне дома, дека тоа му било пишано уште од раѓањето и дека пак некогаш ќе го чека, а сето тоа на газдарицата, без сомневање, ѝ се стори како да е врвна точка на духовитоста. Најпосле гостинот влезе во собата и влегувајќи ширум ја отвори вратата.

Тоа беше еден убаво облечен господин чии костими очигледно ги шиеше некој добар шивач, беше облечен „господски", а меѓутоа на себе немаше ништо господско, покрај сета негова голема желба. Тој не беше безобѕирен, но некако по природа дрзок, затоа неговото однесување многу помалку навредуваше отколку дрскоста научена пред огледало. Неговата темно руса коса, малку побелена, неговите црни веѓи, големата брада и големите очи, не само што не му даваа никаква особеност на неговиот карактер, туку му даваа некаков општ изглед, нешто со што личеше на другите. Таков човек може да се смее и со задоволство се смее, но од којзнае каква причина вие не се чувствувате весело во негово друштво. Лицето секој момент му го менуваше изгледот и од смешно брзо стануваше сериозно, потоа гледаше весело или поднамигнуваше, но сè тоа некако неповрзано и беспричински . . . Впрочем, нема потреба однапред да се опишува. Овој господин подоцна го запознав многу повеќе и отпоблизу и затоа сега го прикажувам без да сакам поточно отколку што можев да го оценам кога ја отвори вратата и влезе во собата. Но и сега тешко ми е да кажам за него што и да е точно и определено, затоа што кај таквите луѓе е главна работа токму нивната неопределеност, неповрзаност и неодреденост.

Тој уште не ни седна, кога ми падна на ум дека тоа мора да биде очувот на Васин, некој г. Стебељков, за кој нешто веќе патем имав слушнато, така што не би можел да кажам што, се сеќавам само дека не беше ништо убаво. Знаев дека Васин долго време беше сираче под негово старателство, но дека уште одамна излезе од неговото влијание, дека и намерите и интересите им беа различни и дека во секој поглед живеат одделно. Запомнив, исто така, дека тој Стебељков имал некаков капитал и дека се занимава со шпекулации, како и тоа дека е ветрогон, со еден збор,

за него уште поподробно можеби знаев, но заборавив. Тој ме одмери со поглед, впрочем не поздравувајќи ме, си ја стави својата капа – цилиндер на масата пред канабето, како да е некој господар, со ногата ја турна масата настрана и не седна, туку просто се одвали на канабето, на кое јас не смеев да седнам, така што тој зачкрта, ги скрсти нозете и, дигајќи го високо врвот од својата десна лачена чизма, почна да ѝ се восхитува. Се разбира, веднаш се обрна кон мене и ме измери со своите крупни, малку здрвени очи.

- Не можам да го најдам дома! – малку ми нишна со главата.

Јас молчев.

– Не е точен! Има свои погледи на работите. На Петроградската страна ли?

– Сакавте да кажете дека доаѓате од Петроградска страна? – го прашав јас.

– Не, вас ве прашувам за тоа!

– Јас . . . јас дојдов од Петроградската страна, но од каде знаете?

– Од каде ли? Хм! – тој поднамигна, но не ме удостои со објаснение.

– Всушност, јас не живеам на Петроградската страна, но сега бев таму и оттаму пред малку дојдов.

Тој молчејќи продолжи да се потсмева важно, на начин што воопшто не ми се допадна. Во тоа поднамигнување имаше нешто глупо.

– Бевте ли кај господинот Дергачев? – рече тој најпосле.

– Што, кај Дергачев ли? – ги ококорив јас очите.

Тој ме погледна победоносно.

– Јас со него и не се познавам.

– Хм!

– Како сакате! – одговорив јас. Ми стана одвратен.

– Хм! Да. Не, дозволете: вие ќе купите во еден дуќан еден предмет, во друг дуќан покрај него друг купувач ќе купи друг предмет, што мислите каков?

– Пари, кај трговец што се вика лихвар . . . затоа што е и парата предмет, и лихварот е трговец . . . Ме следите ли вие?

– Молам, ве следам.

– Мина еден трет купувач и покажувајќи на еден од тие дуќани рече: „Ова е солидно“, а покажувајќи на другиот дуќан рече: „Ова не е солидно“. Што можам од тоа да заклучам за самиот купувач?

– Од каде да знам јас.

– Не, дозволете. Има уште еден пример: еден човек живее од добри примери. Одам јас по Невскиот проспект и забележувам дека на другата страна на улицата на тротоарот оди еден господин чиј карактер би сакал да го определам. Ние одиме секој по својата страна на улицата, сè до аголот кај Морска улица и токму на местото каде што е Англискиот магацин, забележивме трет минувач кој пред малку го прегазил коњ. Сега внимавајте: минува еден четврт господин што сака да го разбере карактерот на сите нас тројца, заедно со прегазениот човек, во смисла на практичноста и солидноста . . . Ме следите ли?

– Извинете, ама со голема мака.

– Одлично. Тоа и мислев. Ќе ја променам темата. Се наоѓам во една бања, во Германија, во минерална бања, како што тоа не еднаш се случувало; во која – тоа не е важно. Шетам по бањата и гледам Англичани. Со Англичанец, како што знаете, тешко е да се направи познанство. Но по два месеца, откако го завршивме лекувањето, сите ние со зашилени стапови се качуваме во друштво по планините, сеедно кои. На еден агол, т.е. на едно одмориште токму таму каде што калуѓерите го прават ликерот, шартрез, ова запомнете го, сретнав еден тамошен човек што стои сам и гледа и молчи. Сакав да ја разберам неговата солидност: што мислите, дали можев за нешто да им се обрнам на Англичаните со кои одев, само поради тоа што во бањата со нив не можев да го започнам разговорот.

– Од каде да знам! Извинете, мене многу ми е тешко да ве следам.

– Тешко ли ви е?

– Да, ме уморувате.

– Хм! – тој поднамигна и со раката направи едно движење што веројатно требаше да значи некое лику-

вање и победа. Потоа сосем мирно и спокојно извади од џебот весник, очигледно купен пред малку, го отвори и почна да чита на последната страна, со јасна намера да ме остави сосем на мир. Околу пет минути не ме ни погледна.

– Бресто – граевските сепак не паѓаат. Нели? Напротив, скокнаа и скокаат. Знам многу што паднаа.

Ме погледа сиот задоволен.

– Сега имам малку смисла за берза! – му одговорив јас.

– Ги осудувате ли?

– Што?

– Парите.

– Не ги осудувам парите, но . . . но, мене ми се чини, дека прво треба да се има идеја, па тогаш доаѓаат парите.

– То ест дозволете . . . да земеме еден човек, кој така да се каже, има капитал . . .

– Најнапред вишата идеја, а потоа парите, зашто без вишата идеја со парите општеството ќе пропадне.

Не знам зошто самиот почнав да се распалувам. Тој ме гледаше некако тапо, како да не може да се снајде, но лицето одеднаш му се рашири во една многу весела и итра насмевка.

– Версилов ли? Сепак ја доби, доби! Вчера ли беше судењето?

Одеднаш и неочекувано видов дека одамна тој знае кој сум јас и можеби уште повеќе знае. Само не разбирам зошто одеднаш поруменев и гледав на најглуп начин не симнувајќи ги очите од него. Тој очигледно ликуваше, весело ме гледаше, како во нешто на итар начин да ме фати и поради нешто да ме обвини.

– Не! – рече тој дигајќи ги веѓите. – Вие треба мене да ме прашате за тој господин Версилов! Што ви зборував малку за солидноста? Пред година и пол можеше со она дете да направи прекрасна работа – да, ама ја упропасти работата, да.

– Со какво дете?

– Со она доенчето што и сега го издржува на-

страна, само што тоа не му донесува никакви користи . . . зашто . . .

– Какво доенче? Што значи тоа?

– Негово, се разбира, лично негово, од mademoiselle Лидија Ахмакова . . . „Ме сакаше прекрасна девојка“ . . . фосфорните ќибритчиња, а?

– Каква бесмислица, каква глупост! Тој никогаш немаше дете со Ахмакова!

– Охо! А каде бев јас? Јас сум и доктор и акушер, се викам Стебељков, никогаш ли не сте чуле за мене? Навистина и тогаш веќе одамна не вршев практика, но практичен совет во практичен случај сепак можев да дадам.

– Вие ли акушер . . . и вие ли помагавте при раѓањето на детето на госпоѓицата Ахмакова?

– Не, јас ништо не ѝ помагав на Ахмакова. Таму во Форшталот (предградие) имаше еден доктор Гранц со многубројно семејство, нему му платија половина талир[1]), таква е кај нив таму лекарската положба, и никој не знаеше, тој беше наместо мене . . . јас го препорачив за да остане работата обвиена во мрак. Ме следите ли? А јас само дадов еден практичен совет по барање на Версилов, Андреј Петрович, на едно негово многу доверливо прашање, во четири очи. Но Андреј Петрович едновремено сакаше да лови два зајака.

Слушав длабоко изненаден така што умот ми застана.

– Кој лови, два зајака, не уловува ни еден, вели народната, или поточно простонародната поговорка. А јас велам вака: исклучоците што се повторуваат постојано стануваат општо правило. Тој летна по другиот зајак, преведено на руски тоа значи дека летна по друга дама – а резултат немаше никаков. Кога човек еднаш нешто ќе фати, тоа треба да го држи. Каде што треба да се работи брзо, тој се двоуми. Версилов – тоа е некој „женски пророк“ – така тогаш пред мене го нарече младиот кнез Сокољски. Не,

---

[1]) Вид стара австриска монета.

елате вие кај мене! Ако сакате многу да разберете за Версилов, елате кај мене.

Тој очигледно уживаше во тоа што јас подзинав од чудење. Никогаш и ништо досега не бев чул за доенчето. Тогаш, во тој момент, одеднаш се отвори и затвори вратата кај сосетките и некој брзо влезе во собата.

– Версилов живее во Семјоновскиот полк во Можајска улица, во куќата на госпоѓата Литвинова, број 17, сум била лично во пријавното одделение! – гласно викаше раздразнетиот женски глас; го слушавме секој збор. Стебељков ги крена веѓите и го стави прстот над главата.

– Ние за него зборуваме овде, а тој е веќе таму... Тоа се тие исклучоци што постојано се повторуваат! Quand on parle d'une corde . . .[1])

Тој брзо скокна, седна на канабето и почна да наслушнува кај онаа врата зад канабето.

Јас бев страшно вчудовиден. Заклучив дека тоа, веројатно, го рече истата млада жена која пред малку истрча толку збунета. Но што бара тука Версилов? Наеднаш се чу истото плачење како порано, бесно, пискот на човек избезумен од гнев, кому нешто не му дават или кого во нешто го спречуваат. Се чу некаква борба, некои зборови, чести и брзо изговорувани: „Нејќам, нејќам, вратете ги, вратете ги веднаш"! – или нешто слично, не можам сосема да се сетам. Потоа, како и порано, некој брзо скокна кон вратата и ја отвори. Обете сосетки стрчнаа во ходникот, како и пред малку, очигледно едната спречувајќи ја другата. Стебељков, кој веќе одамна беше станат од канабето и со насладување наслушнуваше, исто така, отрча кај вратата и веднаш сосем слободно излезе во ходникот и отиде право кај сосетките. Се разбира, и јас отрчав кон вратата. Но неговата појава во ходникот беше како ладен туш: сосетките веднаш се повлекоа во својата соба и зад себе ја затворија вратата. Стебељков сакаше да летне по нив, но се запре, го дигна прстот високо, се насмевна и почна да размисл-

---

[1]) Кога се зборува за јаже (Француска поговорка)

слува. Сега, меѓутоа, во неговата насмевка забележав нешто многу одвратно, мрачно и кобно. Тој ја забележа газдарицата која пак стоеше на својата врата и брзо на прсти отрча кај неа низ ходникот. Откако цели две минути со неа прозборува нешто и по сè изгледа доби потребни известувања, тој се врати достоинствено и решително во собата, го зеде од масата својот цилиндар, патем се погледна во огледалото, си ја подигна малку косата и сигурно и достоинствено отиде кај сосетките, дури и не погледнувајќи во мене. За еден миг наслушнав кај вратата, го потпрев увото и тој врвеше победоносно низ ходникот, намигнувајќи ѝ на газдарицата која му се закануваше со прст и вртеше со главата како да сакаше да му каже: „Ох, обесенику ниеден, обесенику"! Најпосле, со решително и сериозно лице, дури како од сочувство, со наведната глава, тој зачука на вратата од сосетките. Се чу еден глас:

– Кој е?

– Дали дозволувате да влезам за една многу важна работа? – гласно и достоинствено запраша Стебељков.

– Отпрвин тие се двоумеа, но сепак ја отворија вратата дополу. Но Стебељков веднаш силно се фати за кваката и повеќе не дозволуваше вратата да се затвори. Започна разговор. Стебељков зборуваше гласно, сè повеќе навлегувајќи во собата. Не се сеќавам за зборовите, но знам дека тој говореше за Версилов, дека може сè да каже, сè да објасни – „не, мене вие прашајте ме", „не, елате вие кај мене" и слично. Многу бргу го пуштија внатре. Јас се вратив на канабето и почнав да наслушнувам, но не можев сè да разберам, само чув дека често го спомнуваа Версилов. Според тонот на гласот се досетував дека Стебељков веќе завладеа во разговорот, дека зборува без умилкување, авторитетно и слободно, како пред малку што зборуваше со мене: „Ме следите ли?" „Сега ве молам внимавајте" и слично. Впрочем, со овие жени тој беше необично љубезен. Веќе на двапати одекна неговото гласно смеење и веројатно сосема неумесно, поради тоа што покрај неговиот глас, а понекогаш и по-

силно од него се слушаа и гласовите на обете жени што не покажуваа ни малку веселост, а особено гласот на младата жена, онаа што пред малку плачеше. Таа говореше многу нервозно, брзо, очигледно жалејќи се на некого и обвинувајќи некого, барајќи суд и судија. Но Стебељков не попушташе. Го креваше гласот сè повисоко и сè почесто и почесто се кркотеше. Луѓето каков што е тој не можат да ги слушаат другите луѓе. Наскоро слегов од диванот, зашто ми се стори дека е срамно да наслушнувам и седнав на моето старо место, на плетениот стол покрај прозорецот. Бев уверен дека Васин не го смета овој господин за ништо, но кога би го искажал јас истото мислење тој веднаш би започнал сериозно и достоинствено да раскажува и почна да докажува дека е тој „практичен човек, еден од оние денешни работни луѓе што не треба да се ценат со нашето општо и апстрактно мерило“. Во тој момент, впрочем, се сеќавам бев морално сиот отепан, срцето ми чукаше и секако нешто чекав. Почекав десет минути и одеднаш, при најсилното кркотење на Стебељков, некој, исто како пред малку, стана од столот, потоа се чу викотница од двете жени, можеше да се чуе дека Стебељков стана од столот, дека започна нешто да зборува веќе со поинаков глас, како да се извинува, како да моли да го сослушаат до крај . . . Тие, меѓутоа, не го сослушаа туку се слушнаа налутени извици: „Надвор! Неранимајко, безобразнику!“ Со еден збор, беше јасно дека тие го бркаа надвор. Токму во тој момент јас ја отворив вратата, тој летна во ходникот од собата на сосетките и ми се чини дека буквално, т.е. со раце беше истуркан од нив. Кога ме виде, тој наеднаш викна покажувајќи на мене:

– Еве, овој е син на Версилов. Ако не ми верувате, еве ви го неговиот син, лично неговиот син! Повелете! – и тој заповеднички ме фати за раката.

– Овој е негов син, негов роден син! – повтори тој, водејќи ме кон дамите и не додавајќи ништо повеќе за објаснување.

Младата жена стоеше во ходникот, а старата еден чекор зад неа, на вратата. Се сеќавам само дека оваа

кутра девојка не беше грда, дека имаше одвај дваесетина години, но беше мршава и болезлива, лисеста, а во лицето малку прилегаше на сестра ми. Оваа црта ми се задржа и ми остана негибната во моето сеќавање; само што Лиза никогаш не беше, и, се разбира, никогаш не може да биде толку надвор од себеси од гнев како што беше оваа жена пред мене: усните ѝ беа бледи, нејзините сјајни сини очи светеа, а сета таа трепереше од лутина. Сѐ сеќавам, исто така, дека и јас бев во вонредно глупа и недостојна положба, зашто не знаев што да кажам, благодарение на овој простак Стебељков.

– Што ми е мене грижа за тоа чиј е тој син! Ако е со вас, тогаш е и тој нeранимајко. Ако сте вие син на Версилов – ми се обрна таа наеднаш мене – тогаш кажете му на вашиот татко, од моја страна, дека е нeранимајко, дека е обичен безобразник, дека негови пари не ми требаат . . . На, на, на, однесете му ги париве веднаш!

Таа брзо извади од џебот неколку банкноти, но повозрасната, т.е. нејзината мајка (како што се виде подоцна) ја фати за рака.

– Оља, можеби тоа не е вистина, можеби тој не е негов син!

Оља ме погледна брзо, малку поразмисли, ме погледна презриво и се врати назад во собата, но пред да ја затвори вратата, од прагот уште еднаш викна по Стебељков:

– Надвор!

И дури тропна со ногата. Потоа ја затвори вратата и ја заклучи. Стебељков, држејќи ме и понатаму за рамото, откако го дигна прстот високо и ја развлече устата во широка неопределена насмевка, го впери погледот во мене, гледајќи ме испитувачки.

– Јас сметам дека вашата постапка со мене е смешна и недостојна! – промрморив јас со негодување.

Но тој не ме ни слушаше, иако од мене не ги сметнуваше своите очи.

– Тоа би требало да се ис-пи-та! – проговори тој замислено.

– Но, сепак, како смеевте така да ме вовлечете? Кои се тие? Каква е оваа жена? Ме фативте за рамена и ме туркавте пред нив, што значи тоа?

– Е, по ѓаволите! Едната е таа на која ѝ ја одзедоа невиноста . . . „исклучок што често се повторува" – ме следите ли?

И тој го впери прстот во моите гради.

– Е, по ѓаволите! – и му го оттурнав прстот.

Но наеднаш сосем неочекувано, тој се засмеа тивко, одвај да се чуе, долго, весело. Најпосле, го стави цилиндарот на главата, брзо го промени изгледот на лицето и сега, гледајќи веќе намуртено со кренати веѓи, рече:

– А газдарицата би требало да ја научам . . . би требал да се истераат од станот, и тоа што поскоро, инаку и овде тие . . . Ќе видите! Запомнете го ова што ви го велам, ќе видите! Е, по ѓаволите! – и пак се развесели одеднаш – а вие уште ли ќе го чекате Гриша?

– Не, нема да го чекам! – одговорив решително.

– Па, сеедно . . .

И не велејќи повеќе ни збор, тој се сврти излезе и слезе по скалите, не удостојувајќи ја дури ни газдарицата со поглед, кој очигледно очекуваше разјаснување и извештај. Јас си ја зедов шапката и, замолувајќи ја газдарицата да му каже на Васин дека сум бил јас, Долгоруки, стрчав по скалите.

III

Само времето си го бев изгубил. Кога излегов на улица, веднаш отидов да барам стан. Но бев расеан, неколку часови поминав на улица и иако разгледав пет-шест станови за самци сосем бев уверен дека поминав покрај други дваесетина што не ги ни забележав. За големо мое незадоволство не ни помислував дека е толку тешко да се најде стан. Насекаде соби како на Васин и дури многу полоши, а цените високи, т.е. високи според мојата сметка. Мене ми требаше само едно катче, толку само во него да можам да се свртам; презриво ми даваа на знаење дека во тој слу-

чај треба да одам таму каде што се издаваат „катчиња“. Освен тоа, насекаде имаше многу чудни кирации со кои според нивниот изглед не би можел да живеам заедно – дури и би плачкал да не морам да живеам покрај нив. Некои господа без палто, само во елеци, со разбушавени бради, со дрско однесување и љубопитни. Во едно мало собиче седеа десетина луѓе, играјќи карти и пиејќи пиво, а другата соба, покрај неа, ми ја нудеа мене. На други места на прашања од сопствениците одговарав толку бесмислено што тие ме гледаа изненадени, а во еден стан дури и се искарав. Впрчем, не е потребно да се опишуваат сите тие ситници. Ќе го речам само тоа дека бев страшно уморен и дека во една гостилница каснав малку дури кога се стемни. За мене работата беше веднаш сосема решена. Да одам веднаш и самиот веднаш лично да му го предадам на Версилов писмото за наследството (без некакво објаснение), од моето собиче да си ги земам моите предмети и да ги ставам во куфер и да ноќевам макар и во хотел. На крајот од Обуховскиот проспект, кај Триумфалната врата, знаев дека има ефтини хотели во кои може да се добие и засебна соба за триесет копјеки. За една ноќ решив толку да жртвувам, само повеќе да не спијам кај Версилов. И кога минував покрај Технолошкиот институт, наеднаш ми дојде на ум, поради нешто, да наминам кај Татјана Павловна која живееше тука, спроти самиот Институт. Причина за наминувањето беше писмото за наследство, но мојата незапирлива побуда имаше, се разбира, друга причина која дури ни сега не можам да ја објаснам: во главата имав цела збрка за „доенчето“, за „исклучоците што стануваат општо правило“. Дали сакав со некој да поразговарам, или да се направам важен, или да се степам, или дури да заплачам – не знам, туку-така влегов кај Татјана Павловна. Кај неа досега бев само еднаш, веднаш по моето доаѓање од Москва, по некаква порака од мајка ми и се сеќавам кога влегов кај неа и ѝ го предадов писмото, и по една минута излегов дури не седнувајќи, на што таа, впрочем, не ме ни понуди.

Заѕвонив и готвачката веднаш ми ја отвори вра-

тата и ме пушти внатре, не велејќи ми ни збор. Сите овие подробности се потребни за да може да се разбере на кој начин се случи овој луд настан што имаше толку големо влијание врз сè што се случи потоа. Најнапред за готвачката. Тоа беше една злобна Финка со чпртав нос која ми се чини ја мразеше својата газдарица Татјана Павловна, додека оваа пак, напротив, не можеше да се оддели од неа, врзана за неа како стара девојка за некој мопс[1]) со влажна муцка или како некоја вечно сонлива кокошка. Финката, или се лутеше, или беше груба, или по секоја кавга молчеше со недели, казнувајќи ја со тоа својата господарка. Јас веројатно натрапав на таков молчалив ден, зашто дури на моето прашање: „Дали е госпоѓата дома?", што ѝ го поставив точно се сеќавам не ми одговори, туку си отиде во кујната молчејќи. Тогаш, се разбира, јас сфатив дека е госпогата дома, отидов во собата и, кога никого не затеков внатре, почнав да чекам, сметајќи дека Татјана Павловна веднаш ќе дојде од спалната соба. Инаку, зошто би ме пуштила готвачката внатре? Не седнав, туку почекав две-три минути. Веќе беше се стемнило и темниот стан на Татјана Павловна направи на мене уште понепријатен впечаток поради завесите што беа насекаде изобесени. Два збора за овој лош стан, за да биде сфатено местото каде што се случи настанот. Татјана Павловна, според својот искрен и заповеднички карактер, и поради своите старински спахиски поими, не можеше да живее во наместена соба за самци, па ја зеде под кирија оваа пародија на стан, само за да живее засебно и да биде самата своја госпоѓа. Овие две соби беа како два кафеза за канарки, една покрај друга, едната помала од другата, на третиот кат и со прозорци во дворот. Кога се влегува во станот најнапред се влегува во едно тесно ходниче, широко аршин и пол. Од едната страна се тие два спомнати кафеза за канарки, а право по ходничето, на крајот, се наоѓа малата кујничка. Во тие соби можеби имаше простор од сажен

[1]) Вид куче.

и пол, воздух што му е потребен на човек за дванаесет часови, но тешко да имаше повеќе. Беа многу ниски, но што е најглупо од сè, прозорците, вратите, мебелот, сето тоа беше послано или покриено со басма, со прекрасна францууска басма; и насекаде фестонски украси, поради што собата изгледаше двојно потемна и прилегаше на внатрешност од некаков патнички вагон. Во таа соба, во која јас чекав, човек можеше некако да се сврти, иако сè беше пренатрупано со не многу лош мебел: тука имаше разни масички со инкрустации, со бронзени рамки, ковчези, елегантна, дури и богата тоалетна маса. Но другата соба од која што го чекав нејзиното доаѓање, спалната соба, одвоена од оваа соба со дебела завеса, се состоеше, како што видов потоа, буквално, само од еден кревет. Сите овие подробности се потребни за да се разбере глупоста што ја направив.

И така чекав не сомневајќи се во ништо, кога засвони ѕвончето. Слушнав како со бавни чекори по ходничето мина готвачката и молчејќи пушти некого внатре, како што пред малку ме пушти мене. Тоа беа две дами и обете говореа гласно, но какво беше моето изненадување кога според гласот ја познав едната – Татјана Павловна, а дугата беше токму онаа жена која најмалку ја очекував сега да ја сретнам и тоа во вакви околности! Не можев да се лажам: тој звучен, силен, метален глас го чув вчера, навистина сè на сè три минути, но тој остана во мојата душа. Да, таа беше онаа „вчерашната жена". Што можев да правам? Ова прашање не му го поставувам на читателот, туку самиот си го прикажувам тогашниот момент и дури ни сега не сум во состојба да објаснам како се случи тоа да скокнам од зад завеса и да се најдам во спалната соба на Татјана Павловна. Накусо, јас се скрив и одвај успеав да се засолнам, а тие веќе беа во собата. Зошто не им тргнав во пресрет, туку се скрив – не знам. Сè се случи неочекувано, сосем без размислување.

Кога втрчав во спалната соба и налетав на креветот, веднаш забележав дека едната врата води в кујна. Да, значи, имам излез во случај на неволја и

дека можам сосем да се спасам; но страшно! Вратата беше заклучена, а во бравата немаше клуч. Во очај седнав на креветот, јасно видов дека сега ќе слушам што тие ќе говорат и веќе по првите реченици, по првите гласови од разговорот, заклучив дека е нивниот разговор таен и доверлив. О, се разбира, чесен и благороден човек во таков случај треба да стане, да излезе пред нив и гласно да каже: „Овде сум јас, почекајте!" И без оглед на својата смешна положба тој треба да се тргне. Но јас не станав и не излегов; немав храброст, бев подлец и страшливец.

– Но, драга моја Катерина Николаевна, вие многу ме натажувате, – молеше Татјана Павловна – смирете се еднаш засекогаш, тоа дури не му одговара на вашиот карактер. Таму каде што сте вие, таму има веселост, а сега наеднаш . . . Да, ќе ми верувате барем мене, си мислам: вие знаете колку сум ви верна. Ништо помалку отколку на Андреј Петрович, кому вечно ќе му бидам верна, што не го кријам од никого . . . Значи, верувајте ми, жими честа, тој го нема документот в раце, а можеби документот не се наоѓа кај никого. Версилов не е способен за такви интриги. Вие грешите што го правите сомнителен во тоа. Вие двајцата сами за себе сте го создале тоа непријателство . . .

– Документот постои, а тој е способен за сè. И што било, кога вчера појдов дома: првиот што го сретнав – ce petit espio[1]), кого тој му го натури на кнезот.

– Ех, ce petit espion. Пред сè, тој не е ни малку espion, затоа што јас, јас работев на тоа да го наместам кај кнезот, инаку во Москва тој би полудел или би умрел од глад, така ми јавија за него оттаму. И што е најважно тоа неизделкано детиште е вистинско будалче, од каде може тоа да биде шпион?

– Да, можно е да е таков, но тоа не му пречи да биде подлец. Да не бев лута вчера ќе умрев од смеење: побледи, се доближи, се поклони, проговори нешто на француски. А во Москва Марија Ивановна

---

[1]) Тој мал шпион.

за него тврдеше дека е генијален. Дека тоа несреќно писмо се наоѓа негде зачувано и тоа на многу опасно место – тоа го заклучив по лицето на Марија Ивановна.

– Драга моја! Зар не ми рековте токму вие дека кај неа нема ништо!

– Во тоа и се состои работата: таа го има документот; таа само лаже и само да знаете колку е препредена! Пред моето одење во Москва сè уште не ме напушташе надежта: дека не останале некакви документи, ама сега, сега . . .

– Ама, драга моја, напротив, сите велат дека е таа добро и умно суштество, дека нејзиниот покојник ја ценеше повеќе отколку сите други внуки од сестра. Навистина, јас толку и не ја познавам, но вие, убавице моја, вие сте можеле да ја придобиете. Па вам не ви е тешко да победите, еве и јас, вака стара, па сум вљубена во вас и чисто сега би ве бакнала . . . Не би ви било тешко да ја придобиете.

– Јас гледав, Татјана Павловна, да ја придобијам, се обидував, веќе и ја занесов, но таа е многу итра . . . Не, таа е негибнат карактер и тоа специјален, московски карактер . . . И претставете си, ме советуваше да му се обрнам на некојси Крафт, на некој овдешен бивш помошник кај Андроников, можеби тој нешто ќе знае. За тој Крафт знам сосем малку и дури се сеќавам дека сум го видела патем. Но начинот на кој ми рече таа за тој Крафт, тоа сигурно ме увери дека не само што не ѝ е нејзе позната работата, туку дека лаже и дека знае сè.

– Па зошто? Зошто? Да видите тоа би можело од него да се разбере. Тој Германец, Крафт, не е дрдорко и, се сеќавам, многу е чесен човек – точно него би требало да го прашате! Само изгледа дека сега не е во Петроград . . .

– О, се врати вчера, пред малку бев кај него . . . Затоа и дојдов сега кај вас во толкаво возбудување, ми треперат и нозете и рацете, сакав да ве замолам Татјана Павловна, ангелу мој сладок, зашто вие сите луѓе ги познавате: зар не би можело на некој начин да се разбере нешто за тие документи, зашто сигурно

се знае дека останале некои документи по него, но во чии раце тие дошле сега? Којзнае, можеби пак во нечии опасни раце? Дојдов да ве прашам за совет.

– Но, за какви документи вие зборувате? – Татјана Павловна не разбира. – Сами рековте дека пред малку сте биле кај Крафт?

– Бев, пред малку бев, но тој изврши самоубиство! Уште синоќа.

Јас скокнав од креветот. Можев да издржам и да седнам кога ме нарекоа и шпион и будалче и колку што понатаму одеа во својот разговор, ми беше сè појасно дека не смеам да се појавам! Тоа не би било можно ни да се замисли! Во душата решив да продолжам да седам мирно, додека Татјана Павловна не ја испрати гостинката (ако на некаква моја несреќа самата не влезе право во спалната соба), а потоа, кога ќе појде Ахмакова, нека дојде и до тепање помеѓу мене и Татјана Павловна! . . . Но, откако чув за Крафтовото самоубиство ненадејно скокнав од креветот, како да ме фати некој грч. За ништо повеќе не размислував, туку направив еден чекор, ја дигнав завесата и се најдов пред нив двете. Уште беше ден, па можеа да ме познаат, бев блед и самиот треперев . . . Тие двете спискаа. Како и да не спискаат?

– Крафт ли? – промрморив јас, обрнувајќи ѝ се на Ахмакова. – Тој ли изврши самоубиство? Сношти ли? По заоѓањето ли на сонцето?

– Каде беше ти? Од каде доаѓаш? – се развика Татјана Павловна и буквално ги закачи ноктите на моето рамо. – Ти ли си шпионирал! Прислушнуваше ли?

– Што ви реков пред малку? – стана од канабето Катерина Николаевна, покажувајќи ме мене.

Јас бев надвор од себеси.

– Лага, глупост! – ја прекинав јас налутено. – Пред малку ме нарековте шпион, о, господе! Дали е можно да се шпионира и да се живее на светов, покрај вакви луѓе какви што сте вие? Оној великодушен човек го заврши животот со самоубиство: Крафт се уби, за-

ради идејата, заради Хекуба[1]) ... Впрочем, што знаете вие за тоа која е Хекуба? ... А ти живеј овде меѓу тие ваши интриги, талкај меѓу тие ваши лаги, измами, спелтки! ... Сѐ ми е доста.

– Удрете му една шлаканица! Удрете му шлаканица! – викаше Татјана Павловна и бидејќи Катерина Николаевна само ме гледаше (се сеќавам за секоја ситница), не симнувајќи ги од мене очите и бидејќи таа не се ни помрдна од местото, Татјана Павловна, само уште за еден момент, веројатно и самата би го извршила својот совет, ако без да сакам не ја дигнев раката за да го заштитам своето лице. Со ова движење на раката нејзе ѝ се стори како да замавнав по неа.

– Де, удри, удри! Докажи дека си роден простак! Посилен си од една жена, зошто се воздржуваш!

– Доста со тие клевети, доста! – викнав јас. – Никогаш не сум кренал рака на жена! Срам да ви е Татјана Павловна, вие секогаш сте ме презирале. О, со луѓето треба да се однесувате, но не треба да ги уважавате! Вие се смеете, Катерина Николаевна, веројатно заради мојата фигура; да, господ не ми даде убава става како на вашите аѓутанти. Па сепак не се чувствувам понижен пред вас, туку напротив возвишен ... Не е важно со кој израз тоа би се рекло, единствено знам дека јас не сум виновен. Ваму дојдов случајно. Татјана Павловна, виновна е вашата Финка или подобро да речам вашата наклонетост спрема неа: зошто таа не ми одговори на моето прашање, туку ме воведе право ваму? А потоа, ќе признаете и сами да излезев од спалната соба на една жена, ми се стори како да е тоа многу монструозна работа, па решив поскоро да го издржам вашето карање, отколку да се покажам како ... Вие пак се смеете, Катерина Николаевна?

– Надвор, надвор, бегај надвор! – се развика Татјана Павловна, речиси истуркувајќи ме надвор; не обрнувајте внимание на неговото дрдорење, Катерина

---

[1]) Тројанска кралица, жена на Пријам, мајка на Хектор.

Николаевна, јас веќе ви реков дека оттаму ми пишаа оти поулавил!

– Јас сум поулавил? Од каде пишаа? Кој можел тоа да пише? Сеедно, доста ми е сè! Катерина Николаевна, ви се колнам со сè што ми е најсвето дека сиов овој разговор и сево ова што го чув ќе остане меѓу нас . . . Јас не сум виновен заради тоа што ги разбрав вашите тајни. До толку помалку што уште утре ја напуштам службата кај вашиот татко. А што се однесува до документот што го барате, можете да бидете спокојни.

– Што значи тоа? . . . За каков документ вие говорите? – се збуни Катерина Николаевна и дури пobледе, или можеби мене ми се стори така. Ми беше јасно дека реков повеќе отколку што треба.

Јас бргу излегов. Тие ме испратија со очите и во нивниот поглед се виде големо изненадување. Со еден збор, јас им зададов загатка.

ДЕВЕТТА ГЛАВА

I

Брзав да си одам дома и – чудна работа – бев многу задоволен од себе. Се разбира, така не се зборува со жени, поточно да кажам со таква жена, бидејќи Татјана Павловна не ја ни сметав меѓу нив. Можеби на таква жена никогаш не смее да ѝ се каже в лице: „Да ви плукнам на интригите“. Но јас тоа го реков и токму затоа бев задоволен. Да не зборувам за другото, јас бев уверен дека со тој тон ја збришав сета комичност на мојата положба. Но јас немав време за тоа многу да мислам; во мојата глава постојано беше Крафт. Не поради тоа што тој страшно би ме измачувал, туку поради тоа што сепак бев потресен до дното од мојата душа; дури и толку што она обично човечко чувство на извесно задоволство при туѓата несреќа т.е. кога некој ќе си ја скрши ногата, ја губи честа или саканото суштество и слично, дури и тоа обично чувство на подло задоволство, во мене му го отстапи местото на едно друго сосем негибнато чувство, на тагата, сожалување спрема Крафт, т.е. не знам дали беше сожалување, но во секој случај беше едно силно и добро чувство. И од тоа исто така бев задоволен. Чудно е колку многу второстепени мисли можат да минат низ главата, токму тогаш кога е човекот силно потресен од некакво важно соопштение кое, всушност, би морало да ги задуши другите чувства и да ги разбрка неважните мисли особено незначителните, а тие чувства напротив токму тогаш, најмногу надоаѓаат. Се

сеќавам уште и за тоа како малку по малку ме опфаќаше некакво нервозно треперење, прилично силно, што траеше неколку минути и продолжи за целото време дури бев дома и дури се објаснував со Версилов.

Ова објаснување се случи под чудни и необични околности. Веќе спомнав дека живеевме во засебна зграда во дворот. Овој стан го носеше бројот тринаесет. Пред да влезам во вратата чув еден женски глас кој некого со нестрпливост и раздразнето гласно го прашуваше. „Каде е станот број тринаесет"? Една дама прашуваше тука, веднаш до вратата, откако ја отвори вратата на едно дуќанче; меѓутоа, таму изгледа ништо не ѝ одговорија или дури ја избркаа и таа слегуваше од зградата по скалите, раздразнета и лута.

– Па каде е овде вратарот? – викна таа тропнувајќи со ногата. Јас веќе од порано го бев чул тој глас.

– Јас одам во станот број тринаесет, – ѝ се доближив јас, – кого го барате?

– Веќе цел час го барам вратарот, насекаде се распрашував, се искачив на сите скали.

– Но тој стан е во дворот. Зар не ме познавате?

Но таа веќе ме позна.

– Вие го барате Версилов. Со него треба да разговарате, и јас сакам да разговарам, – продолжив јас – дојдов со него да се простам за навек. Ајде да одиме.

– Да не сте неговиот син?

– Тоа ништо не значи. Впрочем, да речеме дека сум неговиот син, иако сум јас Долгоруки, јас сум вонбрачно дете. Тој господин има многу вонбрачни деца. Кога тоа го бара совеста и честа, дури и роден син го напушта родителскиот дом. Тоа го пишува и во библијата. Притоа тој доби едно наследство, а јас не сакам да го делам со него и ќе си одам да живеам од својот труд. Кога треба, великодушниот човек го жртвува и својот живот. Крафт се уби заради идејата; претставете си млад човек што влеваше надеж ... Овде, овде! Ние живееме во засебна зграда. И во библијата пишува дека децата ги напуштаат татковците и создаваат свое гнездо .. Кога некого го влече иде-

јата . . . кога има идеја! Најважна е идејата, во идејата е сè . . .

Јас ѝ дрдорев во оваа смисла за целото време додека се качувавме кон нас. Читателот веројатно забележа дека јас не се штедам многу себеси и каде што е потребно се осудувам строго: сакам да се научам да ја кажувам вистината. Версилов беше дома. Влегов, не соблекувајќи го горното палто, влезе и таа. Таа беше многу сиромашки облечена. Преку фустанчето со темна боја висеше парче од некаков штоф што играше улога на наметка или мантил. На главата имаше една стара излитена морнарска капа која ѝ стоеше многу лошо. Кога влеговме во гостинската соба, мајка ми седеше на своето обично место со рачната работа в раце, а сестра ми излезе од својата соба за да види кој доаѓа и застана на вратата. Версилов, како и обично, не работеше ништо и ни тргна во пресрет. Тој го впери во мене строгиот, прашален поглед?

– Со ова немам никаква врска, – побрзав јас да се бранам и застанав настрана, – оваа дама ја сретнав на самата врата; ве бараше вас и никој не можеше да ја упати. Јас дојдов по моја лична работа која ќе имам задоволство попосле да ви ја објаснам . . .

Версилов постојано и понатаму ме посматраше љубопитно.

– Дозволете! – нестрпливо започна девојката. Версилов ѝ се сврти. – Долго размислував зошто ви падна на ум сношти да ми оставите пари . . . Јас . . . со еден збор . . . Еве ви ги вашите пари! – скоро записка таа како денеска попладне и му го фрли пакетчето со банкноти на маса. – Јас морав да ја барам вашата адреса во пријавното одделение, инаку ќе ви ги донесев уште порано. Слушајте вие! – ѝ се обрна наеднаш на мајка ми која сета побледи – не сакам да ве нажалувам, вие изгледате чесна жена, а можеби тоа е и вашата ќерка. Не знам дали сте му жена, но знајте дека овој господин ги сече огласите од весниците во кои гувернанти и учителки бараат заработка давајќи го својот последен грош, а тој оди кај тие бедни жени, нечесно ги искористува и ги турка во беда со помош

на парите. Не разбирам како сум можела вчера од него да примам пари; изгледаше многу чесен човек ... Ни збор да не кажете повеќе, вие сте никаквец, милослив господине! Дури и да имавте чесни намери јас сепак не би примила милост од вас. Ни збор ни збор! О колку ми е мило што ве разобличив сега пред вашата женска челад. Проклет да сте.

– Таа бргу истрча, но од прагот се сврти за момент, за да му викне:

– Велат дека сте добиле наследство!

И потоа исчезна како сенка. Истакнувам уште еднаш: сета беше избезумена. Версилов беше длабоко вчудовиден: стоеше како пропаднат; размислуваше и како за нешто да решаваше. Најпосле одеднаш се сврти кон мене:

– Ни малку ли не ја познаваш?

– Случајно денеска ја видов во ходникот кога се лутеше кај Васин и раскажуваше и ве колнеше. Но не стапив во разговор и ништо не знам, а сега ја сретнав на вратата. Веројатно тоа е онаа сношната учителка „што дава часови по аритметика"?

– Да, таа е тоа. Еднаш во животот сакав да направам добро и ... А што имаш ти?

– Еве ви го ова писмо! – му одговорив јас. – Не наоѓам за потребно да ви објаснувам: го добив од Крафт, а тој го добил од покојниот Андроников. Од содржината ќе разберете сè. Додавам дека никој на светов денеска не знае за ова писмо, освен мене, затоа што Крафт, откако сношти ми го предаде ова писмо, штом сум излегол откај него, извршил самоубиство ...

Додека говорев јас без здив и брзав, тој го зеде писмото в раце и, држејќи го во левата рака, нерешително, внимателно ме слушаше. Кога му ја соопштив веста за самоубиството на Крафт, особено внимателно го погледнав неговото лице за да го видам ефектот. И што се случи? Соопштението не направи никаков впечаток: Дури не ги подигна ни веѓите! Напротив, кога виде дека застанав, го извади својот лорнет што никогаш не го оставаше и што му висеше врзан за една црна врвка, го доближи писмото до свеќата и, откако

погледна во потписот, почна да го чита со внимание. Не можам да изразам колку се почувствував навреден со таа негова бесчувствителност. Тој мораше многу добро да го познава Крафт, а тоа не беше баш некое обично соопштение! Најпосле, јас, се разбира, сакав тоа да предизвика ефект. Чекајќи половина минута и знаејќи дека е писмото долго, јас се свртив и излегов. Куферот веќе одамна ми беше подготвен, ми остана само уште да врзам некои предмети во врзопот. Мислев на мајка ми зошто не ѝ пријдов. По десет минути, кога бев веќе сосем готов и сакав да излезам за да најдам кола, во моето собиче влезе сестра ми.

– Еве, мама ти ги дава твоите шеесет рубли и пак те моли да ја извиниш што за нив му кажа на Андреј Петрович. А освен нив уште дваесет рубли. Ти сношти даде за твојата исхрана педесет рубли. Мама вели дека не треба да прими никако повеќе од триесет, зашто за тебе не треба да се плати педесет, па дваесет рубли ти враќа.

– Добро и благодарам, ако е вистина тоа што го рекла. Збогум сестро, јас заминувам!

– Каде одиш сега?

– Времено во хотел, само за да не ноќевам во оваа куќа. Речи ѝ на мама дека ја сакам.

– Таа тоа го знае. Таа знае дека ти го сакаш и Андреј Петрович. Зар не се срамиш што ја доведе онаа несреќница!

– Ти се колнам дека јас не ја доведов; ја сретнав на вратата.

– Не, ти ја доведе.

– Те уверувам . . .

Размисли, испитај се самиот себе па ќе увидиш дека ти беше причина за нејзиното доаѓање.

– Само ми беше мило дека беше Версилов засрамен. Претстави си, тој имал дете со Лидија Ахмакова . . . впрочем, зошто ова ти го говорам . . .

– Тој ли? Дете ли? Но тоа не е негово дете! Од кого си ја чул таа невистина?

– Ах, што знаеш ти?

– Јас ли не знам? Па јас го одгледував тоа дете во Луга. Слушај брате, одамна гледам дека ти ништо не

знаеш, а меѓутоа, го навредуваш Андреј Петрович, па и мама.

– Ако тој има право, тогаш јас сум виновен и тоа е сè, но затоа јас не ве сакам помалку вас. Зошто толку поцрвени сестро? Гледај, сега уште повеќе! Но, добро, сепак она мало кнезче ќе го предизвикам на двобој поради шлаканицата што му ја удри на Версилов во Емс. А ако Версилов беше прав со Ахмакова, тогаш уште повеќе.

– Брате, вразуми се, што ти е?

– Добро е што е завршено делото на судот ... Гледај, сета побледи.

– Но кнезот нема ни да излезе на двобој со тебе! рече Лиза низ насмевка, бледа од страв.

– Тогаш јавно ќе го посрамам. Што ти е тебе, Лизо?

– Таа толку побледи што не можеше веќе да стои на нозе, туку седна на канабето.

– Лизо! – се чу одоздола гласот на мајка ни.

Таа се сепна и стана и љубезно ми се насмевна:

– Брате, остави ги тие глупости или почекај додека не разбереш повеќе, ти знаеш многу малку.

– Лизо јас нема да заборавам дека побледи кога чу оти јас ќе одам на двобој.

– Да, да, сети се и на тоа! – се насмевна таа уште еднаш при излегувањето и слезе долу.

Го повикав кочијашот и со негова помош го изнесовме својот багаж од станот. Никој од домашните не ме спречуваше и не ме запираше. Не отидов да се простам со мајка ми, за да не се сретнам со Версилов. Кога веќе седнав во колата, во главата ми светна мислата.

– На Фонтанка, до Семјоновскиот мост! – наредив јас ненадејно и пак појдов кај Васин.

II

Одненадеж ми дојде на ум дека Васин сигурно веќе знае за Крафт и тоа можеби стопати повеќе отколку јас. Така и се случи. Васин веднаш многу љубезно ми ги кажа сите подробности, без поголемо во-

збудување. Од тоа заклучив дека беше уморен, така и беше. Тој лично утринава бил кај Крафт. Крафт се убил со пиштолот (оној ист пиштол) уште синоќа, во полна темница, што се гледа од неговиот дневник. Последната забелешка во дневникот беше напишана пред самото самоубиство и тој забележува во неа дека веќе пишува во темница, одвај разликувајќи ги буквите. Свеќа не сакал да запали, плашејќи се после себе да не остави пожар. „А да ја запалам, пак пред самоубиство пак да ја гаснам, како и својот живот, тоа не го сакам" – чудно додал речиси во последниот ред. Овој свој претсмртен дневник го започнал пред три дена, штом се вратил во Петроград, уште пред својата посета кај Дергачев. Откако излегов откај него, тој на хартија пишувал секој четврт час. Последните три забелешки ги пишувал секои пет минути. Се чудев зошто Васин, кога го имал тој дневник толку време в раце, (му го дадоа да го прочита) не го препишал, дотолку повеќе што немаше повеќе од еден лист, а сите забелешки беа куси – „да сте ја препишале барем последната страница!" Васин со насмевка ми одговори дека тој и без тоа сè запамтил, притоа забелешките се без некаков систем, пишувал за сè што ќе му дојдело на ум. Веќе сакав да го уверувам дека токму тоа во дадениов случај е драгоцено, но се откажав од тоа, туку започнав да го испитувам што запаметил и тој се сети за неколку редови, на пример, за оние што ги напишал еден час пред извршувањето на самоубиството, за тоа „дека му лазат морници", „дека, за да се затопли, мислел да испие една чашка рум, но мислата дека од тоа би можело да настане поголем крвоизлив го одвратила од тоа". И приближно така! – заврши Васин.

– И тоа вие го нарекувате „глупости!" – викнав јас.

– Кога сум рекол така? Јас само ништо не препишав. Но и да не се глупости, овој дневник навистина е прилично обичен или подобро да кажам природен, т.е. токму онаков каков што треба да биде во таков случај . . .

– Но тоа се последните мисли, последните мисли!

– Последните мисли обично се многу ништожни. Еден самоубиец се жали во еден ист таков дневник затоа што во толку важен момент не му доаѓа ни една „повисока мисла“, туку напротив само некои ситни и празни.

– А тоа што лазат морници, зар и тоа ли е празна мисла?

– Значи: вие мислите на вистински морници и на крвоизлив? Позната работа е дека мошне многу луѓе што имаат сила да мислат на својата претстојна смрт, било да е своеволно или не, многу често се склони да се грижат за тоа дали убаво ќе изгледа нивниот труп. Во таа смисла и Крафт се исплашил од преголемиот крвоизлив.

– Не знам дали е тоа познат факт, и дали е така, – промрморив јас, – туку ме чуди зошто вие тоа го сметате многу природно, а меѓутоа не измина многу време откако Крафт говореше, се возбудуваше, седеше меѓу нас? Зар навистина не ви е жал за него?

– О, се разбира, ми е жал, и тоа е сосем друга работа. Но во секој случај Крафт си ја постави својата смрт во вид на логичен заклучок. Сега се гледа дека сето она што синоќа се говореше за него кај Дергачев е сосем точно: по него остана еве олкава тетратка полна со учени заклучоци за тоа дека Русите се второстепена човечка раса, врз основа на френологијата, краниологијата, дури и математиката и дека, значи, човек како Русин не треба да живее. Ако сакате, тука е најкарактеристично тоа што е можно да се направи каков и да сакате логичен заклучок. Но да се изврши самоубиство врз основа на заклучоци – тоа, се разбира, не се случува секој ден.

– Треба барем да му се одаде почит на таквиот карактер.

– Можеби но, не само на тоа! – заобиколено одговори Васин, а беше јасно дека мислеше на глупоста или на слабата способност за расудување. Сето тоа ме раздразнуваше.

– Вие самиот сношти ми говоревте за чувство, Васине.

– Ни сега тоа не го откажувам, меѓутоа, во овој

настан има нешто толку многу погрешно што строгиот поглед на работата, без да сака, на некој начин ја потиснува и самата жалост.

– Знаете ли што: јас во вашите очи уште порано нагаѓав дека ќе го осудувате Крафта и за да не го чујам вашето осудување решив да не ве прашам за вашето мислење. Но вие самиот го рековте, па и без да сакам сум присилен да се согласам со вас; а меѓутоа, јас не сум задоволен од вас. Мене ми е жал за Крафт.

– Знаете, отидовме далеку . . .

– Да, да, – го прекинав јас, – барем останува утехата дека секогаш во такви случаи тие што остануваат живи, судиите на покојникот, можат да речат за себе: „Иако се уби, сепак овој човек заслужува секакво сожалување и презир, но велат, ние, останавме во живот и според тоа нема причина многу да тагуваме".

– Да, се разбира, ако од таа точка . . . Ах, тоа веројатно вие го рековте на шега. Но многу е духовито. Јас во ова време пијам чај и сега ќе порачам, се надевам дека ќе ми правите друштво.

И тој излезе, мерејќи го со очите мојот куфер и мојот врзоп.

Мене навистина ми беше дошло да кажам нешто пакосно, за да го одмаздам Крафта, и кажав колку што можев; но интересно е дека тој во почетокот ја сфати сериозно мојата мисла за тоа дека „луѓето какви што сме ние остануваат живи". Но било да е така или не, тој сепак за сè имаше повеќе право отколку јас, дури и по прашањето на чувствата. Тоа си го признав во себеси без какво и да е незадоволство, но јасно чувствував дека не го сакам.

Кога го донесоа чајот, му објаснив дека го молам за гостопримство само за една ноќ, но ако тоа не е можно, тој само нека каже и јас ќе си одам во хотел. Потоа накусо му образложив зошто дојдов, му реков право и просто дека на крајот се скарав со Версилов и не впуштајќи се притоа во подробности. Васин внимателно ме ислуша, но без какво и да е возбудување. Тој воопшто само одговараше на прашања, иако одго-

вараше срдечно и доста опширно. За писмото со кое дојдов попладнето за да барам совет од него јас молчев. А денешново мое доаѓање му го објаснив како обична посета. Бидејќи на Версилов му дадов збор дека за тоа писмо освен мене никој друг нема ништо да знае, почнав да сметам дека немам право за тоа никому повеќе ништо да не му кажам. Од некои причини ми стана одвратно за тие работи да му говорам на Васин. За некои работи, но не за сите успеав да го заинтересирам со раскажување за денешните сцени што се одиграа во ходникот и кај сосетките, а кои се завршија во станот на Версилов. Тој ме ислуша со најголемо внимание, особено кога говорев за Стебељков. За тоа дека Стебељков се распрашуваше за Дергачев, морав двапати да му раскажам и потоа тој се замислуваше. Во тој момент почувствував наеднаш дека Васина ништо и никогаш не може да го доведе во незгода. Впрочем, првата мисла за тоа, се сеќавам, ми дојде како мисла за него многу ласкава.

– Воопшто, не можам да разберам многу нешта од она што ми го зборуваше господинот Стебељков, – завршив јас за Стебељков, – тој говори некако збркано . . . Кај него има и нешто лекомислено. . . .

Васин веднаш го направи лицето сериозно.

– Тој навистина не располага со говорничка дарба, но сепак за многу работи уште на прв поглед има многу правилни забелешки; и воопшто – тоа се луѓе повеќе за труд, за деловност, отколку луѓе со апстрактни мисли и нив треба да ги оценувате од таа гледна точка . . .

Точно онака како што пред малку мислев и јас.

– Тој, меѓутоа, кај вашите сосетки нешто страшно замеси и самиот господ знае со што може да заврши тоа.

За своите сосетки Васин раскажа дека овде живеат од пред две-три недели и дека дошле однекаде од внатрешноста; дека имаат една многу мала собичка и дека по сè изгледа оти се многу сиромашни, дека сега седат и нешто чекаат. Тој не знаеше дека помладата имаше дадено оглас во весниците за давање часови, но чул дека кај нив дошол Версилов. Тоа се случило

во негово отсуство, а нему тоа му го раскажувала газдарицата. Сосетките избегаваат секого, па и самата газдарица. Последниве денови и тој забележа дека кај нив навистина не одеше сè мазно, но такви сцени, каква што е денешнава немаше. Сите овие наши разговори за сосетките ги забележувам со оглед на тоа што ќе се случува подоцна; кај сосетките, зад вратата, во тоа време владееше мртва тишина. Со посебна љубопитност Васин слушаше кога му раскажував дека Стебељков сметал за неопходно потребно да разговара за сосетките со газдарицата и дека повтори двапати: „Ќе видите, ќе видите вие!"

– И ќе видите, – додаде Васин, – дека тоа не му мина без причина низ неговата глава. Во таа смисла тој има многу остар поглед.

– Дали вие мислите дека на газдарицата треба да ѝ се посоветува да ги избрка?

– Не, не мислев дека треба да ги избрка, туку од сето тоа да не излезе некоја историја ... Впрочем, сите такви истории, било да се вакви или онакви, се завршуваат ... Да го оставиме тоа.

За посетата на Версилов кај сосетките тој решително одби да го каже своето мислење.

– Сè е можно! Човекот почувствувал дека во својот џеб има пари ... Впрочем, веројатно и тоа дека тој просто сакал да даде милост; тоа е кај него во традиција, а можеби и во неговите наклоности.

Јас му раскажав што зборуваше Стебељков за „доенчето".

– Стебељков тука сосем се мами! – многу сериозно и со особено истакнување (и тоа многу добро го запомнив) рече Васин.

– Стебељков, – продолжи тој, – верува често премногу во својот практичен здрав ум и поради тоа брза во донесувањето заклучоци сообразно со својата логика која често е многу остроумна. Стварноста, меѓутоа, може да има многу повеќе фантастичен и неочекуван колорит, што зависи од тоа кои лица учествуваат во настаните. Така беше и тука. Знаејќи ја работата делумно, тој заклучи дека е детето на Версилов, а дека сепак тоа не е на Версилов.

Јас бев настојчив и еве што разбрав за мое големо изненадување: детето било од кнезот Сергеј Сокољски. Лидија Ахмакова, поради болест или само поради својот фантастичен карактер, често се однесувала како луда. Таа се вљубила во кнезот уште пред Версилов, а кнезот „не се воздржуваше да ја прими нејзината љубов", се изрази Васин. Врската траела некое време. Потоа, како што се знае, тие се скараа и Лидија го одби од себе кнезот „што, изгледа, тој одвај и го чекаше".

– Лидија беше многу чудна девојка, – додаде Васин, – дури многу е можно да не беше и токму. Но, откако отиде во Париз, кнезот ништо не знаеше за тоа во каква положба ја остави својата жртва. Тој тоа не го знаеше сѐ до крајот, до своето враќање. Версилов, штом се спријатели со младата девојка, ѝ предложи да се венча со неа и токму поради споменатата околност (која, изгледа, ни родителите не ја насетуваа речиси до пред самиот крај). Вљубената девојка беше восхитена од него и во предлогот на Версилов „не го гледаше само неговото самопожртвување", кое, всушност, исто така, го ценеше. Впрочем, се разбира, тој умееше убаво да ја дотера работата! – додаде понатаму Васин. – Детето (женско) се роди еден месец или шест недели предвреме и беше дадено некаде во Германија, но подоцна Версилов го зеде назад и сега се наоѓа во Русија, можеби во Петроград.

– А што стана со фосфорните ќибритчиња?

– За тоа не знам ништо. – Заврши Васин. – Лидија Ахмакова умре две недели по раѓањето: што било тука – не знам. Кнезот, штом се вратил од Париз, разбрал за детето и, како што изгледа, отпрвин не сакал да верува дека е негово . . . Воопшто целата оваа историја сите ја кријат дури и ден-денеска.

– Каков човек е тој кнез! – викнав јас налутено. – Каква е таа постапка со болно девојче!

– Тоа тогаш уште не беше толку болно . . . Притоа таа самата го избрка . . . Во секој случај тој можеше без потреба побрзо да ја напушти службата. –

– Зар вие заштитувате таков подлец?

– Не, јас само го нарекувам подлец. Има тука

уште многу други работи, покрај подлоста. Воопшто, тоа е еден обичен настан.

– Васин, кажете ми дали го познававте поодблизу? Многу би сакал да можам да се потпрам на вашето мислење, поради една околност која многу ме интересира.

Но на тоа Васин ми одговори прилично резервирано. Тој го познаваше кнезот, но во какви услови се запознал со него – тоа намерно го премолчуваше, што беше очигледно. Понатаму рече дека кнезот според својот карактер заслужува и извесен презир. „Тој е полн со чесни наклоности и впечатлив е, но не владее ни со разумот ни со силната волја за да може доволно да управува со своите желби." Тој не е образован човек, многу идеи и појави тој не е во состојба да ги сфати, а, меѓутоа, се фаќа за нив. Тој, на пример, смело ќе ви тврди работи каква што е оваа: „Јас сум кнез и потомок на Рурик. Меѓутоа, зошто да не бидам чевларски калфа, ако е потребно да се заработува лебот, а не знам да работам никаква друга работа? На фирмата ќе пишува: Чевлар-кнезот тој и тој – дури тоа е и благородно." Тој што ќе каже, и ќе го стори. – А тоа е најважно – додаде Васин. – Меѓутоа, тој тоа не би го правел од некое цврсто уверување, туку поради својата чиста лекомислена чувствителност. Затоа после бездруго ќе дојде и до каење, тогаш е готов на сосем спротивна крајност; и во тоа му минува целиот живот. Во нашево време многу луѓе на тој начин дошле во незгода – заврши Васин – токму поради тоа што се родиле во наше време.

Јас без да сакам се замислив.

– Дали е вистина дека порано бил истеран од својот полк? – започнав пак да прашувам.

– Не знам дали бил истеран, но од војската излезе вушност, поради непријатности. Дали ви е познато дека есента минатата година, кога веќе беше во оставка, помина два или три месеци во Луга?

– Јас . . . јас знам дека вие тогаш бевте во Луга.

– Да, едно време бев и јас. Кнезот се познаваше и со Лизавета Макаровна.

– Навистина ли? Јас тоа не го знаев. Признавам

дека многу малку разговарав со својата сестра . . . Но зар и тој беше примен во куќата кај мајка ми? . . . – викнав јас.

– О, не! Тој беше само далечен познат, преку една трета куќа.

– Да, видовте ли што ми зборуваше сестра ми за детето? Зар и тоа дете било во Луга?

– Некое време беше.

– А каде е сега?

– Изгледа во Петроград.

– Никогаш додека сум жив нема да поверувам – викнав јас многу возбудено – во тоа дека мајка ми макар и малку, учествувала во таа историја, со таа Лидија!

– Во таа историја, само ако човек ги отфрли сите интриги што јас не мислам да ги објаснувам, улогата на Версилов лично немаше токму ништо што би требало да се осудува! – забележа Васин со снисходлива насмевка. Ми се чини дека му беше тешко да зборува со мене, но не сакаше тоа да го покаже.

– Никогаш, никогаш нема да поверувам дека една жена – викнав пак јас – може да ѝ го отстапи својот маж на друга жена, во тоа нема да поверувам! . . . Би можел да се заколнам дека мојата мајка во тоа немаше никакво учество.

– Сепак, изгледа таа не се противела.

– И јас да бев на нејзиното место поради самата гордост не би се спротивил!

– Од моја страна сосема одбивам да давам суд за таа работа! – заврши Васин.

Васин, навистина, колку и да беше интелигентен, можеби ни малку не ги разбираше жените, така што еден цел круг од идеи и појави за него остана непознат. Јас молкнав. Васин привремено работеше во едно акционерско друштво и мене ми беше познато дека и дома носи работи на друштвото. На мое навалување тој призна дека и сега има да работи – нешто пресметува и јас токму го замолив да не се притеснува од мене. Тоа му беше пријатно, но пред да седне зад своите хартии, тој зеде најнапред да ми направи постела на канабето. Отпрвин сакаше да ми го отстапи

креветот, но кога јас не сакав да се согласам со тоа, изгледа дека му беше пријатно. Од газдарицата зеде перница и покривка. Васин беше многу учтив и љубезен човек, но мене ми беше непријатно да го гледам колку се грижи околу мене. Повеќе ми се допаѓаше, кога еднаш, пред три недели, неочекувано ноќевав кај Ефим на Петроградската страна. Се сеќавам како тој тогаш ми ја намести постелата, исто така на канабето и без да знае неговата тетка, плашејќи се не знам зошто дека таа ќе се налути ако разбере оти му доаѓаат другари на спиење. Многу се смеевме, наместо чаршаф пославме кошула, наместо перница го свиткавме горното палто. Се сеќавам како Зверјев, кога заврши со наместувањето на постелата, удри гордо со рака по канабето и ми рече:

– Vous dormirez comme un petit roi.[1])

И неговата глупа веселост и француската реченица, што му прилегаше како седло на краставо магаре, направија вонредно убаво да се изнаспав тогаш кај овој шут. А кај Васин ми стана пријатно дури тогаш кога најпосле тој седна да работи, свртувајќи ми го грбот. Јас легнав на канабето и гледајќи во неговиот грб долго размислував за многу работи.

III

А имав и зошто. Во душата ми настана голема збрка, но ништо конкретно; сепак некои чувства многу определно се покажуваа, иако ни едно не ме одвлече со себе, зашто имаше многу. Сè некако се матеше без врска и ред, а јас самиот, се сеќавам, не сакав да се задржам на ништо ниту да воведам ред. Дури и идејата за Крафт незабележано отиде во заднината. Најмногу ме возбудуваше мојата лична положба, што сега веќе ја „прекинав", што е мојот куфер со мене, што не сум веќе дома и што започнав сосем нов живот. Како сите мои намери досега и сите подготовки да беа само шега и како дури „сега наеднаш и што е најглавно с о с е м н е н а д е ј н о сè да

[1]) Ќе спиете како мал крал.

започна да се остварува". Таа мисла ме храбреше и колку и да се чувствував збунет во душата, поради многуте настани, таа мисла ме развеселуваше. Меѓутоа ... меѓутоа имаше и други чувства; а едно од нив особено сакаше да се издвои пред другите и да завладее со мојата душа и чудна работа ова чувство, исто така, ми вливаше храброст и речиси ме предизвикуваше да бидам многу весел. Па сепак јас започнав со страв: се плашев уште одамна, уште од попладне, во мојата распаленост и во изненадувањето да не ѝ кажав на Ахмакова за документот повеќе отколку што треба. „Да, – мислев јас, – премногу ѝ кажав и сега тие веројатно ќе се сетат ... Лошо! Се разбира, нема да ме остават на мир, ако почнат да се сомневаат, но ... ако! Впрочем, тие нема да можат да ме најдат – ќе се скријам! А што ако започнат да ме бркаат ..." И еве почнав да се сеќавам со сѐ поголемо задоволство дека стоев пред Катерина Николаевна и дека нејзините дрски, но страшно зачудени очи втренчено ме гледаа. И кога излегов, ја оставив во тоа чудење, се сеќавам сега: „Нејзините очи сепак не беа сосема црни ... само трепките ѝ беа многу црни, поради тоа и очите изгледаа многу црни ..."

Одненадеж, се сеќавам, ми стана страшно одвратно ... и непријатно, и омразено, да се сеќавам и на нив и на себе. Започнав себеси нешто да си префрлувам и се грижев да мислам за нешто друго. „Зошто ни малку не му се лутам на Версилов, поради историјата со сосетките?" – наеднаш ми падна на памет. Од моја страна јас бев цврсто уверен дека тој тука играше улога на љубовник и дека доаѓаше да се забавува, но тоа многу мене не ме лутеше. Ми се чинеше дури дека него не треба поинаку и да го сфаќам, и, иако, всушност, ми беше мило што беше посрамен, сепак не го обвинував. Тоа за мене не беше важно; за мене беше важно тоа што тој така луто ме погледна, кога влегов во собата со сосетката, ме погледа така како никогаш дотогаш. „Најпосле ме погледа с е р и о з н о! – мислев јас во себе, срцето ми тропаше од возбуда. – О, ако не го сакав, не ќе се зарадував толку поради неговата омраза!"

Најпосле задремав и заспав. Се сеќавам само како на сон дека Васин, откако ја сврши работата, на масата сè поднареди и кога остро погледна на моето канабе, се соблече и ја угасна свеќата. Беше поминала полноќ.

IV

Речиси токму два часа подоцна скокнав од сон, како луд и седнав на канабето. Зад вратата на нашите сосетки се слушаше страшно викање, плачење и офкање. Нашата врата беше ширум отворена, а во ходникот што беше веќе осветлен, викаа и трчаа луѓе. Сакав да го викнам Васина, но се сетив дека повеќе не беше во креветот. Не знаев каде да ја најдам кутијата кибрит, па пипкајќи наоколу ја најдов мојата облека и почнав во темницата брзо да се облекувам. Кај сосетките, очигледно, дотрчаа и газдарицата и се разбира сите други кирации. Впрочем, јас го чув викањето само на еден глас и тоа на онаа постарата сосетка, а младиот глас, кој вчера веќе добро го запознав, сосема молчеше. Се сеќавам дека тоа со првата мисла ми мина тогаш низ главата. Уште не бев се облекол, а во собата брзо влезе Васин. Тој со навикнатата рака за миг го најде кибритот и ја осветли собата. Преку долниот веш тој навлече еден шлафрок, на нозете имаше местри и веднаш почна да се облекува.

– Што се случи? – го запрашав јас.

– Многу непријатна и многу одвратна работа! – одговори тој налутено.

– Онаа младата сосетка за која ми раскажувавте, се обесила во својата соба.

Јас писнав. Не можам да опишам колку беше нажалена мојата душа! Истрчавме во ходникот. Признавам, јас немав смелост да влезам во собата кај сосетките и така ја видов несреќницата дури кога ја симнаа од јажето и тоа од извесно растојание, покриена со чаршаф, под кој ѕиркаа само двата тесни ѓона од нејзините чевли. На тој начин лицето не ѝ го ни видов. Нејзината мајка беше во страшна положба: со неа се најде нашата газдарица која, впрочем, не беше

многу исплашена. Сите кирации се насобраа тука. Не беа многу: само еден стар морнар, кој инаку постојано нешто мрмореше и наредуваше, но кој сега сосем се скроти и стиши и еден старец и старица, маж и жена, што дојдоа од Тверската губернија, многу чесни луѓе од чиновнички ред. Нема да ја опишувам целата ноќ, сето она трчање, а потоа и доаѓањето на официјалните лица. Сè до осамнувањето буквално треперев и сметам дека бев должен да не легнам, иако немав никаква работа. Всушност, сите изгледаа многу бодри, дури некако особено бодри. Васин отиде некаде со кола. Газдарицата се покажа прилично чесна жена, многу повеќе отколку што очекував од неа. Јас ја убедив неа (и тоа себеси си го сметам како чест) дека не треба мајката да ја остави така, сама со трупот на нејзината ќерка, туку барем до изутрина да ја одведе во својата соба. Таа веднаш се согласи со тоа и, иако плачејќи мајката се противеше да го остави трупот, сепак најпосле мина кај газдарицата која веднаш нареди да се свари чај. Потоа и кирациите се разотидоа по своите соби и се затворија, а јас никако не сакав да легнам и долго време седев кај газдарицата на која ѝ беше и мило што тука има уште некој кој од своја страна би можел нешто да ѝ раскаже за овој настан. Чајот ни беше добредојден. Чајот воопшто е најнеопходен руски пијалак и тоа во сите катастрофи и несреќи, особено кога се тие страшни, ненадејни и необични. Самата мајка испи две чаши, се разбира, по многу молби и речиси сосила. А меѓутоа, искрено да кажам, никогаш не сум видел поголем и понепосреден бол од болот на оваа кутра жена. По првите излевања на плач и хистерија, таа започна да говори со копнежи и јас жедно слушав. Има несреќни луѓе, особено меѓу жените, на кои им е неопходно потребно да им се дозволи колку што можат повеќе да говорат во такви случаи. А има и карактери кои, така да се каже, многу отрпнале на болката, зашто цел живот се измачувале и преку нив минале многу и многу поголеми болки и тоа секогаш поради ситници и кои ништо повеќе не може да ги зачуди, никакви ненадејни катастрофи, и што е главно кои дури ни пред гробот на

најмилото суштество не го заборавaат ни едното, единствено, толку тешко научено правило на задолжителното однесување кон луѓето. И јас не ги осудувам: тоа не е низок егоизам и не е грубост на чувствата. Во тие срца има можеби повеќе злато отколку кај оние наизглед најблагородни хероини; тука навиката на долготрајно понижување, инстинктот на самоодбрана и долготрајната заплашеност и потчинетост, на крајот, си го прават своето. Бедната жена самоубиец во тоа не прилегаше на својата мама. Според ликот, изгледа обете си личеа една на друга, иако покојницата секако не беше многу грда. Нејзината мајка беше не многу стара жена, можеше да има најмногу педесет години и имаше исто таква руса коса како и нејзината, но очите и образите ѝ беа пропаднати, а забите сосема жолти, големи и нерамни. Па и сè на нејзе беше некако пожолтено. Кожата на лицето и рацете личеше на пергамент; нејзиниот фустан со загасната боја од староста, исто така, сосем пожолтен, а и нокотот на кажи-прстот од десната рака не знам зошто ѝ беше залепен со жолт восок, внимателно и уредно.

Раскажувањето на оваа кутра жена беше делумно и без врска. Јас ќе раскажам како ја сфатив и што запаметив.

V

Тие дошле од Москва. Таа веќе одамна е вдовица, „но сепак дворска советничка", мажот ѝ бил чиновник, по неговата смрт не оставил речиси ништо освен „двесте рубли пензија. Но што претставуваат двесте рубли?" Сепак таа можела да ја одгледа Оља и да ја запише в гимназија . . . „И како учеше, како учеше? На крајот од гимназијата доби сребрен медал . . ." (Тука се разбира, долго плачеше). На нејзиниот покоен маж капитал од близу четири илјади рубли му пропадна кај еден овдешен трговец во Петроград. Овој трговец наеднаш пак се збогатил, „имам документи за тоа, прашав за совет, ми рекоа: барајте, сигурно сè ќе добиете . . ." Јас така и постапив, трговецот како да се согласи. Но ме советуваа да дојдам ваму лично. Јас

тргнав со Оља и стигнавме пред еден месец. Средства немавме; ја зедовме оваа собичка затоа што е најмала од сите и што е во чесна куќа, тоа веднаш го видовме, а на тоа најмногу мислевме: ние сме неискусни жени, секој може да нè навредува. Вам ви исплативме ваму-таму за еден месец, Петроград е скап, а нашиот трговец сè откажува. „Не ве познавам и не знам ништо", а документот што го имам не е исправен, тоа самата го гледам. Тогаш ми посоветуваа да појдам кај еден прочуен адвокат; тој е професор, не е обичен адвокат, туку правник, и тој точно ќе ви каже што треба да правите. Му ги однесов нему последните наши педесет рубли. Адвокатот излезе и не ме слушаше ни три минути: „Гледам, вели, знам, вели, ако трговецот сака, тој ќе даде, а ако нејќе – нема да даде, а ако започнете дело, ќе имате уште и да плаќате судски трошоци; најдобро е со него да се погодите"... Уште во шега наведе нешто од евангелието: „Измирете се, вели, додека сте на патот, да не го платите и последниот грош", и ме испрати смеејќи се. Ми пропаднаа моите педесет рубли. Дојдов кај Оља, седиме една спроти друга, а јас заплакав. Таа не плачеше. Седеше многу гордо, се лутеше. И секогаш беше таква, во целиот нејзин живот, и кога беше мала, никогаш не воздивнуваше, никогаш како мене не плачеше, туку само седеше и страшно гледаше, така што и мене ми беше тешко да ја погледам. И нема да ми верувате: се плашев од неа, јас многу се плашев, одамна се плашев, а понекогаш сакав да заплачам, но не смеев кога е таа тука. За последен пат појдов кај трговецот и се изнаплакав кај него: „Убаво, вели", дури и не слуша. Меѓутоа, морам да ви признам дека, бидејќи не мислевме тоа многу да трае, уште одамна останавме без пари. Јас започнав по малку да изнесувам од нашите фустани: живеевме од тоа колку ќе заложевме. Заложивме сè од себе. Таа тогаш почна да ја дава својата долна бела облека, тогаш горко заплакав. Таа тропна со ногата, скокна и појде сама кај оној трговец. Тој е вдовец. Тој ѝ рекол: „Елате, вели, задутре околу пет часот, можеби тогаш ќе можам нешто да ви речам." Се врати многу весела: „Може-

би, вели, нешто ќе каже". И јас бев весела, ама околу срцето нешто ми беше студено: мислев што ли ќе биде тоа, а не смеев да ја прашам. Задутрето се врати откај трговецот, сета бледа, целата трепереше, се фрли на креветот; јас сè разбрав, ама не смеев да ја прашам. Што мислите: разбојникот ѝ понудил петнаесет рубли „ако, вели, најдам полна невиност, ќе ти дадам уште четириесет рубли". Тоа ѝ го рекол в очи, не му било срам. Таа скокнала на него, го удрила, ми раскажуваше, но тој ја турнал и поради неа се затворил во друга соба. А, меѓутоа, ви признавам според вистинската совест, ние немавме речиси што да јадеме. Го однесовме зимското палто, беше поставено со зајачко крзно и го продадовме, а таа појде в редакција и објави оглас во весникот: давам часови по сите предмети и по аритметика: „Ќе ми платат, вели, макар по триесет копејки". И почнав, најпосле, мајко, да се плашам за неа: ништо не говореше со мене, цели часови седеше покрај прозорец, гледаше на покривот отспротива и наеднаш викна: „Макар и да перам алишта, макар и земја да копам!" – изговори само некој таков збор и тропна со ногата. Немавме никој познат, кај никој не можевме да појдеме. „Што ли ќе биде од нас?" си мислев јас. А со неа се плашев да зборувам. Еднаш спиеше дење, се разбуди, ги отвори очите и ме погледа. Јас седев на сандакот и исто така гледав во неа. Таа стана, молчејќи дојде до мене, ме гушна силно, силно и не можевме да се воздржиме, а да не заплачеме двете; ние седиме и плачеме и не си ги испуштаме рацете една од друга. За првпат беше ваква во текот на нејзиниот живот. И додека така седевме една до друга, влезе вашата Настасја и рече: „Ве бара таму една госпоѓа, се распрашува за вас." Тоа беше сè на сè пред четири дена. Влезе таа госпоѓа: гледам облечена многу убаво, зборува навистина руски, но со германски изговор: „Вие, вели, сте објавиле во весник дека давате часови?" Ние тогаш многу се зарадувавме со неа, ѝ понудивме да седне, таа толку љубезно се насмевнуваше: „Не за мене, вели, туку, мојата внука од сестра има мали деца; ако ви е згодно повелете кај нас, таму ќе се договориме." Ни

даде адреса, кај Вознесенскиот мост број тој и тој и стан број тој и тој. Си отиде. Се подготви Оличка и отиде уште истиот ден и што се случи: се врати по два часа сета вон од себеси, се удираше самата себе. Потоа ми раскажа: „Прашувам, каде е вратарот, каде е станот број тој и тој? Вратарот, вели, само ме погледа: „А зошто ви е, вели, тој стан?" Тоа така чудно го рече што уште тогаш човек можеше да се посомнева. Но таа беше горда, нестрплива, не поднесуваше такви прашања и простотилак; „овде", вели и со прст покажа на скалите, а потоа се сврти и се врати во својата соба. И што мислите? Влегува таа, прашува, и веднаш од сите страни дотрчале многу жени: „Повелете, повелете!" – се само жени, се смеат, ја опколиле, црвени, грди, свират на клавир, ја тргаат, таа се тргала од нив, вели, „да излезам, но не ме пуштаа." Тука ја фатил страв, нозете ѝ се пресекле, не ја пуштиле ѝ говореле љубезно, ја наговорувале, отвориле шише со вино и ѝ нуделе да пие, ја терале. Таа тогаш скокнала, почнала да вика од сиот глас, треперејќи: „Пуштете ме, пуштете ме!" Потрчала кон вратата, но тие ја држеле вратата, а таа викала за помош. Тогаш долетала онаа што дојде кај нас, ја удрила мојата Оља двапати по лице и ја истуркала низ вратата: „Не заслужуваш, животно едно, да бидеш во висок дом!" А друга викала по неа на скалите: „Самата дојде кај нас да ни се наметнуваш, зашто немаш што да јадеш, а ние таква грдотија не би ни погледале". Целата ноќ ја прележа во треска. Бладаше, а изутрина очите ѝ светеа, стана и шеташе по собата: „В полиција, вели, треба нив да ги пријавам, в полиција!" . . . јас молчев. Мислев што ли ќе помогне тука полицијата, со што ќе докажеме? Таа само шета, си ги крши прстите, ѝ течат солзи, а усните ги стегна цврсто. Целото лице ѝ потемни од тој момент, па сè докрај. На третиот ден ѝ беше малку полесно, молчеше, како да се смири малку. И токму тој ден околу четири часот попладне дојде кај нас господнинот Версилов.

Отворено велам: не можам да сфатам ни сега како Оља, која е толку недоверлива, речиси уште од првиот збор почна да го слуша? Од сè најмногу двете

не привлече неговиот сериозен изглед, дури и строг, говореше тивко, стварно и се така учтиво, уште како учтив дури со почитување, а на него не се гледаше како да сака да се додворува, туку сосем изгледаше како да дошол со чисти мисли. „Прочитав, вели, оглас во весниците, госпоѓице, не сте го напишале добро така што со тоа самите можете да си нанесете штета" И тој почна да објаснува, признавам дека ништо не разбирам, зборуваше нешто за аритметика, само ја гледам Оља поцрвени и пак како да живна, слушаше, во разговорот влегуваше многу често (мора да е интелигентен човек!). Слушнав дури му се заблагодари. За сè толку вистински ја испитуваше и се гледа дека подолго време живееше во Москва, а и директорката на гимназијата, се виде дека лично ја познава „Часови, вели, ќе ви најдам сигурно, затоа што овде познавам многу народ и можам и да замолам многу влијателни луѓе, така што ако сакате и постојано место и тоа можете да го чекате ... Но засега извинете, вели, што нешто отворено ќе ве запрашам: дали можам сега веднаш со нешто да ви помогнам? Нема јас вам да ви помогнам, вели, туку напротив со тоа вие мене ќе ми направите задоволство, ако ми дозволите да ви дадам каква и да е помош. Нека биде тоа, вели, знам, па штом ќе добиете место за најкусо време вие со мене ќе се пресметате. Кога лично јас подоцна би западнал во таква неволја, а вие напротив да сте обезбедени, верувајте ми на честа, јас би дошол право кај вас за да ми помогнете, би ја пратил кај вас мојата жена и ќерка" ... Всушност, не се сеќавам токму за сите негови зборови, туку јас тука се заплакав, потоа видов дека од благодарност и на Оља и затреперија усните: „Го примам тоа само затоа, му одговори таа, што имам доверба во еден чесен и хуман човек што би можел да ми биде и татко" ... Толку прекрасно таа тогаш го рече, кротко и отмено тоа „хуман човек". Тој веднаш стана: „Сигурно, сигурно, вели, ќе ви најдам часови и место; уште денеска ќе преземам чекори, зашто вие ги имате сите квалификации" ... Заборавив да кажам дека тој веднаш, уште отпрвин штом влезе, ги прегледа сите нејзини свидетелства од

гимназијата, таа сè му покажа и од разни предмети тој ја испрашуваше . . . „Мамо, ми говореше потоа Олја, ме распраша по сите предмети и колку е, вели, умен, никогаш уште не сум разговарала со толку умен и образован човек“ . . . и целата Олја сјаеше. Парите, шеесетте рубли, лежат на маса: „Земи ги, мамо, вели, штом ќе добијам место прва работа ќе ни биде да го вратиме долгот, да покажеме дека сме чесни луѓе и дека сме деликатни, тоа веќе го виде. Потоа малку помолче, гледам јас дишеше длабоко: „Знаеш ли мамо, ми рече одеднаш да не сме деликатни, ни од него можеби не би примиле пари поради нашата гордост; А со тоа што ги примивме ја докажавме нашата деликатност, дека имаме во него доверба како во чесен човек со бела коса, нели е така?“ Јас отпрвин не разбрав па реков: „Зошто Олја да не примиме добродетел од благороден и богат човек, ако е покрај тоа човекот со добра душа?“ Таа мене ми се намурти: „Не мамо, вели, тоа не е тоа, не е потребна добродетел, туку е важна неговата хуманост. А парите подобро да не ги земевме, мамо: доста е што ни вети дека ќе ми најде место . . . иако имавме нужда.“ „Ах, Олје, реков јас, ние сме во толкава неволја, што никако не можеме да не ги примиме“, уште ѝ се насмеав. И во себе бев многу радосна, ама по еден час таа се сврти на кај мене и ми рече: „Мамо, вели, немој да ги трошиш парите“, и тоа го рече решително. – „А зошто? – велам“. – „Така, вели, ме прекина и молкна“. Целата вечер молчеше. Дури ноќта, околу два часот се разбудив и слушнав како Олја се превртува в кревет: „Мамо не спиеш ли?“ – „Не, велам, не спијам“. – „Знаеш ли, вели, тој сакаше да ме навреди?“ – „Што ти е, што ти е? – реков јас. – „Секако е така, вели: тој е подлец, не смееш, вели, да потрошиш ни една копејка од неговите пари“. Започнав да ѝ зборувам, дури почнав и да плачам во креветот. Таа се сврти кон ѕидот: „Молчи, вели, остави ме да спијам!“ Изутрината гледам шеташе, сосем се беше изменила и дали ќе ми верувати или не, пред судот на господа тоа ќе го речам: „Тогаш повеќе не беше при свест! Од оној момент кога ја навредија во таа лоша куќа, нејзе

ѝ попушти срцето ... и умот. Ја гледам јас тоа утро и ѝ се чудам; страшно ми е; нема, си мислам јас, ни за една буква да ѝ противречам. Тој, мамо, вели, не ја остави својата адреса?. „Немој да грешиш Оља, велам: самата вчера го слушаше, самата потоа го фалеше, самата беше готова да заплачеш од благодарност". Тоа само што го реков, а таа вресна и тропна со ногата: „Ти си, вели, жена со ниски чувства, ти си, вели, со ропско воспитание!" ... и што ли уште не ми рече, ја грабна шапката и истрча, и јас викај по неа; што ли ѝ стана, си мислам, каде ли отиде? А таа отрча во пријавното одделение, праша каде живее господинот Версилов и се врати: „Уште денеска, вели, ќе му ги однесам неговите пари и ќе му ги фрлам в лице. Тој сакаше, вели, да ме навреди исто како и Сафронов (тоа е оној наш трговец), само што Сафронов ме навреди како прост мужик, а овој како лукав езуит." И тука за несреќа зачука на вратата оној вчерашен господин: „Слушам дека зборувате за Версилов, јас можам за него да ве известам", штом чу за Версилов веднаш се занесе со гостинот, сета надвор од себеси и зборува ли зборува. Ја гледам и само се чудам: со никого таа, откако е молчалива, толку не зборуваше, а сега еве и со сосем непознат човек. Образите и се вцашија, очите ѝ светкаа ... А тој баш рече: „Госпоѓице, вели, сосема имате право. Версилов, вели, тоа е човек како некои овдешни генерали што ги опишуваат во весниците; се накитил некој генерал со сите ордени и ги посетил сите оние што даваат огласи по весниците; оди така и ќе најде што бара. А ако не најде тоа што го бара, ќе поседи малку, ќе даде цела кошница ветувања и ќе си замине – барем си имал малку разонода." Се изнасмеа дури и Оља, но злобно, а тој господин, убаво гледам, ја зеде нејзината рака и ја стегна на градите: „Јас, госпоѓице, вели, исто така, имам свој сопствен капитал и секогаш би можел да ѝ го понудам на некоја убава девојка, но подобро е, вели, најнапред да ѝ ја бакнам само нејзината слатка рака" ... И гледам ја привлече нејзината рака за да ја бакне. Но таа тогаш скокна, а и јас веднаш со неа, и оној човек го истеравме од собата. Квечерина Оља

ги зеде парите од мене, избега и потоа се врати: „Јас мамо, вели, му се одмаздив на оној подлец!“ – „Ах, Оља, Оља, ѝ реков јас, можеби си ја изгубивме нашата среќа, го навреди еден благороден човек, наш добротвор!“ Заплакав од лутина на неа, не можев да се воздржам. Таа тогаш започна да вика по мене: „Не сакам, викаше, не сакам, тој беше најчесен човек, не сакам негова милост! Не сакам ни тоа некој да ме сожалува!“ Си легнав, не мислејќи на ништо. Колкупати ја гледав онаа шајка на ѕидот што остана од вашето огледало, но никогаш не ми паѓаше на ум, ни вчера ни порано, ниту помислував на тоа, воопшто не насетував ништо, ниту тоа го очекував од Оља. Јас спиев како и обично многу цврсто, 'ркав, крвта ми се слеа во главата, а понекогаш и во срцето, па зборував на сон, така што Оља мораше ноќе да ме разбуди: „Мамо што ти е, вели таа, колку цврсто спиеш, човек не може да те разбуди кога ќе треба“. – „Ох, велам, Оља вистина е дека цврсто спијам“. Веројатно синоќа 'ркав и кога тоа го виде таа стана без страв дека ќе ме разбуди. Овој ремен е од куферот, долг е и цел месец се меткаше по собава и уште изутрина мислев: „Да го тргнам негде, да не се фати за него“. А столот веројатно потоа го турнала со ногата, а за да не тропне, го подметнала своето здолниште и веројатно многу долго потоа, цел час или повеќе, јас сум се разбудила: „Оља, викнав јас, Оља!“ – и одеднаш се посомневав во нешто и пак викнав. Дали затоа што не слушав дишење од нејзиниот кревет, или затоа што во темницата сепак се наѕираше како да е нејзиниот кревет празен, јас станав брзо и набарав со раката, не, во нејзиниот кревет нема никого, а перницата е студена. Ме стегна срцето, не мрднав од место, седев како здрвена, умот ми штукна: „излегла“, си мислев, се помрднав за еден чекор и покрај креветот во аголот, покрај вратата, стоеше таа. Јас стојам, молчам, ја гледам, а таа од темницата како мене да ме гледа, неподвижна . . . „Но зошто се качила на стол?“ – Оља, шепнав и затреперив. Оља слушаш ли?“ И дури тогаш одеднаш како сѐ да ми стана јасно, појдов, ги испружив рацете напред право спрема неа, ја опфатив, а во рацете таа ми се

заниша, ја повлеков, а таа се ниша, сѐ разбирам, а не сакам да разберам . . . Би сакала да викнам, но немам глас . . . Ах, мислам! Тогаш паднав на подот и дури тогаш ми се истргна еден глас . . .

– Васине, – реков изутрина околу шест часот, – да не беше вашиот Стебељков, сето ова можеби немаше да се случи.

– Којзнае, можеби сепак ќе се случеше. Тоа не може така да се тврди, сето тоа било и така зрело . . . Навистина Стебељков понекогаш . . .

Не ја ни доврши реченицата и многу се намурти. Околу седум часот пак отиде; се грижеше за сѐ. Најпосле, останав сосем сам. Веќе беше разденето. Во главата малку ми беше матно. Пред очите ми лебдеше Версилов; раскажувањето на оваа дама го прикажа него во сосем друга светлина. За да можам за сѐ подобро да размислам, прилегнав во креветот на Васин, онака облечен и во чизми. Само за една минута, сосем без намера да спијам – и наеднаш заспав. Дури не се ни сеќавам, како се случи тоа. Спиев цели четири часови; никој не ме разбуди.

ДЕСЕТТА ГЛАВА

I

Се разбудив дури околу десет и пол часот и долго не можев да им верувам на моиве очи: на диванот на кој ноќеска спиев, седеше мајка ми, а покрај неа нашата несреќна сосетка, мајка ѝ на Оља. Тие обете се држеа за раце, разговараа со шепотење, веројатно за да не ме разбудат, и обете плачеа. Станав од креветот и појдов право кај мајка ми, за да ја бакнам. Таа сета засвете од радост, ме бакна и се прекрсти трипати со десната рака. Не можевме да прозборуваме ни збор, зашто се отвори вратата и влегоа Версилов и Васин. Мама веднаш стана и ја поведе со себе сосетката. Васин ми ја подаде раката, а Версилов не рече ни збор, туку седна во фотелјата. Тој и мама, очигледно, се наоѓаа овде веќе некое време. Лицето му беше загрижено и мрачно.

– Најмногу ми е жал – започна тој бавно да му зборува на Васин, очигледно продолжувајќи го започнатиот разговор, – поради тоа што не успеав сето тоа да го свршам уште сношти и веројатно не би се случила оваа страшна работа? А имаше уште време: уште не беше осум часот. Сношти штом истрчав откај нас, во мислите веќе бев решил да тргнам по неа ваму и да ја разуверам, но онаа непредвидена и неодложна работа, која впрочем сосема можеше да биде одложена за денеска . . . дури и за една недела, таа непредвидена работа сè ми расипа и сè спречи. Сето тоа се случи така одеднаш!

– Можеби и не ќе успеевте да ја разуверите; тука, изгледа, веќе и без вас сè беше запалено и зовриено! – лесно забележа Васин.

– Не, јас би успеал, сигурно би успеал. Мислев наместо себе да ја испратам Софија Андреевна. Тоа само го помислив, само го помислив. Софија Андреевна би ја смирила и несреќницата би останала жива. Не, никогаш повеќе нема да се занимавам ... „со добри дела" ... И само еднаш во животот го направив тоа! Јас дури и мислев дека му припаѓам на младото поколение и дека ја разбирам современата младина. Да, ние повозрасните остаревме пред да узрееме. По овој повод да кажам дека навистина имав страшно многу современици кои по некаква навика сè уште се сметаа себеси како младо поколение, затоа што вчера биле млади, а, меѓутоа, не забележуваат дека си го поминале своето.

– Овде, во овој случај, станува збор за неспогодба, тоа е и премногу јасно! – умесно забележа Васин. – Нејзината мајка вели дека таа, по големата навреда во јавната куќа, како да ја изгубила моќта на разумот. Додајте му ги на тоа и нивните прилики, потоа навредата што пред тоа ѝ ја нанесол трговецот ... сето тоа можело да се случи, исто така, и порано, па според моето мислење, тоа ни малку не е карактеристично токму за денешнава младина.

– Денешнава младина е малку нестрплива; покрај тоа, се разбира, и слабо ја сфаќа стварноста, што е својствено за секоја младина во секоја епоха, но на денешнава како да ѝ е тоа особено својствено ... Кажете ми, што сè издрдорил господинот Стебељков?

– Господинот Стебељков – ќе вмешав јас наеднаш – виновен е за сè. Да не беше тој ништо немаше да се случи. Тој тури масло во огнот.

Версилов слушаше, но не ме погледа. Васин се намурти.

– Си префрлувам себеси уште една смешна работа! – продолжи Версилов зборувајќи бавно и отегнувајќи ги зборовите. – Изгледа дека, според мојот лош обичај, си дозволив себеси со неа да разговарам со извесен весел, лекомислен, шеговит тон – со еден

збор: не бев доволно остар, сув и мрачен; изгледа дека тие три особини се исто така на голема цена кај денешното младо поколение . . . Со еден збор, јас ѝ дадов повод да ме смета за патувачки селадон.

– Баш напротив, – пак се замешав јас остро, – нејзината мајка тврди дека на нив вие направивте великодушен впечаток токму со својата сериозност, дури со својата строгост и искреност – тоа се нејзините зборови. Покојницата, во таа смисла многу ве фалела кога сте излегле.

– Т-така ли? – промрмори Версилов, откако најпосле ме погледа. – Земете го ливчево, потребно е за оваа работа! – тој на Васин му додаде едно мало хартиче. Овој го зеде и виде дека јас гледам љубопитно, па ми го даде да го прочитам. Тоа беше едно писменце, два неправилни реда, надраскани со молив и можеби напишани во темница:

„Мамо, драга, прости ми што си го прекинав моето животно деби.[1]) Ваша Оља која сите ве растажи".

– Ова е најдено дури изутринава! – објасни Васин.

– Што чудно писмо! – реков јас зачудено.

– Зошто е чудно? – запраша Васин.

– Зар е можно во таков момент да се пишуваат хумористични изрази?

Васин ме погледна испитувачки.

– И тој хумор е чуден, – продолжив јас – гимназиски условен јазик меѓу другари . . . Кој може во таков момент и во такво писмо до несреќната мајка – а мајката се покажа, дека ја сакала – да ѝ напише: „Го прекратив своето животно деби!".

– Зошто да не може така да се напише? – уште не можам да го сфатам Васина.

– Тука нема ама сосема никаков хумор! – забележа најпосле Версилов. – Изразот навистина не е зготен, не е ни малку во тон и навистина можеше да никне во гимназиски или во некаков друг другарски

---

[1]) Збор со кој обично се означува првото настапување на сцена во театар и сл.

јазик или во некаков фељтон, но покојницата го употребила во тоа ужасно писмо сосем наивно и сериозно.

– Тоа не може да биде, таа ја заврши гимназијата и беше наградена со сребрен медал.

– Сребрен медал ништо не значи. Денеска мнозина така ја завршуваат гимназијата.

– Пак против младината! – се насмевна Васин.

– Воопшто не! – му одговори Версилов, станувајќи од местото и земајќи си ја капата. – Ако денешното поколение не е толку литературно, тоа без сомневање има ... други убави особини! – додаде тој многу сериозно. Тоа „мнозина" не значи „сите", а вам, на пример, не сум ви забележал дека немате доволно литературно образование, а инаку и вие сте млад човек.

– Ни Васин, исто така, не најде ништо лошо во „дебито"! – не можев да се воздржам а да не забележам.

Версилов, молчејќи му ја подаде раката на Васин; тој, исто така, ја зеде капата за да излезе заедно со него и ми викна: „До видување!" Версилов излезе не гледајќи ме мене. Ни јас немав време за денгубење. По секоја цена морав да заминам и да најдам стан! – сега повеќе отколку кога и да е! Мајка ми веќе не беше кај газдарицата, таа си отишла и со себе ја повела и сосетката. На улица излегов некако особено бодар ... Некое ново и подобро чувство се раѓаше во мојата душа.

Притоа сè ми одеше лесно од рака: многу брзо најдов стан каков што барав. За овој стан ќе зборувам подоцна, а сега да го завршам главното.

Тукушто беше изминат еден часот попладне, кога се вратив кај Васин да си го земам својот куфер; пак го затеков дома. Кога ме виде, тој ми рече весело и искрено:

– Колку ми е мило што ме затековте, токму сега сакав да излезам! Можам да ви соопштам еден факт што ми се чини вас ќе ве интересира.

– Однапред сум уверен! – реков јас.

– Бре! Колку свежо изгледате! Кажете ми дали сте знале нешто за едно писмо што било сочувано кај

Крафт и кое вчера му беше доставено на Версилов, а во кое има нешто што се однесува на добиеното наследство? Во тоа писмо завештателот ја објаснува својата волја во смисла спротивна од вчерашното судско решение. Писмото веќе било одамна напишано. Со еден збор, не знам што е всушност точно, дали вие нешто знаете?

– Како да не знам. Пред три дена за тоа Крафт ме поведе кај него . . . ме тргна од оние господа, зашто сакаше да ми го даде тоа писмо, а јас сношти му го предадов на Версилов.

– Така ли? Тоа и го помислив. Претставете си, работата за која пред малку говореше овде Версилов – што го спречила сношти да дојде ваму да ја разувери онаа девојка – таа работа излезе токму по повод на тоа писмо. Версилов, всушност, уште сношти тргнал кај адвокатот од кнезот Сокољски, му го предал тоа писмо и се откажал од целото наследство што го добил. Во овој момент тоа откажување веќе имало законска форма. Версилов не го подарил, туку со тој акт тој им го признава целосното право на кнезовите.

Јас се здрвив, но бев восхитен. Ако треба да ја зборувам вистината, јас бев сосем уверен дека Версилов ќе го искине писмото, и не само тоа, туку покрај сето тоа што му го зборував на Крафт дека таквата постапка би била лоша и што тоа и самиот го повторував во себеси кога бев во гостилницата, и што „дојдов кај чист човек, а не кај овој“, – сепак во себе, т.е. во длабочината на мојата душа сметав дека поинаку не може да се постапи, туку просто да се уништи документот. Всушност, јас сметав дека е тоа најприродна работа на светот. А тоа што потоа јас би го обвинувал Версилов, тоа би го правел нарочно, со намера, т.е. заради тоа за да ја задржам над него мојата морална надмоќ. Но, кога сега разбрав за постапката на Версилов, ме опфати искрена неизмерна радост, па со каење и со срам почнав да го осудувам својот цинизам и својата рамнодушност спрема добродетелот и за момент, издигајќи го Версилова бескрајно над себе, за малку ќе го гушнев Васина.

– Каков човек! Каков човек! Кој би го сторил тоа! – викав сиот како опијанет.

– Се согласувам со вас дека тоа многу луѓе не би го направиле... и дека секако оваа постапка е многу некористољубива...

– „Меѓутоа?" ... доврпете ја Васин, немате ли вие уште едно „меѓутоа"?

– Се разбира, има уште едно „меѓутоа". Јас мислам дека постапката на Версилов е малку пребрзана и малку неискрена! – се насмевна Васин.

– Неискрена ли?

– Да. Тука постои и некаков „пиедестал". Затоа што, во секој случај, беше можно да се направи истото ова, но без своја штета. Ако не половината, без сомневање, барем еден дел од наследството можеше и сега да му припадне на Версилов, дури и за судот многу чувствителен човек, дотолку повеќе што документот немаше решителна важност, а Версилов веќе го добил делото. Така мисли и самиот адвокат на спротивната страна. Пред малку зборував со него. Постапката и натаму ќе беше добра, но поинаку ќе се случеше само затоа што Версилов сакаше да ја задоволи својата гордост. Пред сè, господинот Версилов се залета и непотребно пребрза, зашто и самиот пред малку рече дека работата можел да ја одложи дури за цела една недела...

– Знаете ли што, Васине? Не можам да се согласам со вас, но... вака повеќе сакам. Ова повеќе ми се допаѓа!

– Впрочем, тоа е работа на вкусот. Самите ме предизвикавте, јас би премолчил.

– Дури ако овде и постои „пиедестал", и тогаш е подобро! – продолжив јас. – Иако пиедесталот е пиедестал, сепак самиот по себе тој е многу драгоцена работа. Тој „пиедестал" е сепак „идеал" и тешко би било подобро, ако во душите на денешните луѓе би го немало него. Можеби да е тој и малку подизлупен, главно да постои! И по сè ми се чини дека и вие така мислите, Васине, драги мој Васине, мил мој Васине! Со еден збор: јас, се разбира, малку се заплеткав, но

сепак ќе ме сфатите. Вие сте Васине; и во секој случај дозволете да ве гушнам и бакнам, Васине!

– Од радост ли?

– Од најголема радост. Зашто овој човек „беше мртов и оживеа, беше изгубен и се најде!“ Васине, јас сум сиромашно момче и не сум достоен за вас... И токму поради тоа признавам дека во некои моменти станувам сосема поинаков човек, повисок и подлабок. Поради тоа што пред три дена в очи ве фалев (а ве фалев само затоа што мене ме понизија и посрамија), затоа цели два дена ве мразев! Дадов збор уште истата ноќ дека никогаш нема кај вас да дојдам, а дојдов вчера претпладне само за пакост, разбирате ли з а п а к о с т. Седев овдека на стол самиот и ја критикував вашата соба и вас и секоја ваша книга, и вашата газдарица, се трудев да ве понижам и да ви се подбивам.

– Тоа не требаше да ми го говорите . . .

– Сношти, кога од една ваша реченица заклучив дека не ги сфаќате жените, ми беше мило што на тоа ве уловив. Кога после ве фатив на „дебито“, пак ми беше многу мило, а сѐ поради тоа што тогаш премногу ве исфалив.

– Па што би сакале вие! – викна најпосле Васин (тој постојано се смешкаше, ни малку не ми се чудеше). – Па така е секогаш, речиси кај сите луѓе и тоа е првото што се случува. Само тоа не сака никој да го признае, па и не треба да го признае, затоа што во секој случај тоа поминува и нема никакви последици.

– Кај сите ли е така? Дали се сите луѓе такви? И вие ли сте мирни кога го говорите тоа? Со такви погледи не може да се живее!

– А според вас, точно ли е дека:

„*Темнината на ниските вистини ми е помила, отколку илузиите што нѐ издигаат?*“[1])

– Па не е ли така, – викнав јас – тие два стиха содржат една света аксиома!

---

[1]) Стихови од А. С. Пушкин.

– Не знам. Не би сакал да одлучувам дали се тие два стиха точни или не. Изгледа дека вистината се наоѓа, како и секогаш, негде во средината, т.е. во еден случај е света вистина, а во друг лага. Едно знам точно: дека уште долго време оваа мисла ќе остане како една од главните спорни точки меѓу луѓето. Во секој случај забележувам дека вам сега ви се танцува. Ако, потанцувајте, имате добар повод, а мене денеска многу работи ми се натрупуваа ... а заради вас и задоцнив.

– Си одам, си одам, веднаш си одам! Само уште еден збор, – реков откако го фатив куферот, – ако пред малку пак ви се „обесив" на вратот, беше само поради тоа што кога влегов, со такво искрено задоволство ми го соопштивте тој факт и „се зарадувавте" што успеав пак да ве фатам и тоа по денешното „деби". Со тоа искрено задоволство наеднаш пак го превртивте на ваша страна моето „младо срце". Па, збогум, збогум, ќе се потрудам колку што можам подолго да не дојдам и знам дека тоа ќе ви биде многу пријатно, тоа го гледам и од вашите очи, дури и на двајцата ќе ни биде пријатно ...

Дрдорејќи така и не доаѓајќи до здив поради радосното дрдорење, го тргнав мојот куфер и си отидов со него во својот стан. Што е најглавно многу ми се допаѓаше тоа што Версилов, без сомневање, пред малку ми се лутеше, така што не сакаше ни да зборува со мене, ни да ме гледа. Штом си го пренесов куферот, веднаш летнав кај мојот стар кнез. Признавам овие два дена без него ми беше малку тешко. Притоа тој веројатно веќе беше чул и за Версилов.

II

Јас знаев дека многу ќе ми се зарадува и се колнам дека и без Версилов јас денеска ќе појдев кај него. Сношти и денеска само ме плашеше мислата да не ја сретнам некако Катерина Николаевна. Но, сега повеќе од ништо не се плашев.

Кнезот ме гушеше од радост.

– Што велите за Версилов? Дали сте чуле? – започнав јас направо за главната работа.

– Cher enfant, драги мој пријателе, тоа е толку возвишено, тоа е толку благородно – со еден збор, дури и на Ќилјан (овој чиновник долу) направи страшен впечаток! Тоа е неразумно од негова страна, но сјајно, тоа е подвиг. Треба да се почитува идеалот!

– Нели така? Зар не е така? Во тоа ние двајцата секогаш се согласуваме.

– Драги мој, јас со тебе секогаш сум се согласувал. Но каде беше? Бездруго сакав да дојдам кај тебе, но не знаев каде да те најдам . . . Зашто дури не можев да одам ни кај Версилов . . . Иако сега, после сево ова . . . Знаеш, драги пријателе: токму со ова, ми се чини, тој ги победуваше жените, токму со овие особини, тоа е без сомневање . . .

– Навистина, за да не заборавам, токму заради вас тоа и го запаметив. Вчера еден неранимајко и голем палјачо, напаѓајќи го пред мене Версилов, за него рече дека е „женски пророк“. Што мислите вие за тоа? Поради вас го запамтив . . .

– „Женски пророк“! Mais . . . C'est charmant![1]) Ха-ха! Тоа му прилега, т.е. ни малку не му прилега – туф! . . . Меѓутоа, сепак добро е најдено, т.е. ни малку не е добро, но . . .

– Ништо, ништо, не се буни, сметајте го тоа само како духовитост.

– Одлична духовитост, а има и своја многу длабока смисла . . . Сосема точна идеја! Всушност, сакаш ли да ми веруваш . . . Со еден збор, ќе ти соопштам една мала тајна . . . Дали тогаш ја виде онаа Олимпијада? Веруваш ли дека таа копнее во своето срце по Андреј Петрович и тоа толку што изгледа дека одгледува некоја надеж . . .

– Одгледува надеж! Може, ако сака да го искуси ова! – викнав јас во лутината, покажувајќи ја тупаницата.

---

[1]) Ама . . . тоа е прекрасно!

– Mon cher, не викај, сè е така и ти имаш право од своето гледиште. Навистина, пријателе, што се случило минатиот пат кога овде била Катерина Николаевна? Ти се заниша .. си помислив дека ќе паднеш и сакав да потрчам за да те задржам.

– Да не зборуваме сега за тоа. Така, со еден збор, просто се збунив, поради некоја причина . . .

– Ти и сега поцрвени.

– А вие баш морате тоа веднаш да го истакнете. Вие знаете дека е таа непријател на Версилов . . . па ете тоа е сè; затоа се возбудив. Ех, да го оставиме тоа за другпат.

– Така е, да го оставиме тоа, и јас сакам да го оставиме тоа, да не зборуваме за тоа . . . Со еден збор, многу згрешив за неа и дури, ако се сеќаваш, тогаш дрдорев пред тебе . . . Заборави го тоа, драги пријателе. И таа ќе го измени своето мислење за тебе, тоа сигурно го претчувствувам .. А еве го и кнезот Серјожа

Влезе еден млад и убав офицер. Љубопитно го гледав, не бев го видел никогаш. Всушност, јас велам убав, како што за него сите говореа, но во неговото младо и убаво лице имаше нешто што не беше сосем привлечно. Ова го спомнувам како впечаток од првиот момент, од првиот мој поглед на него, што остана кај мене засекогаш. Беше слабичок, имаше прекрасен раст, беше темно рус, со свежо лице, впрочем малку жолтеникаво, со решителен поглед. Неговите прекрасни темни очи гледаа малку сурово, дури и кога беше сосем мирен. Но токму неговиот решителен поглед одбиваше, затоа што некако по нешто се чувствуваше дека таа решителност не му прилегаше многу. Впрочем, не умеам да се изразам . . . Се разбира, неговото лице беше способно да се измени и од суров изглед да мине во вонредно љубезен, добродушен и нежен изглед, и што е најважно сосем искрено. Таа искреност и привлекуваше. Забележувам уште една црта: и покрај сета љубезност и искреност, ова лице не беше никогаш весело, дури ни тогаш кога кнезот се смееше од сè срце, вие постојано имате чувство дека во неговото срце немало никогаш вистинска, светла, лесна веселост . . . Впрочем, многу е тешко така да се опи-

шува лице. Тоа воопшто јас не можам. Стариот кнез веднаш потрча да нè запознае, според својата глупа навика.

– Ова е мојот мал пријател Аркадиј Андреевич (пак Андреевич!) Долгоруки.

Младиот кнез веднаш се сврти кон мене и имаше двојно љубезен израз на лицето. Меѓутоа, се виде дека моето име му беше сосем непознато.

– Тоа е . . . братучед на Андреј Петрович! – промрмори мојот здодевен кнез. (Колку станувааат здодевни понекогаш овие старци со своите навики!). Младиот кнез веднаш се сети.

– Ах, уште порано сум слушал за вас . . . – брзо проговори тој. – Имав вонредно задоволство минатата година да се запознаам во Луга со вашата сестричка Лизавета Макаровна. И таа ми раскажуваше за вас . . .

– Многу се изненадив. На неговото лице сјаеше сосема искрено задоволство.

– Дозволете, кнезу, – промрморив јас ставајќи ги назад обете мои раце – морам искрено да ви кажам, и мило ми е што тоа можам да го кажам пред нашиов мил кнез, дека често сакав да се сретнам со вас и дека тоа го сакав сосема неодамна, и тоа уште вчера, но со сосем друга намера. Отворено ќе кажам, за да не се изненадите. Накусо, јас сакав да ве предизвикам на двобој поради навредата што пред година и пол во Емс му ја нанесовте на Версилов. И иако вие можеби, се разбира, и не би одговориле на мојот предизвик, затоа што сум само гимназист и неполнолетно момче, сеедно, сепак ќе ве предизвикав на двобој, без оглед на тоа што тој повик вие немаше да го прифатите и што не би презеле ништо . . . и признавам и сега имам таква намера.

Стариот кнез подоцна ми раскажа дека тоа сум успеал да го кажам многу благородно.

На лицето од младиот кнез се забележа искрена тага.

– Не ми дозволивте ни да се изјаснам! – одговори тој сериозно. – Јас вам ви се обрнав со искрена радост заради сегашните чувства што ги имам спрема Андреј Петрович. Жал ми е што не можам веднаш вам да ви

ги соопштам сите околности. Но, ве уверувам со својата чест дека уште многу одамна најдлабоко се каам заради својата несреќна постапка во Емс. Враќајќи се во Петроград, решив да му дадам секакво можно задоволување на Андреј Петрович, т.е. отворено, буквално да го замолам да ми прости и тоа во форма каква што тој самиот ќе ја определи. Причината што ги променив своите чувства се повисоки и посилни влијанија. Тоа што бевме на суд ни малку не влијаеше на моето решение. А неговата вчерашна постапка спрема мене многу ја потресе мојава душа и верувајте ми дури ни сега уште не сум дојден на себеси. И еве сега морам тоа да ви го кажам – дојдов кај кнезот токму за да му ја соопштам вонредната работа: пред три часа, т.е. точно во времето кога го составуваше тој акт со адвокатот, ми се јави ополномоштеникот на Андреј Петрович и ми го предаде неговиот повик на двобој . . . Формален повик на двобој поради историјата во Емс . . .

– Тој ли ве повика на двобој? – викнав јас и почувствував дека ми се запалија очите и крвта ми изби на лице.

– Да, тој ме повика на двобој. Веднаш го примив повикот, но решив пред двобојот да му го испратам ова писмо во кое ќе му ги изнесам погледите на мојата постапка и целото мое каење поради таа страшна неспогодба. Затоа што тоа беше само неспогодба, несреќна, фатална неспогодба! Забележувам дека заради мојата положба во војската на некој начин тоа е за вас и извесен ризик: поради такво писмо пред двобојот јас ќе бидам изложен на општа осуда . . . Разбирате ли? Но и без оглед на тоа јас бев решил, само не успеав да го испратам писмото, затоа што еден час по повикот на двобој од него добив пак едно ливче со кое ме моли да го извинам затоа што ме вознемирил и да го оставам повикот на двобој, додавајќи дека се кае поради тој „моментен настап на малодушност и егоизам" – тоа се негови зборови. На тој начин сега сосем ми олеснува чекорот со писмото. Уште не сум го испратил, но дојдов кај кнезот за да позборуваме за таа работа . . . А верувајте ми, што се однесува до

гризењето на совеста, јас претрпев повеќе од кој и да е . . . Дали барем сега ви е доволно јасно, Аркадиј Макарович? Сакате ли да ми направите чест да верувате во мојата искреност?

– Јас бев сосем победен, ја видов сигурната искреност која ни малку не ја очекував. Јас не очекував ништо слично. Промрморив нешто како одговор и право му ги подадов двете раце. Тој радосно ги прифати и ги стегна со своите раце. Потоа го одведе кнезот и со него разговараше околу пет минути во неговата спална соба.

– Ако сакате да ми направите особено задоволство, – ми рече гласно и отворено кога излезе откај кнезот, – тогаш тргнете веднаш со мене и јас ќе ви го покажам писмото што сега ќе му го испратам на Андреј Петрович и во исто време неговото писмо до мене.

Се согласив со задоволство. Мојот кнез малку се замисли кога појдов и дури за еден момент ме повика во неговата спална соба.

– Mon ami, колку ми е мило, колку ми е мило . . . За сето ова ние ќе разговараме подоцна. Навистина, еве во мојот портфељ има две писма: едното треба да се предаде лично и да се објасни, а другото писмо е за банката – и таму исто така . . .

И така ми даде две, божем, неодложни писма за кои е потребен некаков специјален труд и внимание. Требаше само да појдам и да ги предадам, да се потпишам итн.

– Ах, вие итрецу! – му реков јас земајќи ги писмата. – Би се заколнал дека е сето тоа бесмислица и дека тука нема никаква работа, а овие две писма намерно сте ги измислиле, за да ме уверите дека вршам некаква служба и дека не добивам пари бакшиш!

– Mon enfant, ти се колнам дека се лажеш: овие две се многу неодложни работи . . . cher enfant! – викна тој уште еднаш, страшно разнежен – драго мое момче! (Двете раце ми ги стави на главата). Те благословувам тебе и твојата судбина . . . секогаш да сме со такво чисто срце како денеска . . . добри и возвишени колку што може повеќе . . . да сакаме сè што е во-

звишено . . . во сите негови разни форми . . . Но, enfin . . . enfin rendons grâce . . . et je te bénis![1])

Не доврши, туку залипа над мојата глава. Признавам дека речиси и јас заплакав. Барем искрено и со задоволство го гушнав мојот чудак. Се бакнавме од срце.

III

Кнезот Серјожа (т.е. кнезот Сергеј Петрович, како што ќе го нарекувам) ме довезе во елегантна кола во својот стан и прво што ме изненади беше сјајот на неговиот стан. Всушност, не баш со сјајот, колку со тоа што станот беше како становите кај „најдобриот свет“: високи, големи светли соби (видов две, другите беа затворени) и мебел – навистина не господ знае каков Versailles[2]) или Renaissance[3]), туку убав, удобен, голем, многу раскошен; килими, резбарија, и статуи. Меѓутоа за нив се зборуваше дека се сиромашни, дека немаат ништо. Јас, се разбира, патем да кажам дека бев чул оти овој кнез насекаде на луѓето им фрлаше прав во очите, насекаде каде што ќе можеше – и овде и во Москва, и во неговиот поранешен полк и во Париз, дека се коцкал и дека имал многу долгови. Јас носев црно палто на кое уште имаше пердуви, затоа што спиев со него, а кошулата не ја бев преслекол веќе четири дена. Впрочем, моето црно палто не беше многу грдо но кога дојдов кај кнезот се сетив за предлогот на Версилов да порачам нов костум.

– Претставете си, благодарение на една жена-самоубиец, целата ноќ ја преспав во костумов, – забележав јас расеано, а кога тој рече веднаш дека работата го интересира, му го раскажав настанот накусо. Но него, пред сè, очигледно го интересираше писмото. Мене дури многу ме чудеше тоа што тој не само што не се насмеа, туку дури и не покажа ни сенка од не-

---

1) Најпосле да му благодариме на бога . . . и јас ве благословувам!

2) и 3) Стилови на намештај.

каква насмевка, кога пред малку рече дека сакам да го повикам на двобој. Иако јас веќе умеев да го задржам да не се смее, сепак тоа беше чудно за таков човек. Седнавме еден спрема друг, среде соба, на неговата голема работна маса и тој ми го даде да го прочитам веќе подготвеното и начисто препишано писмо за Версилов. Овој документ приближно го содржеше сето она што тој ми го кажа кај кнезот. Беше напишано дури со жар. Оваа негова отвореност и готовност на сè што е убаво јас навистина уште не знаев како да ја сфатам, но веќе почнав да отстапувам, секако заради тоа што немав причина да не му верувам. Каков и да е човекот и што и да зборуваат за него, тој сепак можеше да биде човек со добри наклоности. Го прочитав и последното писменце на Версилов што имаше седум редови – повлекувањето на повикот на двобој. Иако тој навистина тоа го напиша во својата „малодушност" и во својот „егоизам", сепак од целото тоа писменце зборуваше некоја надуеност . . . или подобро да кажам во целата негова постапка имаше некакво омаловажување. Но јас тоа не сакав да го кажам.

– Но, како вие го сметате ова откажување, – прашав јас – вие веројатно не сметате дека се исплашил?

– Се разбира дека така не сметам! – се насмевна кнезот но некако сериозно и воопшто тој стануваше сè повеќе загрижен. – Јас премногу добро знам дека е тој храбар човек. Ова, се разбира, е негово специјално гледиште . . . негов личен начин на мислење . . .

– Без сомневање! – го прекинав јас страсно. – Некојси Васин вели дека во таа постапка со тоа писмо и во откажувањето од наследство е во прашање „пиедесталот" . . . Според моето мислење таквите работи не се прават заради публиката, туку заради нешто основно што се наоѓа кај човекот.

– Јас многу добро го познавам господинот Васин! – забележа кнезот.

– Ах, да, вие сте морале да го гледате во Луга.

Наеднаш се погледнавме и се сеќавам изгледа јас малку поцрвенев. Тој тогаш веднаш го прекина разговорот. А токму јас сакав да разговараме. Мислата на

една вчерашна средба ме предизвика да му поставам некои прашања, само не знаев како да започнам. И воопшто, јас бев само нерасположен. Ме поразуваше неговата вонредна измазнетост, љубезност, непринуденост на манирот – со еден збор целиот оној блесок на неговиот тон што луѓето од неговата средина го примаа уште во лулката. Во неговото писмо јас прочитав две многу груби граматички грешки. Но воопшто при таквите средби јас никогаш не понижувам, туку станувам претерано остар, што е често можеби и непристојно. Но во овој случај за тоа особено придонесе уште и мислата дека сум, уште мовлест, така што сум станал и малку дрзок и навлегов во фамилијарност... Кришум забележав дека кнезот понекогаш многу внимателно ме гледаше.

– Кажете кнезу, – летнав јас ненадејно со едно прашање, – не сметате ли вие внатре во себе дека е смешно тоа што сум јас уште „аџамија" и сакав да ве повикам на двобој и тоа за туѓа навреда?

– За навредата на татко ви многу е можно да се почувствувате навреден. Јас не сметам дека е тоа смешно.

– А мене ми се чини дека е тоа многу смешно . . . од извесно гледиште . . . т.е., се разбира, не од моето гледиште. Дотолку повеќе што сум јас Долгоруки, а не Версилов. А ако ми ја говорите невистината, или само сакате работата да ја замачкате поради причина што ја налагаат правилата на светското однесување, тогаш значи дека вие во сè друго ме обманувате?

– Не, јас не сметам дека е смешно! – повтори тој страшно сериозно. – Зар не е можно вие со себе да ја чувствувате крвта на татко ви . . . Навистина вие сте уште млад, зашто . . . не знам . . . изгледа кој не е полнолетен не може да оди на двобој, ниту од него не може да се прифати повик на двобој, според правилата . . . Но, ако сакате тука има веројатно само еден важен приговор: ако предизвикувате на двобој без знаење на навредениот, поради чија навреда вие повикувате, со тоа само покажувате некој вид неуважавање на тој човек од ваша страна, нели така?

Нашиот разговор одеднаш го прекина еден лакеј

што влезе нешто да му јави на кнезот. Штом го забележа кнезот, кој како да го чекаше, стана и не доврвшувајќи го зборот, брзо му пријде така што овој полугласно му јави нешто што, се разбира, јас не можев да го чујам.

– Извинете, – ми се обрна кнезот – ќе се вратам за една минута.

И тој излезе. Останав сам. Шетав по собата и мислев. Чудна работа, тој и ми се допаѓаше и не ми се допаѓаше. Имаше нешто за кое не можев да најдам име, но кое ме одбиваше. „Ако навистина ни малку не ми се смееше, тогаш без сомневање беше многу простосрдечен, но ако ми се подбиваше, тогаш, можеби, ќе ми изгледаше поумен . . .“ – така чудно размислував. Се доближив до масата и уште еднаш го прочитав неговото писмо за Версилов. Бидејќи се забавував, дури заборавив за времето, кога се сетив, одеднаш забележав дека минутата на кнезот се продолжи во цели петнаесет минути. Тоа малку ме налути; уште еднаш прошетав горе-долу, најпосле си ја зедов шапката и се сеќавам решив да си излезам со тоа што ако сретнам некого ќе го испратам по кнезот, а кога тој ќе дојде, веднаш да се поздравам со него и да му речам дека имам работа и дека немам повеќе време да го чекам. Ми се стори дека така ќе биде најзгодно, затоа што малку ме измачуваше мислата дека оставајќи ме така долго, тој постапува со мене многу немарно.

Двете затворени врати од оваа соба се наоѓаа на два краја од истиот ѕид. Бидејќи заборавив низ која врата влеговме, а можеби и поради расејаноста, јас отворив една од нив и наеднаш, во една долга и тесна соба ја забележав, како седи на диванот, мојата сестра Лиза. Освен неа никого повеќе немаше; а таа секако, некого чекаше. Но не успеав ни да се зачудам, кога одеднаш го чув гласот на кнезот кој со некого гласно говореше и се враќаше во својата соба. Јас бргу ја подзатворив вратата, а кнезот, што влезе низ другата врата, ништо не забележа. Се сеќавам, тој започна да се извинува и рече нешто за некоја Ана Фјодоровна . . . Но јас бев толку збунет и поразен

што речиси ништо не разбрав, туку само промрморив дека бездруго треба да одам дома и потоа решително и брзо излегов. Намазнетиот кнез, се разбира, мораше да биде изненаден со моето однесување. Тој ме испрати до самото претсобје и ми говореше за целото време, но јас ништо не му одговарав, ниту го гледав.

IV

Кога излегов на улица, скршнав влево и тргнав без цел. Во мојата глава сè беше измешано. Одев полека и изгледа изминав многу, цели петстотини чекори, кога одеднаш почувствував дека некој страшно ме удри по рамо. Се свртив и ја видов Лиза; таа ме настаса и ме удри со чадорот. Во нејзиното лице што светеше имаше нешто страшно весело, а по малку и итро.

– Ох, колку ми е мило затоа што и ти тргна на оваа страна, инаку денеска немаше да те видам! – таа беше малку задишена поради брзото одење.

– Колку си задишена!

– Страшно трчав, сакав да те стасам.

– Лизо, дали те видов пред малку?

– А каде беше тоа?

– Кај кнезот . . . кај кнезот Сокољски . . .

– Не, мене не, не си ме видел . . .

Јас молкнав и изминавме така десетина чекори. Лиза страшно се засмеа.

– Мене, се разбира, мене, мене ме виде! Чуј, па ти самиот ме виде, самиот можеше да ме гледаш в очи, и јас тебе те гледав в очи и како можеш да ме прашаш дали си ме видел? Каков е тој карактер! А знаеш, сакав страшно многу да се насмеам, кога така ме гледаше в очи, страшно смешно ме гледаше.

Таа постојано се смееше. Почувствував дека сета грижа веднаш ми се симна од срцето.

– Но, откаде ти таму кажи ми?

– Бев кај Ана Фјодоровна.

– Каква Ана Фјодоровна?

– Столбеева. Кога бевме во Луга, кај неа престоју-

вав цели денови, таа ја примаше и мама, дури и кај нас доаѓаше. А таа речиси таму кај никого не одеше. Таа му е подалечна роднина на Андреј Петрович, а и на кнезовите Сокољски им е роднина. Таа му е некаква тетка на кнезот.

– Зар кај кнезот живее таа?

– Не, туку кнезот живее кај неа.

– А чиј е станот?

– Станот е нејзин, таа го има овој стан веќе цела година. Кнезот пред некој ден дојде и се смести кај неа. И таа е сè на сè четири денови во Петроград.

– Но . . . знаеш што, Лизо, господ да ѝ биде на помош со нејзиниот стан . . .

– Зошто, таа е прекрасна . . .

– Нека биде. Но и ние сме прекрасни луѓе! Погледни колку е денов убав, погледни колку е убаво. Колку си денеска убава, Лизо! А, всушност, ти си страшно дете.

– Аркадиј, кажи, таа девојка сношти!

– Ах, толку ми е жал за неа, Лизо, толку ми е жал!

– Ах, колку е жално! Каква судбина! Знаеш дека дури е гревота што одиме вака весели, а нејзината душа сега негде лета во темнината, во некаков бескраен мрак, со својот грев и со навредата што ѝ ја нанесоа . . . Аркадиј, кој е виновен за нејзиниот грев? Ах, колку е тоа страшно! Помислуваш ли ти некогаш на тој мрак? Ах колку се плашам од смртта и колку е тоа грешно! Јас не го сакам мракот, сосема е друга работа ова сонцево. Мама вели дека е грев да се плашиш . . . Аркадиј, дали ти добро ја познаваш мама?

– Лизо, јас сè уште малку ја познавам.

– Ах, какво е тоа суштество; ти мораш, мораш да ја запознаеш неа треба специјално да ја сфатиш . . .

– Ни тебе не те знаев, а еве сега те знам целата! Те запознав за една минута. Ти, Лизо, иако се плашиш од смртта треба да бидеш горда, смела, храбра. Многу подобра од мене, многу подобра од мене! Страшно те сакам, Лизо! Ах Лизо! Нека смртта дојде кога ќе мора, а дотогаш – живот, живот! Да ја пожалиме онаа кутрата, но сепак нека е животот благосло-

вен, нели така? Зар не е така? Јас, Лизо, си имам „идеја“! Знаеш ли ти дека Версилов се откажа од наследството? Ти, Лизо, не ја познаваш мојава душа, ти не знаеш што значеше за мене тој човек?

– Како да не знам, јас сè знам.

– Сè ли знаеш? Да, затоа си ти – ти! Ти си умна, поумна си од Васин. Ти и мама имате проникливи очи, хумани, т.е. погледот, а не очите, јас дрдорам . . . Лизо, одвратен сум во многу работи.

– Тебе е потребно човек да те фати за рака и да те води и тоа е сè!

– Сфати, Лизо. Колку е убаво денеска да те гледа човек. А знаеш ли дека си прекрасна? Никогаш уште не сум ги видел твоите очи . . . дури сега ги гледам за прв пат. Каде си ги најде денеска, Лизо, каде си ги купи? Колку даде за нив? Лизо, јас не сум имал пријател, а и пријателството го сметам како бесмислица, но со тебе не е бесмислица . . . Сакаш ли да бидеме пријатели? Ти разбираш што сакам да кажам?

– Многу добро разбирам.

– И знаеш, без договор, без контакт, просто да станеме пријатели!

– Да, просто, просто, само еден услов имам: ако макар и еднаш се оплакуваме еден на друг, ако бидеме незадоволни од што и да е, ако и самите станеме лоши и зли, ако заборавиме сè тоа – да не го заборавиме денешниот ден, ни овој час! Да си дадеме таков збор! Да си дадеме збор дека секогаш ќе се сеќаваме на овој ден кога излеговме заедно рака за рака и толку се смеевме и толку бевме весели . . . Дали сакаш? Нели?

– Сакам, Лизо, сакам и ти се колнам; само, Лизо, како сега првпат да те слушам . . . Лизо, дали многу си читала?

– Досега уште не си ме прашал за тоа? Дури сношти за првпат, кога згрешив еден збор, ти ме удостои со внимание, милослив господине и господин филозофу!

– А зошто ти не започна да зборуваш со мене, кога сум јас толкаво магаре?

– Сè само чекав да се опаметиш. Ве прозрев уште

од самиот почеток, Аркадиј Макарович, и штом ве проѕрев веднаш помислив! „Ќе дојде тој еднаш, сигурно ќе дојде на крајот од краиштата!“ – и решив подобро вам да ви оставам во чест прв да го направите чекорот: „А не, мислев, потрчај ти малку по мене!“

– Ах, кокетко ниедна! Но, Лизо, признај ми искрено: дали се подбиваше со мене во овој месец?

– Ох, ти си многу смешен, страшно смешен, Аркадиј! И знаеш можеби затоа повеќе од сè и те засакав во овој месец, зашто беше таков чудак. Ама во многу работи ти си и одвратен чудак – ова ти го велам за да не се погордееш. И знаеш ли уште кој ти се смееше? Мама ти се смееше, мама со мене заедно: „Види го, шепотеше таа, види го колкав е чудак!“ А ти седиш и мислиш за тоа време дека ние седиме и трепериме пред тебе.

– Лизо, што мислиш ти за Версилов?

– Јас за него мислам многу нешта. Но знаеш сега за него не сакам да разговараме. За него денеска не треба да се зборува; нели така?

– Сосема е така! Не, ти си страшно умна, Лиза! Ти без сомневање си поумна од мене. Почекај само, Лизо, да го свршам сево ова и тогаш можеби нешто ќе ти кажам . . .

– Зошто се намурти?

– Не, Лизо, не се намуртив туку така . . . Гледаш ли, Лизо, да речам отворено: имам таква особина што не сакам некој со прст да ме ѓиба, во она што ми е во душата најчувствително . . . или подобро да кажам кога се изнесуваат на видело некои чувства сите да ги гледаат, зар тоа не е срамота, нели е така? Затоа често сакам да сум повеќе намуртен и да молчам . . . ти си умна, ти тоа ќе го сфатиш.

– Не само тоа, туку и јас сум таква. Во сè те разбрав. Знаеш ли дека и мама е таква?

– Ах Лизо! Само кога човек би имал подолго време да живее на светов? А што би рекла ти?

– Не, јас ништо не велам.

– Зошто ме гледаш?

– Па и ти мене ме гледаш. Те гледам и те сакам.

Ја доведов скоро до дома и ѝ ја дадов мојата адреса. На разделба, ја бакнав за првпат во мојот живот.

V

И сето тоа беше убаво, само една работа не беше убава: една тешка мисла се зачна кај мене од самата ноќ и никако не излегуваше од главата. А тоа беше: зошто и реков на онаа кутрата, кога сношти ја сретнав кај нашата порта, дека ја напуштам таа куќа, тоа гнездо, зошто лошите луѓе човек треба да ги напушти и да создаде свое гнездо, и дека Версилов има многу вонбрачни деца. Тие зборови од синот за таткото на крајот кај неа го зацврстија нејзиното сомневање за Версилов и за тоа дека ја навредил. Го обвинував Стебељков, но можеби токму јас бев тој што тури масло во огнот! Таа мисла беше страшна, страшна е и денеска! . . . Но тогаш, она утро, иако почна да ме измачува, мене ми се чинеше дека е бесмислена: „Ах, тука веќе сè и без мене беше запалено и зовриено!“ – си повторував одвреме навреме. Ах, ништо, ќе мине! Ќе се поправам! Ќе го поправам тоа со нешто . . . со некоја добра постапка . . Пред себе имам уште педесет години.

Но таа мисла остана и понатаму.

ПРВА ГЛАВА

I

Го прескокнувам времето од речиси два месеца; но читателот нека не се вознемирува: од натамошното излагање сè ќе му биде јасно. Остро го истакнувам петнаесетти ноември, денот кој добро го запомнив од многу причини. Прво, никој, кој ме видел пред два месеца, не би ме познал, барем по надворешноста, то ест можеби и би ме познал, но ништо не би разбрал. Бев многу елегантно облечен – тоа е прво. Оној „совесен Французин што има добар вкус", што ми го препорача во свое време Версилов, не само што ми соши костум, туку сега веќе тој не ми е ни доволно добар: за мене сега шијат костуми други шивачи, подобри, првокласни, и дури имам кај нив отворена сметка. Имам отворена сметка и во еден отмен ресторан, но тука сè уште се плашам и, штом ќе дојдам до пари, плаќам веднаш, иако знам дека е тоа mauvaiston[1]) и дека со тоа се компромитирам. На Невскиот проспект фризерот Французин е во пријателство со мене и кога се фризирам кај него, ми кажува шеги. Признавам, со него се вежбам француска конверзација. Иако знам француски, дури и мошне добро, сепак во големо друштво сè некако се плашам да почнам; а изговорот ми е, по сè изгледа, далеку од парискиот. Имам свој отмен кочијаш со касачки коњи, Матвеј, кој ми стои на располагање секогаш кога ќе побарам. Тој тера коњ вранец со

---

[1]) Неотмено

светла боја (сивите не ги сакам). Впрочем, има и незгоди: денес е петнаесетти ноември и веќе има три дена како настапи зимата, а мојата бунда е стара, мечкина, која веќе ја износил Версилов: кога би ја продал, би добил за неа дваесет и пет рубли. „Треба да купам нова, а џебовите ми се празни и, освен тоа, уште вечерва ми се потребни пари, и тоа по секоја цена – инаку сум „несреќен и пропаднав"; тоа се моите сопствени тогашни зборови. О, подлост! Како, од каде наеднаш тие илјадарки, таа касачка кола и тие Борели?"[1]) Како сум можел наеднаш сѐ да заборавам и да се изменам така? Срамно! Читателе, сега ќе ја почнам историјата на мојот резил и мојата срамота, и ништо во животот не може за мене да биде посрамно од овие спомени.

Вака говорам како свој судија, и знам дека сум виновен. Во оној виор, во кој се вртев тогаш, бев навистина сам, без раководител и советник, но се колнам дека и тогаш бев свесен за своето паѓање и, според тоа, немам оправдување. А, меѓутоа, во тие два месеца бев речиси среќен; зошто: речиси? Бев премногу среќен! И дури толку што свеста за срамот, кој моментно се јавуваше (и тоа често!) и од кој мојата душа ќе затрепереше, таа свест – дали ќе верувате, – уште посилно ме опиваше: „Па што! Кога се паѓа, нека се паѓа; но нема да пропаднам, ќе се извлечам! Ме чува мојата ѕвезда!" – Одев како по тесно мовче од иверки и без ограда, над бездна, и се радував што одам така; дури се наведнував над бездната. Беше опасно, и беше забавно. А „идејата"? – „Идејата" остана за подоцна, идејата чекаше; сѐ што се случуваше досега беше „само скршнување настрана": „Зошто човек малку да не се разоноди?" Во тоа е и лошата страна на „мојата идеја", уште еднаш повторувам, таа наполно ги допушта сите скршнувања; да беше таа помалку цврста и помалку радикална, можеби би се плашел да скршнувам.

За тоа време непрекинато го држев мојот стан, го држев, но не живеев во него; таму беше мојот куфер,

---

[1]) Отмен ресторан.

мојата патна торба и други работи; главната резиденција ми беше кај кнезот Сергеј Сокољски. Кај него го поминував денот, кај него и спиев, и така тоа траеше со недели ... Како се случи тоа, веднаш ќе почнам да раскажувам, а дотогаш да кажам нешто за тој мој мал стан. Веќе го бев засакал: тука ми дојде во посета Версилов, сам за првпат по тогашната караница, и потоа доаѓаше многупати. Повторувам, тоа беше за мене време на страшна срамота, но и на огромна среќа ... Тогаш сè ми одеше многу лесно и ми се насмевнуваше! „Зошто ми беше сета онаа поранешна намуртеност – си мислев понекогаш опиен – зошто беа оние стари болни рани, моето осамено и тажно детство, моите глупави мечтаења под покривката, заклетви, планови и дури идеја? Сè се тоа само фантазии, сето тоа јас сум го измислил, и испаѓа дека во животот е сосем поинаку; сега се чувствувам радосен и лесен: имам татко – Версилов, имам пријател – кнезот Серјожа, имам уште" ... но тоа уште – тоа да го оставиме. Залудно, сè се случуваше во името на љубовта, великодушноста, честа, а потоа се сврти во грдо, безогледно, нечесно.

Доста е.

II

Тој ден кај мене за првпат третиот ден по нашата тогашна караница, не бев дома и тој останал да ме чека. Кога влегов во моето мало сопче, иако го чекав сите овие три дена, мене сепак ми се наводенија очите, и толку ми зачука срцето што застанав на самата врата. За среќа, тој седеше со мојот станодавец, кој, за да не му биде чекањето здодевно на посетителот, сметаше дека со него треба веднаш да се запознае, и почнал нешто со воодушевување да му раскажува. Газдата беше титуларен советник, веќе имаше околу четириесет години, сиот сипаничав, многу сиромашен, оптоварен со болна жена од туберкулоза и со болно дете, со извонредно разговорлив и мирен карактер, впрочем, мошне учтив. Се зарадував поради неговото присуство и ми беше дури добредојден, зашто што би

можел јас да му кажам на Версилов? Знаев, точно знаев, во сите овие три дена, дека Версилов ќе дојде сам, прв – онака како што и сакав, бидејќи јас во никој случај не би му дошол прв, и тоа не од инает, ама токму од љубов спрема него, поради некаква љубомора – не умеам тоа да го изразам. Читателот кај мене воопшто нема да најде красноречивост. Но, иако го чекав сите три дена и речиси непрекинато замислував како ќе изгледа кога ќе влезе во собата, сепак воопшто не можев однапред да си претставам, – иако со сите сили се трудев – за што ќе разговараме по сè она што се случи досега.

– Ах, еве те и тебе! – ми ја подаде тој раката пријателски и не станувајќи. – Седи овде до нас; Петар Иполитович ми раскажува мошне интересна анегдота за оној камен близу до Павловските касарни ... или таму некаде ...

– Да, го знам тој камен! – одговорив брзо и седнав на столот покрај нив.

Седеа крај масата. Целата соба имаше точно четири квадратни метри. Тешко се издишив. Во очите на Версилов светна искра на задоволство: изгледа дека се сомневаше и мислеше оти ќе се преправам дека сум истоштен. Сега се смири.

– Почнете пак од почетокот, Петар Иполитович. – Обајцата веќе се именуваа со полните имиња.

– Значи, тоа било уште за време на покојниот цар, – ми се сврти Петар Иполитович, нервозно и некако страдалнички, како однапред да се плаши за успехот на ефектот, – вие веќе го знаете тој камен – еден обичен камен на улица, што сака тој таму, зошто, само пречи, нели е така? Се возел царот оттука многупати, и секогаш каменот бил таму. Најпосле на царот тоа му здодеало, и навистина: цел рид, цел рид стои на улицата, ја расипува улицата: „Да се истави каменот!“ Значи, рекол да се истави, а вие знаете што значи тоа „да се истави?“ Се сеќавате каков беше покојниот цар? Што да прават со каменот? Сите ја изгубиле главата; тука е општината, а што е главно, тука е, веќе, не се сеќавам за неговото име, и еден од првите тогашни големци, на кого му беше тоа доверено.

И тој големец слуша: му велат дека ќе чини петнаесет илјади рубли, ништо помалку, и тоа само во сребро (зашто хартиените пари дури за време на покојниот цар почнаа да ги сметаат во сребро). „Какви петнаесет илјади рубли! Глупости!“ Во почетокот Англичаните сакаа да постават пруга дотаму, да го натоварат каменот и да го однесат со парна машина; но колку би чинело тоа? Железница тогаш уште немаше, железница работеше само за Царско Село ...

– Можеле просто да го скршат – почнав да се муртам; ми беше ужасно непријатно и срам од Версилов, но тој слушаше со очигледно задоволство. Сфатив дека и нему му беше пријатно дека е присутен станодавецот, зашто и тој се срамуваше од мене, тоа убаво го видов; се сеќавам, дури ми беше и некако жал поради него.

– Да, така е, токму на таа идеја и беа дошле, и тоа токму Монферан; тој тогаш ја градеше Исакиевската соборна црква. Да се скрши, вели, па потоа да се влече. Да, но колку ќе чини тоа?

– Ништо нема да чини, има просто да се скрши и да се одвлече.

– Не, дозволете, тука е потребно да се постави машина; па потоа: каде да се одвлече? Па и цел рид? Десет илјади рубли, велат, со помалку не би можело да се мине, десет или дванаесет илјади.

– Ама слушајте, Петар Иполитович, тоа е бесмислица, тоа не беше така ... – Во тој момент Версилов незабележливо ми намигна и јас во тоа намигнување видов такво деликатно сочувство спрема станодавецот, дури и болка поради него, што тоа ужасно ми се допадна, па се насмеав.

– Па да, да – се зарадува станодавецот кој ништо не забележа, а ужасно се плашеше, како и секогаш дека ваквите раскажувачи, ќе го попречуваат со прашања – но пристапи еден граѓанин, уште млад, така, знаете, еден Русин со долга брада, во долг кафтан[1]), и можеби малку тргнат ... Впрочем, не, не беше тргнат. Така стоеше тој граѓанин и слушаше како се совету-

[1]) Стара машка горна облека, вид долго палто.

ваат тие, Англичаните и Монферан; а она лице кому му беше наредено сето тоа веќе дојде тука со колата, слушаше и се лутеше: колку долго веќе решаваат и никако не можат да решат; и наеднаш го забележа оддалеку оној граѓанин како стои и лукаво се смее, то ест не лукаво, не сакав тоа да го кажам, туку така како . . .

– Подбивно! – претпазливо му помогна Версилов.

– Да, да, подбивно, малку подбивно, со онаа добра руска насмевка, знаете: и она лице, се разбира, се налути: „Ти таму, брадино што чекаш? Кој си ти?"

„Еве, вели, го гледам ова камченце, ваша светлост!" Изгледа беше навистина светлост; тоа, веројатно, ќе беше кнезот Суворов, Италијански, потомок на стариот војвода . . . Впрочем, не, не беше Суворов, баш ми е жал што му го заборавив името, само, знаете, иако беше светлост, сепак беше чист Русин, вистински руски тип, патриот, широко руско срце; и тој се сети: – „Да не сакаш ти, вели, да го отстраниш овој камен? Зошто се смееш?" – „Повеќе им се смеам на овие Англичани, ваша светлост, што бараат несразмерна цена, зашто рускиот портфељ е дебел, а тие дома немаат што да јадат. Дајте ми сто рублички, ваша светлост – и до утревечер ќе го отстраниме ова камченце." – Можете да замислите каков предлог! Англичаните, се разбира, да го голтнат; Монферан се смее; само неговата светлост, вистинско руско срце, вели: „Нека му се дадат сто рубли! Па зар навистина, нели, ќе го отстраниш?" – „Утре вечер ќе уредиме, ваша светлост" – „Па како ќе го сториш тоа?" – „Тоа е, без навреда ваша светлост, моја тајна", вели, и, знаете, онака руски му кажа. Тоа му се свиде: „Да му се даде сè што ќе побара!" И на тоа остана; што мислите што стори тој?

Станодавецот застана и почна да нè мерка со мил поглед.

– Не знам! – се насмевна Версилов. Јас се муртев.

– Еве што стори, – проговори станодавецот, толку ликувајќи како тој сам да го сторил тоа, – доведе селани со лопати, прости наши Руси, и почна да копа јама покрај самиот камен, покрај самиот раб. Копаа цела ноќ, ископаа огромна јама, голема како каменот

и малку поголема, а откога ја ископаа, нареди полека и претпазливо да ја поткопуваат земјата под самиот камен. И, се разбира, откога го поткопаа, каменот немаше на што да стои, рамнотежата беше нарушена; а штом се наруши рамнотежата, луѓето од другата страна почнаа да го туркаат каменот со рацете, онака на ура, по руски: и каменот трас во јамата! Потоа го затрупаа со лопатите, набиваа со големи чекани, го закалдрмираа со чакал – мазно, и каменот веќе го немаше!

– Замислете! – рече Версилов.

– И колку народ се собра тука, со око не можеше да се догледа; дојдоа и оние Англичани, се сетиле тие одамна и се лутеа. Дојде Монферан; тоа е, вели, сосема селански, вели, просто. Но во тоа е и работата што е просто, а вие не се сетивте, глупаци! И можам да ви кажам дека оној големец, оној државник само го прегрна и го бакна: „А од каде си ти?" – го праша. – „Јас сум од Јарославска губернија, ваша светлост, всушност, се занимавам со шивачки занает, а лете одам во престолнината да тргувам со овошје." Таа работа дојде и до власта; власта нареди да му се даде медал; и тој долго време одеше со медалот на вратот, а потоа почна да пие, велат; знаете како е, Русинот не може да се воздржи! Затоа и денеска туѓинци нѐ задеваат – да, така е тоа!

– Да, се разбира, руска памет . . . – почна Версилов.

Но тука раскажувачот, за негова среќа, го викна болната домаќинка, и тој отрча, зашто јас не би можел повеќе да издржам. Версилов се смееше.

– Драги мој, ме забавуваше тој цел час пред тебе. Тој каменот . . . тоа е најнедопустливо меѓу сличните патриотски раскази, но како да го прекинеш? И самиот виде дека се топи од задоволство. Покрај тоа, тој камен, изгледа и сега стои, ако не се лажам, и воопшто не е во јама . . .

– Ах, боже мој! – извикав – навистина е така! Но како тогаш смееше! . . .

– Што ти е? Ти, изгледа, сериозно се лутиш; остави! Тој навистина се збрка: уште за време на моето

детство слушав една слична приказна за камен, само, се разбира, не аква и не за овој камен. Те молам: „Дошло до власта“. Сета негова душа била восхитена во тој момент кога „дошло до власта“. Во таа жална средина не се може без слични анегдоти. Ги имаат тие многу, главно поради својата невоздржаност. Ништо не сториле, ништо точно не знаат, но понекогаш сакаат луѓето да поразговараат и за општочовечките, поетски работи, а не само за картите и за унапредувањето ... Што е тој, кој е овој Петар Иполитович?

– Многу беден, а покрај тоа и несреќен човек.

– Ете гледаш, можеби дури и не игра карти! Повторувам, раскажувајќи ги овие будалштини, тој ја задоволува својата љубов спрема ближниот: сакаше и нас да нè направи среќни. Патриотското чувство исто така е задоволено. Постои на пример уште една анегдота за тоа дека Англичаните му давале на Завјалов[1]) еден милион рубли само да не става фабричка марка на своите производи.

– Ах, боже мој, веќе сум ја чул таа анегдота.

– Кој не ја чул! И оној што ја раскажува дури добро знае дека сигурно веќе си ја чул, но сепак ја раскажува н а р о ч н о како да не си ја чул. Анегдотата за синот на шведскиот крал – изгледа дека веќе е застарена; но во моите години ја повторуваа со занес и со таинствено шепотење, како и приказната – дека во почетокот на овој век некој клечел пред сенаторите во сенатот. За командантот Вашуцки, исто така, имаше многу приказни, на пример, како е украден неговиот споменик. Особено се омилени приказните од дворскиот живот; на пример, приказната за Чернишев, министер на поранешниот цар, на кој начин тој, старец од седумдесет години, умеел така да ја дотера својата надворешност, што изгледало како да има триесет години, така што и покојниот цар му се чудел за време на приемите ...

– И тоа сум го чул.

– Како да не! Сите тие анегдоти се врв на нечесност; но знај дека овој вид на нечесност е многу под-

---

[1]) Фабрикант на челик во стара Русија

лабок и распространет понатаму отколку што мислиме. Желбата да се излаже, поради тоа да се усреќи ближниот, се јавува дури и во нашето подобро општество, зашто сите ние страдаме од таа нескротливост на нашите срца. Само, ние имаме приказни од друг вид: што ли сè не раскажуваме ние за Америка, тоа е страст, па дури и кај државниците! И јас самиот, признавам, спаѓам во тој тип нечесни луѓе и од тоа сум страдал целиот живот . . .

– За Чернишев и јас неколкупати сум раскажувал.

– Значи, и ти веќе си раскажувал?

– Овде има уште еден кираџија освен мене, еден чиновник, и тој е сипаничав, веќе човек во години, но е ужасен прозаист, и штом Петар Ииолитович ќе проговори, веднаш почнува да го прекинува и да му противречи. И го доведе дотаму, што овој му служи како роб и му угодува, само кираџијата да го слуша.

– Тоа е веќе друг вид на нечесност и, можеби, поодвратен од првиот. Првиот – воодушевување! „Пушти ме само да плампам па ќе видиш колку убаво ќе испадне!“ Вториот – мрзливост и проза: „Не ти дозволувам да плампаш! каде, кога, која година?“ – со еден збор, човек без срце. Драги пријателе, секогаш остави го човекот малку да лаже – тоа е наполно невино. Пушти го дури и многу нека лаже. Прво, тоа ќе ја покаже твојата деликатност, а друго, поради тоа и тебе ќе ти даде да излажеш, значи две користи во ист момент. Que diable,[1]) треба да се сака ближниот свој! Но мене ми е веќе време. Прекрасно си се сместил овде – додаде тој станувајќи од столот. – Ќе ѝ кажам на Софија Андреевна и на твојата сестра дека сум те посетил и сум те затекол во добро здравје. До видување, драги мој!

– Како, тоа ли е сè? Па тоа не е она што го барав јас; го чекав другото, главното, иако наполно сфатив дека не може да биде поинаку. Ја зедов свеќата и тргнав да го придружам низ скалите; дотрча и мојот газда, но јас силно го фатив за рака, скришно од Вер-

[1]) По ѓаволите

силов, и грубо го оттурнав. Тој ме погледа исплашено, но веднаш се изгуби.

– Овие скали ... – мрмореше Версилов, развлекувајќи ги зборовите, очигледно само колку да зборува нешто и очигледно плашејќи се да не кажам јас нешто – овие скали, јас се одвикнав од нив, а ти си на третиот кат, впрочем, сега го знам патот ... Не вознемирувај се драги мој, уште можеш да настинеш.

Но јас не си одев. Се спуштивме веќе низ вторите скали.

– Ве чекав овие три дена! – ми се испушти ненадејно, како само од себе; здивот ми застана.

– Ти благодарам, драги мој!

– Знаев дека бездруго ќе дојдете.

– И јас знаев оти ти знаеш дека бездруго ќе дојдам. Ти благодарам, драги мој!

Тој замолчи. Дојдовме веќе до излезната врата, а јас постојано одев по него. Тој ја отвори вратата; ветрот дувна нагло и ми ја угасна свеќата. Тогаш јас наеднаш го фатив за рака; беше полн мрак. Тој затрепери, но молчеше. Јас ги притиснав усните на неговата рака и наеднаш почнав жедно да ја бакнувам, неколкупати, многупати.

– Мил мој малечок, зошто ме сакаш толку? – проговори тој, но веќе со сосем поинаков глас. Неговиот глас трепереше, во него одекнуваше нешто сосем ново, како да не зборуваше тој.

Сакав нешто да одговорам, но не можев, и отрчав горе. Тој сè уште чекаше на исто место и дури кога дотрчав до станот чув како се отвори и со трескот затвори надворешната врата, долу. Покрај газдата, кој пак поради нешто се довлечкал, јас се вовлеков во мојата соба, ја заклучив вратата и, не палејќи свеќа, се фрлив на креветот, со лицето на перницата и почнав да плачам, да плачам. Сега за првпат заплакав откако си отидов откај Тушар! Липав силно и бев многу среќен ... но зошто да го опишувам тоа!

Го запишав ова не срамувајќи се, затоа што, можеби, сево ова беше и убаво, без оглед на тоа што беше бесмислица.

III

Но за ова тој мораше и да ме трпи мене! Станав страшен деспот. Само по себе се разбира, таа сцена меѓу нас никогаш не се спомна. Напротив, се видов со него по три дена и како ништо да не било – и не само тоа: спрема него таа вечер речиси бев и груб, а и тој беше некако сув. Тоа пак се случи во мојот стан; поради нешто сè уште никако не одев сам кај него, иако сакав да ја видам мајка ми.

За сето тоа време, то ест за овие два месеца, разговаравме само за многу далечни работи. И, ете, на тоа му се чудам; ништо друго и не правевме само разговаравме за далечени работи – се разбира, општочовечки и многу потребни, а кои ни малку не се однесуваа на битното. Меѓутоа, многу, мошне многу од она битното требаше да се реши и објасни, и дури тоа беше итно, но за тоа молчевме. Јас не зборував ништо дури ни за мајка ми, ни за Лиза . . . па, најпосле, ни за самиот себе, за сите мои работи. Дали беше тоа од срам или од некаква момчешка глупост – не знам. Мислам дека беше поради глупост, затоа што срамот сепак би можел да се совлада. Го тиранизирав Версилова ужасно и дури, не еднаш, паѓав во безочност, и тоа против своето чувство: сето тоа се случуваше некако само од себе и незапирливо, самиот себеси не можев да се запрам. Неговиот тон како и порано беше фино подбивен, иако секогаш многу топол, и покрај сите мои испади. Му се чудев и на тоа што тој само повеќе сакаше да доаѓа кај мене, така што, најпосле, многу ретко одев кај мајка ми, само еднаш неделно, не повеќе, особено во последно време кога веќе сосема се превртив. Секогаш доаѓаше навечер, седеше кај мене и весело прикажуваше; исто така сакаше весело да прикажува и со газдата; тоа ме лутеше мене. Ми доаѓаше мислата: зар тој нема кај кого да оди освен кај мене? Знаев точно дека имаше познанства; во последно време дури обнови многу поранешни врски во отменото општество кои во последната година ги беше прекинал; само изгледа дека тие не го привлекуваа баш многу, ги обнови само официјално; тој повеќе сакаше

да доаѓа кај мене. Често ме трогнуваше кога, доаѓајќи навечер, речиси секогаш ја отвораше вратата некако плашливо, и во првиот момент секогаш ми гледаше во очи со некоја чудна вознемиреност, како да прашуваше: „Да не ти пречам случајно? Кажи ми, па ќе излезам.“ Тоа понекогаш и ќе го кажеше. Еднаш, на пример, токму во последно време, влезе кога веќе го облеков костумот кој малку пред тоа ми беше донесен од шивачот и кога сакав да се одвезам „до кнезот Серјожа“, за да отидам со него каде што треба (каде – ќе ојбаснам подоцна). А тој влезе и седна, веројатно не забележувајќи дека јас се готвам да излезам; тој во извесни моменти паѓаше во една многу чудна расеаност! И како за пакост почна да говори за газдата; јас викнав:

– Ех, по ѓаволите со газдата!

– Ах, драги мој, – стана тој наеднаш од местото – ти, изгледа, се готвиш да излезеш, а јас те спречив . . . Прости, те молам.

И тој покорно поита да излезе. Оваа покорност спрема мене од таков човек, таков светски и независен човек, кој имаше толку лично, наеднаш во моето срце ја оживуваше сета нежност спрема него и целата моја доверба. Но кога толку ме сакал, зошто во времето на мојот срам не ме задржал? Само еден збор да речеше тогаш – јас, можеби, би се воздржал. Впрочем, можеби и не би се воздржал. Па тој го виде моето контење, моето фанфаронство[1]), Матвеја (еднаш дури сакав да го повезам на моите санки, но тој не сакаше; и дури повеќепати: не сакаше да седне) тој виде дека ги растурам парите – и ни збор, ни збор, дури не се ни заинтересира! На тоа и денеска му се чудам, дури и сега. А јас, се разбира тогаш пред него ни малку не се стеснував и сето тоа отворено го покажував, иако, се разбира, со ниеден збор не го објаснував. Тој не прашуваше, а јас не зборував.

Впрочем, два-трипати некако почнувавме и за битното. Го запрашав еднаш, во почетокот, веднаш по

---

[1]) Фалбаџиство.

одбивањето на наследството. Од што мисли сега да живее?

– Ќе живеам некако, драги пријателе! – ми одговори тој многу спокојно.

Сега знам дека од оној мал капитал на Татјана Павловна, околу пет илјади рубли, половината биле потрошени за Версилов во овие последни две години.

Во една друга прилика стана збор за мајка ми.

– Драги пријателе – ми рече наеднаш тажно – често ѝ говорев на Софија Андреевна, во почетокот на нашата врска, впрочем, и во средината, а и на крајот: „Драга, те мачам и ќе те упропастам, и не ми е жал додека си со мене; но штом ќе умреш, ќе пукнам од мака казнувајќи се себеси."

Впрочем, се сеќавам таа вечер беше по исклучок отворен:

– Кога би бил барем со слаб карактер и ништожен, па и да страдам, свесен за тоа! А тоа не е случај, зашто знам дека сум бескрајно силен; а во што е мојата сила, што мислиш? Токму во онаа непосредна способност да се приспособам кон сè, својствена на сите умни Руси на нашето поколение. Со ништо не можеш да ме урнеш, со ништо да ме уништиш, и со ништо да ме зачудиш. Жилав сум како верно куче. Многу лесно можам да чувствувам две спротивни чувства во исто време – и тоа, се разбира, не по своја волја. Сепак, знам дека е тоа нечесно, пред сè поради тоа што е премногу разумно. Имам речиси педесет години и досега уште не знам дали е убаво или не што сум ги доживеал. Се разбира, јас сакам да живеам, тоа јасно произлегува и од самата работа; но да го сака животот човек каков што сум јас – тоа е ниско. Во последно време се случи нешто ново, а луѓето, каков што е Крафт, не можат да се приспособат, па се убиваат. Јасно е дека тие Крафти се глупаци; а ние, ние сме умни, значи, ни тука не може да се направи никаква споредба, па прашањето пак останува отворено. А зар земјата постои само за вакви какви што сме ние? Најверојатно е дека е така; но таа идеја е премногу неутешлива. Но впрочем ... но впрочем, прашањето пак останува отворено.

Говореше со тага, па сепак не знаев дали говорев искрено или не? Секогаш во него имаше една црта која за ништо на светов не сакаше да ја остави.

IV

Го опсипав тогаш со прашања, навалував на него како гладен на леб. Секогаш ми одговараше отворено, но, на крајот, сè се сведуваше на најопшти афоризми, така што, всушност, ништо не можев да извлечам. А, меѓутоа, сите тие прашања ме вознемируваа во текот на целиот живот и, признавам отворено, уште во Москва го одлагав нивното решение, всушност, до нашето среќавање во Петроград. Дури тоа отворено му го изјавив, а тој поради тоа не ми се смееше – напротив, се сеќавам, ми ја стисна раката. За општополитичките и социјалните прашања не можев од него речиси ништо да извлечам, а тие прашања, со оглед на мојата „идеја", мене најмногу ме вознемируваа. За луѓето каков што е Дергачев му измамив еднаш забелешка „дека се тие под секоја критика", но во истиот момент чудно додаде дека си го „задржува правото – на своето мислење да не му дава никаква важност." За тоа каков крај ќе имаат денешните држави и светот и на кој начин ќе се обнови општеството, долго време одбегнуваше да зборува, но, најпосле, со мака од него еднаш исцедив неколку зборови:

– Мене ми се чини дека сето тоа ќе се случи на еден многу обичен начин – рече тој. – Просто напросто, сите држави, без оглед на сите биланси во буџетите и на „отсуството на дефицити", un beau matin[1]) наполно ќе се заплеткаат и сите до една ќе посакаат никому ништо да не му платат, за да се обноват сите во сеопштото банкротство. Меѓутоа, сите конзервативни елементи на целиот свет ќе му се спротивстават на тоа, зашто тие се акционери и доверители, и не ќе сакаат да го допуштат банкротството. Тогаш, се разбира, сè ќе почне да оксидира, ќе се појават многу

[1]) Едно убаво утро.

Евреи, и ќе почне еврејското царство; а потоа сите оние што никогаш немале акции и кои воопшто ништо немале, то ест сите сиромаси, се разбира, нема да сакаат да учествуваат во таа оксидација ... Ќе почне борба и, по седумдесет и седум порази, сиромасите ќе ги уништат акционерите, ќе им ги одземат акциите и ќе седнат на нивното место, пак, се разбира, како акционери. Можеби ќе речат и нешто ново, а можеби и нема да речат. Поверојатно е дека и тие ќе банкротираат. Понатаму, драги пријателе, ништо не умеам да претчувствувам за судбината што ќе го измени ликот на овој свет. Впрочем, ѕирни во Апокалипсата[1]) ...

– Зар е навистина сè така материјално; зар единствено поради финансиите ќе пропадне денешниот свет?

– О, се разбира, јас зедов едно крајче од сликата, но и тоа крајче е споено со целината, така да се каже, со нераскинливи врски.

– Па што да се прави?

– Ах, боже мој, не итај толку, сето тоа не е толку блиску. Впрочем, најдобро е да не се прави ништо, барем на човека му е мирна совеста – дека во ништо не учествувал.

– Ех, доста, зборувајте вистинито. Сакам да знам што треба да правам и како треба да живеам!

– Што имаш да правиш, драги мој? Биди чесен, не лажи, не посакувај туѓо, со еден збор: прочитај ги десетте божји заповеди – таму е сè напишано за вечни времиња.

– Доста, доста, сето тоа е толку старо и притоа само зборови; а потребни се дела.

– Па, ако баш толку те притиска досадата, потруди се да засакаш некого или нешто, или дури да се врзиш за што и да било.

– Вие само се подбивате! И најпосле, што да сторам јас сам со вашите десет заповеди?

– Извршувај ги, без оглед на сите твои прашања и сомневања, па ќе бидеш голем човек?

---

[1]) Последната книга на Новиот завет.

– За кого никој не знае.

– Нема ништо тајно што не ќе стане јавно.

– Вие навистина се подбивате!

– А ако баш толку го земаш на срце, тогаш, најдобро, гледај да се специјализираш, зафати се со градежништво или со адвокатура, па тогаш ќе се смириш, занимавајќи се со вистинска и сериозна работа, и ќе ги заборавиш ситниците.

Јас замолчив; што можеше од ова да се извлече? Па сепак, по секој ваков разговор бев повеќе вознемирен од порано. Покрај тоа, јасно гледав дека во него секогаш како да се крие некаква тајна, па тоа и ме привлекуваше кон Версилов, сѐ посилно и посилно.

– Слушајте – го прекинав еднаш – непрестајно се сомневам дека вие сето тоа го зборувате само така, од огорчување и од болка, но тајно, во себеси, вие фанатички се држите за некоја виша идеја, само ја криете или се срамувате да ја признаете.

– Ти благодарам, драги мој.

– Слушајте, ништо не е повозвишено отколку да им бидеш од корист на луѓето. Кажете ми, со што во дадениот момент би можел да бидам најкорисен? Знам дека не можете тоа да го решите, но го барам само вашето мислење; вие ќе речете, и како ќе речете, така ќе сторам, ви се колнам! Значи, дајте една голема мисла.

– Ете, да се претвори камен во леб! – тоа би било една висока мисла.

– Тоа ли е најголемата? Да, навистина, ми укажавте на цел еден пат; кажете: тоа ли е најголемата?

– Многу голема, драги мој, многу голема, но не е најголема; голема, но второстепена, таа е само во дадениов момент голема; кога човек ќе се најаде, повеќе не мисли на тоа; напротив, веднаш ќе рече: „Ете, се најадов, па што да правам сега?“ Прашањето останува вечно отворено.

– Еднаш говоревте за „женевските идеи“, не разбрав какви се тоа „женевски идеи?“

– Женевски идеи, тоа е добродетелство без Христа, драги пријателе, тоа се денешни идеи или, подобро да речам, идеја на целата денешна цивилизација. Со еден

збор, тоа е една од оние долги истории кои се многу досадни да се почнуваат, и ќе биде многу подобро да разговараме за нешто друго, а уште подобро да молчиме за тоа нешто друго.

– Вие сте сè за молчење.

– Драги пријателе, сети се дека е молчењето добро, безопасно и убаво.

– Убаво?

– Се разбира. Молчењето е секогаш убаво, и оној што молчи секогаш е поубав од оној што зборува.

– Да се зборува вака како јас и вие, се разбира, исто е како и да се молчи. Нека оди по ѓаволите таквата убавина, а пред сè таа корист!

– Драги мој, – ми рече тој тогаш наеднаш, со малку изменет тон, дури со чувство и со некаква особена убедливост, – драги мој, ни најмалку немам намера да те придобијам за некаква буржоаска доородетел во замена за твоите идеали, не тврдам дека „срекјата е подобра од херојството"; напротив, херојството стои над секоја среќа, и веќе самата способност за неа претставува среќа. На тој начин, ова меѓу нас е пречистено. Јас токму и те ценам затоа што во ова наше оксидирано време, си можел во својата душа да одгледуваш некоја „своја идеја" (не се грижи, тоа многу добро сум го забележал). Но, сепак, потребно е да се помислува и на мерката, зашто ти би сакал сега да живееш со вревлив живот, да запалиш што и да било, да смачкаш што и да било, да се издигнеш над цела Русија, да профучиш како громовен облак и сè да оставиш во страв и воодушевување, а ти самиот да се скриеш во Северо-Американските ШтатЫ. По сè изгледа дека има нешто слично во твојата душа, и поради тоа сметам за потребно да те опоменам, зашто искрено те засакав, драги мој.

Што можев од тоа да заклучам? Тука единствено имаше вознемирување за мене, за моите материјални прилики; се покажуваше како татко со своите прозаични, божем добри чувства; но зар мене ми беше потребно тоа, со оглед на идејата за која секој чесен татко е должен да го испрати својот син во смрт, како

што стариот Хорациј ги испрати своите синови за идејата на Рим?

Често му досадував со прашања за верата, но тука имаше најмногу магла. На прашањето: што треба да правам во таа смисла, тој ми одговори на најглуп начин, како на мало дете: „Потребно е да се верува во бога, драги мој.“

– Но ако во сето тоа не верувам? – викнав еднаш налутено.

– Па убаво, драги мој.

– Како убаво?

– Тоа е најдобар знак, драги мој; дури многу сигурен знак, зашто нашиот руски атеист, само ако е вистински атеист и ако има барем малку памет, е најдобриот човек на целиот свет и секогаш склон да го пригрне бога, затоа што е бездруго добар, а добар е затоа што е бескрајно задоволен со тоа што е атеист. Нашите атеисти се луѓе достојни за почит и во најголема мера сигурни, така да се рече, столбови на татковината . . .

Ова, се разбира, веќе беше нешто, но јас не го сакав тоа; само еднаш се изрече, но толку чудно што многу ме изненади, особено со оглед на сето католиштво и на веригите за кои слушав . . .

– Драги мој! – ми рече еднаш, не дома, туку на улица, по еден подолг разговор; јас го придружував.

– Драги мој, да се сакаат луѓето такви какви што се, тоа е невозможно. Па сепак се мора. И затоа, кога им правиш добро, стегни го срцето, затни го носот и затвори ги очите (ова последново е неопходно). Поднесувај го злото од нив, не лути им се, ако можеш, „сети се дека си и ти човек“. Се разбира, со нив мораш да бидеш строг, ако ти е дадено да бидеш барем малку попаметен од осредниот човек. Луѓето по својата природа се ниски и се готови да сакаат од страв; не ѝ се давај на таквата љубов и не престанувај да презираш. Некаде во коранот алах му наредува на пророкот, на „непокорните“ да гледа како на глувци, да им прави добро и да замине покрај нив. Ова е малку гордо, но точно. Научи да ги презираш луѓето дури и кога се добри, зашто тогаш се најчесто лоши.

О, драги мој, тоа ти го реков судејќи по себеси! Кој барем малку не е глуп, тој не може да живее, а да не се презира, себеси, било да е тој чесен или да не е, сеедно. Да се љуби ближниот свој, а да не се презира – тоа не е возможно. Според моето мислење човекот е роден со физичка невозможност да го сака својот ближен. Тука има некоја грешка во зборовите уште од почетокот, а ,,љубовта спрема човештвото" треба да се сфати единствено како љубов спрема она човештво кое сам си го создал во својата душа (со други зборови, сам себеси се создал, па и љубовта спрема самиот себе) и кое, според тоа, никогаш нема ни да го има всушност.

– Никогаш ли нема да го има?

– Драги мој, се согласувам дека би било тоа малку глупо, но тоа не е моја вина; а бидејќи при создавањето на светот не ме прашале за совет и јас си го задржувам правото да имам свое мислење за тоа.

– И вас по ова ве нарекуваат христијанин, – извикав јас – монах кој носи вериги, проповедник? Не разбирам!

– А кој ме нарекува така?

Му раскажав; ме ислуша многу внимателно, но го прекина разговорот.

Никако не можам да се сетам по кој повод го водевме овој разговор што нема да го заборавам; но тој дури се налути, што не му се случило скоро речиси никогаш. Говореше страсно и без подбивање, како да не ми зборува мене. Но пак не му поверував: зар тој можеше да говори со човек каков што сум јас толку сериозно за такви работи?

ВТОРА ГЛАВА

I

Тоа утро, на петнаесетти ноември, го затеков кај „кнезот Серјожа". Јас и го доведов во врска со кнезот, иако тие двајцата и без мене имаа доволно допирни точки (говорам за оние поранешни истории во странство итн.). Освен тоа, кнезот му даде збор дека ќе му отстапи барем една третина од наследството, што би изнесувало најмалку дваесет илјади рубли. Мене тогаш, се сеќавам, ми беше ужасно чудно оти тој отстапува само една третина, а не половина, но молчев. Ова ветување за отстапување кнезот го даде по сопствена волја; Версилов ни со едно зборче не учествуваше во тоа; кнезот сам се истрча, а Версилов само молчејќи го ислуша, и ниеднаш подоцна не спомна, дури не ни покажа дека воопшто се сеќава на тоа ветување. Притоа спомнувам дека во почетокот кнезот беше сосем восхитен од Версилов, особено од неговиот разговор, дури од него и се одушевуваше, тоа повеќепати ми го рече. Честопати, кога ние двајца бевме сами, ќе извикнеше речиси во очајување дека е тој „толку необразован, дека е на толку лажен пат! ..." О, тогаш уште бевме толку добри пријатели! ... Јас тогаш се трудев и на Версилов да му зборувам за кнезот само убаво и да ги бранам неговите недостатоци, иако и самиот ги гледав; но Версилов на сето тоа молчеше или се насмевнуваше.

– Ако има мани, тој има барем исто толку и добри особини! – извикав еднаш кога бев сам со Версилов.

– Боже, колку му ласкаш! – се насмеа тој.

– Со што му ласкам? – не можев веднаш да сфатам.

– Исто толку добри особини! Тогаш неговите мошти ќе се посветат, ако има толку добри особини колку и мани!

Но, се разбира, тоа не беше никаква оцена. Тој за кнезот некако одбегнуваше да говори, како и воопшто за сè што е стварно; но особено за кнезот. Уште тогаш насетував дека го посетува кнезот и без мене и дека тие двајцата имаат посебни односи, но минував преку тоа. Не бев љубоморен ни поради тоа што со него ги водеше разговорите некако посериозно отколку со мене, така да се каже поопределено и со помалку подбивање; тогаш бев толку среќен, што сето тоа дури ми се свиде. Јас го оправдував уште и со тоа дека кнезот беше малку ограничен, и поради тоа ја сакаше точноста во говорот, а некои духовитости воопшто не можеше да ги сфати. Само, во последно време почна некако да се еманципира. Неговите чувства спрема Версилов почнаа речиси дури и да се менуваат. Чувствителниот Версилов го забележа тоа. Наспомнувам дека кнезот во тоа време и спрема мене се измени, дури многу забележливо; останаа само мртвите форми на нашето поранешно речиси пламено пријателство. Меѓутоа, сепак не престанав да му одам; впрочем, како можев да не му одам кога се заплеткав во сето тоа. О, толку тогаш бев неискусен, и зар може самата глупост на срцето да го доведе човека до толкава неумешност и унижување? Ќе земев од него пари и мислев дека тоа не е ништо, дека така и треба. Впрочем, не е така: и тогаш знаев дека така не треба, туку – просто малку мислев за тоа. Не одев заради пари, иако пари ми беа многу потребни. Знаев дека не му одам заради пари, но ми беше јасно дека секој ден доаѓам да земам пари. Ме понесе нешто како луња, и, освен тоа, сосема нешто друго имаше во мојата душа – се пееше во мојата душа!

Кога влегов, околу единаесет часот, го затеков Версилов како завршува некоја своја долга тирада; кнезот слушаше, шетајќи по собата, а Версилов седе-

ше. Кнезот изгледаше возбуден. Версилов речиси секогаш можеше кај него да предизвика возбудување. Кнезот беше многу приемчива природа, до наивност, поради што во многу случаи го гледав од висина. Но, повторувам, во последно време беше некако налутен и злобен. Кога ме виде, застана, и преку лицето како да му прелета некој грч. Во душата знаев со што треба да се објасни таа намуртеност тоа утро, но не очекував неговото лице до таа мера да се измени. Ми беше познато дека го окупирале разни грижи, но лошо беше тоа што го знаев само нивниот десетти дел – сè друго тогаш беше целосна тајна за мене. Тоа беше лошо, зашто често се наметнував да го тешам, да му давам совети, и дури од висина ѝ се смеев на неговата слабост што се лути на такви „ситници". Тој на сето тоа молчеше; но не е возможно во тие моменти да не ме мразел ужасно: бев премногу во лажна положба, а тоа дури не го ни насетував. О, господ ми е сведок дека главното не го насетував!

Тој сепак учтиво ми ја подаде раката, Версилов ниш̀на со главата, не прекинувајќи го говорот. Јас се оптегнав на диванот. Каков тон сум имал тогаш, и какво однесување! Дури и понатаму одев, неговите познајници ги третирав како мои . . . Ох, кога би имал можност сето тоа да го изменам, како би умеел сега поинаку да се држам.

Два збора, за да не заборавам: кнезот тогаш беше во истиот стан, само што го зазеде речиси целиот: сопственицата на станот, Столбеева, остана само еден месец и пак некаде отпатува.

II

Зборуваа за благородништвото. Одбележувам дека оваа идеја често го возбудуваше кнезот, без оглед на сета негова привидна прогресивност. Дури ми се чини дека многу одвратни работи се случиле во неговиот живот, секако поради оваа идеја: ценејќи го своето кнежевство, а бидејќи беше сиромав, тој во текот на целиот живот поради лажна гордост растураше пари и

запаѓаше во долгови. Версилов неколкупати му наве-стуваше дека кнежевството не се состои во тоа и са-каше во срцето да му всади виша мисла; но кнезот на крајот почна да се навредува поради тоа што го учат. Веројатно нешто слично беше и ова утро, но не бев присутен од почетокот. Версиловлевите зборови во по-четокот ми се чинеа назадни, но тој подоцна се попра-ви.

– Зборот чест значи должност! – велеше тој (ја из-несувам само смислата и колку што сум запомнил). Кога во државата владее највисокиот сталеж, тој секо-гаш има своја чест и свое сфаќање за честа, кое може да биде и неправилно, но речиси секогаш служи како врска и ја јакне земјата; тој е корисен во морален по-глед, но повеќе политички. Но од тоа трпат робовите, то ест сите оние што не му припаѓаат на сталежот. Така е сторено и кај нас, и тоа е прекрасно. Но по сите проби насекаде досега (то ест во Европа), при изедна-чувањето на луѓето во правата, се намалувало чув-ството за честа, па, значи, и за должноста. Егоизмот ја заменувал поранешната идеја која спојувала, и сè се распаѓало во личната слобода. Ослободените луѓе, кога останале без спојна идеја, на крајот толку изгубиле се-која виша врска, што дури престанале да ја бранат и својата извојувана слобода. Но рускиот тип на благо-родништво би можело и сега, откога ги изгубило пра-вата, да остане виши сталеж како чувар на честа, светлината, науката и вишата идеја и, што е главно, не одделувајќи се во засебна каста, зашто тоа беше смрт за идејата. Напротив, вратата во сталежот кај нас веќе одамна е отворена; сега дојде времето засекогаш да се отвори. Нека секој подвиг на честа, науката и храбро-ста кај нас му даде секому право да му се придружи на повисокиот ред на луѓето. На тој начин сталежот самиот себеси се претвора во собир на најдобри луѓе, во буквална и вистинска смисла, а не во поранешната смисла на привилегираната каста. Во тој нов или, по-добро, обновен облик сталежот би можел да се одржи.

Кнезот ги исклешти забите:

– Какво благородништво ќе биде тоа? Вие проек-тирате некаква масонска ложа, а не благородништво.

Повторувам, кнезот беше ужасно необразован. Од лутина се свртив на канабето, иако не се согласував наполно со Версилов. Версилов наполно сфати зошто кнезот ги покажува забите.

– Не знам во која смисла го спомнувате масонството, – одговори тој – впрочем, кога дури еден руски кнез се откажува од таква идеја, тогаш, се разбира, уште не дошло нејзиното време. Идејата на честа и просветеноста, како завет на секој човек кој сака да му се придружи на сталежот, незатворен и непрекинато обновуван – тоа е утопија, но зошто да е невозможна? Иако таа мисла постои само во малубројни глави, таа сепак со тоа сè уште не пропаднала, туку свети како фокус во длабоката темнина.

– Вие сакате да ги употребувате зборовите: „виша мисла“, „голема мисла“, „идеја која спојува“ и слично; би сакал да знам всушност што подразбирате под зборовите „голема мисла“?

– Навистина не знам како да ви одговорам на тоа, драги мој кнезу! – фино се насмевна Версилов. – Најточно ќе биде ако ви признам дека, ете, не умеам да ви одговорам. Голема мисла – тоа е повеќе чувство кое понекогаш многу долго останува неопределено. Знам само дека таа секогаш била она од кое истечувал живиот живот, то ест не вештачки и не измислен туку, напротив, оној правиот, никогаш досаден, весел живот; на тој начин вишата идеја од која тој истечува е, без сомневање, неопходна – за сеопшто незадоволство, се разбира.

– Зошто за незадоволство?

– Затоа што е досадно да се живее со идеи, а без идеи е секогаш весело.

Кнезот ја проголта пилулата.

– А што е тој жив живот, според вашето мислење? (Тој очигледно се лутеше).

– Ни тоа не го знам, кнезу; знам само дека тоа мора да е нешто ужасно просто, најобично и што паѓа во очи, секојдневно, и толку просто што никако не можеме да веруваме дека е толку просто и, природно, минуваме покрај него еве веќе многу илјади години, не забележувајќи го и не познавајќи го.

– Сакав само да кажам дека вашата идеја за благородништво во исто време е и откажување од благородништвото! – рече кнезот.

– Па, ако баш толку сакате, кај нас можеби никогаш и немало благородништво.

– Сето тоа е ужасно темно и нејасно. Кога човек говори, јас мислам, треба и да ја развие својата мисла . . .

Кнезот се намурти и попатно фрли поглед на часовникот на ѕидот. Версилов стана и ја зеде шапката.

– Да ја развијам ли? – рече тој. – Не, подобро да не ја развивам, а освен тоа имам страст да зборувам без развивање на мислата. Токму така. Имам уште една чудна особина: ако почнам да ја развивам мислата во која верувам, речиси секогаш се случува така, што на крајот од излагањето сам да престанам да верувам во она што го изложувам; и сега се плашам да не ми се случи тоа. До видување, драги кнезу, кај вас секогаш премногу се расприкажувам.

Тој излезе, кнезот учтиво го испрати, но јас бев навреден.

– Што сте се намуртиле – наеднаш викна тој, не гледајќи ме мене и минувајќи покрај мене тој замина кон својата маса за пишување.

– Сум се намуртил затоа – почнав со треперлив глас – што гледам кај вас таква чудна промена на тонот спрема мене, па дури и спрема Версилов, што . . . Се разбира, Версилов, можеби, почна малку реакционерно, но подоцна се поправи и . . . во неговите зборови се крие, можеби, длабока мисла, но вие просто не го сфативте и . . .

– Јас просто не дозволувам никому да ме поучува и да ме смета за детиште! – отсече тој речиси гневно.

– Кнезу, таквите зборови . . .

– Молам, бидете љубезни: без театрални гестови! Знам дека е подло она што го правам, дека сум расипник, комарџија, можеби и крадец . . . да, крадец, затоа што секој ден губам на комар семејни пари, но сепак не сакам судија над мене. Не сакам и не допуштам. Јас сум сам свој судија. И зошто е таа двосмисленост? Ако сакаше нешто да ми каже, зошто не ми

го кажува отворено, туку претскажува магловити будалштини. Само, за да може тоа да ми го каже, треба да има право, треба и самиот да биде чесен ...

– Прво, не бев од почетокот и не знам за што сте зборувале, а второ, поради што Версилов не е чесен, дозволете ми да ве прашам?

– Доста, ве молам, доста. Синоќа баравте триста рубли, еве ви ги ... – Тој ги стави парите пред мене на масата, сам седна во фотелјата, се оптегна нервозно во неа, и префрли нога преку нога. Јас останав збунет:

– Не знам ... – промрморив – иако ви барав ... и макар што парите ми се многу потребни, сепак, со оглед на ваквиот тон ...

– Оставете го тонот. Ако ви реков нешто остро, простете ми. Ве уверувам дека не ми е до тоа. Чујте во што е работата: добив писмо од Москва; мојот брат Сашо, она момче, вие знаете, умрел пред четири денови. Како што ви е, исто така, познато, мојот татко веќе две години е парализиран и сега, ми пишуваат, му е полошо, не може збор да проговори и не познава никого. Сите таму се зарадувале поради наследството и би сакале да го испратат во странство; но докторот ми пишува дека тој тешко ќе може да поживее и две недели. На тој начин остануваме мајка ми, сестра ми и јас и, значи, сега сум речиси сам ... Со еден збор, сам сум ... Ова наследство ... Ова наследство – о, можеби би било подобро воопшто да не ни се паднеше! Но еве што сакам токму вам да ви соопштам: му ветив од тоа наследство на Андреј Петрович минимум дваесет илјади рубли ... А, меѓутоа, замислете, поради разни формалности досега не беше можно ништо да се стори. Јас дури ... то ест ние ... то ест татко ми уште не е воведен дури ни во сопственоста на тој имот. Меѓутоа, во последниве три недели изгубив многу пари, а оној неранимајко Стебељков зема големи проценти ... Ви ја дадов сега речиси последната пара ...

– О, кнезу, ако е така ...

– Не го велам тоа затоа, не затоа. Стебељков денеска сигурно ќе донесе и за момент тоа ќе биде до-

волно, но ѓавол ќе го знае каков е тој Стебељков. Го замолив да ми набави десет илјади, за да можам барем десет илјади да му дадам на Андреј Петрович. Моето ветување да отстапам една третина ме измачува. Дадов збор и морам да го одржам. И ви се колнам, се трудам да се ослободам од обврските барем од таа страна. Тие ми се тешки, неподносливи! Оваа обврска која ме притиска ... Не можам да му погледнам право во очите ... зошто тоа го злоупотребува?

– Што злоупотребува, кнезу? – застанав јас пред него зачуден. – Дали тој некогаш нешто ви спомнал?

– О, не, и тоа го ценам, но јас самиот на себеси си спомнував. И, најпосле, сѐ повеќе и повеќе се заплеткувам ... Овој Стебељков ...

– Слушајте, кнезу, смирете се, ве молам; гледам дека сѐ повеќе се возбудувате колку повеќе зборувате за тоа, а, меѓутоа, можеби сето тоа е само воображување. О, и јас сум се заплеткал, подло, и немам оправдување; но сепак знам дека е тоа само привремено ... и штом ќе добијам на карти определена сума, тогаш ќе ... кажете ми, со тие три стотини ќе ви бидам должен две илјади и пет стотини, така ли е?

– Ми се чини дека уште никогаш не сум ви ги барал! – ми викна кнезот наеднаш.

– Вие рековте: на Версилов десет илјади. Ова што го земам сега од вас, тоа се, се разбира, пари кои одат на сметка на дваесетте илјади од Версилов; инаку не допуштам ... Зар вие мислите дека Версилов ви доаѓа заради пари?

– За мене би било полесно кога би доаѓал заради пари! – загадочно рече кнезот.

– Вие говорите за некоја „врска што ве притиска" ... Ако се однесува тоа на Версилов и на мене, тогаш тоа е, богами, навреда. И, најпосле, вие велите: зошто самиот не е таков како што ги учи другите – тоа е ваша логика! Но, прво, тоа не е никаква логика, допуштете ми да ви речам, затоа што, кога самиот и не би бил таков, тој сепак би можел да ја проповеда вистината ... И, најпосле, каков е тој збор „проповеда"? Вие велите: „пророк". Кажете, вие ли го нарековте во Германија „женски пророк"?

– Не, јас не.
– Мене Стебељков ми рече дека сте рекле вие.
– Излажал. Јас не сум мајстор во измислувањето подбивни имиња. Но кога некој проповеда чест, треба и самиот да биде чесен – тоа е мојата логика, а ако е неправилна, сеедно ми е. Јас сакам да биде така, и ќе биде така. И никој, никој не смее да ми дојде да ми суди во мојот дом, да ме смета за детиште! Доста! – извика тој, мавнувајќи кон мене да не зборувам понатаму . . . А, најпосле!
Вратата се отвори и во собата влезе Стебељков.

III

Тој сè уште беше истиот: како и порано беше гиздаво облечен, како и порано тој пак се муртеше, на истиот начин глупо гледаше во очи и воображуваше дека е препреден, и беше многу задоволен од себеси. Само што сега, кога влезе, некако чудно гледаше околу себе; имаше нешто особено претпазливо и лукаво во неговиот поглед, како да сакаше нешто да погоди по нашите лица. Впрочем, веднаш се смири и самоуверена насмевка му светна на усните, онаа „подлизурско-дрска" насмевка која ми беше неискажливо одвратна.
Одамна знаев дека многу го мачел кнезот. Доаѓаше еднаш или двапати кога и јас бев таму. Јас . . . јас исто така сум имал со него работа во овој последен месец, но сега, од извесни причини, бев малку изненаден поради неговото доаѓање.
– Еве сега! – му рече кнезот, не поздравувајќи се со него и, свртен со грбот кон нас, почна да ги вади од масата за пишување потребните хартии и сметки. Што се однесува до мене, бев многу навреден со последните зборови на кнезот; алузијата на нечесноста на Версилов беше толку јасна (и толку ме изненади!), што не можеше да остане без исцрпно објаснување. Но тоа не беше можно во присуство на Стебељков. Пак се оптегнав на канабето и отворив една книга што лежеше пред мене.

– Белински, втор дел! Ова е новост! Вие сакате да се просветите? – му подвикнав на кнезот изгледа многу силно.

Тој беше многу зафатен и многу брзаше, но на моите зборови веднаш се сврти:

– Ве молам, оставете ја таа книга! – рече остро.

Тоа веќе ја надминуваше границата и, што е главно, пред Стебељков! Како за пакост, Стебељков лукаво и одвратно се исклешти и скришно ми кимна со главата кон кнезот. Јас се свртив на другата страна.

– Не лутете се, кнезу; ве отстапувам на главната личност, а дотогаш исчезнувам . . .

Решив ни малку да не се воздржувам.

– Јас ли сум таа главна личност? прифати Стебељков, весело покажувајќи се себеси со прстот.

– Да, вие; вие сте главната личност, и самиот добро го знаете тоа.

– Дозволете, не е така. Насекаде на светот има втор човек. Јас сум втор човек. Постои прв човек и постои втор човек. Првиот човек создава, а вториот човек зема. Значи, вториот човек станува прв човек, а првиот човек – втор човек. Така е, или не е?

– Можеби е и така, само јас, како и секогаш, не ве разбирам.

– Дозволете. Во Франција имаше револуција и на сите им ги испосекоа главите. Дојде Наполеон и зеде сè. Револуцијата – тоа е првиот човек, а Наполеон – вториот човек. И се случи Наполеон да стане прв човек, а револуцијата стана втор човек. Така ли е, или не е?

Попатно забележувам дека во тоа што тој почна со мене да зборува за француската револуција видов некаква негова поранешна лукава алузија која многу ме забавуваше: тој непрекинато ме сметаше за некаков револуционер и секогаш кога ќе ме сретнеше, сметаше за потребно да поведе разговор од тој вид.

– Ајде! – рече кнезот и обајцата отидоа во друга соба. Кога останав сам, конечно решив да му ги вратам неговите триста рубли штом ќе си отиде Стебељ-

ков. Тие пари крајно ми беа потребни, но јас така решив.

Тие останаа таму десетина минути во полна тишина и тогаш наеднаш почнаа да зборуваат гласно. Зборуваа обајцата, но кнезот наеднаш почна да вика како да е во голема раздразнетост, речиси во беснило. Тој понекогаш е многу избувлив, така што повеќепати морав да му попуштам. Но, во истиот момент влезе лакејот со најава; му покажав во која соба се и, штом влезе, таму веднаш сè се смири. Кнезот брзо излезе од собата со загрижено лице, но со насмевка; лакејот си отиде, и по половина минута еден посетител влезе кај кнезот.

Тоа беше многу важен посетител; еден господин со акселебанда[1]) и со ознака на гардиски полк, кој не можеше да има повеќе од триесет години, со отмена и некако строга надворешност. Му наспомнувам на читателот дека кнезот Сергеј Петрович сè уште не беше, всушност, примен во повисоките петроградски кругови, иако тоа страсно го сакаше (за оваа негова желба јас знаев) и затоа оваа посета мораше за него да биде мошне значајна. Ова познанство, како што ми беше познато, било склучено дури неодамна, по упорното настојување на кнезот; гостинот сега ја враќаше посетата, но, за несреќа, наиде во незгоден момент за домаќинот. Видов со каква мака и со каков изгубен поглед за миг му се обрна кнезот на Стебељков, но Стебељков го издржа тој поглед како ништо да не се случило. Немајќи намера да се изгуби, без притеснување, седна на диванот и почна да ги провлекува прстите низ косата, веројатно во знак на својата независност. Дури направи некакво важно лице, со еден збор, беше сосема невозможен. Се разбира, јас и тогаш умеев добро да се држам и, секако, никого не би го посрамотил, но колку големо беше моето изненадување кога и на мене го забележав истиот изгубен, беден и налутен кнезов поглед: тој, значи, се срамел од нас обајцата и мене ме изедначувал со Стебељков. Оваа мисла ме до-

---

[1]) Гајтан каков што носеа штабните офицери.

ведуваше до бес; тогаш уште повеќе се раскомотив на канабето и почнав да ја прелиставам книгата, како ништо да не ме интересира. Стебељков, напротив, ги ококорави очите, се наведна напред и почна да го слуша нивниот разговор, веројатно сметајќи дека е тоа учтиво и љубезно. Посетителот два-трипати погледна на Стебељков; впрочем, и на мене.

Почнаа да зборуваат за семејните новости; овој господин некогаш ја познавал кнезовата мајка, која била од прочуено семејство. Колку што можев да заклучам, посетителот, без оглед на љубезноста и привидната простодушност на тонот, беше многу надмен и толку се ценеше себеси што сметаше дека секому му прави голема чест со својата посета. Да беше кнезот сам, то ест без нас, уверен сум дека ќе беше подостоинствен во држењето и поподвижен; а вака, во неговата насмевка, можеби премногу љубезна, имаше некаква несигурност и беше некако чудно расеан.

Не поседоа ни пет минути, кога наеднаш се пријави нов посетител и, како за пакост, пак компромитувач. Овој го познавав добро и за него многу сум слушал, иако тој мене воопшто не ме познаваше. Тоа беше сè уште млад човек, кој, впрочем, веќе имаше дваесет и три години, одлично облечен, од добра куќа, и убав, само што припаѓаше на лошо друштво. Една година порано сè уште служеше во еден од најотмените коњички гардиски полкови, но мораше сам да поднесе оставка и целиот свет знаеше зошто. Неговото семејство дури во весниците објави дека не одговара за неговите долгови, но тој продолжи со своите пијанствувања и до денеска, позајмувајќи пари со десет проценти месечно, ужасно коцкајќи се во коцкарски друштва и многу трошејќи на една позната Французинка. Пред една недела имаше среќа, па на коцка доби околу дванаесет илјади и сега триумфираше. Тој и кнезот беа добри пријатели; често се коцкаа заедно; но кнезот затрепери кога го виде, тоа го забележав од моето место: ова момче насекаде се однесуваше како во своја куќа, зборуваше, не збунувајќи се со ништо, гласно и весело, за сè што ќе му паднеше на ум и, се

разбира, не ни можеше да му падне на ум дека нашиот домаќин толку трепери пред својот важен посетител поради ова друштво.

Штом влезе, го прекина нивниот разговор и веднаш почна да раскажува за вчерашното коцкање, уште пред да седне.

– И вие бевте ми се чини! – му се обрна тој по третата реченица на важниот посетител, за кого очигледно помислил дека е некој од неговото друштво, но кога погледна подобро, извика:

– Ах, извинете, јас мислев дека и вие бевте вчера со нас!

– Алексеј Владимирович Дарзан, Ипполит Александрович Нашчокин! – побрза кнезот да ги запознае; ова момче сепак го претстави; беше од добро и познато семејство; но нас не сакаше да не претставува, па и ние и понатаму седевме секој во својот агол. Јас воопшто не сакав ни глава да свртам кон нив, а Стебељков, кога го виде момчето, почна радосно да се кикоти и очигледно се закануваше дека ќе се замеша во разговорот. Сето тоа најпосле почна да ме забавува.

– Минатата година често ве гледав кај грофицата Веригина! – рече Дарзан.

– Се сеќавам за вас, но вие тогаш, ми се чини бевте во униформа! – љубезно одговори Нашчокин.

– Да, бев во униформа, но благодарение ... Ах, Стебељков, зар е и тој тука? Од каде вие овде? Еве, гледате, не сум веќе во униформа благодарение токму на ваквите господа! – покажа тој право на Стебељков и се закикоти. Радосно се засмеа и Стебељков, веројатно затоа што тоа го сметаше за љубезност. Кнезот поцрвени и брзо му се обрна со некакво прашање на Нашчокин, а Дарзан, пристапувајќи му на Стебељков, почна со него да зборува многу живо, но полугласно.

– Вие, ми се чини, многу добро сте ја познавале во странство Катерина Николаевна Ахмакова? – го праша посетителот кнезот.

– Секако, ја познавав ...

– Ми се чини дека овде наскоро ќе имаме новост. Велат дека таа ќе се омажи за баронот Бјоринг.

– Тоа е вистина! – довикна Дарзан.

– Го знаете ли тоа сигурно? – го праша кнезот Нашчокина, очигледно возбуден и со особено нагласување изговарајќи го своето прашање.

– Така чув; и за тоа, изгледа, насекаде се зборува; се разбира не знам сигурно.

– Точно е! – им пристапи Дарзан. – Вчера ми кажа Дубасов; тој секогаш прв ги разбира таквите новости. Па би требало и кнезот да знае . . .

Нашчокин почека да заврши Дарзан, па пак му се обрна кнезот:

– Во последно време таа ретко се појавуваше.

– Во последниот месец татко ѝ беше болен! – некако сурово одговори кнезот.

– Изгледа дека госпоѓата имала авантури! – трасна наеднаш Дарзан.

Јас ја кренав главата и се исправив:

– Го имам тоа задоволство лично да ја познавам Катерина Николаевна и сметам за своја должност да изјавам дека сите скандалозни гласови за неа се само лага и клевета . . . измислени од оние што ѝ се умилкуваа, а не успеаја.

Кога така глупаво ги прекинав, јас замолчив гледајќи ги постојано со вцрвенето лице и исправен. Сите се свртија кон мене, но Стебељков наеднаш се закикоти: ја развлече устата, исто така и Дарзан, кој во првиот момент беше зачуден.

– Аркадиј Макаревич Долгоруки! – покажа кнезот кон мене.

– Ах, верувајте ми, кнезу, – ми се обрна Дарзан отворено и добродушно – тоа не потече од мене; имало такви гласови, јас не сум ги ширел.

– О, јас не велам за вас! – брзо му одговорив, но Стебељков веќе страшно се смееше, и тоа затоа, како што се објасни подоцна, што Дарзан ме нарече кнез. Моето проклето презиме и овде ми направи пакост. И сега уште црвенеам при помислата дека тогаш, се разбира, од срам, не смеев да ја објаснам таа глупост и да изјавам дека се викам просто Долгоруки. Тоа ми се случи за првпат во животот. Дарзан во недоумица ме гледаше мене и Стебељков кој се смееше.

– Ах, да! А која беше онаа убавка девојка што

пред малку ја сретнав кај вас на скалите, темпераментна и силна? – го запраша тој наеднаш кнезот.

– Навистина не знам која е таа! – одговори тој брзо, поцрвенувајќи.

– А кој друг би знаел? – се насмеа Дарзан.

– Впрочем, тоа ... тоа би можела да биде ... – почна да пелтечи кнезот.

– Тоа ... сигурно беше неговата сестричка, Лизавета Макаровна! – наеднаш ме покажа Стебељков мене. – И јас пред малку ја видов ...

– Ах, навистина! – прифати кнезот, но сега со многу сериозен и строг израз на лицето. – Тоа ќе биде Лизавета Макаровна, добра познајница на Ана Фјодорвна Столбеева, кај која живеам. Сигурно денеска била во посета кај Дарја Онисимовна, исто така, блиска познајница на Ана Фјодоровна, на која таа по заминувањето ѝ ја остави својата куќа ...

Така и беше. Дарја Онисимовна беше мајка на кутрата Оља, за која веќе раскажував и на која Татјана Павловна ѝ најде засолниште кај Столбеева. Јас многу добро знаев дека Лиза порано ја посетуваше Столбеева и дека понекогаш подоцна ја посетуваше и кутрата Дарја Онисимовна, која сите многу ја засакавме; но тогаш, наеднаш, по онаа впрочем мошне сериозна изјава на кнезот, а особено по глупиот испад на Стебељков, а можеби и затоа што пред малку ми беше речено дека сум кнез, јас наеднаш поради тоа поцрвенив. За среќа, во тој момент Нашчокин стана да си оди; тој му подаде рака и на Дарзан. Во моментот кога останавме со Стебељков – Дарзан стоеше свртен со грбот кон нас – Стебељков почна со глава да ми покажува на Дарзана; јас на Стебељков му покажав тупаница.

Една минута подоцна си отиде и Дарзан, откако се договори со кнезот бездруго да се најдат на договореното место – се разбира, во коцкарницата. На излегување му довикна нешто на Стебељков и малку ми се поклони и мене. Штом излезе Дарзан, Стебељков скокна од местото и застана среде собата, кревајќи прст нагоре:

– Ова господинче минатата недела издаде меница на која го фалсификувал потписот на Аверјанов. Таа

меница во тој облик постои, само тоа не е во ред! Тоа е кривично дело. Осум илјади.

– И таа меница сигурно е кај вас? – го погледнав бесно.

– Јас имам банка, јас имам Mont de piété,[1]) , а не меница. Сте чуле ли некогаш што е Mont de piété во Париз? Леб и добродетелство за сиромасите; јас имам Mont de piété . . .

Кнезот го прекина грубо и налутено:

– Што сакате тука? Зошто останавте?

– А! – брзо почна да трепка Стебељков со очите. – А она? Зар не може она?

– Не, не, не, она не може, – викна и удри со нога кнезот – ви реков!

– Е, кога е така . . . тогаш нека биде така. Само што не е така.

Тој наеднаш се сврти и со наведната глава и грб излезе брзо од собата. Кога веќе беше на вратата кнезот му довикна:

– Да знаете, господине, дека ни малку не се плашам од вас!

Беше многу лут, сакаше да седне, но кога погледна во мене, не седна. Неговиот поглед како и мене да ми зборуваше: „А ти, што бараш овде?"

– Јас, кнезу . . . – почнав јас.

– Аркадиј Макарович, верувајте, немам време, морам веднаш да си одам.

– Само една минута, кнезу, за мене работата е многу важна; и, пред сè, земете си ги назад вашите триста рубли.

– Што значи тоа сега?

Шеташе по собата и застана.

– Тоа значи дека по сето она што се случи . . . и по она што го зборувавте за Версилов дека е без чест и, најпосле, вашиот тон за сето време. Со еден збор, воопшто не можам да ги примам.

– Но сепак ги п р и м а в т е цел месец.

Тој наеднаш седна на стол. Јас стоев крај масата и

---

[1]) Заложен завод.

со една рака ја прелистував книгата на Белински, а со другата ја држев шапката.

– Имав поинакви чувства, кнезу ... И, најпосле, никогаш не би дотерал до оваа сума ... Но таа коцка ... Со еден збор, не можам!

– Не сте се истакнале со ништо и затоа сте лут; ве молам да ја оставите таа книга настрана!

– Што значи тоа: „не сте се истакнале"? И, најпосле, пред вашите посетители речиси ме изедначивте со Стебељков.

– Ах, значи, тоа е објаснувањето. – Зајадливо се насмевна тој. – Потоа уште и се збунивте поради тоа што Дарзан ве нарече кнез.

Тој пакосно се насмеа. Јас вивнав.

– Не ве разбирам ... вашето кнежевство не би го примил ни како подарок.

– Го познавам вашиот карактер. Колку смешно истапивте во заштита на Ахмакова ... Оставете ја таа книга!

– Што значи тоа? – викнав и јас.

– О-ста-ве-те ја книгата! – рикна тој наеднаш, бесно исправајќи се во фотелјата, како да е готов да скокне на мене.

– Ова преминува секаква граница! – реков јас и брзо излегов. Но уште не бев дошол ни до крајот на собата, кога тој од вратата на својот кабинет ме викна:

– Аркадиј Макарович, вратете се! Вра-те-те-се! Вра-те-т-е се веднаш!

Јас не го слушав, туку одев понатаму. Тој со брзи чекори дојде до мене, ме фати за рака и ме одвлече во кабинетот. Не се противев.

– Земете ги! – зборуваше тој блед од возбудување, подавајќи ми ги тристата рубли што му ги фрлив јас. – Земете ги бездруго ... инаку ќе ... бездруго!

– Кнезу, како можам да ги земам?

– Ете ве молам да ми простите, сакате ли? Простете ми! ...

– Кнезу, секогаш сум ве сакал, и ако и вие ме ...

– И јас ве скам; земете ги ...

Јас ги зедов. Усните ми треперееа.

– Разбирам, кнезу, дека ве налути оној нерани-

мајко . . . но, кнезу, ќе ги земам само ако се бакнеме, како порано кога ќе се спречкавме.

Зборувајќи го тоа, и јас треперев.

– Каква нежност! – промрмори кнезот и се насмевна збунето, но се наведна и ме бакна. Се вџашив: во моментот кога ме бакна, на лицето му прочитав вистинска одвратност.

– Ви донесе ли барем пари? . . .

– Ех, сеедно.

– Страдам поради вас . . .

– Донесе, донесе.

– Кнезу, бевме пријатели . . . и, најпосле, Версилов . . .

– Да, да; добро!

– И, најпосле, верувајте, навистина не знам, овие триста . . .

Ги држев во рацете.

– Земете ги, зе-ме-те! – се насмевна тој пак, но во неговата насмевка имаше нешто лошо.

Ги зедов.

ТРЕТА ГЛАВА

I

Ги зедов парите поради тоа што го сакав него. Кој не сака да ми верува, му одговарам̀ дека, барем во тој момент, кога од него ги зедов тие пари, бев цврсто уверен дека, ако посакам, можам да најдам пари, дури и премногу, и од друг извор. Според тоа, значи, од него сум земал пари не од крајна нужда, туку од деликатност. Само за да не го навредам. Но, залудно, тогаш мислев така! Но сепак се чувствував непријатно кога излегував откај него: видов дека тоа утро многу се измени спрема мене; таков тон никогаш дотогаш не употребуваше; а против Версилов, тоа беше вистински бунт. Стебељков, навистина, со нешто многу го налути, но тој почна уште пред Стебељков. Повторувам уште еднаш: промената спрема мене можеше да се забележи и во сите последни денови, но не толкава, не до тој степен – тоа е главно.

Врз него можеше да влијае и глупата вест за оној летачкиот аѓутант баронот Бјоринг . . . И јас излегов возбуден, но . . . Работата е во тоа што тогаш нешто сосем друго ми се меткаше во главата, па многу работи лекомислено пропуштив: просто се трудев да пропуштам, го терав од мене сето она што е мрачно и му се свртував едноставно на она што сјае . . .

Уште не беше еден часот попладне. Откај кнезот со мојот Матвеј се одвезов право – дали ќе верувате кај кого? – Кај Стебељков! Работата е во тоа што тој пред малку ме изненади, не толку со своето доаѓање кај кнезот (бидејќи му ветил дека ќе дојде), колку со

тоа што, поради својата глупа навика, ми намигнуваше, иако не поради она поради што го очекував. Уште синоќа добив од него преку градската пошта писменце, за мене прилично загадочно, во кое ме молеше да го посетам токму денеска, попладне, и „дека ќе ми соопшти некои за мене неочекувани работи". А, ете, пред малку кај кнезот се правеше како да нема поим за тоа писмо. Какви тајни можеа да постојат меѓу Стебељков и мене? Таквата идеја беше дури смешна; но со оглед на сето она што се случи, јас сега, одејќи кај него, бев дури малку и возбуден. Вистина, јас еднаш, пред две недели, сум му се обрнувал за пари, и тој ми даде, но тогаш се разделивме и јас не сакав да ги земам парите; тој, по својот обичај, промрмори нешто и мене ми се стори дека сака нешто да ми предложи, некои специјални услови; а бидејќи јас го посматрав од голема висина, секогаш кога го среќавав кај кнезот, гордо ја отфрлив секоја мисла за некои специјални услови и излегов без оглед на тоа што тој потрча по мене до вратата; тогаш зедов пари од кнезот.

Стебељков живееше наполно одделено и живееше удобно: имаше четири прекрасни соби, убав мебел, машка и женска послуга и една домаќинка, впрочем, прилично стара. Влегов налутен.

– Слушајте, пријателе, – почнав уште одврата – прво, што значи ова писмо? Не допуштам преписка меѓу мене и вас. И зошто пред малку кај кнезот не ми го кажавте она што го сакавте: таму ви бев на располагање.

– А зошто вие таму молчевте и не прашавте? – ја развлече тој устата во самозадоволна насмевка.

– Затоа што не сте ми потребен вие мене, туку јас вам! – викнав јас, наеднаш, разлутувајќи се.

– А зошто тогаш ми дојдовте кога е така, само што не скокна од задоволство. Јас веднаш се свртив и сакав да излезам, но тој ме фати за рамо.

– Немојте, немојте, се шегував. Многу е важна работата; ќе видите и самиот.

Седнав. Признавам дека работата ме заинтересира. Седнавме до една голема маса за пишување, еден

спроти друг. Тој лукаво се насмевна и го крена прстот нагоре.

– Молам, само без вашите лукавства и без прсти, а главно, без некои алегории, туку право на работата, инаку веднаш ќе си одам! – викнав јас пак во лутина.

– Вие . . . вие сте горд! – рече тој со некое глупо прекорување, наведнувајќи се кон мене во фотелјата собирајќи ги сите брчки на челото.

– Така и треба со вас!

– Вие . . . вие денеска зедовте пари од кнезот, триста рубли; јас имам пари. Моите пари се подобри.

– Откаде знаете вие дека сум зел, – ужасно се изненадив – да не ви кажа тој за тоа?

– Тој ми рече; не вознемирувајте се, ми рече онака, попатно, случајно низ збор, само низ еден збор, не нарочно. Тој ми рече. А можевте да не земете од него. Така ли е, или не е?

– Но вие, сум чул, земате невозможна камата.

– Јас имам Mont de piété и никому не му ја дерам кожата. Јас тоа го правам само за пријатели, на други луѓе не им давам. За другите Mont de piété . . .

Овој Mont de piété беше и обичен Заложен завод, на туѓо име, во друг стан, кој цутеше.

– А на пријателите им давам големи суми.

– Што, зар и кнезот е таков ваш пријател?

– При-ја-тел; но . . . тој се прави важен. А не би смеел да се прави важен.

– Зар е тој толку многу во вашите раце? Многу ли е должен?

– Тој . . . многу должен.

– Ќе ви ги врати; има наследство . . .

– Тоа не е негово наследство; должен е пари, и уште нешто е должен. Наследството е мало. Вам ќе ви дадам без камата.

– Пак како на „пријател“? Со што сум го заслужил тоа? – се насмеав јас.

– Ќе го заслужите. – Тој пак се помести кон мене со целото тело и го крена прстот.

– Стебељков! Без кревање прст, инаку си одам.

– Слушајте . . . Тој би можел да се ожени со Ана Андреевна! – и ѓаволски замижи со левото око.

– Чујте Стебељков, нашиот разговор станува толку скандалозен . . . Како смеете да го спомнете името на Ана Андреевна!

– Не лутете се.

– Ве слушам, воздржувајќи се со мака, затоа што гледам дека овде се подготвува некоја интрига, па би сакал да знам . . . Но, Стебељков, јас можам да ја загубам стрпливоста!

– Не лутете се, не гордејте се! Имајте малку стрпливост и слушајте ме; а потоа пак гордејте се. За Ана Андреевна веќе знаете? За тоа дека кнезот може да се ожени . . . и тоа го знаете?

– За тоа, се разбира, сум слушал и знам сè; но затоа никогаш не сум говорел со кнезот. Знаев само дека таа мисла се зачнала во главата на стариот кнез Сокољски кој и сега е болен; но никогаш ништо не сум зборувал и во тоа не сум учествувал. Тоа ви го кажувам единствено заради објаснение, а сега дозволете ми да ве прашам, прво: зошто го почнавте тој разговор со мене? И второ, зар кнезот зборува со вас за такви работи?

– Тој не зборува со мене; тој не сака со мене да зборува, но јас зборувам со него, а тој не сака да ме слуша. Изутринава ми викаше.

– Така, ами како! Добро и сторил.

– Стариот кнез Сокољски ќе ѝ даде голем мираз на Ана Андреевна; таа му се свиде. Тогаш младоженецот, кнезот Сокољски, ќе ми ги врати сите пари. Ќе ми го врати паричниот долг. Сигурно ќе ми го врати. А сега нема со што да го врати.

– А јас, зошто сум потребен јас тука?

– Заради главната работа: вие се познавате со него; вие со сите таму се познавате. Во состојба сте сè да дознаете.

– Ах, по ѓаволите . . . што да дознаам?

– Дали сака кнезот, дали сака Ана Андреевна, дали сака стариот кнез. Треба точно да дознаете.

– И вие смеете да ми предложите да бидам ваш шпион, и тоа за пари! – скокнав јас налутено.

– Не бидете горделив, не бидете горделив. Уште само малку стрпливост, само пет минути. – Пак ме на-

тера да седнам. Очигледно не се плашеше од моите гестови и извици; но јас се решив да го ислушам докрај.

– Потребно ми е да дознаам брзо, брзо да дознаам, зашто ... зашто, можеби, наскоро ќе биде и доцна. Видовте како утринава ја голтна пилулата кога оној офицер му спомна за баронот и Ахмакова?

Навистина се понижувам дека и понатаму го слушав но љубопитноста незапирливо ме влечеше.

– Слушајте вие ... вие никаквецу! – му реков јас решително. – Што седам овде и вас ве слушам и дозволувам да говорите за тие личности ... и дури ви одговарам, тоа не е затоа што ви давам вам за право. Просто гледам некаква нечесност ... И, прво, какви надежи може да има кнезот во поглед на Катерина Николаевна?

– Нема никакви, но беснее.

– Тоа не е вистина.

– Беснее. Значи, Ахмакова е сега – изгубена. Тој тука ја проигра паролата. Му останува единствено Ана Андреевна. Ќе ви дадам две илјади рубли ... без камата и без меница.

Откако го изговори тоа, тој брзо и важно се оптегна во фотелјата и ги ококори очите во мене. И јас го гледав со раширени очи.

– Вие носите алишта од големата милионска улица; за тоа се потребни пари, потребни се пари; моите пари се подобри од неговите. Ќе ви дадам повеќе од две илјади ...

– Но зошто? Зошто, по ѓаволите?

Удрив со ногата. Тој се наведна кон мене и нагласено ми рече:

– За да не расипувате.

– Но јас и без тоа не се мешам во тоа – викнав јас.

– Знам дека молчите; тоа е добро.

– Не ми е потребно вашето одобрување. Јас тоа и сам го сакам многу, но сметам дека тоа не е моја работа и дека не ми ни прилега.

– Ете, гледате, ете гледате, не прилега! – го крена тој прстот.

– Што, ете гледате?

– Не прилега ... Не! – и наеднаш се засмеа. – Ра-

збирам, разбирам дека не ви прилега, но ... нема ли да расипувате? – намигна тој, а во тоа намигнување имаше нешто многу дрско, дури и подбивно, ниско! Како во мене претпоставуваше некаква нискост и со таа нискост сметаше ... Тоа беше јасно, но никако не можев да сфатам во што е работата.

– И Ана Андреевна ви е сестра! – рече тој најпосле убедливо.

– За тоа не смеете да зборувате. И воопшто за Ана Андреевна не смеете да говорите.

– Не бидете горд, само уште еден момент! Слушајте: тој ќе добие пари и ќе обезбеди сè, – рече со важен глас Стебељков, – сè, сè, разбирате ли?

– И вие мислите дека јас од него ќе примам пари?

– А сега не земате ли?

– Земам свои пари.

– Какви свои пари?

– Тие пари се на Версилов: тој му е должен на Версилов дваесет илјади.

– Значи на Версилов, а не вам.

– Версилов ми е татко.

– Не, вие сте Долгоруки, а не Версилов.

– Тоа е исто! – Вистина, тогаш бев во состојба така да мислам! Знаев дека тоа не е исто, но бев толку глупав, но пак од „деликатност" тогаш така мислев.

– Доста! – викнав. – Баш ништо не разбирам. И како смеевте да ме викате поради такви глупости?

– Зар навистина не разбирате? Вие се преправате, или не? – бавно рече Стебељков и ми се внесе во лицето со некоја недоверлива насмевка.

– Богами, не разбирам!

– Јас велам: тој ќе обезбеди сè, сè, само немојте да расипувате и да го одвраќате ...

– Вие мора да сте мрднат од умот. Што сте се фатиле за тоа „сè"? Дали мислите на тоа дека тој ќе го обезбеди Версилова, или нешто друго?

– Не сте вие единствен тука, ни Версилов ... има тука и други. А Ана Андреевна ви е сестра исто како и Лизавета Макаровна!

Го погледнав со ококорени очи. Наеднаш во него-

виот грд поглед светна нешто како сожалување спрема мене:

– Штом не разбирате, подобро! Тоа е добро, многу добро, што не разбирате. Тоа е пофално . . . ако навистина не разбирате.

Ме опфати бес.

– Губете се со вашите глупости, да не сте поулавеле? – викнав и ја зграпчив шапката.

– Тоа не се глупости! Се согласувате ли? Да знаете, пак ќе дојдете.

– Нема да дојдам! – одговорив отсечно на прагот.

– Ќе дојдете и тогаш . . . тогаш поинаку ќе разговараме. Тогаш ќе биде главниот разговор. Две илјади рубли, запомнете!

II

Тој ми остави толку нечист и непријатен впечаток, што, кога излегов, се трудев да не мислам на него и само плукнав. Помислата дека кнезот можеби зборувал со него за мене и за парите ме боцкаше како игла. „Денеска ќе добијам на коцка и ќе ги вратам", мислев решително.

Колку и да беше Стебељков глуп и сплеткан во јазикот, во него видов изразит нeранимајко во сиот негов сјај и, што е главно, тука не можеше да нема некоја интрига. Само тогаш немав време да влегувам во какви и да било интриги, и тоа беше главната причина за моето кокошкино слепило! Вознемирено погледнав на часовникот, но уште немаше ни два; имаше, значи, време за уште една посета, инаку до трите часот би пропаднал од возбудување. Се одвезов кај Ана Андреевна Версилова, мојата сестра. Со неа веќе одамна се спријателив кај мојот стар кнез, и тоа за време на неговата болест. Мислата дека веќе тричетири денови не сум го видел ја измачуваше мојата совест; но токму Ана Андреевна ми помогна: кнезот многу ја засака и пред мене дури ја нарекуваше свој ангел хранител. Попатно да кажам, мислата Ана Андреевна да се омажи за кнезот Сергеј Петрович нави-

стина се роди во главата на мојот старец и тој повеќе-пати веќе ми ја соопшти, се разбира, како тајна. Му го раскажав тоа на Версилов, бидејќи и порано забележав дека од сите дневни прашања, спрема кои беше толку рамнодушен, Версилов некако особено се интересираше кога му раскажав што и да било за моите средби со Ана Андреевна. Версилов тогаш ми промрмори дека Ана Андреевна е и самата доволно паметна да се снајде во толку деликатна положба и без туѓи совети. Се разбира, Стебељков зборуваше вистина дека старецот ќе ѝ даде мираз, но како смееше тој да смета со тоа? Изутринава младиот кнез му довикна дека ни малку не се плаши од него; дали Стебељков навистина му зборувал во кабинетот за Ана Андреевна? Замислувам колку би се налутил јас да сум на негово место.

Кај Ана Андреевна во последно време доаѓав често. Но тука постојано се случуваше нешто чудно: таа секогаш сама ми го определуваше времето кога да дојдам, и сигурно ме чекаше, но штом ќе влезев, таа секогаш се правеше како да сум влегол неочекувано и ненадејно; оваа нејзина црта ја забележав, но сепак ѝ станав приврзан. Таа живееше кај Фанариотова, својата баба, се разбира како нејзина воспитаница (Версилов не даваше ништо за нејзиното воспитување) – но никако не во онаа улога во која обично се опишува воспитаницата во куќите на отмените дами, како што е, на пример, кај Пушкина, во „Пикова дама", воспитаницата на старата грофица. Ана Андреевна самата беше како грофица. Живееше во таа куќа наполно одделно, то ест иако на истиот кат и во истиот стан со Фанариотовите, но во две засебни соби, така што, на пример, кога влегував и излегував, ни еднаш не сретнав никого од Фанариотовите. Имаше право да прима кого сака и да го употребува сето свое време по свое наоѓање. Вистина, веќе беше во дваесет и третата година. Во последната година речиси престана да излегува меѓу народот, иако Фанариотова не штедеше во издатоците за својата внука, која, колку што слушав, многу ја сакаше. Напротив, мене токму тоа ми се допадна кај Ана Андреевна што секогаш ја затечував во многу скромна облека, секогаш со некаква работа, со

книги или рачна работа. Во нејзината надворешност имаше нешто манастирско, скоро монашко, и тоа ми се допадна. Не беше разговорлива, но секогаш зборуваше смислено и умееше ужасно да слуша, што јас никогаш не умеев. Кога ќе ѝ кажев дека сепак многу ме потсетува на Версилов, иако нема со него ниедна заедничка црта, таа секогаш малку ќе поцрвенеше. Ќе поцрвенеше често и секогаш нагло, но само малку, и јас многу ја засакав таа особина на нејзиното лице. Во нејзино присуство никогаш не го именував Версилова по презимето, туку секогаш Андреј Петрович, и тоа дојде некако само по себе. Дури многу ми падна во очи дека Фанариотовите воопшто, така изгледаше, некако се срамуваа од Версилов: тоа, впрочем, го заклучив единствено од Ана Андреевна, па затоа не знам дали тука може да се употреби зборот „се срамеа" нешто слично сепак имаше. Разговарав со неа и за кнезот Сергеј Петрович и таа внимателно ме слушаше и, ми се чини, се интересираше за моите соопштенија, но некако секогаш излегуваше дека тие соопштенија ѝ ги давав сам, а не дека таа ме испитуваше. За можноста за брак меѓу нив никогаш не се осмелив да проговорам со неа, иако често имав таква желба, затоа што и мене тој план делумно ми се допаѓаше. Но во нејзината соба не смеев да зборувам за многу работи, па сепак ретко пријатно се чувствував во неа. Исто така, многу ми се допадна тоа што е многу образована и што многу читаше, дури и научни книги; прочитала многу повеќе од мене.

Првиот пат таа самата ме повика кај неа. И уште тогаш сфатив дека таа, можеби, сметаше од мене понешто да дознае. О, во тоа време многумина можеа од мене да дознаат мошне многу! „Но ништо, си мислев, секако таа не ме вика само поради тоа"; со еден збор, уште се радував што можев да ѝ бидам од корист и ... и кога седев со неа, секогаш ми се чинеше дека мојата сестра седи покрај мене, иако, сепак, за нашето сродство уште ни еднаш не сум разговарал со неа – со ниеден збор, со ниедна алузија дури не сум ѝ го спомнал тоа, како да не ни постоело воопшто. Додека седев кај неа, ми се чинеше дека не може ни да се помисли да разговараме за тоа, и верувајте, гледајќи ја,

ми доаѓаше понекогаш глупава мисла во главата оти таа можеби воопшто не знае дека сме во сродство – така се однесуваше спрема мене.

III

Кога влегов, се изненадив што кај неа ја затеков Лиза. Бев речиси вчудовиден. Многу добро ми беше познато дека тие и порано се гледале; тоа се случи кај „доенчето". За таа фантазија на гордата и срамежлива Ана Андреевна, да го види тоа дете и за средбата тогаш со Лиза, можеби подоцна ќе раскажувам ако има место; но сепак воопшто не очекував дека Ана Андреевна некогаш ќе ја повика Лиза кај себе. Тоа пријатно ме изненади. Не покажувајќи го тоа, се разбира, и откако се поздравив со Ана Андреевна и топло ѝ стиснав рака на Лиза, седнав покрај неа. Тие двете се занимаваа со важна работа: на масата и на нивните колена лежеше скапоцен свечен фустан на Ана Андреевна, стар, то ест трипати облечен, сакаше некако да го прекрои. Лиза беше голем „мајстор" за тие работи и имаше вкус и така се состана овој, свечен совет на „мудри жени". Се сетив за Версилов и се насмеав; а и самиот бев во добро душевно расположение.

– Вие сте денеска многу весел и тоа е многу пријатно! – проговори Ана Андреевна, важно и јасно изговарајќи ги зборовите. Нејзиниот глас беше длабок и звучен контраалт, но зборовите секогаш ги изговараше мирно и тивко, секогаш малку спуштајќи ги своите долги трепки и со една одвај забележлива насмевка на бледото лице.

– Лиза знае колку сум непријатен кога не сум весел! – одговорив весело.

– Можеби и Ана Андреевна го знае тоа! – ме боцна палавата Лиза. Милата! Да сум знаел само што имаше тогаш на душата!

– Што правите сега? – ме праша Ана Андреевна. (Забележувам дека самата ме повика да ја посетам денеска).

– Сега еве седам овде и се прашувам: зошто ми е

секогаш попријатно да ве затечам со книга в раце отколку со рачна работа? Не, навистина, рачната работа не ви прилега добро. Во тоа се согласувам со Андреј Петрович.

– Сè уште не сте се решиле да се запишете на универзитет?

– Премногу сум ви благодарен што не ги заборавате нашите разговори; тоа значи дека понекојпат мислите на мене, но . . . што се однесува до универзитетот, уште не сум се решил за ништо, а, освен тоа, имам свои специјални намери.

– Всушност, тој има своја тајна! – забележа Лиза.

– Шегата настрана, Лизо. Еден паметен човек ми рече овие денови дека во целото наше напредно движење во последниве дваесет години пред сè сме докажале дека сме страшно необразовани. Тука, се разбира, мислеше и на нашите универзитети.

– Тоа сигурно го рекол татко ми; ти многу често ги повторуваш негови мисли! – рече Лиза.

– Лизо, ти како да не ми допушташ да имам своја памет.

– Во нашево време е корисно да се слушаат зборовите на паметни луѓе и да се запомнат! – ме зеде малку во одбрана Ана Андреевна.

– Така е, Ана Андреевна! – прифатив јас со жар. – Кој не мисли за сегашната положба на Русија, тој не е нејзин граѓанин! Јас ја набљудувам Русија можеби од специјално гледиште: ја преживеавме татарската најезда, потоа двевековното ропство и тоа, се разбира, затоа што и едното и другото ни беше по волја. Сега ни е дадена слободата и таа треба да се одржи: дали ќе умееме? Дали ќе ни биде по волја слободата? Во тоа е прашањето.

Лиза фрли брз поглед на Ана Андреевна, а оваа веднаш ги спушти очите и фати нешто да бара околу себе; видов дека Лиза целата се напна, но наеднаш нашите погледи неочекувано се сретнаа и таа прсна во смеа; јас вивнав:

– Лизо, тебе човек навистина не може да те разбере!

– Прости ми! – рече таа престанувајќи да се смее и речиси тажно. – Господ знае што ми е денеска . . .

И како наеднаш солзи да ѝ затреперија во гласот. Ми беше ужасно срам; ѝ ја зедов раката и ја бакнав топло.

– Вие сте многу добар! – благо ми рече Ана Андреевна кога виде дека ѝ бакнав рака на Лиза.

– Тоа ми е најмило од сѐ, Лизо, што те видов денеска да се смееш! – реков јас. – Верувате ли, Ана Андреевна, во последно време, секогаш кога ќе ја сретнев, ме гледаше некако чудно и во погледот како да беше прашањето: „Да не си дознал нешто? Сѐ ли е добро?“ Навистина, нешто слично има кај неа.

Ана Андреевна ги крена полека очите и ја погледна проникливо, а Лиза ја наведна главата. Видов, впрочем, многу добро дека тие повеќе и поблиску се познаваат, отколку што можев да претпоставам кога влегов пред малку; помислата за тоа ми беше пријатна.

– Пред малку рековте дека сум добар; нема да ми верувате дека кај вас се менувам кон најдоброто и колку ми е пријатно кај вас, Ана Андреевна! – реков јас со чувство.

– И мене ми е многу мило што токму сега така ми зборувате! – ми одговори таа значајно.

Морам да кажам дека таа никогаш не разговарала со мене за мојот неуреден живот и за вителот во кој западнав, иако знаев дека не само што ѝ беше сѐ познато, туку за тоа и кај други се распрашувала. Така ова сега беше еден вид вистинска алузија и – моето срце уште повеќе се сврти кон неа.

– Што прави нашиот болен? – прашав јас.

– О, многу му е подобро: оди, а вчера и денеска се одвезе на прошетка. А зар вие ни денеска не наминувате кај него? Тој желно ве очекува.

– Виновен сум, но сега вие го посетувате и наполно ме заменувате; ме изневери и ме замени со вас.

– Таа стана сериозна, бидејќи, веројатно, мојата шега беше излитена.

– Пред малку бев кај кнезот Сергеј Петрович – промрморив јас – и . . . Навистина, Лизо, беше ли ти пред малку кај Дарја Онисимовна? –

– Да, бев! – некако кратко одговори таа, не кревајќи ја главата. – А ти, ми се чини, секој ден одиш кај болниот кнез? – праша таа наеднаш, можеби колку за да каже нешто.

– Да, јас одам кај него секој ден, само не стигнувам до него! – одговорив јас шеговито. – Ќе влезам во куќата и свртувам влево.

– И кнезот забележал дека многу често наминувате кај Катерина Николаевна. Вчера зборуваше за тоа и се смееше! – рече Ана Андреевна.

– А зошто тоа, зошто се смееше?

– Се шегуваше, вие го знаете. Рече, напротив, дека една млада и прекрасна жена кај млад човек на ваша возраст секогаш предизвикува чувство на лутина и јарост . . . – наеднаш се засмеа Ана Андреевна.

– Слушајте . . . знаете ли, тој тоа многу точно го рекол, – извикав јас – сигурно не тој вам, туку вие нему сте му го кажале тоа.

– Зошто јас? Не, тој го кажа тоа.

– Добро, а ако таа убава жена обрне внимание на тој млад човек, без оглед на тоа што е тој толку непознат и стои во аголот и се лути што е „мал“, и наеднаш го претпостави него пред цел куп обожаватели што се наоѓаат околу неа, што тогаш? – прашав наеднаш смело и предизвикувачки. Срцето ми зачука.

– Тогаш убаво ќе пропаднеш пред неа! – се засмеа Лиза.

– Да пропаднам ли? – извикав јас. – Не, јас нема да пропаднам. Мислам дека нема да пропаднам. Ако ми се испречи жена на патот, таа мора да оди по мене. Мене не може да ми се затвори патот неказнето . . .

Еднаш, Лиза, многу подоцна, кога се сетивме за ова, попатно ми рече дека тогаш оваа реченица сум ја изговорил многу чудно, сериозно и како наеднаш замислен, но во исто време „толку смешно, што не било можно да се издржи“; навистина, Ана Андреевна пак се насмеа.

– Смејте ми се, смејте! – извикав како опиен, зашто целиот овој разговор и неговиот правец ужасно ми се допаѓаше. – Тоа само ми причинува задоволство. Јас ја сакам вашата смеа, Ана Андреевна! Вие ја

имате таа особина: молчите, па наеднаш се засмејувате, во еден момент, така што пред тоа човек не можел да го насети тоа на лицето. Познавав во Москва една дама, само од видување, ја набљудував оддалеку: беше речиси исто толку прекрасна како и вие, но таа не умееше така да се смее, а нејзиното лице, исто така симпатично како и вашето, ни малку не привлекуваше; а вашето лице ужасно привлекува . . . токму таа особина . . . Одамна сакам да ви го кажам тоа.

Тоа што реков за една дама дека „била прекрасна како вас", тоа беше мое лукавство; се направив како тоа да ми се откачи неочекувано, божем како да не сум го ни забележал; знаев дека жените повеќе ги ценат таквите несвесни пофалби отколку каков и да било друг блескав комплимент. И иако Ана Андреевна поцрвени, знаев дека ѝ беше мило. Дамата наполно ја измислив: зашто во Москва не познавав никаква дама; тоа го сторив само за да можам да ја пофалам Ана Андреевна и да ѝ причинам задоволство.

– Човек навистина може да помисли – се насмеа таа занесно – дека во последниве денови сте под влијание на некоја прекрасна жена.

Се чувствував како да летам некаде . . . Дури сакав и да им откријам нешто . . . но се воздржав . . .

– А навистина, уште неодамна за Катерина Николаевна се изразувавте сосем непријателски.

– Ако сум рекол за неа што и да било лошо, – светнав со очите – за тоа е виновна чудовишната клевета против неа, дека е таа непријател на Андреј Петрович; клевета и против него дека тој неа ја сака, дека ја бара за жена и слични глупости. Таа работа е исто толку невозможна како и онаа другата против неа дека, божем, уште додека бил жив нејзиниот маж, му ветила на кнезот Сергеј Петрович дека ќе се омажи за него штом ќе остане вдовица, а дека потоа не го одржала зборот. Јас, еве, знам од прва рака дека сето тоа не е вистина, туку е сѐ шега. Еднаш кога беа во странство, во еден весел момент, таа навистина му рекла на кнезот: „Можеби", подоцна; но зар можело тоа да значи нешто друго освен празен збор? Многу добро знам дека кнезот од своја страна не можел да му при-

даде никаква важност на таквото ветување и дека нема таква намера воопшто! – додадов, сепнувајќи се. – Тој ми се чини има сосем други планови! – лукаво уфрлив тука. – Пред малку кај него Нашчокин зборуваше дека Катерина Николаевна, божем, ќе се омажи за баронот Бјоринг: верувајте дека кнезот ја прими таа вест на најдобар начин, бидете уверена во тоа.

– Кај него бил Нашчокин? – запраша Ана Андреевна важно и како изненадена.

– Да, тој е, изгледа, отмен човек . . .

– И Нашчокин ли разговарал со него за тоа мажење за Бјоринг? – запраша Ана Андреевна многу љубопитно.

– Не разговарале за мажење, туку така, за можноста, дека се пронесуваат гласови; тој рече дека во општеството се зборува за тоа; што се однесува до мене, јас сум уверен дека е тоа бесмислица.

Ана Андреевна малку размисли и се наведна над својата рачна работа.

– Јас го сакам кнезот Сергеј Петрович! – реков јас наеднаш со жар. – Тој, без сомневање, има свои мани, веќе ви зборував, на пример, онаа негова едностраност . . . но и неговите мани се доказ дека има благородна душа, зар не е така? Денеска, на пример, за малку што не се скаравме поради една идеја: тој е на мислење дека кога човек зборува за благородноста, тогаш и самиот мора да биде благороден, инаку сè што ќе каже е лага. Зар е тоа логично? А, меѓутоа, тоа е баш доказ какви високи сфаќања има тој во својата душа за честа, должноста, правдата, зар не е така? . . . Ах, боже мој, колку ли е часот? – викнав јас наеднаш, бидејќи погледот ненадејно ми падна на часовникот на каминот.

– Десет минути до три! – мирно рече Ана Андреевна, погледнувајќи го часовникот.

За сето време додека зборував за кнезот, таа ме слушаше со наведнат поглед, со лукава, но љубезна насмевка: знаеше зошто толку го фалам. Лиза, исто така, слушаше наведната над работата и веќе одамна не влегуваше повеќе во разговорот.

Скокнав како попарен.

– Да не сте задоцниле за некаде?

– Да . . . не сум . . . впрочем, задоцнив, но одам веднаш. Само еден збор, Ана Андреевна, – почнав возбудено – не можам да не ви кажам денеска! Сакам да ви кажам дека повеќепати сум ја благословувал вашата добрина и деликатноста со која ме повикувате да дојдам кај вас . . . Познанството со вас остави врз мене многу силен впечаток . . . Во вашата соба мене некако ми се исчистува душата и од вас излегувам подобар отколку што сум. Тоа е вистина. Кога седам до вас, не само што не можам да зборувам за лоши работи, туку не можам ни да имам лоши мисли; покрај вас тие исчезнуваат и, ако случајно попатно ми дојде на ум нешто грдо, покрај вас веднаш се засрамувам од тоа грдо, ја губам храброста и поцрвенувам во себеси. И, знаете, ми беше многу пријатно што ја најдов денеска кај вас мојата сестра . . . Тоа е доказ за вашата голема благородност . . . за вашата прекрасна дружељубивост . . . Со еден збор, вие се покажавте како с е с т р а, ако допуштате да го разбијам тој мраз, така што јас . . .

Додека зборував, таа станувашe од столот и сè повеќе црвенеeше; но наеднаш како да се сепна поради нешто, поради некоја особина преку која не смееше да се мине и брзо ме прекина:

– Верувајте дека умеам од сè срце да ги ценам вашите чувства . . . Ве разбрав и без зборови . . . и веќе одамна.

Застана збунета, стегајќи ми ја раката. Лиза наеднаш незабележливо ме повлече за ракавот. Се простив и излегов, но веќе во другата соба ме стигна Лиза.

IV

– Лизо, зошто ме повлече за ракавот? – ја прашав.

– Таа е лоша, таа е лукава, не е достојна . . . Таа те прима за да те испита! – прошепоти Лиза брзо и налутено. Никогаш пред тоа не сум видел кај неа такво лице.

– Господ да е со тебе, Лизо, таа е толку прекрасна девојка!

– Тогаш јас сум лоша.

– Што ти е?

– Многу сум лоша. Таа е, можеби, прекрасна девојка, а јас сум лоша. Доста, остави го тоа. Слушај: мама те моли за нешто „што сама не може да ти го каже", така рече. Драги Аркадиј! Остави ја коцката, драги мој, те молам . . . и мама те моли . . .

– Лизо, и самиот го знам тоа, но . . . знам дека е тоа бедна малодушност, но . . . тоа се само ситници и ништо повеќе! Гледаш, сум западнал во долгови како будала и сега би сакал да добијам на коцка, зашто се коцкав без сметка, на јуриш како будала, а сега ќе треперам за секоја рубља . . . Да ме нема, ако не добијам. Јас не се коцкам од страст; тоа не е главно, тоа е само преодно, те уверувам! Премногу сум јак за да не можам да прекинам штом ќе посакам. Кога ќе ги вратам парите, ќе бидам ваш засекогаш, и кажи ѝ на мама дека веќе нема да ве напуштам . . .

– Колку те чинеа овие триста рубли пред малку!

– Откаде знаеш? – се сепнав јас.

– Дарја Онисимовна сѐ чула.

Но во тој момент Лиза одеднаш ме турна зад завесите и обајцата се најдовме во таканаречениот „фенер", то ест во тркалезното сопче само од прозорци. Уште не се ни освестив, кога зачув еден познат глас, ѕвечкање на мамузи и за мене познат чекор.

– Кнезот Серјожа! – прошепотив.

– Да, тој е! – прошепоти и таа.

– Зошто се исплаши толку?

– Така; воопшто не би сакала да ме види овде . . .

– Tiens, да не трча тој по тебе? – се насмеав јас. – Би му покажал јас тогаш! Кај ќе одиш?

– Ајде да излеземе; ќе одам со тебе.

– Се поздрави ли таму веќе?

– Се поздравив; мојата бунда е во претсобјето . . .

Излеговме; на скалите наеднаш ми дојде една мисла:

– Знаеш, Лизо, тој можеби дошол да ја моли да се омажи за него!

– Не-не . . . нема тој да ја бара . . . – рече таа решително и бавно со тивок глас.

– Ти не знаеш, Лизо, иако денеска, навистина, малку се пречкавме, кога веќе ти реков, но, богами, јас искрено го сакам и му пожелувам да успее. Пак се измиривме. Кога е човек среќен, тој е добар . . . Гледаш, тој има многу прекрасни особини . . . и хуманости . . . Барем има добри никулци . . . а во рацете на толку решителна и умна девојка каква што е Версилова наполно би се урамнотежил и би станал среќен. Штета што немам време . . . но ајде малку да те повезам со мене, па ќе ти раскажам нешто . . .

– Не сакам, одвези се сам, одам на друга страна. Ќе дојдеш ли на ручек?

– Ќе дојдам, ќе дојдам, како што ветив. Слушај, Лизо: еден поган човек, со еден збор, едно најодвратно суштество, некој Стебељков, ако го знаеш, има врз неговите работи страшно влијание . . . меници . . . Со еден збор, го држи во рацете и толку го притиснал, и овој толку се понижил, што обајцата не гледаат друг излез освен да се ожени за Ана Андреевна. Нејзе, богами, би требало да ѝ се обрне внимание на тоа; впрочем, глупости, таа веќе и самата ќе умее сето тоа да го уреди. А дали ќе го одбие таа, што мислиш ти?

– Збогум, немам време! – го прекина Лиза разговорот, а во нејзиниот краток поглед наеднаш видов толку омраза, што исплашено извикав:

– Драга Лизо, зошто се лутиш на мене?

– Не се лутам на тебе; само не коцкај се . . .

– Ах, поради коцката! Нема повеќе.

– Пред малку рече: „кога е човек среќен“; значи дека си среќен?

– Ужасно, Лизо, ужасно! Боже мој, веќе измина три часот! . . . Збогум, Лизо! Драга Лизочка, кажи ми: смее ли човек да ја остави дамата да го чека? Дозволено ли е тоа?

– Мислиш ли на состанок? – запраша Лиза со одвај забележлива, но некако мртва, треперлива насмевка.

– Дај ми ја твојата рачичка заради среќа.

– Заради среќа? Мојата рака? По никоја цена не ти ја давам!

И таа брзо си отиде. И, главно, толку сериозно го рече тоа. Јас се качив во мојата санка.

Да, да, таа „среќа“ тогаш и беше главната причина што, како некој слеп крт, ништо освен себе не ни сфаќав, ниту гледав!

ЧЕТВРТА ГЛАВА

I

Сега се плашам да раскажувам. Сѐто тоа се случи одамна, но сѐ денеска ми е пред очите како фатаморгана. Како можеше таква жена да му закаже состанок на толку одвратно момче како што бев јас? – Ете, тоа беше јасно на прв поглед. Кога, оставајќи ја Лиза, летнав кај неа, и кога ми зачука срцето, искрено си помислив во себеси дека сум се мрднал од умот: идејата за з а к а ж а н и о т состанок наеднаш ми се стори толку невозможна, што не можев да верувам во неа. Па сепак во неа ни малку не се сомневав; дури работата стоеше вака: колку што ми беше појасно дека е невозможно, толку повеќе верував.

Ме вознемируваше тоа што веќе беше изминал три часот: „Штом ми е закажан состанок, зошто задоцнувам на тој состанок", си мислев. Се јавуваа и други глупи прашања, како овие: „Што е сега за мене подобро, смелост или плашливост?" Но сето тоа беше само преодно, зашто во срцето беше главното, тоа не можев да го определам. Спроти тој ден таа ми рече: „Утре во три часот ќе бидам кај Татјана Павловна" – и тоа е сѐ. Но, пред сѐ, таа и кај неа, во нејзината соба, секогаш ме примаше сам, па можеше да ми каже сѐ што има и без да оди кај Татјана Павловна; значи, зошто ми закажа на друго место, кај Татјана Павловна? Уште едно прашање: Дали ќе биде дома Татјана Павловна? Ако е ова состанок, тогаш Татјана Павловна нема да биде дома. И како ќе постигне, а да не ѝ објасни сѐ одна-

пред на Татјана Павловна? Значи, и Татјана Павловна е запозната со тајната? Оваа мисла ми се стори бесмислена, и некако нескромна, речиси груба.

И, најпосле, просто-напросто, таа можеби посака да ја посети Татјана Павловна и тоа ми го соопшти вчера без никаква намера, а јас си вообразив! Таа тоа и го рече така попатно, немарно, спокојно и по многу досадна седенка, заштo јас, не знам зошто, за сето време додека бев вчера кај неа, бев како збунет: седев, одвај проговорив неколку зборови, и не знаејќи што да кажам, бев страшно лут и срамежлив, а таа се готвеше некаде да оди, како што се виде подоцна и очигледно ѝ беше мило кога си појдов. Сите овие размислувања се натрупуваа во мојата глава. Најпосле се решив да влезам, заѕвонив и, кога готвачката ја отвори вратата, ја прашав: „Дома ли е Татјана Павловна?“ Ако не е дома, значи дека е „состанок“. Но јас во тоа не се сомневав, не се сомневав!

Затрчав по скалите, и на скалите, пред вратата, исчезна мојот страв. „Па нека биде, си мислев, само што побрзо!“ Готвачката ми ја отвори вратата и со својата одвратна рамнодушност ми одговори низ нос дека Татјана Павловна не е дома. Сакав да прашам „А можеби има некој друг, да не ја чека некој Татјана Павловна?“ Но не прашав: „подобро да видам самиот“, и ѝ промрморив на готвачката дека ќе почекам, ја слеков бундата и ја отворив вратата . . .

Катерина Николаевна седеше крај прозорецот и ја „чекаше“ Татјана Павловна“ . . .

– Ја нема ли? – ме праша таа како загрижена и нерасположена штом ме виде.

Ни нејзиниот глас ни лицето не одговараа на моите очекувања, така што застанав на прагот вчудовиден.

– Кого го нема? – промрморив.

– Татјана Павловна! Зар не ве замолив вчера да ѝ кажете дека ќе дојдам кај неа во три часот?

– Не . . . не сум ја видел воопшто.

– Сте заборавиле ли?

Седнав како отепан. Значи, тоа било! И, што е најважно, сѐ беше толку јасно како двапати по два, а јас – јас непрекинато упорно верував.

– Не се сеќавам дека сте ме молеле да ѝ кажам. Вие и не молевте: само рековте дека ќе бидете кај неа во три часот – изговорив нестрпливо и не гледајќи ја.

– Ах! – извика таа. – Ако сте заборавиле да ѝ кажете, а знаевте дека ќе бидам овде, зошто тогаш дојдовте ваму?

Јас ја кренав главата: на нејзиното лице немаше ни потсмевање ни лутина; ѝ трепереше само нејзината светла, весела насмевка и некаква палавост во изразот – нејзиниот секојдневен израз, впрочем – речиси детска палавост: „Еве гледаш, те фатив: што ќе правиш сега?" – како да зборуваше нејзиното лице.

Не сакав да одговорам и пак погледав вземи. Молчењето траеше половина минута.

– Вие сега откај татко ми ли доаѓате? – праша таа.

– Јас сега доаѓам откај Ана Андреевна, а кај кнезот Николај Иванович воопшто не сум бил . . . а вие тоа го знаевте . . . – додадов наеднаш.

– Не ви се случи ништо кај Ана Андреевна?

– То ест, сакате да кажете дека изгледам како поулавен? Не, и пред да одам кај Ана Андреевна изгледав како поулавен.

– И кај неа не станавте ли попаметен?

– Не, не станав попаметен. Освен тоа, таму чув дека ќе се омажите за баронот Бјоринг.

– Таа ли ви кажа? – наеднаш се заинтересира таа.

– Не, јас ѝ го кажав тоа, а чув дека изутринава Нашчокин му говорел за тоа на кнезот Сергеј Петрович кај кого беше во посета.

Сè уште воопшто не ја гледав; да се погледне таа, би значело да се облиеш со светлина, радост, среќа, а јас не сакав да бидам среќен. Осилото на негодувањето се вовлече во моето срце и за миг донесов важна одлука. И тогаш почнав да зборувам, одвај се сеќавам што. Се задушував и некако мрморев, но веќе ја гледав храбро. Срцето силно ми чукаше. Почнав да зборувам за нешто кое не се однесуваше на ништо, впрочем, можеби и хармонично. Во почетокот слушаше со својата мирна и стрплива насмевка, која никогаш не се симнуваше од нејзиното лице, но, малку по малку, во

нејзиниот внимателен поглед се појави изненадување, а потоа и страв. Насмевката уште не исчезна сосема, но одвреме навреме како да потреперуваше.

– Што ви е! – ја прашав наеднаш кога забележав дека сета потрепери.

– Се плашам од вас! – ми одговори таа речиси вознемирено.

– Зошто не си одите? Бидејќи сега овде ја нема Татјана Павловна, а вие знаете дека нема ни да дојде, значи, треба да станете и да си одите.

– Сакав да ја причекам, но сега . . . навистина . . .

И таа стана.

– Не, не, седете, – ја запрев јас – еве, пак затреперивте, но и во страв се насмевнувате . . . Вие секогаш имате насмевка. Ете сега сосем се насмевнавте . . .

– Да не бладате?

– Да, бладам.

– Се плашам . . . – пак прошепоти таа.

– Од што?

– Дека ќе почнете да го уривате ѕидот . . . – пак се насмевна таа, но сега веќе вистински плашливо.

– Не можам да ја поднесувам вашата насмевка.

И пак почнав да зборувам. А целиот како да летам. Како нешто да ме туркаше напред. Никогаш, никогаш со неа не зборував така, секогаш бев срамежлив. И сега ужасно се срамев, но сепак зборував; се сеќавам дека говорев за нејзиното лице.

– Не можам повеќе да ја поднесувам вашата насмевка! – извикав наеднаш. – Зошто ве замислував дека сте строга, сјајна и со змиски општествени фрази, уште додека бев во Москва! Да, во Москва; уште таму зборував за вас со Марија Ивановна и ве замислував каква сте . . . Се сеќавате ли на Марија Ивановна? Сте биле кај неа. Кога патував за ваму, цела ноќ ве сонував во вагонот. Овде до вашето доаѓање цел месец гледав во вашиот портрет кај татко ви во кабинетот и ништо не разбрав. Изразот на вашето лице е детска палавост и бескрајна простодушност – ете! Ужасно се чудев поради тоа за сето ова време откако ве посетувам. О, и вие умеете да погледнете гордо и да го уништите човека со погледот: се сеќавам како ме поглед-

навте кај татко ви кога дојдовте од Москва . . . Тогаш ве видов, но да ме прашаше некој кога излегов: како изгледате – не би умеел да му кажам. Дури ни вашиот раст не би умеел да го определам. Штом ве видов, ослепив. Вашиот портрет ни малку не личи на вас: вие немате темни очи, туку сјајни, а изгледаат темни единствено поради долгите трепки. Вие сте полна, со среден раст, но вашата полноќа е цврста, лесна, полност на здрава и млада селска жена. Па и вашето лице е сосема селско, лице на селска убавица – немојте да се навредувате, зашто тоа е убаво, тоа е поубаво – тркалезно, румено, ведро, отворено, насмеано и . . . срамежливо лице! Навистина, срамежливо лице! Срамежливо лице на Катерина Николаевна Ахмакова! Ви се колнам, срамежливо и невино! Повеќе од невино – детско! – Ете, такво е вашето лице! За сето време се чудев и непрекинато се прашував: ова ли е таа жена? Сега знам дека сте многу паметна, но во почетокот мислев дека сте ограничена. Вашата памет е весела, но без секакви украси . . . Го сакам уште и тоа што од вашето лице не исчезнува насмевката: тоа е мојот рај! Ја сакам уште и вашата мирност, вашата тивкост и тоа што ги изговарате зборовите течно, и речиси мрзливо – токму таа мрзливост ја сакам. Изгледа дека, кога под вас би се уривал некој мост, и тогаш би сте рекле нешто течно и бавно . . . Ве замислував дека сте врв на горделивоста и страста, а вие цели два месеца разговаравте со мене како студент со студент . . . Никогаш не сум замислувал дека имате такво чело: тоа е малку ниско, како кај статуите, но бело и нежно, како мермер, под бујната коса. Имате високи гради, лесен од, необична убавина, а немате ни малку горделивост. Дури сега се уверив во тоа, досега не верував!

Целата оваа прекрасна тирада таа ја слушаше со раширени очи, виде дека и јас самиот треперам. Неколкупати со грациозно плашливо движење ја креваше раката, која беше во нараквица, за да ме запре, но пак ќе ја спуштеше во недоумица и страв. Неколкупати дури брзо се тргаше и се иставаше од мене. Два-трипати и насмевката ќе светнеше на нејзиното лице; во еден момент многу поцрвени, но пред крајот стана, без

сомневање, уплашена и почна сè повеќе да бледнее. Штом престанав, таа ми ја подаде раката и проговори со молбен, но сепак течен глас:

– Не треба така да зборувате . . . така не се зборува . . .

И тогаш стана од местото, без брзање го зеде својот шал и муф од самуровина.

– Зар си одите? – извикав.

– Јас навистина се плашам од вас . . . вие злоупотребувате . . . – рече таа со некое сожалување и прекор.

– Слушајте, нема, богами, да пробивам ѕид.

– Па веќе почнавте! – не можеше да се воздржи, а да нè се насмевне. – Дури не знам дали ќе ме пуштите да поминам.

И, ми се чини, таа навистина се плашеше дека нема да ја пуштам.

– Јас сам ќе ви ја отворам вратата, одете, но знајте: се решив за нешто огромно; и ако сакате да ѝ дадете светлина на мојата душа, вратете се, седнете и ислушајте само два збора. Но ако не сакате, одете, јас сам ќе ви ја отворам вратата.

Таа ме погледна и седна.

– Со каква лутина би излегла некоја друга жена, а вие седнавте! – извикнав јас восхитено.

– Никогаш порано не си дозволувавте вака да зборувате.

– Порано секогаш бев срамежлив. И сега влегов, а не знаев што ќе зборувам. Вие мислите дека сега не сум срамежлив. Но се решив за нешто огромно, и почувствував дека мојата одлука ќе ја извршам. И штом ја донесов таа одлука, веднаш ја изгубив главата и почнав да го зборувам сево ова . . . Ислушајте ме, еве ги моите два збора; дали ве шпионирам или не? Одговорете ми – ве прашувам!

Лицето брзо ѝ се покри со црвенило.

– Не одговарајте уште, Катерина Николаевна, туку ислушајте сè, па потоа кажете ја целата вистина.

Наеднаш ги соборив сите прегради и летнав во пространството.

II

– Пред два месеца стоев овде зад завесата . . . се сеќавате ли . . . а вие зборувате со Татјана Павловна за писмото. Веднаш сфативте дека јас нешто знам . . . не можевте да не сфатите . . . вие трагавте по тој важен документ и се плашевте од него . . Чекајте, Катерина Николаевна, уште немојте да зборувате. Ви изјавувам дека вашето сомневање беше оправдано: тој документ постои . . . то ест постоеше . . . јас го видов; тоа е вашето писмо до Андроников, така ли е?

– Сте го виделе ли тоа писмо? – брзо запраша таа, збунета и возбудена. – Каде сте го виделе?

– Сум го видел . . . сум го видел кај Крафт . . . оној што изврши самоубиство . . .

– Навистина ли? Вие лично ли сте го виделе? Што стана со него?

– Крафт го искина.

– Пред вас, вие видовте ли?

– Пред мене. Го искина, веројатно, пред смртта . . . Тогаш, се разбира, не знаев дека тој ќе изврши самоубиство . . .

– Значи, писмото е уништено, фала му на господа! – проговори таа бавно, воздивнувајќи и прекрстувајќи се.

Не ја излажав. То ест, ја излажав во тоа што документот беше кај мене, а никогаш не беше кај Крафт, но тоа беше споредна работа, а во најважното не ја излажав, си дадов себеси збор дека писмото ќе го изгорам уште истата вечер. Се колнам дека ќе го извадев и ќе ѝ го дадев, да беше во тој момент кај мене во џебот; но писмото не беше кај мене, туку во станот. Впрочем, можеби не би ѝ го ни дал, затоа што многу ми беше срам да ѝ признам тогаш дека е писмото кај мене, и дека толку долго сум го чувал, сум чекал и не сум ѝ го предал. А работата е иста: штом ќе дојдам дома, ќе го изгорам; во секој случај, не сум излажал! Се колнам дека совеста ми беше чиста во тој момент.

– И кога е така – продолжив јас речиси надвор од себеси – тогаш кажете ми: поради тоа ли вие мене ме

привлекувавте, бевте љубезна, ме примавте, оти се сомневавте дека знам нешто за документот? Чекајте, Катерина Николаевна, не зборувајте уште еден момент и оставете ме сè да довршам: за сето време откако доаѓам кај вас, за сето време се сомневав дека само поради тоа бевте љубезна спрема мене, за да измамите од мене нешто за тоа писмо, за да ме наведете на тоа да ви признаам . . . Чекајте уште една минута: се сомнев, но страдав. Вашата дволичност беше за мене неиздржлива, затоа што . . . затоа што во вас најдов најблагородно суштество! Ќе ви кажам отворено: бев ваш непријател, но во вас најдов најблагородно суштество. Наеднаш во мене сè беше победено. Но дволичноста, то ест сомневањето во дволичноста, ме мачеше . . . Сега е потребно сè да се реши, сè да се објасни, тој момент дојде; но причекајте уште малку, не зборувајте, дознајте прво како гледам јас лично на сето тоа, токму сега, во овој момент; отворено ви велам: и ако било така, нема да се налутам . . . то ест, сакав да кажам дека нема да бидам навреден, затоа што тоа е така природно, јас го сфаќам тоа. Што може тука да биде неприродно и лошо? Документот ве мачи, вие се сомневате во еден човек дека знае сè, па што, се разбира, моравте да пожелувате тој да ви каже . . . Во тоа нема ништо лошо, баш ништо! Искрено зборувам. Но сепак е потребно вие сега да ми кажете што и да било . . . да признаете (простете ми поради овој збор). Потребна ми е вистината. Од една специјална причина ми е потребна! И затоа кажете ми Катерина Николаевна: затоа ли бевте љубезна спрема мене што сакавте од мене да дознаете за документот? . . .

Говорев како да паѓав, и челото ми гореше. Таа ме слушаше без возбудување; напротив, на лицето ѝ се гледаше сочувство, но погледот ѝ беше нерешителен, како да ѝ е срам од нешто.

– Да, поради тоа! – рече таа растегнувајќи ги зборовите и полугласно. – Простете ми, тука јас сум виновна! – додаде потоа, подавајќи ми ги малку рацете.

Тоа воопшто не го очекував. Очекував сè, само не тие два збора; дури ни од неа, каква што веќе ја запознав.

– И вие ми велите: „виновна"! Така просто „виновна"! – извикав јас.

– О, веќе одамна почнав да чувствувам дека сум згрешила спрема вас . . . и сега дури ми е мило што излезе на видело . . .

– Одамна ли сте чувствувале? Зошто порано ништо не кажавте?

– Не знаев како да кажам, – се насмевна таа – то ест и би знаела, – тука пак се насмеа – но некако секогаш ми беше срам . . . затоа што, навистина, во почетокот само поради тоа ве „привлекував", како што се изразивте вие, а подоцна целата работа ми стана одвратна . . . и бев сита од целото тоа лицемерство, ве уверувам – додаде тажно – и од сите тие грижи, исто така!

– Па зошто, зошто не прашавте наполно отворено? Требаше само да кажете: „Ти знаеш за писмото, што се преправаш?" и јас веднаш сѐ би ви признал!

– Но јас . . . се плашев малку од вас. Признавам, не ви ни верував. Да ја кажам вистината: ако сум била неискрена јас, сте биле и вие! – додаде таа и се насмеа.

– Да, да, не бев достоен! – извикав јас вчудовиден. О, вие уште не ја знаете бездната на мојот пад.

– Ах, дури и бездна! Пак вашиот стил! – тивко се насмеа таа, и потоа тажно додаде: – тоа писмо беше најжалната и најлекомислената постапка во мојот живот. Свеста за таа постапка ми беше вечно прекорување. Под влијанието на околностите и опасностите се посомневав во мојот мил и великодушен татко. И бидејќи знаев дека тоа писмо можеше да падне во рацете на . . . лоши луѓе . . . и бидејќи имав причина да мислам така – рече таа возбудено – треперев да не го искористат и да не му го покажат на татко ми . . . а тоа можеше да му остави страшен впечаток . . . во неговата ситуација . . . врз неговото здравје . . . и тој ќе престанеше да ме сака . . . Да, – продолжи таа гледајќи ме ведро в очи и веројатно сфати нешто во мојот поглед – да, јас се плашев и за својата иднина: се плашев да не ме лиши. . . под влијанието на својата болест . . . од неговата потпора. Имаше и такво чувство, но во тоа пред него сум виновна: тој е толку

добар и великодушен, што сигурно би ми простил. И тоа беше сè. А не требаше да постапам така со вас! – заврши таа пак засрамена. – Сега ми е срам од вас.

– Не, нема зошто да ви е срам! – извикав јас.

– Јас навистина сметав . . . на вашата пламеност. . . и ви го признавам тоа! – рече таа и го наведна погледот.

– Катерина Николаевна! Кажете ми кој ве тера да ми го признаете тоа? – извикав како пијан. – Што би ве чинело само да станете и со најодбрани зборови на најфин начин да ми објасните дека два и два се четири, дека ако и имало нешто, сепак ништо немало, разбирате, онака како што обично умеат во вашето подобро општество да ја вртат вистината. Јас сум глуп и груб и би ви поверувал веднаш, сè би поверувал што и да ми кажете! Ништо не би ве чинело да постапевте така. Па вие, секако, не се плашите од мене! Како можевте така доброволно да се понизите пред еден скороевец, пред едно бедно момче?

– Во тоа барем воопшто не сум се понизила пред вас – рече таа со извонредно достоинство, очигледно не сфаќајќи ги моите зборови.

– О, напротив, напротив, Јас токму тоа и го велам . . .

– Ах, тоа беше толку грдо и лекомислено од моја страна! – извика таа принесувајќи ја раката до лицето како да се труди да го скрие. – Ми беше срам уште вчера и поради тоа и не бев расположена кога бевте кај мене . . . Целата работа е во тоа – додаде потоа – што моите околности така се беа стекнале што, најпосле, морав да ја дознаам целата вистина за судбината на тоа несреќно писмо . . . а инаку веќе почнував да го заборавам . . . зашто не ве примав единствено поради тоа! – додаде наеднаш на крајот.

Моето срце затрепери.

– Се разбира, не, – се насмевна таа со фина насмевка – се разбира не! Јас . . . Вие Аркадиј Макарович пред малку многу точно забележивте дека со вас често водев разговори како студент со студент. Ве уверувам дека често ми беше здодевно меѓу луѓето: особено по моето престојување во странство и сите оние

наши семејни несреќи . . . Дури малку и излегувам во општеството, и тоа не само поради мрзливоста. Често пожелувам да одам на село. Таму уште еднаш би ги прочитала книгите што ги сакам и кои веќе одамна сум ги оттурнала, а овде воопшто не можам да стигнам да ги читам. За тоа веќе ви говорев. Се сќавате ли дека ми се смеевте што читам руски весници, по два весника дневно?

– Не сум се смеел . . .

– Се разбира, зашто тоа и вас ве возбудуваше, а јас веќе одамна сум признала: јас сум Русинка и ја сакам Русија. Се сеќавате ли како заедно ги читавме „фактите" како што го нарекувате вие тоа (тука се насмевна). Вие, навистина, често бевте некако . . . чуден, но понекогаш така ќе се воодушевевте и секогаш ќе умеевте да најдете погоден збор и да се интересирате токму за она кое и мене ме интересира. Кога сте „студент", навистина сте мил и оригинален. Но други улоги, изгледа, не ви прилегаат! – додаде таа со прекрасна, лукава насмевка. – Се сеќавате ли како често со цели часови разговаравме само за цифрите, ги пресметувавме и редевме, се интересиравме за тоа колку училишта има кај нас, во кој правец оди просветата. Ги броевме убиствата и злосторствата, ги споредувавме со добрите вести . . . сакавме да дознаеме каде оди сето тоа и што ќе стане, на крајот, со нас самите. Кај вас најдов искреност. Во отменото општество никогаш не зборуваат така со жените. Минатата недела започнав разговор со кнезот за Бизмарка, зашто тој многу ме интересира, а сама не умеев да ги решам прашањата и, замислете, седна покрај мене и почна да ми објаснува, и тоа многу подробно, но сето тоа со некаква иронија и со онаа снисходливост која не можам да ја поднесам, а со која со нас жените обично разговараат „големите луѓе" кога се мешаме во „туѓи работи" . . . А се сеќавате ли дека поради Бизмарк со вас за малку не се скарав? Вие ми докажувавте дека имате идеја „многу поважна" од Бизмарковата! – се засмеа таа наеднаш. – Сум сретнала во животот само два човека кои со мене разговараа наполно сериозно: својот покоен маж, кој беше многу, многу паметен и . . . бла-

го-ро-ден човек – изговараше таа убедливо – и уште, вие сам знаете кого . . .

– Версилов! – извикав јас. – Го голтав секој нејзин збор.

– Да; многу сакав да го слушам, и најпосле со него разговарав наполно . . . можеби и премногу отворено, но токму тогаш тој не ми веруваше!

– Не ви веруваше ли?

– Не, и инаку никој никогаш не ми верувал.

– Но Версилов, Версилов!

– Не само што не ми веруваше, – рече таа спуштајќи го погледот и со некаква чудна насмевка – туку сметаше дека ги имам „сите пороци“.

– А вие немате ни еден!

– Не, ги имам и јас неколку.

– Версилов не ве сакал, па затоа и не ве разбирал! – извикав јас и светнав со очите.

Нешто мина преку нејзиното лице.

– Оставете го тоа и никогаш не зборувајте ми за... тој човек . . . – рече таа возбудено и многу решително. – Но доста; време е. – Таа стана да си оди. – Значи, простувате или не! – рече, гледајќи ме ведро.

– Јас . . . вам . . . да ви простам! Слушајте, Катерина Николаевна и немојте да се лутите: вистина ли е дека ќе се мажите?

– Тоа сè уште не е решено! – одговори таа збунето, како да се исплаши од нешто.

– Добар ли е човекот? Се извинувам, се извинувам поради ова прашање!

– Да, многу добар . . .

– Не одговарајте ми повеќе, не удостојувајте ме со одговор! Зашто јас знам дека тие мои прашања се невозможни! Сакав само да знам дали е тој достоен или не е, впрочем, тоа веќе и самиот ќе го дознаам.

– Ах, немојте! – рече таа со страв.

– Не, нема, нема. Се откажувам . . . Но само толку ќе ви речам: да ви даде господ среќа, каква што ќе си изберете самата . . . затоа што сега ми дадовте толку среќа, за еден единствен час! Сега се врежавте вечно во мојата душа. Се здобив со благо: мислата за вашето совршенство. Се сомневав дека сте подмолна, дека сте

груба кокетка, и бев несреќен . . . затоа што не можев да ја спојам со вас таа мисла . . . Последниве денови мислев ден и ноќ, и наеднаш сè стана јасно како ден! Влегувајќи ваму, мислев дека ќе најдам езуитство, лукавство, прониклива змија; меѓутоа, најдов чест, слава, студент! Вие се смеете! Ако, смејте се! Вие сте светица, вие не можете да му се смеете на она што е свето . . .

– О, не, смешно ми е само тоа што употребуваме толку ужасни зборови . . . Што ви значи сега она „прониклива змија"? – се засмеа таа пак.

– Денеска ви се пушти еден драгоцен збор! – продолжив јас воодушевен. – Како само можевте да изговорите пред мене: „дека сте сметале на мојата пламеност"? Вистина, вие сте светица и сакавте да го признаете тоа затоа што сте вообразиле некоја своја вина, па сакавте да се казните себеси . . . Да, впрочем, немаше никаква вина, зашто, ако имаше, сè што доаѓа од вас е свето! Но токму тој збор можевте да не го кажете, тој израз! . . . Токму таа неприродна простосрдечност ја покажува само вашата искреност, почитувањето спрема мене, вербата во мене! – извикувам јас без врска. – О, не црвенете, не црвенете! . . . И кој е тој, кој е тој што можел да ве клевети и да каже дека сте вие страсна жена? О, простете: гледам тажен израз на вашето лице; простете му ги на едно избезумено момче неговите несмасни зборови! Но не се важни сега зборовите, изразите? Зар вие не сте над сите изрази?... Версилов еднаш рече дека Отело не ја убил Дездемона, а потоа и себеси, поради тоа што бил љубоморен, туку затоа што му бил одземен идеалот . . . Сега го разбирам тоа, зашто и мене денеска ми е вратен мојот идеал!

– Вие претерано ме фалите: тоа не го заслужувам! – рече таа со чувство. – Се сеќавате ли што ви зборував за вашите очи? – додаде потоа таа шеговито.

– Дека јас немам очи, туку наместо очи два микроскопа, и дека секоја мува ја зголемувам како мечка! Не, сега не преувеличувам! . . . Што, зар си одите?

Стоеше среде соба, со муфот и шалот во раката.

– Не си одам, чекам вие да си одите, а јас ќе си

одам по вас. Сакам уште да и напишам два збора на Татјана Павловна.

– Веднаш си одам, веднаш, но уште еднаш: бидете среќна, сама или со оној што ќе го одберете, да ви даде господ! А мене, мене ми е потребен само идеал!

– Драги, добар Аркадиј Макарович, верувајте ми дека за вас . . . За вас татко ми секогаш вели: „мило, добро момче!“ Верувајте ми дека секогаш ќе се сеќавам за вашите раскази за едно момче што го оставиле кај туѓи луѓе и за неговото мечтаење во осаменоста . . . Наполно разбирам како се развивала вашата душа . . . Но сега, иако сме студенти, – додаде таа со молба и со срамежлива насмевка, стегајќи ми ја раката – повеќе нема да се гледаме како порано и . . . секако дека и самиот разбирате?

– Не ќе можеме ли?

– Не ќе можеме, долго нема да можеме . . . за тоа сум виновна јас . . . Гледам дека е тоа сега наполно невозможно . . . Ќе се видиме понекојпат кај татко ми . . .

– „Да не се плашите од „пламеноста“ на моите чувства, да не не ми верувате?“ – сакав да извикам; но таа наеднаш толку се засрами пред мене, што зборовите не се симнаа од моите усни.

– Кажете ми – ме запре таа кај самоти врата – вие лично ли видовте дека . . . она писмо . . . е уништено! За тоа добро ли се сеќавате? По што сте познале тогаш дека тоа било токму писмото до Андроников?

– Крафт ми ја раскажа неговата содржина и дури ми го покажа . . . Збогум! Кога се наоѓав кај вас, бев исплашен и срамежлив пред вас, а штом ќе излезевте, бев готов да летнам и да го бакнам местото на подот каде што стоеше вашата нога . . . изговорив наеднаш несвесно, ни самиот не знаејќи како и зошто, и брзо излегов не погледнувајќи ја.

Стрчнав кон дома; бев восхитен. Во главата сè ми се вртеше како виор, а срцето ми беше полно. Кога бев близу до мајкината куќа, се сетив за неблагодарноста на Лиза спрема Ана Андреевна и за нејзините зли

и чудовишни зборови денеска, и наеднаш ме заболи срцето за сите нив! „Колку тврди срца имаат тие! А Лиза, што ѝ е нејзе?“ – си помислив стигнувајќи пред портата.

Го пуштив Матвеј и му наредив да појде по мене во мојот стан во девет часот.

ПЕТТА ГЛАВА

I

На вечера задоцнив, но уште не беа седнале, туку ме чекаа мене. Можеби затоа што воопшто ретко јадев кај нив, имаше и некои специјални додатоци: како предјадење сардини и слично. Но за мое големо чудо и жал, ги затеков сите некако загрижени, намуртени: Лиза одвај се насмевна кога ме виде, а мајка ми очигледно беше вознемирена; Версилов единствено се муртеше малку за супата со кнедли и многу го искриви лицето кога на масата донесоа парчиња пржено месо:

– Доволно е да спомнеш дека стомакот не ти поднесува некое јадење, па утредента веднаш да ти го изнесат тоа! – му се откачи налутено.

– Што да приготвам, Андреј Петрович? Никако не му паѓа на човека на ум некое ново јадење – плашливо одговори мајка ми.

– Мајка ти е совршена спротивност на некои наши новини, за кои е добро сè што е ново! – сакаше Версилов да сврти на шега, но тоа некако не му појде од рака и само уште посилно ја заплаши мајка ми, која, се разбира, не разбра ништо од ова споредување меѓу неа и новините, туку се обѕрнуваше во недоумица. Во тој момент влезе Татјана Павловна и, изјавувајќи дека веќе вечерала, седна покрај мене на канабето.

Сè уште никако не ми поаѓаше од рака да ја придобијам за себе оваа личност; таа сè повеќе ме земаше на нишан за секоја ситница. Особено се засили нејзи-

ното незадоволство спрема мене во последно време: не можеше ни да го види мојот гиздав костум, а Лиза ми раскажуваше дека речиси паднала во несвест кога чула дека имам свој кочијаш. Поради тоа, во последно време, колку што можев, гледав да ја одбегнам средбата со неа. Два месеца пред тоа, веднаш по враќањето на наследството, отрчав кај неа да поразговараме за постапката на Версилов, но не наидов на разбирање, беше многу налутена: ни малку не ѝ се допаѓаше тоа што е вратено сè, а не половина; а мене ми рече остро:

– Би можела да се обложам оти си уверен дека Версилов ги вратил парите и дека предизвикал на двобој единствено за Аркадиј Макарович да го поправи мислењето за него.

И речиси беше погодила: всушност, јас нешто во таа смисла тогаш навистина и чувствував.

Штом влезе, почувствував дека сигурно ќе ме нападне; дури донекаде бев уверен дека таа за тоа нарочно и дојде, и поради тоа почнав да се држам необично слободно, а тоа не ми беше тешко зашто уште од попладнето непрекинато пливав во радост и целиот сјаев. Велам еднаш засекогаш дека слободното однесување никогаш во животот не ми прилегаше, то ест не ми одговараше, туку, напротив, секогаш ми донесуваше срам. Така беше и сега: за миг се сопнав самиот. Без никаква лоша намера, просто од лекомисленост, бидејќи забележав дека Лиза е ужасно тажна, траснав не мислејќи за тоа што зборувам:

– Еднаш во сто години вечерам овде, и ти, Лизо, најде, баш како да е намерно, сега да бидеш тажна!

– Ме боли главата! – одговори Лиза.

– Ах, боже мој, – се закачи веднаш Татјана Павловна – па што ако си болна! Аркадиј Макарович повелил да дојде на вечера, треба да играш и да се веселиш.

– Вие Татјана Павловна без сомневање сте несреќата на мојот живот; никогаш нема да дојдам ваму кога сте вие овде! – и искрено налутен удрив со тупаница на масата; мајка ми се тргна, а Версилов чудно ме погледна. Јас наеднаш се насмеав и ги замолив да ми простат.

– Татјана Павловна, го земам назад зборот за несреќата на мојот живот! – ѝ се обрнав нејзе и понатаму однесувајќи се слободно.

– Не, не треба – отсече таа, – мене многу повеќе ми ласка да бидам твоја несреќа, отколку обратно, биди уверен.

– Драги мој, треба човек да умее да ги поднесува сите несреќи во животот, – промрмори со насмевка Версилов – без несреќи не вреди ни да се живее.

– Знете, вие сте понекогаш ужасно назаден! – му одговорив јас, смеејќи се нервозно.

Драги пријателе, тоа не е ништо.

– Не, не е ништо! Зошто на магарето не му речете отворено дека е магаре?

– Да не зборуваш ти за себеси? Пред сè, не сакам и не можам на никого да му судам.

– Зошто не сакате, зошто не можете?

– Поради мрзливост и одвратност. Една паметна жена ми рече еднаш дека немам право да им судам на други затоа што „не умеам да страдам", за да може човек да им суди на други луѓе, потребно е со страдање да го заслужи правото да биде судија. Малку е надуено, но што се однесува до мене можеби е точно, така што со задоволство му се покорив на тоа мислење.

– Да не ви го рекла тоа Татјана Павловна? – извикав јас.

– А од каде знаеш дека е таа? – малку зачуден ме погледна Версилов.

– Погодив по лицето на Татјана Павловна; таа се тргна кога го кажавте тоа.

Погодив случајно. Оваа реченица, навистина, како што се виде подоцна, му ја рекла Татјана Павловна на Версилов синоќа во еден пламен разговор. Воопшто, повторувам, со мојата радост и експанзивност сум налетал на сите нив сосем во невреме: сите тие си имаа своја неволја, и тоа многу тешка.

– Ништо не разбирам, затоа што е сето тоа многу апстрактно; еве една ваша особина: вие ужасно сакате, Андреј Петрович, да зборувате апстрактно; тоа е

егоистична црта: апстрактно сакаат да зборуваат само егоистите.

– Не е глупо речено, но немој да бидеш наметлив.

– Не, дозволете, – настојував со својата експанзивност – што значи тоа „со страдање да го заслужиш правото да бидеш судија?“ Кој е чесен, тој може да биде! – јас така мислам.

– Во тој случај, малку судии ќе најдеш.

– Еден веќе познавам.

– Кој е тој?

– Тој сега седи и зборува со мене.

Версилов чудно се насмевна, се наведна до моето уво и, фаќајќи ме за рамото, ми прошепоти: „Тој во сè те лаже.“

Ни до ден денеска не знам што мислеше тогаш, но, очиглено во тој момент беше многу возбуден (поради една вест, како што заклучив подоцна). Но оваа реченица: „тој во сè те лаже“ беше толку неочекувано и толку сериозно изречена, и со таков, ни малку шеговит израз, што целиот нервозно затреперив, речиси се исплашив и вчудовидено го погледнав, но Версилов побрза да се насмее.

– Но, фала му на бога! – рече мајка ми која се исплашила поради тоа што тој ми шепна на уво. – А јас веќе помислив . . . Ти, Аркаша, немој да ни се лутиш нам; паметни луѓе ќе најдеш и без нас, но кој ќе те сака ако нè немаш нас?

– Поради тоа е и неморална родбинска љубов, мајко, што е незаслужена. Љубовта треба да се заслужи.

– Треба да ја заслужиш, а овде напразно те сакаме.

Сите се насмеаја.

– Мајко, можеби не сакавте да гаѓате, но птицата сепак ја погодивте! – дофрлив јас и, исто така, се насмеав.

– А ти сигурно си вообразил дека имаат зошто да те сакаат – се нафрли пак на мене Татјана Павловна: – не само што не си заслужил да те сакаат, туку те сакаат и покрај одвратноста!

– Ах, тоа не е вистина! – реков јас весело. – Знаете ли кој ми рече денеска дека ме сака?

– Се шегувал со тебе кога ти го рекол тоа! – некако непријатно злобно упадна Татјана Павловна, како да ги очекуваше од мене тие зборови. – Секој деликатен човек, а особено жена, мора да те намрази поради твојата душевна извалканост. Имаш патец на главата, фин веш, костум направен кај Французинот, а сето тоа е нечистотија! Кој те облекува, кој те храни, кој ти дава пари да се коцкаш на рулет! Помисли, од кого не се срамиш да примаш пари?

Мајка ми толку поцрвени што уште никогаш не сум видел толку срам на нејзиното лице. Јас целиот се зачудив:

– Ако трошам, трошам свои пари и не морам никому да му давам сметка! – отсеков јас поцрвенувајќи.

– Чии свои пари? Какви свои пари?

– Ако не се мои, парите се на Андреј Петрович. Тој нема да ми откаже . . . Зедов од кнезот за сметка на неговиот долг на Андреј Петрович.

– Драги пријателе, – рече наеднаш Версилов – таму нема ни една моја копејка.

Оваа реченица беше ужасно важна. Како да ме пресече. О, се разбира, кога сега ќе се сетам на моето тогашно парадоксално и безгрижно расположение, знам дека би се извлекол со некаков „многу благороден" порив или со надмен збор, или со што и да било – но наеднаш на Лизиното намуртено лице забележав некаков лут, обвнинувачки израз, речиси подбив, и како да ме фати бесот:

– А вие, госпоѓице, – се сврти наеднаш кон неа – изгледа дека во станот на кнезот често ја посетувате Дарја Онисимовна? Тогаш ве молам вие самата да му ги предадете, еве, овие триста рубли поради кои денеска веќе толку ме измачивте.

Ги извадив парите и ѝ ги подадов. Само, ќе ми се поверува ли дека овие лоши зборови тогаш ги изговорив без никаква намера, то ест без најмалку алузија на што и да било! Никакви алузии не можеше ни да има, зашто во тој момент баш ништо не знаев. Можеби во мене постоеше само желба да ја боцнам Лиза со

што било, но тоа сразмерно беше многу невино, нешто во оваа смисла: госпоѓице, немојте да се мешате во туѓи работи, а кога веќе сакате да се мешате, повелете самата најдете го тој кнез, тој млад човек, петроградски офицер и предајте му ги овие пари, „кога веќе имате толкава желба да се плеткате во работите на млади луѓе“. – Но какво беше моето вчудовидување кога наеднаш стана мајка ми и, заканувајќи ми се со прстот, викна:

– Немој! Немој!

Вакво нешто од неа никогаш не сум можел ни да замислам, и скокнав од моето место, не од страв, туку со некаква болка, со тешка рана на срцето, зашто ми беше јасно дека се случило нешто сериозно. Но мајка ми не издржа долго: го покри лицето со рацете и брзо излезе од собата. Лиза излезе по неа и не погледнувајќи кон мене. Татјана Павловна ме гледаше половина минута молчејќи:

– Зар, навистина, имаше намера нешто да заматиш? – рече таа загадочно, гледајќи ме длабоко изненадена, па исто така отрча по нив не дочекувајќи го мојот одговор. Версилов стана од столот, со непријателски, скоро лут израз, и ја зеде во аголот својата шапка.

– Претполагам дека ти не си толку глуп, туку само наивен! – промрмори тој подбивно. – Ако дојдат, кажи им да не ме чекаат на слатките: одам малку да се прошетам.

Останав сам; во почетокот ми беше необично, потоа непријатно, и најпосле јасно увидов дека сум виновен. Впрочем, баш не знаев во што е мојата вина, само такво нешто чувствував. Седнав до прозорецот и почнав да чекам. Откако почекав десетина минути, си ја зедов и јас шапката и се качив горе во моето бившо сопче. Знаев дека се тие таму, то ест мајка ми и Лиза, а дека Татјана Павловна веќе си отишла. Таму навистина и ги најдов обете заедно на моето канабе. Шепотеа за нешто. Кога се појавив, веднаш престанаа да шепотат. За мое изненадување, тие не ми се налутија; мајка ми, барем, ми се насмевна.

– Мамо, виновен сум! – почнав јас . . .

– Не, не, ништо за тоа, – ме прекина мајка ми – туку само да се сакате меѓу себе и никогаш да не се скарате, па господ ќе ви даде среќа.

– Тој, мамо, никогаш нема да ме навреди, ве уверувам! – убедено и со чувство рече Лиза.

– Само да не беше оваа Татјана Павловна, ништо немаше да се случи! – викнав јас. – Одвратна жена!

– Гледате ли, Мамо? Слушате ли? – рече Лиза покажувајќи ме мене.

– Еве што ќе ви речам на двете – продолжив јас: – ако на светов има нешто гадно, гаден сум јас, а сè друго е прекрасно!

– Драги Аркаша, немој да се лутиш, но кога навистина би сакал да престанеш . . .

– Да се коцкам? Ќе престанам, мамо: денеска ќе одам за последен пат, особено поради тоа што Андреј Петрович сам отворено изјави дека таму нема ни една негова копејка. Нема да ми верувате колку ми е срам . . . Впрочем, со него морам да се објаснам . . . Мамо, драга мамо, минатиот пат реков овде . . . нешто незгодно . . . Мамице, не мислев така: искрено сакам да верувам, само се прчев, но јас многу го сакам Христоса . . .

Минатиот пат, навистина, меѓу нас е воден разговор во таа смисла; мајка ми беше многу нажалена и вознемирена. Кога ги чу сега моите зборови, ми се насмевна како на дете:

– Аркаша, Христос простува сè, ќе ти го прости и твоето хулење, и ќе ти прости и полоши работи. Христот е татко, Христос нема потреба од ништо и ќе сјае дури и во најдлабока темнина . . .

Јас се поздравив со нив и излегов, мислејќи за можноста како уште денеска да се најдам со Версилов; ми беше многу потребно со него да зборувам, што пред малку не беше можно. Претполагав дека тој сигурно ме чека во мојот стан. Тргнав пеш; по југовината почна слаб мраз, па беше многу пријатно малку да се пооди.

II

Живеев близу до Вознесенскиот мост, во една огромна куќа во дворот. Кога влегував низ портата, се сретнав со Версилов кој излегуваше од мојот стан.

– По својот обичај шетајќи дојдов до твојот стан, и малку и те чекав кај Петар Иполитович, но ми беше здодевно. Оние таму кај тебе вечно се караат, а денеска жената дури и легна во постела и плаче. Погледнав, и си отидов.

Поради нешто се налутив.

– Вие, по сè изгледа, само мене ме посетувате и, освен мене и Петар Иполитович, немате други познати во целиот Петроград?

– Драги пријателе . . . тоа не е ни малку важно.

– А каде ќе одите сега?

– Не, нема повеќе да се враќам кај тебе. Ако сакаш, ајде да прошетаме, прекрасна вечер.

– Да зборувавте со мене човечки, наместо вашите апстрактни размислувања, и, на пример, макар со алузија, да ја спомневте таа проклета коцка, можеби не ќе заглибев како будала! – му реков јас наеднаш.

– Се каеш ли? Тоа е добро, – одговори тој цедејќи ги зборовите – секогаш насетував дека коцката за тебе не е главна работа, туку само привремено скршнување . . . Имаш право, драги пријатле, коцката е свињарија, а покрај тоа човек може да загуби.

– И да прокоцка туѓи пари.

– А зар си прокоцкал и туѓи пари?

– Ваши пари сум прокоцкал. Зедов од кнезот за ваша сметка. Тоа, се разбира, беше бесмислено и глупо од моја страна . . . што ги сметам вашите пари за мои, но јас непрекинато сакав да си го вратам она што сум го изгубил.

– Те предупредувам уште еднаш, драги мој, дека таму нема мои пари. Познато ми е дека тој млад човек и самиот е во неприлика и не сметам дека нешто ми должи, без оглед на неговите ветувања.

– Во тој случај сум во двојно полоша положба! Од која причина тој ми даваше пари, а зошто ги земав?

– Тоа е твоја работа ... А зар навистина немаше ни најмала причина да земаш пари од него?

– Освен другарството ...

– Нема ли друго освен другарството? Нема ли баш ништо поради што си наоѓал дека е можно од него да земеш пари, а? Но, да launched поради некакви цели?

– Какви цели? Не разбирам.

– Дотолку подобро што не разбираш и, ти признавам, драги пријателе, дека во тоа бев уверен. Brisons-là, mon sher[1]), и потруди се на некој начин повеќе да не се коцкаш.

– Да ми речевте порано! И сега ми зборувате како низ заби.

– Да ти речев порано, само би се скарал со тебе и ти не би ме пуштал со такво задоволство кај тебе навечер. И знај, драги мој, дека сите тие однапред давани спасоносни совети се само вовлекување во туѓа совест на туѓа сметка. Доста сум упаѓал во совеста на други луѓе и, на крајот, добивав само навреди и потсмев. Се разбира, на подбивот и навредите останувам рамнодушен, но главно е тоа што на тој начин ништо не постигнуваш, никој не те слуша ... а сите ќе те намразат.

– Се радувам што еднаш почнавте да разговарате со мене навистина. Би сакал да ве прашам за уште една работа, одамна го сакав тоа. но некако сѐ не беше можно. Многу е добро што сме на улица. Се сеќавате ли за онаа вечер кај вас, последната вечер, пред два месеца, кога седевме кај мене „во гробот“; ве испитував за мама и за Макар Иванович – се сеќавате ли колку бев „слободен“ спрема вас тогаш? Зар можевте да му дозволите на синот-аџамија со такви изрази да говори за својата мајка? Не само тоа, туку со ниедно зборче не покажавте дека не допуштате; напротив, и самиот се „распашавте“ и со тоа ми дадовте уште поголема слобода.

– Драги мој пријателе, необично ми е мило што слушам од тебе ... дека така чувствуваш ... Да,

[1]) Да го пресечеме тука разговорот, драги мој.

многу добро се сеќавам и навистина очекував тогаш да поцрвениш од срам и тоа што самиот јас ти помогнав да бидеш слободен, тоа е, можеби, токму затоа што за да те доведам до границата ...

– И само ме измамивте тогаш и уште повеќе го замативте чистиот извор на мојата душа! Да, јас сум бедно момче и ни самиот не знам во дадениот момент што е зло, а што добро. Да ми го покажевте тогаш барем малку правецот, би се снашол и би тргнал по вистинскиот пат. Но вие тогаш само ме налутивте.

– Cher enfant, секогаш претчувствував дека ние двајцата, вака или онака, еднаш ќе се сложиме: „црвенилото" на лицето ти дојде сега само од себе и без моите упатства, а тоа е за тебе, ти се колнам, подобро ... Драги мој, забележувам, во последно време многу си добил ... да не е тоа благодарејќи на другарувањето со малиот кнез?

– Немојте да ме фалите, не го сакам тоа. Не оставајте во моето срце тешки сомневања дека ме фалите од езуитство, на штета на вистината, за да ми се допаднете повеќе. Јас во последно време ... гледате ли ... сум бил во друштво на жени. Многу добро сум примен, на пример, кај Ана Андреевна, познато ли ви е?

– Тоа го дознав лично од неа, драги пријателе. Да, таа е многу мила и паметна. Mais brisons-là, mon cher. Денеска необично лошо се чувствувам, меланхолија, што ли е? Веројатно поради хемороидите. Што се случи дома? Ништо ли? Ти таму, се разбира, си се измирил и сте се прегрнувале? Cela va sans dire[1]) Некојпат ме фаќа тага кога ќе појдам таму кај нив, дури и по најодвратна прошетка. Навистина, некојпат кога врне одам по заобиколен пат, само подоцна да се вратам на тоа огниште ... О боже колку е здодевно, колку е здодевно!

– Мајка ми ...

– Мајка ти е најсовршено и најпрекрасно суштество на светот, mais ... Со еден збор, јас не сум ѝ достоен. Навистина, што им е денеска? Последните де-

[1]) Тоа само по себе се разбира.

нови сите до една се накако ... Знаеш, секогаш се трудам да игнорирам, но таму денеска нешто се заплеткало ... Не забележа ли ништо.

– Не знам ништо определено и дури ништо не би ни забележал да не беше онаа проклета Татјана Павловна, која не може да не зајадува. Имате право: таму нешто се случило. Денеска ја затеков Лиза кај Ана Андреевна, таа уште тогаш беше некако ... баш ме изненади. Вам ви е сигурно познато дека таа оди кај Ана Андреевна?

– Познато ми е, драги пријателе. А ти ... кога си бил ти денеска кај Ана Андреевна, мислам во колку часот? Тоа ми е потребно поради еден факт.

– Меѓу два и три. И замислете, кога излегував ѝ дојде кнезот ...

Му ја раскажав целата моја посета до последната подробност. Тој сè ислуша молчејќи; за можноста за брак меѓу кнезот и Ана Андреевна не проговори ни збор; на моите воодушевени пофалби за Ана Андреевна пак промрмори дека е „мила"

– Денеска успеав необично да ја изненадам со тоа што ѝ ја соопштив најсвежата новост од отменото општество, дека Катерина Николаевна ќе се омажи за баронот Бјоринг – реков ненадејно како во мене нешто ненадејно да се откина.

Навистина ли? Но, замисли, таа иста „новост" таа ми ја соопшти уште претпладнето, то ест многу порано отколку што си можел да ја изненадиш.

– Што велите? – реков и застанав на место; – а од каде можела таа да дознае? Впрочем, што ми е! Се разбира, можела да дознае пред мене, но замислете: таа ја ислуша мојата вест како сосем нова! Впрочем ... впрочем ... што ми е грижа! Нека живее широкоградоста! Потребно е да се допушти ширина на карактерот, зар не е така? Јас, на пример, веднаш сè би издрдорил, меѓутоа, таа го затвори тоа како во кутија од цигари ... И сепак, таа за тоа не е помалку прекрасно суштество и извонреден карактер!

– О, без сомневање, секој на свој начин! И што е најоригинално: тие извонредни карактери човека често необично ќе го изненадат, на свој начин; зами-

сли, Ана Андреевна денеска не еднаш ме збуни со прашањето: „Дали ја сакам јас Катерина Николаевна Ахмакова или не?“

– Какво лудо и неверојатно прашање! – извикав јас пак вчудовиден. – Дури ми се замагли пред очите. Никогаш пред тоа не сум разговарал со него на таа тема, а еве тој самиот . . .

– Со што го образложи своето прашање?

– Со ништо, драги пријателе, баш со ништо: кутијата од цигари се затвори уште посилно и, што е главно, замисли, никогаш не сум допуштил ни можност со мене така да разговара, ниту таа . . . Впрочем, сам рече дека ја познаваш и затоа можеш да замислиш дали ѝ прилега такво прашање . . . Да не знаеш ти некаква причина?

– И јас сум изненаден како вас. Можеби тоа било само од љубопитство или шега?

– О, напротив, таа многу сериозно праша, и тоа не праша само онака, туку, речиси, и така да се каже сакаше да се информира, и тоа очигледно од многу важни категорични причини. Ќе одиш ли кај неа? Дали би можел да дознаеш нешто? Дури би те замолил за тоа, зашто, гледаш . . .

– Но самата можност, главна е само можноста да претположам дека вие ја сакате Катерина Николаевна! Извинете, уште не можам да се приберам од изненадувањето. Никогаш, никогаш не сум си допуштил себеси да разговарам со вас за таа или слична работа . . .

– И тоа многу паметно си го правел, драги мој.

– Вашите бивши односи и вашите врски, се разбира, тоа е тема неприлегана за нашите разговори и дури би било глупо од моја страна; но, баш во последно време, последниве денови неколкупати си реков во себеси: боже, дали вие некогаш сте ја сакале таа жена, макар и еден момент? О, вие никогаш така чудно не би се излажале во неа, во вашето мислење за неа! А тоа што се случи – тоа ми е познато: дека сте непријатели, и дека се мразите меѓусебно, тоа го знам, сум слушал, многу сум слушал, уште во Москва сум слушал. Но тука, пред сѐ, се манифестира фактот

на силна омраза, на големо непријателство, баш на нељубов, а Ана Андреевна наеднаш ве прашува: „Дали ја сакате?“ Зар е таа толку лошо известена? Тоа е неверојатно! Таа се шегувала, ве уверувам дека се шегувала!

– Но забележувам, драги мој, – и во неговиот глас наеднаш се почувствува нешто нервозно и срдечно, нешто што продира во срцето, а тоа ретко стануваше кај него – забележувам дека и ти премногу пламено зборуваш за тоа. Пред малку рече дека општиш со дами . . . да те испитувам за тоа, мене ми е, се разбира, некако . . . како што рече ти . . . Да не се наоѓа и таа „дама“ во списокот на твоите нови познајници?

– Таа дама . . . – наеднаш ми затрепери гласот – слушајте, Андреј Петрович, слушајте: таа дама е она што денеска го зборувавте кај кнезот за живиот живот“ – се сеќавате ли? Рековте дека тој жив живот е нешто толку отворено и просто, нешто што човек толку отворено го набљудува, што токму поради таа отвореност и јасност не можеме да поверуваме дека баш тоа што целиот живот со толкава мака го бараме . . Е, гледате, со такви погледи вие наидовте на жена која е идеал, и во совршенството и идеалот од жена вие сте ги виделе „сите пороци“! Ете, така е!

Читателите нека оценат во каква збрканост сум бил.

– „Сите пороци“! Охо! Тие зборови ми се познати – извика Версилов – и ако работата веќе дотука дошла што и зборовите ти се соопштени дали не би требало да ти се честита за нешто? Тоа значи дека меѓу вас постои толкава блискост што човек мора уште и да те пофали поради скромноста и молчаливоста, за кое млад човек е ретко некогаш способен

Во неговиот глас потреперуваше пријатна, љубезна, нежна насмевка . . . имаше некакво охрабрување и нешто мило во неговите зборови, во неговото ведро лице, колку што бев во состојба во мракот да забележам. Беше извонредно возбуден. И не сакајќи и јас затреперив.

– Скромност и молчаливост. О, не, не! – радосно извикував јас црвенејќи и во исто време стегајќи ја

неговата рака, која некако успеав да ја фатам, и, не забележувајќи го тоа, не ја испуштав. – Не, во некој случај не! . . . Со еден збор, мене нема за што да ми се честита и тука не може никогаш ништо да се случи – зборував без здив и летав, и така сакав да летам, толку ми беше пријатно: – знаете . . . и нека биде еднаш така, само еден единствен пат. Гледате, драги мој, прекрасен мој татко – вие ми допуштате да ве нарекувам татко – за своите односи со една жена, дури и кога се најчисти, не треба да разговара не само татко со син, туку никој ни со трета личност! И доколку се односите почисти, дотолку повеќе треба да се молчи! За нив да се зборува, тоа е одвратно, тоа е грубо, со еден збор, не е пристојно на друг да му се доверуваат! Но ако нема ништо, совршено ништо, тогаш може да се зборува, нели?

– Како што ќе каже срцето.

– Едно нескромно, многу нескромно прашање: вие во животот сте познавале многу жени и сте имале врски со нив? . . . Воопшто, само воопшто, не мислам на одделни случаи! – поцрвенив, губејќи го здивот од возбудување.

– Да речеме, сум имал гревови.

– Значи, еве еден случај, разјаснете ми го како поискусен човек: на разделбата со вас, една жена, наеднаш, сосем неочекувано и гледајќи настрана, ќе каже: „Утре во три часот ќе бидам таму и таму" . . . но да речеме, кај Татјана Павловна – се пуштив јас и конечно летнав. Срцето силно ми зачука и застана; дури морав да замолчам, не можев повеќе. Тој напрегнато слушаше. – И идниот ден одам кај Татјана Павловна, влегувам и размислувам вака: ќе отвори готвачката – вие ја знаете нејзината готвачка, и веднаш ќе прашам: дома ли е Татјана Павловна? И ако готвачката одговори дека Татјана Павловна не е дома и дека ја чека една госпоѓа која ѝ дошла во посета – што треба да заклучам, кажете ми, ако сте . . . Со еден збор, ако сте . . .

– Просто-напросто, ти бил закажан состанок. Но, значи ли дека тоа било? И било ли денеска? Нели?

– О, не, не, не, не било, ништо не беше! Беше, но

не беше тоа; состанок беше, но не со таква цел, и тоа пред сè го изјавувам, зашто не сакам да бидам никаквец; беше, но . . .

– Драги пријателе, сето тоа почнува да станува толку интересно, па ти предлагам . . .

– Некогаш на питачите им давав по десет и дваесет и пет копејки. За една ракиичка! Само неколку копејки, моли поручникот, пита бившиот поручник! – наеднаш ни го препречи патот високата фигура на еден молител, можеби навистина некогашен поручник. Најинтересно беше тоа што беше многу добро облечен за својата професија, а, меѓутоа, ја подаваше раката и питаше.

III

Оваа глупава анегдота за бедниот поручник нарочно не сакам да ја пропуштам, зашто денеска Версилова не можам да го замислам без сите тие и најситни подробности на тогашниот за него судбоносен настан. Да, судбоносен, а јас тоа не го знаев!

– Ако не нè оставите, господине, на мир, веднаш ќе викам полиција! – наеднаш некако непријатно го крена Версилов гласот, застанувајќи пред поручникот.

Никогаш не можев да замислам толку лутина кај таков филозоф и поради толку неважна работа. И не заборавете дека го прекинавме разговорот на најинтересното место за него, кое тој самиот го кажа.

– Зар немате ни петнаесет копејки? – грубо викна поручникот, мавнувајќи со раката. – Денеска ниеден никаквец нема петнаесет копејки во џебот! Неранимајковци, никаквеци! Има добра бунда, а прави државно прашање поради петнаесет копејки!

– Стражар! – викна Версилов.

Но не беше потребно да вика: стражарот стоеше на најблискиот агол и самиот го чу поручниковото викање.

– Ве молам да бидете сведок дека не навредуваше, а вас ве молам да појдете со нас во квартот! – рече Версилов.

– Ех, ех, мене ми е сеедно, и инаку не можете ништо да докажете! Особено не можете да докажете дека имате ум!

– Стражару, не дозволувајте да избега и спроведете не! – заповеднички рече Версилов.

– Што ќе правиме во квартот? Нека го носи ѓаволот! – му шепнав јас.

– Бездруго мораме, драги мој. Оваа распашаност на нашите улици станува веќе здодевна и безобразна; кога секој би ја извршувал својата должност, за сите би било од корист. C'est comique, mais c'est ce que nous ferons[1]).

Првите сто чекори поручникот многу се бунеше и се правеше решителен и храбар; уверуваше дека „не може" само „поради петнаесет копејки" итн., итн. Но, најпосле, почна нешто да му шепнува на стражарот. Стражарот, некој разбран човек и очигледно противник на улични расправии, изгледа дека беше на негова страна, но само во извесна смисла. На неговото прашање, тој му мрмореше полугласно „ дека сега веќе не е возможно", дека е „работата веќе свршена", и дека „ако вие, на пример, се извините, а господинот го прими извинувањето, тогаш, можеби" . . .

– Па слушајте, милостив господине, каде одиме ние? Ве прашувам: каде сме се упатиле и што има тука духовито – гласно рече поручникот – ако човек, унесреќен со своите неприлики, се согласува да ви се извини . . . ако ви е, најпосле, баш потребно да го понижите . . . По ѓаволите, ние не сме во салон, туку на улица! За улицата олку извинување е доволно . . .

Версилов застана и наеднаш се засмеа; јас дури помислив дека тој целата оваа историја ја направи заради шега, но не беше така.

– Наполно ве извинувам, господине поручнику, и ве уверувам дека имате големи способности. Држете се така и во салонот – наскоро и во салонот ќе има сосем доволно извинување, а дотогаш еве ви две дваесет копејки, да испиете и каснете нешто; извинете, стражару, поради вознемирувањето, и вам би ви за-

[1]) Комично е, но тоа сепак ќе го сториме.

благодарил за трудот, но вие сте сега на толку благородна работа ... Драги мој, – ми се сврти тој набргу мене – овдека блиску има една гостилница, всушност, една страшна клопка, но во неа човек може да испие чај, и јас би ти предложил ... еве тука е веднаш, ајде.

Повторувам, уште никогаш не сум го видел во такво возбудување, иако лицето му беше весело и светнато; но забележав, кога ги извади од портмонето двете дваесет копејки за да му ги даде на офицерот, дека рацете му трепереа, а прстите наполно му ја откажаа послушноста, така што најпосле ме замоли мене да ги земам парите и да му ги дадам на поручникот; тоа не можам да го заборавам.

Ме воведе во една мала гостилница на каналот, долу. Гости немаше. Свиреше еден раштимуван, зарипнат музички автомат; се чувствуваше мирис на масни салвети; седнавме во еден агол.

– Ти можеби не знаеш? Сакам понекојпат поради здодевност ... поради ужасна душевна здодевност ... да наминам во разни, еве вакви гостилници. Овој нивни мебел, ова врескање на аријата од „Лучија", овие келнери во премногу упадливите руски облеки, овој чад од тутунот, па викотниците од билијардската соба – сето тоа е толку простачки и прозаично што веќе се граничи скоро со фантастичноста. Но, а што стана со она, драги мој? Оној Марсов син, изгледа, нè прекина токму на најинтересното место ... А, еве го и чајот; сакам да пијам овде чај ... Замисли, Петар Ipolitovich пред малку фатил да го уверува оној дамчестиот станар дека во англискиот парламент во минатиот век била определена една специјална комисија од правници за да го проучи целиот Христосов спор пред првосвештеникот и Пилатот, единствено за да дознае како би изгледало тоа сега според нашите закони, и сè било изведено свечено, со адвокати и државни обвинители и со сите други ... и поротниците мораа да го прогласат за виновен ... Чудна работа! Овој станар, глупак, почнал да се расправа со него, се налутил и се скарал и изјавил дека утре се сели ... Газдарицата се расплакала, зашто ја губи киријата ..

Mais pasonss[1]). Во овие гостилници понекогаш има славеи. Позната ли ти е старата московска анегдота à la Петар Иполитович? Пее славејот во една московска гостилница, влегува внатре еден трговец од типот „истај ми се од патот" и прашува: колку чини славејот? – Сто рубли. – Да се испече и да ми се донесе на масава! Го испекле и го донесле. „Исечи ми за десет копејки". Му ја раскажав оваа анегдота еднаш на Петар Иполитович, но не ми веруваше и дури се налути . . .

Уште многу зборуваше Версилов. Приведувам одломки само како обрасци. Непрестајно ме прекинувше штом ќе ја отворев устата да почнам да раскажувам и почнуваше да зборува чудни работи и бесмислици без врска; зборуваше со возбудување и весело; се смееше на сешто и дури се кркотеше, кое кај него никогаш не сум го забележал. Брзо испи една шолја чај и си тури повторно. Сега ми е јасно: тој тогаш личеше на човек кој примил едно мило, интересно, долго очекувано писмо што го ставил пред себе и нарочно не го отвора, туку, напротив, долго го врти во рацете, го разгледува пликот, печатот, го остава, со еден збор, тој интересен момент, зашто знае дека нема да му избега, и во сето тоа што повеќе да ужива.

Се разбира, му раскажав сè, сè од самиот почеток, и му раскажував, можеби, цел час. А и како можеше да биде поинаку; уште пред малку сакав да зборувам. Почнав од нашата прва средба, онаа кај кнезот, по нејзиното доаѓање од Москва; потоа раскажав како сè одеше постепено. Не пропуштив ништо, а не ни можев да пропуштам: тој самиот ме поттикнуваше, ми погодуваше, ми помагаше. Во извесни моменти ми се чинеше дека се случува нешто фантастично, дека тој мора да седел или да стоел некаде зад вратата секојпат за тие два месеца; дека однапред го знаел секој мој гест, секое мое чувство. Чувствував несфатлива наслада во оваа моја исповед пред него, затоа што видов во него голема душевна мекост, многу длабока психолошка финост, толку чудна способност да по-

[1]) Но да го оставиме тоа.

годи од четвртина збор. Ме слушаше нежно како жена. Што е главно, умееше да дотера од ништо да не се срамам; понекојпат ќе ме прекинеше кај некоја подробност; често ќе ме задржеше и нервозно ќе повторуваше: „не заборавај ги ситниците, тоа е важно – не заборавај ги ситниците: колку поситна е некоја црта, толку поважна е понекогаш". И во таа мисла неколкупати ме прекинуваше. О, се разбира, најнапред почнав да зборувам за неа од висина, но набргу го сведов на вистината. Искрено му раскажував дека бев готов да го бакнувам местото на подот каде што стоеше нејзината нога. Најубаво, најчудно беше тоа што тој наполно сфати дека е „можно да се страда од страв поради еден документ" и во исто време да се остане чисто и беспрекорно суштество какво што таа денеска пред мене се покажа. Тој веднаш го разбра зборот „студент". Но, кога веќе завршував, забележав дека низ неговата блага насмевка почна одвреме навреме да избива некаква голема нестрпливост во неговиот поглед, како некаква расеаност и непријатност. Кога дојдов до „документот", си помислив во себеси: „дали да му ја кажам правата вистина или не?" – и не ја кажав, и покрај сето свое воодушевување. Ова овде го спомнувам за да го запомнам за целиот живот. Му ја објаснив работата исто како и нејзе, то ест со Крафта. Очите му светнаа, една чудна сенка му прелета преку челото, една многу мрачна сенка.

– Баш добро се сеќаваш, драги мој, на тоа писмо, дека Крафт го запалил со свеќа? Да не се лажеш?

– Не се лажам! – потврдив јас.

– Работата е во тоа што е тоа писмо многу важно за неа и, кога би го имал ти денеска в раце, би можел денеска . . . – Но што би „можел", не доврши да каже.

– А го немаш ли сега овде кај тебе?

Целиот затреперив во себеси, но не однадвор. Однадвор по ништо не ми се виде, не ни трепнав; и сѐ уште никако не можев да поверувам во неговото прашање:

– Како, го немам ли кај себе? Дали го имам сега овде? Па како кога Крафт тогаш го изгоре?

– Навистина ли? – ми упати тој мене пламенен,

вкочанет поглед, поглед кој нема да го заборавам. Впрочем, тој се насмевнуваше, но сета негова добродушност, сета женственост во изразот што ја имаше дотогаш, наеднаш исчезнаа. Неговото лице доби неопределен и растроен израз; сè повеќе стануваше расеан. Да владееше тогаш повеќе со себеси, онака како што беше тоа до тој момент, не би ми го поставил ова прашање за документот; а што стори така, тоа е, по сè изгледа, поради тоа што беше надвор од себеси. Впрочем, јас така зборувам сега; но тогаш не проникнав толку брзо во промената што се случи во него; непосредно и понатаму треперев а во душата ми свиреше истата музика. Но моето раскажување беше завршено и јас го погледнав Версилов.

– Чудно, – рече тој наеднаш кога раскажав сè последната запирка – многу чудно, драги пријателе: ти велиш дека си бил таму од три до четири и дека Татјана Павловна не била дома.

– Точно од три часот до четири и пол.

– А замисли, јас наминав кај Татјана Павловна точно во три и пол, во минута, и таа ме пречека во кујната: јас речиси секогаш одам кај неа низ споредниот влез.

– Што, таа ве пречекала во кујната? – викнав јас, тргнувајќи се од изненадување.

– Да, и ми рече дека не може да ме прими; останав кај неа две-три минути, а наминав единствено за да ја повикам на ручек.

– Можеби таа токму тогаш се вратила однекаде?

– Не знам; впрочем – сигурно не. Беше во кујна облека. Тоа беше точно во три и пол.

– Но . . . Татјана Павловна не ви кажа дека сум јас таму?

– Не, не ми кажа дека си таму . . . Инаку јас би знаел и не би те прашувал за тоа.

– Слушајте, тоа е многу важно . . .

– Да . . . како ќе се земе; ти дури пребледи, драги мој; а, впрочем зошто би било тоа толку важно?

– Си биеја со мене шега како со дете!

– Таа просто „се плашела од твојата пламеност“,

како што и самата ти рекла и се обезбедила со Татјана Павловна.

– Но, боже, какво шегување беше тоа! Слушајте, па таа тогаш ме остави сето тоа да го кажам пред трето лице, пред Татјана Павловна; оваа, значи, чула сè што зборував денеска! Тоа . . . тоа е ужасно дури и да се замисли!

– C'est selon, mon cher.[1]) Покрај тоа и ти самиот денеска говореше за „ширината" на погледот на жената воопшто и извика: „Да живее широкоградоста".

– Да сум јас Отело, а вие Јаго, не би можеле подобро . . . впрочем, јас се смеам! Не може да има Отело, затоа што не постојат лични односи. Како и да не се смеам! Ако! Сепак верував во она што е бескрајно над мене и не го напуштам својот идеал! . . . Ако е тоа само шега, само од нејзина страна, ѝ простувам. Шега со едно момче – ако. Не се ни правев јас она што не бев, а студентот бил и останува студент, без оглед на сè; бил во нејзината душа, бил во нејзиното срце, постои и ќе постои! Доста! Слушајте, како мислите вие: треба ли сега да појдам до неа да ја дознаам целата вистина, или не треба?

Реков „дека се смеам", но во очите имав солзи.

– Па добро, оди, драги пријателе, ако сакаш.

– Во душава се чувствувам како да сум се извалкал, од ова што го раскажував. Не лутете се, драги, но за жена, повторно велам, за жена не треба да се зборува на трето лице; третото лице не може да сфати. Ни ангел нема да сфати. Ако ја почитуваш жената, не земај довереник; ако се почитуваш себеси, пак не земај довереник! Јас сега не се почитувам себеси. До видување; нема да си простам себеси . . .

– Остави го тоа, драги мој. Ти претеруваш. Самиот рече дека „ништо не било".

Излеговме на каналот и почнавме да се простуваме.

– Па зар никогаш нема да ме бакнеш искрено со

---

[1]) Како ќе се земе, драги мој.

детска љубов, како син таткото? – ме праша тој со глас кој чудно потреперуваше.

Јас го бакнав пламено.

– Драги мој . . . биди секогаш вака со чисто срце, како што си сега.

Никогаш во животот не сум го бакнал и никогаш не сум можел ни да замислам дека тој тоа сам ќе го посака.

ШЕСТА ГЛАВА

I

„Се разбира, одам – решив јас брзајќи за дома – одам веднаш! Многу е веројатно дека ќе ја затечам сама; сама или во друштво – сеедно: можам да ја повикам да излезе. Таа ќе ме прими; ќе се зачуди, но ќе ме прими. Ако не ме прими, а ќе настојувам да ме прими, ќе ѝ порачам дека е крајно потребно. Таа ќе помисли дека се однесува на документот и ќе ме прими. И така ќе дознаам сѐ за Татјана. А потоа . . . а што потоа? Ако немам право, ќе гледам да ја поправам работата, а ако имам право, а таа е виновна, тогаш е крај на сѐ! Во секој случај е крај на сѐ! Што ставам јас на коцка? Немам ништо да изгубам. Одам, одам!"

И, еве, никогаш нема да заборавам и секогаш со гордост ќе се сеќавам дека не отидов! Тоа никој нема да го знае додека е жив, но е доволно што работата ми е мене позната и што во таков момент бев способен за многу благородна постапка! „Тоа е искушение и јас ќе минам покрај него – решив најпосле премислувајќи се; – сакаа да ме заплашат со фактот, а јас не поверував и не ја изгубив верата во нејзината чистота! И зошто да одам, во што да се уверувам? Зошто таа мораше безусловно да верува во мене, како јас во неа, во мојата „чистота", дека не се плаши од мојата „пламеност" и дека не се обезбедува со Татјана? Јас уште не сум го заслужил тоа во нејзините очи. Ако и нека не знае дека заслужувам, дека не сум попуштил пред „искушенијата", дека не верувам во тешките клевети против

неа: затоа го знам сето тоа и ќе се ценам себеси поради тоа. Ќе го ценам своето чувство. Да, ме остави да раскажам сè пред Татјана, ја пуштила Татјана, знаела дека тука седи Татјана и прислушнува (зашто таа не можеше да не прислушнува), знаела и дека ми се смее – тоа е ужасно, ужасно! Но . . . но сепак – дали беше можно сето тоа да се одбегне? Што можеше да прави во денешната нејзина ситуација и како може човек за тоа да ја обвинува? И јас ја излажав за Крафт, значи и јас ја излажав неа, зашто беше невозможно да се одбегне тоа, па против својата волја невино лажев. Боже мој, – извикав наеднаш, поцрвенувајќи од мака – а што сторив јас самиот, јас лично пред малку? Зар не зборував и јас за неа пред трето лице, зар не му раскажав пред малку сè на Версилов? Впрочем, што зборувам? Тука има разлика. Јас зборував само за документот; на Версилов, всушност, му го соопштив само она што се однесува до документот, затоа што ништо повеќе и немаше што да се соопшти и не ни можеше да има. Зар не го известив веднаш и не му реков дека ништо „не можело да има“? Тој е разумен човек. Хм . . . Но, сепак, колку омраза има тој во срцето спрема таа жена и денеска! И каква драма, веројатно, морала да се случи тогаш меѓу нив и поради што? Се разбира, поради самољубието! Версилов и не може да биде способен за какво и да било друго чувство освен за безгранично самољубие!“

Да, последнава мисла ми дојде во паметта тогаш, наеднаш, и дури не ја ни забележав. Ете такви мисли едноподруго, минуваа низ мојата глава; и тогаш бев спрема себеси искрен; не се преправав пред себеси, не се лажев самиот; и ако јас тогаш нешто не сум сфатил, тоа беше единствено поради тоа што не ми достасуваше памет, а не поради езуитизмот пред самиот себеси.

Се вратив дома многу возбуден и не знам зошто во весело душевно расположение, иако многу нејасно. Но се плашев да го анализирам, па со сета сила се трудев да се растресам. Затоа веднаш отидов кај газдарицата; навистина, меѓу неа и мажот имало страшна караница. Таа беше чиновничка, жена со

тешка туберкулоза, можеби и добра, но како сите туберкулозни, многу каприциозна. Веднаш почнав да ги смирувам, наминав кај станарот Червјаков, еден многу неизделкан, сипаничав глупак, многу самољубив банкарски чиновник, кого ни малку не го сакав, но со кого сепак живеев во слога, зашто имав слабост со него често да му се потсмевам на Петар Иполитович. Брзо го наговорив да не се сели, иако и тој самиот, всушност, не би се решил да оди од станот. Целата работа заврши со тоа што газдарицата наполно ја смирив, и згора на сето тоа, одлично ѝ ја наместив перницата под глава: „Тоа никогаш така не умее да го намести Петар Иполитович"! – злобно рече таа. Потоа отидов во кујната со нејзините облоги од синап и својерачно ѝ приготвив два одлични облога. Кутриот Петар Иполитович само ме гледаше и ми завидуваше, но јас не му дадов ни со прст нешто да допре, и таа ме награди буквално со солзи на благодарност. И, се сеќавам, сето тоа наеднаш ми стана одвратно и се сетив дека на болната не ѝ помогнав поради добрината на моето срце, туку така, поради нешто сосем друго.

Нестрпливо го чекав Матвеј: таа вечер решив за последен пат да ја обидам среќата и . . . и, освен среќата, чувствував ужасна потреба да се коцкам; инаку не би можел да издржам. Да немав каде да излезам, можеби не би можел да издржам, па ќе отидев кај неа. Матвеј требаше наскоро да дојде, но наеднаш вратата се отвори и влезе неочекуван гостин, Дарја Онисимовна. Се намуртив и се изненадив. Знаеше каде живеам, зашто еднаш, по порака од мајка ми, дојде кај мене. Ја понудив да седне и ја погледнав прашално. Таа не рече ништо, туку ме гледаше право в очи и понизно се насмевнуваше.

– Да не ве испраќа Лиза? – ми падна на ум да ја прашам.

– Не, туку дојдов така.

Ѝ реков дека ќе морам веднаш да одам, а таа пак ми одговори дека „дошла само така" и дека веднаш ќе си оди. Наеднаш ми стана жал за неа. Забележував дека кај сите нас, кај мајка ми, и особено кај Татјана

Павловна, нашла многу сочувство, но бидејќи ја сместија кај Столбеева, сите наши почнаа некако да ја заборавaат, изземајќи ја Лиза, која често ја посетуваше. Изгледа дека таа самата беше причина за тоа, зашто имаше особина да се оддалечува и повлекува, и покрај сета своја понизност и своите умилкувачки насмевки. Мене лично не ми се допаѓаа тие нејзини насмевки и тоа што секогаш правеше очигледно лажно лице и дури помислив за неа еднаш дека баш и не тагуваше којзнае колку за својата Оља. Но овојпат, не знам зошто, ми стана жал за неа.

И тогаш таа наеднаш се наведна не прозборувајќи ни збор, ја наведна главата и, подавајќи ги обете раце напред, ме опфати околу половината, а со лицето се потпре на моите колена. Ме фати за рака, па помислив дека сака да ја бакне, но таа ја притисна на очите и шурки од топли солзи се излеја на неа. Се тресеше од липање, но плачеше тивко. Срцето ми се стегна, иако малку и се лутев. Но таа ме држеше обгрнат, со полна доверба, не плашејќи се ни малку дека ќе се налутам, и покрај тоа што пред малку онака плашливо и понизно ми се насмевнуваше мене. Ја замолив да се смири.

– Драги мој, не знам што да правам со себеси. Штом ќе падне мрак, не можам повеќе да издржам; штом ќе почне да се стемнува, не можам повеќе да поднесувам и нешто ме влече на улица, во мракот. Ме влече главно фантазијата. Ми се роди таква фантазија што, ако излезам, ми се чини дека веднаш ќе ја сретнам на улица. Одам така и како да ја гледам. Тоа се, се разбира, други луѓе што одат, а јас намерно одам одзади и мислам, еве оваа овде, зар не е, зар не е тоа мојата Оља? И си мислам, мислам. Најпосле ќе оглупавам и само се судирам со луѓето што минуваат, и ќе ми стане мачно. Се тетеравам како пијана, мнозина пцујат. Јас само молчам и не одам кај никого. Каде и да отидам, сѐ потешко ми станува. Пред малку минав покрај вас и си помислив: „Ајде да наминам кај него; тој е најдобар од сите, а тогаш тој беше таму“. Драги мој, простете ми мене, на бескорисното суштество; веднаш ќе одам и еве си одам . . .

Наеднаш стана и брзо си отиде. Во тој момент стигна Матвеја; ја седнав до мене на санките и ја одвезов попатно до нејзината куќа, во станот на Столбеева.

II

Во последно време одев на рулет кај Зершчиков. Дотогаш одев во две-три куќи, секогаш со кнезот, кој ме „воведуваше" во тие места. Во една од тие куќи повеќе се играше во многу крупни суми. Но таму не ми се допаѓаше; видов дека е таму потребно да се има многу пари и, освен тоа, таму доаѓаа многу луѓе со дрско однесување и „шумната" младина од повисокото општество. На кнезот баш тука му се допаѓаше; тој сакаше не само да се коцка, туку сакаше и да се дружи со овие безработници. Забележав дека во тие вечери, иако таму влегуваше заедно со мене, сепак некако во текот на вечерта ме одбегнуваше и дека со никого „од своите" не ме запознаваше. Јас, меѓутоа, се однесував како вистински дивјак, а понекогаш дури и до таа мера што се случуваше со тоа да го свртувам вниманието на себе. Кога седев до коцкарската маса имав прилика со некого да прозборам некој збор; но штом ќе се обидев идниот ден во истите простории да се поздравам со некое господинче со кое, не само што сум разговарал, туку и сум се смеел еден ден порано, сум седел покрај него – тој се правеше како да не ме познава. И уште полошо: Ќе ме погледаше извештачено зачудено и ќе минеше покрај мене насмевнувајќи се. Затоа престанав да одам таму и почнав да одам во една гостилница – поинаку не знам да ја наречам. Тоа беше коцкарница со рулет, прилично бедна и неугледна, што ја држеше една жена, иако таа не се појавуваше во салата. Таму сè беше страшно распашано. Иако доаѓаа и офицери и богати трговци, сè се извршуваше нечисто, но, впрочем, многумина токму тоа и ги привлекуваше. Освен тоа, таму ме служеше и среќата. Но и тоа место го напуштив по еден одвратен случај што се случи во екот на играта и

кој заврши со тепање меѓу двајца гости. Потоа одев кај Зершчиков, кај кого, исто така, пак ме воведе кнезот. Зершчиков беше коњички капетан во оставка и тонот на неговите вечери беше сосем пристоен, војнички, со чувство спрема правилата на честа, краток и деловен. Шегаџиите, на пример, и големите пијаници таму не доаѓаа. Освен тоа, на коцка ставаа крупни суми. Се играше рулет. До оваа вечер, петнаесетти ноември, таму бев само двапати, и Зершчиков, веројатно, ме знаеше по ликот; но уште немав ни еден познат. Како за пакост, и кнезот таа вечер дојде со Дарзан дури околу полноќ, враќајќи се од коцкарницата на отмените безработници што јас ја напуштив: на тој начин таа вечер бев како непознат меѓу туѓи луѓе.

Кога би имал читател кој го прочитал сето она што досега сум го напишал за своите преживелици, без сомневање, не би морал да му објаснувам дека не бев создаден за никакво друштво. Воопшто, ни малку не умеам да се однесувам во друштво. Кога ќе влезам некаде каде што има многу свет, сè ми се чини дека сите ме гледаат. Просто чувствувам непријатност, физичка непријатност, дури и на такви места како што е театарот, а и да не зборувам за приватните куќи. Во овие коцкарници и собири не умеев да заземам достоинствен став: ту седам и си префрлувам себеси поради непотребната попустливост и љубезност, ту наеднаш ќе станам и ќе направам некаква грубост. А, меѓутоа, обичните никаквеци, во споредба со мене, умееја таму да се држат многу достоинствено – и тоа ме лутеше повеќе од што и да било, така што сè повеќе и повеќе ја губев ладнокрвноста. Ќе речам отворено: не само сега, туку и тогаш, тоа друштво, па и самата добивка, ако сакам да бидам искрен – ми стана, на крајот, одвратно и мачно. Вистина, чувствував и голема наслада, но до таа наслада доаѓав низ мака: сето тоа, то ест тие луѓе, коцката, а, главно, јас самиот со нив заедно, ми се чинеше страшно нечисто. „Штом ќе добијам, ќе плукнам на сè!“ – си говорев во себеси секојпат во зората пред да заспијам во својот стан по ноќното коцкање. Што се однесува до самата

добивка, треба да се има предвид дека воопшто не ги сакав парите. То ест, нема да го повторувам оној гнасен изговор што обично се употребува во вакви прилики, дека сум се коцкал божем само заради играта, возбудувањето, заради уживањето во ризикот, хазардот, итн., но никако не заради парите. Мене ужасно ми беа потребни пари и, иако ова не беше мој пат, не беше моја идеја, сепак тогаш се решив да го испробам и тој пат како обид. Тука ме збунуваше непрестајно една силна мисла: „Веќе си се уверувал дека бездруго можеш да станеш милионер, само ако имаш јак карактер потребен за тоа; веќе си го испробал својот карактер; а сега покажи се себеси и овде: дали е за рулетот потребно повеќе волја отколку за твојата идеја?“ – ете, тоа го повторував во себеси. А бидејќи и сега останувам со уверувањето дека човек во хазардната игра, ако е наполно мирен, така што да успее да ја зачува сета острина на умот и сметката, не може да не ја совлада грубоста на слепиот случај и да не добие – природно е што морав сѐ повеќе да поаѓам во раздразнетост, кога видов дека од час на час не сум кадарен да се воздржам, туку се занесувам како вистинско детиште. „Јас, кој можев да издржам глад, да не можам да се совладам во ваква глупост!“ Ете што ме предизвика. Притоа, свеста дека во мене, колку и да изгледав смешен и беден, лежи ризница на сила која еден ден сите ќе ги натера да го менат мислењето за мене – таа свест, уште од самото мое несреќно детство, го сочинуваше во тоа време единствениот извор на мојот живот, мојата светлост и достоинство, моето оружје и утеха, инаку, можеби, би извршил самоубиство, уште како дете. И затоа, зар можев да не бидам лут на себеси, гледајќи во какво бедно суштество се претворам крај коцкарската маса? Тоа и беше причината што не можев да се откажам од коцката: сега тоа сѐ јасно го гледам. Покрај ова главново, трпеше и моето ситно самољубие: што губев на коцка, тоа ме понижуваше пред кнезот, пред Версилов, иако тој не зборуваше за тоа пред никого, ни пред Татјана – така ми се чинеше, така чувствував. Најпосле, уште нешто да признам: тогаш веќе бев расипан; веќе ми беше

тешко да се откажам од ручеците со седум јадења во ресторан, од Матвеја, од англиската трговија, од мислењето на мојот бербер, накратко, од сето тоа. Бев свесен за тоа, но само мавнував со раката: дури сега, кога пишувам, црвенеам.

III

Откако влегов и се најдов во непознатата толпа, во почетокот се залепив на крајот од масата и почнав да ставам ситни суми, и така поминав два часа не поместувајќи се од местото. Во текот на тие два часа коцката беше слаба и мртва. Пропуштав извонредни прилики и се трудев да не се налутам, туку да играм ладнокрвно и сигурно. Се сврши со тоа што за сите тие два часа ниту изгубив ниту добив: од триста рубли загубив десет-петнаесет. Овој ништожен резултат ме налути, а покрај тоа се случи и една многу гадна непријатност. Знаев дека во овие коцкарници често има крадци, не оние од улица, туку меѓу самите познати играчи. Уверен сум, на пример, дека познатиот карташ Афердов е крадец; тој и сега се перчи по градот; неодамна го видов како се вози со своите два пони-коњчиња, но тој е крадец и од мене крадеше. Но за тоа ќе кажам подоцна; оваа вечер се случи само прелудиум: целите овие два часа ги преседов сам на аголот од масата, а покрај мене, од левата страна, за сето време седеше еден гиздавко, мислам дека беше Евреин; тој, впрочем, некаде соработува, дури нешто пишува и печати. Во последниот момент наеднаш добив дваесет рубли. Пред мене лежеа две црвени банкноти и видов како ова Еврејче ја подава раката и сосема спокојно зема една моја банкнота. Сакав да го спречам, но тој најдрско и не кревајќи го гласот ми одговори дека е тоа негова добивка, дека тој пред малку ставил една сума и добил; дури не сакаше ни да го продолжи разговорот со мене, туку се сврти. За несреќа, во тој момент бев во многу глупа душевна состојба: во главата имав голема идеја, плукнав, брзо станав и си отидов, не сакајќи повеќе со него да се објаснувам и подару-

вајќи му ја банкнотата. А би било и тешко да се изведе работата на чисто со овој дрзок крадец, зашто веќе беше изминато времето; играта се развиваше понатаму. Тоа беше мојата огромна грешка чии последици подоцна се покажаа: тројца-четворица играчи покрај нас го забележаа нашето расправање и, гледајќи дека лесно попуштив, веројатно мене ме сметаа за крадец. Беше точно дванаесет часот; отидов во друга соба, размислив, направив нов план и, откако се вратив, ги разменив моите банкноти за златници. Имав над четириесет парчиња. Ги разделив на десет делови и решив да ставам на Zero[1]) десетпати по ред секојпат по четири златници. „Ако добијам, тоа е моја среќа; ако загубам, дотолку подобро; никогаш повеќе нема да се коцкам". Истакнувам дека за цели два часа Zero ниеднаш не падна, така што на крајот веќе никој не играше на Zero.

Ставив стоејќи, молчаливо, намуртен и со стиснати заби. Веќе кај третиот влог Зершчиков гласно го објави Zero, кое за сето време не падна. Ми изброја сто и четириесет златници. Уште ми останаа седум купчиња и јас продолжив, а, меѓутоа, сè околу мене почна да се врти и да игра.

– Дојдете ваму! – му викнав преку масата на еден играч со бели мустаци во фрак, крај кого седев порано и кој веќе неколку часови со неискажлива стрпливост ставаше мали суми и ги губеше едноподруго: – Минете ваму! Овде е среќата!

– Мене ли ме викате? – зачудено и налутено ми одговори тој од крајот на масата.

– Да, вам! Таму сè ќе изгубите!

– Тоа вас не ве интересира и молам да не се мешате во моите работи!

Но веќе не можев повеќе да издржам. Спроти мене, преку масата, седеше еден постар офицер. Гледајќи на добивката, тој му промрмори на својот сосед:

– Чудно, Zero. Не, на Zero не можам да се решам.

– Решете се, полковнику! – извикав јас и ставив повторно на Zero.

---

[1]) Нулата на бројчаникот од рулетот.

– Молам и мене да ме оставите на мир без вашите совети! – остро ми рече тој. – Вие овде многу викате.

– Ви давам добар совет; сакате ли да се обложиме дека сега пак ќе падне Zero: десет златници – еве, јa ставам, по волјa ли вие е?

И јас ставив десет златници.

– Обложување во десет златници? Така може! – проговори тој суво и строго. – Се обложувам против вас дека нема да падне Zero.

– Десет наполеони, полковнику?

– Какви десет наполеони?

– Десет златници, полковнику, а само со висок стил – наполеони.

– Тогаш така кажете: златници молам да не се шегувате со мене.

Се разбира, не се надевав дека ќе го добијам обложувањето: имаше триесет и шест шанси против една дека Zero нема да падне; но обложувањето го предложив, прво затоа што се правев важен, а второ поради тоа што сакав со што и да било да го привлечам вниманието на сите. Убаво видов дека овде од некоја причина никој не ме сака и дека тоа со особено задоволство ми го ставаат на знаење. Рулетот почна да се врти – и колкаво беше сеопштото вчудовидување кога пак падна Zero! Дури сите извикаа од изненадување. Сега новата добивка повторно ми ја замрачи свеста. Пак ми изброија сто и четириесет златници. Зершчиков ме праша дали се согласувам еден дел да ми се исплати во банкноти, но јас само нешто му препелтечив, зашто буквално веќе не бев кадарен мирно и вистински да зборувам. Главата ми се вртеше, а нозете ми се одзедоа. Наеднаш почувствував дека сега ќе почнам страшно да ризикувам; освен тоа, ми се појави желбата уште со некој да се обложам, да му избројам на некого неколку илјади. Махинално го привлеков со раката моето купче банкноти и златници и не можев да стигнам да ги избројам. Во тој момент наеднаш ги забележав зад мене кнезот и Дарзана: тие пред малку се беа вратиле од коцка каде што, како што дознав подоцна, ги загубиле сите пари.

– Ах, Дарзане, – му довикнав – овде е среќата! Ставете на Zero!

– Немам пари, сè изгубив! – одговори тој суво; а кнезот се преправаше како да не ме ни видел и како да не ме познава.

– Еве ви пари! – викнав, покажувајќи му го моето купче златници. – Колку ви требаат?

– По ѓаволите! – викна Дарзан, целиот црвен. – Јас од вас не барам пари.

– Ве викаат! – ме повлече за ракав Зерщчиков.

Веќе неколкупати ме викаше и речиси ми се дереше полковникот кој во обложувањето со мене изгуби десет златници.

– Повелете земете ги! – викна тој целиот помодрен од лутина. – Не сум должен да ве чекам, па после да кажете дека не сум ви ги дал парите. Избројте ги.

– Верувам, верувам, полковнику, верувам без броење; само, ве молам, не викајте ми толку и не лутете се! – и го привлеков со рака купчето од неговите златници.

– Господине, ве молам упатете му го вашето восхитување на некој друг, а не мене! – остро ми одговори полковникот. – Јас не сум чувал свињи со вас!

– Чудно е што се пуштаат овде вакви луѓе кој е тој . . . некое момче – се слушнаа полугласни извици.

Но јас не слушав, туку ставив на слепо и повеќе не на Zero. Ставив едно снопче банкноти од по сто рубли на првите осумнаесет бројки.

– Дарзане, да одиме! – го чув од зад себе гласот на кнезот.

– Дома ли одите? – им се обрнав ним. – Причекајте ме, ќе одиме заедно, јас довршувам.

Моите бројки добија; добивката беше крупна.

– Баста![1]) – викнав и со треперливи раце почнав да го собирам и да го турам златото во џебовите, не броејќи го, а куповите од банкноти ги стуткував некако со прстите и сите ги туркав во џебот отстрана. Наеднаш Афердов, кој сега седеше десно од мене и, исто така, играше со големи суми, ја стави дебелата

[1]) Доста!

рака со прстења на три банкноти од по сто рубли и ги покри со шепата.

– Дозволете, тоа не е ваше! – рече тој строго и јасно, но впрочем со доста мек глас.

И тоа беше тој прелудиум на кој подоцна, по неколку дена, му беше судено да има толкави последици. Денеска се колнам во честа дека тие три банкноти од по сто рубли беа мои, но, за моја несреќа, тогаш, иако бев во тоа уверен, сепак во мене постоеше мало сомневање, а за чесниот човек тоа е сè; а јас сум чесен човек. Но тогаш, уште не знаев сигурно дека е Афердов крадец; тогаш уште ни името не му го знаев, така што во тој момент навистина можев да помислам дека сум се излажал и дека тие три банкноти од по сто рубли не биле меѓу оние што ми ги изброија. За сето време не ги броев моите пари, туку само ги привлекував со рацете, а и пред Афредов лежеа пари и тоа токму покрај моите пари, но средени и изброени. Најпосле Афредов овде го познаваа, го сметаа за богат човек, му се обрнуваа со почит: сето тоа влијаеше и врз мене, и јас затоа не протестирав. Тоа беше ужасна грешка! Најголемата свинштина се состоеше во тоа што бев во занес.

– Многу ми е жал што не се сеќавам сигурно, но сè ми се чини дека се мои! – проговорив треперејќи од лутина.

Овие зборови веднаш предизвикаа општо мрморење.

– Кога човек тврди такви работи, потребно е да знае сигурно, а вие сами повелавте да речете дека не се сеќавате сигурно! – рече Афердов со неиздржливо презрив тон.

– Кој е тој? – Како се дозволува тоа? – се слушнаа неколку извици.

– Тоа не му е првпат; пред малку со Рехберг ја имаше истата работа поради десет рубли! – се слушна покрај мене нечиј подмолен глас.

– Добро, добро, – реков јас не протестирам, носете ги! Кнезот . . . каде се кнезот и Дарзан? Излегле ли? Господа, нели видовте каде отидоа кнезот и Дарзан?

И откако најпосле ги собрав сите мои пари, а неколку златници не ни стигнав да ги ставам в џеб, туку ги држев во раката, потрчав да го стигнам кнезот и Дарзана. Читателот, секако, гледа дека не се штедам себеси и дека се опишувам себеси каков што сум бил во тој момент, до последната гадост, за да може да го разбере она што се случи потоа.

Кнезот и Дарзан веќе се симнале по скалите, не обрнувајќи ни најмалку внимание на моите повици. Скоро ќе ги стигнев, но се задржав една секунда кај вратарот, и му тутнав в рака три златници, ѓаволот би знаел зошто; тој ме погледна во недоумица и не ми ни заблагодари. Но мене ми беше сеедно и, да беше тука Матвеј, сигурно ќе му дадев цела рака златници; да, изгледа дека така сакав да сторам, но кога излегов на влезот наеднаш се сетив дека порано го отпуштив. Во тој момент стигна санката на кнезот и тој седна во неа.

– Кнезу, и јас ќе одам со вас, идам кај вас! – викнав и го одгрнав покривачот на санката за да влезам; но наеднаш, покрај мене, во санката скокна Дарзан и кочијашот ми го истргна од рацете покривачот и ги покри господата.

– По ѓаволите! – викнав избезумен. Излезе дека како слуга сум го држел покривачот за Дарзана.

– Дома! – викна кнезот.

– Стој! – извикав јас, фаќајќи се за санката, но коњот поттргна и јас паднав на снегот. Кога станав зедов една санка што минуваше и, гонејќи го кочијашот да го тера колку што може повеќе својот стар коњ, летнав по кнезот.

IV

Но, како за инает, стариот коњ влечеше необично бавно, иако на кочијашот му ветив цела рубља награда. Кочијашот непрестајно го маваше и најпосле го удри за една рубља. Срцето ми замираше: почнував некакви разговори со кочијашот, но не можев да проговорам ни збор, туку мрморев бесмислици. Ете, во таква состојба дотрчав кај кнезот! Тој штотуку се беше вратил; го одвезол Дарзана дома, па беше сам.

Блед и налутен шеташе по кабинетот. Уште еднаш повторувам: изгубил на коцка ужасно многу. Ме погледна во недоумица и некако расеано.

– Па дојдовте? – рече, муртејќи се.

– Дојдов, господине, да расчистам со вас! – му реков задишен. – Како смеевте да постапите онака со мене?

Тој ме гледаше зачудено.

– Штом сте сакале да одите со Дарзана, можевте да ми кажете дека ќе одите со Дарзана, туку вие го потеравте коњот , и јас . . .

– Ах, да, вие, изгледа, паднавте на снегот! – ми се насмеа тој в очи.

– На тоа се одговара со повикување на двобој, затоа сакам прво со вас да направам пресметка . . .

И со треперлива рака почнав да вадам пари и да ги ставам на канабето, на мермерната масичка, и дури на некоја отворена книга, во купчиња, грстови, пакетчиња; неколку златници се стркалаа на килимот.

– Ах, да вие, изгледа сте добиле на коцка! . . . Се гледа и по вашиот тон.

Никогаш порано не разговарал со мене толку дрско. Бев многу блед.

– Овде . . не знам колку има . . . би требало да се избројат. Вам сум ви должен три илјади . . или колку? Повеќе или помалку?

– Ви реков дека не ви барам да ми го платите долгот.

– Не, но јас сакам сам да го исплатам и вие знаете зошто. Знам дека во ова топче има илјада рубли, еве! – И почнав да бројам со треперливи раце, но престанав. – Сеедно, знам дека има илјада. Таа илјада ќе ја задржам за себе, а сè друго, еве овие златници, земете ги за долгот, како дел од мојот долг: мислам дека има две илјада или можеби повеќе!

– А ова илјада сепак ја задржувате за себе? – боцна кнезот.

– Потребна ли ви е? Во тој случај . . . сакав . . . мислев дека нема да сакате . . . но ако е потребна, тогаш еве . . .

– Не, не ми е потребна! – се сврти тој презриво од мене и пак почна да чекори по собата.

– И ѓаволот знае што ви стана па ми го враќате долгот? – ми се сврти наеднаш со страшно предизвикувачко лице.

– Ви го враќам затоа што сакам да ги расчистам со вас сметките! – му се развикав јас.

– Оставете ме еднаш на мир со вашите вечни фрази и гестови! – се нафрли тој на мене како надвор од себеси. – Обајцата вас веќе одамна сакав да ве истерам: вас и вашиот Версилов.

– Вие сте полуделе! – викнав јас. А личеше на тоа.

– Вие двајцата ме намачивте со вашите надуени фрази, само фрази, фрази, фрази! За честа, на пример! Фуј! Одамна сакав да прекинам ... Мило ми е, мило ми е што дојде моментот. Се сметав себеси за обврзан и црвенеев дека бев присилен да ве примам вас ... обајцата! А сега не се сметам за обврзан со ништо, со ништо, знајте го тоа! Вашиот Версилов ме поттикнуваше да ја нападнам Ахмакова и да ја осрамотам ... Не осмелувајте се, па тоа, да ми зборувате за честа. Зашто вие сте луѓе без чест ... обајцата, обајцата; дали вие, да речеме, се срамевте да земете од мене пари?

Ми се стемни пред очите.

– Сум земал од вас како од другар, – почнав јас сосема тивко – вие самиот ми нудевте и јас верував во вашите чувства ...

– Јас не сум ваш другар! Ви давав, но не поради тоа, вие самиот знаете зошто.

– Земав за сметка на Версилов; се разбира, тоа е глупо, но ...

– Не сте можеле да земате за сметка на Версилов без негова дозвола, како што ни јас не би можел да ви давам негови пари без негова дозвола ... Ви давав мои пари и вие тоа го знаевте; го знаевте и примавте, а јас ја трпев таа одвратна комедија во мојата куќа?

– Што сум знаел? Каква комедија? Зошто ми дававте?

– Pour vos beaux, yeux, mon cousin,[1]) – ми се насмеа тој право в очи.

– По ѓаволите, – се развикав јас – земете ги сите, еве ви ја и оваа илјада! Сега сме квит, а утре . . .

И јас му го фрлив топчето банкноти од по сто рубли што го задржав за почеток на работите. Тој ми пристапи поблиску со три големи чекори, заканувајќи ми се:

– Зар се осмелувате да ми кажете – рече тој свирепо и одделувајќи го јасно секој збор – дека, земајќи од мене пари, цел месец не знаевте дека вашата сестра останала бремена од мене?

– Што? Како? – извикав и наеднаш ми се пресекоа нозете, па немоќно паднав на канабето. Подоцна тој самиот раскажуваше дека сум бил блед како крпа. Умот ми се замати. Се сеќавам дека молчејќи се гледавме еден со друг в лице. На неговото лице се појави некој страв: тој наеднаш се наведна над мене, ме фати за раменици и почна да ме крева. Добро се сеќавам за неговата вкочанета насмевка; во неа имаше и недоверба и чудење. Да, тој ни малку не очекуваше дека неговите зборови ќе имаат таков ефект, зашто беше уверен во мојата вина.

Се сврши со несвестица, но таа траеше само еден миг. Се освестив, станав на нозе, го гледав и размислував – и наеднаш му се отрки целата вистина на мојот ум, кој толку долго спиеше! Да ми го кажеше тоа некој порано и да ме прашаше: „што би сторил со него во тој момент“, сигурно би му одговорил дека би го раскинал на прачиња. Но се случи сосем поинаку и ни малку според мојата волја: наеднаш го покрив лицето со обете раце и, горко липајќи, заплакав. Се случи тоа само од себе! Во момчето наеднаш се покажа мало дете. Значи, во тоа време во мене уште живееше мало дете со целата половина! Паднав на канабето и липав. „Лизо! Лизо! Кутрата, несреќната!“ Тогаш кнезот наеднаш сè ми поверува.

– Боже, колку сум згрешил спрема вас! – рече тој со длабока болка. – Ох, колку гнасно сум мислел за

[1]) Заради вашите убави очи, братучеду.

вас во својата недоверба . . . Простете ми, Аркадиј Макарович.

Јас наеднаш скокнав, сакав нешто да му кажам и застанав пред него, но ништо не му реков, туку истрчав од собата и од неговиот стан. Дојдов дома пеш, одвај се сеќавам како. Легнав на креветот и го нурнав лицето во перницата, и така во мракот мислев и мислев. Во такви моменти никогаш не се мисли поврзано ни логично. Разумот и фантазија како да се прекинува и, се сеќавам, фантазирав за нешто: многу оддалечено од сите настани само господ знае за што. Но јадот и несреќата пак се појавуваа во свеста со болка и притисок и повторно ги кршев рацете и викав: „Лизо! Лизо!" И пак плачев. Не се сеќавам како сум заспал, но спиев тврдо и слатко.

СЕДМА ГЛАВА

I

Се разбудив идното утро во осум часот, веднаш ја заклучив вратата, седнав крај прозорецот и почнав да размислувам. Така останав до десет часот. Слугинката двапати чукаше на вратата, но ја набркав. Најпосле, околу единаесет часот, пак зачука некој на вратата. Јас пак се развикав, но тоа беше Лиза. Со неа влезе и слугинката, ми донесе кафе и почна да ја пали печката. Не можев да је истерам слугинката и за сето време додека Фјокла ги местеше дрвата и го разгоруваше огнот, непрекинато шетав со крупни чекори по својата мала соба, не почнувајќи разговор и дури трудејќи сè да не ја погледнам Лиза. Слугинката страшно ја развлекуваше работата, и тоа намерно, како сите слугинки кога ќе забележат дека господата не сакаат пред нив да зборуваат. Лиза седна на стол до прозорецот и ме следеше со погледот.

– Ќе ти се олади кафето! – рече таа најпосле.

Јас ја погледнав: ни трага од збунетост на нејзиното наполно спокојно лице, а на усните дури и насмевка.

– Ете какви се жените! – не можев да се воздржам да не речам, и ги кренав рамениците.

Слугинката најпосле ја запали печката и почна да ја уредува собата, но јас налутено ја истерав и најпосле пак можев да ја заклучам вратата.

– Те молам, кажи ми зошто пак ја заклучи вратата? – ме праша Лиза.

Јас застанав пред неа.

– Лизо, дали можев да помислам дека така ќе ме измамиш! – извикав наеднаш и не мислејќи така да почнам; и овојпат не солзи, туку речиси некакво злобно чувство ми го прободи срцето, така што и самиот се изненадив. Лиза поцрвени, но не ми одговори ништо, туку само и понатаму ме гледаше право во очи.

– Чекај, Лизо, чекај, о колку сум бил глуп! Но дали бев глуп? Сите знаци дури вчера се собраа во едно купче, а дотогаш, како можев да дознаам? Дали по тоа што ја посетуваше Столбеева и онаа ... Дарја Онисимовна? Но јас те сметав чиста како сонце, Лизо, и како би можело да ми дојде во главата такво нешто? Се сеќаваш ли дека те сретнав тогаш, пред два месеца, кај него во станот, и како тогаш одевме по сонце и бевме весели ... уште тогаш ли стана тоа? Стана ли?

Таа ми потврди со нишање на главата.

– Значи, уште тогаш си ме лажела! Тогаш не е виновна мојата глупост, Лизо, туку повеќе мојот егоизам, а не глупоста, егоизмот на моето срце и, можеби, вербата во светоста на други. О, секогаш бев уверен дека сите вие сте бескрајно над мене и – еве! Најпосле вчера, само за еден ден, не стигнав сѐ да сфатам, и покрај сите знаци ... Вчера бев многу далеку од тоа.

Тука пак се сетив за Катерина Николаевна, нешто болно како игличка ме боцна во срцето и јас целиот поцрвенив. Се разбира, во тој момент не можев да бидам добар.

– А зошто се правдаш ти? Мене ми се чини, Аркадиј, дека ти брзаш поради нешто да се оправдаш Кажи ми зошто? – тивко и благо праша Лиза, но со многу цврст и сигурен глас.

– Како зошто? А што ми останува сега да правам? – земи го само тоа прашање. И ти велиш: „Зошто“? Не знам како да постапам! Не знам во такви случаи како постапуваат браќата ... Познато ми е дека со пиштол во раката принудуваат на венчавање ... Ќе сторам и јас така како што му прилега на чесен човек! Но еве, не знам како му прилега на чесен човек да постапи! ... Зошто? Затоа што ние не сме благородници, а тој е кнез и прави своја кариера: тој нас, чесните луѓе,

не сака ни да нè чуе. Ние двајцата дури не сме ни брат и сестра, туку само некои вонбрачни деца, без презиме, деца на спахиски слуга. А зар кнезовите се женат со ќерки на слуги? О, гадости! И, згора на сето тоа, ти овде седиш и ми се чудиш.

– Верувам дека се мачиш, – поцрвени Лиза пак – но ти пребрзуваш и се мачиш самиот себеси.

– Пребрзувам ли? Зар ти мислиш дека сè уште не сум задоцнил доволно? Зар ти, ти Лизо, да ми го кажеш тоа? – реков најпосле сосем во лутина. – А колку срам сум поднесол и колку ме презирал тој кнез! О, сега ми е сè јасно и целата слика е пред мене: тој навистина верувал дека јас одамна знам за неговата врска со тебе, но молчам или дури го кревам носот и се гордеам со „честа“ – ете тоа морал тој да мисли за мене! А за сестра ми и за срамот на мојата сестра примам од него пари! Тоа му било одвратно да го гледа, а јас му давам право. Наполно му давам право; секој ден да го гледа и да го прима дома никаквецот само затоа што е нејзин брат, и тој уште да му зборува за чест... тука има да пукне срцето, дури и неговото срце! И ти сето тоа си го дозволила, не си ме известила! Тој толку ме презираше што му говореше за мене на Стебељков, а мене вчера лично ми рече дека сакал мене и Версилова да нè исфрли од дома. Па тој Стебељков! „Ана Андреевна ви е исто така сестра како Лизавета Макаровна“, и уште ми довикува: „Моите пари се подобри!“ А јас безобразно сум легнал на н е г о в о т о канабе и се расположував како рамен на неговите познати, ѓавол да ги земе! И ти сето тоа си го допуштила! И Дарзан сега знае, судејќи барем според неговото синоќешно однесување... Сите, сите знаат, освен мене!

– Никој не знае ништо, тој не му кажал на ниеден свој познат и н е н и м о ж е л да каже, – ме прекина Лиза – а за тој Стебељков знам само дека го мачи кнезот и дека Стебељков единствено можел само по нешто да погодува... За тебе сепак неколкупати сум му кажала и тој наполно ми веруваше дека ти ништо не знаеш, и ете зошто не разбирам што и како се случило тоа вчера меѓу вас.

– За среќа синоќа му го исплатив долгот, па барем тој товар ми се симна од душата! Лизо, дали знае мама? А како да не знае: колку ми се налути вчера! . . . Ах, Лизо! Зар ти навистина во сè се сметаш дека си права и ни малку не се обвинуваш? Не знам како мислат луѓето денеска за тие работи и што мислиш ти, то ест во поглед на мене, мама, братот, таткото . . . Знае ли Версилов?

– Мама ништо не му кажала, тој не прашува, веројатно не сака да праша.

– Знае, а не сака да знае, ете така е, тоа сосем му прилега нему! Добро, ти ѝ се смееш можеби на улогата на твојот брат, твојот глупав брат, затоа што зборува за пиштоли, но мама, мама? Зар не си помислила, Лизо, дека е тоа прекор за мама? Цела ноќ се мачев со тоа, првата мамина мисла сега е: „Тоа е затоа што и јас сум згрешила, а каква мајка, таква ќерка!“

– О, колку злобно и немилосрдно го рече тоа! – извика Лиза со солзи што ѝ навреа во очите, стана и брзо појде кон вратата.

– Стој, стој! – ја фатив јас, ја седнав пак и седнав покрај неа, сè уште држејќи ја неа.

– Така и мислев дека ќе стане, кога тргнав ваму, дека бездруго ќе бараш да се обвинам себеси. Повели, виновна сум. Единствено од гордост пред малку молчев и ништо не реков, а вас и мама повеќе ве жалам отколку себе . . .

Не доврши и наеднаш горко заплака.

– Доста, Лизо, немој да плачеш, не е потребно. Јас не те осудувам. Слушај! Лизо, а што станува со мама? Кажи ми, знае ли таа веќе одамна?

– Мислам дека знае одамна, но самата ѝ кажав сега, неодамна, кога се случи о н а! – рече таа тивко, наведнувајќи ги очите.

– А таа?

– Рече: „Носи!“ – уште потивко рече Лиза.

Ах, Лизо, да „носи“! Немој да си сториш нешто себеси, да те чува господ!

– Нема да сторам! – цврсто додаде таа и повторно ме погледна. – Биди спокоен, – додаде таа – тука е нешто сосем друго.

– Драга Лизо, гледам само дека од сево ова ништо не разбирам, но затоа дури сега знам колку те сакам. Само едно не сфаќам, Лизо! Сѐ ми е јасно, едно сепак не ми влегува во главата: зошто си го засакала? Како си можела да засакаш таков човек? Во тоа е прашањето!

– И сигурно тоа прашање ноќеска ме мачело? – тивко се насмевна Лиза.

– Чекај, Лизо, тоа е глупо прашање, и ти се смееш; смеј се, но сепак човек мора да се чуди: ти и т о ј – две такви спротивности! Тој е, јас сум го проучил, мрачен, недоверлив човек, можеби е и многу добар, но во најголема мера е склон, пред сѐ, во сѐ да гледа зло (во тоа е, впрочем, наполно како мене!). Тој страсно ја цени благородноста – тоа го допуштам, тоа го гледам, но, изгледа, само како идеал. О, тој е готов да се кае, целиот живот непрекинато се проколнува себеси и се кае, но затоа никогаш не се поправа, и тоа, впрочем, можеби како и јас. Има илјади предрасуди и погрешни мисли и никакви мисли! Бара големи дела, а прави ситни пакости. Прости, Лизо, јас сум, впрочем, будала; зборувајќи го тоа, те навредувам и го знам тоа; јас разбирам . . .

– Описот би можел да биде точен, – се насмевна Лиза – но ти премногу му се лутиш поради мене и поради тоа ништо не е точно. Тој уште во почетокот бил недоверлив спрема тебе, и затоа не си можел да го запознаеш, а со мене беше уште во Луга . . . Уште од Луга тој знае само за мене. Да, тој е недоверлив и премногу чувствителен и да ме нема мене, тој би полудил; и ако ме остави, ќе полуди или ќе изврши самоубиство; мене ми се чини дека тој тоа го сфаќа и го знае – додаде Лиза некако за себе и замислено. – Да, тој е секогаш со слаба волја, но токму таквите слаби луѓе понекогаш се способни за многу крупни дела . . . Колку чудно зборуваше ти за пиштолот, Аркадиј: овде не е потребно тоа и јас самата знам што ќе стане. Не трчам јас по него, туку тој трча по мене. Мама плаче и вели: „Ако појдеш за него, ќе бидеш несреќна, ќе престане да те сака“. Во тоа не верувам; можеби ќе бидам несреќна, но тој нема да престане да ме сака. Не беше

тоа причината што никако не му давав согласност за брак, туку причината е друга. Веќе два месеца не му давам согласност. Но денеска му реков, да, ќе појдам за тебе. Аркаша, знаеш, вчера дојде кај Ана Андреевна и отворено, со сета искреност ѝ рече дека не може да ја сака ... Да, тој со неа наполно се објасни, и тој план сега е отфрлен! Тој никогаш не учествувал во тој план, сето тоа е плод на фантазијата на кнезот Николај Иванович, и уште го наговараа неговите мачители, Стебељков и уште еден ... Ете затоа денеска и му реков: да. Драги Аркадиј, тој многу те моли да му дојдеш и немој да се лутиш на него поради синоќешното: тој денеска не е баш сосема здрав и ќе остане цел ден дома. Аркадиј, навистина е болен; тоа не е само изговор. Нарочно ме испрати и ме замоли да ти кажам дека си му „потребен", дека има многу нешто да ти каже, а овде кај тебе, во овој стан, не му е згодно. Сега, збогум! Ах, Аркадиј, срам ми е само да ти кажам, но кога доаѓав ваму, ужасно се плашев да не си престанал да ме сакаш, сè се крстев попат, а ти си толку добар и мил! Никогаш нема да ти го заборавам тоа! Сега одам кај мама. А ти малку ќе го сакаш, нели?

Јас топло ја прегрнав и ѝ реков:

– Лизо, јас мислам дека ти имаш цврст карактер. Да, верувам дека ти не трчаш по него, туку тој трча по тебе, но сепак ...

– Но сепак, „зошто си го засакала – во тоа е прашањето!" – ме прекина Лиза, насмевнувајќи се шеговито како порано, и како мене го изговори она: „во тоа е прашањето!" И притоа, наполно како што правам јас, изговарајќи ја таа фраза, го крена показалецот пред очите. Се бакнавме, но кога си отиде, пак ми се стегна срцето.

II

Овде забележувам само за себе: имаше, на пример, моменти по заминувањето на Лиза, кога цели роеви најнеочекувани мисли ми доаѓаа во умот, а јас со нив бев дури наполно задоволен. „Па зошто се загрижувам

јас, си мислев: што ме интересира сето тоа мене? Така е кај целиот свет, или слично на тоа. Па што ако ѝ се случило тоа на Лиза? Зар сум јас обврзан да ја спасувам честа на семејството?" Ги спомнувам овие подлости за да покажам до која мера уште не бев сигурен во распознавањето на злото и доброто. Ме спасуваше само чувството: знаев дека е Лиза несреќна, дека е мајка ми несреќна и тоа го знаев по чувството кога ќе помислев на нив и затоа чувствував дека сето тоа што се случи, веројатно, не е добро.

Сега однапред споменувам дека настаните од тој ден до катастрофата, до мојата болест, се редеа со толкава брзина што и јас самиот, кога ќе се сетам, се чудам како сум можел да ги издржам, како не ме згмечила судбината; тие ми го ослабија разумот, дури и чувството, а ако на крајот, станувајќи неотпорен, извршев злосторство (а злосторството за малку што не се случи), многу е веројатно дека поротата би ме ослободила на суд. Но ќе се потрудам сè да прикажам во строг ред, иако напоменувам дека тогаш во моите мисли имаше малку ред. Настаните налетуваа како ветар и моите мисли се виореа во главата како суви есенски лисја. И бидејќи целиот бев составен од туѓи мисли, од каде можев да земам мои, кога ми беа потребни за самостојни одлуки? А немам кој да раководи со мене.

Решив да одам кај кнезот, вечерта, за да разговараме за сè во полна слобода, а до вечерта останав дома. Но на стемнување добив преку месната пошта пак едно писменце од Стебељков, во три реда, со неодложна и „најљубезна" молба да го посетам утре изутрина околу единаесет часот, „поради една многу важна работа, во што и сами ќе се уверите". Откако размислив за тоа, решив да постапам според приликата, зашто до утре беше уште доста далеку.

Беше веќе осум часот; одамна би отишол, но непрестојно го очекував Версилов: имав желба многу нешто да му изнакажувам и срцето ми гореше. Но Версилов не доаѓаше, ниту дојде. Да одам кај мама и Лиза, засега ми беше невозможно, а чувствував дека ни Версилов не бил таму цел ден. Тргнав пешки и

уште патем се присетив да ѕирнам во вчерашната гостилница на каналот. И навистина, Версилов седеше на истото место како и вчера.

– Знаев дека ќе дојдеш ваму! – ми рече тој насмевнувајќи се чудно и погледнувајќи ме необично. Неговата насмевка беше злобна; таква насмевка одамна не бев видел на неговото лице.

Седнав крај масата и му раскажав од почеток за сè што се случило меѓу кнезот и Лиза и вчерашната моја сцена кај кнезот, по коцкањето; не ја заборавив ни мојата добивка на рулетот. Тој ме слушаше внимателно и повторно ме праша за кнезовата одлука да се ожени со Лиза.

– Pauvre enfant[1]), можеби со тоа ништо нема да добие. Но, веројатно, до тоа нема ни да дојде ... иако е тој во состојба ...

– Кажете ми како на пријател: вие сте знаеле ли за тоа, сте претчувствувале ли?

– Драги пријателе, што можев јас? Сето тоа е работа на чувства и на туѓа совест, иако се однесува тоа на оваа кутра девојка. Ти повторувам: доста во свое време скокав во туѓа совест, тоа е најнеблагодарна работа! Во случај на несреќа нема да откажам моја помош, доколку ќе имам сила и ако умеам; а ти, драги мој, ти навистина за сето време во ништо ли не се сомневаше?

– Но како можевте, – извикав целиот разгорен – како можевте, ако сте имале макар и една сенка на сомневање во мене дека ми е позната врската на Лиза со кнезот и сте виделе дека во тоа време земам пари од кнезот – како можевте и да разговарате со мене, да ми подавате рака, мене, кога моравте да го сметате за никаквец, зашто можам да се обложам дека сигурно сте подозирале оти јас знам сè и земам пари од кнезот поради сестра ми, свесно!

– И тоа е работа на совеста! – се насмевна тој. – И од каде знаеш ти, – продолжи тој со некакво загадочно чувство – од каде знаеш ти дека јас не сум се плашел, како и ти вчера во еден друг случај, да не го изгубам

---

[1]) Кутрото дете.

мојот „идеал“ и наместо моето пламено и чесно момче да не најдам неранимајко? Во тоа страхување го одлагав часот. Зошто не претположиш кај мене, наместо мрзливост, лукавсто и нешто поневино и поглупо, но поблагородно? Que diable! Јас многу често сум глуп и без благородност. Што би вредел ти за мене кога веќе би имал такви склоности? Да се убедува и исправа, во таквите случаи е ниско; ти би ја загубил во моите очи секоја вредност, дури и кога би се поправил . . .

– Но Лиза сепак ја жалите ли?

– Многу ја жалам, драги мој. По што си заклучил дека сум толку без чувство? . . . Напротив, ќе се потрудам со сите сили . . . Но, а ти к а к о с и, како одат т в о и т е работи?

– Да ги оставиме моите работи; сега немам м о и работи. Слушајте, зошто вие не верувате дека тој ќе се ожени? Вчера бил кај Ана Андреевна и најпосле ја одбил . . да, то ест оној глупав план . . . оној што се родил во главата на кнезот Николај Иванович – да ги провенча. Одбил дефинитивно.

– Навистина ли? А кога станало тоа? И кој ти кажа? – почна тој да се распрашува љубопитно. Му раскажав сè што знаев.

– Хм . . . – рече тој замислено и како размислувајќи во себе – тоа, значи, се случило токму еден час . . . пред едно друго објаснување. Хм . . . да, се разбира, до слично објаснение меѓу нив можело да дојде . . . макар што сепак ми е познато дека таму досега ништо не е спомнувано, ниту сторено, ни од едната ни од другата страна . . . Се разбира, доволни се два збора, па сè да биде објаснето. Но, еве во што е работата, – се насмевна тој наеднаш чудно – јас сега секако ќе те заинтересирам со една необична вест: дека твојот кнез вчера ја барал за жена Ана Андреевна (што јас, знаејќи, помалку или повеќе, за Лиза, никако не би го допуштил, entre nous soit dit[1]), Ана Андреевна сигурно и во секој случај веднаш би го одбила. Ти, ми се чини, многу ја сакаш Ана Андреевна, ја уважуваш и ја цениш? Тоа е многу убаво од тебе и

[1]) Речено меѓу нас (Нека остане меѓу нас).

затоа веројатно и ќе се зарадуваш поради неа: таа, драги мој, се омажи и, судејќи по нејзиниот карактер, верувам дека до венчавање ќе дојде, а јас, јас, се разбира, ѝ го давам мојот благослов.

– Се омажи ли? А за кого? – извикав ужасно изненаден.

– Ајде погоди. Не сакам да те мачам: за кнезот Николај Иванович, за твојот мил старец.

Го гледав со оцарени очи.

– Сигурно одамна го имала тој план, и, се разбира, таа вешто го обработила од сите страни! – продолжи тој намерно нагласувајќи. – Мислам дека тоа се случило точно еден час по посетата на „кнезот Серјожа". (Овој баш во невреме се растрчал!) Просто дошла кај кнезот Николај Иванович и побарала да се ожени со неа.

– Како „побарала"? Веројатно дека тој неа ја побарал?

– Ама од каде тој! Таа, токму таа, затоа е тој толку и восхитен. Тој, велат, само седи и се чуди како му текнало тоа нему. Чув дека дури се разболил . . . веројатно, исто така, од блаженство.

– Слушајте, вие зборувате толку подбивно . . . скоро не можам да ви верувам. А како можела тоа да му го предложи? Што му рекла?

– Биди уверен, драги пријателе, дека искрено се радувам, – одговори тој станувајќи наеднаш сериозен, – тој е стар, се разбира, но може да се жени по сите закони и обичаи, а што се однесува до неа – тоа е пак работа на туѓа совест, она за кое веќе ти зборував, драги мој. Впрочем, таа е доволно паметна за да има свое мислење и свои решенија. Што се однесува од поединостите и со какви зборови се послужила, тоа, драги пријателе, не би умеел да ти го кажам. Во секој случај, таа умеела да ја нареди работата така како што ние двајцата не би можеле да ја смислиме. Најубаво во сето тоа е тоа што сѐ е изведено без никаков скандал, сѐ trés comme il faut[1]) во очите на општеството. Се разбира, јасно е дека таа сакала да си создаде

[1]) Отмено, како што треба.

себеси положба во општеството, но таа навистина и ја заслужува. Сето тоа, драги мој, е сосема обична работа во отменото општество. А сигурно својот предлог го изнесла беспрекорно и отмено. Таа е тип на строга жена, девојка-калуѓерка, како што ти, драги пријателе, ја окарактеризира еднаш; „студена девојка", како што веќе одамна ја нарекувам. Таа е донекаде веќе негова воспитаница, тоа ти е познато и веќе не еднаш ја видела неговата добрина спрема себе. Веќе одамна ме уверуваше дека „толку го уважува и толку го цени, толку го жали и дека го симпатизира", и така натаму, што делумно веќе бев подготвен. За сето тоа изутринава ме извести (а таа го замолила за тоа) мојот син, а нејзиниот брат Андреј Андреевич, со кого ти не се познаваш, ми се чини, и со кого се гледам точно еднаш во половина година. И тој го одобрува нејзиниот чекор со полна почит.

– На тој начин работата е веќе јавна? Боже, колку сум изненаден.

– Не, уште не е јавна, уште извесно време . . . не сум упатен доволно, воопшто, воопшто сум настрана. Но сè е вистина.

– А што ќе прави сега Катарина Николаевна? . . . Што мислите вие, многу ли ќе му се допадне ова на Бјоринг?

– Не знам . . . што би имало тука да не му се допаѓа; но верувај ми дека Ана Андреевна и во таа смисла е во најголема мера на свое место. А што ти е таа Ана Андреевна! Уште вчера претпладне ме праша: „Дали ја сакам госпоѓата вдовица Ахмакова?" Се сеќаваш ли дека вчера со изненадување ти раскажував: зашто таа не би можела да појде за таткото, кога би се оженил јас со ќерката. Разбираш ли сега?

– Ах, навистина! – и викав јас. – Но зар Ана Андреевна навистина имала причина да мисли дека вие . . . би можеле да посакате да се ожените со Катерина Николаевна?

– Очигледно е дека е така, драги пријателе; а, впрочем . . . а впрочем, изгледа дека е време да одиш таму каде што си тргнал. Мене, гледаш, непрекинато ме боли глава. Ќе ги оставам да ја свират Лучија. Ја

сакам свеченоста кога ми е здодевно ... инаку, за тоа веќе ти зборував ... Бескрајно се повторувам ... Впрочем, можеби ќе одам одовде. Те сакам, драги мој, но збогум; кога ме боли глава или заб, секогаш сакам да бидам сам.

– На лицето му се појави некаква болна сенка, сега верувам дека тогаш го болеше глава, особено главата ...

– До видување утре! – му реков јас.

– Зошто утре и што ќе стане утре? – се насмевна тој кисело.

– Ќе дојдам јас кај вас или вие кај мене.

– Не, јас нема да дојдам кај тебе, туку ти ќе претрчаш кај мене ...

Во неговото лице имаше нешто многу мрачно, но мене веќе не ми беше ни до него; таков настан!

III

На кнезот навистина не му беше арно, а седеше дома сам со влажна крпа околу главата. Ме чекаше нестрпливо; но него не го болеше само глава, туку повеќе беше болен морално. Пак напоменувам: во сето тоа последно време, сѐ до самата катастрофа, сѐ некако имав работа со толку возбудени луѓе што сите се однесуваа како поулавени, така што и јас самиот и не сакајќи морав речиси да се заразам. Признавам, дојдов кај него со непријателски чувства, а ми беше срам што вчера пред него плачев. Но сепак тој и Лиза умееја толку вешто да ме измамат, што не можев да не видам дека сум глупак. Со еден збор, кога влегов кај него, во мене звучеа лажни жици. Но брзо отпадна сето тоа што беше наместено и лажно. Морам да бидам праведен: штом паѓаше и исчезнуваше неговата доверба, тој се предаваше докрај; во него се појавуваа црти речиси на детска нежност, доверба и љубов. Со солзи во очите ме бакна и веднаш почна да зборува за работата ... Навистина, му бев многу потребен: во неговите реченици и во текот на мислите имаше необично многу неред.

Ми ја соопшти својата наполно цврста намера да

се ожени со Лиза, и тоа што поскоро. – Тоа што таа не е благородничка, верувајте, не ме задржува ни за миг! – ми рече тој. – Дедо ми се оженил со робинка, која била пејачка во спахискиот театар на еден сосед благородник. Се разбира, моето семејство полагаше некои надежи во мене, но сега ќе мора да се откаже од нив, а тоа ќе дојде и без борба. Сакам да прекинам со сè досегашно, и тоа конечно! Сè ќе биде поинаку, сè ќе биде ново! Не знам зошто ме засака вашата сестра; но што се однесува до мене, знам дека без неа можеби повеќе не би бил жив. Ви се колнам од длабочината на душата дека мојата средба со Лиза во Луга ја сметам за прст божји. Јас мислам дека таа ме засака поради „бескрајната длабочина на мојот пад“ ... Впрочем, дали можете тоа да го сфатите, Аркадиј Макарович?

– Наполно! – изговорив искрено со убеден глас.

Седев во фотелјата крај масата, а тој шеташе по собата.

– Морам да ви ја раскажам историјата на нашата средба и нема ништо да премолчам. Почна со мојата душевна тајна за која единствено таа дозна, зашто единствено нејзе ѝ ја доверив. И никој досега не знае за неа. Во Луга тогаш дојдов со очај во душата, а живеев кај Столбеева, не знам зошто, можби затоа што сакав да бидам наполно сам. Токму тогаш ја бев напуштил службата во полкот. Во тој полк стапив по враќањето од странство, по онаа средба во странство со Андреј Петрович. Тогаш имав пари, трошев многу, живеев на голема нога; а моите другари офицери не ме сакаа, иако се трудев да не ги навредам. И ви признавам дека никој никогаш не ме сакал. Во полкот имаше и еден потпоручник, некој Степанов, морам да кажам, еден наполно празен, безначаен и дури затапен човек со еден збор: човек кој со ништо не се истакнуваше. Впрочем, неоспорно чесен. Тој се прилепи за мене, пред него не се притеснував, седеше кај мене во аголот молчејќи по цели денови, но достоинствено, не пречејќи ми ни малку. Еднаш му раскажав една новост за која тогаш се зборуваше, но во која вплеткав многу бесмислици, за тоа дека ќерката на полковникот не е рамнодушна спрема мене и дека полковникот, сметајќи

со мене, прави сè што сакам јас ... Со еден збор, минувам преку подробностите, од сето ова стана многу замрсена и одвратна сплетка. Но таа не потече од Степанов, туку од еден мој војник, кој сè прислушнувал и запомнил, зашто тоа беше смешна историја која компромитува една дама. И тој војник на сослушувањето пред офицерите, кога се дозна за сплетката, се повика на Степанов како сведок: то ест дека јас тоа сум му го раскажувал на Степанов. Степанов беше во таква положба што не можеше да порекне дека чул; тоа беше работа на честа. А бидејќи две третини од оваа анегдота сам измислив, офицерите многу се налутија и командантот на полкот мораше сите да нè повика и да ја расчисти работата. И тука на Степанов му поставија прашање пред сите: дали чул или не? И тој ја кажа целата вистина. А што сторив јас тогаш, јас, илјадагодишен кнез? Јас порекнав, и на Степанов в очи му реков дека лаже, на учтив начин се разбира, то ест во таа смисла дека тој „погрешно разбрал" и слично ... Пак преминувам преку подробноста, но мојата положба беше дотолку поповолна што можев, не без извесна веројатност, поради тоа што Степанов често доаѓаше кај мене дома, да ја претставам работата, така како божем Степанов се договорил со мојот војник со некаква намера. Степанов само ме погледна молчејќи и ги собра рамениците. Се сеќавам на неговиот поглед и никогаш нема да го заборавам. Веднаш потоа поднесе оставка, но што мислите, што се случи? Офицерите, сите до еден, му отидоа во посета и го наговорија да ја повлече оставката. По две недели излегов од полкот: никој не ме тераше, никој не ме повика да излезам; како причина за оставката ги изнесов семејните прилики. Со тоа се сврши работата. Во почетокот за тоа повеќе не водев сметка, туку уште се лутев на други. Живеев во Луга, се запознав со Лизавета Макаровна; но подоцна, по еден месец, веќе гледав во мојот револвер и помислував на смрт. Јас сите работи ги гледам црно, Аркадиј Макарович. Му напишав писмо на командантот на полкот и на другарите во кое наполно ја признав својата лага и ја рехабилитирав честа на Степанов. Откако го напишав писмото,

си го поставив себеси прашањето: „Дали да го испратам писмото и да живеам, или да го испратам и да умрам?“ Никогаш не би бил кадар да најдам одговор на прашањето. Случај, еден слеп случај направи, по еден краток и чуден разговор со Лизавета Макаровна, наеднаш да се спријателам со неа. И дотогаш таа доаѓаше кај Столбеева, кај која се гледавме, но ретко некогаш разговаравме. Јас ѝ доверив сѐ. И тогаш таа ми подаде рака.

– Како го реши таа тоа прашање?

– Не го испратив писмото. Таа реши да не го испраќам. Вака го мотивираше: ако го испратам писмото, точно е дека тоа ќе биде благородна постапка, доволна да ја измие извалканоста и дури многу повеќе; но ќе можам ли јас тоа да го поднесам? Таа беше на мислење дека тоа ги надминува силите на секого, зашто со тоа се упропастува иднината и се оневозможува воскреснување во нов живот. Друго ќе беше ако Степанов настрадаше; но него офицерите и без тоа го рехабилитираа. Со еден збор – парадокс; но таа ме одврати и јас исцело ѝ се предадов.

– Решила езуитски, но женски! – извикав јас. – Таа уште тогаш ве сакала!

– Тоа и ме прероди за нов живот. Се зареков дека ќе се изменам, ќе го прекинам досегашниот живот, ќе се оправдам пред себеси и пред неа – и еве со што заврши сѐ! Заврши со тоа што со вас одев по коцкарници, играв на рулет. Не можев да ѝ се спротивставам на желбата за наследство, ѝ се радував на кариерата, на сите овие луѓе, коњи . . . ја мачев Лиза – срамота!

Го протри челото со рака и продолжи да шета по собата.

– Мене и вас нѐ стигна нашата руска судбина, Аркадиј Макарович: вие не знаете што треба да правите, ни јас не знам што треба да правам. Кога Русинот само малку ќе излезе надвор од утврдениот колосек, озаконет со обичаите, веднаш не знае што треба да прави. Во колосекот е сѐ јасно: приходот, чинот, положбата во општеството, колата, посетите, службата, жената, а штом нешто ќе се случи, тогаш, што? Лист завиорен од ветрот. Не знам што да правам! Овие два

месеца настојував да се одржам во колосекот, го засакав колосекот, влегов во колосекот. Вие уште не знаете колку длабоко сум паднал: јас ја сакав Лиза, искрено ја сакав, а во, исто време, мислев на Ахмакова!

– Зар? – извикав со болка. – Навистина, кнезу, синоќа рековте нешто за Версилов – дека ве подбуцнувал за некаква подмолност против Катерина Николаевна?

– Можеби сум претерал, па во својата недоверливост сум згрешил и спрема него и спрема вас. Оставете го тоа. Или зар мислите дека можеби за сето време, по доаѓањето од Луга, не сум мислел на својот висок животен идеал? Ви се колнам, никогаш не сум го заборавил и непрестајно ми лебдеше пред очите, и ни малку во мојата душа не изгубил од својата убавина. Ја помнев клетвата што ѝ ја дадов на Лизавета Макаровна дека ќе се преродам. Кога Андреј Петрович вчера овде ми зборуваше за благородништвото, бидете уверен, не ми кажа ништо ново. Мојот идеал е на цврста основа: неколку десетини хектари земја (зашто веќе речиси ништо не ми остана од наследство); потоа полн, најполн прекин со општеството и со кариерата; селска куќа, семејство, а јас – земјоделец или нешто слично. О, во нашето семејство тоа не е никаква новина: стрико ми ја обработувал земјата со раце, дедо ми исто така. Ние сме само илјададигодишни кнезови и благородни како Рогановци, но сме сиромашни. Вака би ги научил и своите деца: „Секогаш да се сеќаваш, целиот свој живот, дека си благородник, дека во твоите жили тече света крв на руските кнезови, но не срами се од тоа што татко ти сам ја орал земјата: тој го работел тоа к н е з о в с к и". Јас не би им оставил имот, освен она парче земја, но затоа би им дал повеќе образование и би сметал дека тоа ми е должност. О, тука би ми помогнала Лиза. Лиза, деца, работа; о, колку мечтаевме за сето тоа, овде заедно мечтаевме, баш во овие соби, но во исто време мислев и на Ахмакова, иако таа жена ни малку не ја сакам и помислував за можноста за богата женачка во отменото општество! И дури по веста што ја донесе вчера Нашчокин, за Бјоринг, се решив да одам кај Ана Андреевна.

– Но вие кај неа сте отишле за да прекинете ли? Јас мислам дека е тоа чесно од вас.

– Мислите? – застана тој пред мене. – Не, вие уште не ја познавате мојата природа! Или . . . или ни самиот тука нешто не знам: зашто тука мора да не е една природа. Јас искрено ве сакам, Аркадиј Макарович, а освен тоа длабоко згрешив спрема вас за овие два месеца и поради тоа сакам, како брат на Лиза, да знаете сè: јас одев кај Ана Андреевна да ја молам да се омажи за мене, а не да прекинам.

– Возможно ли е тоа? Ама Лиза ми рече . . .

– Ја излажав Лиза.

– Дозволете: вие формално сте ја побарале Ана Андреевна и таа ве одбила? Така ли е? Така ли е? Овие подробности ми се, кнезу, извонредно важни?

– Не, воопшто не сум ја барал, но само затоа што не стигнав; таа самата ми стави на знаење, не отворено, се разбира, но сепак премногу прозирно, и јасно, и „фино" ми навести дека е тој план невозможен.

– Значи дека сепак не сте ја побарале и дека вашата гордост не е навредена!

– Зар можете така да судите! А мојата сопствена совест, а Лиза што ја измамив и . . . сакав да ја оттурнам? А заклетвата што си ја дадов себеси и на сите свои предци, дека ќе се препородам и дека ќе ги откупам сите мои поранешни нечесности! Ве молам на Лиза да не ѝ кажувате ништо за ова. Можеби таа не би била во состојба само тоа да ми го прости! Од вчера сум болен. Всушност, изгледа дека сега е веќе сè свршено, последниот кнез Сокољски ќе отиде на робија. Кутрата Лиза! Цел ден жедно ве очекував, Аркадиј Макарович, за да ви го откријам, како на брат на Лиза, она што таа уште не го знае. Јас сум злосторник, зашто сум соучесник во фалсификувањето на акциите на – ската железничка пруга.

– Што значи тоа? Каква робија? – скокнав јас гледајќи го зачудено.

Неговото лице изразуваше најдлабок, црн безизлезен жал.

– Седнете! – рече тој, па и самиот седна на фотелјата спроти мене. – Пред сè да ви ги раскажам факти-

те: има повеќе од една година, токму она лето во Емс кога беа таму Лидија и Катерина Николаевна и кога потоа заминав во Париз на два месеца, во Париз останав без пари, се разбира. Таму однекаде се најде Стебељков, како, впрочем, уште порано го познавав. Тој ми даде пари и ми вети дека уште ќе ми даде; но бараше и јас да му помогнам нему: му беше потребен некој уметник, цртач, гравер, литограф и слично, хемичар и техничар, и – сето тоа со извесна цел. И што мислите? Знаеше каков е мојот карактер – мене сето тоа ми беше само смешно. Работата е во тоа што од училишната клупа се познавав со еден човек кој сега живее како руски емигрант, иако не е Русин по потекло, живее некаде во Хамбург. Уште порано еднаш тој беше замешан во една афера во фалсификување на некои хартии од вредност. Ете, на тој човек сметаше Стебељков, но му беше потребна препорака до него, па ми се обрна мене. Му дадов два реда и веднаш ја заборавив целата работа. Подоцна уште двапати доаѓаше кај мене и тогаш од него добив сè на сè околу три илјади рубли. Сето тоа буквално и сум го заборавил. Овдека за сето време земав од него пари на меница и на заложби, а тој пред мене се виткаше како црв, а вчера наеднаш од него за првпат дознав дека сум злосторник.

– Кога вчера?

– Да, вчера, кога изутрината му викав во кабинетот пред да дојде Нашчокин. Тој за првпат и наполно отворено се осмели да ми зборува за Ана Андреевна. Кренав рака за да го удрам, но тој наеднаш стана и рече дека јас сум со него солидарен и дека треба да имам на ум оти сум негов соучесник и ист таков ајдук како него – со еден збор, иако зборовите не се исти, но смислата е таа.

– Каква бесмислица! Па не ли е тоа само плод на фантазија?

– Не, тоа не е фантазија. Беше денеска кај мене и ми ја објасни работата поподробно. Тие акции се веќе одамна во поромет и уште ќе бидат, но изгледа дека на некои места веќе се откриени. Се разбира, јас сум да-

леку од тоа, но „сепак, вие тогаш повелете да го дадете она писменце“ – ете тоа ми го рече Стебељков.

– Но вие не сте знаеле во што е работата?

– Знаев! – одговори кнезот тивко и го наведна погледот. – То ест, гледате, и знаев и не знаев. Се смеев на сето тоа, го сметав за шега. На ништо тогаш не мислев, дотолку помалку што тогаш ни малку не ми беа потребни лажни акции и што немав никакви врски со фалсификувањето. Но, сепак, оние три илјади рубли што ми ги даде тогаш не ми ги стави на сметката; и јас тоа го дозволив. Впрочем, од каде знаете вие, можеби и сум фалсификатор? Не сум можел да не знам што е тоа, не сум дете; знаев, но сето тоа ме забавуваше, и на тој начин сум им бил од помош на тие никаквеци и робијаши . . . сум бил од помош за пари! Значи, и јас сум фалсифактор!

– О, вие претерувате; виновен сте, но претерувате!

– Тука има уште еден човек, некој Жибељски, уште е момче, од судската струка, еден вид адвокатски приправик. И тој е соучесник во тие акции. Тој еднаш ми дојде, испратен од оној господин во Хамбург поради некои ситници, се разбира ни јас самиот не знам, зошто, но за акциите не стана ни збор . . . Па сепак, кај него се зачувани два мои своерачни документи, сè писма од два реда, и ете, тие се, исто така, доказ; тоа денеска добро го разбрав. Стебељков објаснува дека тој Жибељски станува опасен. Украл нечии пари, изгледа државни, но има намера да украде, уште, и потоа да емигрира; потребни му се осум илјади рубли, не помалку, како помош за емиграција. Мојот дел од наследството би му бил сосем доволен на Стебељков, но Стебељков вели дека е потребно да се задоволи Жибељски . . . Со еден збор, треба да се откажам од мојот дел од наследството и да дадам уште десет илјади – тоа е нивниот последен збор. И тогаш ќе ми ги вратат моите писма. Тие се – јасно – во договор.

– Очигледна бесмислица! Ако ве поткажат, ќе се издадат и себеси! Поради тоа нема да ве поткажат.

– Така е. Но тие не ми се ни закануваат дека ќе ме поткажат; тие само велат: „Ние, се разбира, нема да ве поткажеме, но во случај работата да се открие тогаш“

. . .; ете, тоа е сѐ што велат тие и јас мислам дека е тоа доста! Работата не е во тоа: макар ова и да не се открие, па и да ги имам оние писма во својот џеб, но да бидам солидарен со овие ајдуци, да им бидам другар вечно, вечно! Да ја лажам Лиза, да ја лажам својата совест!

– Дали знае Лиза за тоа?

– Не, таа не знае сѐ. Во својата сегашна положба таа тоа не би можела да го поднесе. Уште го носам мундирот на својот полк и секогаш кога ќе сретнам војник од мојот полк, секој момент сум свесен дека не сум достоен да го носам тој мундир.

– Слушајте, – извикав јас наеднаш – тука нема што да се разговара; вие имате еден единствен начин да се спасите: појдете кај кнезот Николај Иванович, земете на заем од него десет илјади, замолете го, не откривајте му ништо, повикајте ги потоа оние два ајдука, пресметајте се со нив и откупете ги своите писма . . . и сѐ е свршено! Целата работа ќе биде свршена, а вие тогаш зафатете се со обработување земја! Оставете ја фантазијата и доверете му се на животот!

– На тоа и помислував! – рече тој со цврст глас. – Решавав денеска цел ден и најпосле се решив. Само вас ве чекав; ќе одам кај него. Знаете ли дека уште никогаш во животот ни една копејка не сум позајмил од кнезот Николај Иванович. Тој е добар спрема нашето семејство и тоа доволно го докажал, но јас лично никогаш не сум зел пари од него. Но сега решив . . . Треба да знаете, нашиот род Сокољски е постар од родот на кнезот Николај Иванович; тие се помлада линија, дури странична, скоро спорна . . . Нашите предци биле скарани. Во почетокот на реформите на Петар Велики, мојот прапредедо, кој, исто така, се викал Петар, во вториот брак бил оженет со неблагородничка . . . И тогаш се издигнале овие други Сокољски, но . . . за што зборувам јас?

Беше многу премален и речиси се занесе во говорот.

– Смирете се, – станав и ја зедов шапката – легнете и наспијте се, тоа пред сѐ . . . А кнезот Николај Иванович нема ништо да ви одбие, особено сега кога е

среќен. Позната ли ви е последната новост? Зар уште не знаете? Чув неверојатна работа – дека кнезот се оженил; тоа е уште една тајна, но не за вас, се разбира.

И му раскажав сè, држејќи ја уште шапката в рака. Нему ништо не му беше познато. Тој брзо се распрашуваше за подробности, особено за времето, местото и́ за тоа дали е веста доволно сигурна. Се разбира, не му премолчив дека тоа, според кажувањето, се случило веднаш по неговата вчерашна посета на Ана Андреевна. Не сум во состојба да изразам каков болен впечаток му остави оваа вест; лицето му се измени, некако се искриви, под лажната насмевка грчовито му се стегнаа усните; на крајот ужасно побледи и длабоко се замисли, наведнувајќи ги очите. Тогаш ми беше јасно дека неговото самољубие е страшно погодено со вчерашното одбивање на Ана Андреевна. Можеби во неговата болна расположба му се сторила премногу осветлена во тој момент неговата вчерашна смешна и понижувачка улога пред таа девојка, во чија согласност, како што се виде сега, за сето време бил толку спокојно уверен. И го печеше, можеби, мислата дека сторил таква подмолност спрема Лиза и тоа залудно! Интересно е тоа за какви се сметаат овие отмени гиздавци, еден со друг, и врз основа на што еден со друг се уважуваат; требаше овој кнез да претположи дека Ана Андреевна знае за неговата врска со Лиза, која е, всушност, нејзина сестра, а ако не знае, еден ден сигурно ќе дознае; но тој сепак „не се сомневал во нејзината согласност!“

– И зар вие навистина можевте да помислите – го крена тој наеднаш погледот кон мене гордо и надмено – дека јас, јас ќе бидам способен сега, по таквото соопштение, да одам кај кнезот Николај Иванович и него да го молам за пари? Него, свршеникот на девојката која вчера ме одби – каква беда, какво лакејство! Не, сега сè пропадна и, ако помошта од тој старец беше последната надеж, нека пропадне и таа надеж!

Во душата се согласив со него, но на стварноста сепак требаше да се гледа пошироко: дали стариот кнез навистина беше човек, свршеник? Во мојата глава

се родија неколку планови. И без тоа, впрочем бев решил утредента да појдам кај старецот. А сега гледав да го намалам впечатокот од мојата вест и кутриот кнез да го наговорам да легне да спие! „Наспијте се, и мислите ќе ви бидат поведри, ќе видите и самиот!“ Тој топло ми ја стисна раката, но сега не се бакнавме. Му ветив дека ќе му дојдам утревечер, па „ќе разговараме, разговараме, зашто се насобрани многу нешта за кои треба да разговараме“. При овие мои зборови тој некако злокобно се намевна.

ОСМА ГЛАВА

I

Целата оваа ноќ сонував рулет, коцка, злато, пресметки. Сè сметав како да сум крај коцкарска маса, некаков влог, некаков изглед на добивка и тоа ме давеше цела ноќ како некој кошмар. Вистина да кажам, во текот на целиот претходен ден, без оглед на сите силни впечатоци што ги имав, секој момент мислев на мојата добивка на коцка кај Зершчиков. Се трудев да ја заборавам мислата, но не можев да се ослободам од впечатокот, и ќе затреперев, штом ќе се сетев. Оваа добивка ме касна за срце. Не сум ли јас роден коцкар? Барем едно е сигурно: дека имам особини на коцкар. Дури и сега кога сево ова го пишувам, понекогаш со задоволство мислам на коцката. Ми се случува понекогаш цели часови да поминам седејќи и молчејќи, со коцкарски сметки во главата и фантазирајќи за тоа како се коцкам и како добивам. Да, имам многу разни „особини" и имам немирна душа.

Околу десет часот имав намера да одам кај Стебељков, и тоа пеш. Матвеја го отпуштив штом се пријави. Пиејќи кафе, размислував. Поради нешто бев задоволен; кога се загледав во себеси, се сетив дека сум задоволен главно поради тоа „што денеска ќе бидам кај кнезот Николај Иванович". Но тој ден беше фатален во мојот живот и полн со изненадување и веднаш почна со изненадување.

Точно во десет часот ширум се отвори мојата врата и во собата втрча Татјана Павловна. Сè можев да очекувам, само не нејзината посета, па скокнав исплашен. Лицето ѝ беше како на фурија, бесно мавташе со рацете и да ја прашаше некој зошто дотрча кај мене, ни самата не би знаела да каже зошто. Однапред напоменувам: таа малку пред тоа дознала за една необична новост што ја зачудила, па беше под првиот нејзин впечаток. Таа вест се однесуваше и на мене. Впрочем, таа кај мене помина половина минута, или најмногу една минута, сигурно не повеќе.

– Значи, така ти! – Застана пред мене, целата наведнувајќи се напред. – Ах, куче ниедно! Што си сторил? Зар уште не знаеш? И пие кафе! Ах, ти дрдорко, ах, ти, лапниурдо, ах, ти, хартиен љубовнику . . . такви како што си ти треба со прачка да се бијат, со прачка, со прачка . . .

– Татјана Павловна, што станало? Што се случило? Мама ли? . . .

– Ќе чуеш! – грозно се развика таа, истрча од собата и ја снема. Сакав, се разбира, да потрчам по неа, но ме запре помислата, всушност, тоа не беше помисла, туку некој темен немир: претчувствував дека „хартиен љубовник" во нејзиното вревење беше главниот збор. Се разбира, сè не би можел да погодам сам и јас брзо излегов за да ја свршам што побрзо работата со Стебељков и да отидам кај кнезот Николај Иванович. „Таму е клучот за сè!" – си помислив инстинктивно.

Чудно е на кој начин разбрал, но Стебељков веќе знаеше сè за Ана Андреевна и дури во подробности; нема да го опишувам неговиот разговор и неговите гестови, но тој беше восхитен, надвор од себеси поради „вешто изведената работа".

– Тоа е жена! Ах, тоа е жена! – извикуваше тој. – Не, таа не работи како нас! Ние овде седиме и ништо, а таа посакала да се напие водичка на самиот извор – и се напила. Тоа е . . . тоа е класична статуа! Тоа е класична статуа на Минерва, само што се движи и носи модерни алишта!

Го замолив да мине на работата; целата работа, како што однапред и замислував, се состоеше во тоа кнезот да се наговори и согласи да побара најпосле помош од кнезот Николај Иванович. „Инаку, можеби, многу лошо ќе мине и тоа против мојата волја; така ли е, или не е така?"

Ми се загледа в очи, но како да не насетуваше дека јас од вчера нешто повеќе сум разбрал. Не ни можеше да насети: само по себе се разбира дека изречно ни со навестување не се издадов дека знам за „акциите". Не се објаснувавме долго, тој веднаш почна да ми нуди пари, и тоа „многу, многу, само направете кнезот да отиде и да замоли. Работата е итна, многу итна, во тоа е и сè, што е работата многу итна!"

Не сакав да му се противам и да се расправам со него како вчера, туку станав да си одам, велејќи му дека за секој случај ќе „се погрижам". Но тој наеднаш бескрајно ме изненади: веќе стигнав до вратата, а тој неочекувано ме фати со рака околу половината и почна да ми зборува . . . многу неразбирливи зборови. Минувам преку подробностите и нема да го приведувам целиот тек на разговорот за да не ги заморувам читателите. Смислата беше таа што ми предложи да го „запознаам со господинот Дергачев бидејќи вие таму одите!"

Јас веднаш се притаив трудејќи се да не се издадам со никакво движење, но, впрочем, веднаш му одговорив дека таму со никого не се познавам и дека таму сум бил само еднаш случајно.

– Но штом сте биле п р и м е н еднаш, можете да отидете и вторпат, така ли е, или не е така?

Го прашав, отворено, но наполно ладнокрвно, зошто му е потребно тоа. И дури ни сега не можам да разберам како може до таа мера да биде наивен човек кој очигледно не е глуп, кој е „деловен", како што го оцрта Васин. Тој наполно отворено ми објасни дека тој подозира оти кај Дергачева има „по сè изгледа забранети, строго забранети работи и дека јас, ако тоа го испитам, од сето тоа би можел да извлечам извесна корист." И, насмевнувајќи се, ми намигна со левото око.

Не му одговорив ништо позитивно, туку се направив како да размислувам и „ветив дека ќе размислам за работата“, а потоа брзо излегов. Работите се заплеткуваа: летнав кај Васин и за среќа го најдов дома.

– Ах, и вие! – загадочно ми рече тој кога ме виде.

Не водејќи сметка за оваа негова реченица, минав директно на работата и му раскажав сè. Тој очигледно беше изненаден, иако ни малку не ја губеше ладнокрвноста. Ме распраша за сè во подробности.

– Да не сте го разбрале, погрешно?

– Не, сосем убаво го разбрав, зашто смислата на неговите зборови беше сосем јасна.

– Во секој случај, многу сум ви благодарен! – додаде тој искрено. – Да, навистина, ако сè било така, значи дека е веројатно оти вие не би можеле да му се спротивставите на извесното сомневање.

– А нему, покрај тоа, му е позната мојата положба: многу се коцкав и водев одвратен живот, Васине.

– Тоа сум го чул.

– Најзагадочно ми е тоа што тој знае дека и вие одите таму! – се осмелив да прашам.

– Тој многу добро знае – сосем просто одговори Васин – дека јас таму во ништо не сум заплеткан. А и сите тие момчиња се само дрдорковци и ништо друго; впрочем, вие за тоа најдобро се сеќавате.

Ми се стори како во нешто да не ми верува.

– Во секој случај, многу сум ви благодарен.

– Сум чул дека работите на господин Стебељков не му одат баш најдобро, – се обидов уште да испитувам – барем чув за некакви акции . . .

– За какви акции сте чуле?

Намерно спомнав „акции“ но, се разбира, не за да му ја раскажам вчерашната тајна на кнезот. Сакав само да направам алузија и да оценам по неговото лице, по очите, дали тој нешто знае за тие акции. Ја постигнав целта: по махиналното и моментно движење на неговото лице погодив дека тој за тоа, можеби, нешто знае. Не му одговорив на прашањето: „какви акции“, туку премолчив; а тој, и тоа е интересно, не го продолжи понатаму разговорот за тоа.

– Како е со здравјето Лизавета Макаровна? – праша тој топло.

– Здрава е. Мојата сестра секогаш ве ценела . . .

Очите му светнаа со радост: веќе одамна насетував дека не е рамнодушен спрема Лиза.

– Пред некој ден беше кај мене кнезот Сергеј Петрович! – рече тој наеднаш.

– Кога? – извикав јас.

– Точно пред четири дена.

– Да не бил вчера?

– Не, вчера не беше.

Ме погледна љубопитно.

– Подоцна, еднаш, можеби, ќе ви раскажам за тој наш состанок, но сега наоѓам за потребно да ви обрнам внимание – рече Васин загадочно – дека ми се стори оти е во ненормална душевна состојба и . . . дури умствена. Впрочем, имав уште една посета, – се насмевна тој наеднаш – пред малку, пред да дојдете вие и пак морав и за тој посетител да заклучам дека не е сосем нормален.

– Кнезот ли беше овде пред малку?

– Не, не беше кнезот, не зборувам сега за кнезот. Пред малку овде беше Андреј Петрович Версилов и . . . вие ништо ли не знаете? Зар со него не се случило ништо посебно?

– Можеби и се случило, но што се случило со него кај вас? – прашав јас љубопитно.

– Всушност, би морал да ја чувам тајната . . . Некако чудно разговарам со вас, само за тајни! – пак се насмевна тој. – Но Андреј Петрович бараше од мене да не кажувам. Меѓутоа, вие сте негов син и бидејќи го познавам вашето чувство спрема него, изгледа дека дури многу добро ќе сторам ако ви обрнам внимание. Замислете, ми дојде со прашањето: „Ако случајно овие денови, наскоро, тој мора да се бие во двобој, дали се согласувам да му бидам секундант?“ Јас, се разбира, одбив.

Бев бескрајно изненаден; оваа новост ме вознемири повеќе од сите други: нешто станало, сигурно нешто се случило кое јас не го знам! Наеднаш како молња ми мина низ главата дека Версилов вчера ми

рече: „Нема јас да дојдам кај тебе, туку ти ќе дотрчаш кај мене!“ Летнав кај кнезот Николај Иванович, уште посилно претчувствувајќи дека кај него ќе го најдам објаснувањето. На разделбата Васин уште еднаш ми заблагодари.

II

Стариот кнез седеше пред каминот, со нозе покриени со волнена покривка. Ме пречека со прашален поглед, како да е зачуден што сум дошол, а, меѓутоа, речиси секој ден испраќаше да ме викаат. Инаку со мене љубезно се поздрави, но на моите први прашања одговори малку без волја и страшно расеано. Одвреме навреме изгледаше како да размислува за нешто и секој момент ќе ме погледнеше како да заборавил нешто и како да сакаше да се сети за нешто што без сомневање мораше да се однесува на мене. Му реков отворено дека веќе сум чул сѐ и дека ми е многу мило. На усните веднаш му се појави љубезна и добродушна насмевка и тој оживе; притеснувањето и недоверливоста исчезнаа за миг како да ги заборави. Така и беше.

Драги мој пријателе, знаев дека ти ќе дојдеш прв и, знаеш, уште вчера мислев за тебе: „Кој ќе се зарадува? Тој ќе се зарадува!“ Освен него, никој повеќе, но ништо за тоа. Луѓето имаат лош јазик, но тоа не е важно ... Sher-enfant, сево ова е толку возвишено и толку прекрасно ... Но ти и самиот ја познаваш многу добро. А за тебе Ана Андреевна има високо мислење. Таа – таа има строго и прекрасно лице, како лице од англиските албуми. Таа е најпрекрасна англиска гравура каква што воопшто може да постои ... Пред три години имав цела колекција такви гравури ... Секогаш, секогаш сум ја имал таа намера, секогаш; се чудам само како тоа никогаш не ми дошло на ум.

– Колку што се сеќавам, вие секогаш толку ја сакавте и ја изделувавте од другите Ана Андреевна.

– Драги пријателе, ние никому нема да му сториме лошо. Живот со пријатели, со роднини, со оние што ти се мили во срцето – тоа е рај. Сѐ како во песна ... Со

еден збор, тоа е познато уште од најстарите времиња. Знаеш, летоска прво ќе одиме во Соден, а потоа во Бадгаштајн. Но ти одамна не си бил кај мене, драги пријателе; што станува со тебе? Те чекав непрестајно. Знаеш добро, многу работи се случија оттогаш. Штета само што сум вознемирен: штом ќе останам сам, немам мир. Поради тоа и не треба да останам сам, нели така? И тоа како две и две. Тоа веднаш го разбрав по првите нејзини зборови. О, драги пријателе, ми рече само два збора, но тие ... беа како најубава стихотворба. Впрочем, ти си нејзин брат, зар не е така? Драги мој, не сум те сакал залудно толку многу! Ти се колнам, сето тоа го претчувствував. И ја бакнав раката и заплакав.

Го извади шамичето како да сакаше пак да плаче. Беше многу потресен и изгледа дека неговата состојба беше една од најтешките што можев да ја забележам за сето време на нашето познанство. Обично, и речиси секогаш, беше неспоредливо посвеж и повесел ...

– Јас на сите би им простил, драги пријателе – зборуваше тој понатаму. – Би сакал на сите да им простам, и веќе одамна никому не му се лутам. Мене ми останува уметноста, La poésie dans la vie[1]), помагање на несреќните и таа, библиската убавица. Quelle charmante personne, a? Les chants de salomon ... non, ce n'est pas salomon c'est David qui mettait une jeune belle dans son lit pour se chauffer dans sa vicillesse. Enfin, David, Salomon. Enfin, David, Salomon[2]), сето тоа ми се врти во главата, вистински хаос. Секоја работа, cher enfant, може да биде и величествена и во исто време смешна. Cette jeune belle de la vieillesse de David – c'est tout un poéme[3]), а кај Пол де Кок би испаднало од тоа некаква scene de bassinoire[4]) и сите

---

[1]) Поезијата во животот.

[2]) Колку прекрасно суштество, а? Саломонови песни ... не, не Саломон, туку Давид ја ставал во постела младата убавица за да може да се загрее на старост. Впрочем, Давид, Саломон, впрочем Давид Саломон.

[3]) Таа млада убавица од Давидовата старост – тоа е цела поема.

[4]) Сцена со „постелна греалка".

би се смееле. Пол де Кок нема ни мерка ни вкус, иако има талент ... Катерина Николаевна се смешка ... Реков дека никому нема да му пречиме. Ние го почнавме нашиот роман и нека нè остават да го довршиме. Нека е тоа само сон, но нека не ни го одземаат тој сон.

– Како сон, кнезу?

– Сон? Како сон? Па ете, макар тоа да биде само сон, но нека нè остават барем да умреме со тој сон.

– О, кнезу, зошто да умреме? Треба да живееме, токму сега треба да живееме!

– А што зборувам? Јас тоа непрестајно и го тврдам. Воопшто не знам зошто е животот толку краток. За да не биде здодевен, се разбира, зашто животот е уметничко дело на самиот творец во совршената и беспрекорна форма на Пушкиновите стихови. Краткоста е првиот услов на уметничкото дело. Но кога некому не му е здодевно, треба да му се дозволи да живее подолго.

– Кажете ми, кнезу, дали е оваа работа веќе јавна?

– Не, драги мој, тоа воопшто не е. Ние така и се договоривме. Тоа е чисто семејна, семејна, семејна работа. Засега ѝ ја открив единствено на Катерина Николаевна, затоа што сметам дека спрема неа сум згрешил. О, Катерина Николаевна е ангел, таа е ангел!

– Да, да.

– Дали? И ти ли велиш дека е таква? А јас мислев дека си ти нејзин непријател. Ах, да, навистина, таа ме молеше да не те примам повеќе. И замисли, кога влезе, тоа наеднаш го заборавив.

– Што велите? – скокнав јас. – Зошто? Кога?

(Претчувството не ме излажа; да, нешто слично предвидував уште од утринското доаѓање на Татјана!)

– Вчера, драги мој, вчера, дури и не разбирам како си можел сега да поминеш, зашто се преземени мерки. Како влезе?

– Просто, влегов.

– Тоа е најверојатно. Да сакаше да влезеш со помош на лукавство, би те фатиле, но затоа што си влегол просто, те пропуштиле. Простотата, mon cher, тоа е, всушност, најголемо лукавство.

– Ништо не разбирам: значи, и вие решивте да не ме примате?

– Не, драги пријателе, реков дека во тоа не се мешам . . . Всушност, дадов целосна согласност. А биди уверен, драго мое момче, дека многу те сакам. Но Катерина Николаевна премногу настојуваше . . . И ете!

Во тој момент наеднаш се појави на вратата Катерина Николаевна. Беше облечена за излегување и, како што секогаш порано правеше, наврати кај татка си да го бакне. Кога ме виде, застана, се збуни, брзо се сврти и излезе.

– Voilà[1]) – викна вчудовидениот и ужасно збунет кнез.

– Тоа е недоразбирање! – викнав јас. – Тоа е само моментна заблуда . . . сега, сега ќе се вратам, кнезу!

И отрчав по Катерина Николаевна.

Сè што се случи потоа, се случи толку брзо што никако не можев да се приберам, ниту да се подготвам како да се однесувам. Да можев да се подготвам, се разбира, ќе се однесував поинаку, но вака ја изгубив главата како некое мало детиште. Отрчав во нејзината соба, но лакејот попат ми рече дека Катерина Николаевна веќе излегла и дека се качува в кола. Тогаш вратоломно отрчав по главните скали. Катерина Николаевна слегуваше по нив, во бунда, а покрај неа одеше, или подобро речено, ја водеше еден висок офицер со убава става, во униформа, без шинел, со сабја; шинелот по него го носеше лакејот. Тоа беше баронот, полковникот, можеше да има околу триесет и пет години; беше тип на елегантен офицер, сув, со малку повеќе долгнавесто лице, со костенливи мустаци и дури со трепки. Лицето, вистина, не му беше убаво, но беше остро и предизвикувачки. Го опишувам површно, онака како што го видов во тој момент. Пред тоа никогаш не сум го видел. Трчав по нив, низ скалите, без шапка и без бунда. Катерина Николаевна прва ме виде и брзо му шепна нешто. Тој ја сврти главата и веднаш му даде знак на слугата и на вратарот. Слугата направи еден чекор кон мене веќе на самиот излез, но

---

[1]) Еве! Ете!

јас го оттурнав со рака и излегов по нив на скалите. Бјоринг ѝ помагаше на Катерина Николаевна да седне во кочијата.

– Катерина Николаевна! Катерина Николаевна! – викав не мислејќи ништо (како будала! како будала! о, за сè се сеќавам; бев без шапка).

Бјоринг пак се сврти налутено кон слугата и му викна нешто гласно, еден или два збора, не разбрав. Почувствував дека некој ме фати за лакотот. Во тој момент колата тргна; јас пак викнав и отрчав по кочијата. Катерина Николаевна, тоа го видов, гледаше низ прозорецот на кочијата и беше многу вознемирена. Но во своето брзање трчајќи по неа, и не сакајќи, и не забележувајќи, силно го турнав Бјоринга и, изгледа, многу силно му загазив на ногата. Тој нешто викна, чкртна со забите и со силна рака ме фати за рамото, ме оттурна налутено, така што летнав два-три чекори подалеку. Во тој момент му го подадоа шинелот, тој го наметна, седна во санката и од санката уште еднаш им викна заканувачки на слугата и на вратарот, покажувајќи на мене. Овие ме фатија и ме задржаа: едниот ја фрли на мене мојата бунда, другиот ми ја даде шапката и повеќе не се сеќавам што зборуваа; нешто зборуваа, а јас стоев и ги слушав, ништо не разбирајќи. Наеднаш им свртив грб и избегав.

III

Ништо не сфаќајќи и судирајќи се со минувачите, најпосле, трчаница, стигнав во станот на Татјана Павловна; не ми текна патем да земам кола. Бјоринг ме оттурна во нејзино отсуство! Навистина, јас му згазнав на ногата и тој инстинктивно ме оттурна, како човек на кого му згазиле на мозолец (а можеби навистина сум му згазнал на мозолец!). Но таа тоа го виде, а виде дека ме фаќаат слугите и сето тоа се случуваше пред нејзини очи, пред нејзини очи! Кога дотрчав кај Татјана Павловна, во првиот момент не можев ништо да проговорам и долната вилица ми трепереше како од треска. Да, бев во треска и, згора на тоа, плачев . . . О, бев толку навреден!

– А! Што? Те исфрлиле? Така и треба, така и треба! – рече Татјана Павловна; јас молчејќи седнав на канабето и почнав да ја гледам.

– Што ти е? – ме погледна таа внимателно. – На, испиј една чаша вода, напиј се вода, пиј! Зборувај што си заплеткал пак таму?

Јас ѝ промрморив дека ме исфрлија и дека Бјоринг ме турна на улица.

– Дали си веќе кадарен нешто да разбереш или не си? На прочитај го ова, и радувај се.

И земајќи од масата едно писмо, ми го даде и застана пред мене во исчекување. Веднаш го познав ракописот на Версилов, имаше само неколку реда: писмото ѝ беше упатено на Катерина Николаевна. Затреперив, и моќта на сфаќањето во моментот пак ми се врати во полна сила. Еве ја содржината на тоа страшно, срамно, грдо, разбојничко писмо, од збор до збор:

„Милостива госпоѓо,

Катерина Николаевна!

Иако знам дека сте развратница по својата природа и по своето искуство, сепак мислев дека ќе ги скротите своите страсти и дека барем нема да посегнете на децата. Но вие ни од тоа не се срамите. Ве предупредувам дека оној познат документ не е изгорен на свеќа и дека никогаш не бил кај Крафт, така што со тоа ништо нема да постигнете. Поради тоа немојте бесцелно да расипувате едно момче. Поштедете го, тоа сè уште е недозрело, речиси дете, неразвиено и умствено и физички; што ви треба тој? Мене, меѓутоа, ми треба и поради тоа се осмелив да ви пишам, иако не се надевам на успех. Имам чест да ве известам дека копие од ова писмо истовремено му испраќам и на баронот Бјоринг.

А. Версилов.“

Побледив читајќи го ова писмо, но потоа наеднаш викнав и усните ми затреперија од бес.

– Тоа тој го вели за мене! Тоа е по повод на она што му го открив пред три дена! – викнав разјарен.

– Да, по повод на она што си му го „открил“! –

рече Татјана Павловна и ми го истргна писмото од рацете.

– Но ... јас не му зборував за тоа! Баш ништо за тоа! О, боже што ли ќе мисли сега таа за мене! Ама тој полудел! Тој полудел ... Вчера бев со него. Кога е испратено писмово?

– Испратено е вчера претпладне, вечерта стигнало, а денеска таа ми го предаде лично.

– Ама јас вчера бев со него! Тој полудел! Така не можел да напише Версилов, тоа го пишувал луд човек! Кој уште може да ѝ пишува така на една дама?

– Пишуваат такви лудаци во јарост кога од љубомора и лутина ќе ослепат и ќе оглуват, а крвта ќе им се претвори во отров ... А ти уште не си го запознал каков е! Но затоа сега и ќе го згмечат поради ова и ништо нема да остане од него. Сам ја стави главата под секира! Подобро е за него ноќе да оди на Николаевската железничка пруга, да ја стави главата на шините, таму би му се откинала, штом му е тешка за носење. А што те тераше да го дразниш? Сакаше да се пофалиш?

– Но каква омраза! Каква омраза! – реков јас и се удрив со рака по челото. – И зошто? Зошто? Спрема една дама! Што му сторила таа? Какви се односите меѓу нив, па да може да напише вакво писмо?

– Ом-ра-за! – со налутен подбив рече Татјана Павловна имитирајќи ме мене.

Крвта пак ми навре во лицето: наеднаш како да сфатив нешто сосем ново; ја погледнав многу љубопитно.

– Да се губиш одовде! – списка таа брзо, свртувајќи се и мавнувајќи на мене со рака. Доста се возев со сите вас! Сега ми е веќе премногу! Ако сакате и земи пропаднете! ... Ми е жал само за твојата мајка ...

Јас, се разбира, отрчав кај Версилов. Каква подмолност! Каква подмолност!

IV

Версилов не беше сам. Да објаснам однапред: кога вчера ѝ испратил онакво писмо на Катерина Николаевна и навистина (сам господ знае зошто) му испратил препис и на баронот Бјоринг, тој, природно, морал денеска во текот на денот да очекува извесни „последици" од својата постапка, па според тоа и презел соодветни мерки; веднаш изутрина ги одвел мама и Лиза (која, како што дознав подоцна, кога се вратила изутрината, се разболела и лежела в кревет) горе, „во гробот", а собите, особено нашиот салон, беа грижливо уредени и исчистени. И навистина, во два часот попладне дојде кај него баронот Р., полковникот, господин на околу четириесет години, Германец по потекло, висок сув и очигледно физички многу силен човек, исто така, костенлив, како и Бјоринг, но само малку ќелав. Тој беше еден од оние барони Р. кои ги има многу во руската војска, луѓе кои многу полагаат на својата баронска чест, без имот, кои живеат единствено од платата и кои се извонредни во службата, добри фронтоваци. Не присуствував на почетокот на објаснението, бидејќи стигнав подоцна; обајцата беа многу возбудени, а како и не ќе бидат. Версилов седеше на канабето пред масата, а баронот во фотелјата отстрана. Версилов беше блед, но зборуваше здржано и цедејќи ги зборовите; баронот го засилуваше гласот и очигледно беше наклонет на пламени гестови, задржувајќи се со напор, но гледаше строго, надуено, дури и презриво, но сепак со извесно чудење. Кога ме виде, се намурти, но Версилов речиси се зарадува.

– Здраво, драги мој. Бароне, тоа е тој многу млад човек за кого станува збор во писмото и, верувајте ми, тој нема воопшто да ни пречи, дури може да ни биде од корист. (Баронот ме погледна презриво). Драги мој, – додаде Версилов – многу ми е мило што дојде и затоа седи овде во аголот, те молам, додека да завршам со баронот. Не вознемирувајте се, бароне, тој само ќе седи во аголот.

Ми беше наполно сеедно, зашто веќе имав своја

одлука, а освен тоа сето ова ме вчудовидуваше; седнав во аголот молчејќи, бев подалеку, останав неподвижен и не трепнав со очите до крајот на објаснувањето . . .

– Уште еднаш ви повторувам, бароне – зборуваше Версилов силно нагласувајќи ги зборовите – дека Катерина Николаевна Ахмакова, на која ѝ го напишав она недостојно и болно писмо, ја сметам не само за најблагородно суштество, туку и за врв на сите совршенства!

– Таквото демантирање на вашите зборови, како што веќе ви реков, личи на нивно повторување! – промрмори баронот налутено. – Вашите зборови се до крајност навредливи.

– Па сепак најдобро ќе биде да ги разберете во нивната вистинска смисла. Видете, јас страдам од извесни настапи и . . . разни растројства, дури и се лекувам, и поради тоа се случи тоа, што во еден таков момент . . .

– Таквите објаснувања не можат да имаат важност. Уште еднаш, и уште еднаш ви велам дека вие упорно се држите за погрешно гледиште, можеби тоа баш и нарочно го правите. Уште на почетокот ве предупредив дека прашањето за таа дама, то ест за вашето писмо до генералицата Ахмакова, во ова наше објаснување, мора да биде исклучено; а вие непрекинато се враќате на него. Баронот Бјоринг ме замоли и ми даде задача да го расветлам само она што се однесува лично на него, то ест вашата дрскост да му испратите „препис" од тоа писмо, а потоа и вашиот додаток дека „сте готов да дадете сатисфакција каква што тој ќе посака".

– Но, мене ми се чини дека ова последново е јасно и без објаснување.

– Тоа го разбирам, тоа веќе го рековте. Вие дури не се ни извинувате, туку и понатаму тврдите дека „сте готов да дадете сатисфакција каква што тој ќе посака". Но тоа е премногу лесно. И затоа сега сметам дека, со оглед на правецот кој вие упорно сакате да му го дадете на објаснувањето, имам право да ви изјавам, без никакво притеснување, дека дојдов до увереност

оти баронот Бјоринг на ни-ка-ков начин не може да се расправа со вас . . . врз рамноправна основа.

– Такво решение, се разбира, е најкорисно за вашиот пријател баронот Бјоринг и, признавам, ни малку не ме изненадивте: тоа и го очекував.

Забележувам во заграда: ми беше премногу јасно од првите зборови и на прв поглед дека Версилов бара кавга, дека го предизвикува и дразни овој раздразлив барон и можеби премногу ја искушава неговата стрпливост. Баронот се тргна.

– Сум слушал дека сте духовит, но духовитоста уште не значи разумност.

– Многу длабока забелешка, полковнику.

– Не барам ваши пофалби – викна баронот – и не сум дошол да матам вода во аван! Ве молам да слушате: баронот Бјоринг беше во голема недоумица кога го доби вашето писмо, зашто тоа е доказ дека спаѓате во луда куќа. И, се разбира, за миг би се нашле средства да ве . . . смириме. Но, поради извесни особени обѕири спрема вас, решено е да ви се гледа низ прсти и за вас се прибрани известувања: се покажа, вистина, дека вие сте му припаѓале на подобро општество и некогаш сте служеле во гардата, но дека од тоа општество сте исклучен и дека вашата репутација е повеќе од сомнителна. Сепак, без оглед на сето тоа, дојдов ваму лично да се уверам и еве, и покрај сето тоа, вие си допуштате да си играте со зборовите и самиот рековте за себе дека имате настапи. Тоа е доволно! Положбата на баронот Бјоринг и неговата репутација не можат да се понижат во оваа работа . . . Со еден збор, господине, ополномоштен сум да ви изјавам дека, ако по ова повторно го сторите истото или што и да било слично на вашата поранешна постапка, без двоумење ќе се најдат средства да ве смириме, средства брзи и сигурни, во тоа можам да ве уверам. Ние не живееме в шума, туку во добро уредена држава!

– Дали сте вие толку уверен во тоа, добар мој бароне Р.?

– По ѓаволите, – наеднаш скокна баронот – вие премногу ме доведувате во искушение за да ви докажам веднаш дека не сум „ваш добар барон Р."

– Ах, уште еднаш ви обрнувам внимание – стана и Версилов – дека се овде мојата жена и ќерка . . . и поради тоа би ве молел да не зборувате толку гласно, за да не чујат како викате.

– Вашата жена . . . по ѓаволите . . . Јас овде седев и разговарав со вас само за да ја објаснам онаа ваша лоша постапка! – продолжи баронот налутено, како порано, но ни малку не смалувајќи го тонот. – Сега е доста! – викна тој бесно. Вие не само што сте исклучен од редот на пристојните луѓе, туку сте и манијак, вистински полуден манијак, а така и рекоа за вас! Вие не заслужувате никакви обѕири и ви изјавувам дека уште денеска спрема вас ќе бидат преземени мерки и вас ќе ве повикаат на такво место каде што ќе умеат да ви ја вратат моќта за расудување . . . и ќе ве протераат од градот.

Потоа брзо и со крупни чекори излезе од собата. Версилов не го испрати. Стоеше, гледаше во мене расеано како да не ме ни забележува; наеднаш се насмеа, ја крена косата и, земајќи ја шапката, тргна и тој кон вратата. Јас го фатив за рака.

– Ах, и ти си тука? Чу ли? – застана тој пред мене.

– Како можевте тоа да го сторите? Како можевте работата така да ја извртите и така да ме посрамотите! . . . Толку подмолно!

Ме гледаше не трепнувајќи, но неговата насмевка сè повеќе се шбереше и без сомневање минуваше во смеа.

– Ме посрамотивте пред неа! Пред неа! Ме направивте смешен во нејзините очи, а тој . . . тој ме иструрка! – викнав надвор од себеси.

– Навистина ли? Ах, кутро мое малечко, колку ми е жал за тебе . . . Значи, те направиле таму смешен!

– Вие ми се потсмевате, вие ми се потсмевате! Вам ви е смешно!

Тој брзо си ја истргна раката од мојата, ја зеде шапката и, смеејќи се сега веќе со вистинска смеа, излезе од станот. Зошто да трчам по него, Зошто? Сè разбрав – и сè изгубив за еден миг! Наеднаш ја видов мајка ми: таа слегла долу и плашливо се вртеше.

– Си отиде ли?

Ја прегрнав молчејќи, а и таа ме прегрна мене цврсто и се притисна до мене.

– Мамо, родена моја, зар можете да останете кај него? Ајде да си одиме веднаш, ќе ви дадам покрив над главата, ќе работам за вас како робијаш, за вас и за Лиза . . . Да ги оставиме сите, сите, и да си одиме одовде. Да бидеме сами. Се сеќавате ли, мамо, кога доаѓавте кај мене кај Тушар, дека не сакав да ве признаам?

– Се сеќавам, дете мое; за цел живот сум згрешила спрема тебе; сум те родила, а не сум те познавала.

– Тој е виновен, мајко, тој е виновен за сè; тој никогаш не нè сакал.

– Не, нè сакал.

– Ајде да си одиме, мамо.

– Каде да си одам од него, зар е тој среќен?

– Каде е Лиза?

– Лежи; дојде дома и се разболи; се плашам. Дали оние таму многу се лутат на него? Што ќе прават сега со него! Каде отиде? Со што му се закануваше офицерот?

– Ништо тука нема да му стане, мајко, нему никогаш не му станува ништо, никогаш нему не му се случува ништо, ниту може да му се случи. Тој е таков човек! Еве ја Татјана Павловна, прашајте ја неа ако не верувате, еве ја. (Татјана Павловна во тој момент влезе во собата). Збогум, мамо. Ќе се вратам веднаш и, кога ќе дојдам, пак ќе ве прашам за истото.

Истрчав; не бев кадарен никого да видам, не само Татјана Павловна, а мајка ми ми нанесуваше болка. Сакав да бидам сам, сам.

V

Но штотуку минав по една улица, почувствував дека не можам да чекорам, дека без причина се судирам со овие минувачи, кои се за мене туѓи, рамнодушни; но кој крај да го фатам? Кому сум му потребен и што ќе правам сега? Махинално дојдов кај кнезот Сергеј Петрович, ни малку не мислејќи за него. Не беше

дома. Му реков на Петар (неговиот слуга) дека ќе причекам во кабинетот (како што повеќепати се случуваше). Неговиот кабинет беше голема, многу висока соба, полна со мебел. Го избрав најмрачното место, седнав на канабето и, потпирајќи се со лактите на масата, ја потпрев главата со обете раце. Да, ова е прашањето: „Што ќе правам сега?“ Иако тогаш можев да го формулирам прашањето, сепак најмалку бев кадарен да најдам одговор на него.

Но не бев во состојба ни да мислам разумно, ни да поставувам прашања. Веќе спомнав дека кон крајот на тие денови бев „притиснат од настаните“; сега седев и во главата ми се вртеше вистински хаос. „Да, кај него сè видов и ништо не разбрав! – ми доаѓаше во главата. – Пред малку ми се насмеа в очи, но тоа не ми се смееше мене, туку на Бјоринг. Уште пред три дена, за време на ручекот, тој веќе знаеше сè и беше намуртен. Ја искористи онаа моја глупа исповед во гостилницата и сè изврти на сметка на секоја вистина; но колку му е нему до вистината? Ни тој самиот ни еден збор не верува од она што ѝ го напишал. Му беше само потребно да навреди, да навреди без причина, ни самиот не знаејќи зошто, користејќи го поводот, а поводот го дадов јас . . . Постапи како бесно куче! Сега веројатно сака да го убие Бјоринга? Зошто? Неговото срце знае зошто! А јас воопшто не знам што има во неговото срце . . . Не, не, ни сега не знам. Зар тој толку страсно ја сака? Или толку страсно ја мрази? Не знам, а дали тој самиот знае? Зошто ѝ реков на мајка ми дека нему „ништо не може да му се случи“? Што сакав со тоа да кажам? Дали го загубив или не го загубив?“

„. . . Таа виде кога ме туркаа . . . Дали и таа се смееше? Јас би се смеел. Го тепаа шпионот, шпионот!“

„Што значи (наеднаш ми падна на ум), што значи она што го спомнал во она одвратно писмо: дека документот воопшто не е изгорен, туку дека постои?“

„Тој нема да го убие Бјоринга, тој сигурно сега седи во гостилницата и ја слуша Лучија! Но, можеби, по Лучија ќе отиде и ќе го убие Бјоринга. Бјоринг ме оттурна, скоро ме удри; дали ме удри? Бјоринг се воздржува и со Версилов да се бие на двобој, па зар ќе

сака со мене?“ „Можеби ќе морам да го убијам утре, со револвер, на улица“ . . . Оваа мисла ја пуштив низ главата сосем махинално, не задржувајќи се на неа ни малку.

Понекогаш ми се чинеше дека ќе се отвори вратата, дека ќе влезе Катерина Николаевна, ќе ми подаде рака и ние двајцата ќе се смееме . . . О, драги мој студенту! Ова ми се чинеше, то ест тоа го сакав кога веќе многу се стемни во собата. „Па зар беше одамна кога стоев пред неа, се збогував со неа, а таа ми ја подаваше раката и се смееше? Како можеше да се случи за толку кратко време да настане толку ужасно растојание? Треба просто да отидам кај неа да се објаснам, веднаш во овој момент, просто, просто! Боже, како наеднаш настана наполно нов свет! Да, нов свет, сосем нов свет! . . . А Лиза, а кнезот, тие се уште стари . . . Еве ме сега овде кај кнезот. А мајка ми – како можела да живее со него кога е така? Јас би можел, јас можам сè, но таа? А што ќе стане сега?“ И наеднаш, како во виор, ликот на Лиза, Ана Андреевна, Стебељков, кнезот, Афердов и сите други пролетаа неповратно во мојот болен мозок. Но мислите сè повеќе го губеа обликот, стануваа сè понеопределени; ми беше мило кога можев која и да било од нив да задржам во свеста и да се фатам за неа.

„Јас имам „идеја“! – си помислив наеднаш. – Така ли е? Да не зборувам набафтана? Мојата идеја е мрак и осаменост, а зар сега можам да се вратам во „поранешниот мрак? Ах, боже мој, не го изгорив „документот“! Пред три дена заборавив да го изгорам. Сега ќе се вратам и ќе го изгорам на свеќа; само не знам дали јас тоа баш сега го мислам“ . . .

Веќе се беше одамна стемнило и Петар внесе свеќи. Застана над мене и ме праша дали сум јал. Јас само мавнав со раката. Сепак, по еден час тој ми донесе чај и јас лакомо испив една голема чаша. Потоа го прашав колку е часот. Беше осум и пол; јас баш ни малку не се зачудив што преседов веќе пет часови.

– Влегов кај вас трипати, – рече Петар – но, изгледа, спиевте.

Не сум забележал дека влегол. Не знам зошто, но

наеднаш се исплашив поради тоа што „спиев“, па станав и почнав да шетам по собата за да не „заспијам“ пак. Најпосле силно ме заболи главата. Точно во десет часот влезе кнезот и јас се зачудив за тоа што сум го чекал; наполно бев заборавил на него, наполно.

– Вие сте овде, а јас бев кај вас за да ве довезам! ми рече тој. Лицето му беше мрачно и строго, без ни најмала насмевка. Во очите вкочанет поглед.

– Цел ден се борев и ги употребував сите мерки, – продолжи тој прибрано – сè е урнато, а иднината е ужас . . . (НЗ: Не ни отишол кај кнезот Николај Иванович). Го видов Жибељски; тој е невозможен човек. Видете: прво се потребни пари, а подоцна ќе видиме. А ако не оди ни со пари, тогаш . . . Но денеска решив да не мислам за тоа. Само да добиеме денеска пари, па утре веќе ќе видиме. Парите што ги добивте вие пред три дена уште не се ни гибнати, ни копејка. Има три илјади рубли без три. Кога ќе се одбие вашиот долг, ви остануваат уште триста и четириесет рубли. Земете ги нив и уште седумстотини, да станат илјада, а јас ќе ги земам другите две. Потоа ќе седнеме кај Зершчиков на два разни краја и ќе си ја обидеме среќата да добиеме десет илјади – можеби ќе ни појде од рака; ако не добиеме, тогаш . . . Впрочем, тоа е единственото што уште преостанува.

Тој ме погледна судбоносно.

– Да, да! – извикав јас наеднаш, како повторно да се родив. – Да одиме. Затоа и ве чекав . . .

Напоменувам дека за тоа време во ниеден момент не мислев на рулетот.

– А подлоста? А нискоста на постапката? – праша кнезот наеднаш.

– Вие мислите поради рулетот! Да, тоа е единственото! – викнав јас. – Парите се сè! Единствено сме ние двајцата светци; Бјоринг, ете, се продал, Ана Андреевна се продала, а Версилов – чувте ли дека е Версилов манијак? Манијак! Манијак!

– Вие здрави ли сте, Аркадиј Макарович? Очите чудно ви светат.

– Дали вие тоа го велите затоа што сакате да одите без мене? Но јас сега нема да се одделам од вас. Не ја

сонував залудно коцката цела ноќ. Да одиме, одиме! – извикав јас како да најдов наеднаш решение за сè.

– Добро, ќе одиме, иако сте во треска, а таму . . .

Тој не ја доврши реченицата. Неговото лице имаше тежок, ужасен израз. Тргнавме.

– Знаете ли – рече тој наеднаш и застана на вратата – дека има уште еден излез од неволјата, освен коцката?

– Кој?

– Кнезовскиот!

– Што? Што?

– Подоцна ќе дознаете што. Само знајте дека повеќе не сум достоен за него бидејќи задоцнив. Да појдеме, а вие запомнете што ви реков. Да се обидеме да најдеме лакејски излез . . . Како да не знам дека свесно, со сета своја волја, одам и постапувам како лакеј.

VI

Летнав кон рулетот, како во него да беше целиот мој спас, целиот излез, а, меѓутоа, како што веќе реков, до доаѓањето на кнезот јас не ни мислев за него. Јас не ни одев да се коцкам за себе, туку за кнезовите пари, во корист на кнезот; не можам да сфатам што ме влечеше, но ме влечеше незадржливо. О, никогаш тие луѓе, тие лица, тие комарџии, тие коцкарски извици, целата таа одвратна сала на Зершчиков, никогаш сето тоа не ми изгледаше толку одвратно, толку мрачно, толку грубо и тажно како овојпат! Добро се сеќавам на болката и тагата кои одвреме навреме го обземаа моето срце сè додека останавме крај коцкарската маса. Но зошто не излегов? Зошто го поднесував тоа како да сум примил врз себе несреќа, жртва? Ќе кажам само едно: тешко би можел за себе да кажам дека тогаш сум бил пресметлив. А, меѓутоа, никогаш пред тоа не сум се коцкал толку смислено како таа вечер. Бев молчалив и концентриран, внимателен и ужасно пресметлив; бев трплив и нештедар, а во исто време решителен во решавачките моменти. Седнав пак кај Zero-то, то ест пак меѓу Зершчиков и Афердов, кој

секогаш го заземаше местото до Зершчиков од десната страна; ова место ми беше непријатно, но безусловно сакав да ставам на Zero, а сите други места кај Zero-то беа зафатени. Се коцкавме веќе повеќе од еден час; најпосле видов од моето место дека кнезот наеднаш стана и побледен дојде кај нас и застана спроти мене од другата страна на масата: изгубил сѐ и молчејќи ја набљудуваше мојата игра, впрочем, не разбирајќи ништо од неа и дури, можеби, и не мислејќи на играта. Токму во тој момент почнав да добивам и Зершчиков ми ги изброи парите. Наеднаш Афердов, пред мои очи, најдрско ми зеде една моја банкнота од сто рубли и ја приклучи кон своето купче пари, што беше пред него. Јас викнав и го фатив за рака. Сега со мене се случи нешто што не го очекував: како да се откинав од некој синџир; како сите ужаси и сите навреди тој ден наеднаш да се беа соединиле во тој еден миг, во тоа исчезнување на банкнотата од сто рубли. Како сѐ она што се беше насобрало и придушило во мене одвај да го чекаше тој знак па да пукне.

– Овој овде е крадец; во овој момент ми украде сто рубли! – викнав обѕрнувајќи се околу себе.

Нема да го опишувам возбудувањето што настана; таков настан овде беше сосема нов. Кај Зершчиков целиот свет се држеше пристојно и неговата коцкарница по тоа беше прочуена. Но јас бев надвор од себеси. Во вревата и викотниците се чу гласот на Зершчиков.

– Навистина, парите ги нема, а беа овде! Четири стотини рубли!

Во истиот момент се случи уште нешто: исчезнаа и парите во банката, пред носот на Зершчиков, снопче од четири стотини рубли. Зершчиков покажуваше на местото каде што беа банкнотите, „до овој момент беа тука", а тоа место беше веднаш до мене, се допираше со мене, со она место каде што беа моите пари, то ест, значи многу поблиску до мене отколку до Афердов.

– Еве го ајдукот! Пак тој украл, претреси го! – викнав покажувајќи на Афердов.

– Сево ова – се чу нечиј силен и енергичен глас во

општата викотница – е затоа што ваму доаѓаат непознати луѓе. Се пуштаат без препорака! Кој го воведе? Кој е овој?

– Некој си Долгоруки!

– Кнезот ли Долгоруки?

– Го воведе кнезот Сокољски! – викна некој.

– Слушајте, кнезу, – викнав јас преку масата избезумено – овие ме сметаат за крадец, а всушност токму сега мене ми украдоа! Кажете им, кажете им кој сум!

И сега се случи најужасното од сето она што се случи тој ден . . . и во целиот мој живот: кнезот се откажа од мене. Видов како ги собра рамениците и остро и јасно одговори на прашањата со кои го опсипаа од сите страни:

– Јас не одговорам за ништо. Молам да ме оставите на мир.

Меѓутоа, Афердов стоеше среде толпата и гласно бараше да го претресат. Сам ги превртуваше џебовите: „Не, не, се знае кој е ајдук!" Викнаа двајца лакеи кои одзади ме фатија за рацете.

– Не давам да ме претресете, не дозволувам! – викав тргајќи се.

Но тие ме одвлекоа во соседната соба и таму среде толпата ме претресоа до последната фалта од облеката. Јас викав и се противев.

– Веројатно ги фрлил, треба да се бараат по подот! – рече некој.

– Каде може сега да се бара по подот!

– Веројатно успеал да ги фрли некаде под масата!

– Се разбира, ни трага ни глас . . .

Ме изведоа, но сепак некако успеав да застанам на вратата и во немоќната јарост да ѝ викнам на целата сала:

– Рулетот е полициски забранет. Уште денеска ќе ве пријавам!

Ме одведоа по скалите, ме облекоа и . . . ја отворија пред мене портата.

ДЕВЕТТА ГЛАВА

I

Денот заврши со катастрофа, но остана ноќта и еве што запомнав од таа ноќ.

Мислам дека беше минала полноќ кога се најдов на улица. Ноќта беше светла, тивка и студена. Речиси трчав, страшно брзав, но не одев дома. „Зошто да одам дома? Зар сега можам уште да имам куќа? Дома се живее, и утре ќе се разбудам да живеам – а возможно ли ми е сега тоа? Животот е завршен, сега веќе не е возможно да се живее". И така талкав по улиците, воопшто не знаејќи каде одам, дури не знам дали некаде и сакав да одам. Ми беше многу топло и секој момент ја откопчував мојата тешка мечкина бунда. „Сега веќе ништо, што и да преземам – ми се чинеше во тој момент – за мене не може да има никаква цел" И чудно: ми се чинеше дека сè околу мене, дури и воздухот, што го дишам беше како од некоја друга планета, а јас како наеднаш да се најдов на Месечина. Сево ова, градот, минувачите, тротоарот по кој трчав – сèто тоа повеќе н е б е ш е м о е. „Еве, ова е Дворскиот плоштад, она таму е Исакиевата црква – ми се причинуваше во збунетоста – но сега ни малку не ми е до нив"; сè стана некако туѓо, наеднаш престана да биде м о е. „Јас ја имам мајка ми, Лиза – но, што ќе ми се сега Лиза и мајка ми? Сè се сврши, сè наеднаш се сврши, освен едно: а тоа е дека сум крадец засекогаш."

„Со што да докажам дека не сум крадец? Зар е

можно сега тоа? Да одам во Америка? Па што ќе докажеш со тоа? Версилов прв ќе поверува дека сум украл! „Идејата“? Каква „идеја?“ Што е сега „идејата“? По педесет години, по сто години, секогаш ќе се најде човек кој ќе рече покажувајќи на мене: „Овој е крадец“! Ја почнал „својата идеја“ со тоа што украл пари на рулет“ . . .

Дали чувствував лутина? Не знам, можеби беше. Чудно, можеби уште од моето рано детство секогаш сум ја имал оваа црта: кога некој ќе ми сторeше зло и ќе ме навредеше, ќе ме понижеше до крајни граници, секогаш во мене се јавуваше незадржлива желба пасивно да му се потчинам на понижувањето и уште да им излегувам во пресрет на желбите на човекот што ме навредува: „Еве, ме навредивте, а јас уште повеќе самиот ќе се понижам, еве, гледајте, радувајте се!“ Тушар ме тепаше и сакаше да покаже дека сум лакеј, а не сенаторски син, и јас тогаш веднаш сам влегов во улогата на лакеј. Не само што му ги подавав алиштата при облекувањето, туку ја фатив и четката и ја чистев од него најситната трошка, и тоа без негово барање или наредба; често во својата лакејска ревност трчав по него со четка за да му го исчистам последното пердувче на фракот, така што веќе и тој понекогаш ме одвраќаше: „Доста, доста, Аркадиј, доста.“ Кога ќе се вратеше дома, на пример, тој ќе ги соблечеше горните алишта – а јас ќе ги земев и ќе ги исчистев, грижливо ќе ги сместев и ќе ги покриев со шарена свилена шамија. Знаев дека другарите ми се смеат и ме презираат поради тоа, тоа одлично го знаев, но не ми беше криво: „Штом сакате да бидам лакеј, еве јас сум лакеј; велите дека сум роден слуга – добро, слуга сум.“ Пасивна омраза и прикриена пакост можев да носам во себеси со години. Кај Зершчиков ѝ викнав на целата сала во најголема јарост: „Рулетот е полициски забранет, сите ќе ве пријавам!“ Се колнам дека и ова беше нешто слично: ме понижија, ме претресија, ме прогласија за крадец, ме убија – „е па добро, знајте сите дека сте погодиле, не сум само крадец, туку сум и поткажувач!“ Дури сега, кога ќе се сетам за тој настан, можам така да го објаснам; тогаш, се разбира, ни малку не ми

беше до анализа: јас тогаш викнав без никаква цел, дури миг пред тоа не знаев дека така ќе викнам, само од себе викнав – бидејќи таква ц р т а имаше во мојата душа.

Без сомневање дека тогаш, уште додека трчав по улиците, почна моето бладање, но многу добро се сеќавам дека бев свесен за она што го правам. Се разбира, решително тврдам и тоа дека тогаш за мене беше невозможна цела низа идеи и заклучоци; и во тие моменти сам убаво чувствував дека „едни мисли можам да ги имам, а дека други мисли никако не можам да ги имам". Исто така, и некои мои одлуки, иако ги донесував при јасна свест, можеа тогаш да бидат без никаква логика. Не само тоа, туку многу добро се сеќавам дека во извесни моменти можев да бидам наполно свесен за бесмисленоста на една одлука и во исто време со полна свест да пристапам кон нејзиното извршување. Да, злосторството ми се наметнуваше таа ноќ и само случајно не дојде до него.

Наеднаш се сетив за зборовите на Татјана Павловна за Версилов: „Подобро да беше отишол на Николаевската пруга и да ја ставеше главата на шините; барем таму би му се откинала." Оваа мисла завладеа за момент со сите мои чувства, но веднаш и со болка ја истерав. „Да се стави главата на шини и да се умре, а утре ќе речат: „тоа го стори затоа што украл, од срам – не, во никој случај нема да го сторам тоа!" И во тој момент, се сеќавам, наеднаш почувствував страшна лутина. – Па што да правам? – ми мина низ главата – никако не можам да се оправдам. Да почнам нов живот, исто така, не можам – треба, значи, да се покорам, да станам лакеј, пес, бубалка што ја газат, денунцијант, вистински денунцијант, а скришно да се подготвувам и, кога и да било, сè наеднаш да дигнам во воздух, сè да уништам, сè, и виновните и невините, и тогаш сите ќе дознаат дека е тоа истиот оној кого го нарекоа крадец . . . а потоа да се убијам и самиот себеси."

Не се сеќавам како сум стигнал во една напречна улица, некаде близу до Булеварот на коњичката гарда. Во оваа уличка, од обете страни, речиси на сто чекори,

се протегаа високи камени ѕидови, ограда на дворот зад куќата. Зад еден ѕид од левата страна видов огромен склад на дрва, долг склад, како на пазар со дрва; за цели два метри го надвишуваше ѕидот. Застанав и почнав да размислувам. Во џебот имав дрвца од кибрит во мала сребрена кутијка. Повторувам, бев наполно свесен за она за кое размислував и што имав намера да го сторам, а за тоа се сеќавам и денеска; но зошто сакав тоа да го сторам – не знам, никако не знам. Се секавам само дека ненадејно добив волја за тоа. „Многу е лесно да се качи човек на ѕид", размислував тука; на два чекора од мене имаше во ѕидот порта, сигурно веќе со месеци заклучена. „Ако застанам долу на издаденото, размислував понатаму, можам да се фатам за горниот дел од портата и да се качам на самиот ѕид – и никој нема да го забележи тоа, бидејќи нема никој, насекаде е тишина! Кога ќе се качам, ќе седнам на ѕидот и ќе ги запалам дрвата, дури не морам ни да слегувам во дворот, зашто дрвата се потпираат на ѕидот. На студот уште повеќе ќе горат, треба само да дофатам една брезова цепеница . . . а не е ни малку потребна ни цепеница: можам, седејќи на ѕидот, со рака да ја откинам кората од брезовата цепеница и да ја запалам со кибритче, да ја запалам и да ја турнам меѓу дрвата – и ете пожар. Потоа ќе скокнам од ѕидот и ќе си отидам; не морам ни да бегам, зашто уште долго нема да забележат." Така сето тоа го мислев и наеднаш наполно решив. Почувствував извонредно задоволство, наслада, и почнав да се качувам. Умеев одлично да се качувам: бев добар гимнастичар уште во гимназијата, но сега имав галоши, па сè одеше потешко отколку што мислев. Сепак успеав да се фатам со рака за едно многу мало издадено место горе и веќе замавнав со другата рака да се фатам за врвот од ѕидот, кога наеднаш се слизнав и паднав на грб. Мислам дека сум удрил со тилот на земјата и веројатно така сум лежал онесвестен две-три минути. Кога дојдов на себеси, махинално ја закопчав бундата, бидејќи наеднаш почувствував дека ми е неиздржливо студено и, само многу малку свесен за она што го правам, исползив во аголот од портата и

таму седнав, наежавен и згрчен, во длабнатината меѓу вратата и ѕидот. Мислите ми се мешаа и веројатно многу брзо сум заспал. Сега како во сон се сеќавам дека чув длабок, тежок звук на камбана и дека со уживање го слушав.

II

Камбаната биеше силно и јасно секои две или три секунди по еднаш, но тоа не беше ѕвонење за тревога, туку некакво пријатно, течно ѕвонење, па се сетив дека тој звук ми е познат, дека така ѕвонат камбаните во црвената црква на свети Никола спроти Тушар – во старинската црква во Москва за која се сеќавам дека ја изградил уште царот Алексеј Михајлович и која е прекрасно украсена, со многу кубиња и столбови – и сега штотуку мина Велјанедела и на витите брези во градината на Тушаревата куќа веќе трепераат младите зелени лисја. Топлото предвечерно сонце ги простираше своите коси зраци во нашата училница, а кај мене, во моето сопче од левата страна, во кое Тушар уште пред една година ме оддели од „грофовските и сенаторските деца", седи една гостинка. Да, јас кој сум без родители, наеднаш добив гостинка – за првпат откако сум кај Тушар. Веднаш ја познав таа гостинка, штом влезе; тоа беше мајка ми, иако од она време кога ме причестуваше во селската црква и кога еден гулаб летна под кубето, не ја видов веќе ни еднаш. Седевме заедно и јас чудно ја загледував. Подоцна, по многу години, дознав дека таа тогаш, бидејќи останала без Версилов, кој отпатувал во странство, дошла во Москва плаќајќи го патот од своите скудни средства и по своја волја, скоро скришно од оние на кои тогаш им било доверено да се грижат за неа единствено за да ме види мене. Чудно беше и тоа што, кога влезе, по разговорот со Тушар, мене лично со ниеден збор не ми кажа дека ми е мајка. Седеше покрај мене и се сеќавам дека се чудев зошто толку малку зборува. Во рацете држеше еден врзоп што го одврза: во него имаше шест портокали, неколку меденици и две бели

векнички. Се налутив поради белите векнички, па ѝ реков навредено дека овде кај нас "храната" е многу добра и дека секој ден со чајот ни даваат по едно бело векниче.

– Ако, драго дете, јас сум проста, па си мислев: „можеби таму во училиштето слабо ги хранат", не префрлај ми, драги мој.

– И на Антонина Василевна (Тушаровата жена) ќе ѝ биде криво. Другарите ќе ми се подбиваат . . .

– Не сакаш да ги земеш? Па сепак ќе ги изедеш?

– Па добро, оставете ги . . .

Но сите тие понади не ги гибнав; портокалите и медениците беа пред мене на масичката, а јас седев со сведени очи, но се држев многу достоинствено. Којзнае, можеби баш сум сакал да не скријам од неа дека ми е срам од другарите поради нејзината посета; сакав барем малку да ѝ покажам за да разбере: „Гледаш, ти ме срамотиш и дури не го сфаќаш тоа". О, веќе тогаш трчав со четка по Тушар да му го исчистам правот од палтото! И сè си замислував колку ќе се подбиваат со мене другарите штом ќе излезе таа; а можеби и самиот Тушар – и затоа ни ронка убаво чувство спрема неа немаше во моето срце. Под око го гледав нејзиниот темен фустан, изветвен, доста грубите, скоро работнички раце, нејзините сосем прости чевли и многу ослабеното лице; брчките веќе ѝ се оцртуваа на челото, иако Антонина Василевна, подоцна, вечерта, кога таа си отиде, ми рече: „Вашата maman сигурно била некогаш многу убава."

Така седевме кога наеднаш влезе Агафија со послужавник на кој имаше еден филџан кафе. Бидејќи беше поручек, Тушар со жената секогаш во тоа време во салонот пиеше кафе. Но мајка ми заблагодари и не го зеде кафето: подоцна разбрав дека во тоа време воопшто не пиела кафе, зашто тоа кај неа предизвикувало чукање на срцето. Работата беше во тоа што Тушар и неговата жена во себеси сметаа дека од нивна страна тоа е извонредно голема љубезност, така што тој филџан кафе, што ѝ го испратија на мајка ми, беше, тукуречи, доказ за нивната хуманост, што му

прави необична чест на нивното цивилизирано чувство и европски сфаќања. Меѓутоа, мајка ми токму сега одби да го земе кафето.

Ме повикаа кај Тушар и тој ми нареди да ги земам сите мои тетратки и книги и да ѝ покажам на мајка ми: „за да види колку сте напредувале во мојот пансион." Притоа Антонина Василевна, собирајќи ги навредено усните, подбивно процеди:

– Изгледа дека на вашата maman не ѝ се допадна нашето кафе.

Ги собрав моите тетратки и ѝ ги однесов на мајка ми која ме чекаше крај „грофовските и сенаторски синови", кои нагрвалија во класот и ме гледаа мене и мајка ми. И чудно, дури ми се свиде да ја исполнам Тушаревата наредба буквално и точно. „Еве ова се задачи од француска граматика, ова се вежби по дикте, ова се промени на помошните глаголи avoir i être[1]), ова овде се вежби по географија, опис на најважните градови во Европа и сите делови на светот", итн., итн. Речиси половина час или повеќе објаснував со монотон детски глас, со послушно наведнати очи. Знаев дека мајка ми ништо не разбира од науките, дека можеби не знае ни да пишува, но токму затоа и ми се допадна мојата улога. Сепак не можев да ја изморам; таа постојано слушаше, не прекинувајќи ме, со извонредно внимание и дури со почит, така што најпосле и мене самиот ми се досади, па престанав; впрочем, нејзиниот поглед беше тажен и на лицето имаше некаков беден израз.

Најпосле таа стана да си оди; наеднаш влезе Тушар и со глупаво важно лице ја праша: „Дали е задоволна од успехот на својот син?" Мајка ми промрмори нешто без врска и му се заблагодари; а кога влезе и Антонина Василевна, мајка ми почна да ги моли да „не го оставаат сирачето; тој ви е сега исто како сираче, укажете му ја својата добрина" . . . и со солзи во очите им се поклони на обајцата, на секого посебно и длабоко, онака како што се клањаат „простите луѓе" кога доаѓаат кај важни господа да молат за

---

[1]) Помошни глаголи во францускиот јазик: *има* и *сум*

нешто. Тушар и неговата жена тоа не го очекуваа. Антонина Василевна беше очигледно трогната и, се разбира, го мени своето мислење за филџанот кафе. Тушар, пак, со уште поголемо внимание, хумано одговори дека тој „не прави разлика меѓу децата, дека сите овде се негови деца, а тој нивни родител, дека сум јас кај него на иста нога со сенаторските и грофовските синови и дека тоа треба да се цени" и слично. Мајка ми само се клањаше, но се притеснуваше, најпосле ми се сврти мене и со солзи кои ѝ навираа на очите ми рече: „Збогум, драго дете!"

И ме бакна, то ест ѝ дозволив да ме бакне. Таа очигледно имаше желба уште да ме бакнува, да ме прегрне, да ме притисне кон себе, но се срамеше пред другите, или ѝ беше непријатно поради нешто, или насетуваше дека јас се срамев од неа, и, откако уште еднаш им се поклони на Тушер и неговата жена, таа брзо излезе од собата. Јас стоев.

– Mais suivez donc votre mère[1]) – рече Антонина Василевна – il n'a pas de coeur, cet enfant![2])

Како одговор на својата жена, Тушар ги собра раменицитe, што, секако, требаше да значи: „Не го сметам залудно за лакеј."

Послушно тргнав по мајка ми; излеговме на скалите. Знаев дека сите оние таму нè гледаат низ прозорецот. Мајка ми се сврти кон црквата и трипати се прекрсти, усните ѝ треперea, тешката камбана ѕвонеше длабоко и рамномерно од камбанаријата. Таа се сврти кон мене и не можеше да издржи, туку ми ги стави обете раце на главата и заплака над мојата глава.

– Мамице, доста . . срамота е . . ене сите нè гледаат низ прозорецот . . .

Таа се тргна и забрза:

– Господ . . . господ да те чува . . . да те чуваат ангелите небески. Пресвета мајко божја, свети угоднику Николај . . . Боже, боже! – повтори неколкупати брзо, непрекинато благословувајќи ме со рака, трудејќи се

---

[1]) Па појдете со мајка ви.

[2]) Ова дете нема срце.

што почесто и што повеќе крстови да направи над мене – драго мое дете, мил сине мој! Чекај, сине . . .

Па брзо ја пикна раката во џебот и извади едно шамиче, сино, карирано шамиче, чиј еден крај беше врзан во цврст јазол и почна да го одврзува јазолот . . . но јазолот никако не се одврзуваше . . .

– Сеедно, земи го шамичево, чисто е, можеби ќе ти затреба, во него има четири дваесеткопејки, можеби ќе ти затребаат, извини, драго дете, ни јас немам повеќе . . . извини, драго дете.

Го зедов шамичето и сакав да кажам дека „од господнинот Тушар и Антонина Василевна добивме сè што ни треба и дека за ништо не трпиме“, но се здржав и го зедов шамичето.

Уште еднаш ме благослови, уште еднаш прошепна некаква молитва и наеднаш – наеднаш ми се поклони и мене, исто како горе на Тушара и неговата жена со длабок, бавен, долг поклон – тоа никогаш нема да го заборавам! Затреперив, не знам ни самиот зошто. Што сакаше да каже со тоа клањање: „дали со тоа го призна својот грев спрема мене?“ како што еднаш, многу подоцна, си помислив за тоа. Но тогаш само уште повеќе ми беше срам затоа што „одозгора нè гледаат, а Ламберт, веројатно, ќе почне и да ме тепа.“

Најпосле си отиде. Портокалите и медениците, уште пред да се вратам, ги изеле сенаторските и грофовските синови, а четирите дваесеткопејки веднаш ми ги грабна Ламберт; за нив купија во слаткарница слатки и чоколада, а мене не ми ни понудија.

Измина цела половина година и дојде ветровитиот и дождлив октомври. Мајка ми сосем ја заборавив. Ох, тогаш веќе се беше вовлекла во моето срце омразата, подмолната омраза спрема сè и сосема го освои; иако секој ден го читав Тушаревото дело, како и порано, сега го мразев со сета сила и секој ден сè посилно и посилно. Во тоа време почнав еднаш, во еден тажен вечерен самрак, да пребарувам по мојата фиока и, наеднаш, во аголот, го забележав нејзиното сино батистено шамиче, тука беше уште оттогаш кога јас така го ставив. Го извадив и го погледнав со извесна љубопитност; едниот крај на шамичето сè уште ја зачувал

трагата од некогашниот јазол и дури јасно можеше да се види тркалезниот отисок на монета; впрочем, веднаш го оставив шамичето на местото и ја затворив фиоката. Тоа беше спроти недела и камбаната заѕвони за вечерна. Питомците по ручекот веќе си разотидоа по дома, но овојпат Ламберт остана во неделата; не знам зошто по него не испратија никого. Иако тој и понатаму ме тепаше, како порано, сепак во многу работи ми се доверуваше и ме бараше. Цела вечер разговаравме за пиштолите од Лепажевиот систем, кои ниеден од нас, ни тој ни јас, никогаш не ги видел, за черкеските сабји и за тоа како се сечат глави со нив, за тоа како би било добро да основаме една разбојничка чета. На крајот Ламберт мина на своите омилени разговори, на една лоша тема, која, и покрај сето тоа што се чудев во себеси, сепак сакав да ја слушам. Но овојпат наеднаш ми стана неиздржливо, па му реков дека ме боли главата. Во десет часот легнавме да спиеме; се вовлеков сосе глава под покривката и под перницата и го извадив синото шамиче: еден час порано, пак не знам зошто, го извадив од фиоката и, штом ни беа наместени постелите, го ставив под перница. Веднаш го притиснав на лицето и почнав да го бакнувам: „Мамо, мамо" – шепотев, а споменот ми ги притискаше градите како тежок товар. Го покрив лицето и го видов нејзиното лице со затреперени усни кога се крстеше кон црквата, кога потоа ме благословуваше мене, а јас ѝ говорев: „Срамота е, гледаат", „Мамице, мамо, само еднаш во животот си била кај мене ... Мамице, каде си сега, ти моја далечна гостинко? Дали уште се сеќаваш за своето кутро дете кај коешто беше дошла ... Покажи ми се макар за миг, дојди ми макар само на сон, за да ти кажам колку те сакам, само да те прегрнам и да ги бакнам твоите сини очи, да ти кажам дека сега ни малку не се срамам поради тебе, и дека и тогаш те сакав, и дека срцето тогаш ми беше тажно, и јас таму седев како лакеј. Никогаш, мамо, нема да дознаеш колку те сакав тогаш! Мамице, каде си сега? Ме слушаш ли? Мамо, мамо, а се сеќаваш ли за оној гулаб во селото?".

– Ах, по ѓаволите ... Што ти е! – почна да мрмори

од својата постела Ламберт – чекај, сега ќе ти покажам! Не ме оставаш да спијам . . . – Тој најпосле скокна од постелата, притрча кон мојот кревет и почна да го трга покривачот во кој се бев вовлекол.

– Цимолиш, зошто цимолиш, магаре, магаре! Еве ти! – и почна да ме удира, силно да ме удира со тупаница по грб, по слабините, сè посилно и посилно и јас . . . наеднаш ги отворив очите . . .

Веќе се разденува, ледени иглички светкаат на снегот, на ѕидот . . . Јас седам згрчен, одвај жив, вкочанет, во бунда, а некој стои над мене и ме разбудува, гласно пцуејќи и удирајќи ме во слабините со врвот од десната нога. Станувајќи погледнав еден човек во богата мечкина бунда, со капа од самуровина, со црни очи, со црни како смола зулуфи, со крив нос, бели заби, со бело лице и црвени образи, како маска . . . Се наведнал многу ниско над мене и студена пара му излетува од устата при секој негов здив:

– Премрзнал, пијана грдотијо, магаре! Ќе замрзнеш како куче, станувај! Стани!

– Ламберт! – викнав јас.

Тој брзо се наведна над моето лице.

– Кој си ти?

– Долгоруки!

– По ѓаволите, каков Долгоруки?

– П р о с т о Долгоруки! . . . Кај Тушара . . . Истиот оној кого го боцна со виљушка во слабините во гостилницата! . . .

– Аха-а-а! – извика тој, смеејќи се со некаква долга насмевка како да се присетува (зар навистина ме заборавил!) – А! значи, ти си тој, ти!

Ме крева и ме исправа на нозе; јас одвај стојам, одвај се движам, тој ме води придржувајќи ме со рака. Ми се загледа в очи и како да размислуваше и да се присетуваше, слушајќи ме со најголемо внимание; а јас пелтечам напрегнувајќи се, непрекинато и без престанување, а така ми е мило што зборувам и се радувам што е тоа Ламберт. Дали тој поради нешто ми се стори како спасител или се прилепив до него во тој момент затоа што го сметав за човек кој дошол од наполно друг свет, – не знам – тогаш не размислував –

но се притиснав до него без размислување. Што сум зборувал тогаш, ни малку не се сеќавам, но се сомневам дека имало некаква смисла и дека зборовите биле јасни; тој сепак ме слушаше многу внимателно. Штом ја здогледа првата кола што минуваше, тој ја запре и веќе по неколку минути седев во неговата топла соба.

III

Секој човек, кој и да е, сигурно има некаков спомен од каков и да било настан што му се случил и кој го смета или е склон да го смета за нешто фантастично, извонредно, речиси како чудо, било тоа да е сон или средба, насетување, претчувство, или што и да било во таа смисла. Јас досега сум склон оваа своја средба со Ламберт да ја сметам дури како нешто пророчко . . . судејќи барем според околностите и според последиците на средбата. Сето тоа, впрочем, барем од една страна се случи сосем природно: Ламберт просто се враќал од една своја ноќна работа (каква – тоа подоцна ќе биде објаснето) полупијан, и во уличката, кога за миг застанал кај вратата, ме видел мене. Во Петроград дошол само пред неколку денови.

Собата во која се наоѓав беше мала, многу просто наместена, обична петроградска шамбр-гарни[1]). Самиот Ламберт, впрочем, беше многу убаво и богато облечен. На подот лежеа два куфера, само до половина испразнети. Аголот на собата беше ограден со паравани кои го криеја креветот.

– Alphonsine – викна Ламберт.

– Présente![2]) – се одзва зад параванот еден зарипнат женски глас со париски акцент и не поминаа ни две минути, а оттаму излезе M-elle Alphonsine, која штотуку беше станала од постела, брзо се облече и ја наметна собната облека – едно чудно суштество, девојка со висок раст и сува како прачка, црномуреста,

---

[1]) Наместена (мебелирана) соба.

[2]) Тука сум.

со долга става, со долгманесто лице, немирни очи и пропаднати образи – страшно изживеано суштество.

– Брзо! (јас преведувам, а тој ѝ зборуваше француски). Таму сигурно веќе го ставиле самоварот; дајте брзо врела вода, црно вино и шеќер, дајте и една чаша, но брзо, изѕемнал, тоа е мој пријател . . . ја преспал ноќта во снегот.

– Malheureux[1]) – викна таа плескајќи со дланките театрално.

– Де-де! – ѝ подвикна Ламберт како на кученце и ѝ се закани со прст; таа веднаш прекина со гестовите и отрча да ја изврши наредбата.

Ламберт ме прегледа и ме испипа; ми го прегледа пулсот, го пипна челото, слепоочниците. – Чудно – мрмореше тој – чудно е што не си премрзнал . . . Впрочем си бил покриен со бундата, си седел како во крзнена дупка . . .

Дојде топлиот чај и јас жедно го испив; и така веднаш оживеав; повторно почнав да пелтечам; лежев дополу во аголот од канабето и непрекинато говорев и го губев здивот зборувајќи – но што и како сум зборувал, пак речиси ни малку не се сеќавам; одделни моменти и цели одломки наполно сум ги заборавил. Повторувам: дали тој нешто разбрал од моето раскажување – не знам; тој успеа да ме разбере толку што можеше да изведе заклучок дека не треба да мине тукутака преку средбата со мене . . . Подоцна на свое место ќе објаснам каква сметка тука можел да најде.

Не само што бев многу живнат, туку на моменти бев дури и весел. Се сеќавам како сонцето наеднаш ја осветли собата кога ги кренаа завесите, како потпукнуваше огнот во печката што некој ја запалил – кој и како, за тоа не се сеќавам. Ми остана во сеќавање и црното, малечко болоњско кученце што го држеше в раце M-elle Alphonsine, притискајќи го кокетно на срцето. Ова кученце ме забавуваше, дури престанав да раскажувам и на двапати се обидов да го помилувам, но Ламберт мавна со раката, а Алфонсина за миг исчезна зад параванот со своето болоњско куче.

---

[1]) Несреќник.

Тој сам непрекинато молчеше, седеше спроти мене и наведнувајќи се над мене само слушаше; одвреме навреме ќе се насмевнеше со долга, бавна насмевка, ќе ги исклештеше забите и ќе замижеше, како човек кој нешто напрегнато мисли и сака да погоди. Ми остана јасно само сеќавањето за тоа дека кога му раскажував за „документот", воопшто не можев јасно да се изразам и да ја поврзам работата. По лицето му познав дека никако не може да ме разбере, но дека многу би сакал да ме разбере, така што дури се обиде со едно прашање да ме задржи; но тоа беше опасно, зашто веднаш, штом ќе ме прекинеа, и јас ја прекинував темата и заборавав за што сум зборувал. Колку време така седевме и така разговаравме – не знам и не можам да кажам. Тој наеднаш стана и ја викна Алфонсина.

– Нему му е потребен мир, можете да викнете и лекар ако биде потребно – исполнете сè што ќе посака то ест ... vous comprenez, ma fille? Vous avez l'argent?[1]) Немате ли? Еве ви! – И ѝ даде банкнота од десет рубли. Потоа долго нешто ѝ шепотеше: vous comprenez, vous comprenez! – ѝ повторуваше заканувајќи ѝ се со прстот и строго собирајќи ги веѓите. Видов дека страшно се плаши од него.

– Ќе се вратам, а ти пред сè наспиј се убаво! – ми се насмевна тој мене и ја зеде шапката.

– Mais vous n'avez pas dormi du tout, Maurice![2]) – патетично му рече Алфонсина.

– Taisez vous, je dormirai après![3]) – и излезе.

– Sauvée[4]) – прошепоти само патетично, покажувајќи ми со рака по него.

– Monsieur, monsieur! – почна таа веднаш да декламира, заземајќи поза среде соба. – Jamais homme ne fut si cruel, si Bismark, que cet être, qui regarde une femme conune une saleté de hasard. Une femme,

---

[1]) Разбирате ли, ќерко? Немате ли пари?

[2]) Ама вие сосем не сте спале, Морис!

[3]) Молчете, јас подоцна ќе спијам!

[4]) Спасена сум.

qu'est-ce que ça dans notre époque? „Tue la!“ voilà la dernier mot de l'Academie française! . . .[1])

Ги ококоравив очите на неа; во моите очи работите почнаа да се удвојуваат, веќе ми се присторија две Алфонсини . . . Наеднаш забележав дека плаче, се тргнав и се сетив дека веќе одамна ми зборува и дека, по сè изгледа, за тоа време сум спиел или сум бил без свест.

– . . . Hélas! de quoi m'aurait servi de le découvrir plutôt, – викаше Алфонсина, – et n'aurais-je pas autant gagné à tenir ma honte cachée toute ma vie? Peut-être, n'est-il pas honnête à une demoiselle de s'expliquer si librement devant monsieur, mais eufin je vous avoire que s'il m'était permis de vouloir quelque chose, oh, ce serait de lui plonger au coeur mon couteau, mais en détournant les yeux, de peur que son regard exécrable ne fit trembler mon bras et ne glaçât mon courage! Il a assassiné ce pope russe, monsieur, il lui arracha sa barbe rousse pour la vendre à un artiste en cheveux au pont des Maréchaux tout près de la Maison de monsieur Andrieux – hautes nouveautés, articles de Paris, linge, chemises, vous savez, n'est ce pas? . . . Oh, monsieur, quand l'amitié rassemble à table épouse, enfants, soeurs, amis, quand une vive allégresse enflamme mon coeur, je vous le demande, monsieur: est-il bonheur préférable à celui dont tout jouit? Mais il rit, monsieur, ce monstre exécrable et inconcevable et si ce n'était pas par l'entremise de monsieur Andrieux, jamais, oh, jamais je ne serais . . . Mais quoi, monsieur, qu'avez vous, monsieur?[2])

[1]) Нема човек толку свиреп, таков – Бизмарк, како тоа суштество, кое смета дека е жената гад донесен од случајот. Жена, што е жената во нашево време! „Убиј ја!“ – тоа е последниот збор на Француската академија.

[2]) Ах, што би ми вредело да го бев пронашла порано . . . и зар не би значело за мене исто да ја криев својата срамота во текот на целиот живот? Можеби и не е чесно што една госпоѓица вака слободно се искажува пред еден господин, но, ете, ви признавам: кога би смеела да имам некоја своја волја, ах, јас би сакала да му забијам нож во срцето, но притоа да го свртам погледот, поради стравот пред неговиот одвратен поглед да не затрепери мојата рака и да не се олади мојата храброст! Тој го уби оној руски поп, господине, и му ја искуби неговата лисеста брада за да му ја продаде на еден вештак во преработување на коса, близу до Мостот на маршалите, сосем

Таа притрча кон мене: изгледа дека имав треска, а можеби и несвестица. Не умеам да изразам каков тежок, болен впечаток ми остави оваа мрдната жена. Можеби таа си воообразила дека ѝ е наредено да ме забавува, па од мене ни за миг не се оддалечуваше. Можеби некогаш играла во театар; страшно декламираше, се вртеше, непрекинато зборуваше, додека јас веќе одамна молчев. Сè што можев да сфатам од нејзиното зборување, беше тоа дека била во некоја тесна врска со некоја „la Maison de monsieur Andrieux – hautes nouveautés, articles de Paris, etc"[1]), а можеби дошла од la Maison de monsieur Audrieux, но таа е сега разделена за вечни времиња од тој monsieur Andrieux, parce monstre furieux et inconcevable[2]) и во тоа беше целата трагедија . . . Липаше, но мене ми се чинеше дека таа тоа само формално го прави, а всушност не плаче: за момент ми се стори дека целата ќе се распадне како скелет; зборовите ги изговори со некаков стегнат зарипнат глас; зборот préférable[3]), на пример, го изговараше préfé-a-able, блеејќи го она а сосем како некоја овца. Еднаш, кога дојдов на себеси, забележав дека среде соба се врти на една нога, но таа не играше. Како да беше ова вртење во врска со приказната, која таа со ова сакаше поочигледно да ја прикаже. Тогаш, наеднаш, брзо му пристапи на малиот, раштимуван клавир што се наоѓаше во собата, го отвори, почна на него да свири и да пее. Ми се чини дека десетина минути, или повеќе, наполно се занесов, но болоњското куче залаа и јас се разбудив: свеста ми се врати наполно за миг и ме освести со целата своја светлина; јас скокнав вџашен:

близу до дуќанот на Андрие – последните новости, париски производи, бела долна облека, кошули, знаете ли вие, нели? . . . Ох, господине, кога пријателството ќе ја прибере покрај маса жената, децата, сестрите, пријателите, кога бујната веселост ќе го загрее моето срце, ве прашувам тогаш, господине, има ли подобра среќа од онаа во која сè ужива? Но тој се смее, господине, тоа одвратно и невозможно чудовиште, и ако тука не се замешаше господинот Андрие, никогаш, ох, никогаш, јас не би . . . Ама што ви е, господине, што ви е вам?

[1]) Дуќан на господинот Андрие – последни новитети, париски производи итн.

[2]) Господинот Андрие со неговото страшно и недостижно чудовиште.

[3]) Оној што повеќе се сака, помил.

„Ламберт, јас сум кај Ламберт!" ми мина низ главата и си ја зедов шапката, па скокнав да си ја земам и бундата.

– Où allez-vous, monsieur?[1]) – ме праша проникливата Алфонсина.

– Сакам да си одам одовде, сакам да излезам! Пуштете ме, не држете ме. . .

– Oui, monsieur[2])! – ми одговори Алфонсина, одобрувајќи ми и потрча сама да ми ја отвори вратата кон ходникот. – Mais ce n'est pas loin, monsieur, c'est pas loin du tout, ça ne vaut pas la peine de mettre votre chouba, c'est ici près, monsieur![3]) – ми викаше низ целиот ходник. Кога истрчав од собата, свртив десно.

– Pari ici, monsieur, c'est par ici![4]) – ми довикнуваше со сиот глас, фаќајќи ја цвсто со своите долги, ковчести прсти мојата бунда, а со другата рака ми покажуваше лево во ходникот, едно место каде што воопшто не мислев да одам. Се истргнав и отрчав кон вратата што води кон скалите.

– Il s'en va, il s'en va![5]) – по мене отрча и Алфонсина, викајќи со крескав глас – mais il me tuera, monsieur, il me tuera![6]) – Но веќе бев истрчал на скалите и, покрај тоа што и таа трчаше по мене дури и по скалите, сепак успеав да ја отворам излезната врата, да излезам на улица и да ја земам првата кола што наиде. На кочијашот му ја кажав адресата на мајка ми . . .

IV

Меѓутоа, сознанието што за миг светна, брзо се угаси. По малку се сеќавам уште само за тоа дека со колата сум доведен кај мајка ми, воведен дома, но

---

[1]) Каде отиде, господине?

[2]) Добро, господине?

[3]) Но тоа не е далеку господине, воопшто не е далеку, не треба да ја облекувате бундата, тоа е сосем близу, господине!

[4]) Одовде, господине, еве ваму!

[5]) Си оди, си оди!

[6]) Но тој ќе ме убие, господине, тој ќе ме убие!

таму речиси веднаш наполно ја загубив свеста. Идниот ден, како што ми раскажуваа подоцна (а и јас самиот, впрочем, се сеќавам за тоа), пак ми се врати свеста. Запомнав дека бев во собата на Версилов на неговото канабе, се сеќавам дека околу себе ги видов Версилов, мајка ми, Лиза; добро се сеќавам дека Версилов ми зборуваше за Зершчиков, за кнезот и дека ми покажуваше некакво писмо, дека ме смируваше. Подоцна ми раскажуваа дека со ужас непрестајно сум се распрашувал за некој Ламберт и постојано сум зборувал дека лае некое болоњско куче. Но слабиот сјај на свеста наскоро пак се угасна: приквечер истиот ден веќе бев сосем во температура. Но пред другите настани сакам најнапред да го споменам ова:

Кога вечерта излегов од Зершчиков и кога таму донекаде сѐ се смирило, Зершчиков, кога повторно ја почнал играта, наеднаш гласно изјавил дека се случила грешка за која жали: исчезнатите четиристотини рубли се најдени во купчето со другите пари и касата, според тоа, се покажала наполно исправна. Тогаш кнезот, кој останал во коцкарницата, му пристапил на Зершчиков и од него енергично барал веднаш јавно да ја посведочи мојата невиност и, освен тоа, писмено да ми се извини. Зершчиков од своја страна признал дека ова барање на кнезот е оправдано и дал збор, пред сите, дека уште утре ќе ми испрати писмо во кое ќе ми ја објасни работата и ќе се извини. Кнезот му ја дал адресата на Версилов и, навистина, Версилов уште утредента примил лично од Зершчиков писмо на мое име и моите нешто повеќе од илјада и триста рубли што ги заборавив во коцкарницата. На тој начин е завршена работата кај Зершчиков; оваа радосна вест многу помогна да оздравам штом ми се врати свеста.

А кнезот, откако се вратил од коцкањето, истата ноќ, напишал две писма – едно мене, а друго до оној свој некогашен полк во кој му се случил оној настан со потпоручникот Степанов. Обете писма ги испратил идното утро. Потоа им напишал рапорт на претпоставените и со тој рапорт во рацете, рано изутрина, се пријавил кај командантот на својот полк, изјавувајќи му дека е „злосторник, соучесник во фалсификувањето

на акциите, дека се предава во рацете на правосудството и моли да му се суди." Наедно предал и рапорт во кој сето тоа било изложено и напишано. Го затворија.

А ова е неговото писмо што го напишал и ми го упатил мене таа ноќ, од збор до збор:

„Драги мој Аркадиј Макарович!

Бидејќи се обидов со лакејскиот „излез", со самото тоа го изгубив правото колку-толку да ја утешам мојата душа со мислата дека и јас најпосле би можел да се решам на храбар чекор. Згрешив спрема татковината и својот род и поради тоа, како последна фиданка на својот род, се казнувам самиот себеси. Не разбирам како можев да се фатам за таа ниска мисла – да се зачувам себеси и извесно време да фантазирам за тоа да се откупам со пари од нив! Сепак пред својата совест засекогаш ќе останев престапник. Тие луѓе, и кога би ми ги вратиле писмата кои ме компромитираат, сепак целиот живот не би ме оставиле на мир! Што ми остануваше друго: да живеам со нив, да бидам со нив заедно цел живот – тоа беше судбината што ме чекаше! Не можам да примам таква судбина и најпосле во себе најдов толку цврстина или, можеби, само очај, да постапам онака како што сега постапувам.

Напишав писмо и во мојот поранешен полк на своите поранешни другари и го оправдав Степанов. Во таа постапка нема и не може да има некакво откупување на гревот: тоа е само претсмртно завештание на утрешниот мртовец. Така треба да се гледа таа работа.

Простете ми што ве изневерив во коцкарницата; тоа беше затоа што во тој момент не бев сигурен во вас. Сега, кога сум веќе мртов човек, можам да направам такво признание . . . од тој свет.

Кутрата Лиза! Таа ништо не знае за оваа одлука: нека не ме проколнува, туку сама нека размисли. Не можам да се оправдувам и дури не можам да најдам ни зборови за да ѝ објаснам што и да било. Знајте го и тоа, Аркадиј Макарович дека вчера изутрина, кога беше кај мене за последен пат, ѝ ја открив мојата измама и ѝ признав дека кај Ана Андреевна одев со намера да ја барам за жена. Не можев тоа да ѝ го

оставам на мојата совест пред последната одлука што веќе ја смислив, гледајќи ја нејзината љубов, па ѝ се открив. Таа ми прости, но јас не ѝ поверував; тоа не е простување; да сум на нејзино место – јас не би можел да простам.

Сеќавајте се за мене.

Вашиот несреќен последен кнез Сокољски."

Прележав без свест цели девет дена.

ПРВА ГЛАВА

I

А сега за нешто сосем друго.

Постојано изјавувам: „за друго, за друго", а и понатаму раскажувам само за себе. Меѓутоа, веќе илјадапати сум изјавил дека не ми е целта да се опишувам себеси; таква ми беше цврстата намера кога ги почнав овие белешки, зашто совршено разбирам дека ни малку не сум му интересен на читателот. Јас опишувам и сакам да опишувам други луѓе, а не себеси, а ако пак тука се појавам и јас, тоа е грешка која е само за жалење, бидејќи тоа никогаш не можам да го одбегнам, колку и да сакам. Опишувајќи ги со таков жар своите лични преживеалици, пред сè се лутам што со самото тоа давам повод да се мисли дека сум и сега онаков каков што сум бил во тоа време. Но читателот ќе се сети дека не еднаш сум извикал: „О, кога би можел да го изменам она што било порано и да почнам наполно одново!". Така не би можел да извикувам дека сега не сум се изменил од основа и не сум станал сосем друг човек. Тоа е наполно јасно; и само кога некој би можел да замисли колку сум сит од сите овие извинувања и предговори што секој час морам да ги наметнувам дури и во средината на моите белешки!

Да минеме на работата.

Бидејќи девет дена лежев без свест, дојдов на себеси како пофроден, но не и поправен; впрочем, мојата преродба беше глупа, ако се земе во широко значење, и, можеби, таа ќе беше поинаква да се случеше

сега. Мојата идеја, то ест чувството, пак се состоеше само во тоа (како и илјадапати пред тоа) од нив сосем да си одам, но бездруго да си одам, а не онака како порано кога тоа илјадапати си го определував како задача и никако не го исполнував. Не сакав на никого да му се одмаздувам, за тоа давам чесен збор – иако сите ми создаваа непријатности. Се готвев од нив да си одам без омраза и без проколнување, но сакав да имам своја сила, вистинска и независна од сите нив и од целиот свет; па зар веќе не се измирив речиси со сите работи на светот! Го бележам ова мое тогашно сонување не како мисла, туку само како мое тогашно незадржливо чувство. Додека лежев в постела, не сакав ни да го формулирам тоа чувство. Болен и слаб, лежејќи во собата на Версилов што ја одделија за мене, со болка гледав во колкава мера сум ја загубил силата; во постелата лежеше сламка, а не човек, и не само поради болеста – о, колку сето тоа ми беше тешко! И ете, од најголемата длабочина на мојата душа почна да се крева најсилен протест и јас го губев здивот од некакво чувство на бескрајно голема горделивост и инает. Во целиот живот не можам да се сетам за времето во кое сум имал чувство на посилна горделивост, отколку во тие први денови на моето оздравување, то ест тогаш кога лежев како сламка в постела . . .

Но засега молчев и решив за ништо да не размислувам. Непрестајно гледав во нивните лица, трудејќи се според нив да погодам сè што ми беше потребно. Беше јасно дека ни тие не сакаа да се распрашуваат и да се интересираат, а со мене разговараа за сосем споредни работи. Тоа ми се допаѓаше и, во исто време, ме лутеше; но оваа противречност нема да ја објаснувам. Лиза ја гледав поретко отколку мајка ми, иако таа ми доаѓаше секој ден, дури и по двапати. Од одломките на нивните разговори и од целиот нивни изглед заклучив дека Лиза имала многу работа и дека често не е дома поради тие свои работи; но веќе при самата помисла за можноста таа да има „свои работи", за мене беше нешто навредливо; но сите тие чувства беа болни, чисто физиолошки и не вреди да се

опишуваат. И Татјана Павловна ми доаѓаше речиси секој ден и, иако не беше ни малку нежна спрема мене, барем не ме караше како порано кое до крајност ми беше непријатно, така што отворено ѝ реков: „Вие, Татјана Павловна, кога не се карате, сте страшно досадна." – Па добро, тогаш повеќе нема ни да ти доаѓам", ми одговори и излезе. А мене ми беше мило што барем една истерав.

Најмногу ја мачев мајка ми и нејзе ѝ се лутев. Ми се појави страшен апетит и многу мрморев што задоцнува јадењето (а никогаш не задоцнуваше). Мајка ми просто не знаеше како да ми угоди. Еднаш ми донесе супа и, по обичај, почна да ме храни, а јас јадејќи непрекинато мрморев. И наеднаш почнав и сам да се лутам зошто мрморам: „Единствено можеби неа ја сакам, па и неа ја мачам". Но лутината сепак не попушташе, па од јад заплакав, а таа, кутрата, помисли дека сум заплакал од силна љубов, па се наведна и почна да ме бакнува. Ги стиснав забите и некако истрпев, но навистина, во тој момент ја мразев. Мајка ми сепак ја сакав и тогаш ја сакав, и не ја мразев ни малку. Тоа беше она што станува секогаш: кого најмногу го сакаш, најмногу и го навредуваш.

Во тие први денови го мразев само докторот. Докторот беше млад човек, вообразен, говореше остро и дури неучтиво. Сите тие луѓе од науката како дури вчера и ненадејно да дознале нешто особено, додека токму вчера ништо особено не се случило; но такви се секогаш „средината" и „улицата". Долго поднесував па најпосле ја загубив стрпливоста, па пред сите наши му реков дека залудно доаѓа, дека ќе се излекувам и без него, дека е тој, како што изгледа, реалист, всушност, полн со предрасуди и не разбира дека медицината никогаш никого не го излекувала – дека, најпосле, по сè изгледа, тој е еден наполно необразован човек, „какви што се денеска кај нас сите техничари и специјалисти, кои во последно време толку го кренале носот". Докторот тоа многу го навреди (веќе со самото тоа докажа каков е), но сепак и понатаму доаѓаше. Најпосле му изјавив на Версилов дека на докторот само ако не престане да доаѓа, ќе му кажам и

десетпати понепријатни работи. Верислов за тоа ми забележа само дека не е возможно да се кажат ни двапати понепријатни работи од оние што сум ги рекол, а не десетпати. Мене ми беше мило што го кажа тоа.

Сепак, каков е тој човек! Велам за Версилов. Тој, и единствено тој е виновен за сè – па сепак само нему тогаш не му се лутев. Не ме освои само неговото однесување спрема мене, туку, мислам, дека тогаш обајцата чувствувавме дека еден на друг си должиме објаснување за многу нешта ... и дека токму поради тоа најдобро е никогаш и да не се објаснуваме. Извонредно е пријатно кога во слични ситуации во животот човек ќе наиде на паметен човек! Веќе во вториот дел на мојот расказ однапред соопштив дека Версилов многу кратко и јасно ми рече сè за писмото што ми го напиша уапсениот кнез, за Зершчиков, за неговата изјава во моја полза итн., итн. Но бидејќи бев решил да молчам, му поставив, на најсув начин, само две-три најкратки прашања. Тој на нив одговори јасно и определено, но наполно без излишни зборови и, што е најдобро, без излишно чувство. А тогаш се плашев од излишни чувства.

За Ламберт молчам, но читателот, секако се досетува дека за него многу сум мислел. Во бунилото неколкупати сум зборувал за Ламберт, но кога се истргнав од бунилото и почнав да гледам, набргу дојдов до заклучок дека за Ламберт сè останало тајна и дека ништо не дознале, не исклучувајќи го ни Версилов. За тоа многу се зарадував, па ми мина стравот, но се излажав, како што видов подоцна, на мое големо изненадување: Ламберт за време на мојата болест доаѓал, само Версилов тоа го премолчил, па заклучив дека за Ламберт веќе сум заборавен. Сепак за него често мислев и повеќе од тоа: мислев за него не само без одвратност, не само со љубопитство, туку дури и со некое интересирање, како да претчувствував дека тука се јавува нешто ново што ќе одговара на моите нови чувства и планови што се раѓаа во мене. Со еден збор, решив да размислам најпрвин за Ламберт. Бележам една чудна работа: наполно заборавив

каде живее тој и во која улица тогаш се случи сето она. Сè друго запомнив: и собата, и Алфонсина, и кученцето и ходникот; веднаш би можел сето тоа да го нацртам; но каде се случи сето тоа, то ест во која улица и во која куќа – тоа наполно сум го заборавил. И што е најчудно, за сето тоа се сетив дури третиот или четвртиот ден кога наполно се освестив, бидејќи веќе одамна почнав да се интересирам за Ламберт.

Тука, значи, без моите први чувства по моето воскреснување. Ги забележав само најпосредните работи и најверојатно е дека главното не ни умеев да го забележам. Навистина, можеби сето она што е главно токму тогаш се определувало и формулирало во моето срце; секако дека не се јадосував и не се лутев само затоа што не ми ја донесуваат супата. О, добро се сеќавам колку бев тажен и колку понекогаш се нажалував, особено кога останував подолго сам. Како за инает, ним им се стори дека ми е тешко кога се кај мене, дека нивното сочувство ме навредува, па почнаа сè почесто да ме оставаат сам, а таа нивна фина досетливост беше излишна.

II

Четвртиот ден откако дојдов на себеси, лежев околу три часа попладне на својата постела и никого немаше кај мене. Денот беше ведар и знаев дека околу четири часот, кога сонцето ќе почне да заоѓа, неговите коси црвени зраци ќе удрат право во аголот на мојот ѕид и со сјајна дамка ќе го осветлат тоа место. Тоа го знаев од претходните денови и поради тоа што тоа бездруго ќе се случи по еден час, а особено поради тоа што тоа однапред го знаев, како два и два се налутив до бес. Брзо се свртив со целото тело на другата страна и тогаш наеднаш сред длабоката тишина јасно ги чув зборовите: „Господи Исусе Христе, боже наш помилуј нè!“. Овие зборови беа изговорени со полушепот, по нив се слушна длабока воздишка од цели гради, а потоа пак сè наполно стивна. Брзо ја кренав главата.

Уште порано, то ест спроти тој ден, дури уште од завчера почнав да забележувам нешто особено во тие три наши соби долу. Во сопчето до салонот, во кое порано спиеја мајка ми и Лиза, сега очигледно имаше некој друг. Веќе повеќепати бев чул некои гласови, и дење и ноќе, но само за миг, многу краток миг и тишината веднаш се враќаше наполно, за неколку часови, така што и не обрнував внимание. Синоќа помислив дека е таму Версилов, затоа што набргу по таков шум влезе кај мене, иако веќе точно знаев од нивните разговори дека Версилов за време на моето болување се преселил некаде во друг стан во кој ноќева. За мајка ми и за Лиза веќе ми беше познато дека обете (за да не бидам вознемируван, си мислев) минале горе во мојот бивш „гроб" и си помислував во себеси: „Како можеа тие двете заедно да се сместат таму?". Сега наеднаш се покажа дека во нивната поранешна соба живее еден човек и дека тој човек во никој случај не е Версилов. Со леснотија, за која не претпоставував дека ја имам (вообразувајќи дотогаш дека сум наполно слаб) ги спуштив нозете од постелата, ги пикнав во пантофли, се наметнав со сивата собна наметка од јагнешко крзно што беше покрај мене (а која за мене ја жртвува Версилов), и минав низ гостинската и бившата спална соба на мајка ми. Она што го видов таму сосем ме збуни: воопшто не насетував нешто слично и застанав како закопан на прагот.

Таму седеше еден старец, со голема, ужасно бела брада и беше јасно дека тука веќе одамна седи. Не седеше на постелата, туку на мајкината мала клупа и само со грбот се беше потпрел на креветот. Впрочем, тој сè држеше толку исправено што, изгледа, ни малку не му беше потребно да се потпира, иако, очигледно, беше болен. На него, над кошулата, имаше еден мал јагнешки кожуф, преку колениците го имаше мајкиниот плед, а нозете му беа во пантофли. По сè се гледаше дека има висок раст, широки плеќи, со многу свеж изглед без оглед на тоа што беше болен; малку блед и ослабен, со издолжено лице, со многу густа, но не многу долга коса, а можеше да

има, изгледа, над осумдесет години. Покрај него на масата, на дофат од раката, лежеа три или четири книги и сребрени очила.

Иако воопшто не претчувствував дека ќе го сретнам, сепак во истиот момент погодив кој е, само никако не можев да сфатам како можеше да го помине сето ова време речиси покрај мене толку тивко, што досега воопшто да не го чујам.

Не се ни помрдна, кога ме виде, туку без да трепне и молчејќи само ме гледаше, како и јас него, со таа разлика што јас него го гледав со бескрајно изненадување, а тој мене без ни најмало. Напротив, откако ме разгледа целиот до последната црта, за тие пет или десет секунди молчење, наеднаш се насмевна и дури тивко и нечујно се засмеа. Иако смеата брзо исчезна, сепак нејзината светла, весела трага остана на лицето, особено во очите сини, сјајни, големи, но со спуштени и надуени од староста клепки кои беа опкружени со многубројни ситни брчки. Оваа негова смеа ми остави најсилен впечаток.

Ми се чини дека во повеќе случаи кога човек се смее гадно е да се гледа. Најчесто во човечката смеа се манифестира нешто просто, нешто што го унижува човекот што се смее, иако оној што се смее сам речиси никогаш не знае за впечатокот што го предизвикува. Исто така, не знае, како што воопшто никој не знае, какво му е лицето кога спие. На некои лицето им е и во сон паметно, а на други, дури и на паметните, лицето во сон им станува многу глупо и затоа смешно. Не знам од каде доаѓа тоа: би сакал само да кажам дека ни човекот што се смее, како ни човекот што спие ништо не знае за своето лице. Многу голем број луѓе ни малку не умеат да се смеат. Впрочем, тука нема што да се „умее“: тоа е дарба и не може да се научи. Ќе научиш единствено ако себеси се превоспиташ, ако се развиеш најдобро и ако ги совладаш лошите инстинкти на својот карактер: во тој случај, веројатно, би можела и смеата на таквиот човек да се измени на подобро. Има луѓе кои смеата наполно ги издава и наеднаш можете целиот да го запознаете. А неоспорно и паметната смеа понекогаш станува од-

вратна. За смеата, пред сè е потребна искреност, а зар има искреност кај луѓето? За смеата е потребна незлобност, а луѓето најчесто се смеат пакосно. Искрената и незлобната смеа значи веселост, а зар има кај луѓето во денешно време веселост и умеат ли луѓето да бидат весели? (За веселоста во наше време доста чув од Верислов и го запомнав). Веселоста на човекот е негова највидна црта, која најмногу го издава. Еден карактер долго не можете да го запознаете, но штом човек барем еднаш се насмее сосем искрено, веднаш ви се покажува целиот негов карактер како на дланка. Само човек со многу висок и многу среќен развиток умее да биде весел и да зарази и други, незадржливо и добродушно. Не зборувам за неговиот умствен развиток, туку за карактерот, за целиот човек. На тој начин, ако сакате да го прозрете човека и да ја запознаете неговата душа, не гледајте го кога молчи или кога зборува, или кога плаче или дури кога се возбудува со благородни идеи, туку подобро да го видите кога се смее. Ако добро се смее, знајте дека е добар човек. Притоа гледајте ги сите нијанси: потребно е, на пример, смеата на еден човек во никој случај да не ви се стори глупава, колку и да е човекот весел и простодушен. Штом ќе забележите и најмала трага на глупост во неговата смеа, тоа, без сомневање, значи дека е тој човек умствено ограничен, колку и да расфрлува идеи околу себе. Ако смеата не му е глупава, ако самиот човек што се смее наеднаш поради нешто ви се стори смешен, макар само малку – знајте дека тој човек нема вистинско лично достоинство, или барем го нема во полна мера. Или, најпосле, ако смеата на еден човек е и заразна, но сепак од некоја причина ќе ви се стори грда, знајте дека природата на тој човек е грда и проста и дека сето она благородното и возвишеното што сте го забележиле кај него порано, свесно или несвесно, е позајмено и дека таквиот човек подоцна безусловно негативно ќе се измени, дека ќе се занимава со ,,корисни работи“, а благородните идеи ќе ги отфрли без милост како момчешки заблуди и занесеништво.

Оваа долга тирада за смеата ја забележив овде

намерно и на штета на раскажувањата, зашто ја сметам како едно од моите највозбудливи сознанија за животот. А особено им ја препорачувам на свршениците кои се веќе готови да појдат за избраниот човек, но сè уште го набљудуваат претпазливо и со недоверба и никако не можат да се решат. И нека не му се подбиваат на едно момче што се наметнува со поуки во брачните работи за кои нема ни поим. Затоа јас знам дека е смеата најсигурна проба на душата. Погледнете го детето: единствено децата умеат добро да се смеат до совршенство и поради тоа и се привлечни. За мене е одвратно она дете што плаче, а дете кое се смее и кое е весело е рајска светлина, откривање на иднината, во која човекот најпосле ќе стане, исто така, чист и простодушен како што е детето. И, ете, такво нешто детско и до неверојатност привлечно видов и во краткотрајната смеа на овој старец. Веднаш му пристапив.

III

– Седни, седни малку, нозете по сè изгледа веќе не можат да те држат – ме понуди тој љубезно, покажувајќи ми на местото покрај себе и непрекинато гледајќи ме в лице со истиот светол поглед. Седнав покрај него и реков:

– Знам кој сте, вие сте Макар Иванович.

– Така е драги мој. Убаво е што стана. Ти си момче, тебе ти е убаво. Старецот оди в гроб, а момчето во живот.

– Да не сте болен?

– Болен сум, пријателе; повеќе во нозете; до прагот нозињата уште и ме донесоа, но откако седнав овде се надуја. Тоа ми е уште од минатиот четврток кога почнаа градусите. (Н. З. то ест кога почна мразот). Досега ги мачкав со маст, гледај: пред три години ми ја препиша Лихтен, доктор Едмунд Карлич, во Москва; таа маст ми помагаше, уф, уште колку ми помагаше; но еве, повеќе не помага. Ни во градите не ми е добро. А од вчера ни грбот, како кучиња да ме касаат . . . И не спијам ноќе.

– Како тоа да не ве чујам овде? – го прашав јас.

Тој ме погледна замислено.

– Само немој мајка ти да ја разбудиш! – додаде тој како да се сети наеднаш за нешто. – Овде ја помина целата ноќ, покрај мене, нечујно како да е мува; а сега, знам, прилегнала. Ох, тешко му е на болен старец – воздивна тој – не знам што ми ја држи душата, а уште живее и сè уште му се радува на сонцето; и кога би дошло животот одново да се започне, од тоа душата, верувај, не би се исплашила; иако, таквата мисла е, можеби, грешна.

– Зошто грешна?

– Таквата мисла е само сон, а старецот треба да оди на оној свет достоинствено. Зашто, ако одиш во смртта мрморејќи или со незадоволство, тогаш тоа е секогаш грев. Но ако си го засакал животот поради духовната радост, мислам дека господ ќе му прости, макар и на старец. Не му е лесно на човекот да го знае секој грев, што е грешно, а што не е; тоа е тајна која го надминува човечкиот ум. А старецот треба во секое време да биде задоволен и треба да умре во полна светлина на својот ум, блажено и достоинствено, сит од животот, воздивнувајќи во својот последен час и радувајќи се, одејќи како клас во снопот и исполнувајќи ја својата тајна.

– Непрекинато зборувате за „тајна“; што значи тоа „исполнувајќи ја својата тајна“? – го прашав свртувајќи се кон вратата. Ми беше мило што сме сами и што насекаде околу нас владееше ненарушлива тишина. Сонцето јасно светеше во прозорецот пред заоѓањето. Тој зборуваше малку искитено и неправилно, но многу искрено и со извесно силно возбудување, како навистина да му беше мило што дојдов кај него. Сепак забележав дека без сомневање беше во треска, и тоа силна. И јас бев болен, исто така, во треска, од моментот кога влегов кај него.

– Што е тајна? Сè е тајна, пријателе, во сè е божјата тајна. Во секое дрво, во секоја гранка затворена е таа тајна. Кога пее птичката или кога ѕвездите сите вкупно блескаат на небото во ноќта – сето тоа е само тајна, една иста тајна. А најголемата тајна е во она

што ја чека човековата душа на оној свет. Така ти е тоа, пријателе!

– Не знам во која смисла го велите тоа . . . Се разбира, не ве прашувам за да ве навредам, верувајте дека верувам во бога; но сите тие тајни разумот одамна ги открил, а она што уште не е откриено, ќе биде откриено сигурно, и тоа можеби во најкраток рок. Ботаниката точно знае како расте дрвото, физиологот и анатомот знаат дури зошто птицата пее или наскоро ќе дознаат. Што се однесува до ѕвездите, тие не само што се сите изброени, туку секое нивно движење е пресметано точно во секунда, така што е можно да се претскаже и за илјада години однапред, точно во минута, појавата на некоја комета . . . а сега станал познат дури и составот на најоддалечените ѕвезди. Земете микроскоп, тоа е, знаете, стакло кое може да ги зголемува предметите милионпати – и погледнете низ него една капка вода, па ќе забележите во неа цел нов свет, цел живот на живи суштества. Меѓутоа, и тоа било тајна, а сега еве е откриена.

– Сум го слушал тоа, драги мој, и тоа повеќепати сум го слушал од луѓето. Нема што да се каже, тоа е големо и славно дело; сè му е дадено на човека со божја волја; не залудно го надахнал господ со духот на животот: „Живеј и дознавај!“

– Тоа се банални зборови. Сепак вие секако не сте непријател на науката, не сте клерикалец? То ест, не знам дали вие го разбирате тоа . . .

– Не, драги мој, сум ја почитувал науката уште од младоста, иако самиот за неа немам ум, но поради тоа не мрморам: ако не ми е дадено мене, дадено му е на друг. Особено, драги пријателе, затоа што ни науката не му користи секому. Сите сме нестрпливи, сите би сакале да го изненадиме целиот свет, а јас, повеќе од другите, само кога би умеел. Но бидејќи сум, ете, сосем неук, како можам да се преиздигам кога самиот ништо не знам? А ти си млад и бистар, тоа ти го доделиле, па учи. Запознај сè ако можеш, кога ќе сретнеш безбожен или безобразен човек, да му одговориш, а тој да не те собори со избувливи зборови и да не ги

збуни твоите незрели мисли. А она стаклото сум го видел, и тоа токму неодамна.

И тој тука длабоко воздивна. Очигледно му направив извонредно задоволство со своето доаѓање. Неговата желба за разговор секако беше болна. Освен тоа, без сомневање, не се лажам тврдејќи дека во извесни моменти ме гледаше дури со некаква необична љубов: нежно ја ставаше својата рака на мојата, ме галеше по рамениците . . . но, морам да признаам, во извесни моменти како наполно да ме забораваше мене, како да седи сам, и иако и понатаму говореше со жар, сепак зборуваше некаде во воздух.

– Има, пријателе, – продолжи тој – во Генадиевата пустина еден човек со голем ум. Тој е од благородничко потекло, по чин е потполковник и има големо богатство. Додека уште живееше во светот, не сакаше да се врзува со брак; се оддели од светот, еве, веќе десетта година бидејќи ги засака мирните и тивките пристаништа и ги смири своите чувства од светските суети. Живее наполно според манастирскиот устав и не сака да се закалуѓери. А книги има, драги пријателе, толку многу, што кај никого не сум видел повеќе – самиот ми рече дека вредат осум илјади рубли. Се вика Петар Валеријанич. Ме учеше во разни времиња за многу работи, а јас бескрајно сакав да го слушам. Му велам еднаш: „Како тоа вие, господине, со вашиот толку голем ум, и бидејќи сте поминале еве веќе десет години во манастирска стега и во полно одречување од својата волја – како тоа да не го примите чесното постриживање, па да бидете уште посовршен?“ А тој на тоа ми одговори: „Зошто, стари, ми зборуваш за мојот ум; и можеби мојот ум мене ме заробил, а јас него не сум го совладал! И зошто зборуваш за мојата стега: можеби веќе одамна сум ја загубил својата мера. И зошто ми зборуваш за одречувањето од мојата волја? Еве, ќе се откажам во овој момент од сето мое богатство, и од својот чин и сите одликувања ќе ти ги ставам еве овде на масава веднаш, само од лулето тутун, еве се борам веќе десетта година не можам да се откажам. Каков калуѓер сум ти јас по сето ова и за какво одречување од волјата ме фалиш мене?“ Ме

изненади таа негова смиреност. Па потоа, ти наминав јас минатата година на Петрови пости, пак во тој манастир господ ме доведе, и гледам во неговата ќелија стои токму тој предмет – микроскопот – го добил од странство за големи ѓари. „Чекај, ми вели, стари, да ти покажам една работа која ќе те восхити, зашто досега уште не си ја видел. Ја гледаш ли оваа капка вода, чиста како солза, а сега погледај што има во неа па ќе видиш дека механичарите набргу ќе ги испитаат сите божји тајни, мене и тебе нема да ни остават ни една!" – добро се сеќавам дека така рече. А тој микроскоп уште триесет и пет години пред тоа сум го видел кај Александар Владимирович Магласов, нашиот господар, вујко на Андреј Петрович, чиј имот подоцна, по неговата смрт, му припадна на Андреј Петрович. Господарот беше угледен голем генерал и дрежеше голем број кучиња и ловци, па многу години поминав кај него како ловец. Еден ден го постави тој микроскопот што го донесе со себеси и ѝ нареди на целата послуга еден по еден да пристапат, и мажите и жените, и да гледаат; исто така покажуваа една болва и вошка, врв од игла и влакненце, и една капка вода. Беше многу забавно: се плашеа да пристапат, а се плашеа и од господарот – беше многу намуртен. Некои и не умееја да гледаат; замижуваа и ништо не видуваа; други пак се плашеа и викаа; а селскиот старешина Савин Макаров ги поклопи со обете раце очите и почна да вика: „Правете со мене што сакате, но не сакам да одам!". Имаше многу пуста смеа. На Петар Валерјанич пак не му признав дека порано, уште пред триесет и пет години сум го видел истото чудо, зашто забележав дека нему му прави големо задоволство да ми го покаже, туку напротив, почнав да се чудам и вџашувам. Ми даде време да гледам и ме праша: „Значи, стари, што гледаш сега?". А јас му се поклонив и му реков: „Рече господ да биде светлост, и би светлост", а тој мене наеднаш на тоа: „А зар не би темнина?" И тоа го рече толку чудно, што дури не се ни насмевна. Тоа тогаш ме зачуди од него, тој како да се налути и молкна.

– Просто-напросто, тој ваш Петар Валерјанич во

манастир држи пости и метанисува, но во бога не верува; а вие сте му наишле во таков момент, и тоа е сè – му реков јас – и, згора на тоа, тој е смешен човек: сигурно веќе барем десетпати пред тоа видел микроскоп и зошто така да поулави единаесеттиот пат? Веројатно е тоа некоја нервоза што ја заработил во манастирот . . .

– Тоа е чист човек и со висок ум – одговори старецот уверено – и не е безбожник. Умот му е богат, но срцето му е немирно. Сега се појавија многу такви луѓе во господските и учените кругови. И еве што ќе ти кажам уште: човек сам себе се казнува. Треба да им се иставаш од патот и да не им досадуваш, а пред спиење да ги споменеш во молитвата, зашто таквите луѓе го бараат господа. Дали му се молиш ти на бога пред спиење?

– Не; сметам дека е тоа празен обред. Впрочем, морам да ви признаам дека тој ваш Петар Валерјанич ми се допаѓа: барем не е празноглав, а сепак е човек кој донекаде личи на некој што на обајцата нам ни е близок, кого обајцата го познаваме.

Старецот со внимание ја ислуша само првата реченица од мојот одговор:

– Грешиш, пријателе, што не му се молиш на господа; добро е да му се помолиш на господа, срцето станува весело и пред спиење, и кога ќе станеш од спиење, и кога ноќе ќе се разбудиш. Тоа јас ти го велам. Едно лето во месец јули одевме во Богородичниот манастир на слава. Колку повеќе се приближувавме до местото сè повеќе се придружуваше народ и најпосле се собравме ако не и двесте луѓе, само ациии, кои оделе да ги целиваат светите и негибнати мошти на големите чудотворци – Аникија и Григорија. Ноќевавме, брате мој, в поле и јас се разбудив изутрината рано додека сите други уште спиеја, а ни сонцето уште не се јавуваше зад шумата. Ја кренав главата, драги мој, погледнав наоколу и воздивнав! Насекаде неискажлива убавина! Сè тивко, воздухот лесен; тревата расте – расти трево божја! Птицата пее – пеј птичко божја! Детенцето на рацете на една жена писна – господ да е со тебе, мало човече, расти со

своја среќа, детенце! И тогаш ми се стори како за првпат во животот да сум го примил сето ова во себе . . . И пак ја спуштив главата и веднаш лесно заспав. Прекрасно е на светов, драги мој! И кога би оздравел, пак напролет би тргнал на пат. И доколку е тајна, дотолку е баш подобро; затоа на срцето му е и страшно и прекрасно; и овој страв го весели срцето: „Сè е во тебе, господе, и јас сум во тебе, и прими ме!" Не мрмори момче: затоа е уште поубаво што е тајна – додаде тој разнежено.

– „Затоа е уште поубаво што е тајна" . . . Тоа ќе го запомнам, токму тие зборови. Вие ужасно неправилно се изразувате, но сепак ве разбирам . . . Ме изненадува тоа што многу подобро знаете и разбирате како да сте во бунило . . . – ми се откачи гледајќи ги неговите трескавични очи и побледено лице. Но изгледа дека тој не ги ни чу моите зборови.

– Знаеш ли ти, драго момче, – почна тој пак како да го продолжува преѓешниот говор – знаеш ли дека на овој свет постои граница на сеќавањето за човека? Границата на сеќавањето на човека е определена на сто години. Сто години по смртта уште можат да го помнат човека неговите деца или нивните внуци, што му го виделе лицето, а потоа ако може да се продолжи сеќавањето за него, тоа е само усно, мислено, зашто отишле сите што му го виделе живиот лик. И ќе му обрасне гробот со трева, ќе се излупи на него белиот надгробен камен и ќе го заборават сите луѓе, а самото негово потомство подоцна ќе му го заборави и името, зашто само малку луѓе остануваат во човечкиот спомен – но ништо за тоа! Макар и да заборават, мили мој, но јас ќе ве сакам и од гроб. Ќе ги чујам, деца, вашите весели гласови, ќе ги чујам вашите чекори на гробовите на вашите татковци на задушница; живејте уште на сонцето и радувајте се, а јас ќе му се помолам за вас на господа, ќе ви доаѓам на сон . . . сеедно – и по смртта трае љубовта! . . .

Бев во иста таква треска како него; наместо да излезам или да го смирам, а можеби и да го ставам на кревет затоа што беше наполно како во бунило, наеднаш го фатив за рака, и наведнувајќи се кон него и

стегајќи му ја раката, му реков со возбудено шепотење и со солзи во душата:

– Добро што дојдовте. Можеби веќе одамна сум ве очекувал. Никого од нив не го сакам: немаат душевност ... Нема да појдам по нив, не знам каде да појдам, ќе појдам со вас ...

Но, за среќа, во собата влезе мајка ми, инаку не знам уште што би рекол. Влезе со лице штотуку разбудено и со вознемирен израз; во рацете имаше стакленце и лажиче; кога нè виде извика:

– Знаев! Задоцнив навреме да му дадам кинин и сега е целиот во треска! Заспав, драги Макар Иванович!

Јас станав и излегов. Таа сепак му даде лек и го пикна в кревет. Се вратив многу љубопитен и напрегнато размислував за оваа средба. Што очекував од средбата, не знам. Се разбира, мислите ми беа неповрзани и ми се мешаа во умот не цели, туку само во одломки. Лежев свртен кон ѕидот и наеднаш забележав во аголот светла дамка на сонцето што заоѓаше која со толку клетви пред малку ја чекав и, гледај, се сеќавам, целата моја душа како да се зарадува и како нова светлина да ми го облеа срцето. Се сеќавам за тој сладок момент и никогаш нема да го заборавам. Тоа беше момент на нова надеж и нова сила ... Тогаш се враќав кон здравјето и, според тоа, ова расположение можеше да биде неминовна последица на мојата нервна состојба; но во таа светла надеж и денеска верувам – и тоа сакав сега да го запишам и да го истакнам. Се разбира, и тогаш добро знаев дека нема да појдам на патување со Макар Иванович и дека ни самиот не знам во што се состоеја тие нови стремежи што ме зафатија; само еден збор, иако во бунило, веќе го изговарав: „Немаат душевност!" „Се разбира, мислев во занес, од тој момент јас барам душевност, а тие ја немаат, и затоа ги оставам".

Нешто зашушка зад мене, јас се свртив: покрај креветот стоеше мајка ми, се наведна над мене, плашливо – љубопитно ме гледаше во очите. Ѝ ја зграпчив раката:

– А зошто, мамо, ништо не ми рековте за нашиот

драг гостин? – ја прашав наеднаш речиси ни самиот не очекувајќи дека ќе го речам тоа. Целиот немир се изгуби наеднаш од нејзиното лице, на него се разгори нешто како радост, но таа ништо не ми одговори, освен што ми рече:

– Не заборавај ја Лиза; Лиза си ја заборавил.

Тоа го изговори брзо, поцрвенувајќи, и сакаше веднаш да излезе, зашто не сакаше да ги покажува своите чувства; во тој поглед таа беше сосем на мене, то ест срамежлива и непорочна; притоа, се разбира, не сакаше со мене да разговара за Макар Иванович; доста беше и она што можевме немо да го кажеме со погледите. Но токму јас, кој толку ја мразам секоја сентименталност, сосила ѝ ја задржав раката: милно ѝ гледав во очите, тивко и нежно се насмевнував, а со другата рака ѝ го милував она другото лице, нејзините пропаднати образи. Таа се наведна над мене и го притисна своето чело на моето:

– Нека биде Христос со тебе, – рече кревајќи ја главата и целата сјаејќи – само гледај да оздравиш. Тоа нема да ти го заборавам. Тој е болен, многу е болен ... Животот му е во божји раце ... Ах, што реков тоа не може да биде! ...

Потоа излезе. Целиот свој живот таа беше во страв и трепет, и уважување, силно го почитуваше својот законит маж и аџија Макар Иванович, кој великодушно и еднаш засекогаш ѝ прости.

ВТОРА ГЛАВА

I

Мама се излажа, јас не ја заборавив Лиза. Чувствителната мајка забелѐжа дека меѓу братот и сестрата настапило некое студенило, но тука не беше во прашање недостиг на љубов, туку повеќе љубомора. Ќе објаснам, поради она што потоа ќе дојде, во два збора.

Веднаш по кнезовото апсење кај Лиза се појави некоја претерана гордост, некоја непристапна повлеченост, што речиси не можеше да се поднесува; но сите во куќата ја знаеја вистината, то ест дека таа страдаше; а тоа што јас се лутев и муртев во почетокот поради нејзиното однесување спрема мене, тоа беше единствено поради тоа што ме дразнеше секоја ситница и што поради болеста станав десетпати пораздразлив – така сега мислам за тоа. Воопшто не престанав да ја сакам Лиза, напротив, уште посилно ја засакав, само не сакав да пристапам прв, иако знаев дека ни таа за ништо на светот нема да пристапи прва.

Работата е во тоа што Лиза, штом се разбра сѐ за кнезот веднаш по неговото апсење, спрема нас и воопшто спрема целиот свет почна да зазема држење кое не допушташе ни да се помисли дека неа може некој да ја сожалува или да ја теши и да го оправдува кнезот. Напротив, не сакајќи никому да му ја објаснува работата, ниту со некого да се препира поради неа, таа некако непрекинато се гордееше со постап-

ката на својот несреќен свршеник како со некое големо херојство. Како на сите секој час да ни зборуваше (повторувам: не изговорувајќи ни збор): „Никој од вас не би го сторил тоа, вие немаше да ѝ се предадете на власта поради чувството на чест и должност, никој од вас нема толку чувствителна и чиста совест! А што се однесува од неговите постапки, кој не носи на душа лоши постапки? Само сите ги кријат, а овој човек повеќе сакаше да се упропасти себеси, отколку да остане недостоен во сопствените очи.“ Ете тоа го изразуваше, очигледно, секое нејзино движење. Не знам, но и јас, исто така, би постапил да бев на нејзино место. Исто така, не знам дали баш тие мисли ѝ беа во душата, то ест, дали во себеси го мислеше истото, насетувам дека не. Секако, со другата потресната половина од својот ум, таа мораше да ја увидува сета ништожност на својот „херој“, зашто сега кој не ќе се согласеше со тоа дека овој несреќен дури и на свој начин великодушен човек во исто време не е полна ништожност? Според самата надуеност и некаквата зајадливост спрема сите нас, тоа непрекинато сомневање дека за него имаме поинакво мислење од неа, можеше делумно да се нагаѓа дека во длабочината на нејзиното срце се крие и друго мислење за нејзиниот несреќен пријател. Но сепак брзам да додадам од моја страна, според моето сфаќање, дека барем наполу имаше право; нејзе пред сите нас би можело да ѝ се прости тоа што се колебаше во конечната оценка. Од длабочината на мојата душа признавам дека, и сега, кога мина сѐ, ни малку не сум начисто, како треба конечно да се оцени тој несреќник кој на сите ни донесе таква грижа.

Дома поради Лиза настана вистински пекол. Лиза, која толку сакаше, веројатно многу страдаше. По својот карактер таа повеќе трпеше молчејќи. Нејзиниот карактер беше сличен на мојот, то ест деспотски и горд, и секогаш си мислев, и тогаш и сега дека таа го засакала кнезот поради деспотизмот и токму затоа што тој немаше карактер, од првиот збор и во првиот момент, наполно ѝ се покори. Тоа некако само по себе се случува во срцето без претходна намера; само так-

вата љубов, љубовта на посилниот спрема послабиот, често станува извонредно посилна и повеќе измачува, отколку љубовта на еднакви карактери, поради тоа што и не сакајќи се зема одговорноста за својот послаб пријател. Барем јас така мислам. Сите наши, од самиот почеток, ја опкружија со најнежна грижа, особено мајка ми; но таа не омекна, не се одзва на сочувството и како да отфрли секаква помош. Со мајка ми уште и зборуваше во почетокот, но секој ден стануваше сè поштедлива во зборовите, налутена, дури и избувлива. Со Версилов во почетокот се советуваше, но наскоро за советодавач и помошник го избра Васина, како што со изненадување дознав подоцна ... Кај Васин одеше секој ден, одеше и по судовите кај претпоставените на кнезот, одеше кај адвокати, кај државниот обвинител; најпосле, по еден ден не доаѓаше дома. Се разбира, секој ден двапати го посетуваше и кнезот, кој беше затворен во одделението за благородници, но тие видувања, како што се уверив подоцна, ѝ паѓаа на Лиза многу тешко. Се разбира, никој трет не може наполно да ги разбере односите меѓу двајца вљубени. Но сепак ми е познато дека кнезот секој момент длабоко ја навредувал, и тоа со што, на пример? Чудно: со непрекината љубомора. Впрочем, за тоа пдоцна; само му додавам кон ова една мисла: тешко е да се каже кој од нив двајцата повеќе го мачеше другиот. Додека меѓу нас се гордееше со својот херој, Лиза, можеби, се однесуваше сосем поинаку очи во очи со него, како што насетувам сигурно според некои податоци за кои, впрочем, исто така, подоцна ќе зборувам.

Значи, што се однесува до моите чувства и односот спрема Лиза, сè што имаше однадвор, тоа беше само засилената љубоморна лага од обете страни, зашто никогаш еден со друг не се сакавме посилно отколку во тоа време. Додавам уште дека Лиза спрема Макар Иванович, уште од самото негово доаѓање, по првото изненадување и по првата љубопитност, почна од некои причини да се однесува речиси немарно, дури гордо. Како намерно, ни малку не му обрнуваше внимание.

Бидејќи се зареков да „молчам“, како што објаснив во претходната глава, мислев, се разбира во теоријата, то ест во мојата фантазија, да го одржам дадениот збор. О, со Версилов, на пример, побргу би започнал разговор за зоологијата или за онаа, да речеме, многу важна реченица во неговото писмо, со која ја известува дека „документот не е изгорен, туку е жив и ќе се појави“ – реченица за која почнав да размислувам штом ми се врати сеќавањето и расудувањето по бунилото. Но залудно! Веќе на првиот чекор во практиката, и уште пред првиот чекор, увидов колку е тешко и невозможно да се одржат слични одлуки: веќе вториот ден по моето запознавање со Макар Иванович, страшно ме возбуди еден неочекуван настан.

II

Ме возбуди неочекуваната посета на Настасја Егоровна, мајка на покојната Оља. Од мајка ми веќе чув дека двапати дошла во текот на мојата болест и дека многу се интересирала за моето здравје. Дали баш поради мене дошла оваа „добра жена“, како што секогаш се изразуваше за неа мајка ми, или просто ја посетуваше мајка ми по обичај кој веќе порано го вовела – не прашав. Мајка ми секогаш ми раскажуваше за сите домашни настани, од времето кога доаѓаше да ме храни со супа (кога уште не можев да јадам сам) – за да ме разоноди, но јас притоа упорно се трудев секојпат да покажам дека многу малку се интересирам за тие вести, и поради тоа ни за Настасја Егоровна не прашував поподробно, дури молчев.

Беше околу единаесет часот; токму сакав да станам од кревет и да минам во фотелјата крај масата, кога влезе таа. Намерно останав в постела. Мајка ми нешто се забави горе и не се симна кога дојде гостинката, така останав сам со неа. Таа седна спроти мене, покрај ѕидот на столот, смешкајќи се и не зборувајќи ништо. Претчувствував дека само ќе молчиме; и воопшто нејзиното доаѓање многу ме налути. Ни со

глава не ѝ нишнав и ја гледав право в очи; но и таа гледаше право во мене.

– Не ви е ли сега во станот, по заминувањето на кнезот, здодевно што сте сама? – ја запраша наеднаш, губејќи ја стрпливоста.

– Не, не сум веќе во тој стан. Сега, благодарение на Ана Андреевна, го чувам нивното дете.

– Чие дете?

– На Андреј Петрович! – рече таа доверливо шепотејќи и погледнувајќи кон вратата.

– Но таму е Татјана Павловна . . .

– И Татјана Павловна, и Ана Андреевна, обете, Лизавета Макаровна, исто така, и вашата мајка . . . сите. Сите учествуваат во тоа. Татјана Павловна и Ана Андреевна сега се големи пријателки.

Новост. Зборувајќи, таа целата оживе. Ја гледав со омраза.

– Многу сте живнале од последниот пат кога доаѓавте кај мене.

– Ах, да.

– Изгледа дека сте се угоиле?

Ме погледна чудно.

– Многу ги засакав, многу.

– Кого тоа?

– Па Ана Андреевна. Многу ја сакам. Толку благородна девојка и толку паметна . . .

– Така. А што прави таа, како е таа сега?

– Тие се многу спокојни, многу.

– Таа секогаш беше спокојна.

– Секогаш.

– Ако сте дошле со сплетки, – наеднаш викнав јас, не можејќи повеќе да издржам – знајте дека нема во ништо да се мешам, решив да ги оставам . . . сите, сите, мене ми е сеедно – јас заминувам! . . .

Замолчив затоа што се тргнав. Ми се стори понижувачко да ѝ ги објаснувам моите нови планови. Таа ме ислуша без чудење и без возбудување и пак настана молчење. Потоа наеднаш стана, пријде до вратата и погледна во соседната соба. Откако се увери дека таму нема никого и дека сме сами, сосем спокојно се врати и седна на поранешното место.

– Тоа добро го сторивте! – се насмеав наеднаш.

– Ќе го задржите ли станот кај началникот – праша таа наеднаш, наведнувајќи се малку и спуштајќи го гласот, како да беше тоа главното прашање поради кое и дошла.

– Станот? Не знам. Можеби и ќе се иселам . . . Од каде да знам јас? . . .

– А газдите толку ве очекуваат; чиновникот е во голема нестрпливост, како и неговата жена. Андреј Петрович ги уверуваше дека сигурно ќе се вратите.

– А зошто прашувате?

– И Ана Андреевна сакаше да знае; беа многу задоволни кога дознаа дека ќе останете.

– А од каде таа толку сигурно знае дека безусловно ќе останам во тој стан?

Сакав да додадам: „А зошто ѝ е тоа?" – но се здржав да прашам, од гордост.

– И господинот Ламберт истото тоа им го потврди.

– Што-о-о?

– Да, господинот Ламберт. Тие на Андреј Петрович, исто така, сосем сигурно му потврдија дека ќе останете и во тоа ја уверија Ана Андреевна.

Целиот бев потресен. Какви се овие чудеса! Ламберт веќе го познава Версилов, Ламберт веќе продрел до Версилов, – Ламберт и Ана Андреевна, продрел и до неа! Вивнав како жар, но премолчив. Страшна гордост ја облеа целата моја душа, гордост или нешто друго, не знам. Но како самиот себеси да си реков во тој момент: „Ако прашам само еден збор заради објаснување пак ќе се заплеткам во тој свет и никогаш веќе нема да се оттргнам". Омразата се разгори во моето срце. Со сета сила решив да молчам и лежев неподвижно; и таа замолчи за цела минута.

– Што прави сега кнезот Николај Иванович? – запрашав јас наеднаш како да сум го изгубил умот. Работата е во тоа што ја прашав за да минеме на друга тема, а повторно, неочекувано, го поставив најважното прашање, сам, како поулавен, враќајќи се во истиот свет од кој така грчовито решив да бегам.

– Тие се во Царско Село. Малку се слаби, а во

градот сега владее епидемија; сите им советуваа да минат во Царско Село, во нивната тамошна куќа, на свеж воздух.

Ништо не ѝ одговорив.

– Ана Андреевна и генералицата ги посетуваа секои три дена, заедно одат таму.

Ана Андреевна и генералицата (то ест т а а) – пријателки! Заедно одат! Молчев и понатаму.

– Сега се добри пријателки тие двете и Ана Андреевна толку убаво зборува за Катерина Николаевна . . .

И понатаму молчев.

– А Катерина Николаевна пак „излезе" во општеството, не пропушта ниедна свеченост, насекаде блеска; велат дека на дворот сите се вљубени во неа . . . а со господинот Бјоринг наполно прекинала и нема да има свадба; сите тоа го тврдат . . . откога се случи она.

То ест од писмото на Версилов. По целото тело ми минаа морници, но не прозборував ни збор.

– Ана Андреевна толку го жали кнезот Сергеј Петрович, и Катерина Николаевна, и сите за него велат дека ќе биде ослободен, а ќе го осудат оној Стебељков.

Ја погледнав со омраза. Таа стана и наеднаш се наведна над мене.

– Ана Андреевна особено ме молеше да се распрашам за вашето здравје – рече со тихо шепотење – и многу ве молеше да навратите кај неа штом ќе почнете да излегувате. Збогум. Гледајте да оздравите, а јас така и ќе ѝ речам . . .

Тогаш излезе. Седнав на креветот, студена пот ми изби на челото, но не затоа што чувствував некаков страв: неразбирливата и одвратна вест за Ламберт и за неговите махинации, на пример, ни малку не ме исполни со ужас, во споредба со стравот, можеби несвесен, со кој се сеќавав во болеста и во првите денови на оздравувањето на својата средба со него, онаа ноќ. Напротив, во тој прв момент на збунетост на креветот, веднаш по заминувањето на Настасја Егоровна, дури не се ни задржав на Ламберт, туку . . . мене најмногу ми влијаеше веста за неа, за нејзиното прекинување со

Бјоринг, за нејзината среќа во општеството, за свеченостите, за успехот, за „блесокот“. „Блеска“, уште ми одекнуваше во ушите зборот на Настасја Егоровна. И тогаш почувствував дека со сопствената сила не ќе можам да се отргнам од тој вител иако успеав да го стегнам срцето, да молчам и да не ја испитувам Настасја Егоровна по нејзините чудни соопштенија. Бескрајна жед за оној живот, нивниот живот, овладеа со целата моја душа и . . . и уште некоја друга слатка жед што ја чувствував како среќа и како тешка болка. Мислите како да ми се виореа, но им допуштав да се виорат. „Што има тука да се размислува!“ – ми зборуваше чувството. – „Дури и мајка ми криеше од мене дека доаѓал Ламберт, – ми се јавуваше мислата во неповрзани одломки – а Версилов ѝ наредил да молчи . . . ќе умрам, но нема да го прашам Версилов за Ламберт!“ – „Версилов – ќе ми светнеше пак мислата – Версилов и Ламберт, о, колку ли нови работи се случиле кај нив! Баш е мајстор овој Версилов! Го исплаши Германецот Бјоринг со писмото; ја наклевети неа; la calomnie . . . il en reste toujours quelques chose[1]), а дворјанинот Германец се исплаши од скандал – ха, ха . . . добила лекција!“ „Ламберт . . . да не се пробил веќе и до неа овој Ламберт? Уште тоа требаше! А зошто таа да не се „врзе“ со него?“

Но тогаш наеднаш ги отфрлив сите овие глупи мисли и во очај ја спуштив главата на перницата. „Тоа не смее да стане!“ – реков изненаден од решеноста, скокнав од постелата, ги зедов пантофлите и наметката и отидов право во собата на Макар Иванович, небаре таму ќе најдам одбрана од сите магии, котвата на спасот за која ќе се фатам.

Всушност, можеби таа мисла сум ја почувствувал тогаш со сета сила на својата душа; инаку зошто толку незадржливо и ненадејно скокнав од местото и во таква морална состојба летнав кај Макар Иванович?

---

[1]) Клевета . . . од неа секогаш по нешто останува.

III

Но кај Макар Иванович, спротивно на секое очекување, затеков посетители – мајка ми и докторот. Па бидејќи, не знам зошто, си мислев тргнувајќи таму, дека старецот ќе го најдам сам како и вчера, застанав на прагот во полна недоумица. Уште не успеав ни да се намуртам, веќе дојде и Версилов, а веднаш по него и Лиза . . . Значи, поради нешто сите се собрале кај Макар Иванович, и тоа „баш кога не треба".

– Дојдов да видам како сте со здравјето! – реков пристапувајќи право кај Макар Иванович.

– Ти благодарам, драги мој, те чекав; знаев дека ќе дојдеш! Цела ноќ мислев за тебе.

Ме погледна благо во очите и мене ми беше јасно дека ме сака повеќе од другите, но веднаш и не сакајќи забележав дека лицето, вистина, му е весело, но дека болеста во текот на ноќта напредувала. Докторот штотуку го прегледал, многу сериозно. Подоцна дознав дека овој доктор (истиот оној млад човек со кого се скарав и кој Макар Иванович го лекуваше од самото негово доаѓање) многу внимателно го лекувал својот пациент, и – не умеам само да се изразам со медицински јазик – нашол кај него многу компликации на разни заболувања. Макар Иванович, како што на прв поглед забележав со него веќе беше во најтесно пријателство; тоа веднаш не ми се свиде; впрочем, јас, се разбира, во тој момент бев многу лошо расположен.

– Значи, Александре Семјонович, како е денеска нашиот драг болен? – праша Версилов.

Да не бев толку потресен, прво многу љубопитно би го испитал односот на Версилов спрема старецот, за кое вчера веќе размислував. Сега најмногу ме изненади многу мекиот и пријатен израз на Версиловото лице; во него имаше нешто бескрајно искрено. Ми се чини дека еднаш веќе забележав оти лицето на Версилов е многу убаво, кога добива барем малку простодушен поглед.

– Еве непрекинато се карам! – одговори докторот.

– Со Макар Иванович ли? Не верувам, со него воопшто не е возможно човек да се кара.

– Не слуша: ноќе не спие . . .

– Престани веќе еднаш, Александар Семјонович, веќе доста ме караше! – се пошегува Макар Иванович. – Ајде, Андреј Петрович, кажете што стана со нашата госпоѓица? Еве ја веќе цело утро вознемирена, се загрижила! – додаде тој покажувајќи на мајка ми.

– Де, Андреј Петрович – рече и мајка ми со голема вознемиреност – кажи ни побрзо, не мачи нè, како мина кутрата?

– Ни ја осудија нашата госпоѓица!

– Ох! – извика мајка ми.

– Но не во Сибир, смири се, само на петнаесет рубли парична казна; вистинска комедија!

Тој седна, седна и докторот. Тие зборуваа за Татјана Павловна, а јас уште ништо не знаев за тој случај. Седев лево од Макар Иванович, а Лиза седна сproти мене, десно од него; очигледно имала некој свој, специјален денешен јад, со кој и дошла кај мајка си; изразот на лицето и беше немирен и раздразнет. Во тој момент ни се сретнаа погледите и јас си помислив во себеси: „Обајцата сме осрамотени, а јас морам прв да ѝ пристапам.“ Срцето наеднаш ми омекна спрема неа. Меѓутоа, Версилов почна да го раскажува утринскиот настан.

Работата беше во ова: Татјана Павловна имаше тоа̀ утро спор во судот со својата готвачка. Целиот случај е многу безначаен; веќе порано спомнав дека пакосната Финка понекогаш, налутена, со недели молчела, не одговарајќи ѝ на својата госпоѓа на нејзините прашања; спомнав и за слабоста на Татјана Павловна спрема неа, сè поднесуваше и никако не сакаше да ја истера еднаш засекогаш. Сите тие ќудови на старите моми и старите дами во моите очи во најголема мера се достојни за презирање и навистина не заслужуваат да се спомнуваат, а што сепак се решавам овде да го спомнам тој случај, тоа е единствено поради тоа што на оваа готвачка подоцна, во натамошниот тек на мојот расказ ѝ е судено да игра извесна не мала и судбоносна улога. И така, најпосле,

кога еднаш ја загуби стрпливоста поради тврдоглавата Финка, која веќе неколку денови не сакала да одговара, Татјана Павловна наеднаш ѝ удрила шлаканица, кое порано никогаш не се случило. Финката ни сега не пуштила ни глас, туку уште истиот ден нашла некој поморец, потпоручник во оставка, некој Осетров, кој живеел спроти дворот некаде долу во аголот, и кој, во борбата за опстанок, се занимавал со разни работи и, се разбира, со составување тужби за на суд. Работата дошла дотука што Татјана Павловна е повикана кај судијата за прекршоци, а Версилов требало некако во судењето да учествува во својство на сведок.

Версилов сето ова го раскажа толку необично, весело и шеговито што дури и мајка ми се смееше; имитираше како на судот изгледале Татјана Павловна и поморскиот потпоручник и готвачката. Готвачката веднаш на почетокот му изјавила на судијата дека бара парична казна, „зашто, ако госпоѓата ја уапсат, кому ќе му готви?“ На прашањата од судијата Татјана Павловна одговарала гордо, не удостојувајќи го дури ни да се оправдува; напротив, завршила со зборовите: „Ја удрив и пак ќе ја удрам“, поради што веднаш била казнета со три рубли за дрскиот одговор на судот. Поморскиот потпоручник, еден висок и сув момчак, почнал долг говор во корист на својата клиентка, но бедно се заплеткал, така што целата сала му се смеела. Судењето набргу завршило и Татјана ја осудиле да ѝ плати на тужителката петнаесет рубли. Таа веднаш го извадила портмонето за да ги плати парите, а поморскиот потпоручник се приближил и ја пуштил раката да ги прими парите, но Татјана Павловна налутено му ја оттурнала раката и ѝ се обрнала на Марија. „Оставете, госпоѓо, немојте да се вознемирувате, ставете ги во сметката, а јас веќе сама ќе се пресметам со овој.“ – „Што ти стана, Марија, да го земеш овој долгач!“ – покажа Татјана Павловна на поморскиот потпоручник, страшно зарадувана што Марија најпосле проговорила. „Баш е вистински долгач, госпоѓо – лукаво ѝ одговори Марија – а дали денеска наредивте котлет со грашок, утринава не чув

добро, брзав за ваму?" – „Ах, не, со зелка, Марија, само те молам да не изгори како вчера." – „Денеска специјално ќе се потрудам, госпоѓо; дозволете ми да ви бакнам рака" – и во знак на измирување ѝ ја бакна на својата госпоѓица раката. Со еден збор ја развесели целата сала.

– Баш е чудна! – нишкаше мајка ми со главата, многу задоволна од извештајот и од раскажувањето на Андреј Петрович, но скришно вознемирено ја гледаше Лиза.

– Госпоѓицата уште од младоста беше своеволна! – се насмевна Макар Иванович.

– Жолчна и мрзлива! – се замеша докторот.

– Јас ли сум таа своеволна госпоѓица, и жолчна и мрзлива? – наеднаш влета во собата Татјана Павловна, очигледно многу задоволна со себеси. – Но барем ти Александар Семјонович не би требало да траскаш сешто; ме познаваш уште од својата десетта година, па кога сум била мрзлива, а од жолчката ти самиот цела година ме лекуваш, па не можеш да ме излечиш, и треба да се срамиш. Но доста ми се смеевте; благодарам, Андреј Петрович, што се потрудивте да дојдете во судот. А како си ти, Макарушка, дојдов само тебе да те посетам, а не и овој (и покажа на мене, но пријателски ме чукна со рака по рамото; уште никогаш не сум ја видел во толку весело расположение).

– Па, како е? – заврши таа, обрнувајќи му се на докторот и загрижено собирајќи го челото.

– Еве, не сака да легне в постела и вака, седејќи, само се истоштува.

– Сакам само малку да поседам со друштвово! – промрмори Макар Иванович со детски молбен израз.

– Да, многу го сакаме ние тоа: сакаме да се собере друштво околу нас, па да си прикажуваме; го познавам јас Макарушка! – рече Татјана Павловна.

– Уф, каков си, колку си брз, – се насмевна старецот, пак, обрнувајќи му се на докторот – најнапред чуј ме, и остави ме да кажам: ќе легнам, драги мој, сум чул, а народот вели: „Кога ќе легнеш, којзнае дали ќе станеш!" – ете тоа, пријателе, ме мачи.

– Се разбира така и си мислев, народни предрасу-

ди. „Ќе легнам, вели, а дали ќе станам“ – од тоа многу често се плашат луѓето и повеќе сакаат да прележат на нозе, отколку да одат в болница. А вас, Макаре Иванович, просто ве опфатил копнеж за слобода, копнеж малку да патувате – оттаму целата болест; сте се одвикнале долго да останете во едно место. Вие сте таканаречен аџија! А скитањето кај нашиот народ почна да се претвора во страст. Тоа повеќепати сум го забележал кај народот. Нашиот народ е во основа скитач.

– И ти мислиш дека е Макар скитач? – прифати Татјана Павловна.

– О, не го реков во таа смисла; го употребив зборот во неговото општо значење. Да речеме дека е религиозен скитач, побожен скитач, но сепак е скитач. Во добра, чесна смисла, но скитач . . . Мислам од медицинско гледиште . . .

– Ве уверувам – му се обрнав наеднаш на докторот – дека побргу сме скитачи јас и вие и сите колку што нè има овде, а не овој старец, од кого сите имаме што да научиме, затоа што тој има нешто цврсто во животот, а ние, колку што нè има, немаме ништо цврсто во животот . . . Впрочем, вие тоа не можете да го разберете.

Очигледно сум зборувал остро, но затоа и дојдов. Всушност, не знаев зошто и понатаму овде седам и бев како избезумен.

– Што ти е? – сомнително ме погледа Татјана Павловна. – Што велиш ти за него, каков е Макар Иванович? – и покажа на мене со прст.

– Господ да го благослови, бистар е! – рече старецот со сериозно лице, но кај зборот „бистар“ речиси сите се насмеаја. Можев да се совладам некако; од сите најмногу се смееше докторот. Беше доста глупо што тогаш не знаев за нивниот претходен договор. Версилов, докторот и Татјана Павловна уште пред три дена се договориле по секоја цена да ја одвратат мајка ми од нејзините лоши претчувства и стравот за Макар Иванович, кој беше многу повеќе и поопасно болен отколку што тогаш насетував. Ете, затоа сите тогаш се шегуваа и се трудеа да се смеат. Само док-

торот беше глуп и не умееше да се шегува: поради тоа и се случи целата таа работа. Да знаев и јас тогаш за нивниот договор, не би го предизвикал она што се случи. Ни Лиза ништо не знаеше.

Седев и слушав со половина уво. Тие разговараа и се смееја, а мене во главата ми се вртеше Настасја Егоровна со нејзините вести и никако не можев да се ослободам од неа; сè ми се појавуваше пред очите како седи и гледа, претпазливо станува и ѕирка во другата соба. На крајот сите наеднаш се насмеаја: Татјана Павловна, не знам по кој повод, му рече на докторот дека е безбожник: „Ах, вие медицинари, сите сте безбожници! . . .“

– Макар Иванович! – извика докторот, преправајќи се многу глупаво дека е навреден и дека бара суд. – Дали сум јас безбожник?

– Ти ли безбожник? Не, не си ти безбожник, – сериозно одговори старецот, посматрајќи го внимателно – не, господ да те поживее! – нишна со главата. – Ти си весел човек.

– А кој е весел, тој не е безбожник? – иронично праша докторот.

– Тоа е оригинална мисла! – забележа Версилов, но не се смееше.

– Тоа е дури силна мисла! – и не сакајќи извикав јас, изненаден од идејата.

Докторот гледаше околу себе во недоумица.

– Од сите учени луѓе, од тие професори (веројатно пред тоа разговарале нешто за професорите) – почна Макар Иванович спуштајќи го малку погледот – првин се плашев; не смеев да се појавам пред нив, зашто најмногу се плашев од безбожниците. Мислев; имам една душа; ако ја упропастам, друга не можам да најдам; но подоцна се охрабрив: „Па што, си мислев, не се тие богови, туку се исто како и ние луѓе што имаат исти страсти како нас.“ Бев и многу љубопитен: „Морам да дознаам, велам, што е тоа безбоштво“. Само, пријателе, подоцна ми мина и таа љубопитност.

Тука замолчи, но со намера да продолжи со истата тивка и сериозна насмевка. Постои простодуш-

ност која има доверба во сè и сешто и која никаде не насетува потсмевање. Таквите луѓе секогаш се ограничени, зашто се готови од срце да го изнесат пред првиот што ќе го сретнат и она што им е најдрагоцено. Но кај Макар Иванович, ми се чинеше, имаше нешто друго, да зборува него го гонеше нешто друго, а не само невиноста на простодушните; од него ѕиркаше пропагатор. Со задоволство ја гледав неговата позната, дури по малку лукава насмевка, наменета на докторот, а можеби и на Версилов. Разговорот очигледно беше само продолжение на нивните поранешни расправии во текот на неделата, но во него, вчера, за несреќа, пак се провлече она фатално зборче кое толку ме наелектризира и ме наведе на испад за кој и сега се каам.

– Од човек безбожник – прибрано продолжи старецот – можеби и сега се плашам; само работата е во тоа, пријателе Александар Семјонович, што во животот уште никогаш не сум сретнал ниеден безбожник, туку наместо тоа сум среќавал немирни луѓе – подобро е тоа така да се нарече. Тука има разни луѓе; не можеш да замислиш какви сè луѓе нема тука; и големи и мали, и глупи и учени, ги има дури и од најпростиот сталеж, и сите се немирни. Тие читаат и толкуваат целиот свој век, наситувајќи се со сласта на книгата, но и сами понатаму остануваат во недоумица и ништо не можат да објаснат. Понекој толку ќе се расплине што повеќе ни самиот себе не се гледа. Некој е потврд од камен, но срцето му е полно со соништа; друг, пак, е без чувство и е лекомислен и задоволен кога може да се потсмева. Еден ги одбрал од книгите само цветчињата и тоа по својот вкус; но самиот е немирен и нема никакво свое мислење. Пак ви велам: мошне е здодевно. Малите луѓе се скудни, немаат леб, немаат со што да ги нахранат децата, спијат на слама, а сепак срцето им е весело, лесно; иако грешат и пцујат, сепак им е срцето лесно. А големиот човек се напива, има јадење во изобилство, седи на куп злато, а сепак на срцето му лежи некоја тежина. Има такви кои ги проучиле сите науки – па пак ги притиска тагата. И сè си мислам: колку што е човек попаметен, толку поголема му е

здодевноста. И ова уште треба да се земе предвид: луѓето учат откако постои светот, а што добро научиле, за да стане светот прекрасен, највесел и со секоја радост исполнето престојувалиште? И да го кажам уште ова: немаат убавина, дури не ја ни сакаат; сите пропаѓаат, само секој ја издига својата пропаст, а не помислува да ѝ се обрне на вистината; зашто живот без бога е вистинска мака. Така се случува да го проколнуваме она што нè осветлува, а самите тоа не го увидуваме. А и каква корист: невозможно е да постои човек кој на нешто не му се клања; таквиот човек не би можел да се поднесе себеси, и ниеден човек не би можел. Ако го отфрли бога, тој му се клања на некој идол, дрвен златен, замислен. Тоа се сè само идолопоклоници, а не безбожници, така треба да се наречат. – Но, зар нема безбожници? Ги има и такви кои се вистински безбожници, само што тие се многу пострашни од овие, зашто ви пристапуваат со божјето име на устата. Сум слушал повеќепати дека ги има, но не сум сретнал ниеден. Ги има, пријателе, такви и секако дека мора да ги има.

– Ги има, Макар Иванович, – наеднаш потврди Версилов – ги има такви и „мора да ги има“.

– Секако дека ги има и „мора да ги има!“ – не можев да се воздржам, а да не кажам со жар, не знам зошто; но се поведов по Версиловиот тон и ме освои некаква идеја во реченицата: „Мора да ги има“. Целиот разговор за мене беше наполно неочекуван. Но во тој момент наеднаш се случи уште нешто, исто така, сосем неочекувано.

IV

Денот беше извонредно ведар; завесата кај Макар Иванович обично по цел ден не ја спуштаа, по наредба на докторот; но на прозорецот немаше завеси, туку покривка, така што горниот дел на прозорецот беше непокриен; тоа беше затоа што на старецот му беше тешко бидејќи со поранешната завеса воопшто не го гледаше сонцето. И додека така седевме, во еден момент сончевата светлина ненадејно удри во лицето на

Макар Иванович. Зафатен со разговорот, тој во почетокот не обрнуваше внимание, туку, додека зборуваше, неколкупати махинално ја сврти главата настрана, зашто силната светлина мошне му ги вознемируваше и дразнеше болните очи. Мајка ми, која стоеше покрај него, веќе неколкупати вознемирено погледна кон прозорецот; требаше со нешто сосем да се покрие прозорецот, но, за да не му пречи на разговорот, намисли да се обиде да ја помести малата клупа на која седеше Макар Иванович, десно, настрана: беше доволно да се помести за три, најмногу четири педи. Веќе неколкупати се наведна и ја фати клупата, но не можеше да ја помрдне; клупата со Макар Иванович, кој седеше на неа, не се помрднуваше. Чувствувајќи ги нејзините напори, во екот на разговорот, наполно несвесно, Макар Иванович неколкупати се обиде да стане, но нозете не го држеа. Но мајка ми сепак и понатаму се напрегнуваше и влечеше и сето тоа, најпосле, ужасно ја налути Лиза. Запомнав неколку нејзини налутени и пламени погледи, но тогаш, во правиот момент, не знаев на што да му ги припишам, а бев занесен и во разговорот. Туку наеднаш таа остро му викна на Макар Иванович.

– Па поткренете се макар малку; зар не гледате дека на мама ѝ е тешко!

Старецот брзо ја погледна, веднаш сфати што мисли и побрза да стане, но залудно; се крена две-три педи и пак падна на клупата.

– Не можам, драго дете! – и одговори тој на Лиза, гледајќи ја жално и некако послушно.

– Можете да раскажете цела книга, а немате сила да станете!

– Лизо! – викна Татјана Павловна.

Макар Иванович пак се обиде со сите сили да стане.

– Земете ја патерицата што лежи покрај вас, станете со помошта на патерицата! – уште еднаш рече Лиза.

– Имаш право! – рече старецот и брзо ја дофати патерицата.

– Просто е потребно да му се помогне за да стане! – рече и стана Версилов; стана и докторот, пристапи и

Татјана Павловна, но не стигнаа ни да пристапат, а Макар Иванович, потпирајќи се со сета сила на патерицата, веќе стана и, радосно, триумфирајќи стоеше исправен и гледаше околу себе:

– Еве, станав! – рече тој скоро гордо и радосно се смешкаше. – Ти благодарам, драга моја, ме научи, а јас мислев дека ножињава воопшто не ме служат . . .

Но не стоеше долго; уште не ја беше ни довршил реченицата, а патерицата, на која се потпираше со целата тежина на телото, наеднаш се слизна по килимот и бидејќи „ножињата" скоро ни малку не го држеа, тој падна на подот колку што е долг. Беше ужасно да се погледне, добро се сеќавам. Сите извикаа и потрчаа да го кренат, но тој, фала му на бога, не се повреди; само со колениците трасна на подот, но сепак стигна да ја испружи десната рака и да се задржи на неа. Го кренаа и го сместија в кревет. Беше многу блед, но не од страв, туку од потресот. (Докторот, покрај другото, кај него нашол и слабо срце). Мајка ми беше надвор од себеси од страв. И наеднаш Макар Иванович, сè уште така блед и треперејќи со телото и како да е уште без свест, ја сврти главата кон Лиза и ѝ рече скоро со нежен, тивок глас:

– Не, драга моја, гледаш, навистина, ножињата не сакаат да стојат!

Не можам да го изразам тогашниот впечаток. Работата е во тоа што во зборовите на кутриот старец немаше ни најмалку жалба ни прекор; напротив, беше наполно јасно дека од почетокот во Лизините зборови не забележал никакво лутење и дека нејзината опомена ја примил како нешто природно, то ест дека било потребно да биде „искаран" за својата вина. Сето тоа ужасно ја потресе и Лиза. Во моментот на неговото паѓање таа скокна, како и сите други, стоеше целата исплашена и, се разбира, многу ѝ беше мачно поради тоа што таа беше причина за сè. Но кога ги чу овие зборови, наеднаш, за миг, целата поцрвени од срам и каење.

– Доста, – се зачу наеднаш командата на Татјана Павловна – сè е поради разговорот! Време е да се растуриме; какво добро може да има кога самиот доктор почна да дрдори!

– Така е! – прифати Александар Семјонович, кој му помогна на болниот. – Виновен сум, Татјана Павловна, нему му треба мир!

Но Татјана Павловна повеќе не го слушаше: таа остана половина минута молчејќи и непрекинато ја гледаше Лиза.

– Лизо, ела ваму и бакни ме мене, старата улава, само ако имаш желба! – рече таа неочекувано.

И таа ја бакна, не знам зошто, но тоа требаше да се стори, така што за малку и јас ќе скокнев да ја бакнам Татјана Павловна. Имено, не беше потребно да се мачи Лиза со прекорување, туку да се пресретне со радост и поздрав новото прекрасно чувство кое секако се јави во неа. Но наместо такви чувства, ненадејно станав и почнав да зборувам цврсто и гласно:

– Макар Иванович, пак го употребивте зборот „душевност", а тој збор вчера и за сето ова време ме мачеше ... и цел живот ме мачеше, само порано не знаев што ме мачи. Оваа истоветност на зборовите ја сметам за фаталност, дури за чудо ... Тоа го изјавувам во ваше присуство ...

Но веднаш ме прекинаа. Повторувам дека не знаев за нивниот договор за мајка ми и за Макар Иванович; се разбира, според моите поранешни постапки, мене ме сметаа за способен за секаков сличен скандал.

– Смирете го, смирете го! – писна како бесна Татјана Павловна. Мајка ми затрепери. Гледајќи го општиот страв, Макар Иванович исто така се исплаши.

– Аркадиј, доста! – викна Версилов строго.

– За мене, господа, – јас уште повеќе го кренав гласот – за мене тоа што ве гледам сите покрај ова бебе – покажав на Макар – е просто едно соблазнување. Единствена светица овде е мајка ми, но и таа ...

– Ќе го исплашите! – убедливо рече докторот.

– Знам дека сум непријател на целиот свет! – пропелтечив јас (или нешто слично на тоа) и освртнувајќи се уште еднаш, предизвикувачки го погледнав Версилова.

– Аркадиј, – викна тој пак – таква сцена еднаш веќе имаше меѓу нас. Те молам сега да се воздржиш!

Не можам да кажам со какво силно чувство го из-

говори тоа. Многу голема, длабока тага му се гледаше на лицето. Најчудно беше тоа што тој изгледаше како виновник, јас бев судија, а тој престапник. Сево ова ме дотолчи.

– Да, – му одговорив јас – вистина е, таква сцена веќе имаше и тоа тогаш кога го погребав Версилова и го искорнав од срцето . . . Но потоа дојде воскреснувањето од мртви, а сега . . . сега веќе нема разденување! Но . . . но сите вие овде ќе дознаете за што сум способен! И не насетувате што можам да докажам!

Откако го реков ова, отрчав во мојата соба. Версилов потрча по мене . . .

V

Болеста ми се врати; дојде многу силен напад на треска, а пред ноќта бунило. Но не беше сè само болно бунило: имаше и безбројни соништа, цела низа и без крај, од кои еден сон или одломка запомнив за цел живот. Ќе го изнесам без никакви објаснувања, тоа беше пророштво и не можам да минам преку него.

Ненадејно се најдов со некоја голема и горда цел во срцето во голема и висока соба, но не кај Татјана Павловна: многу добро се сеќавам за таа соба; тоа го спомнувам однапред. И иако бев сам, за сето време чувствував, вознемирен и во мака, дека не сум сам, туку дека мене ме чекаат и од мене нешто чекаат. Некаде зад вратата седат луѓе и го чекаат она што ќе го сторам јас. Неиздржливо чувство! „О, да сум сам!" И наеднаш влегува т а а. Ме гледа плашливо, страшно се плаши, ме загледува во очите. В о   м о и т е   р а ц е   е   д о к у м е н т о т. Таа ми се насмевнува, за да ме придобие, се извива околу мене; ми стана жал за неа, но веќе почнав да чувствувам одвратност. Таа наеднаш го покри лицето со рацете. Јас го фрлив „документот" на маса со неискажлив презир: „Немојте да молите, еве ви го, од вас ништо не ми е потребно! Со презир се одмаздувам за сиот мој срам!" Излегувам од собата, полн со бескрајна гордост. Но на вратата, во мракот, ме зграпчи Ламберт! „Махаре! Махаре!" – ми шепотеше тој држејќи ме цврсто за рака. – Таа мора на Ва-

силевскиот остров да отвори пансион за благороднички девојки (то ест за да се издржува, ако татко ѝ, откако ќе дознае од мене за документот, ја лиши од наследство и ја истера од дома. Ги запишувам Ламбертовите зборови буквално, онака како што сум ги сонувал).

– Аркадиј Макарович ја бара „убавината"! – се слуша гласчето на Ана Андреевна некаде во близината, тука на скалите; но во нејзините зборови не звучи пофалба, туку неподнослив подбив. Се враќам во собата со Ламберт. Штом го забележа Ламберт, таа наеднаш почна да се смее. Мојот прв впечаток е ужасен страв, таков страв што застанувам и нема да ѝ се приближам. Ја гледам и не верувам; таа како наеднаш да ја симна маската од лицето; истите црти, но како секоја црта на лицето да ѝ се искривила од бескрајната бесрамност. „Откупнина госпоѓо, откупнина!" вика Ламберт, и обајцата се смеат уште посилно, а моето срце да пукне: „О, зар таа бесрамница е онаа жена од чиј еден единствен поглед моето срце ќе зовриеше од добродетел?"

„Ете за што се способни тие горделиви виши кругови, за пари!" – вика Ламберт. Но бесрамницата ни тоа не ја збунува; таа се смее токму поради тоа што јас толку се исплашив. О, таа е готова да плати откупнина, тоа го гледам, и . . . и што се случува со мене? Не чувствувам веќе ни сочувство ни омраза; треперам како никогаш. . . Ме обзема ново чувство, кое не можам да го изразам, какво што никогаш досега не сум имал, моќно како целиот свет. . . О, сега веќе немам сила да излезам, никако! Ах, и колку ми се допаѓа што е толку бесрамно! Ја фаќам за рацете, допирот на нејзините раце ме мачи и ме потресува, ги доближувам моите усни до нејзините бесрамни, црвени усни, кои треперат од смеа и кои ме викаат.

Ох, подалеку тој долен спомен! Проклет сон! Се колнам дека пред тој одвратен сон во мојата душа немало ништо слично на оваа срамна мисла. Дури ништо слично не сум ни помислувал (иако го чував „документот" сошиен во џебот и понекојпат со рака го пипав со чудна насмевка). Од каде се јави тоа во сосем готов облик! Тоа, значи, дека сето тоа веќе одамна виреело и

лежело во моето развратно срце, дека било во мојата ж е л б а, но срцето се срамело од тоа најаве, а умот уште не смеел свесно да си претстави нешто слично. А во сонот душата си претставила и изложила сѐ што беше во моето срце, наполно точно и јасно насликано, и во пророчки облик. И дали тоа беше она што сакав да им го д о к а ж а м кога изутринава избегав од собата на Макар Иванович? Но доста: засега нема повеќе за тоа да зборувам. Овој мој сон е една од најчудните преживелици во мојот живот.

ТРЕТА ГЛАВА

I

По три дни станав изутрината од постела и, штом застанав на нозе, знаев дека повеќе не ќе морам да лежам. Со целото свое тело почувствував дека набргу ќе бидам здрав. Сите овие ситни подробности можеби не би вредело да се запишуваат, но тогаш дојдоа неколку денови кога навистина не се случи ништо особено, но кои останаа во моето помнење како нешто утешно и спокојно, а тоа е реткост во моите спомени. Своето расположение засега нема да го изложувам; кога читателот би дознал какво било тоа, сигурно не би поверувал. Подобро е подоцна сè да се објасни со самите настани. Засега ќе речам само едно: нека се сети читателот за п а ј а к о в а т а д у ш а. И тоа кај човек кој сака да си оди од нив и од целиот свет во името на „убавината". Чувствував голема жед за убавина, и тоа вистинска жед; но како таа жед можеше да се спои со други, господ знае какви желби, тоа е за мене тајна. И секогаш беше за мене тајна; и илјадапати сум се чудел за таа способност на луѓето (која, изгледа, постои особено кај Русите) да го одгледуваат во својата душа највисокиот идеал напоредно со најголемата подлост и сето тоа наполно искрено. Прашање е дали е тоа ширина својствена на Русите, која ќе ги одведе далеку или просто подлост.

Но да го оставиме тоа. Било вака или онака, во секој случај настана затишје. Увидов дека безусловно, и тоа што побрзо, треба да оздравам за да можам што

поскоро да работам. И поради тоа решив да живеам хигиенски и да слушам доктор (кој и да било), а своите бурни намери ги одложив многу разумно (ова е плод на ширината) до денот на излегувањето, то ест до оздравувањето. Како сите мирни впечатоци и уживања во затишјето можеа да се сложат со болно-слатките и немирни отчукувања на срцето – со претчувството на блиски бурни одлуки – не знам но пак сè ѝ припишувам на „ширината“. Како и да е, во мене повеќе го немаше поранешниот, скорешен, немир; сè одложив за извесно време, не плашејќи се од иднината, како неодамна, туку како богат човек, уверен во своите средства и во својата моќ. Горделивоста и предизвикувањето на судбината што ме очекуваше сè повеќе растеа, колку што делумно доаѓаше до вистинско оздравување и брзо враќање на животните сили. На тие неколку денови на конечното и полното закрепнување сега се сеќавам со вистинско задоволство.

О, тие сè ми простија, то ест оној испад и тоа токму оние што в очи ги нареков лоши! Го сакам тоа кај луѓето, тоа го нарекувам разум на срцето; барем тоа веднаш ме привлече кај нив се разбира донекаде. Со Версилов на пример и понатаму разговарав како со најдобар познат, но до извесна мера: штом ќе се појавеше излишна отвореност (а таа се појавуваше), веднаш ќе се здржевме, како малку да се срамевме од нешто. Има случаи кога победникот не може да не се срами од победениот, токму затоа што го надвладал. Победник очигледно бев јас; јас се срамев.

Тоа утро, то ест кога станав од постела по повторувањето на болеста, Версилов дојде кај мене и тогаш од него за првпат чув за тогашниот нивни договор во врска со мајка ми и Макар Иванович. Тогаш ми рече и дека на старецот навистина му е малку полесно, но дека докторот сепак не одговара за него. Од сè срце му ветив дека во иднина ќе бидам попретпазлив. Додека Версилов сето тоа ми го соопштуваше, за првпат тогаш забележав дека е и тој искрено загрижен за старецот, всушност, многу повеќе отколку што можев да очекувам од човек каков што е тој; и дека старецот го смета за суштество кое и нему лично, а не един-

ствено поради мајка ми, од некои причини му е особено мило. Тоа многу ме заинтересира, речиси ме изненади и, признавам, без Версилов на многу нешта не би обрнал внимание и не би успеал да разберам многу нешта во тој старец, кој во моето срце остави најтраен и најоригинален спомен.

Во почетокот Версилов како да се исплаши за моето држење спрема Макар Иванович, то ест немаше доверба во мојот ум и такт, но подоцна беше многу задоволен гледајќи дека и јас понекогаш можам да сфатам како човек треба да се однесува спрема луѓето со наполно различно сфаќање и гледиште – со еден збор, дека умеам, кога ќе затреба, да бидам и попустлив и широк. Признавам, исто така, (мислам дека со тоа не се понижувам) дека во тој човек од народот сум нашол нешто сосем ново за мене во поглед на извесни чувства и гледишта, нешто за мене непознато, многу појасно и поутешно отколку што го сфатив тоа порано. Сепак, понекогаш на човека му иде да пукне од мака поради некои негови закоренети предрасуди, во кои верувал со најголемо спокојство и непоколебливо. Но за тоа била виновна само неговата необразованост; неговата душа, пак, била доволно средена, и тоа толку што уште не сум видел подобар човек во таа смисла.

II

Пред сè, кај него ме привлекуваше, како што веќе спомнав, неговата необична простосрдечност и отсуство на секое самољубие; се чувствуваше дека има речиси безгранично срце. Имаше „весело" срце, а поради тоа и „убавина". Многу го сакаше зборот „веселост" и често го употребуваше. Навистина, понекогаш го обземаше некаква болна восхитеност, некоја болезлива разнеженост – делумно, мислам, затоа што треската, всушност, за сето време не го напушташе, но тоа не ѝ пречеше на „убавината". Имаше и контрасти: напоредно со извонредната простодушност, поради која често не можеше да ја забележи иронијата (на мое големо јадосување), во него постоеше и некаква фина

лукавост и тоа нјчесто во полемичките битки. А многу сакаше да полемизира, но само понекогаш и на свој начин. Се гледаше дека многу патувал по Русија и многу чул. Но, повторувам, најмногу ја сакаше благоста, а поради тоа и сѐ што наведуваше на неа, па и самиот сакаше да раскажува трогателни работи. Воопшто, многу сакаше да раскажува. Од него чув многу за неговите патувања и разни легенди од животот на најстарите, „испосници". Не ми се добро познати овие легенди, но мислам дека сигурно многу ги предотерал, бидејќи – поголем дел од нив примил од поединечното простонародно кажување. Понешто просто беше невозможно да се прими. Но, напоредно со очигледната преработка или со простото измислување, сепак секогаш се појавуваше една чудна целина, полна со народно чувство и секогаш беше трогателно . . . Се сеќавам, на пример, на една долга приказна за „Житието на Марија египетска". За ова „житие", речиси и за сите слични, дотогаш немав ни поим. Отворено ќе речам: скоро беше невозможно да сеислушаат без солзи и тоа не од трогнатост, туку поради некакво чудно восхитување; човек чувствува нешто необично и топло, како усвитена песочна пустина со лавови, по која талкаше светителката. Впрочем, нема за тоа да зборувам, а не сум ни компетентен.

Освен благоста, кај него ми се допаѓаа и некои негови, понекогаш оригинални, погледи за извесни сѐ уште многу спорни прашања од современиот живот. Еднаш, на пример, ми раскажуваше една скорешна историја за некој ислужен војник; тука самиот тој, тукуречи, бил сведок. Се вратил војникот од војска дома, но повеќе не му се допаѓало да живее со селаните, а и тој не им се допаѓал повеќе на селаните. Тој човек тргнал по крив пат, почнал да се опива и некаде некого ограбил; против него немало цврсти докази, но сепак го фатиле и го извеле пред суд. На судот адвокатот успеал наполно да го одбрани и да докаже дека против него нема докази, кога војникот сам, наеднаш, откако се изнаслушал, скокнал и го прекинал адвокатот: „Престани, не зборувај повеќе"; и раскажал сѐ како било „до последната трошка"; плачејќи и каејќи

се, признал сè. Поротниците излегле за да пресудат и кога се вратиле, рекле: „Не, не е виновен". Сите извикале и се зарадувале, а војникот, кој стоел, ни да се помрдне од местото, како да се скаменил и ништо не разбирал: не можел да разбере ништо ни од она што претседателот на судот му го рекол како совет кога го пуштил на слобода. Излегол тој на слобода и самиот себеси никако не си верувал. Почнал да тагува, станал замислен; не јадел, не пиел, со луѓето не разговарал и петтиот ден се обесил. „Ете како е да се живее со грев на душата!" – заврши Макар Иванович. Оваа приказна, се разбира, е обична, а̀ такви има и денеска безброј по сите весници, но во неа ми се свиде тонот, а најмногу некои зборови во кои секако имаше нови мисли. Зборувајќи, на пример, за тоа како војникот, по враќањето во селото, не им се допаднал на селаните – Макар Иванович се изрази: „А се знае што е војник: војник е „р а с и п а н   с е л а н е ц." Зборувајќи подоцна за адвокатот, кој за малку што не го добил спорот, пак се изрази: „А се знае што е адвокат: адвокат е н а ј м е н а   с о в е с т." Обата овие израза ги изговараше не трудејќи се ни малку да ги најде и не забележувајќи ги ни самиот; а меѓутоа, тие два израза содржат специјален поглед на обата предмети, се разбира, не поглед на целиот народ, туку личен и непозајмен поглед на Макар Иванович! Ваквите народни судови за некои теми навистина се понекогаш прекрасни со својата оригиналност.

– А како гледате вие, Макар Иванович, на гревот на самоубиството? – го прашав по тој повод.

– Самоубиството е најголем човечки грев – одговори тој воздивнувајќи – и тука единствено е господ судија, зашто само тој знае сè, сите граници и мерки. А ние треба бездруго да му се молиме на бога за таквиот грешник. Секогаш кога ќе чуеш за таков грев, ти пред спиење помоли му се топло на бога за грешникот; макар само воздивни му на господа за него, дури и ако не си го познавал – дотолку побргу твојата молитва ќе стигне кај бога.

– А ќе му помогне ли мојата молитва ако е веќе проколнат?

– Од каде знаеш? Многумина, ах, многумина не веруваат и со тоа ги заведуваат оние кои не знаат; но ти не слушај ги, зашто тие ни самите не знаат каде талкаат. Молитвата за осудениот, која потекнува од жив човек, навистина стигнува до бога. А како му е на оној грешник кој нема никој да се помоли за него? Поради тоа, кога ќе почнеш да се молиш пред спиење, на крајот додај: „Помилувај ги господи Исусе Христе и сите оние кои немаат никој да се моли за нив." Ваквата молитва има предност и многу му е пријатна на господа. Исто така, и за сите сѐ уште живи грешници: „Господи, кој им судиш на сите, спаси ги сите непокајници"! – и тоа е добра молитва.

Му дадов збор дека ќе се молам, чувствувајќи дека со овие ветувања му причинувам извонредно задоволство. Навистина, радост му го осветли лицето. Треба уште да додадам дека во таква околност никогаш не ми зборувал од висина, то ест како што старец би му зборувал на некое момче, напротив, многу често сакаше тој мене да ме слуша и долго ме слушаше како зборувам за разни работи, знаејќи, се разбира, дека пред себе има „вјуноша", како што се изразуваше тој со висок стил (тој многу добро знаеше дека треба да се изговара „јуноша" а не „вјуноша"), но сфаќаше дека тој „вјуноша" е бескрајно повисок од него по образование. Сакаше, на пример, да зборува за испосништвото, што го ценеше неспоредливо повеќе од „аџилакот". Го побивав пламено, нагласувајќи го егоизмот на тие луѓе кои го отфрлиле светот и користа која би можеле да му ја донесат на човештвото единствено поради егоистичката идеја на својот спас. Во почетокот не ме сфаќаше; мислам дека воопшто не ме сфаќаше; но сепак сесрдно го бранеше „испосништвото": „Во почетокот, се разбира, на човека му е жал за себеси (то ест, кога ќе станеш испосник) – но подоцна сѐ повеќе се радуваш, и потоа веќе го гледаш бога." Тогаш јас му ја насликав корисната работа на учениот човек, на лекарот, воопшто на пријателите на човештвото во светот и го доведов во вистинско восхитување, зашто зборував пламено; секој час ми одобруваше: „Така, така, драги мој, бог да те благослови, вистина е тоа

што го мислиш“; но кога завршив, сепак со мене наполно не се сложи. „Тоа е така – воздивна длабоко – но колку има такви кои ќе се воздржат и нема да се слизнат? Иако парите не се бог, сепак се полубог, големо искушение; а тука е и женскиот пол, па тука е и вообразеноста и зависта. Го заборавaат големото дело, па ќе почнат да се занимаваат со ситници. А така ли е и во испосништвото? Во испосништвото човекот ќе зајакне за секој подвиг. Пријателе, што е светот? – извика тој со длабоко чувство. – Зар не е само сон? Земи едно зрно песок и посеј го на камен; кога тоа твое зрно жолт песок ќе никне на каменот, тогаш ќе се оствари и твојот сон во светот – така се вели кај нас. А Христос вели: „Појди и раздај го сето богатство и биди им слуга на сите.“ И ќе станеш неизмерно побогат отколку порано, зашто нема да бидеш среќен ни поради лебот, ни богатата облека, ни поради гордоста, ни зависта, туку поради бескрајно зголемената љубов. Ќе се здобиеш со не мало богатство, не сто илјади, не милион, туку целиот свет! Сега собираме ненаситно и трошиме безумно; а тогаш нема да има ни сироти ни сиромашни, зашто сите се мои, сите се роднини, сите сум ги здобил, сите до еден сум ги купил! Денеска не е реткост и најбогатиот и најпознатиот човек да е рамнодушен спрема бројот на деновите на својот живот и самиот не знае каква забава да измисли; а тогаш твоите денови и часови ќе се умножат илјадапати, зашто ни еден момент не ќе сакаш да изгубиш, туку ќе го почувствуваш во веселбата на своето срце. Тогаш ќе добиеш мудрост не само од книги, туку ќе бидеш лице во лице со самиот бог; и ќе засвети земјата посилно од сонцето, и нема да има ни тага, ни воздишки, туку само еден прекрасен рај“ . . . .

Ваквите изливи на воодушевување Версилов, изгледа, изворнедно ги сакаше. Овојпат и тој беше во собата.

– Макаре Ивановичу! – го прекинав јас наеднаш и самиот занесен до крајност (добро се сеќавам за таа вечер) – па тоа што го проповедате вие е комунизам, вистински комунизам!

А бидејќи тој ништо не знаеше за комунистичкото

учење, а и самиот збор тогаш за првпат го чу, почнав да му изложувам сè што знаев за тоа. Признавам дека знаев малку и неопределено; а ни сега не сум доволно компетентен, но она што го знаев, го изнесов со најголем жар, не обѕирајќи се на ништо. До денеска со задоволство се сеќавам за извонредниот впечаток што му го оставив на старецот. Тоа не беше само впечаток, туку речиси потрес. Притоа тој многу се интересираше за историските подробности: „Каде? Како? Кој го вовел тоа? Кој го рекол?“ Попатно речено, забележав дека е тоа воопшто особина на простиот народ: не е задоволен од општата идеја, ако го заинтересирала работата, туку безусловно ги бара најсигурните и најточните подробности. Во подробностите јас се збунував, а бидејќи тука беше и Версилов, малку се срамев и поради тоа сè повеќе паѓав во оган! Се сврши со тоа што Макар Иванович, на крајот трогнат при секој мој збор само повторуваше: „Така, така!“ Но се виде дека повеќе не разбира и дека ја загубил нишката. Јас почнав и да се лутам, но Версилов наеднаш го прекина разговорот, стана и рече дека е време за спиење. Сите бевме собрани и беше доцна. Кога по неколку минути Версилов ѕирна во мојата соба, го прашав: како воопшто гледа на Макар Иванович и што мисли за него? Версилов весело се насмевна; (но тоа не беше поради моите погрешни поими за комунизмот – напротив, нив не ги ни спомна.) Пак повторувам: тој многу го засака Макар Иванович, а јас често му забележував на лицето многу љубезна насмевка кога го слушаше старецот. Впрочем, оваа насмевка ни малку не ѝ пречеше на критиката.

– Макар Иванович, пред сè, не е селанец, туку е спахиски слуга! – рече тој со задоволство. – Тој работел во господска куќа, бивш слуга, кој се родил како слуга, и од слуга. Спахиската челад и слугите многу учествуваа во приватниот, духовниот и умствениот живот на своите господари во тоа време. Запомни дека Макар Иванович и денеска најмногу се интересира за многу настани од градскиот и отмениот живот. Ти уште не знаеш колку се интересира тој за многу настани во Русија во последно време. Знаеш ли дека е

тој голем политичар? Не давај му леб, но раскажи му каде кој војува и дали ќе војуваме ние. Порано со слични разговори сум го доведувал до блаженство. Науката многу ја цени и од сите науки најмногу ја сака астрономијата. Но во себеси развил нешто толку независно, што со ништо не можеш да го поколебаш. Има цврсти и доста јасни и искрени уверувања. Иако е наполно нешколуван, во состојба е наеднаш да изненади со познавањето на извесни работи кои човек кај него не би ги насетил. Го фали испосништвото со занес, но за ништо на светот не би отишол ни во испосништво, ниту во манастир, затоа што е вистински „скитач", како што убаво го нарече Александар Семјонович, на кого ти, да кажам попатно, без причина се лутиш. Уште што би имало за него да се каже? По малку е уметник, има многу свои зборови, но има и кои не се негови. Малку куца во логичкото излагање; понекогаш е многу апстрактен; има настапи на сентименталност, но наполно народна, или, подобро да се каже, настапи на онаа општонародна разнеженост која нашиот народ изобилно ја внесува во своето религиозно чувство. За неговата простосрдечност и незлобност нема да зборувам, ние двајцата не сме повикани да зборуваме за тоа . . .

III

За да ја завршам карактеристиката на Макар Иванович, ќе приведам една негова приказна од народниот живот. Карактерот на тие приказни беше чуден: поточно ќе биде ако кажам дека тие немаа општ карактер; некаква поука или општа тенденција не беше можно да се извлече од нив; освен што беа повеќе или помалку трогателни. Но не беа сите трогателни; имаше дури многу весели; имаше и подбивни за сметка на распашаните калуѓери, така што тој со тие приказни отворено ѝ нанесуваше штета на својата идеја, на кое и му обрнав внимание, но тој не сфати што сакав да кажам. Понекогаш беше тешко да се разбере што толку го побудуваше да раскажува, па повеќепати дури и се чудев на толкавата зборливост и

делумно ѝ ја припишував на неговата старост и болна состојба.

– Не е веќе она што беше порано! – ми шепна Версилов еднаш. – Тој порано не беше таков. Брзо ќе умре, многу побрзо отколку што мислиме и за тоа треба да бидеме подготвени.

Заборавив да спомнам дека воведовме еден вид вечерни „седенки“. Освен мајка ми, која не се оддалечуваше од Макар Иванович, навечер секогаш во неговата соба доаѓаше Версилов; и јас доаѓав редовно; па каде би можел да одам; последниве денови речиси редовно навратуваше и Лиза, иако подоцна од другите, и речиси секогаш седеше и молчеше. Доаѓаше и Татјана Павловна, а, вистина ретко, доаѓаше и докторот. Со докторот некако ненадејно се смирив; не баш сосем, но ги немаше поранешните испади. Ми се допаѓаше простодушноста која најпосле ја забележав кај него; и извесната поврзаност кон нашето семејство, така што, на крајот, решив да му ја простам неговата медицинска надуеност и, згора на тоа, го научив да ги мие рацете и да ги чисти ноктите, ако веќе не може да носи чиста долна облека. Отворено му објаснував дека е тоа потребно не поради контењето и не поради некоја „естетика“, туку просто затоа што чистотата влегува во лекарскиот занает и успеав да му го докажам тоа. Најпосле, од својата кујна често доаѓаше до вратата и Лукерја, која, стоејќи зад вратата, слушаше како раскажува Макар Иванович. Версилов ја викна еднаш од зад вратата да седне заедно со нас. Тоа ми се допадна; но таа оттогаш престана да доаѓа до вратата. Секој на своја рака.

Овде приведувам една приказна од Макар, без избор, единствено затоа што подобро ја запомнив. Тоа е случајот на еден трговец, какви што ги има со илјадници, мислам во нашите градови и гратчиња, само треба да се умее да се најдат. Кој сака, може да ја прескокне оваа приказна, дотолку побргу што ќе ја раскажам со неговиот стил.

IV

„Сега ќе ви раскажам какво чудо се случи кај нас во градот Афимјевск. Таму имаше еден трговец, се викаше Скотобојников, Максим Иванович, и немаше поголем богаташ од него во целиот крај. Тој си изгради текстилна фабрика, имаше неколку стотици работници и бескрајно се издигна. Морам да кажам уште тоа дека целиот свет го слушаше; ни самата власт во ништо не му пречеше; и архимандритот му благодареше за ревноста: тој даваше многу за манастирот и кога ќе дојдеше во него тој мислеше за спасот на својата душа и беше многу загрижен за својот иден век. Беше вдовец и без деца; за жена му се говореше дека ја суредил уште во првата година од бракот и дека, додека уште бил млад, многу сакал да ги пушта своите раце; само тоа беше многу порано; а не сакаше повторно да се врзе со брак. Беше слаб на пиење и, кога ќе му дојдеше времето, пијан трчаше гол по градот и рикаше. Мало е гратчето, но сепак е срамота. Штом ќе му минеше времето, стануваше налутен и сè што ќе речеше беше добро и сè што ќе наредеше беше прекрасно. На градот му плаќаше по свој ќеф; ќе го земеше моливот, ќе ги ставеше очилата: „Колку имаш да примиш ти, Фомо?“ – Од Божиќ не сум добил ништо, Максиме Иванович, имам да примам триесет и девет рубли“, „Ух, колкави пари! Ќе ти биде многу; целиот не вредиш толку; нема да ти прилегаат толкави пари; ќе ти симнам десет рубли и ќе ти дадам дваесет и девет“. И човекот молчеше; никој не смееше да писне, сите молчеа.

„Знам јас, вели, колку треба да му се даде. Со овдешниот свет не се може поинаку. Овде е светот развратен; да ме нема мене, сите овде, колку што ги има, би умреле од глад. Да кажам уште, овде е целиот свет ајдук, ќе украде што и да види; нема ни малку карактер. Треба да се каже и тоа дека сите пијат; ако му исплатиш, веднаш оди во крчма и седи таму сè додека не ги испие сите пари, до гола кожа, и од крчмата се враќа без кошула. Па потоа се и страшливци: ќе седне потоа спроти крчмата на камен и ќе плаче: „Мајко

моја, зошто олку голем пијаница на светот си ме родила? Подобро при раѓањето да си ме задавела!" . . . Зар е тоа човек? Тоа е ѕвер, а не човек; прво и прво, треба да се образува, а дури потоа да му се дадат пари. Јас знам кога треба да му дадам."

Ете така зборуваше Максим Иванович за народот во Афимјевск; и, како лошо зборуваше за него, сепак овде – онде имаше и малку вистина: светот беше слаб, не можеше да се издржува.

Во истиот град живееше и еден друг трговец, и тој умре; беше млад и лекомислен човек, пропадна и го загуби целиот имот. Во последната година се вртеше како риба на песок, но веќе дојде и крајот на неговиот живот. Со Максим Иванович за сето време не живееше во слоѓа и му остана должен до гуша. Во последниот час сѐ уште го проколнуваше Максим Иванович. И остави по смртта млада вдовица и со неа пет деца. А кога вдовицата ќе остане сама по мажот, личи на ластовица без гнездо, не е тоа мало искушение, а камо ли со пет дечиња кои немаше со што да ги нахрани: последното што уште го имаше, една дрвена куќа, Максим Иванович ѝ ја зеде за долгот. Тогаш таа сите деца ги нареди пред црковната порта: најстарото, машко, имаше осум години, а дургите беа девојчиња, помали по една година едно од друго, сѐ помали и помали; најголемото имаше четири години, а најмалото уште беше на раце, на цицка. Сврши службата, излезе Максим Иванович, а сите дечиња – сите по ред, клекнаа пред него – ги научи мајка им пред тоа – и молеа, држејќи ги рачињата заедно сите како едно; а мајка им, зад нив, со петтото дете на раце, му се поклони до земја пред целиот свет. „Господине Максим Иванович, смилувај им се на сирачињава, не одземај ни го последниот залак, не терај нѐ од родното гнездо!" И сите што беа тука заплакаа, толку убаво ги беше научила. Мислеше: „Пред светот ќе се посрами и ќе го прости долгот, ќе им ја остави куќата на сирачињата." Но не се случи така. Максим Иванович ѝ одговори: „Ти, млада вдовице, сакаш маж, а не плачеш поради сирачињава. Твојот покоен маж ме проколнуваше на смртниот час" – мина покрај нѐа и не ѝ ја

врати куќата. „Зошто да ги оправдувам нивните глупости (т.е. да бидам благ). Ако сториш добро дело, само уште повеќе те мразат; од сето тоа нема никаква корист, само уште повеќе ќе озборуваат." А навистина и се зборуваше дека на оваа вдовица, уште додека била девојка, пред десет години тој ѝ испратил човек и ѝ нудел големи пари (зашто била многу убава), заборавајќи дека тој грев е исто толку голем како и да урнеш божји храм; но тогаш не успеал. Такви гадни дела тој правеше не малку и по градот и по целата губернија; во тоа веќе и секоја мерка беше загубил.

Мајката со децата гласно плачеше, а тој ги истера сирачињата од куќата и не го стори тоа само од пакост, туку затоа што човек ни самиот понекогаш не знае зошто стои на своето. Во почетокот ѝ помагаа, а потоа одеше да работи. Само, каква работа има кај нас освен во фабрика! Таму миеше под, ваму ја плевеше бавчата или ја загреваше бањата, па ќе заплаче со детето в раце; а другите четири си играа на улица по кошулчиња. Кога ги нареди пред црковната порта на коленици, сите имаа чевличиња, какви-такви, и беа во фустанчиња, какви-такви; тоа беа трговски деца. А сега веќе трчаа и боси: се знае дека на девојчињата фустанчињата не им траат долго. Но децата за тоа не се грижеа: нека има само сонце, нека се радуваат, нека не ја чувствуваат опасноста, нека се како птички, гласчињата им беа како ѕвончиња. Вдовицата се загрижи: „Ќе дојде зимата, каде ќе одам тогаш со вас? Кога дотогаш би ве зел господ кај себе!" И не ја дочека зимата. Завладеа по градот некаква детска кашлица, големата кашлица, што минува од едно дете на друго. Прво и прво умре девојчето што беше на цицка, по него се разболеа и другите, и сите четири девојчиња таа есен ги погреба едноподруго. Навистина, едното на улица коњи го прегазија. И што мислиш? Ги погреба и почна да тажи, иако ги проколнуваше; затоа што ги зеде господ, ѝ стана тешко. Такво е мајчинското срце!

И остана живо само најстарото машко дете; него го чуваше како црнката во окото, треперeше над него. Беше слабо и нежно и имаше мило лице, како некое девојче. Го одведе таа на фабрика, кај неговиот кум,

директор на фабриката, а самата стапи како негувателка кај еден чиновник. Еднаш, овој малечок трчаше по дворот, а од некаде дојде Максим Иванович со колата, пак пијан; а малиот од скалите право на него, случајно, се слизнал и налетал право на него, кога слегуваше од колата – и со обете раце нему право во стомак. Го фатил овој за косичката и викнал: „Чиј е? Донесете некоја прачка! Веднаш, вели, да се натепа, овде пред мене. „Малиот умрел од страв! Почнале да го маваат, а тој почнал да вика. „Уште викаш? мавајте понатаму, додека не престане да вика!" Дали го тепаа малку или многу, но малиот не престана да вика, додека сосем не премали. Тогаш престанаа да го маваат, се исплашија што не дише повеќе, туку лежи онесвестен. Потоа раскажуваа дека не го тепале, ами дека тој бил многу плашлив. Се исплашил и Максим Иванович: „Чиј е?" прашал. Му кажаа. „Гледајте! Одведете го кај мајка му; каква работа има овде во фабрикава?" Потоа молчеше два дена пак праша: „Како му е на малиот?" Но на малиот му беше лошо: се разболи, лежеше кај мајка си во аголот; таа ја напушти службата кај чиновникот, а тој доби воспаление на белите дробови. „Хм, – рече Максим Иванович – одошто тоа, те молам? Барем да го тепаа; туку само сакаа да го заплашат. Сум наредувал јас да тепаат и други, па минуваше без никакви глупости." Очекуваше дека мајката на детето ќе оди да се жали и молчеше од гордост. А мајката немаше храброст да се жали. Тој тогаш по своја волја ѝ испрати петнаесет рубли и доктор; и тоа не затоа што се плашеше од нешто, туку така, се загрижил. Наскоро пак му дојде неговото време, па пиеше три недели.

Мина зимата; на самиот светол Христов Велигден, на самиот голем празник, пак праша Максим Иванович: „А што стана со оној малиот?" А цела зима молчеше, ништо не прашуваше. И му рекоа: „Оздраве, кај мајка му си е, а таа работи за надница." И се одвезе Максим Иванович истиот ден кај вдовицата, не влезе во куќата, туку неа ја викна на портата, а тој самиот седеше во колата: „Еве, што е, чесна вдовице, сакам да му бидам вистински добротвор на твојот син и да му

сторам безгранично добро: отсега ќе го земам кај мене, во мојот дом. И ако малку ми угодува, ќе му оставам во наследство доволно имот; а ако сосем ми угодува, ќе го направам наследник, по мојата смрт, на целиот мој имот, како да ми е роден син, се разбира, со тоа вие да не доаѓате во мојот дом никако, освен на големите празници. Ако се согласувате, вие утре претпладне доведете го малиот, секако дека нема секогаш да игра со камчиња". И откога го рече тоа, си отиде, а мајка му ја остави како луда. Луѓето што го слушнаа тоа ѝ говореа: „Кога ќе порасне малиот, ќе те прекорува што си го лишила од таква среќа". Цела ноќ плачеше над него, а идното утро го одведе детето. А малиот ни жив ни мртов.

Го облече Максим Иванович како господско дете, му зеде и учител и од тој момент детето седна до книгата; дојде дотука што веќе не го пушташе од очите, сè го држеше крај себе. Штом малиот ќе ја кренеше главата од книгата, тој веќе викаше: „Гледај во книгата! Учи: сакам да те сторам човек." Но малиот беше болникав; од оној ден кога го натепаа, почна да кашла. „Зар не живее добро кај мене? – се чудеше Максим Иванович. – Кај мајка си трчаше бос, јадеше сув леб, па зошто е сега послаб од порано?" А учителот му вели: „Секое дете треба и да поигра, а не само да учи; неопходно му е да се движи"; и сè му изнесе резонски. Максим Иванович си помисли: „Вистина е тоа." А тој учител, Петар Степанович, бог да го прости, беше блажен и пиеше многу, и тоа премногу, па поради тоа го избркаа од службата, па некако живееше во градот речиси од милост, но беше многу паметен и печен во науката. „Не ми е мене овде местото, – си говореше сам за себеси – мене ми беше местото на универзитетот, да бидам професор, а овде западнав во кал и мојата облека се гнаси од мене." Седи Максим Иванович, па ќе му викне на малиот „Забавувај се!" – но овој пред него ни да здивне. Дојде дотука што детето не можеше ни гласот да му го издржи, туку веднаш трепереше. А Максим Иванович сè повеќе се чудеше: „Не знаеш што му е: го кренав од калта, го облеков убаво; има најубави получевли, извезена кошула, го држам

како генералски син, зошто не ме сака? Зошто молчи како волченце?" И ако одамна веќе престанаа да му се чудат на Максим Иванович, сега пак почнаа да мислат: човекот е надвор од себеси; се нафрлил на ова мало дете, воопшто не го остава на мир. „Жив нема да останам, но ќе му го искорнам тоа. Мене неговиот татко ме проколна на смртната постела, по причестувањето; и овој го има ќудот на татко му" ... Но ниеднаш не употреби прачка (се плашеше одтогаш). Го заплаши детето, ете. И без прачка го заплаши.

Се случи несреќа. Еднаш, штотуку беше излегол од собата, а малиот ја оставил книгата и скокнал, се качил на стол: порано ја беше фрлил топката на шифонерот, па сакаше да ја дофати, но со ракавот ја зафати порцеланската ламба на шифонерот, ламбата се преврти, падна на подот и се скрши на парчиња, така што одекна по целата куќа; а предметот беше скап, од саксонски порцелан. Го чу тоа Максим Иванович од третата соба и завика. Детето почна да бега не гледајќи каде, избега на тераса, па низ бавчата и низ задната врата право на реката. А крај реката имаше булевар со стари врби, убаво место. Слезе долу до водата, видоа луѓето како замавта со рацете и штом ја виде водата, се исплаши, застана од страв како здрвен, токму на местото каде што застанува скелето. Тука е реката широка и брза, минуваат шлепови; на другата страна дуќани, еден плоштад и црква со сјајни златни кубиња. Токму тогаш стигна на скелето, полковницата Ферзинг со ќеркичката. Во градот имаше еден пешадиски полк. Девојчето, исто така, дете во осмата година, во бело фустанче, го забележа малиот и се смее, а во рацете носи селско кошниче и во кошничето мал еж. – „Гледај, вели, мамице, како овој малиов го гледа моево еже." – Не, вели полковницата тој се исплашил од нешто." – „Од што си се исплашил толку малечок?" (Така подоцна раскажуваа за тоа). „Колку е убаво, вели, ова момче и колку убаво е облечено; чиј си ти, малечок?" А детето уште никогаш не видело еж, пристапи и го гледа, и веќе беше заборавило сè – што ќе правиш, дете е! „Што ви е, вели, тоа во кошничето?" „Тое е, му вели госпоѓата, еж, пред малку го купивме

од еден селанец; го нашол в шума.“ – „Види, какво еже!“ – вели момчето и веќе се смее и почна да го пипќа со прст, а ежот се наежи, а на девојчето ѝ се свиде малиот. „Ќе го однесеме, вели, дома, па ќе го припитомиме.“ – „Ах, вели, подарете ми го вашето еже!“ И така љубезно ја замоли! Но штотуку го изговори тоа, горе на брегот се појави Максим Иванович: „А! тука ли си? Држете го!“ (Толку се налутил што без шапка потрчал по него.) Малиот се сети за сè што станало, викна и јурна кон водата, ги стисна малите тупаници на градите, погледна во небото (велат луѓето што виделе!) – клум во водата! Сите испоскокаа, скокнаа од скелето, летнаа да го фатат, но водата го однесе, зашто реката беше брза, а кога го извадија, веќе беше мртво. Имаше слаби гради, не можеше да ја издржи водата, а зар многу му требаше? Колку што помнат луѓето во тој крај, уште не се случило толку мало дете да посегне врз својот живот! Каков грев! И што може оваа мала душа на овој свет да одговара пред господа бога!

За тоа оттогаш почна да размислува Максим Иванович. И се измени човекот, не може да се познае. Беше многу тажен. Почна да пие, многу да пие, потоа престана, но ништо не помага. Престана да оди во фабриката, ништо не слуша. Кога нешто ќе му кажат, тој молчи или ќе мавне со раката. Така поминаа околу два месеца, а потоа почна да зборува самиот со себе . . . Во близина на градот гореше селцето Васково, изгореа девет куќи; отиде Максим Иванович да види. Се собраа околу него погорелците и плачат – тој им вети помош и издаде наредба; а потоа го викна управникот и откажа сè: „Не треба, вели, да се дава ништо“, но не кажа зошто. „Господ ме создал да ги газам луѓето, вели, и кога сум веќе изрод, нека биде така. Како ветар, вели, се развеа мојата слава.“ Дојде кај него и самиот архимандрит; строг старец; манастирот го направил дом. – „Што ти е тебе?“ – го праша строго. – „Еве што ми е“, му рече Максим Иванович, ја отвори книгата и му го покажа местото каде што стои:

„А кој ќе соблазни еден од овие мали што веру-

ваат во мене, подобро му е да се обеси со воденичен камен на вратот и да потоне во длабочината морска“.

– Да, – рече архимандритот – иако тоа не се поклопува сосем со овој случај, сепак е близок. Тешко на човека кој ќе ја загуби мерата – тој човек ќе пропадне. А ти премногу си се издигнал.

А Максим Иванович седи, како да се скаменил. Архимандритот го гледа и гледа.

– Слушај – вели – и запомни. Речено е: „Зборовите на очајникот ќе ги однесе ветрот.“ И уште ова запомни го: дека ни ангелите божји не се совршени, совршен е и без грев само господ наш Исус Христос. Нему и ангелите му служат. Не си ја сакал ти смртта на тоа дете, туку само си бил неразумен. Се чудам, вели, и поради нешто друго: зар, вели, малку си сторил уште полоши недела, зар малку луѓе си избркал по светов, зар малку од нив си завел, малку си упропастил – како да си ги убил? Зар неговите сестри пред тоа не испоумреа, сите четири, уште деца и тоа речиси пред твоите очи? Како да те потресе само едно? Оние поранешни деца, ми се чини, не само што не ги жалеше, туку нив и си ги заборавил. Зошто сега толку си се исплашил од тоа момче, за чија смрт и не си многу виновен?

– Ми се појавува на сон! – одговори Максим Иванович.

– Па?

Но ништо повеќе не му кажа, само седи и молчи. Се чуди архимандритот, па потоа и си отиде, ништо не можеше да стори.

Тогаш Максим Иванович испрати да му го доведат учителот Петар Степанович; од оној ден не се видел со него.

Се сеќаваш ли? – го прашува.

– Се сеќавам! – вели овој.

– Ти – му вели – овде во гостилницава со мрсна боја си правел слики – и си направил копија од фотографијата на владиката. Можеш ли да ми направиш една слика во боја?

– Јас – вели овој – можам сè; имам, вели, талент за сè и можам сè.

– Направи ми слика што поголема, на целиот ѕид и насликај ја на неа прво и прво реката и брегот и сите луѓе што беа тогаш таму. Нека биде и полковницата и нејзиното девојче, и ежот. И другиот брег насликај го целиот, за да се види каков е, и црквата, и плоштадот, и дуќаните, и каде што стојат кочијашите – насликај сè како што е. И на скелето малиот, над самата река, точно на она место и бездруго да му се двете тупаници на градите, на двете цицки. Ова бездруго. Отвори го пред него од другата страна над црквата небото и насликај како сите ангели во небесната светлина му летаат нему во пресрет. Можеш ли да го направиш тоа?

– Јас можам сè.

– Немој да мислиш дека мене ми е потребен таков Трифун, каков што си ти; би можел да го нарачам и првиот живописец од Москва, или дури и од самиот Лондон, но ти го помниш неговиот лик. Ако не излезе сличен, или ако биде само малку сличен, ќе ти дадам само педесет рубли; а ако излезе сосем сличен, ќе ти дадам двесте рубли; Запомни, сини очи . . . Гледај сликата да биде што поголема.

Приготвија се; почна да слика Петар Степанович; но, наеднаш дојде и рече:

– Не, не може така да се наслика.

– Зошто?

– Затоа што тој грев, самоубиството, е најголем грев меѓу сите гревови. Како можат да му идат во пресрет ангели по таков грев?

– Но тоа е дете, нему тоа не му се смета.

– Не, не е дете, туку веќе момче: веќе беше во осмата година кога се случи тоа. Сепак ќе мора барем донекаде да одговара.

Максим Иванович уште повеќе се зачуди.

– А јас – вели Петар Степанович – еве што мислам: да не го отвораме небото и да не сликаме ангели; туку во пресрет би му спуштил од небото еден светол зрак, сепак, и тоа би било нешто.

И така пуштија еден зрак. Подоцна и јас ја видов оваа слика и тој зрак, и реката – преку целиот ѕид се протегнала, целата сина, и тука оној малечкиот, ги притиснал обете раце на градите, и малата госпоѓица,

и ежот, сѐ е насликано. Само Максим Иванович тогаш никому не му ја покажал сликата, туку ја држел во својот кабинет, под клуч, скриена од сите очи. А во градот се туркаа да ја видат, но тој нареди сите да ги истераат. За тоа многу се говореше. Петар Степанович како да поулави. „Јас сега, вели, можам сѐ; мене ми е, вели, местото на дворот во Петроград.“ Беше многу добар човек, но сакаше многу да се фали. И го стигна неговата судбина: штом ги прими сите двесте рубли, почна да пие и на сите да им ги покажува парите, фалејќи се; и ноќе го уби еден пијан граѓанин со кого пиел и му ги зеде парите; тоа утредента се дозна.

Работата најпосле заврши така што уште и сега за тоа се раскажува. Наеднаш дојде Максим Иванович кај онаа вдовица; живееше на крајот на градот во една колиба што ја зеде под кирија од една вдовица. Овој пат тој ѝ влезе в куќи, застана пред неа и ѝ се поклони доземи. Таа тогаш беше болна и одвај се движеше „Честита вдовице“, почна да кука тој, „појди за мене, изрод, за да можам да живеам на овој свет!“ Таа го гледа ни жива ни мртва. „Сакам, вели, да ни се роди син и ако ни се роди, ќе значи дека малиот ни простил на обајцата: и тебе и мене. Така ми нареди малечкиот.“ Гледа таа дека човекот не е при умот, туку некако надвор од себеси, но не можеше да се воздржи, па му одговори:

– Сето тоа се глупости и малодушност. Поради таа малодушност ги загубив сите мои птички. Не можам ни со очи да ве видам, а камо ли врз себе да ја примам таа вековечна мака.

Си отиде Максим Иванович, но не се откажа. Се зачуди целиот град. А Максим Иванович испрати стројници. Пиша да му дојдат неговите тетки од губернијата, жени граѓанки. Баш не беа тетки, но сепак некои роднини, значи ѝ укажува чест; почнаа тие да ја наговараат, да се виткаат околу вдовицата, од куќа не ѝ излегуваат. Ѝ испраќа тој и други жени од градот, од трговскиот ред, протиницата од соборната црква и чиновнички – жени; нагрвали на неа целиот град, а таа одговара со гнасење: „Кога, вели, би оживееле моите сирачиња, а вака, зошто ми е! И колку ќе згрешам

спрема моите деца со тоа!“ Го наговори тој и архимандритот, па и тој ѝ шепна на увото. „Можеш, вели, од него да направиш нов човек.“ Таа се исплаши. А луѓето ѝ се чудат: „Зар е возможно да се откажува од толкава среќа!“ ... А еве со што најпосле ја придоби: „Тој сепак велат беше самоубиец, бидејќи не беше дете, туку веќе момче; според неговите години, не би можел да биде пуштен на света причесна, туку мора колку-толку да одговара за своето дело. Ако стапиш со мене во брак, ти се заветувам дека ќе изградам нова црква за вечен помен на неговата душа.“ На ова не можеше да му се спротивстави, туку се согласи. И така се венчаа.

Сè се случи така што народот се чудеше. Од првиот ден тие почнаа да живеат во голема и искрена согласност, грижливо чувајќи го своето сопружништво и беа како една душа во две тела. Уште таа зима почнаа да ги посетуваат црквите и да живеат во страв божји. Беа во три манастири и слушаа пророкувања. Го изгради тој ветениот храм и подигна во градот болница и засолниште за сиромаси. Оддели многу пари за вдовиците и сирачињата. И се сети за сите што некогаш ги оштетил, па пожели да ги обесштети; почна да дели неизмерно многу пари, така што сопругата и архимандритот го запираа и му рекоа: „Доста е и толку!“ Максим Иванович ги послуша. „Му скусив вели, еднаш на Фома.“ И така му исплатија на Фома. И Фома заплака: „И без тоа беше задоволен ... И без тоа сум многу благодарен, и вечно обврзан да му се молам на бога“ ... Сите беа еднодушни во тоа, значи вистина е што велат: дека човекот живее од добриот пример. А народот таму е добар.

Со фабирката почна да управува сопругата, и тоа така што и денеска се помни. Тој никако не престануваше да пие; но таа почна да го надгледува, а потоа и да го лекува. Зборот негов стана сериозен и дури и гласот му се измени. Стана беспримерно жалослив, дури и спрема животните: видел низ прозорецот како еден селанец бездушно го тепа коњот по главата и веднаш од него го откупи коњот по двојна цена. И доби дарба за плачење: штом со него некој ќе прозбо-

руваше, веќе го облеваа солзи. А нејзе веќе ѝ дојде време, господ им се озва на молитвите и им даде син, а Максим Иванович тогаш беше за првпат, по оној случај, весел; раздаде многу милостина, прости многу долгови, на крштавање го повика целиот град. Целиот град го прослави крштавањето – но тој идниот ден излезе од својата соба црн како ноќ. Виде неговата сопруга дека нешто му се случило и му го поднесе новороденчето и рече: „Малиот ни прости, ги уважи нашите солзи и молитви." А за таа работа, треба да кажам, тие цела година ни еднаш не проговорија ни збор, туку само на себе мислеа. И ја погледна Максим Иванович мрачно како ноќ. „Чекај, вели: цела година не доаѓаше, а оваа ноќ пак ми се јави на сон." – „Тогаш за првпат во моето срце влезе ужас, по тие негови чудни зборови!" – раскажуваше жената подоцна.

И залудно не се јавуваше момчето на сон. Штом Максим Иванович го изговори тоа, речиси во истиот момент се случи новороденчето наеднаш да се разболи. Боледуваше детето осум дена, му се молеа на бога за него без престанување и викаа доктори; го викнаа од Москва и првиот доктор; тој дојде со железница. Стигна докторот и рече налутено: „Јас сум првиот доктор, мене ме чака цела Москва." Препиша некакви капки и итно отпатува. Зеде осумстотини рубли. А детето умре квечерина.

И што стана потоа? Ѝ го препиша Максим Иванович целиот имот на својата мила сопруга, ѝ ги даде сите пари и документи, потврди сè пред властите и според законот, и падна потоа пред неа и ѝ се поклони доземи: „Ослободи ме, најмила моја сопруго, да одам да ја спасам мојата душа, додека е уште можно. И ако залудно ќе се борам за мојата душа, сепак повеќе нема да се вратам. Бев тврд и грозен спрема луѓето, и јадови им нанесував, но сепак мислам дека господ нема да ги остави без прошка моите маки и аџилакот; зашто, да се напушти сево ова, не е мал крст и мала тага." Почна да го преколнува неговата сопруга плачејќи: „Ти си ми сега единствен на светот, кому ме оставаш? Оваа година, вели, сум нашла љубов во срцето." И цел град го наговараше цел месец, и го молеа, и

решија сосила да го запрат. Но тој не послуша, туку ноќе кришум, исчезна и повеќе не се врати. Како што се слуша, тој се наоѓа на ацилак и на каење и денеска, а на својата мила сопруга ѝ се јавува секоја година по еднаш . . .

ЧЕТВРТА ГЛАВА

I

Сега пристапувам кон последната катастрофа со која завршуваат овие мои белешки. Но за да можам да го продолжам излагањето, потребно е претходно да зафатам однапред и нешто да објаснам што во тоа време ни малку не ми беше познато, а што го дознав и самиот наполно го разјаснив дури многу подоцна, то ест откако веќе сè се случи. Поинаку не би можел да бидам јасен, туку би пишувал се во загатки. И, поради тоа, отворено и просто ќе објаснам сè и ќе ја жртвувам таканаречената уметничка страна на раскажувањето и ќе пишувам без учество на срцето, токму како да не го пишувам тоа јас, туку како што се пишуваат, приближно, новинарските извештаи.

Работата е во ова: мојот дургар од детството, Ламберт, наполно и отворено мораше да се вбројува меѓу оние ситни никаквеци што сочинуваат цели банди, кои се групираат заради она што денеска се вика шантаж[1]) и за кое денеска во законите сè уште се бара дефиниција и казна. Бандата на која ѝ припаѓаше Ламберт е формирана во Москва и таму вршеше доста афери (подоцна една делумно беше откриена). Потоа слушав дека во Москва извесно време имале многу искусен и способен шеф, еден веќе постар човек. Своите потфати ги изведувале или сите заедно или поединечно. Покрај најнечисти работи (за кои, впрочем, имаше извештаи и

---

[1]) Уцена.

во весниците), влегуваа и во доста замрсени и лукави потфати, се разбира под раководство на својот шеф. За некои подвизи дознав подоцна, но нема да раскажувам подробности. Спомнувам само дека главниот начин на нивното постапување беше во тоа да дознаат разни тајни на одделни луѓе, често многу чесни и на доста високи положби; потоа ќе им се јават на тие лица и ќе им се заканат дека ќе ги објават документите (кои често не ги ни имале), ако за нивното молчење не им се даде откуп. Има работи кои не претставуваат грев и кои воопшто не се престапи, но од чие објавување се плашат дури и чесните, карактерни луѓе. Во поголем дел тие ги искористуваа семејните тајни. За да покажам колку вешто умееше да работи нивниот шеф, ќе раскажам само во три реда, без подробности, еден нивни подвиг. Во една многу чесна куќа навистина се случи и една грешна престапничка работа; имено, жената на еден познат и уважен човек стапила во тајни љубовни врски со еден млад и богат офицер. Тие тоа го надушиле и постапиле вака: му ставиле на младиот човек отворено на знаење дека ќе го известат мажот. Немаа ни најмал доказ; а младиот човек тоа го знаел многу добро, а тие тоа од него дури и не го ни криеле; но во овој случај целата вештина на нивната постапка и препреденост се состела во предвидувањето: дека известениот маж и без никакви докази ќе го стори истото, ќе ги преземе истите чекори, како да добил и најсигурни докази. Сметале со познавањето карактерот на тој човек и со познавањето на неговите семејни прилики. На бандата и припаѓал и еден млад човек од најдобро општество, кој претходно прибрал податоци. Љубовникот го оскубнале за добра сума пари, а без никаква опасност за себе, зашто жртвата самата сакала тоа да биде тајно.

Иако учествувал во работата на таа московска банда, Ламберт сепак не бил нејзин член; но, бидејќи работата му се допаднала, малку по малку, како за проба, почнал да работи самостојно. Да спомнам однапред: не беше баш којзнае колку способен за тоа. Беше многу бистар и пресметан, но невнимателен и, покрај тоа, простодушен или, подобро речено, наивен,

то ест не ги познаваше ни луѓето на општеството. На пример, не знаеше, изгледа, колкава му е важноста на тој московски шеф и замислуваше дека е многу лесно да се вршат и организираат такви работи. Најпосле, сметаше дека скоро сите луѓе се исти подлеци како него. Или, на пример, ако воображеше дека еден човек се плаши, или дека мора да се плаши поради што и да било, повеќе не се сомневаше во тоа дека тој навистина се плаши, веруваше во тоа како во аксиома. Веројатно не можам добро да објаснам, но во текот на раскажувањето ќе објаснам подобро; на секој начин Ламберт имаше доста груб дух и во добри, благородни чувства не само што не веруваше, туку дури, можеби, за нив немаше ни поим.

Дојде во Петроград затоа што одамна помислувал на Петроград како на пошироко поприште отколку што е Москва, а и затоа што во Москва западнал во тесно и што еден човек почнал да се распрашува за него со многу лоши намери по него. Штом стигнал во Петроград, стапил во врска со еден свој некогашен другар, но нашол скуден терен, а ситни работи. Потоа ги проширил познанствата, но без никаква корист: „Овде е народот беден; сите тие се само пилиштарци“, ми зборуваше самиот подоцна. И, еве, едно прекрасно утро, на разденување, тој ме најде мене изѕемнат под еден ѕид и така, како што му се сторило, ненадејно нагазил на трагата на една „одлична работа“.

Целата работа се состоела од моето бладање, додека тогаш во неговиот стан се превиткував од студ. Ох, јас бев тогаш во вистинско бунило, но сепак од моите зборови можеше јасно да се разбере дека од сите мои јадови тој фатален ден најмногу сум запомнил, и на срце ја држев, една навреда која инаку ми ја нанесоа Бјоринг и т а а – инаку не би бладал само за тоа, туку би бладал на пример и за Зершчиков. Меѓутоа, сум го спомнувал само првото, како што подоцна дознав од самиот Ламберт. Притоа, онака во занес, во тоа ужасно утро и Ламберта и Алфонсина ги сметав како некои свои ослободители и спасители. Подоцна, закрепнувајќи се, размислував уште лежејќи в постела: што можел Ламберт да дознае од моето бла-

дање и колку сум издрдорил – ниеднаш и не помислив дека тој тогаш можел толку да запомни. Судејќи по гризењето на совеста, што го чувствував, насетував дека веројатно сум изназборувал многу излишни работи; но, повторувам, никако не можев да претпоставам дека ги имало толку! Уште се надевав и сметав со тоа дека тогаш, кај Ламберта, не можев да ги изговарам зборовите јасно, за кое ми остана едно јасно сеќавање. Меѓутоа, подоцна се покажа дека многу појасно сум ги изговарал зборовите отколку што сум претпоставувал и сум се надевал. Важно е дека сето тоа јас го дознав дури подоцна и дури долго по настанот, а во тоа лежи целата моја несреќа.

Од моето бладање, траскање, пелтечење, занес и друго Ламберт дознал: прво, речиси сите имиња, дури и некои адреси; врото, добил приближен поим за значењето на тие лица (стариот кнез, т а а, Бјоринг, Ана Андреевна, дури и Версилов); трето, дознал дека сум навреден и дека се заканувам со одмазда; и најпосле, четврто, најважното: дознал дека постои еден таен и скриен документ, едно писмо, и ако му го покажат на полузбрканиот старец-кнез, тој, прочитувајќи го и дознавајќи дека родената ќерка го смета за луд, и дека веќе се „советувала со правници" за тоа како да го пикнат в лудница – или навистина ќе, полуди, или ќерка му ќе ја истера од дома и ќе ја лиши од наследство, или ќе се ожени со некоја m-lle Версилова, со која веќе има намера да се жени, но не му дозволуваат. Со еден збор, Ламберт дознал мошне многу; нема сомневање дека многу нешта му останале и нејасни, но, како вешт уценувач, сепак наишол на вистинска трага. Кога подоцна избегав од Алфонсина, веднаш ја пронашол мојата адреса (на многу прост начин – во пријавното одделение), па веднаш ги добил сите потребни известувања од кои дознал дека сите тие суштества, за кои пред него бладав, навистина постојат. Тогаш набргу го направил и првиот чекор.

За него беше најважно дека постои д о к у м е н т о т и дека јас сум човекот во чии раце се наоѓа и дека тој документ има голема вредност. Ламберт во тоа не се сомневаше. Овде изоставам една

околност за која е подобро да зборувам подоцна и на свое место; сега ќе кажам само толку дека таа околност најмногу го зацврстила уверувањето кај Ламберта дека документот навистина постои и, што е важно, дека има вредност. (Оваа околност е фатална – однапред велам, и за неа воопшто не можев да насетам, не само тогаш, туку ни до крајот на целата историја, кога наеднаш сè се урна и само од себе се разјасни). Значи, главно уверен, тој најнапред отишол кај Ана Андреевна.

За мене, меѓутоа, и ден-денеска е загадочно: како тој, Ламберт, може да се провлече и да ѝ се приближи на толку непристапна и отмена дама каква што е Ана Андреевна? Вистина, тој добро се распрашал, но колку можело тоа да му користи? Сепак треба да се каже: тој беше убаво облечен, зборуваше како парижанец и имаше француско презиме, но зар Ана Андреевна можела во него веднаш да не види измамник? Или треба да се претпостави дека тогаш измамник ѝ бил и потребен? Зар е навистина така?

Никогаш не можев да ги дознаам подробностите на нивната средба, но подоцна често се обидував да ја замислам таа сцена. Најверојатно е дека Ламберт од првиот збор и од своето прво движење пред неа почнал да игра улога на мој пријател од детството, кој се плаши за својот драг и мил другар. И, се разбира, веќе при таа прва средба умееше многу јасно да стави на знаење: дека е „документот" кај мене дека е тоа тајна, дека единствено тој, Ламберт, ја знае таа тајна и дека јас се готвам со тој документ да ѝ се одмаздам на генералицата Ахмакова итн. итн. Главно е дека можел да ѝ го објасни, и тоа што поточно, значењето и вредноста на ова хартија. А што се однесува до Ана Андреевна, таа се наоѓаше токму во таква ситуација што не можеше да не се фати за какво и да било соопштение од тој вид, не можеше да не ислуша со особено внимание и . . . не можеше да не ја проголта јадицата „во борбата за опстанок". Токму тогаш свршеникот ѝ го одведоа во Царско Село, го ставија под туторство, а и неа самата. И сега наеднаш вакво откритие: тоа не се женски шепотења, ни плачење, ни

жалење, не се само озборувања и сплетки, туку е тоа писмен, со ракопис, то ест математички доказ за перфидните намери на неговата ќерка и на сите оние што од неа не го одделуваат, и што, според тоа, треба да се спаси, макар и со бегство, и тоа кај неа, само кај неа, Ана Андреевна, и потоа да се венчаат што поскоро, ако е возможно за дваесет и четири часа, инаку би можеле да го одведат во лудница.

Но можеби Ламберт засега не се служел со лукавство спрема оваа девојка, туку веднаш од првиот збор ѝ рекол отворено: „Mademoiselle, или ќе останете стара девојка, или ќе станете кнегиња, милионерка; постои еден документ, ќе го украдам од момчено и ќе ви го дадам ... за едена меница од триесет илјади рубли." Јас и верувам дека работата течела така. Да, тој сите луѓе ги смета за исти такви подлеци каков што е самиот; повторувам, има некаква подмолна простодушност, подмолна невиност ... Било вака или онака во секој случај е можно Ана Андреевна ни ваквата тактика да не ја збунила ни за минута, туку решително да умеела да се совлада и да го ислуша уценувачот, кој ѝ говорел со свој стил – и сето тоа поради „широкградост". Се разбира, во почетокот веројатно малку поцрвенила, но потоа се прибрала и мирно го ислушала докрај. И сега, замислете ја таа непристапна, горда, навистина чесна млада дама, и уште толку паметна, на еднаква нога со Ламберт, тогаш ... но токму тоа и е, што е паметна! Руската памет, кога е толку голема, сака ширина, и уште женска памет, и уште во вакви околности!

Сега сè ќе резимирам: денот и часот кога по болеста излегов, Ламберт веќе немаше пред себе две можности (тоа дури сега го знам сигурно): првата, од Ана Андреевна за документот да земе меница барем на триесет илјади и потоа да ѝ помогне да го заплаши кнезот, да го одведе и бргу-бргу да се венча со него – или нешто слично. Целиот план беше веќе составен; само чекаа на мојата помош, то ест на документот. Вториот проект беше: да ја измами Ана Андреевна, да ја напушти и писмото да ѝ го предаде на генералицата Ахмакова, ако така биде покорисно. Во тој случај сме-

таше и на Бјоринга. Но Ламберт уште не й се обрнуваше на генералицата, само ја следеше. И ме чекаше мене.

Јас му бев потребен, то ест не јас, туку документот! Што се однесува до мене, тој направи исто така два плана. Првиот се состоеше во следното: ако веќе не се може поинаку, ќе се здружи со мене по наполу, откако ќе ме совлада морално и физички. Вториот план многу повеќе му се допаѓаше: тој се состоеше во тоа мене да ме измами, како некое детиште и да ми го украде документот или просто од мене сосила да го грабне. Овој вториов план особено му се допадна и него го одгледуваше во своите соништа. Повторувам: постоеше една околност, поради која речиси не се ни сомневаше во успехот на вториот план. Но тоа, како што веќе реков, ќе го објаснам подоцна. Во секој случај тој ме чекаше со трескава нестрпливост: сè зависеше од мене, секој чекор и сите одлуки.

И морам да ја кажам вистината: до моето закрепување умееше да се воздржи и покрај својата наглост. Не ми доаѓаше дома за време на моето боледување, освен што еднаш разговараше со Версилов; не ме вознемируваше, не ме заплашуваше, до денот и часот на моето излегување пред мене наполно го зачува изгледот на незаинтересираност. Што се однесува до можноста на некого да му го предадам документот, или да го изгорам, беше сосем мирен. Од зборовите што ги изговорив кај него можеше да заклучи колку држам јас до таа тајна и колку се плашам некој да не дознае за документот. А дека првиот ден по оздравувањето ќе појдам право кај него, и кај никој друг, ни во тоа ни малку не се сомневаше: Настасја Егоровна ме посетуваше делумно и по негов налог и така знаеше дека кај мене веќе разбудил љубопитство и страв, дека нема да издржам . . . Освен тоа, ги презеде сите мерки, дури се распрашал и за денот кога ќе излезам од дома; така воопшто не можев да му избегам, дури и да сакав.

Но мене не ме чакаше само Ламберт, туку можеби уште повеќе ме чекаше Ана Андреевна. Да кажам отворено: Ламберт делумно би можел да има право што се подготвуваше да ја измами, вината беше кај

неа. Зашто, без оглед на нивната несомнена спогодба (во каков облик – не знам, но дека постоеше, во тоа не се сомневам) – Ана Андреевна до последниот момент спрема него беше неискрена. Не му го отвори сосем срцето. Таа му стави до знаење дека на сè ќе се согласи и сè ќе вети, само му стави на знаење; можеби го ислушала целиот негов план, во сите подробности, но го одобрила само со молчење. Тоа го заклучувам од сигурни податоци, а причината беше во тоа што ме ч е к а ш е м е н е. Повеќе сакаше, веројатно, да има работа со мене отколку со никаквецот Ламберт – и тоа е за мене несомнен факт! Тоа е разбирливо; но нејзината грешка беше во тоа што тоа најпосле го сфати и Ламберт. За него не би било добро кога таа, покрај него, би го извлекла документот од мене и би се спогодила со мене. Освен тоа, во тој момент тој веќе беше уверен дека „работата" е сигурна. Да беше друг на негово место ќе трепереше и сè уште ќе се сомневаше, но Ламберт беше млад, дрзок, нестрпливо жеден за пари, малку ги познаваше луѓето и без сомневање сите ги сметаше за подлеци; таков не можеше да се поколеба, дотолку побргу што од Ана Андреевна ги дозна сите главни податоци.

Последно и најважно прашање: дали до тој ден Версилов знаеше нешто и дали учествуваше во некакви, макар и најдалечни, Ламбертови планови? Не, не, и не, т о г а ш уште не, иако можеби веќе паднал фаталниот збор ... Но доста, доста, зафаќам премногу однапред.

А што станувате со мене? Дали знаев нешто и што знаев оној ден кога излегов од дома? Кога ја почнав оваа глава, реков дека на денот на моето излегување ништо не сум знаел, дека за сè сум дознал дури многу подоцна и тоа откога се сврши сè. Тоа е точно, но дали е цела вистина? Не, не е; некои работи знаев порано, без сомневање; знаев дури премногу; но како? Нека се сети читателот за м о ј о т с о н! Ако сум можел да сонувам таков сон, ако таков сон можел да дојде од мојата душа и така да се формулира, тоа значи дека не сум знаел многу, но сум го п р е т ч у в с т в у в а л она што го изложив пред

малку; а го дознав сето тоа дури „откако се сврши сè.“ Не знаев, но срцето посилно ми чукаше поради претчувството и лошите духови веќе завладеаја со моите соништа. И ете, брзав кај таков човек, за кого добро знаев каков е и чии намери ги претчувствував во подробности. А зошто брзав кај него? Замислете: сега, токму во овој момент кога го пишувам ова, ми се чини дека уште тогаш во сите подробности сум сфатил зошто сакав да одам кај него, иако уште ништо не знаев. Можеби читателот ќе може да го сфати тоа. А сега на работа, и факт по факт!

II

Почна со тоа што два дена пред моето прво излегување Лиза се врати вечерта дома многу возбудена. Беше страшно навредена; и навистина, ѝ се случило нешто неверојатно.

Веќе ги спомнав нејзините односи со Васин. Таа одеше кај него за совети не само затоа што сакаше да покаже дека ние не сме ѝ потребни, туку и поради тоа што навистина го ценеше Васина. Нивното познанство почна уште во Луга, и мене секогаш ми се чинеше дека Васин спрема неа не е рамнодушен. Беше наполно природно што во несреќата, што ја снајде, бараше совети од човек со солиден, мирен, секогаш возвишен ум, каков што го замислуваше Васина. Инаку, жените не се среќни во оцената на машкиот ум, ако човекот им се допаѓа и со задоволство ги сметаат парадоксите за строго логички заклучоци, само ако се согласни со нивните лични желби. Кај Васина на Лиза ѝ се допаѓаше неговото сочувство спрема нејзината положба и, како што барем во почетокот изгледаше, неговата симпатија и спрема кнезот. Токму затоа што Лиза ги насетуваше неговите чувства спрема неа, таа можеше да го цени тоа што тој има симпатии за својот соперник. Кнезот, пак, на кого таа му рекла дека понекојпат оди кај Васина за да се посоветува со него, ја прими таа вест со негодување и веднаш стана љубоморен. Тоа Лиза ја навредуваше, па сега и понатаму намерно одеше кај Васина. Кнезот

тогаш молчеше, но стануваше сè помрачен. Лиза подоцна (многу подоцна) ми раскажуваше дека Васин тогаш набргу престанал да ѝ се допаѓа; тој беше мирен човек и токму таа изедначена вечна мирност, која толку ѝ се допаѓаше во почетокот, подоцна ѝ станала доста непријатна. Би се рекло дека тој беше и искусен; и навистина, ѝ даде неколку совети кои изгледаа добри; но после се покажа дека сите тие совети се неостварливи. Понекогаш даваше судови од премногу голема висина и ни малку не стеснувајќи се пред неа; колку повеќе време изминуваше, толку тој сè помалку се стеснуваше, а тоа таа го објаснуваше како сè поголема и поголема рамнодушност спрема нејзината несреќа. Еднаш Лиза му изјави благодарност за тоа што е спрема мене секогаш љубезен и што, иако со умот беше толку над мене, сепак разговараше со мене како да сум еднаков со него (то ест му ги кажала моите зборови). Тој ѝ одговорил:

– Тоа не е така, и не е поради тоа. Јас тоа го правам затоа што не гледам разлика меѓу него и другите. Не го сметам ни поглуп од паметните, ни полош од добрите. Спрема сите луѓе сум еднаков, зашто сите луѓе во моите очи се еднакви.

– Како? Зар навистина не ја гледате разликата меѓу луѓето?

– О, се разбира, во понешто луѓето еден од друг се разликуваат, но во моите очи таа разлика не постои, затоа што мене не ме интересира разликата меѓу луѓето; за мене се сите еднакви и сè е еднакво, па поради тоа спрема сите сум еднакво добар.

– И тоа не ви е здодевно?

– Не ми е, секогаш сум задоволен со себеси.

– И ништо не сакате?

– Како да не сакам! Но не сакам многу. Не ми треба речиси ништо, ни една рубља повеќе од она што го имам. Дали ќе бидам во златна облека или вака како што сум сега – наполно ми е сеедно; златната облека воопшто нема да го издигне Васина. Земските блага не ме привлекуваат: зар кариерата или почестите вредат онолку колку што вредам јас?

Лиза ми тврдеше со чест дека буквално сè така

рекол. Впрочем, за тоа не може да се суди туку-така; треба да се знаат околностите во кои е тоа кажано.

Малку по малку Лиза дојде до заклучок дека тој и спрема кнезот е снисходлив само затоа што му се сите еднакви, и што „не постои разлика“, а не поради симпатијата спрема неа. Но со време тој очигледно почна да ја губи таа рамнодушност и да зборува за кнезот не само осудувајќи го, туку и со презирање и иронија. Лиза поради тоа се лутеше, но Васин не престана. Главно, секогаш се изразуваше толку благо, дури и осудуваше без негодување, само логички ја докажуваше сета ништожност на нејзиниот херој; но токму во таа логичност и беше иронијата. Најпосле, речиси отворено ја изложи пред неа целата „бесмисленост“ на нејзината љубов, целата присилност на таа љубов. „Вие сте во заблуда во поглед на своите чувства, а заблудите, штом ќе се увидат, безусловно мораат да се исправат.“

Тоа беше речено токму тој ден; Лиза во лутината станала и сакала да излезе; но што сторил и со што го завршил сето тоа тој разумен човек? Со најблагороден израз на лицето ѝ ја понудил на Лиза својата рака. Лиза му рекла право в лице дека е будала и излегла.

На една жена да ѝ се предложи да го напушти унесреќениот човек затоа што е „недостоен“ за неа и притоа тоа да ѝ се предложи на жена која останала бремена од тој несреќник – ете го умот на тие луѓе! Тоа е, според моето мислење, страшно теоретизирање и наполно непознавање на животот, последица на бескрајно самољубие. И покрај сето тоа, Лиза многу јасно забележала дека тој дури се гордеел со својата постапка, иако веројатно само поради тоа што знаел за нејзината бременост. Со солзи на гнев, отрча кај кнезот, а тој – тој го надмина и Васина: по нејзиното раскажување можеше да знае дека сега навистина нема зошто да биде љубоморен; но тој токму сега поулави. Впрочем, сите љубоморни луѓе се такви! Кнезот ѝ направи страшна сцена и така ја навреди, што реши со него веднаш да прекине.

Сепак дојде дома мирна, но не можеше да не ѝ се

истуши на мајка си. Таа вечер наполно повторно се приближија, како што беше порано: ледот беше скршен; обете, се разбира, се изнаплакаа, по својот обичај, прегрнати и Лиза, изгледа, се смири, иако беше многу тажна. Вечерта ја помина кај Макар Иванович, се разбира не прозборувајќи ни збор; но никако не излегуваше од собата и слушаше што зборува тој. Од оној случај со клупата Лиза спрема него стана некако мошне срамежливо љубезна, иако и понатаму малку зборуваше.

Но овојпат Макар Иванович некако неочекувано и чудно го сврти разговорот; морам да забележам дека Версилов и докторот тоа утро многу загрижено разговараа за неговото здравје. Исто така морам да забележам дека во куќата веќе неколку дена се приготвуваа да го прослават роденденот на мајка ми, кој паѓаше точно по пет дена, и дека за тоа многу разговараа. По повод на тој ден Макар Иванович чепна во спомените и почна да раскажува за детството на мајка ми и за времето кога уште не можела „да стои на нозе". – Не ми се симнуваше од раце – се сеќаваше старецот – и ја учев да оди; ќе ја ставам во аголот на три чекора далеку и ќе ја викнам, а таа се нишка кон мене преку собата и не се плаши, се смее, а кога ќе дојдеше до мене, ќе се фрлеше на мене и ќе ми се обесеше на врат. Потоа ти раскажував бајки, Софија Андреевна; најмногу сакаше да слушаш бајки; по два часа ми седеше во скут и слушаше. Сите во собата се чудеа: „Гледајте колку го сака Макара." Ќе те однесев в шума, ќе најдев малинова грмушка, ќе те ставев крај малините, а дотогаш од дрво ти делкав свирче. Откога ќе се нашетавме, те носев дома, а ти веќе ми спиеше на рацете. Еднаш се исплаши од еден волк и дотрча кај мене треперејќи, а никаков волк немаше.

– Се сеќавам за тоа! – рече мајка ми.

– Зар се сеќаваш?

– Многу се сеќавам. Откога помнам за себеси, секогаш ја имав вашата љубов и милост! – рече таа со возбуден глас и наеднаш целата поцрвени.

Макар Иванович застана за миг:

– Простете ми, деца, ве оставам. Дојде крајот на

мојот живот. На старост најдов утеха за сите јадови; ви благодарам, драги мои.

– Оставете го тоа, драги Макар Иванович! – извика по малку изненадено Версилов. – Докторот токму пред малку ми кажа дека ви е многу добро . . .

Мајка ми уплашено слушаше.

– Што знае тој, оној твој Александар Семјонович! – се насмеа Макар Иванович. – Тој е прекрасен човек и тоа е сè. Зар вие, пријатели, мислите дека јас се плашам да умрам? Денеска, по утринската молитва, во срцето имав чувство дека одовде повеќе нема да излезам; така ми е речено. Па и нека биде така, нека е благословено името господово; само би сакал да ви се нагледам на сите вас. И великомаченикот Јов се утешил гледајќи ги своите нови деца; но, дали ги заборавил поранешните и дали можел да ги заборави? Тоа е невозможно! Само, со време тагата ќе се измеша со радоста и ќе се претвори во светло чувство. Така ви е тоа во светот: секоја душа е изложена на искушение и ќе најде утеха. Сакав, деца, да ви кажам неколку зборови, нешто малку – продолжи тој со прекрасна тивка насмевка која никогаш нема да ја заборавам и наеднаш се сврти кон мене: – ти, драги мој, почитувај ја светата црква и, ако затреба, умри за неа; чекај, не плаши се, не мора тоа веднаш! – се насмеа тој. – Сега, можеби, не ни мислиш за тоа, можеби подоцна ќе мислиш. И уште нешто: кога ќе посакаш да сториш некое добро, стори го заради бога, а не заради корист. Држи се цврсто за она што го правиш и не потклекнувај ѝ на малодушноста; а работи постепено, не брзај и не претерувај; ете тоа е сè што ти треба. И уште ова: научи се да му се молиш на господа секој ден и бездруго. Јас ова го велам само онака, можеби ќе се сетиш еден ден. Би сакал и вам, господине Андреј Петрович, нешто да ви кажам, но господ и без мене ќе го најде вашето срце. Вие и јас одамна сме престанале за тоа, од оној ден кога онаа стрела ми мина низ срцето. Сега кога си одам, би сакал само да ве потсетам . . . за она што го ветивте тогаш . . .

Последните зборови ги изговори речиси шепотејќи, спуштајќи ги очите.

– Макар Иванович! – збунето проговори Версилов и стана од столот.

– Немојте да се збунувате, господине, сакав само да ве потсетам . . . А во таа работа му згрешив на господа најмногу јас; зашто, иако ми бевте господар, сепак бев должен да не попуштам пред таа слабост. Затоа и ти, Софијо, немој премногу да ја вознемируваш својата душа, зашто целиот твој грев е мој грев; а мислам, дека ти тогаш тешко да разбираше нешто, а ни вие, Андреј Петрович, заедно со неа – рече тој со насмевка на усните, кои треперea од некаква болка; – и ако можев, жено моја, тогаш да те поучам, дури и со суровица, што бев и должен да го сторам, но ми беше жал за тебе кога падна пред мене во солзи, ништо не криејќи од мене . . . и нозете ми ги бакна. Не ти го зборувам ова за да те прекорам, љубена моја, туку само да го потсетам Андреј Петрович . . . вие, господине, и самиот се сеќавате за вашето благородничко ветување . . . а венецот покрива сè . . . Пред децава тоа го говорам, господару-баќушка . . .

Беше необично возбуден и го гледаше Версилова како да очекува од него потврден збор. Повторувам, сето тоа дојде толку неочекувано, што седев не помрднувајќи се. Версилов беше возбуден, не помалку од него; не прозборувајќи ни збор, тој ѝ пристапи на мајка ми и цврсто ја прегрна; потоа мајка ми, исто така, молчејќи, му пристапи на Макар Иванович и се поклони пред него длабоко.

Сцената беше потресна; во собата тогаш бевме само ние, сите наши; дури ни Татјана Павловна ја немаше. Лиза се беше некако исправила на своето место и слушаше молчејќи; потоа ненадејно стана и со цврст глас му рече на Макар Иванович:

– Макар Иванович, благословете ме и мене за да можам да го поднесам моето големо страдање. Утре ќе се реши целата моја судбина . . . помолете му се денеска на бога за мене.

Потоа излезе од собата. Знам дека Макар Иванович дознал за неа сè од мајка ми.

Таа вечер за првпат ги видов Версилов и мајка ми заедно; дотогаш покрај него ја гледав само неговата робинка. Страшно многу работи не знаев и не забележав во тој човек, кога веќе го осудив; кога се вратив во мојата соба, бев збунет. Потребно е да кажам дека токму во тоа време се зголеми моето сомневање спрема него; никогаш пред тоа не ми изгледаше потаинствен и позагадочен, отколку токму во тоа време; но токму за тоа и раскажуваат сите мои записи. Сѐ во свое време.

„Значи – си помислив во себеси кога одев да спијам – излегува дека на Макар Иванович тој му дал свој „благороднички збор" дека ќе се венча со мајка ми ако остане вдовица. Тоа ми го премолча кога порано ми раскажуваше за Макар Иванович".

Утредента Лиза никако не доаѓаше дома, а кога се врати, веќе прилично доцна, отиде право кај Макар Иванович. Не сакав да влегувам за да не им пречам, но набргу влегов и видов дека се веќе таму и мајка ми и Версилов. Лиза седеше покрај старецот и плачеше на неговото рамо, а тој, со тажно лице, не зборувајќи ништо, ја галеше по главата.

Версилов ми објасни (но подоцна кај мене) дека кнезот останал при своето: решил да се венча со Лиза штом ќе се укаже прилика, уште пред судската пресуда. На Лиза ѝ беше тешко да се реши, иако веќе речиси немаше право да одбие. И Макар Иванович ѝ „нареди" да се венча. Се разбира, сето тоа би се свршило само по себе и таа, без сомневање, би се венчала и без наредби и без колебање; но токму тогаш беше толку навредена од човекот кого го сакаше и толку понижена со таа љубов дури и во сопствените очи, што ѝ беше тешко да се реши. Покрај навредата се појави уште нешто што не можев ни да го насетам.

– Чу ли дека целата онаа младина на Петроградската страна вчера е уапсена? – наеднаш ми рече Версилов.

– Како? Дергачев ли? – извикав.

– Да, уапсен е и Васин.

Бев вчудовиден, особено кога чув за Васина.

– Зар и тој е замешан во нешто? Боже мој, што ќе

стане сега со него? И тоа токму кога Лиза толку го обвинуваше Васина! . . . Како мислите вие, што може сега да стане со нив? Тоа го сторил Стебељков! Ви се колнам, Стебељков!

– Да го оставиме тоа, – рече Версилов, погледнувајќи ме чудно (онака како што се погледнува човек кој ништо не разбира и ништо не може да погоди) – кој може да знае што има таму кај нив и кој може да знае што ќе стане? Не мислев за тоа. Чув дека утре сакаш да излезеш. Можеби ќе навратиш кај кнезот Сергеј Петрович?

– Сигурно, иако ми е, признавам, многу тешко. – А зошто, немате ли ништо да му порачате?

– Не, немам ништо. И сам ќе се видам со него. Ми е жал за Лиза . . . А што би можел да ѝ посоветува Макар Иванович? Ни тој не ги познава ни луѓето ни животот. Еве што сакав, драги мој (веќе одамна не ме нарекол „драги мој"), таму има и некои млади луѓе . . . меѓу кои и еден твој бивш школски другар, Ламберт . . . Ми се чини дека сите тие се големи никаквеци . . . Тоа ти го велам само за да те предупредам . . . Впрочем, се разбира, тоа е твоја работа и јас знам дека немам право. . .

– Андреј Петрович, – го фатив за рака, не мислејќи ништо и речиси во одушевување, како што често ми се случува (беше скоро мрак) – Андреј Петрович, јас молчев и самиот видовте дека молчев сè досега; а знаете ли зошто? За да ги одбегнам вашите тајни. Решив никогаш да не ги дознаам. Страшливец сум, се плашам вашите тајни да не ве истргнат вас наполно од моето срце, а тоа не го сакам. И кога е така, зошто тогаш и вие да дознаете за моите тајни? И вам нека ви биде сеедно каде ќе одам јас! Зар не е така?

– Имаш право, но ни збор повеќе, те молам! – рече тој и излезе. На тој начин ненадејно малку се објаснивме. Но тој го засили возбудувањето што го чувствував пред новиот утрешен чекор во животот, така што цела ноќ непрекинато се разбудував, но ми беше лесно на душата.

III

Идниот ден излегов од дома; иако веќе беше десет часот, се трудев на секој начин да излезам скришно, не покажувајќи се никому и не поздравувајќи се со никого, за да можам, така да се каже, да шмугнам. Не знам зошто постапив така; но, дури и мајка ми да ме видеше кога излегував и да ми прозбореше само еден збор, би ѝ одговорил намуртено. Кога се најдов на улица и го вдишнав студениот уличен воздух, затреперив од многу силно чувство, речиси животинско, кое би можел да го наречам и л а к о м о. Зошто излегов, и каде тргнав? Тоа беше наполно неопределено, иако во исто време л а к о м о. Ми беше страшно и пријатно, сè наедно.

„Дали ќе се извалкам денеска?" се прашував храбро, иако знаев дека денешниот чекор ќе биде решителен и непоправлив за целиот живот. Но не сакам да зборувам во загатки.

Отидов право в затвор кај кнезот. Уште пред три дена добив од Татјана Павловна писменце за управникот и тој ме прими многу љубезно. Не знам дали е тој инаку добар човек, а тоа впрочем не е важно; главно е дека ми дозволи да се видам со кнезот и тоа во својата соба, која љубезно ми ја отстапи. Собата беше како секоја друга, обична соба во државен стан, каков што имаат чиновниците од тој ранг и затоа, мислам, нема потреба да ја опишувам. И така со кнезот останав сам.

Тој се појави во некаква полувојничка домашна облека, но со многу чиста кошула, елегантна вратоврска, измиен и исчешлан; и ужасно ослабен и пожолтен. Тоа жолтило му го забележав и во очите. Со еден збор, толку се изменил однадвор, што застанав во недоумица.

– Колку сте се измениле! – реков.

– Ништо! Седнете, драги мој! – ми рече усилено и ми ја покажа фотелјата, а самиот седна спроти мене. – Да минеме на главната работа: видете, драги мој Алексеј Макарович . . .

– Аркадиј! – го поправив јас.

– Што? Ах, да; ако, сеедно. Да, да! – се сети тој наеднаш; извинете, драги мој, да минеме на главната работа . . .

Со еден збор, ужасно брзаше да мине на нешто. Целиот беше обземен од нешто, од глава до петици, со некоја многу важна мисла која сакаше да ја формулира и да ми ја изложи. Зборуваше ужасно многу и брзо, со напор и со мака објаснувајќи и правејќи движења со рацете; но во почетокот сосем ништо не разбрав.

– Накратко (веќе десетпати пред тоа го употреби зборот „накратко"), – заврши тој – тоа што, Аркадиј Макарович, ве вознемирив и вчера преку Лиза топло ве замолив да дојдете, бидејќи е во прашање извонредна и дефинитивна одлука, затоа . . .

– Дозволете, кнезу, – го прекинав јас – вие сте ме викале вчера? Лиза ништо не ми кажа.

– Како? – рече тој многу изненаден и речиси исплашен.

– Ништо не ми кажа. Синоќа се врати дома толку растроена, што не успеа со мене ни збор да прозборува.

Кнезот скокна од столот.

– Вистина ли е тоа, Аркадиј Макарович? Во тој случај, тоа, тоа е . . .

– Што е тоа толку страшно? Зошто толку се вознемирувате? Просто заборавила, или нешто . . .

Тој седна, но како да се скамени. Очигледно просто го уби таа вест: дека Лиза ништо не ми рекла. Наеднаш пак почна брзо да зборува и да мавта со рацете, но пак беше тешко да се разбере што зборува.

– Чекајте! – рече тој наеднаш, замолчи и го крена прстот нагоре; – чекајте: тоа се . . . тоа се . . . само ако не се лажам . . . тоа се измами! . . . – промрмори тој со насмевка на манијак. Значи дека . . .

– Тоа не значи ништо! – го прекинав јас. – И не разбирам зошто таа безначајна работа толку ве мачи . . . Ах, кнезу, оттогаш, од онаа ноќ, се сеќавате ли . . .

– Од која ноќ, и што? – викна тој каприциозно, многу лут што го прекинав.

– Кај Зершчиков, каде што се видовме последен

пат, тогаш, пред да ми го напишете писмото. И тогаш бевте ужасно возбуден, само тогаш и сега, разликата е толкава, што ме опфаќа ужас . . . Зар не се сеќавате?

– Ах, да – рече тој со глас на отмен човек и како да се присети наеднаш – ах, да! Онаа вечер . . . Чув . . . Па, како сте сега со здравјето и како сте по сето она, Аркадиј Макарович? . . . Но сепак, да минеме на главната работа. Видете, пред себе, всушност, имам три цели; три задачи стојат пред мене и јас . . .

Пак почна брзо да зборува за својата „главна работа". Најпосле ми стана јасно дека пред себе гледам човек на кого би требало веднаш, ако не да му се пушти крв, барем да му се стави на главата облог со оцет. Целиот негов несреден разговор се вртеше, се разбира, околу неговиот процес, околу тоа како ќе заврши тој; уште и за тоа дека го посетил неговиот командант на полкот и дека долго го одвраќал од нешто, но тој не го послушал; за претставката што ја поднесол неодамна до некого; за државниот обвинител; за тоа дека, по лишувањето од сите права, по сè изгледа ќе го прогонат некаде во северна Русија; па за можноста да се насели во Ташкент и таму повторно да добие чин; за тоа на што ќе го научи својот син (идниот, што ќе го има од Лиза) и како ќе го упати во живот „во пустина, во Архангелск, во Холмогорје". – „Сакав да го чујам вашето мислење, Аркадиј Макарович, верувајте ми, толку го ценам чувството . . . Кога би знаеле, кога би знаеле, Аркадиј Макарович, драги мој, брату мој, што значи за мене Лиза, што е таа за мене овде, сега, за сето ова време! – извика тој наеднаш, фаќајќи се со обете раце за главата.

– Сергеј Петрович, зар навистина сакате да ја упропастите и да ја поведете со себе? . . . Во Холмогорје! – ми се откачи и против мојата волја. Лизината судбина цел век да биде врзана со овој манијак, наеднаш јасно, и како за првпат, ми излезе пред очи. Тој ме погледна, повторно стана, направи еден чекор, се сврти и седна пак, непрекинато држејќи ја главата со рацете.

– Непрекинато сонувам пајаци! – рече потоа.

– Вие сте ужасно возбуден; би ве советувал, кнезу, да легнете и веднаш да повикате лекар.

– Не, дозволете, тоа подоцна. Ве викнав за да ви кажам сѐ што се однесува до венчавањето. Венчавањето, знаете, ќе биде овде во црквата; веќе сум разговарал за тоа. За тоа е добиена согласност и тие дури го одобруваат . . . Што се однесува до Лиза, таа . . .

– Кнезу, имајте милост спрема Лиза, драги мој, – извикав јас – не мачете ја барем сега со вашата љубомора!

– Како! – викна тој гледајќи ме со ококорени очи, а лицето го развлече во некаква долга, бесмислено испитувачка насмевка. Беше очигледно дека зборот „љубомора" страшно го изненади.

– Простете, кнезу, не сакав. Знаете, кнезу, во последно време запознав еден старец, мојот официјален татко . . . Кога и вие би сте се нашле со него, вие помирно . . . И Лиза многу го почитува.

– Ах, да, Лиза . . . ах, да, тоа е вашиот татко? Или . . . пардон, mon cher, такво нешто . . . Се сеќавам . . . ми раскажуваше . . . еден старец . . . Верувам, верувам. И јас познавав еден старец . . . Mais passons[1]), главно, за да биде јасна суштината на ситуацијата, потребно е . . .

Станав да излезам. Не можев од болка да го гледам.

– Не разбирам! – строго и важно рече тој, гледајќи дека станувам да си одам.

– Не можам од болка да ве гледам! – му реков.

– Аркадиј Макарович, еден збор, уште еден збор! – ме фати тој за рамо со наполно поинаков израз на лицето и со поинакви движења и ме седна во фотелјата. – Сте чуле ли за оние, знаете кои? – се наведна тој кон мене.

– Да, да, Дергачев. Тоа сигурно го направил Стебељков! – викнав јас не можејќи да се воздржам.

---

[1]) Но да го оставиме.

– Да, Стебељков и . . . зар не знаете?

Тој прекина и пак ме погледна со истиот вџашен поглед и со таа грчовита, бесмислено-испитувачка насмевка, која сè повеќе и повеќе се ширеше. Лицето пополека сè повеќе му бледнееше. Наеднаш се стресов: се сетив за синоќниот поглед на Версилов кога ми соопшти дека Васин е уапсен.

– О, зар е возможно? – викнав исплашено.

– Видете, Аркадиј Макарович, ве викнав за да ви објаснам . . . сакав . . . – рече тој брзо шепотејќи.

– Значи, вие сте го пријавиле Васина! – викнав јас.

– Не; видете, имаше еден ракопис. Васин последниот ден ѝ го предал на Лиза да го зачува. А таа ми го остави мене да го прочитам, а потоа идниот ден се скарале . . .

– Вие тој ракопис сте ѝ го предале на власта!

– Аркадиј Макарович, Аркадиј Макарович!

– И така, значи, вие, – викав, скокав и нагласувајќи ги зборовите, – без никаква друга побуда, без никаква друга цел, единствено поради тоа што несреќниот Васин е ваш соперник, единствено од љубомора, сте го предале ракописот што ѝ бил доверен на Лиза . . . сте го предале, кому? Кому? На државниот обвинител ли?

Тој не успеа да ми одговори, а тешко и ќе одговореше нешто, зашто стоеше пред мене неподвижно како статуа, непрестајно со истата болна насмевка и вкочанет поглед; но во тој момент се отвори вратата и во собата влезе Лиза. Таа, речиси се онесвести кога нè виде заедно.

– Ти овде? А од каде ти овде? – викна таа, со искривено лице, фаќајќи ме за рака. – Значи ти . . . знаеш?

Но веќе прочита на моето лице дека „знам". Јас брзо ја фатив и ја прегрнав цврсто, цврсто! И дури тогаш сфатив во целиот обем каков безизлезен, бескраен јад, без надеж се струполил на судбината на оваа . . . доброволна маченица.

– Зар е возможно сега со него да се разговара?

се оттргна таа наеднаш од мене. – Зар е возможно да му се пристапи? Зошто си дошол? Погледни го само, погледни! И зар е возможно да се осудува?

Бескрајна болка и сочувство имаше на нејзиното лице кога, зборувајќи го тоа, го покажуваше несреќниот кнез. Тој седеше во фотељата, покривајќи го лицето со раце. Имаше право: тоа беше човек во делириум и неодговорен; и можеби веќе од пред три дена неодговорен. Уште тоа утро го одведоа в болница, а вечерта се знаеше дека има воспаление на мозокот.

IV

Од кнезот, кого тогаш го оставив со Лиза, околу еден часот попладне отидов во мојот поранешен стан. Заборавив да кажам дека денот беше влажен и матен, дека почна да дува јужен топол ветар, кој може да ги растрои нервите и на еден слон. Газдата ме прими многу радосно, се расприкажа и се растрча, кое страшно го мразам, особено во такви прилики. Го поздравив суво и отидов право во мојата соба, но тој тргна по мене и, иако не смееше да ме потпрашува, сепак љубопитноста му сјаеше на челото и гледаше како да има дури и некакво право да биде љубопитен. Во сопствен интерес морав спрема него да бидам љубезен; иако ми беше неопходно некои работи да ги дознам од него (а знаев дека ќе ги дознаам), сепак ми беше и одвратно да се распрашувам за нив. Најнапред го прашав за здравјето на неговата жена, па отидовме кај неа. Таа, навистина, ме прими внимателно, но многу официјално и штедејќи ги зборовите; тоа малку ме смири. Сепак тој ден дознав многу чудни работи.

Се разбира, Ламберт доаѓал; а подоцна бил уште двапати и ги „разгледал сите соби“, велејќи дека можеби ќе ги земе под кирија! Доаѓала неколкупати и Настасја Егоровна, којзнае зошто. „Беше многу љубопитна“, рече газдата за неа; но јас не му направив задоволство да прашам зошто била љубопитна. Воопшто за ништо не се распрашував; зборуваше само тој, а јас се преправав како нешто да барам во својот куфер

(во кој речиси ништо и немаше). Најнепријатно беше тоа што и тој почна да игра улога на таинствен човек и, кога забележа дека се воздржувам да го испитувам, сметаше дека му е должност што пократко да зборува и дури да биде загадочен.

– Дојде и госпоѓицата! – рече тој гледајќи ме чудно.

– Која госпоѓица?

– Ана Андреевна; беше двапати; се запозна со мојата жена. Таа е многу пријатна, многу љубезна дама. Такво познанство многу вреди, Аркадиј Макарович . . . – Откако го кажа тоа, ми се приближи за еден чекор: многу сакаше нешто да сфатам.

– Зар двапати? – се зачудив јас.

– Вториот пат дојде заедно со брат ѝ.

„Сигурно со Ламберт“, помислив не сакајќи.

– Не, не; не со господинот Ламберт, – ја погоди веднаш мојата мисла, како со своите очи да скокнал во мојата душа – туку со својот брат, вистинскиот брат, младиот господин Версилов. Тој е камерјункер, ми се чини?

Бев многу збунет; ме гледаше смешкајќи се љубезно.

– Ах, еве уште кој дојде да ве бара – онаа мамзел, Французинката, мамзел Алфонсина де Вердењ. Ах, колку убаво пее и колку прекрасно декламира стихови! Била скришно во Царско Село, кај кнезот Николај Иванович, за да му продаде, вели, едно ретко, црно кученце, како тупаница . . .

Го замолив да ме остави сам, изговарајќи се дека ме боли главата. Тој веднаш постапи по мојата волја, дури и не довршувајќи ја реченицата што ја почна, и не само што не беше ни малку навреден, туку речиси со задоволство ја прифати мојата желба; таинствено мавна со раката, како да сакаше да каже: „Разбирам, разбирам“; и иако тоа не го изговори, сепак на свое задоволство излезе од собата на прсти. На светов има многу здодевни луѓе.

Седев сам, размислувајќи околу час и половина; впрочем, и не размислував за ништо, туку само бев

замислен. Бев збунет, но ни малку неизненаден. Очекував уште нешто повеќе, уште поголеми чуда. „Можеби некои чуда тие досега и сториле", си мислев во себеси. Цврсто и одамна бев уверен, уште дома, дека е машината во движењето и дека оди со полна пара. „Единствено уште мене ме немаат", си помислив пак, со некакво раздразнето и пријатно самозадоволство. Дека нестрпливо ме чекаат и дека во мојот стан сакаат нешто да направат – беше јасно како ден. „Да не сакаат да ја направат свадбата на стариот кнез? Околу него е и целата таа трка. Само, господа, дали јас ќе го допуштам тоа?" – завршив пак со гордо задоволство.

„Ако воопшто се впуштам во тоа, веднаш ќе паднам во вителот, пак како сламка. Дали сум, во овој момент, сè уште слободен или веќе не сум? Можам ли уште вечерва да се вратам кај мајка ми и да си кажам себеси, како што можев во сите овие денови: „Наполно сум свој?"

Тоа е суштината на моите прашања или, подобро речено, отчукувањата на моето срце, за час и половина што го преседов во аголов на креветот, налактен на колениците, потпирајќи ја главата со рацете. Знаев, и уште тогаш знаев дека овие прашања се чиста бесмислица и дека единствено ме привлекува т а а – таа и само таа! Најпосле тоа го изговорив отворено и напишав црно на бело, зашто дури ни сега, цела година потоа, кога пишувам, уште не знам како да ги наречам моите тогашни чувства.

Мене ми беше жал за Лиза; срцето ми беше полно со најискрена болка. Веќе самото тоа чувство на болка би можело, ми се чини, да ја смири или спречи, макар привремено, мојата л а к о м о с т (пак го спомнувам овој збор). Но ме влечеше бескрајна љубопитност и некаков страв и уште едно чувство – не знам какво; но знам и знаев уште тогаш дека беше лошо; можеби сакав да ѝ паднам пред нозете, а можеби сакав и да ја ставам на сите маки, и „што побрзо, што побрзо" нешто да ѝ докажам. Никаква болка и никакво сочувство спрема Лиза не можеше повеќе да

ме задржи. А како ќе можам тогаш да станам и да појдам дома . . . кај Макар Иванович?

„А зар не би било можно да се појде кај нив само за да дознаам од нив сè; и веднаш да си заминам од нив засекогаш, поминувајќи неповреден покрај чудата и чудовиштата?"

Беше три часот кога се тргнав; штом видов дека скоро сум задоцнил, излегов брзо, зедов една кола и летнав кај Ана Андреевна.

ПЕТТА ГЛАВА

I

Штом ме пријавија, Ана Андреевна ја остави рачната работа и брзо ми излезе во пресрет, во првата соба, што порано никогаш не се случуваше. Ми ги подаде обете раце и веднаш поцрвени. Не прозборувајќи ни збор, ме одведе во мојата соба, пак ја зеде работата, а мене ми даде место покрај неа; но повеќе не се зафати со шиењето, туку ме гледаше топло не зборувајќи ништо.

– Вие ми ја испраќавте Настасја Егоровна! – почнав јас отворено, малку незгодно поради премногу покажаното чувство, иако тоа ми беше пријатно.

Таа почна да зборува, не водејќи сметка за моето прашање.

– Чув сѐ, знам сѐ. Таа ужасна ноќ . . . О, колку сте морале да страдате! Вистина ли е, дали навистина ве нашле онесвестен во снегот?

– Тоа вам . . . Ламберт . . . – промрморив јас црвенејќи.

– Од него уште тогаш дознав сѐ; но сепак ве чекав вас. Дојде кај мене исплашен! Во вашиот стан . . . таму каде што сте лежеле, не сакале да го пуштаат кај вас . . . и чудно го пречекале . . . Право да ви кажам, не знам како течела работата, но тој ми раскажа сѐ што се случило таа ноќ; ми рече дека вие, штом сте се освестиле, сте ме спомнувале мене и . . . и својата преданост спрема мене. Бев трогната до солзи, Аркадиј

Макарович; навистина, не знам со што сум заслужила толку топли симпатии од ваша страна и уште во онаа состојба во која сте биле! Кажете ми, дали господинот Ламберт, ви е другар од детството?

– Да . . . но тогаш . . . признавам, бев непретпазлив и можеби сум рекол повеќе отколку што би требало.

– О, за таа мрачна, ужасна интрига јас би дознала и без него! Секогаш, секогаш сум претчувствувала дека ќе ве доведе дотаму. Кажете ми, вистина ли е дека Бјоринг се осмелил да крене рака на вас?

Таа ја претставуваше работата така како само поради Бјоринг и поради н е а да сум се нашол замрзнат пред портата. Има и право, си помислив и вивнав:

– Да кренеше рака на мене, не би останал цел и јас не би седел овде пред вас неодмазден – одговорив пламено. Чувствував дека таа, од некоја причина, сака да ме раздразни, против некого (впрочем, ми беше познато против кого) да ме разгневи; па сепак паднав во таа нејзина стапица.

– Кога велите дека сте предвидувале оти дотаму ќе ме доведе, тоа е само неразбирање од страна на Катерина Николаевна . . . а сосем е точно дека таа своите убави чувства спрема мене премногу брзо ги измени во неразбирање . . .

– Премногу брзо, во тоа е работата! – прифати Ана Андреевна дури со некакво претерано сочувство. – О, кога би знаеле какви интриги сега се плетат таму! Се разбира, Аркадиј Макарович, вам ви е тешко да сфатите во каква незгодна положба сум сега јас! – рече таа поцрвенувајќи и наведнувајќи ги очите. – Оттогаш, од она утро кога овде последен пат се видовме, направив еден чекор кој не може секој да го разбере, не може да го сфати како што би го сфатил вашиот уште незаразен ум и вашето топло, нерасипано, чисто срце. Бидете уверен, драги пријатели, ќе умеам да ја ценам вашата преданост кон мене и ќе ви бидам вечно благодарна. Во општеството, се разбира, ќе фрлат на мене камен и тоа веќе го прават. Но кога би имале право, од своето одвратно гледиште, кој би можел сепак, кој од нив би смеел и тогаш да ме осуди? Татко ми уште

од детството ме напушти; ние, Версиловите – старото, угледно руско семејство – ние сме без нигде ништо и јас јадам туѓ леб како милостина. Не ли беше природно да му се обрнам на оној кој уште од детството ми го заменуваше татко ми, чија добрина ја чувствував во текот на толку години? Моето чувство спрема него го гледа самиот бог и тој ќе-суди, а не дозволувам, поради чекорот што сум го сторила, да ми суди општеството! И кога, покрај сето тоа, уште се плетат и најпрепредени, најмрачни интриги и кога родената ќерка сака да го упропасти доброќудниот, великодушен татко, зар е возможно понатаму да се трпи? Не, ќе го спасам, макар да го загубам и мојот добар глас! Готова сум кај него да живеам просто како негователка, да бидам негов чувар, негова болничарка, но не дозволувам да ликува студената, одвратна сметка на општеството.

Говореше со необично одушевување, кое, мошне возможно, дополу беше и наместено, но сепак и искрено, зашто се виде колку целата ѝ се предала на таа работа. Јас, јас чувствував дека лаже (иако искрено, зашто може и искрено да се лаже) и дека е лошо она што сега го прави; но на човека нешто чудно му се случува со жените: онаа привидна пристојност, оние отмени форми, онаа непристапност на светската надменост и гордата невиност – сето тоа ме збуни, па почнав да ѝ одобрувам додека бев кај неа; во секој случај, не можев да се решам да ѝ противречам. О, мажот е во несомнено морално ропство на жената; особено кога е великодушен! Жената е кадарна великодушниот човек да го увери во сè што сака. „Таа и Ламберт – боже", си мислев јас, гледајќи ја во недоумица. Впрочем, ќе кажам сè: ни до денеска не можам да го искажам својот суд за неа; нејзините вистински чувства можеше да ги види само господ; а, освен тоа, човекот е толку сложена машина, што во извесни случаи воопшто не е можно да се разбере; особено ако тој човек е – жена.

– Ана Андреевна, што очекувате вие всушност од мене? – ја прашав доста решително.

– Како? Што значи вашето прашање, Аркадиј Макарович?

– Мене по сè ми изгледа . . . и уште по некои други заклучоци . . . – почнав да објаснувам збунето – дека сте ме викнале затоа, што очекувате нешто од мене; значи, што е тоа?

Таа пак почна да зборува, исто онака нагло и воодушевено, не одговарајќи на моето прашање:

– Ах, јас не можам, јас сум премногу горда за да влегувам во објаснувања и спогодби со непознати лица, како што е господинот Ламберт. Ве чекав вас, а не него. Мојата ситуација е безизлезна, ужасна, Аркадиј Макарович! Морам да употребам лукавства, бидејќи сум опкружена со махинациите на таа жена и тоа не можам да го поднесам. Се понижувам речиси до интрига, па ве чекав вас како свој спасител. Никој не може да ме обвинува што желно гледам околу себе да најдам барем еден пријател и затоа и не е чудно што му се зарадував на пријателот: човекот, кој дури и онаа ноќ, речиси изѕемнат, ме спомнувал, го изговарал само моето име – без сомневање ми е пријател. Така мислев за сето време и поради тоа ги полагам сите надежи во вас.

Зборувајќи го тоа, нестрпливо и прашално ме гледаше в очи. И, ете, пак немав храброст да ја разуверам, отворено да ѝ објаснам дека Ламберт ја измамил; дека јас нему тогаш воопшто не сум му зборувал дека сум ѝ божем одан и дека воопшто не сум го спомнувал „само нејзиното име". На тој начин со молчењето ја потврдив Ламбертовата лага. Таа, меѓутоа, уверен сум, и самата премногу добро знаеше дека Ламберт ја надул работата, дека просто ја излажал, со намера да најде погоден изговор да ја посети и да стапи со неа во врска. Додека ми гледаше в очи, како уверена во вистинитоста на моите зборови и мојата оданост, знаеше, всушност, дека јас не ќе смеам да откажам – од една страна од деликатност, а од друга страна поради својата младост. Впрочем имам ли право во ова нагаѓање или немам, не знам. Можеби сум само страшно расипан.

– Мене ќе ме заштити мојот брат! – рече таа најпосле пламено, гледајќи дека не сакам да одговорам.

– Ми рекоа дека со него сте дошле во мојот стан! – промрморив збунето.

– Но несреќниот кнез Николај Иванович нема каде да се спаси од таа интрига, или, подобро, речено, од својата родена ќерка, освен во вашиот стан, то ест во станот на својот пријател; секако има право да ве смета барем за пријател! . . . И тогаш, ако сакате да сторите нешто во негова полза, сторете – само ако имате толку великодушност и храброст . . . и најпосле, ако навистина нешто *можете да сторите*. О, тоа не е поради мене, туку поради несреќниот старец, кој единствено искрено ве сакаше, кој ви е предан со срцето, како да сте му син и кој и ден-денеска копнее по вас! За себе ништо не очекувам дури ни од вас, кога дури и мојот роден татко онака подмолно, онака пакосно постапил спрема мене!

– Мене ми се чини дека Андреј Петрович . . . почнав јас.

– Андреј Петрович, – ме прекина таа со тажна насмевка – Андреј Петрович на моето отворено прашање тогаш ми одговори со чесен збор: дека никогаш немал никакви намери во поглед на Катерина Николаевна, во што јас наполно и верував кога го презедов мојот чекор; меѓутоа, се покажа дека се вознемирил штом дознал за некојси господин Бјоринг.

– Не е така! – реков јас. – Во еден момент и јас поверував во неговата љубов спрема таа жена, но тоа не е точно . . . А и кога би било точно, сега, ми се чини сега, може да биде наполно мирен . . . по одбивањето на тој господин.

– Кој господин?

– Бјоринг.

– А кој ви рекол за одбивање? Можеби тој господин никогаш порано немал толкаво влијание! – се насмеа таа злобно; уште ми се стори дека ме погледна подбивно.

– Така ми рече Настасја Егоровна! – промрморив јас во забуна која не можев да ја скријам и која и таа многу добро ја забележа.

– Настасја Егоровна е симпатична жена и, се разбира, не можам да ѝ забранам да ме сака, но таа нема право да знае работи кои не се однесуваат на неа.

Срцето ми се стегна; и бидејќи таа имаше намера да ја разгори мојата лутина, лутината навистина зовре во мене, но не спрема о н а а жена, туку само спрема Ана Андреевна. Станав од местото.

– Како чесен човек, морам однапред да ви кажам Ано Андреевна, дека вашите очекувања . . . во врска со мене . . . можат да се покажат како сосем залудни.

– Јас очекувам да ме земете во заштита, – ме погледна таа остро – мене, која сите ја напуштија . . . вашата сестра, ако сакате, Аркадиј Макарович!

Уште еден момент, и ќе заплачеше.

– Тогаш подобро не очекувајте, затоа што „можеби“ од сето тоа нема да стане ништо: – промрморив јас со неискажливо мачно чувство.

– Како да ги разберам вашите зборови? – рече таа многу плашливо.

– Просто така што јас ќе отидам од сите вас, и баста! – извикав наеднаш, скоро бесно – а д о к у м е н т о т ќе го искинам. Збогум!

Ѝ се поклонив и излегов молчејќи, но во исто време не осмелувајќи се да ја погледнам. Уште не бев слегол по скалите, кога ме стигна Настасја Егоровна со свиткан лист хартија. Од каде се појави и каде била додека разговарав со Ана Андреевна – не знам. Не ми рече ни збор, туку само ми ја предаде хартијата и избега назад. Го одвиткав ливчето: на него беше напишана читливо и јасно Ламбертовата адреса, приготвена очигледно уште пред неколку дена. Се сетив дека на Настасја Егоровна, кога беше тогаш кај мене, ѝ реков дека не знам каде живее Ламберт, но тоа ѝ го реков во смисла дека „не знам и дека не сакам да знам“. Ламбертовата адреса веќе ја добив од Лиза, која специјално ја замолив да ја најде во пријавното одделение. Испадот на Ана Андреевна ми се стори премногу упадлив, дури циничен: не водејќи сметка за тоа што ѝ ја откажав помошта, таа, не верувајќи ми ни малку, отворено ме упатува кај Ламберт. Ми беше наполно јасно дека ѝ е познато сѐ за документот – а од

кого би можела да дознае, ако не од Ламберта, кој кого поради тоа и ме испраќаше да се спогодиме.

„Очигледно е дека сите без исклучок ме сметаат за пилиштарец без волја и карактер, со кого може да се прави што се сака!“ си мислев, разгневен.

II

Сепак отидов кај Ламберт. А зар можев да ја совладам мојата тогашна љубопитност? Како што се покажа, Ламберт живееше многу далеку, во Крива улица, кај Летната бавча, во истиот стан каде што беше и порано. Но тогаш, кога избегав од него, толку малку гледав на улиците и растојанијата, што се изненадив кога Лиза пред четири дена ми ја даде неговата адреса и речиси не можев да верувам дека тој таму живее. Пред вратата од неговиот стан, на вториот кат, уште додека се качував по скалите, забележав две момчиња за кои помислив дека заѕвониле пред мене и дека чекаат да им се отвори. Додека се качував, обајцата, свртувајќи се со грбот кон вратата, ме гледаа внимателно. „Овде има повеќе станови; сигурно одат кај други станари“, си мислев намуртен, качувајќи се. Ми беше многу непријатно кај Ламберта да затечам уште некого. Трудејќи се да не ги забележам, ја кренав раката за да заѕвонам.

– Атанде![1]) – ми рече едниот.

– Ве молам, немојте веднаш да ѕвоните! – проговори другото момче со звучен и нежен глас и малку развлекувајќи ги зборовите. – Сега ќе бидеме готови, па заедно ќе заѕвониме; се согласувате ли така?

Јас застанав. Обајцата беа уште млади, можеа да имаат дваесет до дваесет и две години; тука кај вратата работеа нешто чудно, така што ги гледав со изненадување. Оној што рече „атанде“, беше момче со мошне висок раст, слаб и испиен, но многу жилав, со сосема мала глава според својот раст и со чуден, некако комично-сериозен израз на сипаничавото. доста

[1]) Чекајте

интелигентно и дури пријатно лице. Очите му гледаа претерано вкочането и неговиот поглед имаше некаква сосем непотребна и излишна решителност. Беше облечен многу лошо: носеше едно старо со вата поставено зимско палто со излижана крзнена јака, кое според растот му беше кратко – очигледно туѓо; лоши, речиси селски чизми и ужасно смачкан и избледен цилиндер на главата. Целата појава му покажуваше несмасност: рацете, без нараквици, му беа нечисти, со нечистотија под долгите нокти. Неговиот другар, напротив, беше елегантно облечен, како што можеше да се види по неговата лесна бунда од крзно од куна по елегантната шапка и неговите светли нараквици на танките прсти; беше приближно колку мене и неговото свежо и младо лице имаше многу симпатичен израз.

Оној долгиот ја симна од вратот вратоврската, наполно излитена и масна, веќе како панделка, а убавото момче извади од џебот една друга црна вратоврска, пред малку купена и почна да му ја врзува околу вратот на својот долг другар, кој послушно и со страшно сериозно лице го беше истегнал многу долгиот врат и го разгрна палтото околу рамениците.

– Не, не може така, – рече оној што ја врзуваше вратоврската – со ваква извалкана кошула, не само што не ќе има никаков ефект, туку ќе изгледаш уште поизвалкан. Нели ти реков да ставиш чиста јака! Не умеам да ти ја врзам . . . умеете ли вие? – ми се обрна ненадејно мене.

– Што? – прашав јас.

– Еве, да му ја врзете вратоврскава. Видете, треба некако да се врзе да не се гледа извалканата кошула, инаку пропадна целиот ефект. Специјално му ја купив пред малку оваа вратоврска кај Филипа берберот, за една рубља.

– За тоа си дал рубља? – промрмори долгиот.

– Да, рубља, сега немам повеќе ни копејка. Не умеете ли вие? Во тој случај ќе мораме да ја замолиме Алфонсина.

– Кај Ламберт ли сакате? – ме праша долгиот наеднаш, строго.

– Кај Ламберт! – одговорив и јас исто така остро и му погледнав во очите.

– Dolgorowky ли? – ме праша тој со истиот тон и со ист глас.

– Не, не сум Кóровкин! – одговорив, исто така, остро, разбирајќи го погрешно.

– Dolgórowky! – речиси ми се развика долгиот, повторувајќи и пристапувајќи ми со заканување. Неговиот другар почна да се кикоти.

– Тој вели Dolgorowky, а не Коровкин – ми објасни тој. – Знаете, Французите во „Jurnal des Débats" често ги извртуваат руските презимиња.

– Во „Indépendance"! – промрмори долгиот.

– Па сеедно, и во „Indépendance". Долгоруки, на пример, го пишуваат Dolgorowky – и самиот читав, а В-то секогаш го пишуваат comte Wallonieff.

– Doboyny! – вресна долгиот.

– Да, има и некој Doboyny; прочитав, па обајцата се смеевме: некоја Русинка madame Doboyny, во странство . . . но зошто сега да ги редиме сите? – му се обрна тој на долгиот.

– Извинете, вие ли сте господинот Долгоруки?

– Да, јас сум Долгоруки; а од каде знаете?

– Долгиот му шепна нешто на убавото момче, овој се намурти и неразположено мавна со раката; а долгиот ми се обрна мене:

– Monsieur le prince, vous n'avez pas de rouble d'argent pour nous, pas deux, mais un seul, voulez – vous?[1])

– Ах, никаквецу! – викна малиот.

– Nous vous rendons![2]) – заврши долгиот зборувајќи француски грубо и несмасно.

– Тој е, знаете, циник – се насмеа убавото момче, – мислите дека не знае француски? Тој зборува француски како парижанец, а сега само ги исмејува Русите кои ужасно сакаат во друштво меѓу себе да зборуваат француски, а не знаат . . .

---

[1]) Господине кнезу, имате ли само една рубља за нас, не две само една, може ли?

[2]) Ние ќе ви ја вратиме.

– Dans les wagons![1]) – објасни долгиот.

– Па добро, во вагоните; ух, колку си здодевен! Не е потребно да објаснуваш. Тоа му е задоволство: да се прави глупак!

Јас извадив рубља и му ја подадов на долгиот.

– Nous vous rendons! – рече и ја пикна рубљата в џеб; потоа се сврти кон вратата и со наполно мирно и сериозно лице почна да удира во неа со врвот од својата огромна груба чизма; и сето тоа, како што реков, без никаква раздразнетост.

– Ах, пак ли ќе се степаш со Ламберт? – му забележа убавото момче вознемирено. – Подобро да заѕвоните вие!

Јас заѕвонив, но долгиот пак продолжи да удира со чизмата.

– Ah, sacré . . .[2]) – се чу наеднаш Ламбертовиот глас однатре и тој брзо ја отвори вратата.

– Dites donc, voulez-vous que je vous casse la tete, mon ami![3]) – викна тој на долгиот.

– Mon ami, voila Dolgorowky, l'autre mon ami![4]) – рече важно и сериозно долгиот, гледајќи го в очи Ламберта, кој беше целиот црвен од бес. Но штом ме виде мене, веднаш се преобрази.

– Тоа си ти, Аркадиј! Најпосле! Значи, си оздравил, најпосле оздрави ли?

Ме фати за раце и силно ги затресе; со еден збор, тој беше толку искрено воодушевен, што ми беше необично пријатно, дури почувствував симпатија спрема него.

– Прво дојдов кај тебе!

– Alphonsine! – викна Ламберт.

Алфонсина веднаш се појави од зад параванот.

– La voilá![5])

– C'est lui![6]) – извика Алфонсина, плесна со рацете и повторно ги рашири со намера да ме прегрне, но Ламберт ме зеде во заштита.

---

[1]) Во вагоните!

[2]) Ах, проклетнику!

[3]) Кажете, сакате ли да ви ја скршам главата, пријателе?

[4]) Пријателе, овој е Долгоруки, мој драг пријател.

[5]) Еве го!

[6]) Тој е!

– No-no-no-, tout beau![1]) ѝ рече заканувајќи се, како на куче. – Аркадиј, денеска се договоривме ние неколкумина да ручаме во татарскиот ресторан. Сега повеќе не те пуштам и ти ќе дојдеш со нас. Ќе ручаме заедно; овие брзо ќе ги исфрлам и тогаш ќе се наразговараме. Ти влези, влези! Сега, впрочем, и ќе појдеме, само еден момент ќе се задржиме . . .

Влегов и застанав сред соба, обѕирајќи се околу себе и сеќавајќи се. Ламберт зад параванот брзо се преоблекуваше. Долгиот и неговиот другар исто така појдоа по мене, не обрнувајќи внимание на Ламбертовите зборови. Сите стоевме.

– Mademoiselle Alphonsine, voulez-vous me baiser?[2]) – промрмори долгиот.

– Mademoiselle Alphonsine – ѝ се приближи и помладиот, покажувајќи ја вратоврската, но таа на обајцата налутено им се нафрли.

– Ah, le petit vilain![3]) – му рече таа на помладиот! – ne m'approchez pas, ne me salissez pas, et vous, le grand dadais, je vous flanque à la porte tous les deux, savez-vous cela?[4])

Помладиот, иако таа презриво и со гнасење се тргаше, како навистина да се плаши да не ја извалка (кое никако не можев да го разберам, бидејќи е толку убав и се виде дека е толку убаво облечен, кога ја соблече бундата) – помладиот непрекинато ја молеше да му ја врзе на неговиот другар вратоврската и претходно да му стави една Ламбертова чиста јака. Таа толку се налути, што речиси сакаше да ги тепа; но кога чу што сакаат, Ламберт ѝ викна од зад параванот да не ги задржува, туку да им услужи што сакаат, „инаку нема да си одат", додаде тој. Алфонсина веднаш најде една јака и почна на долгиот да му ја врзува вратоврската без никакво гадење. А овој, исто како и на скалите, го издолжи вратот додека му ја врзуваше вратоврската.

---

[1]) Но, но, добро

[2]) Госпоѓице Алфонсино, сакате ли да ме бакнете?

[3]) Ах, овој мал гад.

[4]) Не доближувајте ми се, не валкајте ме и вие, ибрику еден, обајцата ќе ве истерам надвор, го знаете ли тоа?

– Mademoiselle Alphonsine, avez-vous vendu votre bologne?[1]) – праша тој.

– Qu'est que ça, ma bologne?[2])

Помладиот ѝ објасни дека „ma bologne" значи нејзиното болоњско куче.

– Tiens quel est ce baragouin?[3])

– Je parle comme une dame russe sur les eaux minéralles[4]) – одговори le grand dadais, сѐ уште држејќи го вратот издолжен.

Qu'est que ça qu'une dame russe sur les eaux minéralles et . . . où est donc votre jolie montre, que Lambert vous a donné?[5]) – му се обрна таа наеднаш на помладиот.

– Што, пак е без часовник? – се чу налутениот глас на Ламберта од зад параванот.

– Го изедовме! – промрмори.

– Го продадов за осум рубли: беше само сребрен, па позлатен, а вие ми рековте дека е златен. Таков и нов се продава сега за шеснаесет рубли! – му одговори помладиот на Ламберта, бранејќи се без да сака.

– На тоа морам да му ставам крај! – уште поналутено продолжи Ламберт. – Млад пријателе, не ви купувам јас вам костуми и не ви подарувам убави работи за да ги трошите за вашиот долг пријател . . . Каква вратоврска сте купиле?

– За неа дадов само една рубља; но не од вашите. Немаше вратоврска, а треба да му се купи и капа.

– Глупост, – сега веќе вистински се налути Ламберт – доста сум му дал и за капа, а тој веднаш порачал и остриги и шампањско. Целиот базди, гад еден; не може човек никаде да се појави со него. Како да го поведам на ручек?

– Со кола! – промрмори dadais. – Nous avons un

---

1) Госпоѓице Алфонсино, ја продадовте ли својата „бољонь"?

2) Што е тоа „болонь"?)

3) Гледај колку овој шарка по јазикот!

4) Јас зборувам како руска дама во бања.

5) Што значи тоа руска дама во бања и каде ви е убавиот часовник што ви го подари Ламберт?

rouble d'argent que nous avons prêté chez notre nouvel ami.[1])

– Аркадиј, не давај им ништо! – пак викна Ламберт.

– Дозволете, Ламберт; од вас веднаш барам десет рубли – се налути одеднаш убавото момче, што беше целото црвено и поради тоа изгледаше уште поубаво – и немојте повеќе никогаш да зборувате вакви глупости како сега на Долгоруки. Барам од вас десет рубли за да му вратам веднаш една рубља на Долгоруки, а за другите да му купам на Андреев капа, ќе видите и самиот.

Ламберт излезе од зад параванот.

– Еве ви три жолти банки, три рубли и ништо повеќе немам до вторник, и немојте . . . инаку . . .

– Le grande dadais, – му ги истргна парите од рацете.

– Dolgorowky, еве ви ја вашата рубља, nous, vous rendons avec beaucoup de grâce[2]). Петја, ајде да си одиме! – му викна на својот другар и потоа, кревајќи ги двете банкноти нагоре и мавтајќи со нив, го погледна дрско Ламберта в лице и извика со сиот глас:

– Ohé Lambert! Où est Lambert, as-tu vu Lambert?[3])

– Престанете! Престанете! – им викаше Ламберт во најголем бес. Мене ми беше јасно дека сево ова е во врска со некој поранешен настан, за кој јас немав ни поим, па ги гледав зачудено. Но долгиот ни малку не се плашеше од Ламбертовиот гнев; напротив, дури викна: „Ohé Lambert!" итн. Вака викајќи, излегоа на скалите; Ламберт потрча по нив, но се врати.

– Наскоро сосем ќе ги набркам! Повеќе ме чинат, отколку што даваат . . . Ајде, Аркадиј! Задоцнив. Таму веќе ме чека еден човек кој . . . исто така ми е потребен . . . И тоа е животно . . . Сите се животни! Скотови, скотови! – викна повторно и чкртна со забите; но наеднаш се прибра.

---

[1]) Имаме една рубља што ја позајмивме од вашиот добар пријател.

[2]) Ви ја враќаме со голема благодарност.

[3]) Еј, Ламберт! Каде е Ламберт? Го виде ли Ламберта?

– Мило ми е што дојде најпосле. Alphonsine, ни чекор од дома! Да одиме.

На вратата го чекаше кола со одличен коњ касач. Седнавме; Ламберт по целиот пат сè уште им се лутеше на оние млади луѓе и никако не можеше да се смири. Се изненадив што го зеде тоа толку сериозно, а освен тоа, што тие спрема Ламберта се однесуваа без трошка почит, додека тој речиси како да се плашеше од нив. Мене сè ми се чинеше, според моите стари впечатоци од детството, дека целиот свет треба да се плаши од Ламберта; и мислам дека и јас, иако од Ламберта бев наполно независен во тој момент, сè уште се плашев од него.

– Ти велам, сите тие се ужасни животни! – продолжи Ламберт. – Верувај ми: оној високиот, извалканиот, ме намачи пред три дена во едно отмено друштво. Застана пред мене викајќи: „Ohé Lambert!" Во отмено друштво! Стои пред мене, си ги потпрел рацете на слабините, сериозно ги изговара овие стихови и тропка со нога. Сите се смееја: знаат дека тоа го прави за да му дадам пари – можеш да си замислиш! И му дадов. О, никаквеци! Верувај ми, бил заставник во некој полк, ама го истерале; а образован е, израснал во отмена куќа, можеш да си замислиш! Има идеи, би можел . . . Е, по ѓаволите! Силен е како Херкул. Употреблив е, но не многу. А виде и ти: не ги мие рацете. И го препорачав на една госпоѓа, една отмена стара дама, ѝ реков дека се кае поради својот начин на живеење и сака да се убие поради гризење на совеста; а кога ѝ отишол, седнал и почнал да свирка. А оној другиот, убавецот, тој му е син на еден генерал; семејството се срами поради него, го извлекол од судење, го спасив, а тој, ете, како ми враќа! Овде светот е лош! Сите ќе ги набркам, по ѓаволите!

– Тие го знаат моето име; ти ли си им зборувал за мене?

– Ја направив таа глупост. Те молам, остани на ручек, стрпи се . . . Таму ќе дојде уште еден страшен неранимајко! Тоа е баш страшен никаквец и ужасно препреден; овде се сите никаквеци; овде нема ни еден чесен човек! Но, ќе ги свршиме работите – и тогаш . . .

Што сакаш да јадеш? Впрочем, сеедно, таму има одлично јадење. Јас ќе платам, немој воопшто да се вознемируваш. Многу добро е што си убаво облечен. Можам да ти дадам пари. Доаѓај секогаш кај мене. Замисли, овде ги поев и гоев, секој ден јадеа рибини паштети; зошто го продал часовникот, тоа е веќе вторпат. Овој малиов, Тришатов, виде и ти, Алфонсина се гади од него, и не му дозволува да ѝ се приближи – во ресторан, пред офицери, порачува: „сакам чапла“. Му порачав чапла! Ќе му се одмаздам.

– Се сеќаваш ли, Ламберте, кога во Москва бевме во една гостилница и кога во гостилницата ме боцна со виљушка, ти тогаш имаше петстотини рубли?

– Се сеќавам, како да не се сеќавам! По ѓаволите! Јас те сакам . . . Верувај ми. Треба да знаеш дека никој не те сака, само јас те сакам; само јас, запомни! . . . Овој што доаѓа сега, овој сипаничавиов, тој е најпрепредениот никаквец; ништо не одговарај му ако почне да разговара со тебе; а ако почне нешто да те испитува, кажи му што и да било, или молчи . . .

Поради своето возбудување, Ламберт попат не стигна за ништо да ме праша. Дури почнав да станувам навреден што е толку уверен во мене и што дури и не се сомнева дека можам да не му верувам; ми изгледаше дека уште го има глупавото уверување дека може да ми наредува, како некогаш. „Покрај тоа е и страшно необразован“, си мислев влегувајќи во ресторанот.

III

Во тој ресторан, во Морска улица, доаѓав и порано, за време на мојот гнасен пад и разврат и поради тој впечаток што ми го оставаа тие простории, келнерите, кои ме погледнаа и во мене познаа стар посетител, најпосле впечатокот што ми го остави оваа загадочна дружина на Ламбертовите пријатели, во која западнав и на која веќе некако неразделно ѝ припаѓав и, што е главно, некакво матно претчувство дека доброволно пропаѓам во некаква гадост и дека без сомневање ќе завршам со некаква лоша постапка – сето тоа наед-

наш ме проникна. Во еден момент за малку што не избегав; но штом мина тој момент, останав.

Оној „сипаничавиот", од кого се плашеше Ламберт, веќе нè чекаше. Тој беше човек со глупаво деловен израз на лицето, тип што го мразам речиси од детството; имаше околу четириесет и пет години, човек со среден раст, со малку побелена коса, со одвратно избричено лице и со мали правилни зулуфи, како два колбаси на секој образ на неговото просто и пакосно лице. Се разбира, беше досаден, сериозен, неразговорлив, па според обичајот, што важи за сите такви ситни луѓе, уште и надуен. Ме погледна многу љубопитно, но не прозборува ни збор, а Ламберт беше толку глуп што не сметаше за потребно да нè запознае, иако седнавме на иста маса, па, значи, можеше да ме смета за член на Ламбертовата уценувачка придружба. Со овие момчиња (кои стигнаа речиси во исто време со нас) исто така, тој не прозборува ни збор за сето време на ручекот, но сепак беше јасно дека одлично ги познава. Разговараше за нешто само со Ламберт и тоа шепотејќи и зборуваше речиси само Ламберт, додека сипаничавиот само одговараше со кратки налутени, ултимативни реченици. Се држеше надмено, беше зајадлив и подбивен, додека Ламберт, напротив, беше многу возбуден и очигледно непрекинато го наговараше, веројатно сакајќи да го вовлече во некаков потфат. Јас подадов раката да го дофатам шишето со црно вино, а сипаничавиот ненадејно зеде едно шише шери и ми го подаде, иако дотогаш не ми прозборува ни збор:

– Пробајте од ова – ми рече тој, давајќи ми го шишето. Тогаш се сетив дека и нему веројатно му е познато сè за мене, и мојата историја, и моето име, можеби и она што го очекуваше Ламберт од мене. Мислата дека ме смета за Ламбертов помагач пак ме налути, а на Ламбертовото лице се покажа голема и глупава вознемиреност штом овој со мене прозборува само еден збор. Сипаничавиот го забележа тоа и се насмеа. „Јасно е дека Ламберт зависи од сите нив", си помислив во себеси, мразејќи го во тој момент од длабочината на душата. На тој начин, иако за сето време на ручекот седевме крај иста маса, бевме поделени на

две групи: сипаничавиот и Ламберт поблиску до прозорецот, еден спроти друг, јас до извалканиот Андреев, а спроти мене Тришатов. Ламберт брзаше со јадењето, секој момент терајќи ја послугата да служи побрзо. Кога беше донесено шампањското, тој ми ја подаде својата чаша и, прекинувајќи го разговорот со сипаничавиот, ми рече:

– Да се чукнеме, за твое здравје!

– Ми дозволувате ли и мене да се чукнам? – ми ја подаде преку масата својата чаша убавиот Тришатов. Сè до шампањското тој беше многу замислен и молчалив. Dadais воопшто ништо не зборуваше; само молчеше и многу јадеше.

– Со задоволство! – му одговорив на Тришатов.

Се чукнавме и се напивме.

– А јас за ваше здравје нема да пијам – ми рече наеднаш dadais – не затоа што ја сакам вашата смрт, туку вие овде денеска повеќе да не пиете. – Зборуваше мрачно и важно.

– Вам ви се доволни и три чаши. Вие, гледам, ја гледате мојава неизмиена тупаница? – продолжи тој и ја стави раката на масата: – не ја мијам и така неизмиена му ја издавам под кирија на Ламберт за да разбие туѓи глави во тешки случаи за Ламберта. – Зборувајќи го тоа, наеднаш толку силно удри со тупаницата по масата, што скокнаа сите чинии и чаши. Освен нас во оваа соба имаше гости уште на четири маси, сите офицери и разни господа со важен изглед; тој ресторан беше во мода. Сите наеднаш го прекинаа разговорот и погледнаа во нашиот агол; да, верувам, веќе одамна предизвикавме извесна љубопитност. Ламберт наеднаш целиот поцрвени.

– Ха, пак почнува! Ми се чини, Николај Семјонович, дека нарочно ве молев пристојно да се однесувате! – рече Ламберт налутено, шепстејќи му на Андреев. Овој само го погледна со долг и бавен поглед:

– Не сакам мојот нов пријател Dolgorowky овде денеска да пие многу вино.

Ламберт вивна уште посилно. Сипаничавиот слушаше молчејќи, но со очигледно задоволство. Нему

испадот на Андреев од некои причини му се допадна. Само јас не разбирав, зошто не треба да пијам вино.

– Тој тоа го прави само да му дадам пари! Ќе добиете уште седум рубли, разбирате ли, но кога ќе завршиме со ручекот – само оставете нè да ручаме, немојте да нè срамотите! – му рече Ламберт низ заби.

– Аха! мрмореше dadais победоносно.

Ова толку го воодушеви сипаничавиот што пакосно се закикоти.

– Слушај, ти си многу . . . – вознемирено и речиси сожалувачки почна да му зборува на својот пријател Тришатов, очигледно со желба да го смири. Андреев замолчи, но не за долго; тој имаше друг план. Крај друга маса до нас, на пет чекори, ручаа два господина и живо разговараа. Обајцата беа господа во средни години и со проблематичен изглед. Едниот, висок и многу дебел, другиот исто така дебел, но мал. Зборуваа на полски за сегашните политички настани во Париз. Dadais веќе одамна на нив љубопитно погледнуваше и наслушнуваше што зборуваат. Малиот Полјак, очигледно, со својата фигура му се стори комичен и веднаш го замрази, како што често се случува кај луѓето што страдаат од жолчката или од слезината без никаква причина. Тој мал Полјак наеднаш го спомна името на францускиот народен пратеник Мадје де Монжо, но според обичајот што го имаат многумина Полјаци, тоа го изговори на полски начин, то ест со акцент на претходниот слог, па излезе не Мадје де Монжó туку Мáдје де Мóнжо. Само тоа и го чекаше нашиот dadais. Тој се сврти кон Полјаците и, важно исправајќи се, изговори јасно и гласно, како да поставува прашање:

– Мáдје де Мóнжо ли?

Полјаците налутено се свртија и големиот дебел Полјак бесно му викна на руски:

– Што сакате?

Dadais почека еден миг и пак гласно повтори, што можеше да го чуе целата сала:

– Мáдје де Мóнжо ли? – не давајќи никакви други објаснувања, баш како што и мене, пред Ламбертовата врата, пристапувајќи ми, глупо ми повторуваше: Dol-

gorowky. Полјаците скокнаа од местата. Ламберт стана откај масата, му притрча на Андреев, па пак го остави, летна кај Полјаците и почна понизно да им се извинува.

– Тие се шутови, пане, тие се шутови! – повторуваше презриво малиот Полјак, целиот црвен од лутина, како цвекло. – Наскоро нема да биде повеќе можно да се доаѓа овде! – во салата настана врева, се слушна мрморење, но повеќе смеа.

– Ајде . . . ве молам . . . да излеземе! – мрмореше сосем збунетиот Ламберт, трудејќи се на некој начин да го изведе Андреев од ресторанот. Овој внимателно го погледна Ламберта и, откако погоди дека уште сега ќе му даде пари, се согласи да излезе со него. Веројатно повеќепати на сличен дрзок начин изнудувал пари од Ламберт. И Тришатов сакаше да појде по нив, но погледна на мене и остана.

– Ух колку е одвратно! – рече и ги покри очите со своите фини раце.

– Страшно одвратно! – прошепоти сега и сипаничавиот налутено. Ламберт, меѓутоа, се врати речиси сосем блед и, гестикулирајќи со рацете почна нешто да му шепоти на сипаничавиот. Но овој во тој момент му нареди на келнерот да донесе кафе и го слушаше Ламберта со одвратност; беше јасно дека тој сака што побрзо да си оди. А, всушност, целиот случај беше обична палавост. Тришатов стана од местото и со својата шолја кафе седна покрај мене.

– Многу го сакам! – почна да ми зборува со толку искрен тон, како со мене секогаш да разговарал за тоа. – Не можете да си замислите колку е Андреев несреќен. Го потрошил и испил миразот на својата сестра, а потрошил и испил сè друго што имале онаа година кога служел како офицер; и гледам дека сега се мачи. А тоа што не се мие, тоа е од очајување. Тој има ужасно чудни мисли: вели, на пример, дека никаквецот и чесниот човек се едно исто и дека меѓу нив нема разлика; затоа не е потребно ништо да се работи, ни добро ни лошо, или е сеедно дали човекот прави добро или лошо; најдобро е човек само да лежи, да не се преоблекува цел месец, да пие, јаде, спие – и ништо

друго. Но, верувајте – тој тоа го вели само онака. А, знаете ова сега ми се чини го стори затоа што сака наполно да прекине со Ламберта. Уште вчера ми зборуваше за тоа. Знаете, тој често, ноќе или кога долго седи сам, ќе почне да плаче, а кога плаче, плаче некако особено, како никој; ќе зарика, ужасно ќе зарика, па на човека уште повеќе му е жал . . . Толку крупен и силен човек, па наеднаш да рика. Нели е беден? Би сакал да го спасам; а и сам сум толку расипано и пропаднато момче, што нема да поверувате! Долгоруки, дали ќе ме примите ако дојдам со вас?

– О, дојдете само, јас дури ве сакам.

– А зошто? Но, благодарам! Слушајте, да испиеме уште една чаша. Впрочем, што ми е! Вие подобро да не пиете. Андреев ви ја кажа вистината дека е подобро да не пиете, – и ми намигна важно – а јас ќе пијам. За мене тоа нема важност и јас, верувајте, од ништо не можам да се воздржам. Нека ми се каже, на пример, дека повеќе не треба да јадам во ресторанитe, сè ќе дадам само пак да ручам во ресторан. О, ние искрено сакаме да бидеме чесни, ве уверувам, само непрестајно тоа го одлагаме.

А годините минуваат – најубавите години! Тој ќе се обеси, од тоа ужасно се плашам. Ќе се реши, нема на никого да му каже. Таков е. Денеска целиот свет се беси; којзнае, можеби има многу вакви луѓе како што сме ние. Јас, на пример, никако не можам да живеам без излишни издатоци. Излишните издатоци ми се многу поважни отколку оние неопходните. Дали ја сакате музиката? Јас ужасно ја сакам. Ќе свирам кога ќе дојдам кај вас. Многу добро свирам на клавир; учев многу долго. Сериозно учев. Кога би компонирал опера, би го зел, знаете, сижето од Фауст. Многу ми се допаѓа таа тема. Непрестајно ја компонирам онаа сцена во Соборната црква, но само така; само во главата тоа го смислувам. Внатрешноста на Соборната црква е во готски стил, хорови, химни, влегува Гретхен, а хоровите се, знаете, средновековни, за да се чуе од нив целиот петнаесетти век. Гретхен е во очај, во почетокот речитативен, тивок, но ужасен,

полн со болка, а хоровите грмат мрачно, строго, немилосрдно.

Dies irae, dies illa[1]). Па наеднаш ѓаволовиот глас, ѓаволовата арија. Тој не се гледа, само песната му се слуша, заедно со химните, напоредно со химните, речиси се испреплетува со нив, а меѓутоа, тоа е нешто сосем друго – така некако би требало да се состави. Неговата арија е поинаква, непрекинатата, за тенор, само за тенор. Почнува тивко, нежно: „Се сеќаваш ли, Гретхен, како уште невина, уште како дете доаѓаше со мајка ти во оваа црква и читаше молитви од старата книга?" Па аријата станува посилна, пострасна, побурна; тоновите повисоки, во нив има солзи, болка, непрекината и безизлезна и најпосле очај: „Нема за тебе, Гретхен, прошка, нема за тебе овде прошка!" Гретхен сака да му се моли на бога, но од градите ѝ се оттргнуваат само извици – знаете, како да има во градите грч од солзи – а ѓаволовата песна никако не престанува, сè подлабоко се забодува во душата како нож, сè посилно, и тогаш наеднаш се прекинува речиси со извик: „Свршено е, проколната си!" Гретхен паѓа на колениците, ги крши пред себе рацете – и сега доаѓа нејзината молитва, многу кратка, полуречитатив, сосем наивен, без обработка, нешто во најголема мерка средновековно, четири стихови, само четири стихови – Страдела има неколку такви тонови – и со последниот тон паѓа во несвест! Општа забуна. Ја креваат, ја однесуваат – и тука наеднаш загрмува хорот. Тоа би требало да биде оркан од гласови, воодушевувања, победоносни, незадржливи, хорска песна, нешто како нашето „Дориносима чинми", така што сè се тресе до темел и сè преминува во занесно, радосно сеопшто извикување: „Осана!" – како крик на целата вселена, а неа ја носат, и тука паѓа завесата! Ах, знаете, кога само би можел, би создал нешто! – Но сега веќе ништо не можам, само фантазирам. Непрекинато фантазирам и фантазирам; целиот живот ми се претвори во фантазирање, дури и ноќе фантазирам. Ах, Долгоруки, сте ја читале ли Дикенсовата „Старинарница"?

---

[1]) Тој ден, ден на гнев!

– Сум ја читал; зошто прашувате?

– Се сеќавате ли . . . Чекајте да испијам уште една чаша – се сеќавате ли таму на она место на крајот кога оној полуден старец и она прекрасно тринаесетгодишно девојче, неговата внука, по фантастичното бегство и талкање, најпосле нашле засолниште некаде на крајот на Англија, близу до една средновековна црква во готски стил, каде што девојчето добило служба, на посетителите да им ја покажува црквата . . . И еднаш, на зајдисонце, ова дете стои и го посматра сончевото заоѓање со тивка медитација, во својата детска душа, како пред некоја загатка, зашто и едното и другото се загатки – и сонцето, како божја мисла, и црквата, како човечка мисла . . . зар не е така? Ах, не умеам јас тоа да го изразам, но господ ги сака тие први детски мисли . . . А тука покрај неа, на скалите, оној полуден старец, нејзиниот дедо, ја гледа без да трепне . . . Знаете, нема ништо особено во таа Дикенсова слика, сосем ништо, но сепак цел век нема да ја заборавите и тоа остана во цела Европа – зошто? Тоа е убавина! Тука е невиноста! Не знам што е, но е убаво. Во гимназија секогаш читав романи. Знам, имам сестра на село, само една година постара од мене . . . О, сега сето тоа веќе е продадено и повеќе нема село! Седевме заедно на тераса, под нашите стари липи, го читавме тој роман, сонцето и тогаш заоѓаше, па наеднаш престанавме да читаме и си рековме еден на друг дека и ние ќе бидеме исто така добри, дека и ние ќе бидеме прекрасни – во тоа време се готвев да одам на универзитет и . . . Ах, Долгоруки, знаете, секој има свои спомени! . . .

Наеднаш го спушти своето убаво главче на моето рамо, па заплака. Ми беше многу, многу жал. Вистина, испи доста вино, но толку искрено и толку братски разговараше со мене и со такво чувство . . . Во истиот момент се слушна викање на улицата и силни удари со прсти на нашиот прозорец (прозорците беа цели, големи и беа во приземје, така што можеше да се чука со прсти од улицата). Тоа беше Андреев, кого пред малку го изведе Ламберт.

– Ohé, Lambert. Où est Lambert? As-tu vu Lambert? – ѕвиваше неговото диво викање од улицата.

– Ах, па тој е уште тука! Зар не си отишол? – извика моето момче скокнувајќи од местото.

– Да платам! – ѝ викна Ламберт на послугата, чкртнувајќи со забите. Рацете му трепереа од јад кога почна да ја плаќа сметката, но сипаничавиот не му допушти да плати за него.

– Зошто не сакате? Зар не ве викнав јас? Зар не ја примивте мојата покана?

– Не, дозволете ми! – го извади сипаничавиот своето портмоне и, откако го пресмета својот дел, плати посебно.

– Вие ме навредувате, Семјоне Сидорич!

– Така сакам јас! – отсече Семјон Сидорич и земајќи ја шапката и не велејќи му никому збогум, излезе сам од салата. Ламберт ѝ ги фрли парите на послугата и брзо потрча по него, заборавајќи ме дури во својата забуна. Тришатов и јас излеговме по нив. Андреев стоеше пред вратата како столб и го чекаше Тришатов.

– Никаквец! – не можеше да се воздржи Ламберт.

– Но-но! – рикна на него Андреев и со еден замав на раката му ја турна од главата тркалезната шапка која се стркалка по тротоарот. Ламберт потрча да ја фати.

– Vingt cinq roubles![1]) – ја покажа Андреев Тришатовата банкнота која пред малку ја изнуди од Ламберта.

– Доста! – му дофрли Тришатов. – Зошто вревиш непрекинато ... И зошто му ги исчепка тие дваесет и пет рубли? Беше должен само седум.

– Зошто ги исчепкав ли? Ми вети дека ќе ручаме во одделна соба и со жени, а наместо жени ни го доведе оној сипаничавиот а, покрај тоа, не ми даде ни да си дојадам, а изѕемнав на студот сигурно за осумнаесет рубли. Со оние седум рубли кај него, ете ти точно дваесет и пет.

---

[1]) Дваесет и пет рубли!

– Одете и обајцата по ѓаволите! – викаше Ламберт. – Ќе ве набркам обајцата и ќе ви го дотерам умот . . .

– Ламберт, ќе ве набркам јас вас и ќе ви го дотерам умот! – му одговори Андреев. – Adieu, mon prince[1]), повеќе не пијте вино! Петја, марш! Ohé, Lambert! Où est Lambert? As-tu vu Lambert? – вресна за последен пат и замина со долги чекори.

– Значи, можам да дојдам кај вас? – ми прошепоти брзо Тришатов, брзајќи по својот пријател.

Останав сам со Ламберта.

– Ајде . . . да си одиме! – рече тој дишејќи со мака и како зашеметен.

– Каде да одам јас? Нема јас никаде да одам со тебе! – му одговорив веднаш предизвикувачки.

– Како нема да одиш? – се тргна тој исплашено и веднаш дојде на себеси. – Па јас токму тоа и го чекав: да останеме сами!

– А каде да одиме? Признавам дека малку ми се вртеше во главата од оние три чаши вино и две чашки шери.

– Ваму, еве ваму, гледаш ли?

– Па тука, гледаш, пишува дека има свежи остриги. Тука страшно смрди . . .

– Тоа само така ти се чини, по ручекот, а тоа е Миљутиновиот деликатесен дуќан; нема да јадеме остриги, туку ќе ти дадам шампањско . . .

– Не сакам! Ти сакаш да ме опијаниш.

– Тоа тие ти го рекоа; ти се подбиваа. Им веруваш на никаквеци!

– Не, Тришатов не е никаквец. Умеам и јас сам да се држам претпазливо, разбра ли!

– Види, имаш ли ти карактер?

– Да, имам карактер, повеќе отколку ти, зашто ти си во рацете на секого што ќе го сретнеш. Нè посрамоти, на оние Полјаците им се извинуваше како лакеј. Сигурно често те тепале по ресторадите.

– Ние двајцата имаме да разговараме, махаре едно!

---

[1]) До видување, принцу!

ШЕСТА ГЛАВА

I

Уште еднаш молам да не се губи од предвид дека веќе малку ми се вртеше во главата; да не беше тоа, поинаку би зборувал и би постапувал. Во задната соба на овој дуќан сервираа остриги и ние седнавме на една масичка покриена со евтин, извалкан чаршаф, Ламберт нарача шампањско; една чаша студено златесто вино се најде пред мене и соблазнително гледаше во мене; но јас бев лут.

– Види, Ламберте, најмногу ме навредува тоа што мислиш дека и сéга можеш да ми наредуваш како кај Тушар, сега, кога ти самиот овде му робуваш секому.

– Махаре едно! Ајде да се чукнеме!

– Дури не се преправаш пред мене; иако криеш дека сакаш да ме напиеш.

– Не дрдори, пијан си. Треба уште да испиеш, па ќе бидеш повесел. Земи ја чашата, земи ја!

– Зошто да ја земам? Ќе си одам одовде и свршено.

И навистина станав. Тој ужасно се налути.

– Веројатно Тришатов те побуни против мене: видов кога шепотевте. Ти си махаре. Дури и Алфонсина се гнаси кога тој ќе ѝ пристапи поблиску . . . Тој е гнасен. Ќе ти кажам каков е тој.

– Тоа веќе еднаш го кажа. Само се повикуваш на Алфонсина; ужасно си ограничен.

– Ограничен ли? – Не разбра што мислам. – Сега минаа кај сипаничавиот. Ете тоа е! Затоа ги набркав.

– ми викна тој со некаква презрива нестрпливост која како да ми зборуваше: „Што се правиш?“ – Изгледа дека се плашиш, што ли? Пријател ли си ми, или не си?

– Јас не сум твој пријател, зашто ти си неранимајко. Одам со тебе само за да ти покажам дека не се плашам од тебе. Ух, колку ужасно смрди, смрди на сирење! Колку е одвратно!

Немаат чест. Оној сипаничавиот е злосторник, ќе ги расипе. Барав од нив да се однесуваат отмено.

Седнав пак и некако махинално ја зедов чашата и испив една голтка.

– Јас сум многу попретпазлив од тебе! – му реков. Но тој беше блажен што седнав и веднаш ми тури уште вино.

– Изгледа дека се плашиш од нив? – продолжив да го дразнам (а по сè изгледа тогаш не бев полош од него). – Андреев ти ја турна шапката од глава, а ти за тоа му даде дваесет и пет рубљи.

– Му дадов дваесет и пет рубли, но тој ќе ми плати за тоа. Се бунат, но јас ќе ги совладам . . .

– Оној сипаничавион не ти дава мир. И ми се чини, знаеш, дека сега ти останав единствено уште јас. Сите свои надежи ги полагаш единствено во мене – а?

– Да, Аркашка, така е: уште само ти ми остана пријател; тоа добро го кажа! – рече и ме удри по рамо.

Што можев да правам со олку прост човек; беше сосем ограничен, а моето подбивање го сфати како пофалба.

– Аркадиј, да си ми добар другар, би можел да ме извлечеш од неприлика! – продолжи гледајќи ме умилно.

– Со што би можел да ти помогнам?

– И самиот знаеш со што. Без мене работата сигурно ќе ја уредиш глупачки, зашто си махаре, а јас би ти дал триесет илјади рубли, би ја поделиле добивката на половина – самиот знаеш што и како. Погледни се само кој си: немаш ништо, ни име, ни семејство, а овде наеднаш добар залак; со толкави пари можеш да почнеш знаеш каква кариера!

Просто ме зачуди таквиот негов начин. Претпоставував дека ќе почне лукаво, а тој започна отворено, така детински отворено.

Решив да го слушам од широкоградост и . . . од ужасно љубопитство.

– Слушај, Ламберт, ти не можеш да го сфатиш тоа, но јас те слушам затоа што имам широка душа! – му реков решително и пак пивнав од чашата. Ламберт пак ми налеа.

– Еве што е, Аркадиј: ако некаков Бјоринг се осмелеше мене да ме искара и натепа, во присуство на дамата што ја обожавам, не знам, што би сторил со него! А ти истрпи, се гнасам од тебе, ти си страшливец!

– Како смееш да кажеш дека Бјоринг ме удрил! – викнав јас и поцрвенив. – Побргу јас него го удрив, а не тој мене.

– Не, тој те удри тебе, а не ти него.

– Лажеш, уште и на нога му згазнав.

– Но тој те турна со рака и им нареди на слугите да те исфрлат . . . а таа седеше и гледаше од колата и ти се смееше – таа знае дека немаш татко и дека секој може да те навредува.

– Не знам, Ламберте, но ова е сега детски разговор од кој јас се срамам. Зборуваш само за да ме раздразниш и тоа толку грубо и отворено како да имам шеснаесет години. Си се договорил со Ана Андреевна! – извикав треперејќи од јад, а непрекинато пиев вино.

– Ана Андреевна е вештерка! Ќе ме наседне и мене, и тебе, и целиот свет! Те чекав, зашто ти можеш подобро да свршиш со неа.

– Со која?

– Со madame Ахмакова. Јас знам сè. Самиот ти ми рече дека таа се плаши од писмото кое е кај тебе . . .

– Какво писмо . . . што дрдориш . . . Си ја видел ли ти? – пелтечев јас збунето.

– Ја видов. Многу е убава. Très belle[1]), имаш вкус.

– Знам дека си ја видел, само не си се осмелил со неа да разговараш и сакам и да не се осмелиш да зборуваш за неа.

– Уште си детиште, а таа се подбива со тебе, да знаеш! Кај нас во Москва имаше една таква полна со благодети: ух, што беше го кренала носот, а кога ѝ се заканивме дека сè ќе раскажеме, целата затрепери и веднаш стана послушна; и така го добивме и едното и другото: и пари и она – знаеш веќе што. Таа сега пак игра улога на непристапна дама во отменото општество – пих, само да знаеш колку високо лета и каква

[1]) Многу убава!

занесуваше со таа идеја. Се разбира, го видов и тоа дека сака да ме фати во стапица како детиште (тоа сигурно го видов тогаш); но мислата за брак со неа толку ме обзеде целиот, што чудејќи му се на Ламберт како може да поверува во таква фантазија, во истиот момент веднаш поверував во неа, иако секој момент бев свесен дека тоа, се разбира, никако не може да се оствари. Сето тоа некако заедно се сложи.

– А дали е можно тоа? – промрморив.

– Зошто да не е ? Ќе ѝ го покажеш документот, таа ќе се исплаши и ќе појде за тебе, за да не ги загуби парите.

Решив да не го прекинувам Ламберта во неговите подмолни предлози, затоа што ги изложуваше пред мене толку простодушно што не ни насетуваше дека наеднаш можам да се побунам против тоа; но сепак промрморив дека не би сакал да се оженам сосила.

– Никако не сакам сосила; како можеш да бидеш таков подлец да си претставиш дека ќе се согласам со тоа?

– Ех, ех! Па таа самата ќе појде, ти нема да ја заплашиш: таа самата ќе се исплаши, па ќе појде за тебе. А ќе сака да појде за тебе уште и затоа што те сака! – се сети Ламберт.

– Лажеш. Ти ми се потсмеваш. Од каде знаеш дека ме сака?

– Безусловно. Знам. И Ана Андреевна така мисли. Потоа, кога ќе дојдеш кај мене, ќе ти кажам уште нешто, па ќе видиш дека те сака. Алфонсина беше во Царско Село; таа и таму се распрашувала . . .

– Што можела да чуе?

– Ајде кај мене: ќе ти раскаже таа самата, ќе ти биде мило да чуеш. А да не си ти полош од другите? Убав си, воспитан . . .

– Да, воспитан сум! – прошепотив одвај дишејќи. Срцето силно ми чукаше и, се разбира, не само од виното.

– Убав си, убаво се носиш.

– Да, убаво се носам.

– И добар си човек.

– Да, добар сум човек.

кола има – а да видеше само во каква визба се одигра сето тоа! Ти уште не го познаваш животот; кога би знаел од какви визби не се плашат тие. . .

– Така и мислев! – промрморив јас не сакајќи.

– Сосем се расипани; ти уште не знеш што се способни да направат! Алфонсина била во една таква куќа и просто ѝ станало гнасно.

– Така и си мислев! – пак потврдив.

– И тебе те тепаат, а ти уште ги жалиш . . .

– Ламберт, ти си никаквец, проклет да си! – викнав јас и наеднаш нешто ми стана јасно, па затреперив. – Сето тоа го видов на сон, тука стоевте, ти и Ана Андреевна . . . О, проклет да си! Зар мислиш дека сум јас таков подлец! Тоа и го видов на сон, зашто знаев дека ќе ми го кажеш. И најпосле, сето тоа не е толку просто за да можеш за сето тоа толку отворено и просто да ми зборуваш.

– Зошто се лутиш толку? Де-де-де! – се засмеа Ламберт ликувајќи. – Аркадиј, брате, сега дури знам сè што е потребно. Затоа и те чекав. Слушај, значи ти ја сакаш неа и сакаш да му се одмаздиш на Бјоринг, ете тоа ми беше потребно да знам. За сето време тоа го насетував чекајќи те тебе. Ceci posé, cela change la question[1]). Дотолку подобро, затоа што и´таа тебе те сака. Тогаш ожени се со неа, немој да се двоумиш, тоа е најдобро. А и што можеш да правиш друго; си го погодил она што треба. А потоа, Аркадиј, да знаеш дека имаше пријател – и тој сум јас – кого можеш да го јаваш. Тој пријател ќе ти помогне да се ожениш: земјата ќе ја свртам, драги Аркаша! А ти потоа за трудот ќе му дадеш на својот стар другар триесет илјади, нели? А јас ќе ти помогнам, во тоа не сомневај се. Во сите такви работи јас сум печен; ти ќе добиеш мираз, ќе станеш богат и ќе направиш кариера!

Иако ми се вртеше главата, сепак со чудење го гледав Ламберта. Беше сериозен, то ест не би се рекло дека е сериозен, туку и тој самиот, тоа јасно го видов, наполно веруваше во можноста да ме ожени и дури се

---

[1]) Кога ќе се постави тоа, прашањето се менува.

– Зошто, значи, да не се согласи? Ни Бјоринг не би ја зел без пари; а ти можеш да ја лишиш од пари – таа ќе се исплаши, ќе се ожениш, значи со неа со тоа ќе му се одмаздиш на Бјоринг. И самиот ми го раскажуваше ноќта кога премрзна дека е вљубена во тебе.

– Јас ли ти го раскажував тоа? Сигурно не сум ти рекол така.

– Рече токму така.

– Тоа беше во бунило. Веројатно тогаш сум ти рекол и за документот?

– Да, ми рече дека имаш едно писмо; а јас помислив: кога имаш писмо, зошто да не се искористи?

– Сето тоа е фантазија, Ламберте; не сум толку глуп да поверувам во тоа! – му одговорив јас. – Прво, постои голема разлика во годините, а второ, јас не сум од некое семејство.

– Сепак ќе појде за тебе; не може да не појде кога се во прашање толкави пари – ќе го уредам јас тоа. А покрај тоа, таа те сака. Ти знаеш, стариот кнез е многу добро расположен спрема тебе; знаеш какви врски можеш да добиеш со негова помош; а што се однесува до тоа дека не си од некое семејство, на тоа денеска не се гледа: кога ќе се допереш до парите сè ќе оди како подмачкано, а за десет години ќе станеш толкав милионер, што цела Русија ќе зборува за тебе, па зошто ти е тогаш потребно име? Во Австрија, ако сакаш, можеш да купиш баронство. А кога ќе се ожениш, добро да ги држиш уздите. Тие треба добро да се притегнат! Кога го сака мажот, жената сака да е во цврста рака. Жената кај мажот го сака карактерот. И штом ќе ја уплашиш со писмото, веќе си ѝ го покажал карактерот. „А – ќе рече – иако е млад, сепак има цврст карактер.“

Седев како замелушен. Со никој друг никогаш не би се впуштил во таков разговор. Но овде ме тераше некоја слатка желба. Освен тоа, Ламберт беше толку глуп и никаквец, што не можев да се срамам од него.

– Слушај, Ламберте, – му реков – зборувај ти што сакаш, но тука има многу глупости; разговарав со тебе поради тоа што сме другари, па нема зошто да се срамиме; но со друг за ништо не би се понижил. И,

што е најглавно, врз основа на што тврдиш дека таа ме сака? Точно е тоа што го рече пред малку за парите; но, гледаш, Ламберте, ти уште не го познаваш отменото општество; кај нив сè станува врз патријархални, тукуречи семејни односи, така што нејзе засега, додека уште не ги знае моите способности и што можам да постигнам во животот, сепак ќе ѝ биде срам. Но нема да кријам од тебе, Ламберте, навистина има една работа која дава некои надежи. Еве: таа би можела да појде за мене од благодарност, затоа што тогаш јас би ја спасил од омразата на еден човек. А таа се плаши од него, се плаши од тој човек!

– Ах, ти мислиш на татко ти? Слушај, зар тој толку ја сака? – праша Ламберт необично љубопитно.

– О, не! – одговорив јас. – Колку си страшен, Ламберте и глуп во исто време! Па, зар би можел јас, кога би ја љубел тој, да сакам да се оженам со неа? Ние сме сепак татко и син, тоа би било срамно! Тој ја љуби мајка ми, само мајка ми, видов дека ја прегрна. Но порано и јас мислев дека тој ја љуби Катерина Николаевна; а сега дознав точно дека можеби некогаш ја љубел, а сега веќе одамна ја мрази . . . и сака да се одмазди, а таа се плаши од него . . . Се плаши од него, да ти кажам Ламберт, зашто тој е ужасно суров кога сака да се одмазди. Просто полудува. Кога поради неа ќе се налути, готов е на сè. Тоа е непријателство како оние што постоеле во времето на возвишените принципи. Денеска веќе никого не го интересираат општите принципи; во денешно време нема општи принципи, постојат само поединечни случаи. Ах, Ламберте, ти ништо не разбираш. Ужасно си необразован. Се сеќаваш ли кога ме тепаше? Сега сум посилен од тебе – знаеш ли?

– Аркашка, ајде да одиме кај мене дома! Ќе ја поминеме вечерва заедно, ќе испиеме уште едно шише, а Алфонсина ќе ни пее во придружба на гитара.

– Не, не ми се иде. Слушај, Ламберте, јас имам своја „идеја“. Ако ова не се оствари и не се оженам, ќе живеам само за мојата идеја; а ти немаш идеја.

– Убаво, убаво, ќе ми раскажуваш, ајде да одиме.

– За ништо на светов не идам кај тебе! – му реков решително и истрезнето, гледајќи го подбивно и туркајќи го со рака.

– Ајде, ќе ѝ речам на Алфонсина да ни свари чај, ајде!

Беше уверен дека не ќе можам да му се оттргнам; ме фати и ме придружуваше со наслада, токму како онаа вечер и во таква состојба! Подоцна ќе објаснам зошто.

– Не ми се иде! – му реков повторно. – Еј, кочијашу!

Само што се појави една санка јас скокнав во неа.

– Каде ќе одиш? Што ти е? – викаше Ламберт во ужасен страв, држејќи ме за бундата.

– Да не дојдеш по мене! – му се заканив јас. – Немој да ме бркаш.

Во истиот момент санката тргна и мојата бунда се истргна од Ламбертовите раце.

– Сеедно, ќе дојдеш! – викна тој налутено по мене.

– Ќе дојдам кога ќе сакам – ако имам волја! – му одговорив од санката.

II

Не појде по мене само поради тоа што не најде веднаш друга санка, па успеав да му се скријам од пред очи. Сѐ довезов до Сенскиот плоштад, таму слегов и`го пуштив кочијашот. Ужасно ми се одеше пеш. Не чувствував ни дека сум изморен ни пијан, бев само многу весел; наиде прилив на сила, некоја необична способност за секаков потфат и безбројни пријатни мисли во главата.

Срцето ми чукаше засилено и цврсто, така што го слушав секое негово отчукување. И сѐ ми беше толку убаво, толку лесно. Кога минував покрај воениот затвор на Сенскиот плоштад, имав ужасно силна желба да му пристапам на стражарот и да го бакнам. Дуваше југ, плоштадот целиот поцрнел и смрдеше, но и тој многу ми се допадна.

,,Сега ќе одам на Обуховски проспект! – си ми-

– Не идам! – му реков и станав. – Нема да дојдам и не сакам да дојдам. Кај тебе ќе дојдам другпат, но ти си никаквец. Ке ти дадам триесет илјади рубли, добро, но од тебе сум почист и повисок ... Гледам јас дека во сè сакаш да ме измамиш. А ти забранувам да мислиш за неа, таа е повисока од сите, а твоите планови се толку нечиста работа, што просто ме изненадуваш, Ламберте. Сакам да се оженам – тоа е добра работа, но не ми се потребни пари, ги презирам парите. Не би ги зел ни кога таа на колена би ме молела да ги земам ... А да се оженам, да се оженам, тоа е нешто друго. И она добро го рече: дека треба да се држат цврсто. Да љубиш, страсно да љубиш, со великодушноста на еден маж, која жените никогаш не можат да ја имаат, но да бидеш деспот – тоа е точно, Ламберте, затоа што жената го сака деспотизмот. Ти, Ламберте, ги познаваш жените. Но си неверојатно глуп во сè друго. И, знаеш, не си баш сосем одвратен, како што изгледаш, ти си само едноставен. Те сакам. Ах, Ламберте, зошто си таков ајдук? Толку весело би живееле. Знаеш, Тришатов е симпатичен.

Последниве реченици ги изговорив без врска кога веќе бевме излегле на улица. А, еве, ова го спомнувам до ситници, за да види читателот дека и покрај сето воодушевување и покрај сите заклетви и ветувања ќе се преродам и дека ќе ја барам убавината и колку лесно можев да западнам во таква кал! И се колнам, кога не би бил наполно уверен дека сега веќе не сум оној истиот и дека во практичниот живот веќе сум го изградил својот карактер, за ништо на светов не би му го признал сево ова на читателот.

Излеговме од дуќанот; Ламберт ме придружуваше опфаќајќи ме лесно со раката. Јас го погледнав и го забележав во неговиот поглед, неговиот решителен, внимателен, страшно љубопитен и наполно трезвен израз што го имаше и она утро кога премрзнав и кога ме возеше во кола, исто вака опфаќајќи ме со раката; и ги слушаше, и со ушите и со очите, моите неврзани реченици. Кај напиените луѓе, кои уште не се наполно пијани, има моменти кога можат сосем да се истрезнат.

слев во себеси. – Потоа ќе свртам налево и ќе излезам на Семјоновски полк; малку заобиколувам, колку е тоа прекрасно; сè е прекрасно! Ја раскопчав бундата – зошто никој не ми ја симнува, каде се крадците? Велат дека на Сенскиот плоштад има крадци; нека дојдат, можеби и ќе им ја дадам бундата. Зошто ми е бундата? Бундата е сопствена. La propriéte, c'est le vol[1]). Впрочем, ваква глупост, и колку е сè убаво. Убаво е што е разјужено. Зошто ни е зимата? Зимата ни малку не е потребна. Убаво е да се дрдорат и глупости. Што ли му реков на Ламберта за принципите? Му реков дека нема општи принципи, туку дека само постојат одделни случаи; тука го излажав, суперизлажав. И тоа намерно го сторив, за да се направам важен. Малку ми е срам, впрочем ништо за тоа, ќе поправам. Не срамете се, Аркадиј Макарович, не мачете се поради тоа. Аркадиј Макарович, вие ми се допаѓате. Дури многу ми се допаѓате, млад мој пријателе. Штета само што сте мало ајдуче . . . И . . . и . . . ах, да . . . ах!"

Наеднаш застанав, и срцето ми истрпна од восхитување:

– Боже, што рече тој? Ми рече дека таа ме сака. О, тој е никаквец, многу лаже; тоа ми го рече само за да отидам кај него да ноќевам. А можеби и не затоа. Рече дека и Ана Андреевна така мисли . . . Ами! А би можела и Настасја Егоровна по нешто да испита, таа насекаде се мотка . . . А зошто не отидов кај него? Сè би дознал! Хм! Тој има план, а јас сето тоа до ситница однапред го почувствував. Сон. Добар ви е планот, господине Ламберте, само се лажете, нема да биде така. А можеби и ќе биде! Зар би можел да ме ожени? Можеби и може. Наивен е, па верува. Глуп е и дрзок, како сите деловни луѓе. Глупоста, и дрскоста, кога ќе се сложат, голема сила се. Но признајте, Аркадиј Макарович, дека сепак се плашевте од Ламберта! И зошто му се нему чесни луѓе? Ми рече сосем сериозно: „Овде нема ни еден чесен човек?" А кој си ти? Но што зборувам јас тоа! Зар и на подлеците не им се

---

[1]) Сопственоста, тоа е кражба.

потребни чесни луѓе! За ајдучки работи потребни се чесни луѓе повеќе од каде и да било! Ха, ха! Аркадиј Макарович, тоа вие во вашата преголема невиност до денес уште не го знаевте. Господи! Ако навистина ме ожени со неа?

Пак застанав. Овде морам да признаам една глупост (зашто тоа одамна минало) дека уште многу пред тоа сакав да се женам – то ест не сакав и тоа никогаш немаше да се случи (а нема ни во иднина да се случи, давам збор), но не еднаш, и уште одамна пред тоа – ужасно многу, особено секоја ноќ пред да заспијам – фантазирав колку би било убаво да се оженам. Тоа почна кај мене уште во шеснаесеттата година. Имав во гимназијата еден другар, мој врсник, Лавровски, кој беше симпатичен, тивок, убавичок момчак и кој, впрочем, со ништо друго не се одликуваше. Со него речиси никогаш не разговарав. Еднаш така седевме еден покрај друг, сами, тој беше многу замислен, па наеднаш ми рече: „Ах, Долгоруки, што мислите, кога би можеле сега да се ожениме; навистина, кога да се ожениме, ако не сега, сега е најубавото време, па сепак сега воопшто не е возможно!" Тоа го кажа толку отворено. И јас во тоа од сè срце се сложив, затоа што и самиот копнеев по тоа. Подоцна се состанавме неколку дена едноподруго и постојано за тоа тајно разговаравме, и само за тоа. Потоа се разделивме. Ете уште оттогаш почнав да сонувам за женачка. Ова, се разбира, не вредеше да се спомнува, но сакав да покажам дека тоа понекојпат потекнува оддалеку . . .

„Има само една сериозна забелешка! – продолжив да фантазирам одејќи понатаму. – О, се разбира, ништожната разлика во нашите години не претставува пречка, туку ова: таа е аристократка, а јас сум просто Долгоруки! Многу лошо! Хм! Зар не би можел Версилов, кога ќе се венча со мајка ми, да бара од власта дозвола да ме посини . . . со оглед на заслугите на татко ми, на пример . . . Бил во државна служба, имал, значи, и заслуги; бил мировен судија . . ." О, по ѓаволите каква гадост!

Го реков тоа наеднаш и по третпат застанав, но

сега како здробен наместо. Болно чувство на понижување при помислата дека можев да посакам таков срам како што е промена на презимето преку посинување – тоа предавство на целото мое детство, тоа в миг го уништи сето мое поранешно расположение и целата моја радост се растури како чад. „Не, тоа нема никому да му го кажам, – си помислив ужасно поцрвенувајќи; – толку ниско можев да паднам само затоа што сум . . . вљубен и глупав. Да, ако Ламберт има во нешто право, тоа е во тоа што денеска не се бараат сите тие глупости, туку дека сега, во овој наш век, е главното самиот човек, а потоа неговите пари. То ест, не парите туку моќта. Со таков капитал ќе се фрлам на остварувањето на својата „идеја“ и цела Русија ќе зборува по десет години и ќе им се одмаздам на сите. А со неа не треба церемонија, тука пак има право Ламберт. Ќе се исплаши и веднаш ќе појде за мене. Ќе се согласи на најпрост и на најбеден начин и ќе појде за мене.“ „Да знаеш само во каква визба се одигруваше тоа!“ – ми дојдоа на ум Ламбертовите зборови од пред малку. „Да, да – потврдував – Ламберт има право во сè, илјадапати повеќе има право и од мене и од Версилов и од сите идеалисти. Тој е реалист. Таа ќе види дека имам карактер!“ Ламберт е подлец и сака само да ми смота триесет илјади, но сепак тој ми е единствен пријател. Поинакво пријателство и нема, ниту може да има; сето тоа го измислиле непрактичните луѓе. А неа јас дури не ја ни понижувам; зар ја понижувам? Ни малку – сите жени се такви! Зар има жена која не е подла? Затоа е и потребно над себе да има маж, поради тоа и е создадена како потчинета. Жената е порок и соблазнување, а човекот благородност и великодушност. Така ќе биде секогаш и довека. А тоа што се готвам да го употребам „документот“, тоа не е ништо: Тоа не ми пречи да бидам и благороден и великодушен. Шилеровите идеални луѓе не постојат, тие се измислени. Не пречи воопшто малку извалканост, ако е целта возвишена! Подоцна сето тоа ќе се измие, се ќе се измазни. Сега е тоа само ширина на душата, живот, само животна вистина – така се вика тоа денеска!

И пак повторувам: нека ми биде простено што овде го приведувам во подробности сето она што тогаш го бладав во пијанство. Се разбира, ова е само извод од моите тогашни мисли, но ми се чини, дека токму со овие зборови зборував. Морав да ги приведам, зашто седнав да пишувам за да си судам себеси. А што би било повеќе за осуда од ова? Зар во животот има нешто сериозно? Виното не може да ме оправда. In vino veritas.[1])

Во такво фантазирање, целиот потонат во фантазија, не ни забележав дека сум дошол дома, то ест до станот на мајка ми. Не го забележав дури ни тоа – дека сум влегол во станот. А штом влегов во нашето мало претсобје, почувствував дека се случило нешто необично. Во собите се слушаше гласен разговор и викање, а мајка ми плачеше. На вратата за малку што не ме собори Лукерја, која од собата на Макар Иванович, брзо дотрча во кујната. Ја слеков бундата и влегов во собата на Макар Иванович, затоа што сите беа собрани таму.

Таму беа Версилов и мајка ми. Мајка ми беше во негова прегратка, тој цврсто ја притискаше на градите. Макар Иванович, како и обично, седеше на својата клупа, но некако премален, така што Лиза со мака го придржуваше за рамениците да не падне; се гледаше дури дека тој сè повеќе се наведнуваше да падне. Брзо пристапив чекор поблиску, се стресов и сфатив: старецот умрел.

Штотуку умрел, неколку мига пред моето доаѓање. Пред десет минути се чувствувал како секогаш. Со него била само Лиза; седела крај него и му раскажувала за својата мака, а тој како и вчера ја галел по главата. Наеднаш целиот затреперил (раскажуваше Лиза, сакал да стане, да викне и потоа без збор почнал да паѓа на левата страна. „Срцев удар!“ – рекол Версилов. Лиза вриснала така што чула целата куќа; и така сите се собрале – и сето тоа се случило неколку мига пред моето доаѓање).

– Аркадиј! – ми рече Версилов – веднаш отрчај по

---

[1]) Во виното е вистината.

Татјана Павловна. Таа е сигурно дома. Замоли ја веднаш да дојде. Земи кола. Побрзај те молам!

– Очите му светеа – за тоа добро се сеќавам. На лицето не му забележував никаков знак на вистинска жалост, солзи – плачеа само мајка ми, Лиза и Лукерја. Напротив, и тоа многу добро го запомнив, лицето му изразуваше некакво необично возбудување, речиси занес. Отрчав по Татјана Павловна.

Како што е отпорано познато, до Татјана Павловна не беше далеку. Кола не зедов, туку целиот пат го минав со трчање. Во главата ми беше хаос, но и нешто слично на воодушевување. Ми беше јасно дека се случило нешто пресудно. Се истрезнив наполно, пијанството исчезна до последната капка, а заедно со него и сите неблагородни мисли, кога заѕвонив кај Татјана Павловна.

Финката ми рече: „Не е дома!“ – и веќе сакаше повторно да ја затвори вратата, но јас се впикав насила во претсобјето:

– Како не е дома? Тоа не може да биде! Макар Иванович умре!

– Што-о! – веднаш се чу гласот на Татјана Павловна низ затворената врата од нејзиниот салон.

– Умре! Макар Иванович умре! Андреј Петрович ве моли веднаш да дојдете!

– Само дрдориш што било! . . .

Бравата штракна, но вратата само малку се подотври:

– Што станало, кажи!

– Не знам ни јас, кога се вратив дома, веќе беше мртов. Андреј Петрович вели: срцев удар!

– Веднаш ќе појдам, уште во овој момент. Трчај, кажи им дека ќе дојдам – оди, оди, оди! Но, што чекаш уште?

Јас јасно видов низ подотворената врата дека некој излезе од онаа страна на завесата на вратата зад која стоеше креветот на Татјана Павловна и дека сега стоеше во длабочината на собата, зад Татјана Павловна. Махинално, инстинктивно ја фатив рачката и не ѝ дозволив повеќе на Татјана Павловна да ја затвори вратата.

– Аркадиј Макарович! Навистина ли умрел? – го чув познатиот тивок, мелодичен метален глас, од кој во мојата душа веднаш сѐ затрепери: во нејзиното прашање се чувствуваше дека нешто проникнало и ја возбудило нејзината душа.

– Штом е така – рече Татјана Павловна и ја пушти наеднаш вратата – штом е така, гледајте сега самиот што ќе правите. Сами го сакавте тоа.

Таа брзо истрча од станот, фрлајќи ја во трк на себе шамијата и бундата и слезе по скалите. Ние останавме сами. Јас ја слеков бундата, влегов и ја затворив вратата. Таа стоеше пред мене како тогаш, за време на онаа средба, со светло лице, светол поглед и, како тогаш, ми ги подаваше обете раце. Како да ме пресече нешто, јас буквално паднав пред нејзините нозе.

III

Почнав да плачам, не знам зошто; не се сеќавам ни како ме смести да седнам покрај неа; се сеќавам само, и тој спомен ми е бескрајно мил, дека седевме еден покрај друг, со рака во рака и дека живо разговаравме. Таа се распрашуваше за старецот и за неговата смрт, а јас ѝ раскажував за него – така што можеше да изгледа дека плачев за Макар Иванович, што би било наполно бесмислено; и јас знам дека таа никако не би можела да претпостави таква детска баналност кај мене. Најпосле, се прибрав и ме обзеде срам. Сега мислам дека тогаш плачев само заради возбудувањето и уверен сум дека и таа тоа добро го знаеше, така што во врска со тој спомен сум спокоен.

Наеднаш ми стана чудно зашто таа толку се распрашува за Макар Иванович.

– Зар го познававте? – прашав зачуден.

– Одамна. Никогаш не сум го видела, но сепак играше улога во мојот живот. За него во свое време многу ми раскажуваше човекот од кого се плашам. Вие знаете кој е тој човек.

– Јас само знам дека „тој човек“ бил многу по-

блиску до вашата душа отколку што ми признавте порано! – ѝ реков ни сам не знаејќи што сакав со тоа да изразам, но тоа го реков како со прекор и целиот намуртен.

– Велите дека пред малку ја бакнал вашата мајка? Дали ја прегрна? Со свои очи ли го видовте тоа? – продолжи таа да се распрашува не слушајќи ме.

– Да, видов; и верувајте сето тоа беше наполно искрено и великодушно! – побрзав да ѝ потврдам, гледајќи дека ѝ е тоа мило.

– Господ да му е на помош! – се прекрсти таа. – Сега е слободен. Тој прекрасен старец само го оневозможуваше неговиот живот. Со неговата смрт во него повторно ќе оживи чувството за должност и ... достоинство, како порано. О, тој е пред сè великодушен, ќе го смири срцето на вашата мајка која ја сака повеќе од сè на светот и ќе се смири најпосле и самиот, а и време е, фала му на бога.

– Вие го сакате ли?

– Да, многу го сакам, иако не во онаа смисла во која тој би сакал и во која вие ме прашувате.

– Дали вие сега се плашите за него или за себе? – ја прашав наеднаш.

– Е, тоа се тешки прашања, да ги оставиме.

– Добро, да ги оставиме; само, за сето тоа јас ништо не знаев; можеби премногу е тоа што не го знаев. Но имате право, сега почнува сè одново; и ако некој воскреснал, тоа сум јас на прво место. Катерина Николаевна, јас згрешив спрема вас што грешно мислев и можеби пред еден час направив една нискост спрема вас и на дело, но да знаете, сега еве седам покрај вас и не чувствувам никакво гризење на совеста. Поради тоа што сега сè исчезна и што сè почнува одново; а тој човек; кој пред еден час смислуваше некои работи против вас, повеќе не го познавам и не сакам да знам за него.

– Разбудете се, – се насмевна таа – вие како да бладате малку.

– А зар може човек да си суди себеси покрај вас? – продолжив јас. – Било да е чесен, или никаквец –

вие секогаш сте недостижна како сонцето ... Кажете ми, како можевте сега така да ме пречекате, по сè она што стана? Само да знаете што се случи пред еден час! И каков сон се исполни!

– Изгледа дека знам сè! – се насмевна таа тивко. – Сигурно сакавте да ми се одмаздите поради нешто, сте се заколниле дека ќе ме упропастите; а притоа, по сè изгледа, би сте го убиле или претепале секој што би се осмелил пред вас да изговори макар еден лош збор за мене.

Ох, таа се смешкаше и шегуваше, но тоа го правеше само заради својата бескрајна добрина, затоа што целата душа во тој момент ѝ беше полна, како што утврдив подоцна, со големи лични грижи и со толку цврсто и силно чувство, што со мене разговараше и ми одговараше на моите ништожни, здодевни прашања онака како што му се одговара на мало дете на непрекинатите прашања, нема ли да престане веќе еднаш. Тоа ми беше јасно и ме обзеде срам; но сепак не можев да се запрам.

– Не, – реков, не владеејќи повеќе со себеси – не, не го убив оној кој зборуваше за вас лошо, напротив, дури му одобрував!

– О, живи бога, немојте, не е потребно, не зборувајте ништо! – рече таа и ја пушти раката за да ме задржи, дури со некаква болка на лицето, но јас веќе скокнав од местото и застанав пред неа за да ѝ раскажам сè; и да ѝ кажев тогаш сè, не би се случило она што се случи подоцна, затоа што по сè изгледа би се завршило со тоа што јас би ѝ признал сè и би ѝ го вратил нејзиното писмо. Но таа наеднаш се насмеа:

– Не треба, не треба ништо, никакви подробности! Знам јас за вашите злосторства: да се обложиме, сте сакале да се ожените со мене, или нешто слично, и пред малку уште за тоа сте се договарале со некого од вашите помошници, вашите школски другари ... Ах, изгледа дека сум погодила! – извика таа сериозно гледајќи го моето лице.

– Како ... како погодивте? – пропелтечив јас, страшно вчудовиден, како некој глупак.

– Тоа не е тешко! Но доста, доста со тоа! Ви про-

ступвам, само престанете со тоа! – мавна таа пак со раката, веќе со очигледна нестрпливост. – И јас самата фантазирам и кога би знаеле што создавам во фантазијата, кога ја пуштам слободно! Доста; само ме одвлекувате настрана. Мило ми е што излезе Татјана Павловна; многу сакав да ве видам, а пред неа не би можеле вака да разговараме. Ми се чини дека згрешив спрема вас поради она што се случи. Вистина ли е? Така ли е?

– Вие ли сте згрешиле спрема мене? Па јас тогаш ве издадов кај н е г о и – што можевте да помислите за мене? За тоа мислев за сето ова време, секој ден оттогаш, секоја минута, мислев и чувствував. (Не ја лажев).

– Залудно сте се мачеле, зашто јас уште тогаш добро разбрав како се случи тоа: сте му раскажале во својата радост дека сте вљубен во мене и дека ... дека јас сум ве ислушала. Не е чудно, имате дваесет години. А вие го сакате повеќе од сè на светов, во него барате пријател, идеал! Тоа ми стана јасно, но малку доцна. Да, тогаш јас бев виновна; требаше да ве викнам кај мене и да ве смирам; но се налутив, па замолив да не ве примаат повеќе дома; така тогаш се случи и онаа сцена пред куќата, а потоа онаа ноќ. А знаете ли дека и јас за сето ова време, како вас фантазирав за тоа да се видам со вас, скришно, само не знаев како да го уредам тоа. А што мислите од што се плашев најмногу? Најмногу се плашев од тоа дали ќе поверувате во сето она што ќе ви го каже тој против мене.

– Никогаш! – извикав јас.

– Мили ми беа нашите поранешни состаноци; јас во вас гледав еден мил момчак и можеби ова е и искреност ... Јас имам многу сериозен карактер. Јас имам најсериозен и најмрачен карактер, меѓу сите современи жени, да знаете .. ха, ха, ха! Ќе има уште да разговараме, а сега сум малку надвор од себеси, возбудена сум и ... изгледа дека имам хистеричен напад. Но најпосле, најпосле тој, веројатно, ќе ме остави да живеам?

Овие зборови ѝ се истргнаа неочекувано; тоа вед-

наш ми беше јасно; не сакав да зборувам за тоа, но целиот затреперив.

– Тој знае дека сум му простила! – рече таа пак, како сама за себе.

– Зар можевте да му го простите писмото? И како може тој да знае дека сте му простиле? – не можев да се воздржам да не ја прашам.

– Како знаел? О, тој знае! – продолжи таа да ми одговара, но со таков израз како да ме заборави мене и како да зборува сама со себе. – Му се отворија очите. А како нема да знае дека сум му простила, кога напамет ја знае мојата душа? Знае тој добро дека сум и јас по малку од неговиот сој!

– Вие ли?

– Да, и тој го знае тоа. О, јас не сум страсна, јас сум мирна; но и јас би сакала, како него, сите луѓе да бидат добри . . . Морало да има нешто поради што ме засакал.

– А зошто тогаш зборуваше дека ги имате сите пороци?

– Тоа само го зборувал, и во себе, тајно, друго мислел. А нели, неговото писмо беше ужасно смешно напишано?

– Смешно?! (Слушав јас многу напрегнато; мислам дека навистина беше во хистерија, да не го зборуваше сето тоа, заради мене; сепак не можев да се совладам и понатаму да не ја испитувам).

– О, да, смешно; и токму би се смеела да не се . . . плашев толку. Впрочем, не сум јас толку страшлива, немојте да мислите; но поради тоа писмо јас ноќе не спиев; беше напишано како со некаква болна крв . . . а по тоа писмо, уште што останува? Го сакам животот, ужасно се плашам за мојот живот, во тој поглед сум страшно малодушна . . . Ах, слушајте, – се сепна наеднаш – одете кај него! Тој е сега сам, сигурно не е постојано таму, по сè изгледа дека излегол некаде, сам. Пронајдете го што поскоро, бездруго, што поскоро, отрчајте до него, покажете му дека сте син, што го сака, докажете дека сте симпатично и добро момче, мој студент кого јас . . . О, нека ви даде господ среќа! Јас никого не сакам и тоа е најдобро; но на сите ви

пожелувам среќа, на сите, а пред сè нему и нека го знае тоа . . .уште овој момент, тоа би ми било многу пријатно . . .

Потоа стана и исчезна зад завесата; на лицето во тој момент ѝ светнаа солзи (хистерични солзи, по смеењето). Останав сам, возбуден и збунет. Никако не можев да разберам зошто беше толку возбудена, што кај неа никогаш не можев ни да го претпоставам. Нешто како да ми се стутка во срцето.

Почекав пет минути, па и десет; ме изненади длабоката тишина во станот, па решив да погледнам низ вратата и да викнам. Ми се одзва Марија и ми соопшти со најмирен глас дека госпоѓата веќе одамна се облекла и излегла од споредниот излез.

СЕДМА ГЛАВА

I

Уште само тоа требаше. Јас дофатив бундата ѝ облекувајќи ја во одење, истрчав надвор со мислата: „Ме молеше да одам кај него; но каде да го најдам?“

Но покрај сè друго ме вчудовидуваше прашањето: „Зошто таа мисли дека сега настанала промена и дека тој ќе ѝ даде мир? Се разбира, затоа што ќе се ожени со мајка ми. Но што има таа со ова? Дали се радува што ќе се ожени тој со мајка ми, или е, напротив, поради тоа несреќна? Дали е поради тоа во хистерична состојба? Зошто не можам да си го објаснам тоа?

Ја приведувам оваа втората мисла што ми светна тогаш во главата, токму за да се запомни, зашто е многу важна. Таа вечер беше судбоносна. Човек и не сакајќи мора да верува во судбината; не поминав ни сто чекори во правец на станот на мајка ми, кога се сретнав со оној што го барав. Ме фати за рамото и ме запре!

– Тоа си ти! – извика радосно и, во исто време, како со најголемо изненадување. – Замисли, бев во твојот стан, – рече тој живо – те барав, прашав за тебе, потребен си ми сега, само ти во целата вселена! Твојот станодавач што ли не ми раскажа; но бидејќи те немаше, си отидов, дури заборавив да ги замолам да ти кажат веднаш брзо да дојдеш кај мене – и што мислиш? Сепак јас одев со непоколебливо уверување дека судбината ќе мора да те испрати кај мене сега кога си ми многу потребен – и, ете, најнапред тебе те

сретнав! Ајде кај мене. Ти никогаш не си бил кај мене.

Со еден збор, обајцата се баравме, на секого од нас му се случи нешто слично. Тргнавме мошне брзо.

Патем тој ми проговори само неколку зборови за тоа дека мајка ми ја оставил со Татјана Павловна итн. Ме држеше за рака и ме водеше. Неговиот стан не беше далеку, па стигнавме брзо. Навистина, никогаш не сум бил во неговиот стан. Тоа беше мал стан од три соби, што го зел под кирија (или, поточно, го зела под кирија Татјана Павловна) само поради она „доенче". Овој стан во почетокот беше под надзор на Татјана Павловна и во него живееше негувателката со детето (а сега и Настасја Егоровна); но секогаш останувашe и една соба за Версилов, и тоа првата, влезната соба, доста пространа и наместена мошне вкусно и со мек мебел еден вид кабинет за читање и пишување. Навистина, на масата, во шифоњерот и на полиците имаше многу книги (кои во станот на мајка ми речиси и ги немаше); стоеја испишани хартии, врзани снопчиња писма – со еден збор; сè даваше изглед на просторија во која одамна се живее; и знам дека Версилов и порано (иако мошне ретко) одвреме навреме сосем се преселуваше во овој стан и во него останувашe со недели. Прво на кое се задржа моето внимание беше портретот на мајка ми, кој висеше над масата за пишување, во раскошна рамка од скапоцено дрво во резба – фотографијата снимена, се разбира, во странство и, судејќи по нејзината необична големина, многу скапа. За овој портрет порано не знаев ниту сум слушал нешто и, што е главно, ме изненади на фотографијата необичната сличност; со еден збор, како да беше тоа вистински отисок. Штом влегов и не сакајќи се задржав пред него.

– Кажи, нели? Кажи, нели? – рече двапати Версилов.

То ест: „Нели е добро погодена?" Се свртив кон него и се изненадив гледајќи го изразот на неговото лице. Беше малку блед, но со пламенен, напрегнат поглед, кој сјаеше од некаква среќа и сила: таков израз кај него воопшто не бев видел.

– Не знаев дека толку ја сакате мајка ми! – одсеков јас наеднаш восхитен.

Тој блажено се насмевна, иако во неговата насмевка имаше и нешто страдалничко или, подобро речено, нешто хумано, повисоко . . . не умеам тоа да го изразам; луѓе со висока интелигенција, впрочем, како што ми се чини мене, не можат да имаат свечен и победоносно среќен израз на лицето. Не одговарајќи ми ништо, тој го симна од ѕидот портретот со обете раце го приближи кон себе, го бакна и потоа полека пак го закачи на местото.

– Запомни, – рече тој – фотографските снимки ретко некогаш излегуваат слични, и тоа е разбирливо: и самиот оригинал, то ест сите ние, ретко некогаш сме слични на себеси. Само во ретки моменти човечкото лице ја изразува својата главна црта, својата карактеристична мисла. Уметникот го проучува лицето и ја погодува таа главна мисла, иако во моментот додека слика неа воопшто и ја нема. А фотографот го снима човекот онака каков што е и сосем е можно Наполеон во еден момент да испадне глуп, а Бизмарк нежен. Овде, на овој портрет, сонцето како нарочно, ја осветлило кај Соња нејзината главна особина – срамежливата, кротка љубов и нејзината по малку дива, плашлива невиност. Колку беше среќна кога, најпосле се увери дека толку сакам да го имам нејзиниот портрет! Иако оваа снимка не е направена одамна, сепак таа тогаш беше помлада и поубава; меѓутоа, и тогаш веќе ги имаше тие пропаднати образи, тие брчки на челото, таа плашлива срамежливост во погледот, што кај неа секоја година ја има сè повеќе – колку понатаму, толку повеќе. Верувај ми, драги мој, речиси не ни можам да ја замислам сега со друго лице. А таа некогаш беше млада и прекрасна. Русинките брзо стануваат грди, нивната убавина пролетува брзо и, да ти кажам, тоа не е само поради етнографските типски особини, туку уште и поради тоа што љубат нештедливо. Русинката жртвува сè кога ќе засака некогои тој момент, и целата судбина, и сегашноста и иднината; не умеат да економизираат, не чуваат за резерва и затоа нивната убавина се потрошува за оној кого го

сакаат. Овие пропаднати образи, тоа е една таква убавина, која ми е дадена мене, за мое кратко уживање. Тебе ти е мило што сум ја сакал твојата мајка; ти можеби не си ни верувал дека сум ја сакал? Да, драги пријателе, многу ја сакав, но, освен зло, ништо не ѝ донесов . . . Еве, имам и еден друг портрет – погледај го и него.

Го зеде од масата и ми го даде. И тоа беше фотографија, со неспоредливо помал формат, во тенка, валчеста дрвена рамка – лице на девојка, слабо и суво и, покрај сето тоа, прекрасно; замислено, и во исто време неверојатно лишено од секаква мисла. Цртите правилни, тип однегуван низ поколенија, но сепак остава тежок впечаток: се чувствуваше дека со таа личност наеднаш завладеала некаква незадолжлива мисла, која ја мачеше токму со тоа што беше над нејзините сили.

– Тоа ли е . . . таа девојка со која сте сакале таму да се ожените и која умрела од туберкулоза . . . н е ј з и н а т а паштерка? – проговорив јас малку стеснувајќи се.

– Да, со неа сакав да се оженам, умре од туберкулоза, н е ј з и н а паштерка. Знаев дека ти се познати . . . сите тие сплетки. Впрочем, освен сплетки друго не си ни можел да знаеш. Остави го портретот, драги пријателе; таа е само една полудена несреќница и ништо повеќе.

– Наполно полудена?

– Или идиотка; впрочем, мислам дека беше луда. Имаше дете со кнезот Сергеј Петрович (од лудило, а не од љубов: тоа е најподлата постапка на кнезот Сергеј Петрович); детето е сега овде, во онаа соба и веќе одамна сакав да ти го покажам. Кнезот Сергеј Петрович не смееше да доаѓа вамy за да го гледа детето; така се договорив со него уште во странство. Го зедов детето кај мене со дозвола од твојата мајка. Со дозвола од твојата мајка сакав тогаш и да се оженам со таа . . . несреќница . . .

– Зар е можна таква дозвола? – го прашав возбудено.

– О, да! Ми дозволи: жените се љубоморни на жени, а таа не беше жена.

– Не беше жена за целиот свет, освен за мајка ми! Никогаш нема да поверувам дека мајка ми не била љубоморна! – реков јас.

– Имаш право. Тоа го забележав дури откако сѐ беше свршено, то ест откако дозволи. Но остави го тоа. Работата не се изведе поради смртта на Лидија; а можеби немаше да биде и да останеше жива; твојата мајка уште ни денеска не ја пуштам кај детето. Тоа е само една епизода. Драги мој, одамна те чекав овде. Одамна си фантазирав дека ќе се состанеме овде; знаеш ли колку одамна? Веќе две години фантазирам.

Ме погледна искрено и интимно, предано и топло. Го фатив за рака:

– Зошто тогаш сте се двоумеле, зошто одамна не сте ме викнале?

Во тој момент го внесоа самоварот, а Настасја Егоровна го донесе детето што спиеше.

– Погледни го, – рече Версилов – го сакам, наредив сега да го донесат, нарочно, за да го видиш и ти. Добро, однесете го пак, Настасја Егоровна. Седи кај самоварот. Ќе си замислам дека вечно вака со тебе сум живеел и дека секоја вечер сме ја поминувале заедно, не разделувајќи се од тебе. Остави ме да те видам; седи вака да ти го гледам лицето. Колку го сакам тоа твое лице! Како сум го замислувал твоето лице додека те чекав од Москва! Прашуваш зошто одамна не сум те повикал. Чекај, можеби дури сега ќе ти биде јасно.

– Дали, смртта на оној старец сега ви го одврза јазикот? Тоа е чудно . . .

Но, иако го реков тоа, го гледав со многу љубов. Разговаравме како двајца пријатели, во повисока и полна смисла на зборот. Ме доведе ваму да ми објасни нешто, да ми раскаже, да се оправда; меѓутоа, и пред зборовите сѐ беше веќе објаснето и оправдано. Што и да чуев сега од него – резултатот е веќе постигнат и обајцата го знаевме тоа, се чувствувавме среќни и така се гледавме еден со друг.

– Не смртта на тој старец, – одговори тој – не

само неговата смрт; постои и нешто друго што падна во истиот момент ... Нека е благословен тој момент и нашиот иден живот, и за долго време! Драги мој, да поразговараме! Непрекинато се оддалечувам од предметот; сакам да зборувам за едно, а се впуштам во илјади споредни подробности. Секогаш е така кога е срцето полно ... Но да поразговараме; дојде, времето, а јас веќе одамна сум вљубен во тебе, малечок мој ...

Тој се оптегна во фотелјата и ме погледна уште еднаш.

– Колку е чудно тоа! Колку ми е чудно кога го слушам тоа! – реков заплиснат од воодушевување.

И тогаш, се сеќавам на неговото лице се појави обичен израз – како тага и потсмевање во ист момент, кој ми е толку познат. Но тој се прибра и почна да зборува како со некаков напор.

II

– Гледаш, Аркадиј: да те викнев порано, што би можел да ти кажам? Во тоа прашање лежи и целиот мој одговор.

– То ест, сакате да кажете дека сте сега маж на мајка ми и мој татко, а тогаш ... Со оглед на општествената положба, не сте знаеле што да ми кажете порано, така ли е?

– Не само за тоа, драги мој, не би знаел што да ти кажам; би морал за многу работи да молчам. Дури многу од тие работи се смешни и понижувачки, така што личат на магија, токму на вистинска панаѓурска магија. Значи, како би можеле порано меѓусебно да се разбереме, кога јас самиот себе не се сеќавав сè до денеска во пет часот попладне, точно два часа пред смртта на Макар Иванович. Ме гледаш со непријатна недоумица? Но, смири се: ќе ти го објаснам фактот; но тоа што ти го реков, наполно е точно; целиот живот ми мина во талкање и недоумици, наеднаш доаѓа разјаснување, тој и тој ден во месецот, во пет часот попладне! Речиси личи на навреда, така ли е? До неодамна јас навистина би се нашол навреден.

Го слушав навистина со болно сомневање; постојано се појавуваше поранешниот израз на Версилов кој не сакав да го видам оваа вечер, бидејќи вакви зборови беа речени. Наеднаш му реков.

– Боже! Сигурно сте добиле нешто од неа ... во пет часот, денеска?

Тој ме погледна внимателно и очигледно изненаден од мојот извик, а можеби и од мојот израз „од неа".

– Сè ќе дознаеш – рече замислено смешкајќи се – и, се разбира, она што е потребно нема да го скријам од тебе, зашто затоа и те доведовваму; но засега сето тоа да го одложиме ... Гледаш, драги пријателе, одамна ми е познато дека кај нас има деца кои уште од детството размислуваат за своето семејство, нажалени поради непристојноста на своите татковци и својата средина. Сум забележал такви деца, кои размислуваат уште за време на нивното школување и тогаш заклучив: дека сето тоа доаѓа оттаму што тие премногу рано размислуваат. А и поради тоа што и самиот бев такво дете кое размислува, но ... извини, драги мој, неверојатно сум расеан. Сакав само да кажам дека постојано се плашев за тебе за сето време. Секогаш сум те замислувал како едно од тие мали суштества, свесни за својата надареност и осамени. Како тебе, ни јас никогаш не ги сакав другарите. Тешко им е на тие суштества, што се оставени единствено на својата сила и на своите соништа, а имаат страсна, претерана и скоро одмаздољубива желба за убавина, токму „одмаздољубива". Но доста, драги мој, пак отидов настрана ... Уште пред да почнам да те сакам, веќе те замислував тебе и твоите осаменички, подивени соништа ... Но доста; навистина заборавив за што почнав да говорам. Впрочем, сепак тоа требаше да се каже. А порано, порано, што можев да ти кажам? Сега го гледам твојот поглед насочен кон мене и знам дека ме гледа мојот с и н; до вчера не можев да верувам дека ќе можам некогаш како денеска да седам и да разговарам со мојот малечок.

Навистина беше многу расеан, а наедно со тоа со нешто и трогнат.

– Сега не морам повеќе да фантазирам и да сону-

вам, вие сте ми доволен. Идам со вас! – реков јас предавајќи му се со целата душа.

– Со мене ли? Па моите талкања, ете, завршија и тоа денеска: си задоцнил, драги мој. Денеска се завршува последниот чин и завесата се спушта. Овој последниов чин многу се одложи. Почна многу одамна – уште тогаш кога за последен пат избегав во странство. Тогаш отфрлив сè и, да знаеш, драги мој, дека тогаш се одделив од твојата мајка и дека тоа и ѝ го соопштив. Тоа треба да го знаеш. Ѝ објаснив дека заминувам засекогаш, дека никогаш веќе нема да ме види. Најлошо беше тоа што заборавив да ѝ оставам пари. Ни за тебе не мислев ни за момент. Отидов со тоа да останам во Европа, драги мој, и никогаш повеќе да не се враќам дома. Емигрирав.

– Кај Херцен ли? Сте сакале ли да учествувате во пропагандата во странство? Вие сигурно цел живот сте земале учество во некаков заговор? – извикав нестрпливо.

– Не, драги пријателе, не сум учествувал во никаков заговор. А тебе, ете, очите ти светнаа; ги сакам твоите живи извици, драги мој. Не, просто отпатував тогаш од тага, од ненадејна тага. Тоа беше тага на руски благородник, верувај, не умеам подобро да се изразам. Благородничка тага – и ништо повеќе.

– Поради укинување на крепосното право . . . поради ослободување на селаните? – проговорив јас задишен.

– Поради крепосното право ли? Зар ти мислиш дека сум тагувал за старото крепосништво? Дека не сум можел да го поднесам ослободувањето на селаните? О, не, драги пријателе, па токму ние бевме ослободителите? Емигрирав без никаква лутина. Дотогаш бев мировен судија и се борев со сите сили, се борев некористољубиво и кога отпатував, тоа не беше поради тоа што бев малку награден за мојот либерализам. Никој од нас не доби награда, то ест, никој таков како мене. Отпатував повеќе со гордост отколку со каење и верувај ми, сосема сум далеку и од помислата дека сега за мене дошло времето да го завршам животот како некој скромен чевлар. Je suis qentilhomme avant tout et je

mourais gentilhomme![1]). Но сепак бев ужален. Сè има вакви во Русија можеби околу илјада; можеби не повеќе, но и тој број е доволен да не умре идејата. Ние сме носители на таа идеја, драги мој! . . . Драги пријателе, ти зборувам и имам чудна надеж дека ќе можеш да ја сфатиш оваа збрка. Те повикав поради карактерот на моето срце: одамна сум фантазирал за тоа дека нешто ќе ти кажам . . . тебе, токму тебе! А, впрочем . . . впрочем . . .

– Не, зборувајте, – извикав јас – пак гледам искреност на вашето лице . . . И што стана, во Европа ли се пpeродивте? А каква беше, всушност, таа ваша ,,благородничка тага"? Простете ми, драги мој, уште не можам да сфатам.

– Дали ме пpeродила Европа? Па јас тогаш отпатував за да ја погребам!

– Да ја погребете ли? – повторив јас изненаден.

Тој се насмевна.

– Пријателе Аркадиј, тогаш ми се разнежи душата, а духот ми се растревожи. Никогаш нема да ги заборавам моите тогашни први часови во Европа. И порано сум бил во Европа, но тогаш беше специјално време, никогаш не сум одел таму со толку незаситна тага и . . . со таква љубов како во тоа време. Ќе ти раскажам за еден од моите први тогашни впечатоци, еден мој тогашен сон, вистински сон. Тоа беше уште во Германија. Штотуку заминав од Дрезден, поради расеаност ја пропуштив станицата на која требаше да го менам возот и така дојдов на друга пруга. Веднаш ме симнаа од возот; беше околу три часот попладне, убав, ведар ден. Се најдов во едно мало германско гратче. Ми го покажаа хотелот. Морав тука да чекам; идниот воз минуваше во единаесет часот вечерта. Некако бев и задоволен што се случи вака, затоа што никаде специјално не брзав. Талкав, драги пријателе, талкав. Хотелот беше лош и мал, но целиот во зеленило, како што е секогаш кај нив. Ми дадоа едно тесно собче и, бидејќи цела ноќ патував, заспав веднаш по ручекот, во четири часот попладне.

---

[1]) Јас сум пред сè благородник и како благородник ќе умрам!

Сонив еден сон што никогаш не го очекував, затоа што никогаш не сум имал такви. Во Дрезден, во галеријата, се наоѓа слика на Клод Лорен, во каталогот воведена под името „Асис и Галатеја“; јас секогаш ја викав „Златен век“, ни самиот не знам зошто. Сум ја видел и порано, а тогаш, пред три дена, ја видов уште еднаш, попатно, на минување. Таа слика ми се појави на сон, но не како слика, туку како некоја стварност. Впрочем, не би можел точно да кажам всушност што сонив; но видов како на оваа слика, агол на грчкиот архипелаг, а притоа и времето како да се вратило за три илјади години наназад. Сини тивки бранови, острови и карпи, цветни брегови, волшебна панорама во далечината, примамливо заоѓање на сонцето – со зборови не може да се опише. Тоа место Европејците го запомниле како своја лулка и мислата на тоа ја исполни мојата душа со интимна љубов. Тука беше земски рај на човештвото: боговите слегуваа од небото и им беа блиски на луѓето ... О, тука живееја прекрасни луѓе! Среќни и невини стануваа од сон и одеа да спијат; ливадите и шумичките беа полни со нивните песни и весели извици; вишокот на непотрошените сили се излеваше во љубов и во простодушна радост. Сонцето ги облеваше со својата топлина и светлина, им се радуваше на своите прекрасни деца ... Прекрасен сон, голема заблуда на човештвото! Златен век – најневеројатна фантазија меѓу сите што постоеле, но за која луѓето ги принесуваа како жртва своите животи и сета своја сила за која умираа и гинеа пророците, но без која народите не сакаат да живеат, а не можат ни да умрат! Сето тоа го почувствував и го проживеав во тој сон; карпите, и морето, и косите зраци на зајдисонцето сето тоа го видов уште еднаш, кога се разбудив и ги отворив очите кои просто ми беа влажни од солзи. Чувство на среќа, за мене уште непозната, ми мина низ срцето, дури до болка; тоа беше сечовечна љубов. Веќе падна мрак; низ прозорецот од моето мало сопче, низ цвеќето што стоеше на прозорецот, навлегуваше сноп вечерни сончеви зраци и ме облеваше со светлина. И гледај, драги пријателе, гледај, она зајдување на сонцето првиот ден на европ-

скиот човек, што го видов во сон, се претвори за мене во моментот кога се разбудив, најаве, во зајдување на сонцето во последниот ден на европскиот човек! Тогаш како да се чу над Европа гласот на погребното ѕвоно. Не зборувам само за војната и пожарот во Тилери; и без тоа знаев дека сето тоа мора да мине, целата слика на стариот европски свет – порано или подоцна; туку, како руски Европеец не можев да го дозволам тоа. Да, токму тогаш Комуната го запали Тилери . . . О, не вознемирувај се, знам дека тоа беше „логично" и одлично можам да ја сфатам силата на современата идеја; но, како носител на повисоката руска културна мисла, не можев тоа да го дозволам, зашто повисоката руска мисла е токму во сеизмирувањето на идеите. А кој би можел тогаш во целиот свет да ја сфати таквата мисла: јас талкав сам. Не зборувам за мене лично – зборувам за руската мисла. Таму имаше борба и логика; таму Французинот беше само Французин, а Германецот само Германец и тоа посилно отколку кога и да било во нивната историја; според тоа, Французинот никогаш не и нанесувал повеќе штета на Франција, ниту Германецот на својата Германија, отколку токму тогаш! Тогаш во цела Европа немаше ни еден Европеец! Единствено јас, меѓу сите тие петролејци, можев да им кажам в очи дека нивното изгорување на Тилери е грешка; и единствено јас меѓу сите конзервативци-одмаздници можев да им кажам на тие одмаздници: дека изгорувањето на Тилери е злосторство, но сепак логично. Затоа што малечок мој, само јас, како Русин, бев тогаш во Европа *единствен Европеец*. Не зборувам за себе – туку зборувам за руската мисла. Талкав, драги пријателе и талкав, и точно знаев дека морам да молчам и да талкам. Но сепак ми беше тешко. Не можам, малечок мој, да не го ценам моето благородништво. Ми се чини дека се смееш?

– Не, не се смеам, – му реков возбудено – далеку од тоа; ми го потресовте срцето со своето видување на златниот век и бидете уверен, почнувам да ве сфаќам. Но помило од сè ми е што гледам дека себеси толку се почитувате. Брзам да ви го изјавам тоа. Никогаш не го очекував тоа од вас!

– Веќе ти реков, драги мој, дека ги сакам твоите извици! – се насмеа тој пак поради моите наивни зборови и, станувајќи од фотелјата, почна, и не забележувајќи, да шета горе-долу по собата. И јас станав. Потоа продолжи да зборува со својот чуден јазик, но длабоко проникнат со својата мисла.

III

– Да, малечок мој, пак ти велам дека не можам да не го ценам своето благородништво. Кај нас во текот на вековите се создал еден повисок културен тип, непознат досега, кој никаде повеќе во светот не постои – тип на светска болка за сите луѓе. Тоа е чисто руски тип, но, бидејќи тој се разви во повисоките слоеви на рускиот народ, имам чест и јас нему да му припаѓам. Тој во себе ја носи идната Русија. Нас можеби нè нема повеќе од илјада луѓе – можеби и помалку – но цела Русија досега живеела за да ја произведе таа идеја. Ќе кажат – малку и ќе се лутат поради тоа што на илјада луѓе се потрошени толку векови и толку милиони луѓе. Според моето мислење, тоа не е малку.

Слушав со најголемо внимание. Од него зборуваше убедување, го видов правецот на целиот негов живот. Таа „илјада" луѓе толку пластично го оцртуваше него самиот! Чувствував дека неговата експанзивност спрема мене потекнуваше од некаков надворешен потрес. Ми ги зборуваше сите тие пламени зборови затоа што ме сака; но причината од која наеднаш почна да ми зборува и поради која токму со мене посака да разговара, уште ми останувaше непозната.

– Емигрирав – продолжи тој – и не ми беше жал за ништо што остана зад мене. Колку што имав сили ѝ дадов на Русија, додека уште бев во неа; кога отпатував, продолжив да ѝ служам, само ја проширив идејата. И служејќи така, ѝ служев многу повеќе отколку да бев само Русин, како што во тоа време Французинот беше само Французин, а Германецот – Германец.

Во Европа тоа засега уште не можат да го разберат. Европа создала благородни типови Французи, Англичани, Германци, но за својот иден човек не знае речиси уште ништо. И изгледа дека засега уште не ни сака да знае. Тоа е и разбирливо: тие не се слободни, а ние сме слободни. Единствено јас во Европа, со својата руска тага, тогаш бев слободен.

– Драги пријателе, ти обрнувам внимание на оваа чудна работа: секој Французин може да ѝ служи и на својата Франција, а исто така и на целото човештво, но под еден услов, да остане што повеќе Французин; исто така и Англичанецот и Германецот. Единствено Русинот, и тоа дури во наше време, значи, уште многу порано пред да се направи општата сметка – се здобил со способност да биде во најголема мера Русин, токму тогаш кога е во најголема мера Европеец. Во тоа е и битната национална разлика меѓу нас и сите други и во тој поглед ние сме нешто наполно засебно. Во Франција сум Французин, со Германецот – Германец, со античкиот Грк сум Грк, и со самото тоа, во најголема мера Русин. Со самото тоа сум вистински Русин и најдобро ѝ служам на Русија, затоа што ја носам нејзината главна мисла. Јас сум пионер на таа мисла. Јас тогаш емигрирав, но дали со тоа ја напуштив Русија? Не, јас продолжив да ѝ служам нејзе. Иако ништо не работев во Европа, иако отпатував само за да талкам (и знаев дека одам само да талкам), доволно беше тоа што патував со својата мисла и со својата свест. Ја носев со себеси руската тага. О, не ме уплаши мене тогаш само пролеаната крв, ни Тилери, туку сето она што ќе мора да дојде потоа. Тие народи мораат уште долго да водат меѓусебна борба, затоа што се уште премногу Германци и премногу Французи и што уште не ја завршуваа својата задача во тие улоги. И сè дотогаш ќе ми биде жал за тоа разорување. На Русинот Европа му е мила колку и Русија: секој камен во неа му е мил и драг. И Европа ни била татковина, исто како Русија. Уште повеќе! Не може Русија да се сака повеќе отколку што ја сакам јас, но никогаш не си префрлував себеси поради тоа што Венеција, Рим, Париз, ризници на нивната наука и уметност, целата

нивна историја – ми се помили отколку Русија. Да, на Русите им се мили тие стари туѓи камења, тие чуда на стариот божји свет, тие парчиња на светите чудеса; дури нам ни се помили отколку на самите нив. Европејците сега имаат други мисли и други чувства и тие стари камења за нив изгубиле вредност . . . Таму конзервативците се борат само за својот опстанок; а и петролејците се борат само за правото на залак. Единствено Русија живее еве веќе еден век не заради себе, туку заради мислите и ќе признаеш, драги пријателе, дека е поважно тоа што Русија живее еве веќе еден век не заради себе, туку само заради Европа! А ним! О, ним им се судени страшни маки пред да стигнат во царството божјо.

Признавам дека слушав многу збунет; се плашев веќе од самиот тон на зборовите на Версилов, иако не можев да не им се восхитувам на неговите мисли. Јас многу се плашев од лага. Му реков со строг глас.

– Пред малку рековте „царство божјо". Ми раскажуваа дека, кога сте биле таму, сте проповедале за бога и сте носеле вериги.

– Остави ги моите вериги, – се насмеа тој – тоа е сосем друго нешто. Тогаш ништо не проповедав, но копнеев по нивниот бог, тоа е вистина. Во тоа време беше објавен атеизмот . . . неколкумина од нив го објавија, но не е важно: тоа беа само првите весници. Но тоа беше првиот н а п р а в е н чекор, тоа е важно. Тука, пак, е нивната логика, а секаде каде што има логика, тука има тага. Јас бев човек со друга култура и моето срце не можеше да го допушти тоа. Неблагодарноста со која тие луѓе се разделуваа од идејата, исмејувањата и фрлањето во кал не можев да го поднесам. Ми беше одвратен чевларскиот начин, дури и кога постои најпламена желба за идеал и, се разбира, требаше да го знам тоа; но јас бев човек од друг тип, јас бев слободен во изборот, а тие не беа и јас плачев, поради нив плачев, плачев за старата идеја и можеби плачев со вистински солзи, без украсување.

– Зар толку сте верувале во бога? – го прашав не верувајќи.

– Драги пријателе, тоа прашање е можеби излиш-

но. Даземеме и дека не верував многу, но сепак не можев да не копнеам по идејата. Не можев да го замислам времето во кое човек ќе живее без бога и дали тоа некогаш ќе биде возможно! Срцето секогаш ми зборуваше дека е тоа невозможно; но извесен таков период сепак е возможен . . . За мене е дури надвор од сомневањето дека тој период ќе настапи; но секогаш замислував сосем поинаква слика . . .

– Каква?

Тој, вистина, уште во почетокот изјави дека е среќен и во неговите зборови имаше многу воодушевување; така јас и сфаќам многу нешта од она што ми го рече тогаш. Но, затоа што го ценам овој човек, не мислам да го ставам на хартија сето она за кое разговаравме тогаш, сепак овде ќе приведам неколку црти од таа чудна слика што успеав да ја извлечам од него. Мене, се разбира, постојано порано ме мачеа тие „вериги", сакав да ги разјаснам, поради тоа и настојував. Неколку фантастични и многу чудни идеи, што ги изрази тогаш, засекогаш ми останаа во срцето.

– Драги мој, – рече тој пак замислено и со насмевка – си замислувам дека е битката готова и дека борбата стивнала. По клетвите, фрлање со кал и врева, настана затишје и луѓето останаа сами, како што сакаа: останаа без поранешната голема идеја; големиот извор на сила, кој ги хранеше и грееше, исчезна како ова величествено, примамливо сонце на сликава од Клод Лорен, но тоа веќе беше како последен ден на човештвото. Тогаш наеднаш луѓето увидоа дека останале наполно сами и наеднаш почувствуваа дека се големи сирачиња. Драги мој малечок, никогаш не можев да ги замислам луѓето дека се неблагородни и глупи. Осиромашените луѓе веднаш почнаа потесно и со поголема љубов да се притискаат едни до други; ќе се фатат за рацете, увидувајќи дека сега еден на друг си се сè! Би исчезнала големата идеја на бесмртноста и би морала со нешто да се замени; целиот овој голем вишок на љубов спрема оној кој значел бесмртност кај сите луѓе ќе се сврти кон природата, светот, луѓето, кон секое живо суштество. Ќе ја засакаат земјата и животот неискажливо, доколку повеќе ќе бидат по-

степено свесни за својата преодност и конечност: ќе сакаат со некоја особена, не поранешна љубов. Во природата ќе откријат појави и тајни какви што порано не ни насетувале, зашто сега почнаа да ја набљудуваат природата со други очи, со поглед на љубовник кон љубена жена. Кога ќе се разбудат, ќе потрчаат да се бакнат меѓу себе, бидејќи ќе бидат свесни дека нивните денови се кратки, дека е тоа сè што им останува. Ќе работат еден за друг и секој своето ќе го дели со другиот и со самото тоа ќе биде среќен. Секое дете ќе знае дека сите на земјата му се блиски како татко и мајка. „Нека биде утре мојот последен ден, ќе мислат луѓето набљудувајќи го зајдувањето на сонцето – ништо за тоа што ќе умрам јас, кога остануваат сите други, а по нив нивните деца". – И таа мисла: дека ќе останат другите, кои сите меѓусебно ќе се сакаат и ќе треперат еден над друг, ќе ја замени мислата за задгробната средба. О, ќе побрзаат тие да сакаат, за да ја ублажат големата тага во своето срце. Ќе бидат горди и храбри за себе, но кротки еден спрема друг; секој ќе трепери за животот и за среќата на другите. Ќе бидат нежни еден спрема друг и нема од тоа да се срамат како сега и ќе се милуваат како деца. При средба ќе се гледаат со длабок и мисловен поглед и во нивните погледи ќе има љубов и тага . . .

– Драги мој, – се прекина тој самиот со насмевка – сето тоа е само фантазија, неверојатна фантазија; но сепак ми доаѓаше пред очи многу често затоа што не можев да бидам без неа во својот живот и не можев да не мислам за неа. Не зборувам за својата вера: мојата вера не е голема, јас сум навистина деист, филозофски деист, каква што е целата наша илјада, според моето мислење, но . . . интересно е што мојата слика секогаш ја завршував со видението, како во Хајнеовиот „Христос на Балтичкото Море". Не можев без него, не можам најпосле да не го замислам меѓу луѓето кои останале сирачиња. Тој им доаѓа, им ги подава рацете и вели: „Како можевте да го заборавите?" И тогаш на сите би им паднал превезот од очите и би одекнала занесната химна на новото и последното воскреснување . . .

Да го оставиме тоа, драги пријателе, а и моите „вериги" се будалштини, нека не те вознемируваат тие. Уште нешто: познато ти е дека на јазик сум срамежлив и трезвен, а сега се расприкажав . . . поради разните чувства и поради тоа што сум со тебе: на никој друг и никогаш за тоа не би му раскажувал. Ова ти го велам за да те смирам.

Но јас веќе бев трогнат; не ме лажеше како што се плашев и тоа ми е многу мило, зашто ми беше јасно дека навистина трпел, бил тажен и дека навистина и, без сомневање, многу сакал – и тоа ми беше најмило. Тоа и му го реков со занес.

– Слушајте, – додадов – ми изгледа дека и покрај сета своја тага сепак тогаш сте морале да бидете необично среќен?

Тој се насмеа весело.

– Денеска си многу остроумен во своите забелешки – рече. – Се разбира, бев среќен; а зар можев да бидам несреќен со таква тага? Никој не е послободен ни посреќен од талкачот – Русин Европеец од нашата илјада. Тоа ти го кажувам без шега, сосема сериозно. Својата тага не би ја дал за никаква друга среќа. Во таа смисла секогаш сум бил среќен, драги мој, целиот свој живот. И од среќа тогаш ја засакав мајка ти, за првпат во мојот живот.

– Како за првпат во животот?

– Токму така. Талкајќи и тагувајќи, наеднаш ја засакав како никогаш порано и веднаш порачав да дојде.

– О, раскажете ми го и тоа, раскажете ми сè за мајка ми!

– Затоа и те викнав ваму, инаку – пак се насевна весело – веќе се исплашив да не си ми простил за мајка ти поради Херцена или поради некој заговор таму . . .

ОСМА ГЛАВА

I

Бидејќи тогаш разговаравме цела вечер и се задржавме до доцна во ноќта, нема да го приведувам целиот разговор, туку само она што, најпосле, ми објасни една загадочна точка од неговиот живот.

Прво, за мене нема сомневање дека тој ја сакал мајка ми, а тоа што ја оставил и „се одделил" од неа и отпатувал, тоа било затоа што нешто му здодеало, или од некоја слична причина, како што, впрочем, му се случува секому од нас, но кое не е секогаш лесно да се објасни. Во странство, по долго време, пак ја засакал мајка ми, во отсуство, то ест во мислите и порачал по неа. Некој ќе рече: „му дошол ќудот"; но јас ќе речам нешто друго: според моето уверување тоа било најсериозното што можел да го има во животот, без оглед на очигледното безделничење, кое кај него во извесна мера можам да го допуштам. Но се колнам дека неговата европска тага ја ставам, надвор од секое сомневање, не само во истиот ред, туку и извонредно повисоко од некоја современа практична работа во изградбата на железниците. Неговата љубов спрема човештвото ја признавам како најискрено и најдлабоко чувство, без никакво глумење, а неговата љубов спрема мајка ми како нешто наполно неоспорно, иако, можеби, малку фантастично. Во странство, во „тага и среќа" и, додавам, во најстрога калуѓерска осаменост (овој специјален податок го добив подоцна од Татјана Павловна), наеднаш се сеќава за мајка ми

– се сеќава токму за нејзините „пропаднати образи“ и веднаш ја повикува.

– Драги пријателе, – рече тој, меѓу другото – наеднаш ми дојде во свеста дека мене, како морално и разумно суштество, мојата служба на идејата не ме ослободува од обврската во текот на својот живот да направам навистина среќно барем едно суштество.

– Зар една таква книжна мисла да биде причина за сè? – го прашав во недоумица.

– Тоа не е книжна мисла. Впрочем, можеби. Сепак сè се поклопуваше: ја сакав твојата мајка вистински и искрено, а не книжно. Да не ја сакав така, не би ѝ пишал да дојде, туку би „усреќил“ некаков Германец или Германка, бидејќи веќе ми дојде во главата таа идеја. А да се усреќи безусловно макар едно суштество во текот на својот живот, и тоа практички, то ест навистина би му го поставил како правило на секој интелигентен човек; како што би му поставил правило или должност на секој селанец да посади барем едно дрво во својот живот, со оглед на запустените шуми во Русија; впрочем, едно дрво би било малку; би можело да се нареди: секоја година по едно дрво. Повисок човек, умствено развиен човек, кој оди по вашата идеја, често сосем се одделува од стварноста, станува смешен, ќудлив и студен, дури, можам да ти речам, и глуп; и не само во практичниот живот, туку на крајот, глуп и во своите теории. И затоа обврската да биде активен и практично да усреќи барем едно суштество навистина би поправила сè и би го освежила и самиот добротвор. Како теорија ова е многу смешно, но кога би се претворило во практика и би поминало во обичај, ни малку не би било глупо. Тоа го искусив на себеси: штом почнав да ја развивам таа мисла за новата заповед, отпрвин се разбира на шега, веднаш почнав да увидувам колку е голема притаената во мене љубов спрема твојата мајка. Дотогаш воопшто не знаев дека ја сакам. Додека бев со неа, ми служеше само за мое задоволство, дека беше убава, а потоа ја мачев со своите ќудови. Дури во Германија сфатив дека ја сакам. Тоа почна со споменот за нејзините пропаднати образи, за кои никогаш

не можам да не се сеќавам, а по некојпат и да не ги видам без болка во срцето, буквално болка, вистинска, физичка. Има, драги мој, болни спомени, кои причинуваат вистинска болка; нив ги има речиси, секој човек, само луѓето ги заборават; но се случува наеднаш да се сетат за нив, макар само во една единствена црта, па потоа да не можат да се ослободат од неа. Почнав да се сеќавам за илјада подробности од својот живот со Соња; најпосле спомените сами навалуваа и ме мачеа додека ја чекав неа. Најмногу ме мачеше сеќавањето за нејзината вечна потчинетост спрема мене и за тоа дека таа вечно се сметаше себеси за бескрајно пониска од мене во секој поглед – замисли – дури и во физички. Се срамеше и се возбудуваше кога случајно ќе погледнев на нејзините раце и прсти, кои не беа ни малку аристократски. Но не само од прстите, туку се срамеше од сè во себе, иако ја сакав нејзината убавина. Спрема мене секогаш беше срамежлива, речиси дива; но најлошо беше тоа што под таа срамежливост секогаш се криеше и некаков страв. Накратко, во однос на мене таа се сметаше како нешто ништожно или дури во извесна смисла, непристојно. Си помислував, особено во почетокот, дека непрекинато сè уште ме смета за свој господар, па затоа се плаши, но не беше така. Меѓутоа, ти се колнам, поспособна е од кој и да било да ги сфати моите мани и во својот живот уште не сум сретнал жена со толку фино и проникливо срце. О, колку беше несреќна кога во почетокот, додека сè уште беше толку убава, барав да се дотерува. Тука имаше не само самољубие, туку уште едно повредено чувство: сфаќаше дека никогаш не ќе може да биде госпоѓа и дека во таа облека само ќе биде смешна. Како жена, не сакаше да биде смешна во својот фустан и ѝ беше јасно дека секоја жена треба да има свој фустан, што илјади и стотици илјади жени никогаш нема да го сфатат, зашто сакаат да се облекуваат само по мода. Се плашеше од мојот подбивен поглед – тоа е! Со особена тага се сеќавав за нејзините длабоко зачудени погледи, кои за сето наше време често ги чувствував врз себе: во нив беше изразено полното сфаќање на

нејзината судбина и иднината што ја чека, така што ми беше тешко, иако тогаш, признавам, не се впуштав со неа во какви и да било разговори и на сè гледав некако од висина. Но, знаеш, таа не беше секогаш толку страшлива и дива, каква што е сега; и сега се случува наеднаш да се развесели и да стане убава како да има дваесет години; а тогаш, во младоста, многу често ќе се расприкажеше и раскикотеше, се разбира, во свое друштво, со девојки и другарки; а како ќе затрепереше кога ќе ја затечев како се смее и брзо поцрвенуваше и плашливо ме гледаше! Еднаш, кратко време пред моето заминување во странство, то ест токму спроти мојата разделба со неа, бев влегол во нејзината соба и ја затеков сама крај масичката, без никаква работа, потпрена на масата и длабоко замислена. Инаку никогаш не седеше без работа. Во тоа време веќе одамна престанав да бидам нежен спрема неа. Успеав да ѝ пристапам тивко, на прсти, па ненадејно ја прегрнав и ја бакнав. Таа скокна – и никогаш нема да го заборавам восхитот и среќата на нејзиното лице; и наеднаш лицето брзо ѝ поцрвени, а очите ѝ светнаа. Знаеш ли што прочитав во тој нејзин поглед?" „Ми даде милостина" – ете тоа. Се засркна од плачење под изговор дека сум ја исплашил. А јас тогаш се замислив. Воопшто, сите такви спомени се мошне тешки, драги мој пријателе. Тоа е како што кај големите уметници има понекогаш толку б о л н и сцени што се помнат цел живот; да речеме, последниот монолог на Отело кај Шекспир; Евгениј Онегин пред нозете на Татјана; или средбата на избеганиот робијаш во „Misérables"[1]) на Виктор Иго. Тоа еднаш ќе го стрелне срцето и после засекогаш останува рана. О, колку ја чекав Соња и колку сакав што поскоро да ја прегрнам! Со грчовита нестрпливост фантазирав за сосем нова животна програма, фантазирав постепено со методички напори да го уништам во нејзината душа тој постојан страв од мене; да ѝ ја објаснам нејзината сопствена вредност и сето она со што стои повисоко дури и од мене. Многу добро знаев и тогаш

---

[1]) Клетници

дека секогаш ќе почнев да ја сакам твојата мајка штом ќе се разделев од неа и ќе се оладев спрема неа штом ќе се најдев со неа. Но тогаш не беше така, тогаш беше поинаку.

Бев изненаден: „А т а а", ми светна во главата, па го прашав претпазливо.

– Па како се состанавте тогаш со мајка ми?

– Тогаш ли? Воопшто не се состанав со неа. Таа тогаш одвај допатува до Кенигсберг, па таму и остана, а јас бев на Рајна. Не ѝ појдов во пресрет, туку ѝ порачав да остане и да чека. Се видовме дури многу подоцна, о, многу доцна, дури кога отидов кај неа да ја молам да ми дозволи да се оженам . . .

II

Овде ќе ја изнесам само суштината на работата, то ест само она што можев да го сфатам, зашто почна да ми зборува без врска. Раскажувањето наеднаш му стана уште десетпати понеповрзано и без ред кога дојде до оваа тема.

Се сретнал со Катерина Николаевна неочекувано, токму во она време кога ја чекал мајка ми, во најнетрпливиот момент на чекањето. Тогаш сите биле на Рајна, во една бања и сите се лекувале. Мажот на Катерина Николаевна веќе бил речиси пред смрт, или барем лекарите го осудиле на смрт. Таа од првата средба му оставила многу добар впечаток на Версилов, како со нешто да го маѓепсала. Тоа беше судбината. Обрнувам внимание дека, пишувајќи и сеќавајќи се сега, не можам да се сетам дали тој макар еднаш во своето раскажување го употреби зборот „љубов" и дали беше „вљубен". За зборот „судбина" се сеќавам.

Тоа навистина беше фатум. Тој н е г о с а к а л тоа, „не сакал да љуби". Не знам дали ќе успеам да го искажам тоа јасно; целата негова душа се бунела токму против тој факт што можело тоа да му се случи. Сè што било во него слободно, наеднаш исчезнувало пред таква средба и тој засекогаш се врзувал со жената на која не ѝ било до него. Тој не го сакал

ова ропство на страста. Ќе кажам сега отворено: Катерина Николаевна е редок тип на светска жена, тип каков што можеби и го нема во тој круг. Таа во најголема мера е тип на искрена и отворена жена. Сум чул, то ест точно знам, дека поради тоа и била многу уважувана во отменото општество, кога ќе се појавела во него (често се оддалечуваше од него, сосем). Версилов, се разбира, не поверувал тогаш, при првата средба со неа, дека е таа таква, а верувал токму во спротивното, то ест дека е лицемерна и дека е езуитка. Овде однапред ќе го дадам и нејзиниот суд за него: таа тврдела дека тој не ни можел поинаку да мисли за неа, „затоа што е идеалист, кога ќе се удри со главата од стварноста, секогаш повеќе отколку другите луѓе, склон е да претпостави гадост". Не знам дали ова за идеалистите е воопшто точно, но за него беше наполно точно. Овде ќе го запишам ако сакате и својот суд што ми светна во главата додека го слушав тогаш: ми се стори дека тој ја сакал мајка ми, така да кажам, повеќе со хумана и општочовечка љубов, отколку со проста љубов со која воопшто се сакаат жените; и кога ја сретнал жената што ја засакал со таа проста љубов; не ја сакал љубовта најверојатно затоа што на неа не бил навикнат. Впрочем, можеби е оваа мисла неточна; нему, се разбира, не му ја ни кажав. Тоа би било неделикатно; а се колнам дека тој беше и во таква состојба што речиси требаше да се штеди; беше возбуден, често го прекинуваше раскажувањето, молчеше по неколку минути, шеташе по собата со намуртено лице.

Таа тогаш набргу ја прозре неговата тајна; можеби, којзнае, кокетирала со него намерно: дури и најчистите жени стануваат подли во такви прилики; тоа е нивниот несовладлив инстинкт. Завршиле со жесток прекин и, изгледа, тој сакал да ја убие; тој ја заплашил, а можеби и би ја убил, „но сè наеднаш се претвори во омраза". Потоа настапил еден чуден период: него наеднаш го обзела некоја чудна мисла – да се мачи со дисциплина, „точно со онаа со која се служат калуѓерите. Постепено и со помош на методично вежбање ја совладуваш својата волја, почнувајќи од нај-

смешните и најмалите работи, а завршуваш со полно потчинување на својата волја и стануваш слободен". Уште рече дека кај калуѓерите таа работа е сосем сериозна, зашто врз основа на илјадагодишното вежбање таа е подигната до наука. Најинтересно е дека таа идеја за „дисциплината" си ја наметнал себеси не за да се ослободи од Катерина Николаевна, туку бил наполно уверен дека не само повеќе не ја сака, туку во најголема мера ја мрази. Тој толку веруваше во својата омраза спрема неа, што дури помислуваше да се вљуби и да се ожени со нејзината паштерка, што го заведе кнезот; сам себеси наполно се увери во својата нова љубов, наедно предизвикувајќи безгранична љубов на несреќната идиотка и со таа љубов ја правеше бескрајно среќна во последните месеци на нејзиниот живот. Зошто тој тогаш, наместо за оваа девојка, не се сетил за мајка ми, која непрекинато го чекала во Кенигсберг – тоа за мене остана необјаснето ... Напротив, мајка ми наеднаш наполно ја заборавил, дури не ѝ испраќал ни пари за издржување и неа тогаш ја спасила Татјана Павловна. Наеднаш, доаѓа тој кај мајка ми да ја „моли" за дозвола да се венча со онаа девојка, под изговор дека „таква невеста не е жена". Ах, можеби сето тоа е само портрет на „книжен маж", како што за него подоцна се изрази Катерина Николаевна; но од каде се тогаш овие „книжни мажи" (ако е веќе вистина дека се книжни), способни за тоа сепак навистина толку да се мачат, што доаѓа и до трагедија? Впрочем, тогаш, онаа вечер, малку поинаку мислев за тоа и ме потресе една мисла:

– Вие целиот ваш внатрешен развиток, целата ваша душа сте ја добиле со борба во текот на целиот живот, а таа своето совршенство го добила како подарок. Тоа е нееднаквост ... Тоа е она што револтира кај жените. – Го реков ова не со намера да му ласкам, туку со жар, дури со лутина.

– Совршенство ли? Нејзиното совршенство ли? Нема таа никакво совршенство! – рече тој речиси изненаден од моите зборови. – Таа е најобична жена, таа е дури лоша жена ... Но таа мора да ги има сите совршенства!

– Зошто мора?

– Затоа што, кога веќе има толкава власт, таа мора да ги има и сите совршенства! – налутено извика тој.

– Жално е што сте и сега толку измачен! – ми се испушти од уста не сакајќи.

– Сега ли? Измачен ли? – ги повтори пак моите зборови, застанувајќи пред мене како во недоумица. И тогаш една тивка, долга насмевка му го осветли замисленото лице, а тој го крена пред себе прстот, како нешто да смислува. Потоа, откако наполно се прибра, го зеде од масата распечатеното писмо и го фрли пред мене:

– На, читај! Бездруго треба да дознаеш сè ... Зошто ли ме натера толку да пребарувам по тие стари лудости. Само си го осквернавив и јадосав срцето! ...

Не умеам ни да го изразам моето изненадување, писмото беше од н е а, упатено денеска нему, а тој го примил околу пет часот попладне. Го прочитав речиси треперејќи од возбудување. Беше кратко, но напишано толку отворено и искрено што, читајќи го, како да ја видов неа пред мене и како да ги чув нејзините зборови. Сосем отворено (и поради тоа е така да се каже трогателно) му признава дека се плаши од него, а потоа просто го замолува да ја „остави на мира“. На крајот го известува дека сега дефинитивно тргнува по Бјоринг. Никогаш порано не му пишала.

А еве што разбрав јас од неговите објаснувања.

Штом попладнето го прочитал ова писмо, почувствувал нешто што ни најмалку не го очекувал: за првпат во текот на овие две фатални години не чувствувал спрема неа ни најмалку омраза и не бил ни најмалку потресен, како што бил, да речеме, неодамна кога „полудел“ од веста за Бјоринг. „Напротив, ѝ испратив благослов од сè срце“ – ми рече со длабоко чувство. Ги ислушав овие негови зборови со восхитување. Значи, сè што имало во него од страст и мака, наеднаш исчезнало само од себе, како сон, како двегодишни магии. Уште не верувајќи на себеси, побрзал потоа кај мајка ми – и што се случило, влегол токму

во моментот кога таа станала с л о б о д н а, кога умрел старецот кој вчера му ја завештал нему. Ете, овие два настани, кои се совпаднаа истовремено, ја потресоа неговата душа. Набргу потоа тој тргнал да ме побара мене; тоа што во таквите моменти прво помислил за мене, никогаш нема да му го заборавам.

Нема да го заборавам ни тоа како заврши оваа вечер. Овој човек наеднаш целиот се преобрази. Седевме до длабоко во ноќта. За тоа каков впечаток ми остави таа „вест", ќе раскажувам подоцна, на свое место, а сега само неколку завршни зборови за него. Кога сега размислувам за сè, се сеќавам дека тогаш најмногу ме восхитуваше неговата смиреност пред мене, неговата толкава искреност спрема мене, толку млад! „Тоа беше опивка, но нека е благословена! – рече тој. – Да не беше таа заслепеност, можеби никогаш не би нашол во моето срце толку целосна и засекогаш единствена моја царица, моја страдалница – твојата мајка." Овие негови зборови полни со воодушевување, кои спонтано ги изговори, нарочно ги бележам, со оглед на она што ќе се случи подоцна. А тогаш со нив ја придоби и ја победи мојата душа.

Се сеќавам, пред крајот страшно се развеселивме. Порача шампањско, па пиевме за здравјето на мајка ми и за „иднината". Беше толку полн со живот и така се готвеше да живее! Но не се развеселивме така од виното: испивме само по две чаши. Не знам зошто, пред крајот, нè опфати незапирлива смеа. Почнавме да зборуваме за сосем споредни работи; ми раскажуваше разни вицеви; а и јас нему. И нашата смеа и нашите вицеви беа наполно без злоба и без пакост, затоа што бевме весели. Никако не сакаше да ме пушти: „Седи уште малку, седи уште!" повторуваше тој и јас останував. Дури излезе да ме испрати. Вечерта беше прекрасна, стегна малку студ.

– Кажете ми, дали веќе и о д г о в о р и в т е н е ј з е? го прашав наеднаш, наполно неочекувано, ракувајќи се последен пат со него на крстопатот.

– Уште не, не, но тоа е сеедно. Дојди утре, дојди порано ... Слушај, еве уште нешто: остави го Лам-

берта сосем, а „документот“ уништи го, и тоа што побрзо. Збогум!

Го искажа тоа и наеднаш си отиде. Јас останав стоејќи на место и толку збунет што не можев да го запрам. Изразот „документ“ особено ме потресе: од кого друг би можел тој да знае за документот, ако не од Ламберта? Се вратив дома многу збунет. Дали е навистина возможно – ми мина ненадејно над главата – деветгодишните магии да исчезнат како сон, како чад, како привидение?

ДЕВЕТТА ГЛАВА

I

Идното утро се разбудив многу посвеж и нерасположен. Донекаде си префрлував, не сакајќи и од срце, што со извесна несериозност и некако одвисоко, како што ми се чинеше, ислушав вчера некои места од неговата „исповед“. Ако исповедта делумно беше несредена, ако некои откритија и беа малку нејасни и дури нехармонични – зар се приготвувал тој за ораторски говор кога ме повика вчера кај него? Тој само ми укажа голема чест што ми се обрна како на еден пријател во таков момент и тоа никогаш нема да му го заборавам. Напротив, неговата исповед беше „трогателна“, макар некој и да ми се потсмевне поради овој израз; а ако понекаде и се провлекло понешто цинично или смешно, бев доволно широкоград да го сфатам и допуштам реализмот – не валкајќи го идеалот. Најважно е дека најпосле и го разбрав овој човек; дури делумно ми беше жал и некако ме лутеше тоа што сè излезе толку просто: тој човек во своето срце секогаш сум го поставувал на извесна висина, во облаци и со некаква таинственост ја обвиткував неговата судбина, така што, природно, сакав да се реши таа загатка што покомпликувано. Впрочем, во неговото запознавање со н е а и во неговото двегодишно страдање имаше и многу сложени работи; „тој не ја сакаше судбината на животот, нему му беше потребна слободата, а не ропството на судбината; поради ропството на судбината тој морал да ја натажи мајка ми

која чекала во Кенигсберг" ... Покрај тоа, тој човек во секој случај го сметав за проповедник: тој во срцето го носеше златниот век и ја знаеше иднината на атеизмот; и сега средбата со неа скрши сè и изопачи сè! Не, неа не ја издадов, но сепак бев на негова страна. Мајка ми, на пример, размислував, во ништо не би ѝ пречела на неговата судбина, дури и да беше во брак со неа. Тоа го разбирав; тоа е сосем друго нешто отколку средбата со о н а а. Навистина, ни мајка ми не би му дала мир, но тоа би било дотолку подобро: таквите луѓе треба поинаку да се ценат и нивниот живот секогаш нека биде таков; тука нема ништо грдо; напротив, грдо би било кога тие би се смириле или воопшто кога би станале слични на сите просечни луѓе. Неговите пофалби на благородништвото и неговите зборови: „Je mourrai gentilhomme"[1])" ни малку не ме збунува; сфатив каков gentilhomme бил тој; тоа беше тип кој напушта сè и станува весник на светското граѓанство и на главната руска мисла, „сеобединувања на идеите". И макар тоа да е дури и бесмислица, то ест тоа „сеобединување на идеите" (што, се разбира, не може ни да се замисли), сепак е убаво и само тоа што цел живот ѝ се клањал на идејата, а не на глупавото златно теле. Боже мој! А кога јас ја смислив мојата „идеја", дали му се клањав на златното теле, дали тогаш ми беа потребни пари? Се колнам дека ми беше потребна само идеја! Се колнам дека ни еден стол, ни едно канабе не би обложил со сомот, туку, кога би имал сто милиони, би ја јадел истата чинија говедска супа како сега!

Се облеков и бргу-бргу се упатив кај него. Додавам дека и во поглед на неговиот синоќнешен испад за „документот" бев петпати поспокоен отколку вчера. Прво, се надевав дека со него ќе се објаснам, а второ: што има во тоа ако Ламберт се пробил и до него и за нешто разговарал со него? Но мојата најглавна радост беше во едно извонредно чувство: тоа беше мислата дека тој повеќе „не ја сака" н е а; во тоа ужасно ве-

---

[1]) Ќе умрам како благородник.

рував и чувствував како некој да ми симна страшен камен од срцето. Се сеќавам дека ми дојде на ум уште нешто: она негово последно грдо и бесмислено лутење на веста за Бјоринг и испраќањето на тогашното навредливо писмо, токму таа крајност можеше да послужи како пророштво и претходница на полната радикална промена во неговите чувства и неговото блиско враќање на здравата смисла; тоа беше веројатно како во болест – си мислев – тој баш мораше да дојде на спротивната точка – медицинска епизода и ништо повеќе ! Оваа мисла ме правеше среќен.

„Добро, нека располага таа како што сака со својата судбина, нека појде за својот Бјоринг, само тој, татко ми, мојот пријател, нека не ја сака повеќе!" – извикував јас. Впрочем, во тоа имаше некаква тајна на моите лични чувства, за кои овде, во овие свои белешки, нема да зборувам.

Ова е доволно. А сега ќе го раскажам целиот ужас што настапи, сета махинација на фактите, без никакви објаснувања.

II

Во десет часот, токму кога се готвев да појдам кај него, се разбира, се појави Настасја Егоровна. Ја прашав радосно дали ја испраќа тој и ми беше непријатно кога чув дека не ја испраќа тој, туку Ана Андреевна и дека таа, Настасја Егоровна, „излегла од станот штом се разденило".

– Од кој стан?

– Од оној каде што бевте вчера. Тој стан сега е земен на мое име за детето, а плаќа Татјана Павловна . . .

– Баш ми е сосем седно! – реков налутено. – Дали е бар тој дома? Ќе го затечам ли?

За мое изненадување од неа дознав дека тој излегол од дома уште пред неа; таа си отишла „штом се разденило", а тој, значи, уште порано.

– А сега, вратен ли е веќе?

– Не, сигурно не е вратен, а можеби воопшто нема

да се врати! – одговори таа гледајќи ме со истиот продорен и лукав поглед, што не го симнуваше од мене, како за време на онаа посета кога лежев болен, која веќе ја опишав. Се налутив, главно, поради тоа што, ете, пак се појавуваат некои тајни и глупости и што тие луѓе, очигледно, не можат да живеат без тајни и без лукавства.

– Зошто рековте: сигурно нема да се врати? Што мислевте со тоа? Отишол кај мајка ми и ништо повеќе.

– Не-не знам.

– Зошто дојдовте ваму?

Таа ми рече дека сега доаѓа откај Ана Андреевна, која ме вика и бездруго ме чека веднаш, зашто „после ќе биде доцна". Овие нови загадочни зборови ме изведоа од стрпливоста.

– Зошто доцна? Нема да си одам и нема да тргнам! Не дозволувам вака да располагаат со мене. Нека го набрка Ламберта – речете ѝ така; и ако ми го испрати својот Ламберт, ќе му го скршам грбот – така да ѝ речете!

Настасја Егоровна ужасно се исплаши.

– Ах, немојте! – ми пристапи чекор поблиску, склопувајќи ги рацете и молејќи ме – немојте да пребрзувате. Во прашање е важна работа, за вас е мошне важна, а и за неа е, исто така, важна, и за Андреј Петрович, и за вашата мајка – за сите . . . Сепак појдете веднаш кај Ана Андреевна, зошто повеќе не може да чека . . . се колнам во честа . . . после решете сами.

Ја гледав вчудовидено и со одвратност.

– Глупости, ништо нема да биде, нема да дојдам! – викнав уште потврдоглаво и злобно. – Сега сѐ ќе биде поинаку. И зар вие можете да го разберете тоа? Збогум, Настасја Егоровна, јас намерно не сакам да појдам, намерно не сакам да ве испитувам. Вие само ме збунувате. Не сакам да ги решавам вашите загатки.

Но, бидејќи таа никако не сакаше да излезе, туку непрекинато стоеше, јас, земајќи ја бундата и капата, излегов и ја оставив среде соба. Во мојата соба немаше никакви писма ни хартии, а ни порано никогаш не ја заклучував вратата кога излегував. Но не стиг-

нав уште ни до портата, кога од скалите стрча по мене, без шапка и во мундир, мојот газда Петар Ипполитович.

– Аркадиј Макарович! Аркадиј Макарович!

– Што сакате?

– Зар не сакате ништо да кажете?

– Ништо.

– Во врска со станот, на пример.

Ме гледаше продорно, очигледно вознемирен.

– Што во врска со станот? Зар не ви испратив кирија навреме?

– Не е тоа, не зборувам за киријата! – ја развлече тој устата во широка насмевка, гледајќи сè уште продорно.

– Што ви е денеска на сите? – викнав најпосле како побеснет. – Што сакате и вие?

Тој почека уште неколку моменти, како да очекуваше нешто од мене.

– Значи, ќе кажете подоцна ... бидејќи сега немате волја! – промрмори тој, развлекувајќи ја устата уште повеќе. – Повелете, одете и јас морам на должност.

Па отрча по скалите. Се разбира, сето тоа можеше да наведе на размислување. Намерно не пропуштам ни најмала црта од целата таа бесмислица, затоа што секоја цртичка подоцна влезе во завршната целина и во неа најде свое место, во што ќе се увери читателот. А дека тогаш навистина ме доведуваа во забуна, тоа е точно. Ако бев толку возбуден и раздразнет, тоа е затоа што пак го подразбирав во нивните зборови оној интригантски и загадочен тон кој ми стана одвратен и ме потсетуваше за старото. Но продолжувам.

Версилов не беше дома и навистина си отишол штом се разденило. „Се разбира, кај мајка ми“, останував јас упорно при своето. Гувернантата, една приглупа жена, не сакав да ја прашувам, а освен неа, во станот немаше никого. Брзо отидов кај мајка ми, толку вознемирен што на половина пат зедов кола. Кај мајка ми од синоќа не доаѓал. Со

мајка ми беше само Татјана Павловна и Лиза. Штом влегов, Лиза почна да се приготвува да излезе.

Сите седеа горе, во мојот „гроб“. Во салонот долу лежеше на масата Макар Иванович, а покрај него еден старец едностојно го читаше псалтирот. Нема сега да го опишувам она кое не се однесува непосредно на настанот, но сепак морам да забележам дека мртовечкиот сандак, кој веќе го направиле и кој стоеше тука во собата, не беше прост, иако беше црн, туку обложен со сомот, а и покровот на покојникот беше од скап материјал. Сето тоа бше раскош која не му одговараше на старецот, ни на неговите сфаќања; но така сакаа мајка ми и Татјана Павловна.

Се разбира, не ни очекуваа да ги затечам весели, но некаква особено тешка тага, со грижа и вознемиреност, што ја прочитав во нивните очи, наеднаш ме вчудовиди и јас веднаш заклучив дека за тоа „сигурно не е причина само покојниот старец.“ За сето тоа, повторувам, одлично се сеќавам.

И покрај сѐ, мајка ми нежно ја прегрнав и веднаш прашав за него. Во погледот на мајка ми веднаш засвети возбудена љубопитност. Раскажав накратко дека синоќа со него ја поминав целата вечер до длабоко во ноќта; денеска пак отишол од дома уште во зората, иако синоќа при разделбата ме повика да дојдам што порано. Мајка ми не ми одговори ништо, но Татјана Павловна искористи еден момент и ми сѐ закани со прст.

– До видување, брате! – наеднаш ми рече Лиза, излегувајќи брзо од собата. Се разбира, јас ја стигнав, но таа се запре на излезот од станот.

– Знаев дека ќе слезеш! – ми рече таа брзо шепотејќи.

– Лизо, што е ова?

– Ни јас не знам, само е нешто крупно. По сѐ изгледа тоа е сега расплет на „вечната историја“. Тој не дојдеваму, а тие имаат за него некои вести. Тебе нема ништо да ти кажат, а ти немој да се распрашуваш, ако си паметен; но мама е како убиена. Ни јас не прашував за ништо. Збогум.

Таа ја отвори вратата.

– Лизо, а има ли кај тебе нешто? – ја прашав и излегов по неа во ходникот. Нејзиниот ужасно столчен, очајнички изглед ми го прободе срцето. Ме погледна не само налутено, туку и огорчено, горко се насмевна и мавна со раката.

– Кога би умрел, би му заблагодарила на господа! – ми дофрли Лиза од скалите и си отиде. Тоа ми го рече за кнезот Сергеј Петрович; тој во тоа време лежеше во треска и без свест. Се вратив горе тажен, но возбуден. „Вечна историја! Која е таа вечна историја?“ – си помислив раздразнет и наеднаш ми дојде желба на оние две неизоставно да им раскажам макар еден дел од своите вчерашни впечатоци од неговата синоќешна исповед, па и самата исповед. „Тие сега мислат за него нешто лошо – затоа нека дознаат сè!“ – ми пролета низ главата.

Се сеќавам дека ми дојде од рака да го почнам раскажувањето некако многу вешто. Веднаш на лицето им се појави некаква необична љубопитност. Овојпат ни Татјана Павловна не ги симнуваше очите од мене; мајка ми беше повоздржлива; беше многу сериозна, но на лицето ѝ се појави една лесна, прекрасна, иако наполно безнадежна насмевка, која не исчезнуваше за сето време на моето раскажување. Се разбира, зборував убаво, иако знаев дека тоа за нив е речиси неразбирливо. За мое изненадување, Татјана Павловна не се замешуваше, не бараше точност, не ставаше зајадливи забелешки, како што имаше обичај секогаш кога ќе почнев нешто да зборувам. Само понекојпат ги стискаше усните и трепереше, како да се трудеше подобро да ја разбере работата. Во одделни моменти дури ми се чинеше дека разбираат сè; но тоа беше невозможно. Раскажував, на пример, за неговите сфаќања, но, главно, за неговото синоќешно воодушевување, за воодушевувањето за мајка ми, за неговата љубов спрема мајка ми, за тоа дека го бакна нејзиниот портрет ... Слушајќи го тоа, брзо и молчаливо се загледаа; мајка ми целата поцрвени; па обете понатаму молчеа. Потоа ... потоа, се разбира, во м а ј к и н о п р и с у с т в о не можев да ја засегнам главната точка, то ест неговата средба со неа и сè

друго и, што е најважно, нејзиното вчерашно писмо и неговото морално „воскреснување“ по писмото – а тоа беше токму најважното, без кое оние вчерашни негови чувства, со кои мислев да ја зарадувам мајка ми, всушност, не ги разбраа; се разбира, тоа не се случи по моја вина, зашто раскажав искрено сè што можеше да се каже. Го завршив раскажувањето наполно збунет; тие и понатаму молчеа, така што ми стана тешко во нивно друштво.

– Веројатно тој сега е веќе дома, а можеби седи кај мене и чека! – реков јас и станав да излезам.

– Оди, оди! – решително рече Татјана Павловна.

– Беше ли долу? – ме праша мајка ми полугласно, поздравувајќи се со мене.

– Бев, се поклонив и му се помолив на бога за него. Колку спокоен, преобразен лик има, мамо! Ви благодарам мамо што не сте го жалеле трошокот за неговиот ковчег. Во почетокот тоа ми се чинеше чудно, но веднаш ми дојде на ум дека и јас тоа би го сторил.

– Ќе дојдеш ли утре в црква? – праша и усните ѝ затреперија.

– Зошто прашувате, мамо? – се зачудив. – Ќе дојдам и денеска на помен, и пак ќе дојдам; и . . . освен тоа, утре е вашиот роденден, мамо, драга моја! – Да живееше само уште три дена!

Излегов со болно чудење; како тоа да ми поставува такви прашања; ќе дојдам или нема да дојдам в црква? Значи, кога за мене мислат така – што ли мислат пак за него?

Знаев дека ќе истрча по мене Татјана Павловна, па нарочно застанав на излезната врата; кога ме стигна, таа со рака ме турна по скалите, појде по мене и ја затвори вратата зад себе.

– Татјана Павловна, вие значи, не го чекате Андреј Петрович ни денеска, ни утре? Се плашам . . .

– Молчи. Не е важно тоа што се плашиш ти. Кажи го она што таму горе не сакаше да го кажеш и кога ги раскажуваше вчерашните будалштини.

Сметав дека не треба да кријам и, речиси лут на Версилов, ѝ соопштив сè за вчерашното писмо што го

доби тој од Катерина Николаевна и за дејството на тоа писмо, то ест за неговото воскреснување во новиот живот. За мое изненадување, неа ни малку не ја изненади веста за писмото, па се сетив дека таа за него веќе знаела.

– Да не лажеш?

– Не, не лажам.

– Гледај, те молам! – се насмевна таа пакосно и замислено – воскреснување! Од него и тоа ќе го дочекаме! Вистина ли е дека го бакнал портретот?

– Вистина е.

– Дали го бакна со чувство, дали се преправаше?

– Дали се преправаше? Зар се преправал тој некогаш? Срам да вие, Татјана Павловна, имате сурова, женска душа.

Тоа го реков пламено, но таа како да не ме чу: пак размислуваше за нешто без обѕир на големиот студ на скалите. Јас бев во бунда, а таа само во фустан.

– Би те замолила за нешто, но неволјата е во тоа што си многу глуп! – ми рече таа со презир и незадоволно. – Слушај, појди кај Ана Андреевна и види што станува кај неа таму . . . Или не; несмасникот си останува несмасник! Заминувај, марш, што стоиш тука како пенушка?

– Токму сега не сакам да одам кај Ана Андреевна! Таа самата ми рече да одам кај неа.

– Лично таа? По Настасја Егоровна? – брзо се сврти кон мене; таа веќе тргна и дури ја отвори вратата, но повторно ја тресна.

– По никоја цена не сакам да одам кај Ана Андреевна! – повторив со пакосно уживање. – Не сакам да одам затоа што пред малку ми рековте дека сум несмасник, иако уште никогаш не сум бил толку остроумен како денеска. Сè повеќе работите ги гледам јасно како на дланка; и нема да одам кај Ана Андреевна!

– Знаев! – извика таа, но пак така што тоа немаше врска со она што го реков јас, продолжувајќи ги моите мисли. – Сега ќе ѝ постават стапици од сите страни за да ѝ ја стегнат јамката околу вратот.

– На Ана Андреевна?

– Идиот!

– Па за кого зборувате? Секако не зборувате за Катерина Николаевна? Каква јамка? – Ужасно се бев исплашил. Некаква матна, но ужасна помисла ми проструи низ целата душа. Татјана Павловна ме погледна проникливо.

– А што правиш ти таму? – ме праша наеднаш. – Да не си нешто замешан и ти во тоа? Сум чула јас и за тебе, собери си го умот!

– Слушајте, Татјана Павловна! Ќе ви кажам една страшна тајна, само не веднаш, сега немам време, туку утре, кога ќе бидеме сами; но затоа вие кажете ми ја целата вистина: каква е таа јамка? . . . зашто целиот треперам . . .

– Многу ми е грижа што трепериш! – рече таа. – А за каква тајна сакаш да ми раскажеш утре? Зар навистина знаеш нешто? – се впи во мене со љубопитен поглед. – Си ѝ се заколнал тогаш дека Крафт го изгорел писмото.

– Татјана Павловна, повторно ви велам не мачете ме! – продолжив јас не одговарајќи на нејзиното прашање затоа што бев надвор од себеси. – Внимавајте добро, Татјана Павловна, поради тоа што криете од мене може да се случи несреќа . . . вчера тој беше сосем, наполно преороден!

– Фаќај го патот под нозете, будала! И самиот си како врапче вљубен, татко и син во ист предмет! Пих, срам да ви е!

Потоа исчезна, бесно треснувајќи ја вратата. Лут поради дрскиот, бесрамен цинизам на овие нејзини последни зборови – цинизам за кој е способна само жена – стрчнав длабоко навреден. Но, како што веќе ветив, нема да ги опишувам моите збркани чувства; ќе продолжам само да ги редам фактите кои сега ќе објаснат сѐ. Се разбира, пак навратив кај него и пак дознав од гувернантата дека воопшто не дошол.

– И воопшто ли нема да дојде?

– Само господ знае.

III

Факти, факти! ... Но дали читателот ќе може од нив да разбере нешто? Се сеќавам дека и мене самиот тогаш ме притискаа тие факти и дека не ми даваа ништо да сфатам, па главата пред крајот на тој ден ми беше сосем збунета. Поради тоа, со два-три збора ќе појдам напред.

Еве во што беа моите маки: ако тој синоќа се пpеродил и неа повеќе не ја сака, во тој случај каде се задржал денеска? Одговор: пред сè кај мене, со кого синоќа се прегрнуваше; а потоа кај мајка ми, чиј портрет синоќа го бакна. Но, наместо тоа, уште од „осамнување" го нема дома и некаде исчезнал, а Настасја Егоровна, не знам зошто, блада дека „тешко и да се врати". Па не само тоа, туку и Лиза раскажува за некаков крај на „вечната историја" и за тоа дека мајка ми има за него некои вести, и тоа најнови; освен тоа, таму, без сомневање, знаат и за писмото на Катерина Николаевна (тоа го забележав) и не веруваат во неговото „воскреснување во нов живот", иако ме слушаа внимателно. Мајка ми е столчена, а Татјана Павловна змиски се смее на зборот „воскреснување". Ако е тоа така, тогаш значи дека кај него преку ноќ се случил пресврт и пак има криза, и тоа по вчерашното восхитување, разнеженост и занес! Значи, целото тоа „воскреснување" пукнало како надуено меурче и тој сега можеби пак којзнае каде талка, исто онака бесен како тогаш, по онаа вест за Бјоринг! Настанува прашање: што ќе стане со мајка ми, со мене, со сите нас и ... и – што ќе стане, најпосле, со неа? За каква „јамка" дрдореше Татјана Павловна, испраќајќи ме кај Ана Андреевна? Значи, таа „јамка" е таму, кај Ана Андреевна! А зошто кај Ана Андреевна? Се разбира, ќе отрчам кај Ана Андреевна; само затоа што бев лут, реков дека нема да одам кај неа; веднаш ќе појдам. Но што рече Татјана Павловна за „документот"? И зар и тој вчера не ми рече: „Изгори го документот"?

Тие мисли ми се моткаа по главата, тоа ме давеше како јамка околу вратот; но што е најважно, т о ј ми беше потребен. Со него за миг би решил сè, тоа го чув-

ствував; би се разбрале со два збора! Би го фатил за раце и би го стегнал; би нашол во моето срце возбудливи зборови – фантазирав незапирливо. Би совладал секакво безумство! . . . Но каде е тој? Каде е? И токму во тој момент кога бев толку возбуден, мораше да изникне Ламберт! На неколку чекори пред мојот стан, наеднаш го видов Ламберта; тој извика весело кога ме виде, и ме фати за рака:

– Кај тебе бев веќе трипати ... Enfin![1]). Ајде да појдеме!

– Чекај! Си бил кај мене? Таму ли е Андреј Петрович?

– Таму нема никого. Остави ги сите! Ти си глупак; вчера се налути, беше пијан, а имам да ти раскажувам важни работи; денеска дознав прекрасни вести за она за кое разговаравме вчера ...

– Ламберт, – го прекинав задишано и брзо и без да сакам малку декламирајќи – застанав овде единствено со намера засекогаш да прекинам со тебе. Уште вчера ти реков, но ти не сакаш да разбереш. Ламберт, ти си дете и глуп Французин. Непрекинато си вообразуваш дека сме кај Тушар ... Но јас веќе не сум толку глуп како кај Тушар ... Вчера бев пијан, но не од виното, туку затоа што и без тоа бев возбуден; а тоа што го одобрував она што го дрдореше ти, тоа е затоа што се преправав за да можам да ги дознам твоите мисли. Те лажев, а ти се зарадува, и поверува, и дрдореше. Мојата женачка со неа е толку бесмислена, што во неа не би поверувал ни гимназист од пониските класови. Зар можеше да помислиш дека ќе поверувам во тоа? А ти поверува! Поверува поради тоа што не влегуваш во повисокото општество и што не знаеш како се работи кај нив. Не се прави тоа толку просто во отмените кругови, не може само тукутака да се омажи ... Јас сега ќе ти кажам отворено што би сакал ти: ти би сакал да ме одведеш и да ме напиеш, за да ти го предадам документот и со тебе да извршам некаква измама на Катерина Николаевна! Но, се лажеш! Нема никогаш да дојдам со тебе, а знај го и тоа дека утре

---

[1]) Најпосле!

или најдоцна задутре таа ќе ја има хартијата во своите раце, затоа што тој документ ѝ припаѓа нејзе, зашто таа и го пишувала; јас ќе ѝ го предадам лично и ако сакаш да знаеш каде, тогаш знај дека тоа ќе стане преку Татјана Павловна, нејзината познајница, во станот на Татјана Павловна, во присуство на Татјана Павловна и за документот нема да земам од неа ништо. А сега, да те нема одовде засекогаш, инаку ... инаку, Лемберте, нема да бидам многу учтив ...

Кога го завршив ова, целиот треперев. Многу грда навика, која во животот на човека му штети во секој поглед, е тоа кога некој човек не се држи природно. Ѓаволот ме наведе пред него да паднам во оган толку многу, што завршувајќи го мојот говор и со уживање нагласувајќи ги зборовите, сè посилно кревајќи го гласот, наеднаш толку се запалив што ја уфрлив и сосем непотребната подробност за тоа дека документот ќе го предадам преку Татјана Павловна, и тоа во нејзиниот стан! Но јас тогаш многу сакав да го изненадам! Кога го истресов тоа за документот толку отворено и го забележав неговиот страв, посакав уште да го зачудам и со точни подробности. И ете таа женска фалбаџиска дрдорливост подоцна беше причина за многу тешкотии, затоа што таа подробност за Татјана Павловна и нејзиниот стан веднаш се загнездила во неговата памет, како кај уценувач и човек вешт во ситни работи; во големи и важни работи тој е ништожен и ништо не разбира, но за вакви ситници сепак има усет. Да премолчев за Татјана Павловна, ќе беа одбегнати големи неволи. Меѓутоа, откако ме ислуша во првиот момент беше наполно изгубен.

– Слушај, промрмори тој – Алфонсина ... Алфонсина ќе ни пее. Алфонсина била кај неа; слушај, имам писмо, готово писмо, во кое Ахмакова зборува за тебе; сипаничавиот ми го набави, се сеќаваш ли за оној сипаничавиот, ќе видиш, ајде да одиме!

– Лажеш, покажи го писмото!

– Дома ми е, кај Алфонсина, ајде!

Се разбира, лажеше и бладаше од страв да не избегам од него; но јас го оставив среде улица, а кога појде по мене, застанав и му се заканив со тупаница.

Но тој веќе и самиот застана, се премисли и ме остави да си одам, можеби во главата веќе имаше нов план. Но уште не беше дошол крајот на моите изненадувања и средби . . . И кога ќе се сетам за тој несреќен ден, сè ми се чини како сите тие изненадувања и неочекуваности да се договориле меѓусебно и како да се струполија врз мојата глава од некој проклет рог на изобилството. Тукуштo ја отворив вратата од мојот стан, уште во претсобјето, се судрив со еден млад човек со висок раст, со долгманесто и бледникаво лице, со важна и „елегантна" надворешност и во скапоцена бунда. На носот имаше очила и штом ме виде ги симна (очигледно од учтивост) и кревајќи го цилиндарот, впрочем не застанувајќи љубезно ми рече со фина насмевка: „Ah bonsoir[1]") и мина покрај мене на скалите. Веднаш се познавме еден со друг, иако јас него сум го видел само еднаш во животот, попатно, во Москва. Тоа беше брат ѝ на Ана Андреевна, камерјункер, младиот Версилов, син на Версилов, значи донекаде и мој брат. До вратата го испрати газдарицата (газдата уште не беше вратен од канцеларија). Кога излезе, јас неа ја нападнав:

– Што прави тој овде? Беше ли во мојата соба?

– Не беше во вашата соба. Дојде кај мене . . . – брзо и суво отсече таа и ми го сврти грбот.

– А не, не може така, – извикав јас – одговорете ми зошто дошол?

– Ах, боже мој! Зар морам да ви кажувам зошто доаѓаат луѓето. Ми се чини барем дека и ние смееме да имаме свои работи. Можеби овој млад човек сакал да бара пари од мене, можеби се распрашувал за некоја адреса. Можеби минатиот пат веќе сум му ветила дека . . .

– Како минатиот пат?

– Ах, боже мој! Па тој не е за првпат овде!

И си отиде. Пред сè, јасно ми беше дека овде се менува тонот: почнаа грубо да разговараат со мене. Беше јасно дека е тоа некоја тајна; тајните се натрупу-

---

[1]) А, добровечер!

ваа на секој чекор, секој час. За првпат младиот Версилов дојде со својата сестра, со Ана Андреевна, кога бев болен; тоа многу добро го запомнив, како и тоа дека Ана Андреевна вчера ми навести една чудна работа: дека стариот кнез можеби ќе се настани кај мене ... Но сето тоа беше толку заплеткано што речиси ништо не умеев да мислам за тоа. Се фатив за челото и не одморувајќи се ни малку, отрчав кај Ана Андреевна. Ја немаше дома, а од вратарот дознав дека „отишле во Царско Село и дека можеби ќе се вратат дури утре во ова време.“

„Отишла, значи, во Царско Село, кај стариот кнез, се разбира, а нејзиниот брат го разгледува мојот стан! Не, тоа нема да се случи – чкртнав со забите и ако, всушност, и има некаква јамка, јас ќе ја заштитам „кутрата жена“!

Откај Ана Андреевна не отидов дома затоа што во мојата запалена глава ми светна мислата дека Андреј Петрович има обичај во своите мрачни часови да доаѓа во гостилницата на каналот. Зарадуван од тоа дека се сетив веднаш јурнав таму; веќе беше околу четири часот и почна да се стемнува. Во гостилницата ми соопштија дека дошол: „Се задржаа малку и си излегоа, а можеби пак ќе дојдат“. Јас решив, ако е возможно да го почекам и порачав ручек; барем имав надеж.

Ручав, многу се најадов, само за да имам право што подолго да се задржам; така, мислам, преседив четири часа. Нема да ја опишувам мојата тага и трескавата нестрпливост; како сѐ во мене внатре да се згрчи и трепереше. Музиката, гостите – о, целата жална здодевност ми се врежа во душата, можеби за цел живот! Нема да ги опишувам мислите што ми се моткаа по главата како некој облак од суви лисја, во есен, по бурен виор; навистина сѐ личеше на тоа и признавам чувствував дека одвреме навреме почнува да ме изневерува здравиот разум.

Уште до болка ме мачеше се разбира (попатно отстрана, покрај главната мака) еден наметлив, отровен впечаток – наметлив како отровна есенска мува, за која не мислиш, но која сепак се врти околу тебе, ти

пречи и ненадејно силно те боцнува. Тоа беше еден спомен, еден настан за кој уште никогаш во животот не сум раскажувал. Еве во што е работата, зашто треба и тоа некаде да го раскажам.

IV

Кога беше решено да отпатувам од Москва во Петроград, ми соопштија по Николај Семјонович да причекам за да ми се исплати патниот трошок. Од кого ќе дојдат парите, за тоа не се распрашував; знаев дека ќе стигнат од Версилов, но бидејќи тогаш деноноќно, со премирање на срцето и со горди планови, мечтаев само за состанокот со Версилов, престанав воопшто да зборувам за него, дури и со Марија Ивановна. Впрочем, напомнувам, имав и мои пари за пат; но сепак се решив да чекам; покрај другото мислев дека парите ќе стигнат по пошта.

Николај Семјонович, кога дојде еднаш дома, ми кажа (по својот обичај, кратко и без заобиколување) дека утре околу единаесет часот изутрина треба да одам на Мјасницка, во куќата и станот на кнезот В-ски, дека таму камерјункерот Версилов, синот на Андреј Петрович, кој дошол од Петроград и отседнал кај својот школкси другар од лицејот, кнезот В-ски, ќе ми ја предаде сумата што ми се испраќа за пат. Изгледаше дека е работата сосем проста: зошто Андреј Петрович да не му ги довери парите и порaката на својот син, наместо да ги испраќа по пошта. Сепак таа вест речиси на неприроден начин ме потресе и исплаши. Без сомневање Версилов сакаше да ме доведе во врска со својот син, мојот брат; на тој начин ми се оцртуваа намерите и чувствата на човекот за кого мечтаев. Но тука сега се поставуваше и едно прашање кое за мене беше многу важно: како да се однесувам, како би требало да се однесувам при оваа неочекувана средба, а со ништо да не го повредам моето лично достоинство?

Утредента, точно во единаесет часот дојдов во ергенскиот стан на кнезот В-ски кој, како што на прв поглед можев да забележам, беше раскошно наместен,

со лакеи во ливреи.[1]) Се задржав во претсобјето. Од внатрешните соби се слушаше гласен разговор и смеа; освен камерјункерот кнезот имаше и други гости. Му наредив на лакејот да ме пријави, ми се чини со малку горди зборови: за секој случај, одејќи тој ме погледна чудно и, како што ми се чинеше, не со онолку почит колку што би требало. За мое изненадување, пријавувањето потраа прилично долго време, цели пет минути: меѓутоа, оттаму непрекинато се слушаше истата смеа и џагор.

Се разбира, чекав стоејќи и многу добро знаев дека како на „господин" не ми прилега тоа и дека не смеев да седнам во претсобјето, каде што беа лакеите. Сам по своја волја, без специјална покана, поради гордоста никако не сакав да влезам во салонот: можеби поради претераната гордост, но така мораше да биде. За мое изненадување, двајцата лакеи што останаа беа толку дрски, што седнаа во мое присуство. Им го свртив грбот за да не го забележам тоа, но сепак почнав да треперам со целото тело, па наеднаш се свртив и му пристапив на еден лакеј кому му наредив „веднаш" да отиде и уште еднаш да ме пријави. И покрај мојот строг поглед и големо возбудување лакејот ме погледна мрзливо и не стана, а наместо него ми одговори поговиот другар:

– Пријавен сте, не беспокојте се!

Решив да чекам само уште една минута, па и помалку, а потоа б е з у с л о в н о да си одам. Истакнувам дека бев облечен многу пристојно: костумот и горното палто ми беа нови, а долната облека сосем чиста, за кое се погрижи, посебно за овој случај, самата Марија Ивановна. За овие лакеи, многу подоцна, во Петроград, с и г у р н о дознав дека чуле од слугата на Версилов уште спроти оној ден: „Ќе дојде еден вонбрачен брат и студент". Тоа сега го знам сигурно.

Помина една минута. Чудно е чувството што го има човек кога се решава за нешто а не може да се реши. „Дали да си одам или не, дали да си одам или

---

[1]) Специјална униформа за вратари и сл.

не?“ – го повторував тоа секој момент како во треска; најпосле се појави оној лакеј што отиде да ме пријави. Во неговите раце, меѓу прстите, се виореа четири црвени банкноти, четириесет рубли.

– Еве, повелете да примите четириесет рубли!

Јас вивнав. Тоа беше тешка навреда! Целата мината ноќ мечтаев за средбата на двајца браќа што ја подготви Версилов; цела ноќ во треска сонував за тоа како да се држам, да не изгубам ништо свое, да не го изгубам својот циклус на идеи што ги одгледав во осамениот живот и со кои можам да се гордеам во кое и да било општество. Мечтаев за тоа колку ќе бидам благороден, горд и малку тажен, можеби и во друштво на кнезот В-ски и на тој начин ќе влезам право во тој свет – о, јас не се штедам себеси, ако, нека биде: потребно е тоа да се забележи точно во сите подробности! И наеднаш – четириесет рубли по лакејот, во претсобјето, дури и по десет минути чекање и тоа директно од раката на лакејот, а не на послужавник, не во плик.

Толку силно му викнав на лакејот, што овој се исплаши и скокна; му наредив веднаш да ги однесе парите назад и „господинот сам да ги донесе“ – со еден збор, моето барање, се разбира, на лакејот не му беше јасно и, се разбира, тој не го разбра. Сепак, толку силно му викнав нему што тој избега. Освен тоа, и во салата, изгледа, го чуле моето викање – и џагорот и смеата стивнаа.

Речиси веднаш чув чекори, измерени, бавни, меки и на прагот од претсобјето се појави една висока фигура на убав и надуен момчак (тогаш ми се стори уште поблед и посув, отколку при денешната средба). Не дојде сосем до прагот, стоеше два-три чекори пред вратата. Беше во скапоцена домашна облека од црвена свила и носеше местри; имаше очила на носот. Не прозборувајќи ни збор, го управи погледот низ очилата на мене и почна да ме гледа. Јас, како ѕвер, му пристапив еден чекор поблиску и застанав пркосно, гледајќи го предизвикувачки. Тој ме гледаше само еден миг, само десетина секунди; наеднаш на неговите усни се појави една речиси незабележлива на-

смевка, но многу зајадлива, зајадлива токму затоа што беше речиси незабележлива; без збор тој се сврти и пак отиде во собата, исто онака без брзање, исто онака тивко и лесно, како и што дојде. О, тие што навредуваат се научуваат да навредуваат уште во детството, уште кај своите мајки! Се разбира, јас се збунив . . . А зошто се збунив тогаш?

Речиси во истиот момент пак се појави истиот лакеј, пак со банкнотите во рацете:

– Повелете да ги примите, ви ги испраќаат од Петроград, а не можете лично да бидете примен; „другпат, некогаш, кога господинот ќе има повеќе време“. Почувствував дека последните зборови ги додаде самиот. Мојата збунетост траеше и понатаму. Ги зедов парите и тргнав кон вратата; имено, ги зедов затоа што бев збунет, а не требаше да ги земам; но лакејот, за да ми се одмазди, се разбира, си допушти себеси една лакејска дрскост; тој ја отвори пред мене вратата и, држејќи ја широко отворена, важно и нагласено ми рече кога поминував покрај него:

– Повелете!

– Никаквецу! – викнав јас и замавнав со раката на него, но веднаш ја спуштив. – И твојот господар е никаквец! Веднаш да му го кажеш тоа! – додадов и брзо излегов на скалите.

– Како смеете да го кажете тоа! Кога тоа би му го рекол на господарот, би можеле веднаш со едно ливче да ве одведат в полиција. А не смеете ни рака да кревате . . .

Слегував по скалите. Скалите беа за свечености, наполно отворени и одозгора можеа целиот да ме видат додека слегував по црвениот ќилим. Тројцата лакеи излегоа и стоеја горе крај оградата. Се разбира, решив да молчам; секако дека не смеев да се карам со лакеите. Слегов по скалите не забрзувајќи го чекорот; дури мислам дека одев побавно.

О, можеби има филозофи (срам да им е!) кои ќе речат дека тоа се само глупости, само надуеност на еден пилиштарец – можеби е така, но за мене тоа беше рана и тоа рана која ни денеска не е зарастена, дури ни до сегашниот момент кога го пишувам ова и

откога сè е свршено и одмаздено. О, се колнам! Не сум злобен ни одмаздлив. Без сомневање, секогаш имав речиси болна желба да се одмаздам кога некој ќе ме навреди, но се колнам, само со великодушност. Да можам да му се одмаздам со великодушност, но така што да почувствува, да сфати – со тоа би бил задоволен! Во овој момент сакам да го додадам и ова: дали е така и кај другите? А тогаш, о тогаш дојдов со великодушни чувства, кои можеби беа и смешни, но ако – подобро да се и смешни и великодушни, отколку несмешни, а подмолни, обични, просечни!

За оваа средба со „братот" никогаш не сум раскажувал дури ни на Марија Ивановна, дури ни на Лиза во Петроград; оваа средба беше за мене како срамна шлаканица . . . И сега наеднаш го среќавам тој господин во моментот кога најмалку очекував; ми се насмевнува мене, ми симнува шапка, многу пријателски ми вели: „Bonsoir!". Се разбира, имав за што да размислувам . . . Но раната се отвори!

V

Откако преседив повеќе од четири часа во гостилницата, наеднаш отрчав како замајан пак кај Версилов и, се разбира, пак не го најдов дома – воопшто не дошол; гувернантата беше нерасположена и наеднаш ме замоли да ѝ ја испратам Настасја Егоровна; а зар мене ми беше до тоа! Отрчав кај мајка ми, но не влегов, туку ја викнав Лукерја во ходникот; од неа дознав дека Версилов не дошол и дека ни Лиза не е дома. Видов дека и Лукерја сакаше нешто да праша, можеби нешто и да ме замоли, но мене не ми беше до тоа! Ми остануваше уште последната надеж: да не навратил кај мене, но во тоа повеќе не верував.

Веќе спомнав дека го загубив здравиот разум. И, еве, во мојата соба наеднаш ја затеков Алфонсина и мојот газда. Навистина, тие излегуваа, а Петар Ипполитович во рацете држеше свеќа.

– Што е ова! – речиси лудачки му се развикав на

газдата. – Како смеевте да ја воведувате оваа небидница во мојата соба?.

– Tiens! – извика Алфонсина. – Et les amis?[1])

– Надвор! – викнав јас.

– Mais c'est un ours![2]) – рече таа и летна во ходникот, преправајќи се дека божем се исплашила и во еден миг се скри кај газдарицата. Петар Ипполитович, уште со свеќата во рацете, ми пристапи и рече строго:

– Допуштете ми да ви обрнам внимание, Аркадиј Макарович, дека без потреба се лутите; колку и да ве цениме, но мамзел Алфонсина не е небидница, напротив, таа дојде во посета и тоа не кај вас, туку кај мојата жена, со која се познава веќе извесно време.

– А како смеевте да ја воведувате во мојата соба? – повторив јас, фаќајќи се за главата, која наеднаш ужасно ме заболи.

– Сосем случајно. Влегов да го затворам прозорецот што го отворив за да влезе свеж воздух; и бидејќи со Алфонсина разговаравме, таа, за да не го прекинуваме разговорот, влезе во собата по мене.

– Не е вистина! Алфонсина е шпион; Ламберт е шпион! Можеби и вие самиот сте шпион! А Алфонсина дошла во мојата соба да украде нешто.

– Тоа е наполно ваша работа. Денеска зборувате едно, а утре ќе зборувате друго. Инаку, јас мојот стан го издадов за извесно време и со жената ќе се преселам во сопчето, така што Алфонсина Карловна е сега овде речиси исто толку станарка, како вас.

– Сте го издале ли станот од Ламберт? – викнав зачудено.

– Не, не од Ламберта, – одговори тој и на лицето му се појави онаа широка насмевка од изутрината, во која впрочем ја немаше веќе утринската недоумица, туку наместо неа се гледаше решителност – се надевам дека веќе и самиот знаете колку и залудно се

[1]) А пријателите?

[2]) Овој е мечка!

правите како да не знаете, само за да изгледа поубаво, а затоа и се лутите. Добра ноќ!

– Да, да, оставете ме, оставете ме на мир! мавнав со рацете готов да заплачам, така што тој ме погледна зачудено, но сепак излезе. Јас заклучив вратата и легнав ничкум на креветот со лицето на перницата. Ете така мина првиот ужасен ден од оние три последни судбоносни денови со кои ќе завршат моите белешки.

ДЕСЕТТА ГЛАВА

I

Пак сум принуден да ги испреварам настаните и да му објаснам на читателот барем нешто однапред, зашто во логичниот тек на оваа историја се заплеткаа многу случајности, така што не би можеле да се снајдете во нив ако однапред не ги објаснам. Работата беше во „јамката“ за која говореше Татјана Павловна. А таа јамка беше во тоа што Ана Андреевна најпосле се осмелила на најдрскиот чекор што можеше да се замисли во нејзината ситуација. Навистина беше карактер! Иако стариот кнез, под изговор дека тоа го бара неговото здравје, беше во свое време заточен во Царско Село, така што веста за неговиот брак со Ана Андреевна не можеше да се рашири меѓу луѓето и беше навреме, тукуречи, во никулецот задушена, сепак тој немоќен старец, со кого можеше да се стори сè, за ништо на светот не би се согласил да се откаже од својата намера и така да ја излаже Ана Андреевна, која го бараше. Во такви работи тој беше кавалер, така што, порано или подоцна, ненадејно би можел да се спротиви и да пристапи кон извршувањето на својата намера со незапирлива сила, што многу често се случува токму кај слабите карактери, зашто кај нив постои граница до која не треба да се доведуваат. Освен тоа, тој беше наполно свесен за незгодната положба на Ана Андреевна, која бескрајно ја почитуваше; беше свесен за можноста за озборување меѓу луѓето, од подбивање и сплетки на нејзина сметка. При-

времено го смируваше и задржуваше само тоа што Катерина Николаевна, ни со збор ни со алузија, во негово присуство, ниеднаш не се изрази лошо за Ана Андреевна, ниту со нешто ѝ се спротивставила на татковата намера да се ожени со неа. Напротив покажуваше голема срдечност и внимание спрема свршеницата на својот татко. На тој начин Ана Андреевна е доведена во многу незгодна положба. Таа фино сфати со својот женски инстинкт дека и со најмала забелешка против Катерина Николаевна, која кнезот, исто така, ја обожаваше, а сега повеќе од кога и да било, токму затоа што така срдечно и со почитување му дозволи да се ожени – дека и со најмала забелешка против неа би ги навредила сите нежни чувства на кнезот и би предизвикала во него недоверба спрема себеси и можеби дури и негодување. Така, значи, на тоа поле привремено се водеше бо́рба: двајца натпреварувачи се натпреваруваа во деликатност и трпливост, а кнезот, на крајот, не знаеше веќе на која од двете повеќе да ѝ се восхитува и, според обичајот на сите слаби луѓе со нежно срце, заврши со тоа што почна да страда тој самиот и за сѐ да се обвинува единствено себеси. Велат дека од тага најпосле се разболил; неговите нерви попуштиле и, наместо закрепување во Царско Село, велат дека дошло до тоа што морал да легне в кревет.

Овде во заграда го бележам она што го дознав многу подоцна: се зборувало дека Бјоринг отворено ѝ предлагал на Катерина Николаевна да го одведат старецот во странство (откако на тоа ќе го натераат со некаква измама), а да објават меѓу луѓето, во доверба, дека станал наполно непресметлив и во странство да добијат уверение за тоа. Но Катерина Николаевна никако не сакала да се согласи со тоа; така барем се тврдело подоцна. Велат дека со негодување го одбила тој предлог. Тоа се само гласови – но јас верувам во нив.

Кога работата дошла, така да се каже, до полна безизлезност, Ана Андреевна ненадејно, дознава од Ламберта дека постои едно писмо во кое ќерката се советувала со адвокатот за тоа како нејзиниот татко

да биде прогласен за непресметлив. Нејзиниот горд и желен за одмазда карактер се возбудил до крајност. Сеќавајќи се за поранешните разговори со мене и доведувајќи во врска многу ситни околности, таа не можеше да се посомнева во точноста на тоа соопштение. Тогаш во тоа цврсто, нескршливо женско срце неотповикливо узреа планот за решителен чекор. Планот се состоеше во тоа, ненадејно, без никаков увод и подготовка, наеднаш се да му каже на кнезот, тој да се исплаши, да се потресе, да му се укаже на тоа дека бездруго него го чека лудницата – а ако тој се спротивстави и почне да не верува, тогаш да му се покаже и писмото на неговата ќерка: „Кога веќе еднаш постоела намера да го прогласат за непресметлив, сега има уште повеќе причини за тоа, со желба да се спречи неговата женачка." Најпосле, исплашениот и здробен старец што поскоро да се превезе во Петроград – право во мојот стан.

Тоа беше ужасна смелост, но Ана Андреевна цврсто се надеваше во својата моќ. Овде, оддалечувајќи се за момент од раскажот и зафаќајќи многу однапред, изјавувам дека таа не се излажа во поглед на последиците од овој чекор; дејството ги надмина сите нејзини очекувања. Веста за писмото му остави на кнезот можеби неколкупати посилен впечаток отколку што сите ние, и таа, претпоставувавме. До тоа време немав ни поим дека кнезот веќе нешто знаел за тоа писмо, уште отпорано, но, според обичајот на сите слаби и нерешителни луѓе, тој не поверувал во тој глас и се бранел од него со сета сила, само за да остане мирен; не само тоа, туку себеси се обвинувал дека не е доволно благороден затоа што толку лесно поверувал. Додавам, исто така, дека самото постоење на тоа писмо дејствуваше и врз Катерина Николаевна многу посилно отколку што тогаш очекував . . . Накратко, таа хартија излезе многу поважна отколку што претпоставував јас, кој ја носев в џеб. Но, ете, пак отидов премногу напред.

Некој ќе праша: што ќе прави кнезот кај мене, во мојот стан? Зошто да го пренесуваат кнезот во нашите бедни собчиња и можеби само да го заплашат со на-

шиот беден мебел? Ако веќе не може во својата куќа (бидејќи таму можеа сè да оневозможат, зошто да не го одведат во некој специјален „богат" стан, како што предлагал Ламберт? Но во тоа и беше сета смелост на извонредниот чекор на Ана Андреевна.

Најважно беше да му се покаже на кнезот документот, веднаш по неговото доаѓање. Јас, меѓутоа, досега воопшто не го дадов документот. Но, бидејќи веќе не можеше да се денгуби, Ана Андреевна, надевајќи се во својата моќ, реши да ја започне работата и без документот, но со тоа кнезот да го доведе право кај мене – зошто? За да може со тој единствен чекор да ме фати и мене, како што вели пословицата: со еден удар да убие два зајака. Сметаше и врз мене да влијае со извонредниот удар, со потресот, со неочекуваноста. А таа си мислеше дека, кога ќе го здогледам старецот кај себе и ќе ја видам неговата уплашеност, беспомошност и ќе ги чујам молбите на сите нив – ќе се предадам и ќе го покажам документот! Признавам, сметката беше лукава и паметна, психолошки образложена, дури – за малку што не постигна успех . . . А што се однесува до старецот, Ана Андреевна тогаш го наговори, и го принуди да ѝ поверува, само на збор – со тоа што отворено му рече дека го вози кај мене. Сето тоа го дознав подоцна. Веќе самата таа вест дека е документот кај мене ги разби во неговото плашливо срце последните сомневања во веродостојноста на фактот – толку ме сакаше и ценеше мене!

Напомнувам дека и самата Ана Андреевна ни за момент не се сомневаше оти е документот уште кај мене и дека уште не сум го испуштил од раце. Таа погрешно го оцени мојот карактер и цинички сметаше со мојата невиност и простодушност, дури и со чувствителноста; а, од друга страна, си мислеше дека, и ако се решам писмото да ѝ го предадам на Катерина Николаевна, тоа ќе го сторам во некои специјални околности; и, ете, брзаше тие околности да ги спречи со неочекуваноста, со налет, со удар.

И, најпосле, во сето тоа неа ја уверил и Ламберт. Веќе реков дека Ламбертовата ситуација во тоа време беше многу критична; тој предавник сакаше од сè

срце да ме оддалечи од Ана Андреевна и заедно со него да ѝ го продадам документот на Ахмакова, што од некои причини го сметаше за подоходно. Но, бидејќи јас никако не сакав да го дадам документот до последниот момент тој се реши, во краен случај да ѝ помогне и на Ана Андреевна, за да не остане без никаква корист и поради тоа до последниот момент ѝ се натураше со своите услуги и знам предлагаше ако затреба да доведе дури и свештеник . . . Но Ана Андреевна со презрива насмевка го замоли да не го спомнува тоа. Ламберт ѝ се чинеше ужасно несмасен и кај неа предизвикуваше голема одвратност; меѓутоа од претпазливост, сепак ги прифати неговите услуги кои се состоеја, на пример, во шпионирање. Попатно речено, ни до денеска не знам дали го поткупиле Петар Ипполитович, мојот газда, или не, дали тогаш примил нешто од нив за услугите или во нивното друштво влегол просто заради уживање во интриги; секако, и тој ме шпионираше, како и неговата жена – тоа го знам сигурно.

Читателот сега ќе може да разбере дека, иако делумно бев однапред известен, сепак не можев ни да сонувам оти, утре или задутре ќе го најдам стариот кнез во мојот стан и во такви околности. Како можев и да замислам толкава дрскост на Ана Андреевна? Со зборови можат да се кажат и да се спомнат многу работи, но човек да донесе одлука и да мине на извршување на едно дело – ви велам, тоа го може само карактер!

II

Продолжувам.

Утредента се разбудив доцна, а спиев необично цврсто и без соништа, за што се сеќавам со чудење, така што, разбудувајќи се, пак почувствував необична морална свежина, како да го немало вчерашниот ден. Решив да не одам кај мајка ми, туку да одам право во гробишната црква, а по обредот да навратам во станот на мајка ми и да не ја оставам цел ден. Бев

цврсто уверен дека Версилов во секој случај денеска ќе го видам кај мајка ми, порано или подоцна – но бездруго.

И Алфонсина и газдата веќе одамна си беа отишле од дома. Газдарицата не сакав ништо да ја испитувам и воопшто решив со нив да ги прекинам сите односи, дури и да го менам станот што поскоро; и поради тоа пак се заклучив штом ми донесоа кафе. Наеднаш некој почна да чука на мојата врата. Какво изненадување – тоа беше Тришатов.

Веднаш му ја отворив вратата и, зарадуван, го замолив да влезе. Но тој не сакаше.

– Имам да ви кажам само два збора однаврата . . . или пак да влезам, зашто изгледа овде треба да се зборува со шепотење; само нема да седнам. Се чудите поради моето грдо палто: тоа е затоа што Ламберт ми ја зеде бундата.

Навистина, тој имаше едно износено старо палто, премногу долго за неговиот раст. Стоеше пред мене, мрачен и тажен, со рацете во џебовите и не симнувајќи ја шапката.

– Нема да седнам, нема да седнам. Слушајте, Долгоруки, не знам подробности, но знам дека Ламберт ви подготвува некакво предавство, блиско и неминовно – тоа е сигурно. Според тоа, пазете се. Мене ми кажа сипаничавиот – се сеќавате ли за него? Но не ми кажа во што е работата, па не можам ништо повеќе да ви објаснам. Дојдов само да ви обрнам внимание – збогум!

– Седнете, драги Тришатов! Иако брзам, сепак ми е мило што дојдовте . . . – му реков јас.

– Нема да седнам, нема да седнам; а тоа што се радувате оти дојдов, нема да го заборавам. Ех, Долгоруки, зошто да ги измамувам луѓето: јас свесно, по своја волја се согласив со секаква лошотија и со такви нискости што ми е срам и да ви кажам. Сега сме кај сипаничавиот . . . Збогом. Не заслужувам да седнам кај вас.

– Ама немојте драги Тришатов . . .

– Не, чујте, Долгоруки, пред сите луѓе јас сум дрзок и сега ќе почнам да пијанчам. Наскоро ќе имам

уште поубава бунда и ќе се возам во луксузна кола. Но во себеси ќе знам дека кај вас не сум седнал затоа што сум се осудил на тоа, затоа што сум пред вас подлец. Тоа сепак ќе ми биде пријатен спомен кога ќе го почнам нечесното пијанчење. Па, збогум, збогум! Ни рака нема да ви подадам; ни Алфонсина не сака да ја прими мојата рака. И ве молам немојте да одите по мене, ниту да ме посетувате; нека биде тоа договор меѓу нас.

Овој мал чудак се сврти и излезе. Тогаш немав време, но решив, што поскоро, штом ќе ги уредам моите работи, бездруго да го побарам.

Нема да опишувам сѐ што стана тоа утро, иако многу работи би можеле да се спомнат. Версилов не дојде в црква, на закоп, а судејќи по нивните лица, можеше уште пред изнесувањето на покојникот да се дојде до заклучок дека в црква не го ни очекуваа. Мајка ми се молеше побожно и очигледно целата ѝ се предаде на молитвата. Крај ковчегот беа само Татјана Павловна и Лиза. Но нема да опишувам ништо, ништо. По закопот сите се вратија и седнаа на масата и пак по нивните лица заклучив дека веројатно ни на ручек не го очекуваа. Кога станаа од масата, јас ѝ пристапив на мајка ми, топло ја прегрнав и ѝ го честитав роденденот; по мене истото го стори и Лиза.

– Слушај, брате, – ми шепна скришно Лиза – тие го чекаат него.

– И јас забележувам, Лизо, гледам.

– Сигурно ќе дојде.

Значи дека имаат точни известувања, си помислив но не сакав да прашувам. Иако не опишувам што чувствував, сепак морам да кажам дека оваа загатка, и покрај мојата бодрост, наеднаш пак го притисна моето срце како камен. Сите седевме во салонот крај тркалезната маса околу мајка ми. О, колку ми беше тогаш пријатно дека сум со неа и дека ја гледам! Мајка ми наеднаш ме замоли да прочитам нешто од Евангелието. Прочитав една глава од Лука. Таа не плачеше, дури не беше ни многу нажалена, но нејзиното лице никогаш не ми се стори толку духовно осветлено. Во нејзиниот благ поглед сјаеше некаква

мисла, инаку не можев да забележам дека чека што и да било со нестрпливост. Разговорот непрекинато течеше; многу се спомнуваше покојникот. Татјана Павловна раскажуваше за него многу работи кои мене порано ми беа непознати. Да го запишев тоа, ќе беше многу интересно. Таа дури наполно го измени својот надворешен изглед: беше многу тивка, многу блага и, што е главно, многу спокојна, иако многу зборуваше за да ја разоноди мајка ми. Една подробност добро запомнив: мајка ми седеше на канабето, а лево од него, на тркалезното масиче, се наоѓаше, како пригготвена со некаква намера, една стара икона на двајца светители без оков, само со венчиња на главите. Таа икона му припаѓаше на Макар Иванович – тоа го знаев, а го знаев и тоа дека покојникот никогаш не се одделувал од таа икона и дека ја сметаше за чудотворна. Татјана Павловна неколкупати погледна во неа.

– Чуј, Софијо, – рече таа наеднаш, менувајќи го предметот на разговорот – зошто иконата да лежи, зар не би било подобро да стои на масата, потпрена на ѕидот и да се запали кандило пред неа?

– Не, подобро е вака како што е сега! – одговори мајка ми.

– Имаш право. Инаку би изгледало премногу свечено . . .

Тогаш ништо не разбрав, а работата беше во тоа што таа икона Макар Иванович одамна усно му ја завештал на Андреј Петрович и мајка ми сега се готвеше да му ја предаде.

Беше веќе пет часот попладне; нашиот разговор продолжуваше; наеднаш на лицето на мајка ми забележав некакво сепнување; брзо се исправи и почна да наслушнува, додека Татјана Павловна, која зборуваше, продолжи да говори, не забележувајќи ништо. Се свртив и јас кон вратата и, по еден миг, го забележав Андреј Петрович. Не дошол на главниот влез, туку по споредните скали, низ кујната и ходникот; мајка ми, единствена меѓу сите нас, ги слушнала неговите чекори. Сега ќе ја опишам безумната сцена што настапи; гест по гест; збор по збор; сцената беше кратка.

Прво, на неговото лице, барем на прв поглед, не забележав никаква промена. Беше облечен како секогаш, то ест елегантно. Во рацете носеше мал, но скап букет свежи цвеќиња. И пристапи на мајка ми и ѝ го предаде со насмевка; таа го погледна уплашено во недоумица, но го зеде букетот и наеднаш слабо црвенило ги оживи нејзините бледи образи, а во очите ѝ светна радост.

– Знаев дека така ќе го примиш Соња! – рече тој.

Откако сите станавме, кога влезе, пристапувајќи кон масата, тој ја зеде фотелјата на Лиза, која стоеше лево од мене и, не забележувајќи дека зазема туѓо место, седна во неа. На тој начин се најде пред масичката на која се наоѓаше иконата.

– Здраво на сите. Соња, бездруго сакав да ти го донесам овој букет денеска, на твојот роденден, и поради тоа не дојдов на закоп, за да не му пристапам на мртовецот со букетот; а знам дека и ти самата не ме чекаше на закопот. Старецот сигурно нема да се лути поради тоа; и самиот ни остави во аманет радост, не е ли така? Мислам како да е и тој овде некаде во собата.

Мајка ми го погледна чудно; Татјана Павловна затрепери.

– Кој е овде во собата? – праша таа.

– Покојникот. Да го оставиме тоа. Вие знаете дека човек кој не верува во чуда, дури најмногу е склон кон предрасуди . . . Но подобро да зборуваме за букетот: не можам да сфатам како го донесов. Трипати по пат ми доаѓаше да го фрлам во снегот и да го изгазам со нога.

Мајка ми затрепери.

– Ужасно го сакав тоа. Имај сожалување спрема мене Соња и спрема мојата бедна глава. Тоа ми доаѓаше затоа што е премногу убав. Зар има на светот нешто поубаво од цвеќе? Го носам, а насекаде снег и мраз. Нашиот мраз и цвеќе – каква спротивност! Впрочем, не сакав да зборувам за тоа: просто имав волја да го згмечам затоа што е убав. Соња, сега пак ќе заминам, но многу брзо ќе се вратам, затоа што, ми се чини, ќе почнам да се плашам. А кога ќе ме

фати страв – кој ќе ме лекува од стравот, каде да најдам ангел како што е Соња? Каква ви е оваа икона? А, на покојникот, се сеќавам. Тоа му е семејна икона, дедовска; цел век не се одделуваше од неа; знам, се сеќавам, мене ми ја завешта; многу добро се сеќавам . . . и изгледа дека е расколничка . . . дајте да ја видам.

Тој ја зеде иконата в раце, ја принесе до свеќата и ја загледа внимателно, но ја држеше само неколку моменти, па ја стави на масата пред себе. Јас бев изненаден, но сите овие негови чудни зборови беа изговорени толку неочекувано што во срцето ми влезе мачен страв. Стравот на мајка ми преминуваше во сомневање и сожалување; таа во Версилов гледаше, пред сè, несреќен човек; се случуваше тој и порано понекојпат да зборува чудно како сега. Лиза наеднаш силно побледи и ми го покажа него со главата. Но најмногу се исплаши Татјана Павловна.

– Што ви е, драги Андреј Петрович? – рече таа претпазливо.

– Верувајте, не знам што ми е драга Татјана Павловна. Не вознемирувајте се, јас сè уште се сеќавам дека сте вие Татјана Павловна – и дека сте мила. Дојдов само за една минута; сакав да ѝ кажам на Соња некој убав збор и го барам тој збор, иако ми е срцето полно со зборови кои не умеам да ги искажам; верувајте, сè некои чудни зборови. Знаете, ми се чини како целиот да се разделувам – нè погледна сите со страшно сериозно лице и со најискрена отвореност. – Верувајте, се разделувам во душата и многу ми е страв поради тоа. Како божем покрај мене да стои мојот двојник, јас сум паметен и разумен, а тој бездруго сака да стори некаква бесмислена, а понекогаш весела работа; и наеднаш забележувам дека и сам сакам да ја сторам таа весела работа; а не знам зошто, то ест некако без да сакам, спротивставувајќи се со сета сила. Познавав еднаш еден лекар кој на погребот на својот татко, в црква, наеднаш почна да свирка. Верувајте, се плашев денеска да дојдам на закоп затоа што однекаде си увртив во главата дека ќе засвиркам или гласно ќе се смеам, како оној несреќен лекар, кој доста жално заврши . . . И не знам

од каде денеска непрекинато ми се врти во главата тој лекар; толку многу, што не можам да се ослободам. Еве, Соња, пак ја зедов иконата – ја зеде иконата и ја вртеше во рацете – и, знаеш, еве во овој момент ми се присакува да ја треснам од печкана, од оној раб онаму. Уверен сум дека би се скршила на две половини, ни повеќе ни помалку.

Главно е што сето тоа го изговори без никакво преправање, или некој испад; зборуваше сосем обично, но дотолку беше пострашно; и изгледа дека од нешто навистина ужасно се плашеше; наеднаш забележав дека рацете му потреперуваат.

– Андреј Петрович! – извика мајка ми удирајќи со рацете.

– Остави ја, остави ја иконата, Андреј Петрович, остави ја, пушти ја! – скокна Татјана Павловна. – Соблечи се и легни. Аркадиј, викни го докторот!

– Но . . . но зошто сте се исплашиле толку? – рече тој тивко, гледајќи нè сите со вкочанет поглед. Потоа наеднаш ги стави обата лакти на масата и се потпре на рацете:

– Ви задавам страв; ех, драги мои, еве една молба, направете ми една разонода, седнете пак, смирете се сите – барем за една минута! Соња, не дојдов да зборувам за тоа; дојдов да кажам нешто, но сосем друго. Збогум, Соња, пак се готвам да отпатувам, како што веќе неколкупати те напуштав. Се разбира, јас сигурно пак ќе ти се вратам – во таа смисла ти си неминовна. А кај кого и да дојдам откога ќе биде сè свршено? Верувај, Соња, дојдов кај тебе како кај ангел, а не како кај непријател; каков непријател би ми била ти мене, каков непријател би ми била ти! Немој да мислиш дека сум дошол да ја скршам иконава, затоа што, ти знаеш Соња, мене сепак ми доаѓа да ја скршам . . .

Кога Татјана Павловна пред тоа врисна: ,,Остави ја иконата!" – му ја истргна од рацете и ја држеше во својата рака. Но штом го кажа последниот збор, тој ненадејно скокна, во моментот ја истргна иконата од рацете на Татјана, бесно замавна и со сета сила удри со неа од работ на калиевата печка. Иконата се

скрши точно на два дела... Тој се сврти тогаш кон нас и неговото бледо лице наеднаш целото поцрвени, речиси и помодри и секоја црта на лицето затрепери и се згрчи.

– Соња, немој, ова да го сметаш за алегорија. Не сакав да го скршам Макаровото наследство, туку само така, да скршам... А сепак ќе ти се вратам тебе, на својот последен ангел! Впрочем, сметај го и за алегорија, зашто тоа и беше всушност алегорија!...

И наеднаш брзо излезе од собата, пак низ кујната (каде што му остана бундата и капата). Нема да опишувам подробно што стана со мајка ми: смртно исплашена, таа стоеше со дигнати и скрстени раце над главата и наеднаш викна по него:

– Андреј Петрович, врати се барем да се збогуваме; драги мој!

– Ќе дојде тој, Софијо, ќе дојде! Не вознемирувај се! – ја тешеше Татјана Павловна мајка ми, целата треперејќи од ужасен јад и бес. – Чу и самата, вети дека ќе се врати! Остави го лудиот, нека се испука за последен пат. Ќе остари и кој ќе го гледа тогаш, кога ќе му се фатат нозете, ако не ти, стара гувернанто? И самиот така рече, не му беше срам...

Што се однесува до нас, Лиза падна во несвест. Јас сакав да отрчам по него, но летнав кај мајка ми. Ја прегрнав и ја држев во прегратка. Лукерја дотрча со чаша вода за Лиза. Но мајка ми брзо дојде на себеси; се спушти на канабето, го покри лицето со раце и заплака.

– Ама зошто не трчаш по него! – викна наеднаш со сета сила Татјана Павловна, присетувајќи се. – Оди... оди... трчај по него, не одделувај се од него ни чекор, оди, оди! – ме истргна сосила од мајка ми; – ах, да отрчам јас самата!

– Аркаша, трчај по него колку што можеш побрзо! – викна и мајка ми.

Јас отрчав како без глава, исто така низ кујната и низ дворот, но него никаде го немаше. Во далечина, на тротоарот, во мракот се црнееја минувачи; јурев зад нив и кога ќе стигнев некого, секому ќе му се за-

гледував в лице минувајќи покрај него. Така дотрчав до крстопатот.

„Нá полудените човек не може да им се лути, – ми светна во главата – а Татјана побесни од лутина спрема него; значи, не беше полуден“ . . . Сè ми се чини дека тоа сепак беше алегорија и дека тој сакаше бездруго со нешто да прекине, како што направи со иконата, а ние да го видиме тоа, мајка ми и сите. Но дека и „двојникот“ беше покрај него, во тоа немаше никакво сомневање.

III

Никаде не можев да го најдам; во неговиот стан не отидов, зашто тешко беше да се замисли дека ќе отиде право во станот. Наеднаш ми светна една мисла и како без глава летнав кај Ана Андреевна.

Ана Андреевна веќе се беше вратила, па веднаш ме пуштија кај неа. Влегувајќи, се трудев да бидам колку што се може поприбран. Не сакав да седнам, туку веднаш ѝ ја раскажав целата сцена што се случи пред малку, то ест за „двојникот“. Никогаш нема да ја заборавам ниту ќе ѝ ја простам онаа лакома, но немилосрдна, мирна и самоуверена љубопитност со која ме ислуша, тукуречи стоејќи.

– Каде е сега? Можеби вие знаете? – запрашав настојувајќи. – Синоќа Татјана Павловна ме праќаше да дојдам кај вас . . .

– Ве викав уште вчера. Тој вчера беше во Царско Село, дојде и кај мене. А сега (и тука погледна на часовникот), сега е седум часот . . . Значи, сигурно е дома.

– Гледам дека знаете сè, па зборувајте, зборувајте! – извикав јас.

– Знам многу, но не знам сè. Се разбира, од вас не треба да кријам . . . – ме погледна чудно, смешкајќи се и размислувајќи за нешто. – Вчера изутрина, одговарајќи на нејзиното писмо, формално ја побара Катерина Николаевна за жена.

– Тоа не е вистина! – ги ококорив јас очите.

– Писмото мина низ моите раце; јас лично ѝ го предадов нејзе, незапечатено. Овој пат беше „кавалер" и ништо не криеше од мене.

– Ана Андреевна, ништо не сфаќам!

– Се разбира, тешко е и да се сфати; тоа негово барање личи на коцкар кој на масата го фрла последниот златник, а в џеб држи приготвен револвер. Од десет можности девет зборуваат дека таа ќе ја одбие неговата понуда; но тој сепак смета со десеттата можност и, признавам, работата е многу интересна; според моето мислење, впрочем . . . впрочем, тоа можел да го стори во бунило, добро го спомнавте пред малку „двојникот".

– И вие ли се смеете? И зар да поверувам дека писмото е испратено преку вас? Па вие сте свршеница на нејзиниот татко? Погледнете ме, Ана Андреевна!

– Ме замоли да ја жртвувам мојата судбина за неговата среќа, а всушност, не ни молеше: сето тоа се сврши прилично молчаливо, само од очите му читав сѐ. Ах, боже мој, што има тука човек да се чуди: зар не отиде тој во Кенигсберг кај вашата мајка со молба да му дозволи да се ожени со паштерката на госпоѓата Ахмакова? Тоа многу прилега на ова што вчера мене ме избра за свој полномошник и повереник.

Беше малку бледа. Но нејзината мирност само го зголемуваше сарказмот. О, во тој момент ѝ простив многу нешта, бидејќи постепено ја сфатив работата. Размислував еден миг; таа молчеше и чекаше.

– Знаете ли, – ѝ реков наеднаш смеејќи се – вие сте го предале писмото затоа што за вас немало никаков ризик, зашто тој брак нема да се оствари! Но тој? Најпосле и таа? Се разбира, таа ќе ја одбие неговата понуда и тогаш . . . што ќе се случи тогаш? Каде е тој сега, Ана Андреевна? – извикав јас. – Сега е секоја минута драгоцена, во секоја минута може да се случи несреќа!

– Тој е сега во својот стан, ви реков. Во своето вчерашно писмо до Катерина Николаевна што ѝ го предадов јас, ја молеше во секој случај да се состант кај него во станот денеска точно во седум часот. Таа му вети

– Таа кај него во станот? Како е возможно тоа?

– Зошто? Тој стан ѝ припаѓа на Настасја Егоровна: тие двајцата убаво можат да се состанат таму како нејзини гости . . .

– Но таа се плаши од него . . . може да ја убие!

Ана Андреевна само се насмевна.

Катерина Николаевна и покрај својот страв, кој и јас го забележав кај неа, секогаш, уште отпорано, одгледуваше извесна почит и восхитување спрема благородноста на принципите и силниот ум на Андреј Петрович. Овојпат таа му укажа доверба за да прекине со него засекогаш. А тој во своето писмо ѝ даде најсвечен, чесен збор дека нема од што да се плаши . . . Со еден збор веќе не се сеќавам со кои изрази се послужи во писмото – но таа му укажа доверба . . . зошто ова е, тукуречи, последен пат . . . и, тукуречи, таа се одзва со благородни чувства. Можеби тоа беше извесен натпревар во кавалерство од обете страни.

– А двојникот, двојникот! – извикав јас. – Па тој е полуден!

– Кога вчера му вети дека ќе дојде на состанок, Катерина Николаевна секако не ја претполагаше и таа можност.

Јас наеднаш се свртив и летнав надвор . . . Кај него, кај него, се разбира! Но од салонот уште еднаш се вратив, за една секунда.

– Тоа можеби вам и ви треба – да ја убие! – ѝ довикнав и истрчав од куќата.

Иако целиот треперев, како во треска, влегов во неговиот стан тивко, низ кујната и со шепот замолив да ја викнат Настасја Егоровна; таа и самата веднаш се појави и молчаливо ме погледна в очи, ужасно љубопитно.

– Тој не е дома.

Но јас, шепотејќи брзо, отворено ѝ реков дека јас сè сум дознал од Ана Андреевна и оти сега доаѓам откај неа .

– Настасја Егоровна, каде се тие?

– Во салонот, таму каде што неквивечер седевте, крај масата . . .

– Настасја Егоровна, пуштете ме таму!

– Зар е возможно тоа?

– Не таму, туку во собата покрај неа. Настасја Егоровна, можеби Ана Андреевна и самата го бара тоа. Да не е така, не би ми рекла дека се овде. Тие нема да ме чујат . . . а таа го сака тоа . . .

– А ако не го сака? – рече Настасја Егоровна, не спуштајќи го од мене својот продорен поглед.

– Настасја Егоровна, ве колнам во Оља . . . пуштете ме.

Нејзините усни и брадата наеднаш затреперија.

– Драги мој, само поради Оља . . . поради твоето чувство . . . Но немој да ја напушташ Ана Андреевна, драги мој! Нема да ја напуштиш, нели? Нема да ја напуштиш?

– Нема да ја напуштам!

– Дај ми најсвето ветување дека нема да влегуваш кај нив во собата и дека нема да викнеш кога ќе те оставам таму.

– Се колнам во честа, Настасја Егоровна.

Таа ме фати за палтото, ме одведе во мрачната соба што беше покрај онаа во која седеа тие, ме доведе нечујно до вратата по мекиот килим, ме постави токму покрај спуштената завеса и, оттурнувајќи ја малку завесата, ми ги покажа нив двајцата.

Јас останав, а таа излезе. Се разбира, останав. Ми беше јасно дека наслушнувам, дека наслушнувам туѓа тајна, но сепак останав. Како да не останам! А двојникот? Зар не ја скрши иконата пред моите очи!

IV

Седеа еден спроти друг крај истата маса покрај која и јас вчера пиев вино заради неговото „воскреснување“; можев наполно да ги видам нивните лица. Таа беше во обичен црн фустан, прекрасна и очигледно спокојна како секогаш. Зборуваше тој, а таа со големо и љубезно внимание го слушаше. Можеби на неа се забележуваше и извесна заплашеност. Тој беше страшно возбуден. Кога дојдов, разговорот веќе течеше и поради тоа извесно време ништо не сфатив. Се сеќавам дека го праша:

– И јас ли бев причината за тоа?

– Не, јас бев причината, – одговори тој – а вие сте само без вина виновни. Вие знаете дека има виновни без вина? Тие вини никогаш не се простуваат и речиси секогаш се казнуваат! – додаде тој и чудно се насмеа. – А јас навистина за миг мислев дека наполно сум ве заборавил и се смеев поради мојата глупа страст . . . но тоа вам ви е познато. И што ми е грижа за тој човек за кого се мажите? Вчера ви понудив брак, простете ми го тоа, тоа е бесмислица; меѓутоа, не знам со што би ја заменил . . . што можев друго да сторам наместо таа бесмислица? Не знам . . .

Притоа изгубено се насмеа и ја погледна; до тој момент кога зборуваше гледаше настрана. Да бев на нејзино место, таа смеа би ме уплашила, тоа го чувствував. Тогаш, наеднаш тој стана од столот:

– Кажете ми, како можевте да се согласите да дојдете ваму? – ја праша наеднаш како да се сети за главната работа. – Мојата покана и целото мое писмо е бесмислица . . . Чекајте, сепак можам да насетам како се случило да се согласите да дојдете, но зошто дојдовте, тоа е прашањето. Дали навистина дојдовте само од страв?

– Дојдов да ве видам! – рече таа гледајќи го плашливо и претпазливо. Обајцата замолчија половина минута. Версилов пак седна на столот и почна со благ, но возбуден, речиси треперлив глас:

– Многу одамна не сум ве видел, Катерина Николаевна, толку одамна, што речиси повеќе не ни сметав дека некогаш ќе седнам како сега покрај вас, ќе го гледам вашето лице и ќе го слушам вашиот глас . . . Две години не сме се виделе, две години не сме разговарале. Дека со вас некогаш уште ќе разговарам, за тоа повеќе не ни помислував! Но ако, што минало – минало и тоа што е денеска – утре ќе исчезне, како чад – па ако! Се согласувам затоа што тоа со ништо не може да се замени, но немојте сега да си одите само така – наеднаш додаде тој, речиси со колнење – кога веќе сте се смилувале и сте дошле, немојте да си одите само така: одговорете ми на едно прашање!

– На кое прашање?

– Никогаш повеќе нема да се видиме и – ништо нема да ве чини тоа! Кажете ми ја вистината, еднаш засекогаш, одговорете ми на едно прашање кое никогаш не го поставуваат умните луѓе: дали сте ме сакале некогаш или сум се . . . излажал?

Таа поцрвени.

– Сум ве сакала! – одговори.

– Очекував таков одговор – о, вистинољубива, о, искрена, о, чесна жено!

– А сега? – продолжи тој.

– Сега не ве сакам.

– И се смеете?

– Не, пред малку се насмеав, неочекувано, зашто знаев дека ќе ме прашате: „А сега?“ Поради тоа, ете, се насмеав, поради тоа што човек секогаш се насмевнува кога нешто ќе погоди . . .

Ми беше многу чудно во душата; уште никогаш не сум ја видел толку претпазлива, речиси исплашена и толку збунета. Тој ја голташе со очите.

– Знам дека не ме сакате . . . и – ни малку не ме сакате?

– Можеби ни малку не ве сакам. Не ве сакам! – додаде таа решително и не смеејќи се повеќе и не црвенејќи. – Да, јас сум ве сакала, но не долго. Многу брзо тогаш престанав да ве сакам . . .

– Знам, знам, сте увиделе дека тоа не е она што вам ви треба, но . . . што ви треба вам? Објаснете ми го тоа уште еднаш . . .

– Зар сум ви го објаснувала тоа некогаш? Што ми треба мене? Па јас сум сосем обична жена; јас сум мирна жена: јас ги сакам . . . јас ги сакам веселите луѓе!

– Веселите?

– Видете, со вас дури не умеам ни да разговарам! Ми се чини, кога би можеле помалку да ме сакате, тогаш би ве сакала! – се насмеа таа пак плашливо. Најцелосна искреност блесна во нејзиниот одговор; и зар таа не можеше да сфати дека нејзиниот одговор е најдефинитивна формула на нивните односи, која сè објаснува и решава? О, па тој мораше тоа да го сфати! Но тој само ја гледаше и чудно се смешкаше.

– Весел човек ли е Бјоринг?

– Тој не треба ни малку да ве вознемирува! – одговори таа малку забрзано. – Се мажам за него само затоа што кај него ќе бидам најмирна. Целата моја душа ќе остана моја.

– Велат дека пак сте го засакале општеството, светот?

– Не општеството. Знам дека во нашето општество ја има истата растроеност како насекаде; но однадвор формите се сè уште убави и затоа, кога веќе се живее само колку да мине животот, подобро е да се живее во тоа општество отколку каде било.

– Често го слушав зборот „растроеност“; вие и тогаш се уплашивте од мојата растроеност, вериги, идеи, глупости?

– Не, не беше сосем така . . .

– Ами како? Ве колнам во господа, кажете ми сè отворено.

– Добро, ќе ви кажам отворено, затоа што ве сметам за голем ум . . . Секогаш кај вас ми беше нешто смешно.

Кога го изговори тоа, целата поцрвени, како да сфати дека направила извонредна непретпазливост.

– Еве, заради тоа што ми го рековте ова, можам многу да ви простам! – рече тој чудно.

– Не го реков докрај, – поврза таа, поцрвенувајќи сè посилно – всушност, јас сум смешна . . . веќе поради тоа што со вас разговарам како будала.

– Не, вие не сте смешна, туку сте само една развратна жена од отмениот свет! – рече тој ужасно блед. – Пред малку ни јас не доврашив кога ве прашав: зошто дојдовте? Сакате ли да доврашам? Постои едно писмо, еден документ од кој вие ужасно се плашите, затоа што вашиот татко со тоа писмо во рацете може да ве проколни уште додека е жив и законски да ве лиши од наследството во својот тестамент. Вие се плашите од тоа писмо и дојдовте поради тоа писмо! – рече тој, речиси целиот треперејќи, и речиси штракајќи со забите. Таа го слушаше со тажен и болен израз на лицето.

– Знам, можете да ми причините многу непријат-

ности, – му одговори таа, небаре бранејќи се од неговите зборови – но дојдов не толку да ве наговорам да не ме прогонувате повеќе, колку лично да ве видам. Одамна сакам да се најдам со вас. Но, еве, ве најдов ист онаков каков што бевте и порано – додаде таа наеднаш како понесена од некоја особена и решителна мисла и дури со некакво чудно и ненадејно чувство.

– А вие се надевавте дека ќе ме најдете поинаков? И тоа по она мое писмо за вашиот разврат? Кажете ми, дали дојдовте ваму без никаков страв?

– Дојдов поради тоа што порано ве сакав; но, ве молам, немојте да ми се заканувате со ништо, барем додека сме овде заедно, не потсетувајте ме за моите лоши мисли. Многу би сакала кога би се согласиле да разговараме за нешто друго. Заканите нека дојдат после, а сега за нешто друго . . . Право да ви речам, дојдов за една минута да ве видам и да ве чујам. А ако не можете, убијте ме веднаш, само немојте да ми се заканувате и не мачете се себеси пред мене! – заврши таа гледајќи го во чудно очекување како навистина да претполагаше дека може да ја убие. Тој пак стана од столот и, гледајќи ја со пламенен поглед, ѝ рече остро:

– Одовде ќе си отидете без никаква навреда.

– Ах, да, вашиот чесен збор! – се насмевна таа.

– Не, не само затоа што е во писмото даден чесен збор, туку затоа што сакам и што ќе мислам на вас цела ноќ . . .

– Ќе се мачите ли себеси?

– Кога сум сам секогаш ми излегувате пред очи. Јас друго и не правам, туку разговарам со вас. Се засолнувам во моите дупки и брлози, а како контраст вие веднаш се појавувате пред мене. Но вие секогаш ми се смеете, исто вака како сега . . . – тој го рече тоа како надвор од себеси . . .

– Никогаш, никогаш не сум ви се смеела! – извика таа со трогнат глас и најдлабоко сочувство ѝ се појави на лицето. – Дојдов, трудејќи се со сите сили тоа да го сторам! – додаде таа наеднаш. – Дојдов ваму

да ви кажам дека речиси ве сакам ... Простете, можеби не го кажав добро! – додаде таа брзо.

Тој се насмеа.

– Зошто не умеете да се преправате? Зошто сте толку наивна, зошто не сте како сите други ... Ве молам, како може да му се каже на човекот што го одбивате: „речиси ве сакам?"

– Не умеев да се изразам! – побрза таа. Тоа не го кажав добро; тоа е оттаму што во ваше присуство секогаш се срамев и не умеев да зборувам, уште од нашата прва средба. Но, ако со зборови не сум го кажала добро, дека „речиси ве сакам", мене сигурно ми беше така во мислите – ете поради тоа и го изреков така, иако ве сакам со една ... една о п ш т а љубов со која човек сите ги сака и која не е срамно да се признае ...

Тој ја слушаше молчејќи и не симнувајќи го од неа својот пламенен поглед.

– Јас, се разбира, ве навредувам! – продолжи тој како надвор од себеси. – Тоа мора да е она што луѓето го нарекуваат страст ... Една работа знам: со мене е свршено и со вас, и без вас. Сеедно е дали сум без вас или со вас, каде и да сте, секогаш сте до мене. Знам, исто така, дека можам силно да ве мразам, повеќе отколку да ве сакам. Впрочем, веќе одамна за ништо не мислам – сè ми е сеедно. Само ми е жал што сум засакал жена каква што сте вие ...

Гласот му се прекина; потоа продолжи задишан.

– Што ви е? Ве навредува ли тоа што зборувам вака? – рече тој и се насмевна со бледа насмевка. – Мислам, кога би можел со тоа да ве придобијам, би можел да поминам триесет години на една нога како маченик на столб ... Гледам дека ме жалите; вашето лице зборува: „Би те сакала да можам, но не можам" ... Нели? Ништо, јас веќе немам гордост. Готов сум како питач од вас да примам секаква милостина – слушајте, секаква ... Зар питачот има гордост?

Таа стана и му се доближи:

– Драги пријателе, – рече допирајќи му го со рака рамото, со некое чувство на лицето што не може да се изрази – не можам да слушам такви зборови! Ќе ми-

слам за вас цел живот како за најдрагоцен човек, како за најголемо човечко срце, како за нешто најсвето меѓу сите оние што можам да ги ценам и сакам. Андреј Петрович, разберете ги моиве зборови: од некоја причина сигурно сум дошла ваму, драги, и порано и сега, драги човеку! Никогаш нема да заборавам колку ми го потресовте умот за време на нашите први средби. Да се разделиме како пријатели, а вие ќе бидете најсериозната и најмилата мисла на целиот мој живот!

„Да се разделиме, и тогаш ќе ве сакам", ќе ве сакам – само да се разделиме. Слушајте, – рече тој, многу блед – дајте ми уште една милостина – немојте да ме сакате, не живејте со мене, никогаш да не се гледаме; ќе бидам ваш роб, ако ме повикате и веднаш ќе исчезнам, ако посакате да не ме гледате и да не ме слушате, само ... с а м о н е м о ј т е з а н и к о г о д а с е о м а ж и т е!

Срцето ми се сви од болка кога ги чув овие зборови. Оваа наивна понизна молба предизвика сожалување и толку повеќе и толку посилно продираше во срцето бидејќи беше разголена и невозможна. Да, навистина, питаше милостина! А зар можеше да помисли дека таа ќе се согласи? Меѓутоа, тој се понижуваше; се обиде да моли! Овој последен степен на малодушност беше неиздржливо да се гледа. Сите црти на нејзиното лице се искривија од болка; но пред да успее еден збор да прозборува, тој веќе се тргна.

– Ќе ве у н и ш т а м! – рече наеднаш со некој чуден, нагрден, не свој глас.

Тогаш и таа му одговори со чуден, исто така, ни малку свој, неочекуван глас.

– Ако ви дадам милостина – рече таа решително – вие би ми се одмаздиле поради неа подоцна уште повеќе отколку што сега ми се заканувате, затоа што никогаш нема да заборавите дека пред мене сте стоеле вака како питач ... Не можам од вас да слушам закани! – заврши таа налутено, погледнувајќи го речиси предизвикувачки.

– „Закани од вас", то ест – од ваков питач! Само се шегував – рече тој тогаш тивко, насмевнувајќи се.

– Ништо нема да ви сторам и не плашете се, одете си . . . а и оној документот, ќе се потрудам, секако, да ви́ го испратам, само одете си, одете си! Ви напишав глупо писмо, а вие се одзвавте на глупо писмо и дојдовте – сега сме квит. Минете одовде! – покажа тој на вратата (таа сакаше да мине низ онаа соба во која стоев јас зад завесата).

– Простете ми ако можете! – застана таа на вратата.

– А што ако се сретнеме некаде како сосем добри пријатели и се сетиме на оваа сцена со весела смеа? – рече тој наеднаш, но сите црти на неговото лице треперea како кај човек кого го фатил грч.

– О, дај боже! – рече таа, скрстувајќи ги рацете пред себе, но плашливо гледајќи го неговото лице, како да погодуваше што сакаше да каже.

– Одете си. Обајцата имаме премногу памет, но вие . . . О, вие сте човек од мојот ков! Напишав лудо писмо, а вие се согласивте да дојдете за да ми кажете дека „речиси ме сакате". Да, ние двајцата сме луѓе со подеднакво безумство! Добри луѓе сме ние! Останете секогаш толку безумна, не менувајте се, па ќе се сретнеме како пријатели! – тоа ви го претскажувам, ви се колнам!

– И тогаш сигурно ќе ве засакам, затоа што тоа и сега го чувствувам! – во неа не можеше да се совлада жената, па од прагот му ги дофрли овие последни зборови.

Излезе. Јас брзо и нечујно отидов во кујната и, не погледнувајќи ја Настасја Егоровна која ме чекаше, слегов по задните скали, па низ дворот на улица. Успеав да видам дека седна во еден пајтон што ја чекаше пред вратата, а потоа отрчав по улицата.

ЕДИНАЕСЕТТА ГЛАВА

I

Отрчав кај Ламберта. Колку и да сакам да дадам логички вид и да пронајдам макар и најмала здрава смисла во своите постапки таа вечер и целата таа ноќ, дури ни сега, кога сум во состојба сѐ да сфатам, никако не можам да ги замислам работите во права и јасна врска. Тука постоеше едно чувство или подобро да кажам цел хаос од чувства меѓу кои, природно, морав да заталкам. Навистина, постоеше едно главно чувство, кое ме притискаше и кое над сите господареше, но ... дали да го признаам? Дотолку побргу што не сум сигурен ...

Дотрчав кај Ламберта надвор од себеси, се разбира. Дури го исплашив него и Алфонсина. Секогаш ми паѓаше во очи дека Французите, и кога се најзапуштени и најнемарни, извонредно сакаат во својот домашен живот извесен вид буржоаски ред, извесен вид на многу прозаичен начин на живот кој секогаш се одржуваше како обред и кој е воведен еднаш засекогаш. Впрочем Ламберт многу бргу сфати дека нешто се случило и се воодушеви што најпосле ме гледа кај себе и што ме и м а в р а ц е. Само за тоа и мислел, деноноќно, за сето ова време! О, колку сум му бил потребен! И сега, кога веќе ги загубил сите надежи, јас наеднаш доаѓам сам и дури толку избезумен – токму во онаква состојба во каква и му требав.

– Ламберт, вино, – викнав јас – дај да пиеме, да се веселиме! Алфонсина, каде ви е гитарата?

Нема да ја опишувам сцената – излишно е. Пиевме и јас му раскажував сè, сè. Тој лакомо слушаше. Јас отворено, и тоа прв, му предложив заговор. Пред сè, потребно е со писмо да ја повикаме Катерина Николаевна да дојде кај нас . . .

– Тоа може! – се зарадува Ламберт голтајќи го секој мој збор.

Друго, за да биде поубедливо, во писмото треба да се испрати и копија од нејзиниот „документ", така што веднаш да види дека не ја лажеме.

– Така, така и треба! – одобруваше Ламберт, непрекинато погледнувајќи во Алфонсина.

Трето, ќе ја повика Ламберт, но така како поканата да доаѓа од непознато лице кое стигнало од Москва. А јас ќе го доведам Версилов.

– Може да дојде и Версилов! – одобруваше Ламберт.

– Мора, не-може! – викнав јас – тоа е неопходно! Поради него и се врши целата оваа работа! – објаснував пиејќи од чашата голтка по голтка. (Пиевме сите тројца, но ми се чини дека јас самиот испив цело шише шампањско, а тие само се правеа како да пијат). – Со Версилов ние ќе бидеме во друга соба (Ламберт, потребно е да се најде и друга соба!) – и штом таа ќе се согласи со сè – и со откуп со пари и со друг откуп, затоа што сите тие се никаквици, тогаш ќе се појавам јас со Версилов и ќе тврдам дека е никаквица, а Версилов, откако ќе види колку е одвратна, веднаш ќе се извлече и ќе ја оттурне од себеси. Ама тука е потребен уште и Бјоринг, и тој да ја види! – додадов, целиот во бунило.

– Не, Бјоринг не е потребен! – спомна Ламберт.

– Потребен е, потребен е! – викнав јас пак – ти ништо не разбираш, Ламберте, зашто си глуп! Напротив, нека пукне скандал во високите кругови – со тоа ќе им се одмаздиме и на тие високи кругови и нејзе, нека биде казнета! Ламберте, таа ќе ти даде една меница . . . Мене не ми требаат пари – јас ќе им плукнам на парите, а ти наведни се и собери ги кај себе в џеб заедно со мојата плунка, но затоа ќе ја уништам неа!

– Да, да – непрекинато одобруваше Ламберт – тоа

така и треба да го сториш ... – и непрестајно ја погледнуваше Алфонсина.

– Ламберт! Таа страшно го почитува Версилова: сега се уверив! – му дрдорев јас нему.

– Тоа е добро што си наслушнувал; никогаш не сум можел да замислам дека си таков шпион и дека имаш толку ум! – Тој го кажа ова со намера да ми поласка.

– Лажеш, Французине, јас не сум шпион, но имам многу ум! А знаеш ли, Ламберте, таа сепак го сака! – продолжив јас да зборувам, напрегајќи се докрај да се исповедам. – Но не сака да појде за него затоа што е Бјоринг гардиски офицер, а Версилов само великодушен човек и пријател на човештвото, според нивното мислење, само комична личност и ништо повеќе! О, таа ја разбира неговата страст и ужива во неа, кокетира, си игра со него, но не сака да се омажи за него! Таа е жена, змија! Сите жени се – змии и сите змии се – жени! Тој треба да се излекува; треба да му се симне превезот од очите: нека види каква е, па ќе се излекува. Ќе ти го доведам, Ламберте!

– Така и треба! – и понатаму одобруваше Ламберт, непрекинато налевајќи ми вино.

Тој се трудеше да не ме налути, да не ми противречи и да испијам што повеќе. Тоа го правеше толку несмасно и отворено, што јас уште тогаш морав да го забележам. А сепак никако не сакав да си одам; непрекинато пиев и зборував и многу сакав докрај да се наприкажам. Кога Ламберт отиде по друго шише; Алфонсина свиреше на гитара некој шпански мотив; јас за малку што не заплакав.

– Ламберте, уште не знаеш сè! – му викнав со длабоко чувство. – Тој човек безусловно треба да се спаси, затоа што е сега во маѓепсан круг. Кога таа би се мажила за него, тој уште утредента по првата ноќ би ја удрил со нога и би ја истерал ... зашто тоа може. Зашто таквата насилна и дива љубов, тоа е како напад, тоа е како јамка на вратот, болест и – штом ќе се задоволи – веднаш паѓа превезот од очите и се појавува спротивно чувство: одвратност и омраза, желба за

уништување, газење. Ја знаеш ли историјата на Абисага,[1]) Ламберте, си ја читал ли?

– Не, не се сеќавам; роман ли е? – промрмори Ламберт.

– О, ти ништо не знаеш, Ламберте! Страшно си необразован . . . но ништо. Сеедно. Да, тој ја сака мајка ми, го бакнуваше нејзиниот портрет; ќе ја истера оваа идното утро и самиот ќе се врати кај мајка ми ; само, веќе ќе биде доцна и поради тоа треба да се спаси сега . . . .

На крајот почнав горко да плачам; но и понатаму зборував и ужасно многу пиев. Многу карактеристично е што Ламберт за сето време ни еден единствен пат не праша за „документот", то ест каде се наоѓа. Тој не бараше да го покажам, да го ставам на маса, што изгледа, би било поприродно отколку да прашаше за тоа при договарањето да се мине на работа! Уште нешто: ние зборувавме само дека тоа треба да го сториме, дека „тоа" безусловно ќе го сториме, но за тоа не рековме збор! Тој само ми одобруваше погледнувајќи се со Алфонсина и ништо повеќе! Се разбира, тогаш ништо не можев да сфатам, но сепак го запомнив тоа.

На крајот заспав кај него на канабето, облечен. Спиев долго и се разбудив многу доцна. Се сеќавам дека, откако се разбудив, извесно време лежев на канабето како замелушен, па се напрегав да се сетам што се случило, преправајќи се дека уште спијам. Ламберт не се појавуваше во собата: излегол. Веќе беше десет часот; во запалената печка потпукуваше огнот, исто како, по онаа ноќ, кога првпат бев кај Ламберта. Зад параванот Алфонсина пак ми чуваше стража: тоа веднаш го забележав, затоа што два-трипати ѕирна и погледна на мене; но јас секојпат ги затворав очите и се правев како да спијам. Тоа го правев затоа што бев здробен и што ми беше потребно да размислам за мојата положба. Со ужас ја чувствував сета грдост и одвратност на мојата ноќешна исповед на Ламберта, за мојот договор со него и за грешката што

---

[1]) Абиса е жена на Давид, која не ја гибнал тој, а која подоцна ја засакал неговиот син Адонија. Од Стариот завет.

дојдов кај него. Но, фала му на господа, документот сепак уште е кај мене, сè уште сошиен во џебот отстрана; го пипнав со рака – таму е! Значи, требаше само веднаш да скокнам и да избегам; од Ламберта немаше зошто да се срамам: Ламберт не е достоен за тоа.

Но се срамев од себеси! Бев свој судија и, о боже, што сè немаше во мојата душа! Би сакал да не го опишувам тоа пеколно, неподносливо чувство и онаа свест за нечистотијата и гадоста. Но сепак треба сето тоа да го признаам, затоа што, мислам, дојде време за тоа. Во моите белешки тоа треба да биде запишано. Значи, нека се знае, не сакав да ја посрамотам ниту се готвев да бидам сведок за тоа како таа на Ламберта му дава откупнина (о, ниското!) – за да го спасам безумниот Версилов и за да ѝ го вратам него на мајка ми, туку затоа . . . што, можеби . . . бев вљубен во неа; ама бев и љубоморен! На кого бев љубоморен: на Бјоринг, на Версилов? На сите оние што таа ќе ги гледа на бал и со кои ќе разговара, додека стојам во аголот срамејќи се од себеси! . . . О, срамота!

Со еден збор, не знам на кого бев љубоморен; но тоа го чувствував и се уверив синоќа дека се два и два четири, дека неа сум ја загубил, дека таа жена ќе ме оттурне и ќе ме исмее поради мојата измама и лошотилак! Таа е вистинољубива и чесна, а јас сум шпион и уценувач:

Сето тоа оттогаш го криев во моето срце, но сега дојде време и јас правам завршна сметка – само пак и последен пат: можеби цела половина, или дури седумдесет и пет проценти ставав против себеси! Онаа ноќ ја мразев како избезумен човек, а потоа како разбеснет пијаница. Веќе реков дека во мене постоеше хаос на чувства во кои не умеев да се снајдам. Но тие сепак треба да бидат искажани, зашто токму еден дел од тие чувства сигурно постоеше.

Со несовладлива одвратност и силна желба сè да измазнам, наеднаш скокнав од канабето; но, штом скокнав, веднаш скокна и Алфонсина. Ја грабнав бундата и шапката и ѝ реков да му каже на Ламберта дека синоќа само бладав, дека ја наклеветив жената,

дека намерно се шегував и Ламберт никогаш повеќе да не доаѓа кај мене ... Сето тоа го искажав некако набрзина на француски јазик и, се разбира, страшно нејасно; но за мое големо изненадување, Алфонсина совршено разбра сѐ, а уште најмногу ме изненади тоа што таа речиси се зарадува.

– Oui, oui – ми одобруваше таа – c'est une honte! Une dame ... Oh, vous êtez généreux, vous! Soyez tranquille, je ferai voir raison à Lambert ...[1])

Јас во тој момент просто застанав во недоумица, гледајќи толку неочекувана промена во нејзините чувства, значи, веројатно и кај Ламберта. Сепак излегов молчејќи; во мојата душа имаше збрка и тешко ми беше да мислам. О, подоцна сѐ сфатив, но тогаш веќе беше доцна! Каква беше тоа пеколна махинација! Овде ќе застанам и однапред ќе ја објаснам, зашто инаку на читателот ќе му биде тешко да го разбере другото.

Работата беше во тоа што јас уште при својата прва средба со Ламберта, тогаш кога се расположив во неговиот стан, сум издрдорил, како магаре, дека е документот сошиен кај мене во џебот. И кога тогаш заспав за извесно време кај него на канабето во аголот, Ламберт веднаш го испипал мојот џеб и се уверил дека во него навистина е сошиена една хартија. Подоцна неколкупати се уверувал дали е хартијата уште тука: на пример, кога ручавме во театарскиот ресторан, се сеќавам дека неколкупати нарочно ме опфати околу половината. Кога најпосле сфатил каква важност има оваа хартија, направил еден своевиден план, кој од него никогаш не би го очекувал. Како будала за сето време си вообразував дека тој толку упорно ме повикува кај него само за да ме наговори да се здружам со него и да работиме заедно. Но, не било тоа, тој ме викал заради сосем друга работа! Ме повикувал за да ме напие и кога мртов пијан ќе се спружам не чувствувајќи веќе ништо, и откога ќе за'ркам, да ми го

[1]) Да, да, тоа е срамота! Една дама ... Ах, вие, вие сте сепак благородник! Бидете мирен, јас веќе некако ќе го вразумам Ламберта.

распара џебот и од џебот да го земе документот. Оваа ноќ тој и Алфонсина тоа и го сториле; Алфонсина го распарала џебот. Кога дошле до писмото, до н е ј з и н о т о   п и с м о, мојот московски документ, зеле обична хартија за писма, со иста големина, ја ставиле на истото место во џебот и повторно го сошиле, како ништо да не било, така што јас ништо не можев да забележам. Џебот го сошила Алфонсина. А јас, јас скоро до пред самиот крај, уште цел ден и половина, непрестајно мислев дека сум господар на тајната и дека судбината на Катерина Николаевна сѐ уште е во мои раце.

Со еден збор: оваа кражба на документот беше причина за сѐ, за сите други несреќи.

II

Доаѓаат последните дваесет и четири часа на моите белешки и јас сум – на крајот!

Беше, мислам, околу единаесет и пол часот кога возбуден и, колку што се сеќавам, некако чудно расеан, но со конечна одлука во срцето, стигнав во мојот стан. Не брзав, знаев што ќе правам. И наеднаш, штотуку влегов во ходникот, видов дека изникна нова неволја и дека работите на необичен начин се заплеткале: стариот кнез, доведен пред малку со кола од Царско Село, се наоѓаше во мојот стан, а покрај него беше Ана Андреевна!

Го сместија не во мојата соба, туку во двете соби на газдата, до мојата. Уште синоќа, како што дознав после, во тие соби се извршени извесни измени и некои поправки, впрочем многу незначителни. Газдата со жената минал во сопчето на ќудливиот сипаничав станар, за кого порано зборував, а тој привремено е засолнет на некое друго место, не знам каде.

Газдата излезе пред мене и веднаш влезе во мојата соба. Погледот не му беше толку решителен како вчера, човекот се наоѓаше во некаква необично возбудена состојба, тукуречи на висината на настанот. Ништо не му реков, туку отидов во аголот и, фаќајќи

се со рацете за глава, останав така стоејќи една минута. Тој отпрвин мислеше дека јас само „се преправам", но на крајот не можеше повеќе да издржи и промрмори уплашено.

– Да не ви е нешто криво? – А кога виде дека не одговарам, додаде: – Ве чекав да ве прашам дали сакате да ја отвориме оваа врата, за да имате непосредна врска со собите на кнезот . . . наместо низ ходникот? – и ја покажа споредната, досега секогаш затворената врата, која водеше во неговите соби, во собите на газдата сега ангажирани за кнезот.

– Да ви кажам, Петар Иполитович – му се обрнав строго – ве молам најљубезно да појдете и да ја замолите Ана Андреевна веднаш да дојде ваму на разговор. Одамна ли дојдоа?

– Има веќе цел час.

– Значи, одете.

Тој отиде и се врати со чуден одговор: дека Ана Андреевна и кнезот Николај Иванович нестрпливо ме очекуваат да дојдам кај нив; значи, Ана Андреевна не сакала да дојде. Го дотерав костумот, го исчистив палтотс во кое спиев ноќеска, се измив, се исчешлав, сето тоа полека и, свесен дека треба да бидам таму претпазлив, отидов кај старецот.

Кнезот седеше на канабето, крај тркалезната маса, а Ана Андреевна во другиот агол, до друга маса, покриена со чаршаф, на која светкаше загреаниот самовар на газдата, исчистен како никогаш; таа приготвуваше чај. Влегов со строг изглед на лицето; старецот, кој тоа веднаш го забележа, се стресе и насмевката на неговото лице за миг се измени во израз на страв; јас не можев да издржам, туку се насмеав и му ги подадов рацете; кутриот старец ми падна во прегратка.

Без сомневање, веднаш разбрав со кого имам работа. Прво ми беше јасно, како два и два четири, дека од оној старец, кој неодамна уште беше свеж и сосем при чиста памет и кој имаше, иако слаба, но сепак некаква волја – дека од него откако не сум се видел со него направиле вистинска мумија, некакво дете, плашливо и недоверливо. Додавам: тој добро знаел зошто е доведен ваму, а сè беше изведено точно онака како

што објаснив порано. Просто наеднаш го изненадиле, го дотолчиле, го убиле со веста за предавството на неговата ќерка и за лудницата. Тој се согласил да го одведат, не знаејќи од страв што да прави. Му рекле дека јас сум господар на тајната и дека е во мене клучот за крајното решение. Да додадам веднаш: токму до крајно решение и од клучот тој се плашеше повеќе од што и да било друго. Затоа очекуваше дека ќе влезам во собата со пресуда на челото и со хартијата во рацете и многу се зарадува што почнав да се смеам и почнав да прикажувам за сосем други работи. Кога се прегрнавме, тој заплака. Признавам и јас малку заплакав; наеднаш ми стана многу жал за него ... Малото Алфонсинино куче залаа на мене како ѕвонче со танок глас, напаѓајќи ме од канабето. Од ова мало куче кнезот никако не се одделуваше откако го набави, со него дури и спиеше.

– Oh, je disais qu'il a du coeur![1]) – извика тој, покажувајќи ме мене на Андреевна.

– Ама колку убаво сте се закрепиле, кнезу! Колку прекрасно, свежо и здраво изгледате! – му реков јас. Но залудно, беше токму обратното тој беше мумија, а јас зборував така само за да го охрабрам.

– N'est-ce pas, n'est-ce pas?[2]) – повторуваше тој радосно. – О, многу се закрепив.

– Но, испијте си го чајот и, ако ми дадете и мене еден филџан, ќе ви правам друштво.

– Одлично! „Ќе пиеме и ќе уживаме" ... како гласеа оние стихови. Ана Андреевна, дајте му чај, il prend toujours par les sentiments ...[3]) дајте ми чај, драга моја.

Ана Андреевна ни даде чај, па наеднаш се сврти кон мене и почна многу свечено:

– Аркадиј Макарович, ние двајцата, јас и мојот добротвор, кнезот Николај Иванович, се засолнивме кај вас. Со тоа сакам да кажам, дека дојдовме кај вас и обајцата ве молиме за засолниште. Имајте на ум дека

---

[1]) Ох, јас велев дека тој има срце!

[2]) Нели нели?

[3]) Тој секогаш умее да погоди во чувствата.

целата судбина на овој свет човек, на овој најблагороден и навреден човек, е во ваши раце ... Ние чекаме решение од вашето праведно срце!

Но не можеше да доврши; кнезот го опфати ужас и речиси затрепери од страв:

– Après, après, n-est-ce pas? Chère amie![1]) – рече тој неколкупати, кревајќи ги кон неа рацете.

Не можам да изразам каков непријатен впечаток ми остави овој нејзин испад. Не зборував ништо, туку се задоволив со тоа што студено и важно се поклонив; потоа седнав на масата и намерно почнав разговор за други работи, за некои глупости; почнав да се смеам и да се шегувам ... Старецот очигледно ми беше благодарен и се развесели до воодушевување. Но неговата веселост, иако воодушевена, очигледно беше некако несигурна и во секој момент можеше да се мени во полна малодушност; тоа беше јасно на прв поглед.

– Cher enfant, велат дека си бил болен ... Ах, pardon! Велат дека за сето време си се занимавал со спиритизам?

– Не ми ни текнало – такво нешто, – се насмевнав јас.

– Не? Па кој ми зборуваше за спи-ри-тиз-мот?

– За тоа ви зборуваше чиновникот, Петар Ипполитович, пред малку ви зборуваше! – му објасни Ана Андреевна. – Тој е многу весел човек и знае многу шеги; сакате ли да го викнам?

– Oui, oui, il est charmant ...[2]) – знае шеги, но подобро да го повикаме подоцна. Ќе го повикаме па сè ќе ни раскаже; mais après[3]). Замисли, пред малку ја наместуваат масата, а тој вели: не вознемирувајте се, нема да летне, не сме ние спиритисти. Зар кај спиритистите летаат масите?

– Право да ви кажам, не знам; велат дека се креваат на сите нозе.

– Mais c'est terrible ce que tu dis![4]) – ме погледна тој уплашено.

---

[1]) После ќе зборуваш за тоа, после, драга пријателке.

[2]) Да, да, тој е прекрасен човек ...

[3]) Но после.

[4]) Ама ти кажа ужасна работа!

– О, не плашете се, сето тоа е глупост.

– И јас велам. Настасја Степановна Саломеева, ти веќе ја знаеш . . . ах, да, ти ја познаваш . . . – замисли, и таа верува во спиритизмот и, замислете, chere enfant – се сврти тој кон Ана Андреевна – и велам јас: во министерствата исто така има маси, и на нив лежат по осум пара чиновнички раце, сите пишуваат акти – па зошто таму масите не играат? Замисли, наеднаш да заиграат! Побуна на масите во министерството за финансии или за народна просвета, само уште тоа би требало!

– Какви прекрасни работи зборувате, како и порано, кнезу! – реков јас, трудејќи се да се насмеам што поискрено.

– N'et-ce pas? Je ne parle pas trop, mais je dis bien.[1]).

– Одам да го доведам Петар Ипполитович! – стана Ана Андреевна. На лицето и сјаеше задоволство: се зарадува што сум толку љубезен спрема старецот. Но, штом излезе таа, лицето на старецот за миг се измени. Брзо погледна кон вратата, се сврти околу себе и, наведнувајќи се кон мене од канабето, ми прошепоти уплашено.

– Cher ami! О, кога би можел да ги видам овде обете заедно! О, cher ami!

– Кнезу смирете се . . .

– Да, да, но . . . ќе ги измириме, n'est-ce pas? Ова е само ситна караница меѓу две толку добри жени, n'est-ce pas? Единствено се надевам во тебе . . . Сето тоа ќе го средиме, а што е ова некој чуден стан, – почна тој да се врти по собата скоро плашливо – и, знаеш, газдава . . . има некакво лице . . . Кажи ми, не е ли опасен?

– Газдата ли? О, не, зошто би бил опасен?

– C'est ça. Дотолку подобро. Il semble qu'il est bête, ce gentilhomme.[2]) Cher enfant, жити Христоса, немој да ѝ кажуваш на Ана Андреевна дека јас овде од сѐ се плашам; кога дојдов пофалив сѐ, го пофалив и газдата.

---

[1]) Нели? Јас малку зборувам, но погодувам.

[2]) Добро. Но тој џентлмен изгледа глуп.

Слушај, ти ја знаеш историјата за фон Зона, се сеќаваш ли?

– Па што?

– Rien, rien du tout ... Mais je suis libre isi, n'est-ce pas?[1]) Што мислиш ти? Може ли овде да ми се случи нешто ... слично на она?

– Ве уверувам, драги мој ... Како можете такво нешто да помислите?

– Mon ami! Cher enfant! – извика тој наеднаш, склопувајќи ги рацете пред себе и веќе ни малку не криејќи го својот страв. – Ако навистина имаш некаков документ ... со еден збор, ако имаш нешто да ми кажеш, не кажувај ми; жити бога, не зборувај ништо; подобро не зборувај воопшто ... колку што можеш подолго време не зборувај ...

Тој сакаше да стане да ме прегрне; солзи му течеа по лицето; не можам да изразам колку ми се стегаше срцето: кутриот старец личеше на некакво сирото, исплашено дете кое од родното гнездо го украле Цигани и го одвеле кај туѓи луѓе. Но не беше речено да се прегрнеме: вратата се отвори и во собата влезе Ана Андреевна, но не со газдата, туку со својот брат камерјункерот. Оваа новост ме замелуши; јас станав и појдов кон вратата.

– Аркадиј Макарович, дозволете да ве запознаам! – гласно рече Ана Андреевна, така што и не сакајќи морав да станам.

– Премногу добро го познавам вашиот брат! – реков, изговарајќи го полека секој збор, а особено нагласувајќи го зборот „премногу".

– Ах, тоа беше ужасно недоразбирање! И толку ми е жал, драги Анд ... Андреј Макарович, – почна да мрмори младиот човек, пристапувајќи ми необично слободно и фаќајќи ми ја раката која повеќе не можев да ја истргнам, – за сè е виновен мојот Степан; толку глупо ве пријави тогаш, мислев дека е некој друг; тоа се случи во Москва, – ѝ објасни тој на сестра си – потоа на сите начини се обидував да ве најдам и да се

---

[1]) Ништо, ништо. Но, јас сум овде слободен, нели?

објаснам, но се разболив; еве, прашајте ја неа . . . Cher prince, nous devons être amis même par droit de naissance . . .[1])

Тој дрзок момчак имаше храброст и да ме прегрне, што беше врв на фамилијарноста. Јас се оддалечив, но бидејќи се збунив, ми се стори дека е подобро да излезам што поскоро, без збор. Кога влегов во мојата соба, седнав на креветот, возбуден и замислен. Интригата ме давеше, но сепак ми беше невозможно да ја изненадам и да ја дотолчам Ана Андреевна. Почувствував дека ми е и таа мила и дека нејзината положба е ужасна.

III

Како што очекував, дојде и таа самата во мојата соба, оставајќи го кнезот со братот, кој почна да му раскажува на кнезот разни сплетки меѓу луѓето, сите најнови, со што многу го разоноди и развесели чувствителниот старец. Станав од креветот молчејќи и ја погледнав прашално.

– Ви кажав сè, Аркадиј Макарович, – почна таа отворено – нашата судбина е во ваши раце.

– Но јас веќе реков дека не можам . . . Најсвети обврски ме спречуваат да го сторам она на кое вие сметате . . .

– Така ли? Тоа ли е вашиот одговор? Најпосле јас и да пропаднам, а старецот? Што мислите, тој уште вечерва ќе полуди!

– Не, ќе полуди ако му го покажам писмото од неговата ќерка во кое таа се советува со адвокатот за тоа како да го прогласи татка си за непресметлив! – извикав јас пламено. – Тоа тој не би можел да го поднесе! Знајте дека и тој не верува во тоа писмо, веќе ми го кажа тоа!

За ова излажав, дека тој ми го рекол тоа, но беше умесно.

– Ви го кажал веќе? Така и си мислев! Во тој

[1]) Драги кнезу, ние мораме да бидеме пријатели дури и по силата на своето раѓање.

случај сум пропаднал; тој веќе плачеше и бараше да си оди дома.

– Кажете ми каков е, всушност, вашиот план? – ја прашав настојчиво.

Таа поцрвени, веројатно поради навредената гордост, но сепак се прибра.

– Со тоа писмо од неговата ќерка, во наши раце, ние сме оправдани во очите на народот. Веднаш би го повикала кнезот В. кај Борис Михајлович Пелишчев; тоа се негови пријатели од детството; обајцата се угледни и влијателни личности во отмениот свет и, тоа го знам, тие уште од пред две години осудуваат некои постапки на неговата немилосрдна и себична ќерка. Тие, се разбира, по моја молба ќе го смират со неговата ќерка, јас самата ќе го барам тоа; но затоа ситуацијата наполно ќе се измени. Освен тоа, тогаш и моите роднини, Фанариотови, како што мислам јас ќе сè согласат да ја поддржат мојата работа. Мене пред сè ми е важна неговата среќа; нека увиди и нека оцени тој најпосле кој му е вистински приврзан. Без сомневање најмногу сметам со вашето влијание, Аркадиј Макарович: вие толку го сакате ... А кој друг го сака освен мене и вас? Последниве денови зборуваше само за вас; тагуваше по вас, вие сте негов „млад пријател“ ... Само по себе се разбира дека за цел живот мојата благодарност ќе биде бескрајна ...

Таа ми ветуваше награда – пари, можеби.

Јас ја прекинав остро.

– Што и да кажете, јас не можам! – ѝ реков со непоколеблива решеност. – Можам само да ви одговорам, исто така, искрено и да ви ги објаснам моите последни намери: во најскоро време ќе ѝ го предадам ова фатално писмо на Катерина Николаевна в раце, но под услов од сè што се случи досега да не прави никаков скандал и претходно да даде збор дека нема да ѝ пречи на вашата среќа. Тоа е сè што можам да сторам.

– Тоа е невозможно! – рече таа, поцрвенувајќи целата. Самата мисла дека Катерина Николаевна ќе ја ш т е д и, ја доведе до бес.

– Нема да ја менувам мојата одлука, Ана Андреевна.

– Можеби ќе ја мените.

– Обрнете му се на Ламберт!

– Аркадиј Макарович, не знаете каква несреќа може да се случи поради вашата тврдоглавост! – рече таа сурово и налутено.

– Несреќа – тоа е сигурно . . . мене ми се врти главата. Доста ми е од вас, сум донесол одлука – и свршено. Само, живи бога, ве молам, не доведувајте го вашиот брат!

– Но токму тој сака работата да ја замачка . . .

– Нема што да замачкува! Нема потреба, не сакам, не сакам! – викнав јас, фаќајќи се за глава. (О, можеби тогаш сум зборувал од премногу голема висина!) – Но, кажете ми каде ќе ноќева кнезот денеска? Зар овде?

–Ќе ноќева овде, кај вас и со вас.

– Уште вечерва се преселувам во друг стан!

И по овие немилосрдни зборови, си ја зедов шапката и почнав да ја облекувам бундата. Ана Андреевна ме гледаше молчејќи и сурово. Ми беше жал – о, ми беше жал за таа горда девојка! Но истрчав од станот, не упатувајќи ѝ ни еден збор за надеж.

IV

Се трудам да скратам. Мојата одлука најпосле падна и јас отидов право кај Татјана Павловна. Залудно! Можеше да биде спречена големата несреќа ако ја затечев тогаш дома; но, како за пакост, тој ден нарочно ме следеше неуспех. Навратив, се разбира, и кај мајка ми, за прво да ја посетам кутрата мајка, а сметав речиси насигурно дека таму ќе ја затечам Татјана Павловна; но таа ни таму не беше; токму пред кратко време некаде излегла; а мајка ми лежеше болна и со неа останала само Лиза. Лиза ме замоли да не влегувам за да не ја разбудам мајка ми: „Цела ноќ не спиеше, се мачеше; фала му на бога, барем сега заспа“. Ја прегрнав Лиза и ѝ реков само два

збора: дека сум донесол голема и судбоносна одлука и дека веднаш ќе ја извршам. Тоа го ислуша без особено изненадување, како најобични зборови. О, сите тие веќе навикнаа на моите чести „последни одлуки", кои подоцна малодушно ги напуштав. Но сега – сега беше нешто друго! Сепак навратив во гостилницата на каналот и чекав таму да мине времето, па сигурно да ја затечам Татјана Павловна дома. Впрочем, ќе објаснам зошто толку ненадејно ми беше потребна таа жена. Работата е во ова: сакав веднаш да ја испратам кај Катерина Николаевна да ја замоли да дојде тука во нејзиниот стан, па пред Татјана Павловна да ѝ го вратам документот и да ѝ објаснам сè, еднаш засекогаш ... Накратко, сакав само да ја извршам мојата должност; сакав да се оправдам себеси засекогаш. Откако ќе свршев со тоа, бездруго решив да проговорам неколку топли зборови во полза на Ана Андреевна и, ако има можност, да ги земам Катерина Николаевна и Татјана Павловна (како сведоци), да ги одвезам во мојот стан, то ест кај кнезот и ... со еден збор, барем во тој круг денеска сите да ги направам среќни, па тогаш ќе останеа само уште Версилов и мајка ми. Не можев да се сомневам во успехот. Од благодарност за вратеното писмо, за кое јас не би ѝ барал ништо. Катерина Николаевна не би можела да ми ја одбие таа молба. Оф! Уште си воображував дека документот е кај мене. О, во каква глупава и недостојна положба бев и не насетувајќи го тоа!

Веќе беше прилично стемнето, беше околу четири часот попладне, кога пак навратив кај Татјана Павловна. Марија грубо ми одговори дека „не дошла". Многу добро се сеќавам дека Марија чудно под око ме погледна; но, се разбира, тогаш уште ништо не можев да насетам. Напротив, мене ме пресече друга мисла: озлобен и натажен, слегувајќи по скалите кај Татјана Павловна, се сетив за несреќниот кнез кога по мене ги подаде рацете и јас наеднаш почнав да се прекорувам себеси што го напуштив и тоа можеби поради личната озлобеност. Вознемирено почнав да си замислувам дека таму кај нив во мое отсуство би можеле да се

одиграат лоши работи, па брзо отидов дома. Дома, меѓутоа, се случило следново:

Ана Андреевна, откако изглегла од мојата соба налутена, не ја изгубила храброста. Треба да кажам дека уште изутрина испратила по Ламберта; потоа уште еднаш испратила по него; а бидејќи Ламберт не доаѓал дома, го испратила најпосле својот брат да го побара. Несреќницата, откако го виде мојот отпор, сите надежи ги полагаше во Ламберта и во неговото влијание врз мене. Го чекала Ламберта нестрпливо и само се чудела зошто тој, кој дотогаш само се извивал околу неа, сега наеднаш ја оставил и исчезнал. Оф! Нејзе ни на ум не можеше да ѝ дојде дека Ламберт, имајќи го документот в раце, донесол сосем друга одлука и дека поради тоа, се разбира, се крие и дека дури намерно ја одбегнува.

Така вознемирена и со сѐ поголема вознемиреност во душата, Ана Андреевна речиси веќе не беше кадарна да го забавува старецот; меѓутоа, неговата вознемиреност пораснала до опасни размери. Тој поставувал чудни и плашливи прашања, почнал дури и неа да ја гледа сомнително и неколкупати заплакал. Младиот Версилов тогаш не останал долго кај него. По него, Ана Андреевна, најпосле, го повикала Петар Иполитович, од кого толку многу очекуваше, но овој ни малку не му се допаднал на кнезот, дури кај него предизвикал одвратност. Воопшто поради нешто кнезот на Петар Иполитович почнал да гледа со сѐ поголема недоверба и сомневање. А газдата пак, како намерно почнал да расправа за спиритизмот и за некои хокуси кои, наводно, лично ги видел на една претстава; и тоа, како еден шарлатан, кој допатувал од некаде, божем пред целата публика им ги сечел главите на луѓето, така што потекла крв, која сите ја виделе, и потоа пак им ги ставил на вратот, а тие божем пак зараснувале, исто така пред целата публика; и дека тоа се случило наводно во педесет и деветтата година. Кнезот толку се исплашил и поради нешто толку се налутил, што Ана Андреевна била принудена веднаш да го отстрани раскажувачот. За среќа, бил донесен ручекот, кој бил специјално порачан спроти тој ден

некаде во близина (по препорака од Ламберта и Алфонсина) кај некој прочуен готвач Французин што останал безработен и барал работа во некоја аристократска куќа или клуб. Ручекот, со шампањско, извонредно го развеселил старецот; тој јал многу и се шегувал. По ручекот, се разбира, отежнал, па посакал да спие; а бидејќи тој секогаш спиел по ручекот, Ана Андреевна му приготвила постела. Пред спиењето непрекинато ѝ ги бакнувал рацете и ѝ зборувал дека е таа негов рај, надеж, фурија, „златно цветче" – со еден збор, тој ѝ ласкал со источнички изрази. Најпосле заспал. Тогаш и јас се вратив.

Ана Андреевна брзо влезе во мојата соба и, склопувајќи ги пред мене рацете, ми рече дека ме моли, не поради себе, туку поради кнезот, да не си одам и штом ќе се разбуди, да одам кај него. „Без вас ќе пропадне, ќе добие нервен удар; се плашам дека нема да издржи до ноќва" ... Додаде уште дека бездруго мора да излезе, „можеби за цели два часа и дека според тоа ми го остава кнезот мене". Сесрдно ѝ ветив дека до вечер ќе останам и дека, кога стариот ќе се разбуди, ќе употребам сѐ што е можно да го разонодам.

– А јас ќе ја извршам мојата должност! – заврши таа енергично.

Потоа излезе. Однапред додавам дека отиде да го побара Ламберта; тоа ѝ беше последната надеж; покрај тоа, наврати и кај брат ѝ и кај своите роднини Фанариотови; може да се замисли во каква душевна состојба се врати.

Кнезот се разбуди приближно час и половина по нејзиното заминување. Чув преку ѕид дека јачи и веднаш отрчав кај него; го затеков како седи на креветот во домашна облека, но беше многу исплашен оти останал сам со светлина само од една ламба од туѓтата соба, па се тргна и се повлече кога влегов јас. Му пристапив брзо и кога виде дека сум јас, почна да ме прегрнува со солзи радосници.

– А мене ми рекоа дека си се иселил некаде во друг стан, дека си се исплашил и си избегал.

– Кој можел тоа да ви го каже?

– Кој можел? Гледаш, можеби и самиот сум го измислил, а можеби некој и ми го кажал. Претстави си, пред малку сонував: влегува старец со брада и со икона скршена надве и наеднаш ми вели: „Вака ќе се скрши твојот живот!“

– Ах, боже мој, сигурно сте чуле од некого дека Версилов вчера ја скрши иконата?

– N'est – ce pas? Сум чул, сум чул. Од Настасја Егоровна чув изутринава. Таа го донесе ваму мојот куфер и кученцето.

– Па затоа и сте сонувале.

– Ако, сеедно; и претстави си, тој старец постојано ми се закануваше со прст. А каде е Ана Андреевна?

– Веднаш ќе се врати.

– Од каде? Зар и таа отишла? – извика тој жално.

– Не, не, сега ќе биде овде; ме замоли мене за тоа време да бидам кај вас.

– Oui, ќе дојде. И така нашиот Андреј Петрович се мрднал од умот, „колку незабележливо и колку итро!“ Секогаш му претскажував дека така ќе сврши. Драги пријателе, чекај . . .

Наеднаш ме фати со раката за палтото и ме привлече кон себе.

– Газдата пред малку – почна да ми раскажува со шепотење – ми донесе фотографии, порнографски женски фотографии, само голи жени во разни источнички пози и почна да ми ги покажува низ стакло . . . Јас, знаеш, ги фалев со стегнато срце, но зар не му доведуваа одвратни жени и на оној несреќник за да можат потоа полесно да го измамат.

– Вие сè уште зборувате за фон Зона; доста, кнезу за тоа! Газдата е будала и ништо повеќе!

– Будала и ништо повеќе! C'est mon opinion![1]) Драги пријателе, ако можеш спаси ме одовде! – рече тој и наеднаш ги склопи рацете пред мене.

– Кнезу, ќе сторам сè што можам! Јас сум целиот ваш . . . Драги кнезу, почекајте, можеби сè ќе доведам во ред!

---

[1]) Тоа е мое мислење.

– N'est-ce pas? Ке избегаме, а куферот ќе го оставиме за да помисли тој дека ќе се вратиме.

– Каде да избегаме? А Ана Андреевна?

– Не, не, заедно со Ана Андреевна ... Oh mon cher, во главата имам некаква збрка ... Слушај, онаму во торбана, десно, е портретот на Катја; порано го ставив внатре скришно за да не види Ана Андреевна, а особено онаа Настасја Егоровна; жити бога, дај ми го брзо, претпазливо, внимавај да не нè затечат ... Може ли да се стави жапка на вратата?

Навистина, ја најдов фотографијата на Катерина Николаевна во валчеста рамка. Тој ја зеде в рака, ја принесе до светлината и наеднаш му потекоа солзи низ жолтите, слаби образи:

– C'est une ange, c'est une ange de ciel![1] – повторуваше тој. – Целиот живот грешев спрема неа ... и еве сега! Chère enfant, не верувам во ништо, во ништо не верувам! Драги пријателе, кажи ми: може ли и да се замисли дека сакаат да ме затворат во лудница? Je dis des choses charmantes et tout le monde rit ...[2] и наеднаш човекот го одведуваат во лудница!

– Тоа никој никогаш не го мислел! – извикав јас. – Тоа е грешка. Јас ги знам нејзините чувства!

– И ти ги знаеш нејзините чувства! Тоа е прекрасно! Драги пријателе, ти ме врати откај мртвите! Што ли не ми изнаприкажа за тебе? Драги пријателе, викни ја ваму Катја и тие двете овде пред мене нека се бакнат, јас ќе ги одвезам дома, а газдата ќе го истераме!

Потоа стана, ги склопи рацете пред мене и наеднаш клекна.

– Cher, – почна да шепоти во некаков безумен страв, целиот треперејќи како лист – драги пријателе, кажи ми ја целата вистина; каде ќе ме носат тие сега мене?

– Боже, – извикав јас, го кренав и го ставив на кревет – па вие ни мене веќе не ми верувате; зар вие мислите дека сум и јас замешан во заговорот? Па јас

---

[1]) Тоа е ангел, тоа е ангел небесен.

[2]) Јас зборувам занимливи и прекрасни работи, сите се смеат

овде никому нема да му дозволам ни со прст да ве допре!

– C'est ça, не дозволувај! – пропелтечи тој, фаќајќи ме цврсто со обете раце за лактите, непрестајно треперејќи. – Не давај ме никому! И немој да ме измамиш ... ќе ме одведат ли одовде? Слушај, овој газдава Иполит, како ли му беше името, тој ... доктор ли е?

– Каков доктор?

– Зар ова ... ова не е лудница, ова овде, во оваа соба?

Во тој момент вратата се отвори и во собата влезе Ана Андреевна. Таа сигурно наслушнувала на вратата и, не можејќи повеќе да издржи, ја отвори вратата премногу брзо, така што кнезот, кој се тргаше при секое шушкање, извика и падна ничкум на перницата. Доби еден вид напад, кој заврши со липање.

– Ова е плод на вашата работа! – ѝ реков покажувајќи го старецот.

– Не, тоа е плод на вашата работа! – рече таа остро, со уште посилен глас. – За последен пат ви се обрнувам, Аркадиј Макарович, сакате ли да ја обелодените пеколната интрига против незаштитениот старец и да ги жртвувате „вашите безумни и детски љубовни соништа“ за да ја спасите својата р о д е н а сестра?

– Ќе ве спасам сите, но само онака како што реков пред малку! Одам сега и можеби по еден час ќе биде овде и Катерина Николаевна! Сите ќе ве измирам и сите ќе бидете среќни! – извикав јас речиси вдахновен.

– Доведи ја, доведи јаваму! – оживи кнезот. – Одведете ме кај неа! Сакам да ја видам Катја и да ја благословам! -викаше тој, кревајќи ги рацете и станувајќи од креветот.

– Гледате, – ѝ го покажав него на Ана Андреевна – слушнете што зборува тој: сега веќе во никој случај не може да ви помогне никаков „документ“.

– Гледам, но сепак тој уште би помогнал да ја оправдам мојата постапка пред светот; вака сум посрамотена! Сепак, совеста ми е чиста. Сите ме напуш-

тија, дури и мојот роден брат, кој се исплашил од неуспехот . . . Но јас ќе ја извршам мојата должност и ќе останам покрај овој несреќник како негова гувернанта, како негова болничарка.

Но не смееше да се губи време, јас истрчав од собата.

– Ќе се вратам по еден час и нема да се вратам сам! – викнав од вратата.

ДВАНАЕСЕТТА ГЛАВА

I

Најпосле ја затеков Татјана Павловна дома. Брзо ѝ изложив сѐ, сѐ за документот и сѐ до последната ситница за она што се случува кај мене во станот. Иако и таа мошне многу знаеше за сѐ и можеше со два збора да ја сфати работата, сепак моето изложување траеше, мислам, околу десет минути. Зборував само јас, тоа што го кажував беше вистина и не се срамев. Таа молчеше и исправена како стап седеше неподвижно на столот, со стиснати усни, не симнувајќи ги од мене очите и слушајќи со напрегнато внимание. А кога завршив, таа скокна од местото и тоа толку брзо, што и јас скокнав.

– Ах, куче едно! Значи, тоа писмо навистина е кај тебе сошиено, го сошила онаа луда Марија Ивановна! Ах, вие одвратни безобразници! Ти, значи, си дошол ваму да освојуваш срца, да го победуваш отмениот свет, да му се одмаздиш на целиот свет затоа што си вонбрачен син?

– Татјана Павловна, – викнав јас – немојте да ме карате! Можеби вие со вашето карање уште од почетокот сте виновна што бев толку огорчен. Да, јас сум вонбрачен син и можеби навистина сакав на кого и да било да му се одмаздувам поради тоа што сум вонбрачен син, затоа што ни самиот ѓавол не може тука да пронајде кој е виновен; но не заборавајте дека одбив да стапам во друштво со никаквеците и дека ги победив моите страсти! Без збор ќе ѝ го предадам до-

кументот и ќе си заминам, нема ни еден збор да чекам; вие лично ќе бидете сведок!

– Дај го писмото, веднаш дај го писмото, извади го веднаш писмото ваму на масава! Или, можеби, пак лажеш?

– Писмото е сошиено во мојот џеб; Марија Ивановна лично го соши; а кога правев ново палто, го извадив од старото и сам го сошив во новово палто; еве го овде, пипнете, видете дали лажам!

– Дај го, извади го! – настојуваше Татјана Павловна.

– Не го давам по никоја цена, ви повторувам: ќе го ставам пред неа во ваше присуство и ќе си отидам, нема ни еден збор да чекам; но е потребно таа да знае и со свои очи да види дека јас самиот и го предавам, доброволно, без принуда и без награда.

– Пак ли глумиш? Вљубен ли си, куче ниедно?

– Зборувајте гадости колку што сакате; сум ги заслужил, па не ме навредуваат. Нека ѝ се стори ништожно момчето што ја демнело и ковело заговор против неа, но нека увиди дека сум се совладал себеси и дека нејзината среќа ја ставив над сè на светот! Ако, Татјана Павловна, ништо! Јас си велам себеси: само храбро и надевај се! Нека биде ова мојот прв чекор на боиштето на животот, но заврши добро, благородно! И што има во тоа што ја сакам? – продолжив јас воодушевено и со светли очи – од тоа не се срамам: мајка ми е ангел небесен, а т а а е царица земска! Версилов ќе се врати кај мајка ми. И тогаш не треба да се срамам од неа; чув сè што разговараа таа и Версилов, стоев зад завесата . . . О, сите тројца сме „луѓе со исто безумство!“ А знаете ли чии се тие зборови: „луѓе со исто безумство?“ Тоа се негови зборови, зборови на Андреј Петрович! А знаете ли дека овде можеби има и повеќе од тројца кои сме подеднакво безумни? Еве да се обложиме дека сте вие четвртото лице со исто такво безумство! Сакате ли да кажам: се обложувам дека и вие целиот свој живот сте биле вљубена во Андреј Петрович, а можеби сте уште и сега . . .

Повторно велам, бев во воодушевување и некако

среќен, но не стигнав да довршам: таа некако неприродно наеднаш брзо ме фати со рака за косата и два-трипати со сета сила ме повлече надолу . . . потоа наеднаш ме остави, отиде во аголот и, свртувајќи ми го грбот, го покри лицето со шамиче.

– Куче едно! Тоа никогаш веќе да не ми го речеш! – ми рече плачејќи.

Сето тоа се случи толку неочекувано, што просто бев замелушен. Стоев и гледав, не знаејќи што да правам.

– Будала! Ела ваму, бакни ме мене, лудата! – рече таа наеднаш плачејќи и смеејќи се. – И тоа веќе никогаш да не ми го речеш . . . А тебе те сакам и цел живот сум те сакала . . . будала!

Јас ја бакнав. Ќе речам во заграда: од овој момент ние двајцата, јас и Татјана Павловна, станавме пријатели.

– Ах, да! Ама што ми е, – извика таа наеднаш и се удри по челото – што велиш и стариот кнез е во твојот стан? Вистина ли е тоа?

– Ве уверувам.

– Ах, боже мој! Ох, тешко мене! – почна таа да се врти и да трча по собата. – И таму сега со него прават што сакаат! Ех, гром да ги изгори, будали! И ти уште велиш, од изутринава? Ете ти ја таа Ана Андреевна! Ете ви ја таа калуѓерка! А онаа принцеза ништо и не сонува!

– Која принцеза?

– Па царицата земска, идеалот . . . Но што да се прави сега?

– Татјана Павловна, – ѝ реков јас, прибирајќи се – разговаравме за глупости, а го заборавивме она што е главно: имено, дотрчав ваму по Катерина Николаевна и сите таму чекаат да се вратам.

И јас ѝ објаснив дека ќе го предадам документот само под тој услов ако вети дека веднаш ќе се смири со Ана Андреевна и ќе се согласи со нејзиниот брак . . .

– Одлично, – ме прекина Татјана Павловна – и јас тоа стопати сум ѝ го рекла. Тој и така ќе умре пред да дојде до брак, па нема ни да се венча; а ако во те-

стаментот сака да ѝ остави пари нејзе, на Ана, тоа е веќе и без тоа сторено . . .

– Зар на Катерина Николаевна ѝ е жал само за парите?

– Не, таа непрекинато се плашеше дека е документот кај неа, кај Ана, а и јас се плашев. Поради тоа ја следевме неа. Ќерката не сакаше да го потресе старецот, а на Швабата Бјоринг навистина му е жал и за парите.

– И по тоа ќе може да појде за Бјоринг?

– А што можеш да правиш со луда жена? Будалата си останува будала. Ќе ѝ донесе божем некакаков мир. „За некого, вели, морам да се омажам; за него е, изгледа, најзгодно“; но ќе видиме колку ќе биде најзгодно. Ќе се удри со рака по челото, но ќе биде веќе доцна.

– Па зошто го допуштате тоа? Вие ја сакате, во очи ѝ рековте дека сте вљубена во неа!

– И вљубена сум и повеќе ја сакам отколку сите вие заедно, но таа сепак е неразумна луда жена!

– Тогаш брзо одете по неа веднаш, па овде ќе свршиме сè и ќе ја одведеме кај нејзиниот татко.

– Но тоа не е возможно, не е возможно, глупаку! Во тоа е и работата! Ах, што да правам јас! Ах, тешко мене! – пак почна да се штутка таа по собата, па сепак ја зеде наметката. – Е-ех, да дојдеше пред четири часа, а сега е осум; пред малку отиде на ручек кај Пелишчеви, а потоа со нив ќе оди на опера.

– Боже мој, тогаш треба да се оди по неа во операта . . . не, тоа не може! Што ќе стане сега со старецот? Може да умре уште ноќеска.

– Слушај, не оди таму, туку појди кај мајка ти, ноќевај кај неа, и утре рано . . .

– Не, никако не сакам да го оставам старецот, што и да стане.

– Имаш право, не оставај го старецот. А јас, знаеш, сепак ќе отрчам до неа и ќе ѝ оставам писменце . . . знаеш, ќе ѝ напишам со наши зборови (таа ќе разбере!) дека е документот овде и утре точно во десет часот нека дојде кај мене – но точно! Не грижи се, ќе дојде, мене ќе ме послуша и тогаш сè ќе дове-

деме во ред. А ти побрзај таму и занимавај го старецот како што знаеш и можеш; стави го да спие, веројатно ќе го дочека утрото! А Ана немој да ја плашиш; и неа ја сакам; не си праведен спрема неа, зашто не можеш да ја разбереш, таа е навредена, уште од детството е навредена; о, сите ми паднавте на врат! И не заборави да ѝ кажеш од моја страна дека јас сум се зафатил за работата, јас лично и од сè срце, таа нека не се грижи, нејзината гордост нема воопшто да биде навредена . . . Последниве денови сосем се скаравме, се изнавредивме и раскинавме! Но трчај . . . Чекај, покажи ми го џебот . . . вистина ли е, вистина ли е? Ох, дали е вистина? Дај ми го тоа писмо макар само ноќеска, зошто ти е тебе? Остави го овде, нема да го изедам. Можеш да го изгубиш ноќеска . . . или да го мениш мислењето?

– По никоја цена не го давам! – извикав јас. – Еве, пипнете, погледајте, но по никоја цена не би ви го оставил!

– Гледам дека е хартија! – рече таа пипајќи со прстите. – Е-ех, добро, оди, а јас можеби и во театарот ќе ја побарам, добро се сети за тоа. Само трчај веќе, трчај!

– Татјана Павловна, чекајте, што прави мама?

– Жива е.

– А Андреј Петрович?

Таа мавна со раката.

– Ќе дојде на себеси!

Истрчав охрабрен, со нова надеж, иако не ми појде од рака сè онака како што сметав. Но залудно, судбината определила поинаку и мене ме чекаше нешто непредвидено. Навистина постои судбина!

II

Уште на скалите чув врева во нашиот стан, а вратата од мојот стан ја најдов отворена. Во ходникот стоеше еден лакеј во ливреја, кого не го познавав. Петар Ипполитович со жената, обајцата од нешто уплашени, исто така стоеја во ходникот и нешто

чекаа. Вратата на собата од кнезот беше отворена и таму се слушаше крупен глас кој веднаш го познав – Бјоринговиот глас. Уште не успеав да направам ни два чекора, кога забележав дека кнезот, кој беше целиот во солзи и трепереше, го водеа од собата во ходникот Бјоринг и придружникот, баронот Р., оној што доаѓаше кај Версилов на преговори. Кнезот липаше доколку што го држеше гласот, го прегрнуваше и го бакнуваше Бјоринга. Бјоринг ѝ викаше на Ана Андреевна, која, исто така, беше излезена во ходникот по кнезот, тој ѝ се закануваше и, изгледа, удираше со нога на подот – со еден збор, тој се покажа како груба германска чизма, и покрај сета своја „отменост". Подоцна се виде дека Ана Андреевна, според неговото мислење, сторила кривично дело со своите постапки и дека сега, без сомневање, мора да одговара дури и пред суд. Незапознат со работите, тој преувеличуваше сè како што им се случува на многумина, па поради тоа сметаше дека има право спрема неа да постапува без никаков обзир. Уште не успеа да ја сфати работата: него некој, како што се виде подоцна (за тоа ќе раскажувам подоцна), анонимно го известил за сè, па долетал во состојба на побеснет човек, во расположение во кое дури и најдуховните луѓе од неговата нација се готови понекојпат да се бијат како чевлари. Ана Андреевна целиот овој испад го прими со најголемо достоинство, но јас тогаш не бев тука. Видов само дека Бјоринг, откако го изведе старецот во ходникот, му го предаде на баронот Р., брзо се сврти кон Ана Андреевна, ѝ се развика веројатно одговарајќи на некаква нејзина забелешка:

– Вие сте интригантка! Ги сакате неговите пари! Од овој момент сте посрамотена во општеството и ќе одговарате пред судот . . .

– Вие го експлоатирате својот несреќен болен и сте го довеле до лудило . . . а ми викате мене затоа што сум жена и нема кој да ме заштити . . .

– Ах, да! Вие сте негова свршеница, свршеница! – се закикоти Бјоринг бесно и злобно.

– Бароне, бароне . . . Chère enfant, je vous aime![1]) заплака кнезот пуштајќи ги рацете кон Ана Андреевна.

– Ајде, кнезу, ајде; против вас овде постоел заговор, можеби дури и против вашиот живот! – му викна Бјоринг.

– Oui, oui, je comprends, j'ai compris au commencement . . .[2])

– Кнезу, – го подигна гласот Ана Андреевна – ме навредувате и допуштате да ме навредуваат!

– Истај ми се оттука! – ѝ викна Бјоринг нејзе.

Ова јас не можев да го поднесам.

– Никаквецу! – му викнав јас. – Ана Андреевна, јас сум вашиот заштитник.

Не сакам и не можам да опишам во подробности сѐ што се случи тогаш. Сцената беше стравотно грда, а јас како наеднаш да го загубив умот. Ми се чини дека скокнав и го удрив, во секој случај силно сум го турнал. Тој, исто така, ме удри мене со сета сила, така што паднав. Кога се прибрав, потрчав по нив по скалите; се сеќавам дека од носот ми течеше крв. Пред портата ги чекаше кола и, иако лакејот ме оттурнуваше, пак му скокнав на Бјоринга. Тогаш, не знам од каде, тука се најде и полицијата. Бјоринг ме фати за јаката и остро ѝ нареди на полицијата да ме одведе во квартот. Јас викав дека и тој мора да дојде со мене, па да нѐ сослушаат обајцата и дека мене не смеат да ме одведат, тукуречи, од мојот стан. Но бидејќи работата се случи на улица, а не во станот и бидејќи јас викав, пцуев и се тепав како да сум пијан и бидејќи Бјоринг беше во униформа, полицаецот ме поведе мене. Но дури тогаш ме опфати бес и јас, отимајќи се со сета сила, ми се чини дека го удрив полицаецот. Се сеќавам дека потоа дојдоа уште двајца и ме одведоа. Одвај се сеќавам дека ме внесоа во една зачадена соба, во која многу се пушеше и имаше многу разни луѓе, од кои некои стоеја, некои седеа, чекаа и пишу-

---

[1]) Драго дете, јас ве сакам.

[2]) Да, да, разбирам, разбрав уште од почетокот . . .

ваа; и овде продолжив да викам, барајќи да ме сослушаат. Но работата веќе не беше проста, туку се компликува со насилството против полициската власт. Притоа и непристојно изгледав. Некој наеднаш ужасно викна по мене. Полицаецот што ме доведе ме обвинуваше за тепчка и му реферираше на полковникот . . .

– Како се викате? – ме викна некој.

– Долгоруки! – рикнав јас.

– Кнезот Долгоруки ли?

Како што бев надвор од себеси, му одговорив со некаква грда пцоста, а потоа . . . потоа се сеќавам дека ме одвлекоа во едно темно сопче „за истрезнување". Не, јас не протестирам. Целата читачка публика пред некој ден беше прочитала во весниците дека еден господин се жали што преседел цела ноќ во затворот, врзан, исто така, во сопчето „за истрага", но тој, изгледа, навистина не бил виновен; а јас бев виновен. Легнав на штиците, на кои како мртви веќе спиеја други двајца. Ме болеше главата, ми чукаа слепоочниците, ми чукаше срцето. Веројатно сум ја изгубил свеста и изгледа сум паднал во несвест. Се сеќавам само толку дека се разбудив на полноќ и дека седнав. Тогаш се сетив за сè и разбрав сè; и потпирајќи ги лактите на колениците, ја потпрев со рацете главата и потонав во длабоко размислување.

О! Нема да опишувам што чувствував, а за тоа немам ни време, туку ќе спомнам само едно: можеби никогаш не сум преживеал поведри часови во душата, отколку тогаш кога размислував во глувата ноќ, на штиците во затворот. Ова на читателот може да му се стори чудно, може да му изгледа како шегување, желба да се биде оригинален, но беше така како што велам. Тоа беше момент кој можеби го доживува секој, но кој доаѓа само еднаш во животот. Во таквиот момент човек ја решава својата судбина, ги утврдува своите погледи на светот и си вели себеси еднаш за цел живот: „Еве каде е вистината и еве каде треба да одам за да можам да ја најдам." Да, тој момент ми стана светлина на мојата душа. Навреден од надуениот Бјоринг и очекувајќи утре да ме навреди и онаа

светска дама, многу добро знаев дека можам ужасно да им се одмаздам, но решив да не се одмаздувам. Не грижејќи се за искушението, решив да не го покажам документот, за него да не дознае целиот свет (како што веќе ми се вртеше во главата); си повторував во себеси: утре ќе го изнесам писмото пред неа и, ако мора така да биде, наместо благодарност, ќе ја поднесам нејзината подбивна насмевка, но сепак нема да кажам ни збор, туку ќе си одам откај неа засекогаш . . . Впрочем, зошто тоа да го образложувам овде. Напротив, за тоа што ќе се случи утре со мене овде, како ќе ме изведат пред власта и што ќе сторат со мене – речиси и заборавив да мислам. Се прекрстив топло, легнав на штиците и заспав со ведар, детски сон.

Се разбудив доцна, кога веќе се беше разденило. Во собата бев сам. Седнав и почнав молчејќи да чекам, долго, цел час; веројатно веќе беше околу девет часот кога ме повикаа. Би можел сега да влезам подлабоко во подробностите, но не вреди, зашто сето тоа сега е споредно; јас сум за тоа да го раскажам само главното. Ќе спомнам само дека, за мое најголемо изненадување, спрема мене беа неочекувано учтиви, нешто ме прашаа, нешто им одговорив и веднаш ме пуштија да си одам. Излегов молчејќи, а во нивните погледи со задоволство прочитав дури некаква љубопитност спрема човекот кој умеел достоинствено да се држи во таква ситуација. Да не го забележев тоа, немаше да го запишам. На излегување ме чекаше Татјана Павловна. Со два збора ќе објаснам зошто тогаш минав толку лесно.

Изутрината рано, можеби веќе околу осум часот, Татјана Павловна дотрчала во мојот стан, то ест кај Петар Ополитович, уште со надеж дека таму ќе го затече кнезот и тука дознала за сите вчерашни ужасни настани и, што е најважно, дека јас сум уапсен. Истиот момент отрчала кај Катерина Николаевна (која синоќа, откако се вратила од театар, се состанала со својот татко кој беше доведен дома), ја разбудила, ја заплашила и побарала веднаш да ме ослободи. Со нејзиното писмо веднаш отрчала кај Бјоринга и од него

зела едно друго писмо, за надлежното лице, во кое Бјоринг лично моли веднаш да ме пуштат на слобода, бидејќи сум „уапсен поради недоразбирање“. Со тоа писмо веднаш дошла во квартот и молбата била уважена.

III

Сега продолжувам за главната работа.

Земајќи ме за рака, Татјана Павловна ме смести во колата и ме одвезе во нејзиниот стан; тука веднаш нареди да се свари чај, а самата почна да ме мие и да ме чести. Во кујната гласно ми рече дека во единаесет и пол кај неа ќе дојде Катерина Николаевна – така се договориле изутрината – заради состанок со мене. Тоа го чу и Марија. По неколку минути таа нè послужи со чај, а по две минути, кога Татјана Павловна ја викна поради нешто, повеќе не се одзиваше: излегла некаде, како што видовме подоцна. Го молам читателот ова добро да го запомни; тогаш беше, мислам, десет без четврт. Иако Татјана Павловна се налути што Марија излегла без прашање, мислеше дека отишла само до некој дуќан и веднаш заборави за тоа. Повеќе не мислевме за тоа; непрекинато зборувавме за друго, бидејќи имавме за што да зборуваме, така што излегувањето на Марија го тргнавме од умот. Го молам читателот и тоа да го запомни.

Само по себе се разбира, бев како замелушен; ги изложував своите чувства и, што е главно, ја чекавме Катерина Николаевна. При помислата дека по еден час најпосле ќе ја видам, и тоа уште во толку важен момент за мојот живот треперев и ме полазија морници. Најпосле, откога испив две чаши чај, Татјана Павловна стана, ги зеде од масата ножиците и рече:

– Дај го ваму џебот да го извадам писмото – секако пред неа нема да го вадиме!

– Сигурно! – реков јас и го откопчав палтото.

– Како е сошиено ова? Кој ти го соши?

– Јас самиот, Татјана Павловна!

– Се гледа дека ти сам си го сошил. Еве го . . .

Таа го извлече писмото; стариот плик беше тука, но во него само празен лист хартија.

– Што е ова? – извика Татјана Павловна вртејќи го листот . . . – Што ти е?

Јас стоев онемен и блед . . . паднав на столот без сила; да си кажам право, за малку што не ја загубив свеста.

– Што е сега ова? – се развика Татјана Павловна. – Каде е тоа твое писмо.

– Ламберт! – скокнав јас наеднаш од столот, сеќавајќи се и удирајќи се по челото.

Целиот задишан, брзо ѝ објаснив сè – ноќта што ја поминав кај Ламберта и нашиот тогашен заговор; впрочем, заговорот уште синоќа ѝ го признав.

– Го украле, го украле! – викав удирајќи со нозете по подот и корнејќи си ја косата.

– Тоа е лошо! – рече најпосле Татјана Павловна, сфаќајќи во што е работата! – Колку е часот?

Беше околу единаесет.

– Ех, каде ли е таа Марија! . . . Марија, Марија.

– Што ви е, госпоѓо? – се одзва Марија од кујната.

– Ти ли си? . . . А сега што да правиме! Одам брзо кај неа . . . О, ти дибек, дибек!

– А јас одам кај Ламберта, – извикав – ќе го задавам ако затреба!

– Госпоѓо! – се чу наеднаш пискавиот глас на Марија од кујната: – овде ве бара една . . .

Уште не стигна ни да ја доврши реченицата, а „едната" брзо, викајќи и плачејќи, сама втрча од кујната во собата. Тоа беше Алфонсина. Нема да ги опишувам подробностите од оваа сцена; сцената беше целата од измама и лажење, но треба да истакнам дека Алфонсина извонредно ја одигра. Со солзи на каење и невозможно мавтање со рацете издекламира со својот крескав глас (на француски, се разбира) дека писмото таа лично го исекла од џебот, дека е сега писмото кај Ламберта и дека Ламберт заедно со „оној разбојник", cet homme noir[1]), сака да ја повика ма-

---

[1]) Со оној црн човек.

dame la générale[1]) и да ја убијат, сега веднаш, по еден час ... дека таа сето тоа го дознала од нив, дека ужасно се исплашила, затоа што кај нив видела пиштол, le pistolet, и брзо, ете, дотрчала ваму да нè повика да ја спасиме, да го спречиме ... Cet homme noir ...

Со еден збор, сè извонредно личеше на вистина; глупиот начин на кој Алфонсина објаснуваше некои работи го засилуваше впечатокот дека зборува вистина.

– Кој homme noir? – праша Татјана Павловна,

– Tiens, j'ai oublié son nom ... Un homme affreux ... Tiens, Versiloff.[2])

– Версилов не може да биде! – викнав јас.

– А, може, може! – викна Татјана Павловна. – Зборувајте, драга моја, не скокајте толку, не мавтајте со рацете; што бараат тие таму? Објаснете, драга моја, убаво; не можам да верувам дека сакаат да ја убијат.

„Драга" тогаш го објасни ова. (Н.З. сè беше лага, го истакнувам тоа однапред): Versiloff ќе седи зад вратата, а Ламберт, кога ќе влезе таа, ќе ѝ го покаже cette lettre[3]); тогаш ќе излезе Versiloff и тој ќе ја ... Oh, ils feront leur vengeance![4]) Дека таа, Алфонсина, се плаши од несреќа затоа што и таа, всушност, учествувала, а cette dame, la générale, безусловно ќе дојде, „сега веднаш, сега вендаш", зашто ѝ испратиле копија од писмото, така што веднаш јасно ќе види дека писмото навистина е во нивни раце, па сигурно ќе појде кај нив; а писмото ѝ го напишал Ламберт; генералицата не знае за Версилов; а Ламберт во писмото се претставил како некој господин кој дошол од Москва, по порака од една дама од Москва, une dame de Moscou (Н.З. Марија Ивановна!).

– Ах, тешко мене, тешко мене! – извикуваше Татјана Павловна.

– Sauvez-la, sauvez-la![5]) – пискаше Алфонсина.

---

[1]) Госпоѓицата генералица.

[2]) Гледај, му го заборавив името ... Еден ужасен човек ... Да, Версилов ...

[3]) Писмото.

[4]) Ох, тие ќе ја извршат својата одмазда!

[5]) Спасете ја! Спасете ја!

Се разбира, во оваа луда приказна веќе на прв поглед имаше нешто бесмислено, но немавме време да размислуваме, зашто во суштината се ужасно личеше на вистина. Можевме само да претполагаме и тоа како многу веројатно дека Катерина Николаевна, кога ќе ја добие Ламбертовата покана, ќе наврати прво кај Татјана Павловна, за да ја расветли работата; но тоа, исто така, можеше и да не се случи; би можела да појде право кај нив; а тогаш е готова! Тешко беше да се поверува дека таа веднаш, на првиот повик, ќе летне кај Ламберта, кого и не го познава; но и тоа можеше да се случи штом ќе ја види копијата и ќе се увери дека навистина го имаат нејзиното писмо; и тогаш – пак истата несреќа! – Главно, не ни остануваше ни еден миг време да размислуваме за тоа.

– А Версилов ќе ја заколе! Штом се понижил да се здружи со Ламберт, тогаш ќе ја заколе! Тука е двојникот! – извикав јас.

– Ах, тој „двојник"! – ги кршеше рацете Татјана Павловна. – Нема што – реши таа наеднаш – земи ја шапката, бундата, и ајде да одиме заедно! Водете нѐ, драга, право кај него. Ах, тоа е секако далеку! Марија, Марија, ако дојде Катерина Николаевна, кажи ѝ дека веднаш ќе се вратам; кажи ѝ нека седне да ме чека; а ако не сака да чека, затвори ја вратата и задржи ја сосила. Кажи ѝ дека јас сум ти наредила така! Марија ќе добиеш, сто рубли ако ми го сториш ова.

Истрчавме по скалите. Без сомневање, го правевме она што ни изгледаше најдобро, зашто, во секој случај, главната неволја се закануваше во Ламбертовиот стан; а ако Катерина Николаевна во меѓувреме дојде кај Татјана Павловна, Марија ќе ја задржи. Сепак Татјана Павловна, откога веќе викна кола, наеднаш ја мени одлуката.

– Оди ти со неа – ми нареди таа оставајќи ме сам со Алфонсина – и таму умри ако затреба, разбра ли? Јас брзо ќе дојдам по тебе, а прво ќе навратам кај неа; можеби ќе ја затечам дома.

И таа се одвезе кај Катерина Николаевна, а јас и Алфонсина се упативме кај Ламберта. Го терав кочи-

јашот да вози побрзо, а за време на возењето продолжив да ја испитувам Алфонсина; но таа ми одговараше само со извици и најпосле со солзи. Но сите нè чуваше господ и нè спаси во моментот кога веќе сè висеше на конец. Не изминавме уште ни една четвртина од патот, кога чув дека некој ме вика, ме вика по име. Се свртив – со кола пристигнуваше Тришатов.

– Каде одите – викаше исплашено – и тоа со неа, со Алфонсина?

– Тришатов, – му довикнав јас – точно е тоа што го кажавте – несреќа! Брзам кај оној подлец Ламберт! Ајде да одиме заедно, ќе бидеме повеќе!

– Вратете се, вратете се веднаш! – извика Тришатов. – Ламберт лаже и Алфонсина лаже. Ме испрати сипаничавиот; тие не се дома; сега ги сретнав Версилов и Ламберт; се одвезоа кај Татјана Павловна... сега се таму...

Ја запрев колата и минав во колата на Тришатов. Ни сега уште не знам како можев толку брзо да се решам, но веднаш поверував и веднаш се решив. Алфонсина ужасно списка, но ние ја оставивме и не знам повеќе дали тргна по нас или отиде дома, но веќе не ја видов.

Попат во колата Тришатов ми раскажа бргу-бргу, целиот задишан: дека е приготвен некаков заговор, дека Ламберт се договорил за нешто со сипаничавиот, но дека овој го изневерил во последниот момент и во овој момент го испратил Тришатова кај Татјана Павловна да извести за тоа на Ламберта и на Алфонсина да не им верува. Тришатов уште додаде дека ништо повеќе не соопштил, зашто брзал за некаде, а сè било итно. „Ве видов“, рече Тришатов, „кога минавте, па побрзав по вас“. Се разбира, беше јасно дека и сипаничавиот знае сè, затоа што Тришатова го испратил право кај Татјана Павловна; но тоа сега пак е нова загатка.

За да нема забуна, пред да почнам да ја опишувам катастрофата, ќе ја објаснам целата вистина и за последен пат ќе зафатам пак однапред.

IV

Кога го украл писмото од мене, Ламберт веднаш се состанал со Версилов. За тоа како можеше Версилов да се здружи со Ламберт засега нема да зборувам; за тоа подоцна; главно е дека тука беше „двојникот“. Здружувајќи се со Версилов, Ламберт имаше пред себе задача на што полукав начин да ја намами Катерина Николаевна. Версилов јасно му рекол дека таа нема да сака да дојде. Но Ламберт уште оној момент кога пред три дена вечерта, стигнувајќи го на улица и фалејќи се, му реков дека писмото ќе ѝ го вратам на Катерина Николаевна во станот на Татјана Павловна и во присуство на Татјана Павловна – во истиот момент Ламберт организирал еден вид шпионажа, имено, ја поткупил Марија. Ѝ дал на Марија дваесет рубли, а потоа, утредента, откога веќе беше извршена кражбата на документот, повторно ја посетил Марија и сега со неа веќе наполно се договорил и ѝ ветил за услугата двесте рубли.

Ете, затоа Марија, штом пред малку чула дека Катерина Николаевна ќе дојде во единаесет и пол часот кај Татјана Павловна и дека ќе бидам тука и јас, веднаш отрчала од дома и со кола летнала со таа вест кај Ламберта. Токму за тоа таа сигурно му јавила на Ламберта – во тоа и се состоела нејзината услуга. Во тој момент кај Ламберта случајно се нашол и Версилов и за миг ја смислил таа пеколна комбинација. Велат дека полуден човек, во извесни моменти, може да биде многу лукав.

Комбинацијата се состоела во тоа, по секоја цена да нè оддалечат од станот нас двајцата, Татјана и мене, макар само за четврт час, но пред да дојде Катерина Николаевна. Потоа, да чекаат на улица и, штом јас ќе излезам со Татјана Павловна, да влезат во станот што ќе им го отвори Марија и тука да ја чекаат Катерина Николаевна. А Алфонсина дотогаш ќе има должност по секоја цена да нè задржи, каде било и како било. Катерина Николаевна требало да стигне, како што ветила, околу единаесет и пол часот, значи двапати порано отколку што би можеле ние да

се вратиме. (Само по себе, се разбира, дека Катерина Николаевна не добила никаква покана од Ламберта и дека Алфонсина само лажеше; таа работа ја измислил Версилов, и тоа во сите подробности, а Алфонсина само играше улога на исплашен предавник). Се разбира, тие ризикуваа, но точно резонираа: „Ако се успее – добро; ако не се успее – ништо не е изгубено, зашто документот е сепак во наши раце". Но работата успеа; а како и да не успее кога не можевме да не појдеме по Алфонсина веќе од една причина: „А ако е сето тоа вистина?" Пак повторувам: немавме време да размислуваме.

V

Со Тришатов втрчав во кујната; тука ја затеков Марија исплашена. Беше вчудовидена од тоа што, кога ги пуштила Ламберта и Версилова, однекаде забележала во рацете на Ламберта – револвер. Таа навистина добила пари, но не сметала со револвер. Беше во недоумица и, штом ме виде, веднаш летна кај мене:

– Генералицата е тука, а тие имаат пиштол!

– Тришатов, останете овде во кујната – наредив јас – и штом ќе викнам, дотрчајте ми на помош колку што можете побрзо.

Марија ми ја отвори вратата од ходничето и јас се вовлеков во спалната соба на Татјана Павловна, во она сопче во кое одвај можеше да се смести креветот на Татјана Павловна и во кое еднаш веќе, и не сакајќи, наслушнував. Седнав на креветот и веднаш најдов отвор на завесата.

Во собата веќе се слушаше викање и гласен разговор; истакнувам дека Катерина Николаевна влегла во станот една минута по нив. Викањето и говорот ги чув уште од кујната: викаше Ламберт. Таа седеше на канабето, а тој стоеше пред неа и рикаше како магаре. Сега знам зошто ја загубил главата: брзаше, зашто се плашеше да не бидат откриени; подоцна ќе објаснам од кого се плашеше. Писмото му беше во рацете. А Версилов не беше во собата; јас стоев готов

да скокнам во собата штом ќе се појави опасноста. Можам да ја раскажам само смислата на зборовите, за многу нешта можеби и не се сеќавам, зашто тогаш бев возбуден, па не можев да запомнам сè до последната ситница.

– Ова писмо чини триесет илјади рубли, а вие се чудите! Ова вреди сто илјади, а јас барам само триесет! – гласно рече Ламберт лутејќи се страшно.

Иако очигледно беше уплашена, Катерина Николаевна го гледаше некако презриво.

– Гледам дека овде е уредена некаква стапица и ништо не разбирам, – рече таа – но ако вие навистина го имате писмото . . .

– Еве го, гледате и самата! Зар не е тоа? Дајте меница на триесет илјади, ни копејка помалку! – ја прекина Ламберт.

– Јас немам пари.

– Напишете меница – еве ви хартија. А потоа одете и најдете пари, јас ќе чекам; но само една недела, не повеќе. Штом ќе ги донесете парите, ќе ви ја вратам меницата и ќе ви го дадам писмото.

– Вие разговарате со мене со некаков чуден тон. Вие се лажете. Уште денеска ќе ви биде одземен тој документ, ако одам да ве пријавам.

– Кому? Ха, ха, ха! А скандалот, а кнезот на којшто ќе му го покажам писмото! Каде ќе ми го одземат? Јас не ги држам документите во станот. Ќе му го покажам на кнезот преку трето лице. Не бидете тврдоглава, госпоѓо, бидете благодарна што не барам многу; друг би барал и други услуги . . . вие знаете какви . . . кои ниедна убава жена не ги откажува во непријатни околности каква што е оваа . . . Ха, ха, ха! Vous êtes belle, vous![1])

Катерина Николаевна брзо стана од местото, целата поцрвенета и му плукна во лицето. Тогаш будалиот Ламберт го извади револверот. Тој, како ограничен будала, слепо веруваше во ефектот на документот; а – што е главно – не оцени со кого има работа,

---

[1]) Вие сте убава!

зашто, како што веќе реков порано, сите луѓе ги сметаше како луѓе слични на себеси. Од првиот збор, значи, ја налути со својата простотија: инаку, таа, можеби немаше да се спротивстави и ќе се согласеше со парична спогодба.

– Ни чекор понатаму! – викна тој, посебно поради плунката и ја фати за рамо покажувајќи ѝ го револверот – се разбира, само за да ја заплаши.

Таа писна и падна на канабето. Јас втрчав во собата, но во истиот момент, низ вратата од ходникот, втрча и Версилов! (Тој таму стоел и чекал). Штотуку го забележав, тој веќе му го истргна револверот на Ламберта и со сета сила го удри со револверот по глава. Ламберт се заниша и падна онесвестен; од главата му потече крв на килимот.

Кога го забележа Версилов, таа пobleде како крпа; неколку мига го гледаше неподвижно, со неопислив ужас и наеднаш ја изгуби свеста. Тој ѝ пристапи. Сето тоа сега ми се провлекува пред очите. Се сеќавам дека тогаш со страв го забележав неговото црвено, речиси модро лице и закрвавени очи. Ја фати онесвестената со неверојатна сила, ја крена на раце како перце и почна да ја носи по собата како дете, не знаејќи што да прави. Собата беше мала; тој чекореше од ѕид до ѕид, очигледно ни сам не знаејќи зошто го прави тоа. Во еден момент тој се изгуби. Непрекинато го гледаше нејзиното лице. Јас трчав по него и, што е главно, се плашев од револверот што го заборави во својата десна рака и го држеше покрај самоти нејзина глава. А тој ме оттурна, еднаш со лакотот, другпат со нога. Сакав да го викнам Тришатов, но се плашев да не го раздразнам полудениот Версилов. Најпосле, ја тргнав завесата и го замолив да ја стави на кревет. Тој пристапи и ја стави на кревет, застана над неа, сè уште гледајќи ја во лицето и наеднаш, наведнувајќи се, ја бакна двапати во бледите усни. Најпосле ми беше јасно дека овој човек веќе е наполно надвор од себеси. Наеднаш замавна кон неа со револверот, но, како да се премисли, го сврти револверот и го насочи во нејзиното лице. Во истиот момент со сета сила го фатив за раката и го викнав Тришатов. Се се-

ќавам дека обајцата се боревме со него, но успеа да ја оттргне раката и со револверот пукна во себе. Сакаше да ја убие неа, а потоа себеси. А кога не му дозволивме да ја убие неа, го насочи револверот кон себе право во срцето, но јас му ја оттурнав раката нагоре, па куршумот само му мина низ рамото. Во истиот момент во собата упадна Татјана Павловна и вресна; тој, меѓутоа, веќе лежеше онесвестен на ќилимот покрај Ламберта.

ТРИНАЕСЕТТА ГЛАВА

Крај

I

Половина година мина од таа сцена и многу нешта се случија оттогаш, многу нешта наполно се изменија и за мене веќе одамна почна нов живот . . . Ред е и јас да го разрешам читателот.

За мене, во секој случај, и тогаш и уште долго време потоа, најважно прашање беше ова: како можеше Версилов да се здружи со човек каков што е Ламберт и каква цел тој имаше тогаш предвид? Постепено дојдов до ова објаснување: според моето мислење, Версилов во тоа време, то ест тој последен ден и спроти тој ден, уверен сум, воопшто не размислувал, туку бил под влијание на своите чувства. Инаку воопшто не мислам дека вистински бил луд, дотолку повеќе што ни сега ни малку не е луд. Но допуштам дека имал „двојник“? Двојник, барем според книгата на еден медицински стручњак која по овој настан нарочно зедов да ја прочитам, не е ништо друго освен прв степен на извесно веќе сериозно душевно растројство, кое може доста лошо да се сврши. Версилов, со страшна искреност, при онаа средба кај мајка ми, сам ни ја објасни таа своја „подвоеност“ на чувствата и волјата. Сепак повторувам: иако сцената кај мајка ми со кршењето на иконата се случи непосредно под влијание на вистинскиот двојник, сепак отсекогаш ми се чинеше дека со неговата постапка била измешана и извесна злобна алегорија, некаква омраза спрема оче-

кувањата на жените, некаква лутина во однос на нивните права и на нивниот суд; затоа со двојникот ја скрши иконата! „Гледате, вака ќе се скршат и вашите очекувања"! Со еден збор, ако тука и имаше двојник, имаше и обичен ќуд . . . Но сето тоа јас само го нагаѓам; тешко може да се даде сигурно објаснување.

Навистина, и покрај сето негово обожување на Катерина Николаевна, во него секогаш беше вкоренета најискрена и длабока недоверба спрема нејзината морална вредност. Сигурно мислам дека затоа тој толку го чекаше зад вратата нејзиното понижување пред Ламберта. Но, дали тој тоа го сакаше, иако го чекаше? Пак повторувам: цврсто верувам дека тогаш ништо не сакал и дека за ништо не размислувал. Просто сакал да биде присутен, за да може потоа да се појави и да ѝ каже што било, а можеби и да ја навреди, а можеби сакал и да ја убие . . . Сѐ можеше да се случи тогаш, – само, кога дојде со Ламберта, апсолутно не знаеше што ќе се случи. Додавам дека револверот беше Ламбертов; тој лично дошол без оружје. А кога го виде нејзиното гордо достоинствено држење и, што е главно, не можејќи да го поднесе подлецот Ламберт, кој ѝ се закануваше, тој влета и веднаш потоа го загуби здравиот разум. Дали навистина сакаше да ја убие во тој момент? Според моето мислење, ни самиот не знаеше; по сѐ изгледа ќе ја убиеше да не му ја турневме раката.

Неговата рана не беше смртоносна и зарасна; но одлежа доста долго – кај мајка ми, се разбира. Сега кога ги пишувам овие редови, надвор е пролет, половината на мај, прекрасен ден и во нашиот стан прозорците се отворени. Мајка ми седи покрај него; тој со рака ѝ ги милува образите и косата и нежно ѝ гледа во очите. О, да, ова е само половина од некогашниот Версилов; веќе не се одделува од мајка ми и никогаш веќе нема да ја напушти. Сега веќе доби „дарба да плаче", како што се изрази незаборавниот Макар Иванович во својата приказна за трговецот; инаку, мене ми се чини дека Версилов ќе живее долго. Со нас е наполно добродушен и искрен, како дете, иако не ја губи ни мерката, ни својата воздржливост, ниту зборува многу. Ја зачувал целата своја памет и целата

своја морална хармонија; но сè што беше во него идеално, сега уште посилно се манифестираше. Отворено ќе кажам дека никогаш не сум го сакал толку колку сега, па ми е жал што немам ни време ни место да кажам повеќе за него. Впрочем, ќе раскажам една неодамнешна преживелица (а ги има многу). На велики пости веќе беше здрав и шестата недела изјави дека сака и тој да пости. Не постел веќе триесет години, можеби и повеќе. Мајка ми беше блажена; почнаа да готват посни јадења, се разбира, доста скапи и фини. Од другата соба слушав како во понеделникот и вторникот си потпевнуваше за себе „Се жених грјадет" и се воодушевуваше и од мелодијата и од зборовите. Во тие два дена неколкупати прекрасно зборуваше за верата; во средата, пак, наеднаш престана да пости. Нешто наеднаш го налутило, некаков „шеговит контраст", како што се изрази смеејќи се. Нешто не му се допадна кај свештеникот, или во литургијата, па штом се врати, рече со тивка насмевка: „Драги пријатели, многу го сакам бога, но за тоа не сум способен". И истиот ден доби за ручек ростбиф... А знам дека мајка ми и сега често ќе седне покрај него и со тивок глас и тивка насмевка ќе почне со него да разговара за многу апстрактни работи: сега таа наеднаш некако се охрабри пред него; а кога се случи тоа – не знам. Просто ќе седне покрај него и ќе му зборува, повеќе шепотејќи. Тој ја слуша смешкајќи се, ѝ ја милува косата, ѝ ги бакнува рацете и голема среќа му сјае на лицето. Понекогаш добива напади, речиси хистерични. Тогаш ќе ја земе нејзината фотографија, онаа што ја бакнуваше вечерта, ќе ја гледа со солзи во очите, ја бакнува, се сеќава на минатото, нè вика кај себе и во такви моменти малку зборува... Катерина Николаевна, изгледа, наполно ја заборавил; ниеднаш ни името не ѝ го спомна. За венчавањето со мајка ми уште не се зборува во куќата. Сакаа летоска да го водат во странство, но Татјана Павловна притисна да не го водат, а ни тој самиот не сакаше. Летото ќе го минат сите некаде на село во околината на Петроград. Овде да спомнам: сите ние засега живееме на товар на Татјана Павловна. Уште едно да додадам: многу ми е

жал што, пишувајќи ги овие белешки, често си допуштив себеси за овој човек да зборувам со непочитување и од висина. Но јас пишував претставувајќи се себеси токму онака каков што бев во моментот што го опишав. Откако ги завршив белешките и го напишав последниот ред, почувствував дека сум се превоспитал, и тоа со помошта на сеќавањето и запишувањето. Се откажувам од многу нешта што сум ги напишал, особено од тонот на некои реченици и страници, но не сакам да бришам или да поправам ни еден збор.

Спомнав дека Версилов за Катерина Николаевна воопшто не зборува; јас дури мислам дека тој, можеби, наполно се излекувал. За Катерина Николаевна разговараме понекогаш само јас и Татјана Павловна, а и тоа скришно. Сега Катерина Николаевна е во странство; се видов со неа пред нејзиното заминување; ја посетив неколкупати. Од странство веќе добив од неа две писма и одговорив на нив. Но ќе молчам за содржината на нашите писма и за тоа за што разговаравме кога се разделувавме пред нејзиното заминување – тоа е веќе друга историја, сосем н о в а историја и веројатно целата таа останува за во иднината. Дури ни со Татјана Павловна не зборувам за некои работи; но доста за тоа. Додавам само дека Катерина Николаевна не се омажи и дека патува со Пелишчеви. Татко ѝ умре, а таа е една од најбогатите вдовици. Сега се наоѓа во Париз. Прекинот со Бјоринга стана брзо, и некако сам по себеси, то ест на најприроден начин. Впрочем, тоа ќе го раскажам.

Изутрината, оној ден кога се случи страшната сцена кај Татјана Павловна, сипаничавиот, оној во чија служба минаа Тришатов и неговиот пријател, го извести Бјоринга за Ламбертовата намера. До тоа дојде вака: Ламберт на крајот успеал да го наговори сипаничавиот да работат заедно; и откога дојде до документот, тој му ги соопштил нему сите подробности и сите околности на потфатот, а најпосле и последниот момент на нивниот план, то ест кога Версилов ја смислил комбинацијата како да се намами Татјана Павловна. Но, во пресудниот момент сипаничавиот решил да го изневери Ламберта, зашто бил попаметен од сите

нив и во нивните планови ја предвидел можноста за злосторство. Притоа најважно беше тоа што сипаничавиот ја ценел Бјоринговата благодарност повеќе од фантастичниот план на невештиот и запален Ламберт и речиси поулавениот од страст Версилов. Сево ова подоцна го дознав од Тришатов. Треба да спомнам дека не ги знам и не ги разбирам Ламбертовите односи спрема сипаничавиот и зошто Ламберт не можеше без него. Но за мене многу поинтересно е прашањето: зошто на Ламберта му беше потребен Версилов, кога Ламберт, имајќи го веќе во рацете документот, можеше наполно без негова помош? Одговорот сега ми е јасен. Версилов му беше потребен затоа што ги познаваше околностите и, што е важно, во случај на скандал или неуспех, врз него да ја стовари сета одговорност. А бидејќи Версилов не бараше пари, Ламберт сметаше дека неговата помош воопшто не е излишна. Но Бјоринг тогаш не стигна навреме. Дојде дури цел час по пукањето, кога станот на Татјана Павловна веќе изгледаше сосем поинаку. Пет минути откако Версилов падна крвав на килимот, а Ламберт кого сите го сметавме за мртов се поткрена и стана. Зачудено погледна околу себе, брзо сфати сè, излезе во кујната без збор, ја облече таму својата бунда и исчезна засекогаш. „Документот" остана на масата. Подоцна чув дека дури не бил ни болен, само бил малку како дремлив; ударот со револверот по главата го замелушил и раскрвавил, но не му причинил никакво друго зло. Меѓутоа, Тришатов отиде по доктор; но Версилов се освести пред да дојде докторот, а уште пред Версилов Татјана Павловна ја поврати Катерина Николаевна и ја одвезе кај неа дòма. На тој начин, кога стигна Бјоринг, во станот на Татјана Павловна бевме само јас, докторот, ранетиот Версилов и мајка ми, која сè уште беше болна, но дотрча кај него, надвор од себеси; и по неа отиде Тришатов. Бјоринг нè погледна во недоумица. Штом чу дека Катерина Николаевна веќе си отишла, веднаш отиде кај неа, не велејќи ни збор.

Тој беше збунет; јасно виде дека сега скандалот е неизбежен и дека работата ќе избие во јавноста. Сепак, не дојде до поголем скандал, туку само се

ширеа гласови. Пукањето навистина не можеше да се скрие; но главната историја, во својата суштина, остана речиси непозната. Истрагата го утврди само тоа дека некој си В., женет, на околу педесет години, вљубен, во настап на страст, откако ѝ изјавил љубов на една дама, достојна за најголема почит, но која на љубовта не одговорила, во моментот на безумство пукнал во себе. За сè само толку продре во јавноста и врз основа на гласовите, во тој облик веста стигна во весниците – беа личните имиња, само со почетните букви. Дури ни Ламберта не го гибаа. Сепак, Бјоринг, кој ја знаеше вистината, се исплаши. Токму тогаш, како нарочно, тој наеднаш дознал за состанокот што го имаше Катерина Николаевна насамо со вљубениот Версилов, два дена пред оваа катастрофа. Поради тоа тој се налутил, па прилично непретпазливо си допуштил себеси да ѝ забележи на Катерина Николаевна дека по тоа не го изненадува што нејзе можат да ѝ се случуваат такви фантастични истории. Катерина Николаевна тогаш ја раскина свршувачката со него, без лутење, но и без колебање. Нејзиното поранешно мислење, дека бракот со него ќе биде за неа најдобар, исчезна како чад. Можеби таа веќе и пред тоа го прозрела, а можеби, по потресот што го преживеа, наеднаш се измениле некои нејзини чувства и погледи. Овде пак ќе замолчам. Ќе додадам само дека Ламберт исчезна во Москва. Чув дека таму поради нешто е уапсен.

Тришатов веќе одамна, речиси од оној ден, го изгубив од вид, иако се трудев да му ја најдам трагата, и порано и сега. Некаде исчезнал по смртта на својот пријател „le grand dadais", кој извршил самоубиство.

II

Спомнав дека стариот кнез Николај Иванович умре. Тој добар, симпатичен старец умре набргу по настанот, впрочем, сепак, цел еден месец подоцна; умре ноќе, во својата постела, од срце. Од оној ден што го помина во мојот стан, повеќе не го видов. Ми раска-

живаа за него дека во текот на тој месец станал многу поразумен, дури со посилна волја, дека веќе не се плашел, не плачел и дека за сето тоа време не рекол ни збор за Ана Андреевна. Сета негова љубов се свртила кон неговата ќерка. Катерина Николаевна, еднаш, една недела пред да умре, му предложила да ме викне мене да го разонодам; но тој се намуртил; овој факт го спомнувам без никаков коментар. Неговиот имот беше во полн ред, а освен тоа останаа и доста готови пари. Според тестаментот на старецот, една третина од оваа готовина требаше да им се раздели на неговите безбројни кумчиња. Но сите многу се зачудија што во завештанието не е спомната и Ана Андреевна: нејзиното име беше изоставено. Мене, пак, сосем познато ми е ова: неколку дена пред својата смрт, старецот ја викнал ќерка си и двајцата свои пријатели Пелшчев и кнезот В. и ѝ наредил на Катерина Николаевна, ако тој наскоро умре, безусловно да оддели од готовината шеесет илјади рубли за Ана Андреевна. Својата волја ја искажал определено, јасно и кратко, без никакво објаснување и без никакви изрази на чувство. По неговата смрт, и откога веќе сè било уредено, Катерина Николаевна ја известила Ана Андреевна преку својот полномошник дека може да ги прими шеесетте илјади кога сака; но Ана Андреевна суво и без прекумерни зборови ја одбила понудата: не сакала да ги прими парите, без оглед на сите уверувања дека тоа навистина била желба на кнезот. Парите и сега уште лежат и ја чекаат неа; Катерина Николаевна и сега сè уште се надева дека таа ќе ја измени одлуката; но тоа нема да стане, знам сигурно, затоа што сум сега еден од најблиските познати и пријатели на Ана Андреевна. Нејзиното одбивање предизвика извесна сензација и за тоа се зборуваше. Нејзината тетка, Фанариотова, отпрвин ѝ се лутеше поради скандалот со стариот кнез; сега го мени мислењето и, кога Ана одби да ги прими парите, свечено изјави дека пак ја почитува. Но затоа нејзиниот брат се скара со неа дефинитивно. Иако често ја посетувам Ана Андреевна, не би можел да кажам дека сме којзнае колку интимни; за минатото не зборуваме воопшто; моите посети ги

прима со задоволство, но водиме само апстрактни разговори. Покрај дугото, ми изјави дека цврсто решила бездруго да оди во манастир; тоа беше неодамна, но јас не ѝ верувам и го сметам тоа само како израз на огорчување.

Болно е, навистина е болно она што имам да го кажам за мојата сестра Лиза. Тука е несреќата, таква несреќа што сите мои непријатности не се ништо спрема нејзината горчлива судбина! Несреќата почна со тоа што кнезот Сергеј Петрович не оздрави и што, и не дочекувајќи го судењето, умре в болница. Умре пред кнезот Николај Иванович. Лиза остана сама со своето идно дете. Таа не плачеше, навидум дури беше спокојна; стана кротка и повлечена; сета некогашна пламнатост на нејзиното срце како наеднаш некаде да исчезна. На мајка ми смирено ѝ помагаше, го гледаше болниот Андреј Петрович, но стана ужасно неразговорна; на никого и на ништо повеќе не гледаше, како да ѝ е сѐ рамно, како само да минува покрај сѐ. Кога болеста на Версилов тргна на добро, Лиза почна многу да спие. Ѝ носев книги, но таа не ги читаше; страшно слабееше. Немав храброст да ја тешам, иако често и доаѓав токму со таа намера; но во нејзино присуство не можев да ѝ се приближам и да ги најдам вистинските зборови за да разговараме за тоа. Така одеше сѐ до еден страшен случај: падна од нашите скали, не од голема височина, само од три скали, но пометна и беше болна речиси цела зима. Сега веќе стана од кревет, ама на нејзиното здравје за долго време му е нанесен удар. Како и порано, кога е со нас, молчалива е и замислена; но со мајка ми почна по малку да разговара. Овие последни денови сјаеше топло, високо, пролетно сонце и јас постојано се сеќавав за она со сонце осветлено утро кога ние двајцата, минатата есен, одевме по улица, обајцата радосни, со надеж во срцето, сакајќи се еден со друг. Меѓутоа, што ли не се случи потоа? Јас не се поплакувам, за мене настана нов живот – но таа? Нејзината иднина е неизвесна и не можам да ја погледнам без болка.

Пред три недели успеав да ја заинтересирам со вестите за Васина. Тој, на крајот, беше ослободен од об-

винението и е пуштен на слобода. Овој разумен човек дал, велат, многу точни објаснувања и многу интересни податоци, кои наполно го оправдале во очите на луѓето од кои зависела неговата судбина. А оној фамозен ракопис, се виде дека е само превод од француски, дека е, тукуречи, само материјал што тој го собирал за себе, со намера од него подоцна да состави корисна статија за едно списание. Сега отиде во – ска губернија, а неговиот очув, Стебељков, лежи в затвор поради вината која, како што чув, колку што се оди понатаму, сè повеќе расте и сè повеќе се компликува. Лиза ги ислуша моите зборови за Васина со некаква чудна насмевка; ми рече дека со него бездруго требаше така да се случи. Но очигледно, беше задоволна – се разбира, со тоа што доставата на покојниот кнез Сергеј Петрович не му нанесла штета на Васина. За Дергачев и за другите овде немам што да кажам.

Завршив. Можеби некој читател би сакал да дознае што стана со мојата „идеја" и каков е тој нов живот што сум го започнал сега и за кој толку загадочно зборувам. Тој нов живот, тој нов пат што се отвори пред мене, токму е и мојата „идеја", иста како порано, само во сосем поинаков облик, така што веќе не може да се познае. Но тоа, се разбира, не спаѓа во овие мои „Белешки", затоа што е тоа веќе сосем друго нешто. Стариот живот мина, а новиот штотуку почнува. Сепак, го додавам најважното: Татјана Павловна, мојот искрен и најмил пријател, ми здодева речиси секој ден бездруго и што поскоро да се запишам на универзитет: „Кога ќе го завршиш учењето, измислувај што сакаш, но сега доучи". Признавам дека размислувам за нејзиниот предлог, но не знам за што ќе се решам. Покрај другото, јас ѝ реков дека дури немам ни право сега да студирам, зашто морам, да ја издржувам мајка ми и Лиза; таа притоа ми понуди пари, уверувајќи дека ќе има доволно за сето време на моето школување. Најпосле се решив да прашам некого за совет. Откако се свртив околу себе, ја избрав личноста, по грижливо и критичко размислување. Тоа е Николај Семјонович, мојот бивш воспитувач во Москва, маж на Марија Ивановна. Не постапив така само поради тоа

што ми беше потребен нечиј совет, туку просто и силно посакав да го чујам мислењето на овој сосем непристрасен човек, дури донекаде и студен егоист, но неоспорно паметен човек. Му го испратив нему мојот ракопис, молејќи го никому да не му го покажува, затоа што ни јас уште никому не сум му го покажал, особено не на Татјана Павловна. Ракописот ми беше вратен по две недели со едно доста долго писмо во прилог. Од тоа писмо овде ќе изнесам неколку одломки, бидејќи во нив наоѓам извесен општ поглед и извесни објаснувања. Еве ги тие одломки.

III

„... И никогаш, незаборавен мој Аркадиј Макарович, не сте можеле својата привремена безработност покорисно да ја употребите отколку сега, напишувајќи ги овие свои „Белешки"! Сте си дале себеси, така да кажам, свесна сметка за своите први, бурни и ризични чекори на боиштето на животот. Цврсто верувам дека со ова излагање навистина сте можеле многу да се „превоспитате" себеси, како што самиот се изразивте. Не си допуштам себеси, се разбира, ни најмала критичка забелешка во вистинска смила на зборот, иако секоја ваша страница наведува на размислување ... на пример, околноста што толку долго и упорно сте го чувале кај себе „документот" – многу е карактеристична ... Тоа е само една од стотината забелешки што си ги дозволив себеси да ги дадам. Секако многу го ценам тоа што сте решиле само мене да ми ја соопштите, по сето она што го гледам, тајната на вашата „идеја", како што сам се изразивте. Но вашата молба да ви го соопштам моето мислење, особено за таа „идеја", морам решително да ја одбијам; прво, во писмото немам доволно место; и второ, уште не сум готов да дадам одговор и морам уште да размислувам за тоа. Забележувам само дека вашата „идеја" се одликува со оригиналност, додека младите луѓе на денешното поколение ги прифаќаат во поголем дел идеите кои не ги смислиле сами, туку ги

нашле готови – а тие не се многубројни, а често се и опасни. Вашата „идеја“, на пример, ве зачувала барем привремено од идеите на господата Дергачев и комп., кои без сомневање не се толку оригинални како што е вашата. И најпосле, наполно се согласувам со мислењето на многу уважената Татјана Павловна, која, иако лично ја познавав, не бев до денеска во состојба да ја ценам толку колку што заслужува таа. Нејзината мисла за вашиот упис на универзитет за вас е од најголема корист. Науката и животот без сомневање за три-четири години уште повеќе ќе ги прошират хоризонтите на вашите мисли и стремежи; и ако и по универзитетот сакате повторно да се вратите на својата „идеја“, ништо нема да ви стои на патот.

А сега дозволете ми и без ваша молба да ви изложам отворено неколку мисли и впечатоци што ми дојдоа на ум и во душата додека ги читав вашите толку искрени „Белешки“. Да, и јас се согласувам со Андреј Петрович дека навистина требало човек да биде загрижен за вас и за вашата о с а м е н а младост. Такви момчиња, каков што сте вие, има доста; и нивните способности навистина се постојано во опасност да се развијат кон полошо – или во молчалинска[1]) сервилност, или во потајна желба за неред. Оваа желба за неред произлегува во поголем број случаи можеби токму од потајната желба за ред и „убавина“ (употребувам ваш збор). Младоста е чиста со самото тоа што е младост. Можеби ваквите рани побуди на безумство се баш доказ за онаа желба за ред и поредок и за она барање на вистината; а кој е виновен што некои денешни млади луѓе ја гледаат таа вистина и тој ред во толку глупите и смешни работи што човек не може да сфати како можело да се поверува во нив. Попат ќе кажам дека порано, во не толку одамнешното минато, само во претходната генерација, човек не мораше толку да ги жали овие интересни момчиња, зашто во тоа време тие на крајот му пристапуваа на повисокиот културен слој и со него се

[1]) Молчалин, тип на сервилен чиновник од комедијата на А.С. Грибоедов: „Неволји од умот“.

слеваа во една целина. И ако, на пример, во почетокот на својот пат го наѕирале сето свое безредие и случајност, сето отсуство на благородното во својот семеен живот, да речеме, отсуството на семејна традиција и убави совршени облици – дотолку било подобро, зашто сето тоа подоцна сами го барале свесно и со самото тоа се учеле тоа да го ценат. Денеска е малку поинаку – токму затоа што речиси немаат кон што да се придружат.

Ќе го објаснам тоа со споредување или, така да кажам со еден пример. Кога би бил јас руски романописец и би имал талент, безусловно би ги зел моите јунаци од редовите на старото руско благородништво затоа што само во тој тип на културни Руси е можно да се најде барем нешто што личи на убав ред и убав впечаток, кои се толку неопходни во романот заради естетско уживање на читателот. Кога зборувам вака, не се шегувам, иако не сум благородник, што, впрочем, самиот го знаете. Уште Пушкин ги обележал предметите за своите идни романи во „Преданијата на руското семејство" и верувајте тука е сето она што кај нас навистина било убаво. Тука е барем сето она што сме го имале колку-толку завршено. Не го велам тоа затоа што сум сосема уверен во оправданоста и вистинитоста на оваа убавина; но тука, на пример, веќе биле изградени формите на честа и должноста; инаку освен во благородништвото, никаде во Русија не само што не биле изградени, туку никаде не биле ни почнати. Зборувам како мирен човек кој сака мир.

Дали е правилно и убаво тоа сфаќање за честа и должноста – тоа и друго прашање; но за мене е главна доврешеност на формата и каков и да било ред, не пропишан, туку заснован врз животното искуство. Боже, па кај нас токму тоа е поважно од сè: да имаме најпосле свој ред, па каков сака нека биде! Во тоа беше нашата надеж и така да кажам утехата: што и да е, но најпосле, организирано, а не ова постојано уривање, не овие насекаде растурени деланки, не крш и урнатини од кои еве веќе двесте години ништо не може да излезе.

Не обвинувајте ме за словенофилство; јас тоа го

велам само од мизантропија, зашто во срцето ми е тешко! Сега, од неодамна, кај нас се случува нешто обратно од она што го спомнав. Повеќе не прираснува џганот до повисокиот слој на луѓето, туку, напротив, од убавиот слој се откинуваат, весело и лесно, парчиња и грутки и се збиваат во целина со претставниците на нередот и зависта. И воопшто не е исклучок што татковците и главите на бившите културни семејства му се смеат на она во што, можеби, уште би сакале да веруваат нивните деца. Не само тоа, туку со уживање им ја покажуваат на своите деца својата лакома радост оти ненадејно се здобиле со право за нечесност кое некако во масата го прифатиле. Не зборувам за вистински напредните луѓе, драги мој Аркадиј Макарович, туку за оној џган кој е безброен и за кој е речено: „Grattez le russe et vous verrez le tartare".[1]) И верувајте, вистински либерали, вистински и великодушни пријатели на човештвото, кај нас воопшто нема толку многу, како што наеднаш ни се стори.

Но сево ова е филозофија; да се вратиме на замислениот романописец. Неговата положба во таков случај би била наполно определена: тој би можел да пишува само историски романи, зашто убав слој и тип нема повеќе во нашево време; а и ако има остатоци, тие, според мислењето што владее сега, не ги зачувале убавините. О, во историскиот роман е можно да се насликаат многу мошне пријатни и утешни подробности! Можно е дури толку да се разоноди читателот што да биде готов да ја прифати историската слика како можна и во денешницата. Таквото дело, кога би произлегло од голем талент, не би спаѓало толку во руската литература колку во руската историја. Тоа би била уметнички довршена слика на руската фатаморгана, која навистина би постоела дури не се сетат луѓето дека е фатаморгана. Внукот на оние јунаци што би биле претставени на сликата која го прикажува руското семејство од средно културен тип во текот на три поколенија едноподруго и во врска со

---

[1]) Чепни го Русинот, ќе најдеш Татарин.

руската историја – тој потомок на своите предци веќе не би можел да биде прикажан во својот современ тип поинаку отколку како мизантроп, осамен, без сомневање, тажен човек. Дури би можел да изгледа и како чудак, на кого на прв поглед би се видело дека го напуштил боиштето и дека ја загубил битката. Подоцна, ќе исчезне и тој внук-мизантроп; ќе се јават нови лица, уште непознати и нова фатаморгана. Но какви лица? Ако не се убави, тогаш е невозможен натамошниот руски роман. Но залудно: Дали тогаш само романот ќе биде невозможен?

Да не одам подалеку, подобро да се вратам на вашиот ракопис. Погледнете ги на пример обете семејства на господинот Версилов (сега дозволете ми да бидам наполно отворен). Прво, самиот Андреј Петрович – но за него не сакам опширно да зборувам; сепак, и тој е глава на семејството. Тој е благородник од одамнешни времиња и, во исто време, париски комунар. Тој е вистински поет и ја сака Русија, но во неа ништо не му чини. Нема никаква религија, но е готов да умре за нешто неопределено на кое ни името не му го знае, но во кое страсно верува, како многумина Руси, европски цивилизатори од петроградскиот период на руската историја. Доста за него лично; сега за неговото семејство: за неговиот син нема да зборувам, зашто тој не ја заслужува таа чест. Оние што имаат очи, однапред знаат до каде ќе дотераат кај нас таквите палавраци и до каде ќе ги доведат и другите. Но, еве ја и неговата ќерка, Ана Андреевна – зар не е девојка која има карактер? Таа е личност од типот на игуманија Митрофанија – се разбира, со тоа не мислам дека е способна за престапи, што би било неправедно од моја страна. Кажете ми сега, Аркадиј Макарович, дека е ова семејство случајна појава и јас ќе се зарадувам во душата. Но напротив, зар не е поточно да се каже дека денеска веќе голем број такви, без сомневање стари руски семејства, со незадржлива сила во масата, преминуваат во *случајни* семејства и со нив се слеваат во општиот неред и хаос. Типот на тоа случајно семејство вие го прикажувате делумно во овој ракопис. Да, Аркадиј Макарович, вие сте *член*

на едно случајно семејство, наспроти нашите доскорешни благороднички типови, кои имале детство и младост многу поинакви отколку вие.

Признавам, не би сакал да опишувам во роман херој од случајно семејство!

Тоа е неблагодарна работа и без убава форма. Да, тоа се и типови, во секој случај, во создавање, та поради тоа не можат ни уметнички да бидат довршени. Тука би можеле да се направат крупни грешки, преувеличувања, пропусти. Во секој случај, би имало многу нешта за насетување. Но, сепак, што да прави писателот кој не сака да пишува само историски романи и кој води сметка само за сегашнината? Ќе нагаѓа и... ќе греши.

Вакви „Белешки", какви што се вашиве, би можело ми се чини, да послужат како материјал за едно идно уметничко дело, за идна слика на една растроена, но веќе мината епоха. О, кога ќе мине пакоста на денешницава и ќе настапи иднината, идниот уметник ќе најде прекрасни облици за да го наслика минатиот неред и хаосот. Тогаш ваквите „Белешки", какви што се вашиве, ќе послужат како материјал, ако се искрени, без оглед на сета нивна хаотичност и случајност... Ќе останат зачувани барем некои карактеристични црти, според кои ќе може да се насети што се криело во душата на многу момчиња во тогашното матно време – а тоа не ќе биде сосем некорисен податок, зашто од момчиња се создаваат поколенијата..."